**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
# - РЕВИЗИЈА 2013 –

**СКОПЈЕ**

**ДЕКЕМВРИ 2012**

## СОДРЖИНА


I ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ ........ 3

II ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ ........ 18

III СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ ........ 46

3.01. СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ........ 46

3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ ........ 59

3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ........ 66

3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ........ 72

3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 75

3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ........ 83

3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ........ 86

3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА ........ 93

3.09.ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ........ 97

3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ ........ 108

3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ........ 117

3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ........ 132

3.13 РИБАРСТВО ........ 147

3.14. ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА ........ 149

3.15 ЕНЕРГЕТИКА ........ 176

3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ ........ 209

3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ........ 218

3.18 СТАТИСТИКА ........ 228

3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ........ 244

3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ........ 264

3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ........ 278

3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ........ 290

3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ........ 312

3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ........ 337

3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 359

3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА ........ 366

3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 376

3.28. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВСТВО ........ 417

3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ........ 441

3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ ........ 450

3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА ........ 460

3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ........ 463

IV. ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ ........ 474

V. ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА ACQUIS ........ 477

VI. ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ........ 479

# I ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

## 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

### СОБРАНИЕ

За обезбедување на висок степен на координација во Собранието на Република Македонија и програмирање на работата на Собранието, а во функција на обезбедувањето на политичкиот дијалог, претседателот на Собранието на Република Македонија во 2013 година ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите на пратеничките групи. На координативните средби ќе учествуваат определените претставници на Владата на Република Македонија во врска со предлозите од Владата, а согласно Правилникот за координација на Собранието на Република Македонија.

И во 2013 година се очекува континуитет на непречено и ефикасно спроведување на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

За обезбедување општ политички и општествен консензус по однос на реализацијата на европската агенда, Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) и Комисијата за европски прашања (КЕП) на Собранието во континуитет обезбедуваа расправа по клучните приоритети од Европската агенда на Република Македонија. Овие две тела во 2012 година ќе продолжат со организирање јавни расправи за клучните законски решенија согласно НПАА 2013 и ќе продолжат со своите активности во промовирањето на консензуален пристап и сеопфатна расправа за реализацијата на приоритетите од процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Со цел имплементација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2013, Собранието на Република Македонија ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство односно законите предвидени со Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво..

Во 2013 година, во рамки на редовните координативни средби со претседателот на Собранието на Република Македонија, ќе се продолжи со политичкиот дијалог за обезбедување на консензус околу прашањата за имплементација на Рамковниот договор и функционирање на Бадинтеровиот принцип. Функционалноста на Комитетот ќе се одвива согласно важечките законски решенија, посебно Законот за Комитет за односи помеѓу заедниците на Република Македонија.

Во 2013 година ќе се продолжи со зајакнувањето на капацитетот за развивање на капацитетот на Собранието на Република Македонија. Ќе се продолжи со редовната имплементација на одредбите на Законот за Собрание на Република Македонија и обучување на зајакнатиот персонален капацитет на собраниските служби. Ќе се продолжи со реализација на надзорните и јавните расправи во собраниските комисии.

Парламентарниот институт во првата половина на 2013 година ќе се екипира со вработени и се очекува да започне да ги дава истражувачките анализи со што ќе обезбеди и подобар пристап до информации на сите парламентарни партии.

Во 2013 година ќе се продолжи со зајакнувањето на капацитетот на Собранието за планирање и извршување на буџетот.

Во текот на 2013 година се очекува заеднички да биде донесен Етички кодекс за пратениците.

*ИЗБОРИ*

Во однос на изборниот процес, преку активностите на Управувачки комитет и двете работни групи за изборно законодавство и избирачки список се работеше на адресирање на препораките од Конечниот извештај на

ОБСЕ/ОДИХР за предвремените парламентарни избори во 2011 година. Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик и Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политички партии (објавени во Службен весник на Република Македонија бр.142/2012) се постигна натамошна реформа на изборниот систем во насока на исполнување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР (види и дел на Анти-корупциска политика и поглавје 23 Правосудство и фундаментални права). Беа преземени и значајни активности за прочистување на гласачкиот список, особено во делот кој се однесува на починатите лица и граѓаните кои престојуваат во странство. Активностите за ревизија на избирачкиот список ќе продолжат и во наредниот период .

Во однос на препораките за јакнење на капацитетите на Државната изборна комисија , се зајакна Секторот за избирачки список и евиденција на избирачко право со вработување на 3 лица во одделението во ДИК и 6 лица во подрачните одделенија,а завршена е и процедурата за прием на раководител на одделение во Секторот за финансиски прашања. Едно лице е вработено со преземање во подрачното одделение во Кочани. Во наредниот период останува понатаму да се работи на прашањето за преземањето на организационо- техничката и методолошка обработка на податоците од Избирачкиот список од Државниот завод за статистика во ДИК.

**ВЛАДА**

Изминатата година Владата на Република Македонија ја продлабочи посветеноста на реформските процеси поврзани со ЕУ преку започнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво во март 2012 година. Врз основа на ова беше донесен Патоказ за реализација на договорените цели во април 2012 година и редовно се следеше степенот на негова реализација. Во духот на инклузивноста, за патоказот и ревизијата на НПАА 2012 беше консултиран граѓанскиот сектор. По добивањето на Извештајот за остварениот напредок на Република Македонија во 2012 година, Владата на Република Македонија во ноември 2012 година, со цел натамошно адресирање на целите од дијалогот донесе Акциски план за почеток на пристапните преговори меѓу Република Македонија и Европската унија.

Заради обезбедување на посветеност за континуирано следење на обврските кои произлегуваат од процесот на европска интеграција Владата и понатаму ќе ги започнува своите седници со претточка за статусот на процесот на ЕУ интеграција и преку редовни тематски седници за прашања на Европска агенда и исполнување на обврските што Република Македонија ги презема во насока на исполнување на критериумите од Копенхаген. Изминатата година продолжија состаноците на ЕУ координативните структури за следење на реализацијата на обврските од ЕУ интеграцијата преку редовните средби на Работниот комитет за европска интеграција и неговиот Поткомитет. И во наредниот период овие две тела ќе продолжат на редовна основа да ја следат реализацијата на обврските од НПАА, ССА, ИПА итн.

***Спроведување на процесот на децентрализација***

Во однос на спроведувањето на процесот на децентрализација усвоен е Акциски план на новата Програма на Владата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2014[1],, при што се имаше предвид поврзаноста на одделните активности/проекти со основните цели на Стратегијата на ЕУ "Европа 2020". Планот содржи 89 активности/проекти кои ќе се спроведуваат во наредните три години, групирани според целите на горе наведената програма.. Заради полесно следење на степенот на реализација на предвидените активности, изготвена е и Методологијата за следење на Акцискиот план.

[1] Оваа Програма е петти по ред среднорочен плански документ во оваа област. Усвоена е од Владата со Заклучок бр.51-4434/1 од 13.09.2011 година. Програмата е воглавно фокусирана на изградба на подобар систем на економско владеење на локално и регионално ниво.

Наредните три години фокусот ќе биде ставен на создавање на законски и финасиски предуслови за поттикнување на одржлив локален економски и социјален раст и подобрување на квалитетот на животот, како и воспоставување на принципите на доброто владеење на локално ниво. Ќе се работи и на пренесување на нови надлежности поврзани со поддршката на локален економски развој; зајакнувањето на приходните капацитети на општините, преку поефикасна наплата на даночните приходи, како и со воведување на нови приходни инструменти; зајакнување на капацитетите на општинската администрација итн. Во имплементацијата на приоритетите и целите на Програмата како и во следењето на Акцискиот план активно ќе биде вклучена и Зедницата на единиците на локалната самоуправа, на начин утврден со Меморандумот за соработка склучен помеѓу Владата и ЗЕЛС.

Во насока на регионалниот балансиран развој, Република Македонија ќе продолжи со напорите кон развојот на институциите кои се воспоставени во планските региони; подготовката на развојните проекти како и развојот на човечките и финансиските ресурси за спроведување на програмите за развој.

Во однос на фискалната децентрализација општина Пласница останува да ги исполни условите за премин во втора фаза од фискална децентрализација.

Дополнителни стабилни приходи на општините се обезбедени преку порастот на процентот на приходите од дотацијата од ДДВ на 4,5% во 2013 година.

Започнувајќи од 2013 година ќе се реализираат нови приходи за општините од надоместокот кој се наплаќа од издавање на концесија за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија (75%:25%) во зависност од тоа на чие подрачје се врши концесиската дејност. Од 2016 година распределбата ќе се врши 50%:50%

Подинамичниот локален развој во наредниот период ќе продолжи со реализација на капитални проекти во локалната инфраструктура со кои се обезбедува повисок квалитет на локалните услуги. Имплементацијата на повеќегодишни капитални инвестиции го зголеми интересот за донации и пристап до пазарот на капитал, особено за задолжување со меки заеми. Дел од општини го користат заемот на Светска Банка во рамките на Проектот „Подобрување на општинските услуги“, за финансирање на проекти за водоснабдување, изградба на локална патна мрежа и сл.

Се очекува стабилизирање на сопствените приходи на општините со целосен опфат на даночната основа на физичките и правните лица и репроценка на вредноста на недвижниот имот. Со Законот за даноци на имот[2] предвидена е законска обврска општините да вработат или да користат услуги од овластен проценувач при утврдување на вредноста на недвижниот имот. Со ова се очекува поквалитетна и објективна проценка согласно новата методологија.

Министерството за финансии на квартално ниво ќе ја известува Владата на Република Македонија за напредокот во наплатата на данокот на имот и за мерките и активностите кои се преземени за зајакнување на капацитетите за развивање на политики за финансирање на општините и финансиско управување, следење и наплата на данокот на имот. Владата и во наредниот период ќе ги подржува активностите во насока на подобрување на административниот и финансиски капацитет на општините со цел подобрување на ефикасноста на наплатата на сопствените приходи.

[2] “Службен весник на РМ” бр. 84/12

**РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА** – види и во Поглавје IV Административни капацитети

Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Министерството за информатичко општество и администрација и понатаму ќе продолжи со координацијата на процесот на реформа на јавната администрација преку следење на реализацијата на Акцискиот план за реформа на јавната администрација кој произлегува од Стратегијата за реформа на јавната администрација; унапредување на законската регулатива за државни и јавни службеници; унапредувањето на правната рамка за управни постапки; обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; подобрување на управувањето со човечките ресурси итн.

Предлог Законот за администрација ќе влезе во Владина процедура во мај 2013 година. Истиот е во насока на подобрување постапките за вработување, прекин на работниот однос, мобилноста во рамките на службата, како и надминување на фрагментацијата на законодавството од областа на државните и јавни службеници. Во 2013 година ќе се работи на Анализа за концептот за вработување на членови од немнозинските заедници во согласност со принципот на заслуги и ќе се дефинира модел за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги. Кон крајот на 2013 година ќе се изготви предлог текст на Законот за општа управна постапка во насока на унапредување на правната рамка за управните постапки и надминување на утврдените слабости. Во 2014 година Закон за општата управна постапка ќе биде доставен во собраниска процедура. Во 2015 година ќе се усвои Програма за поддршка на имплементацијата на Законот за општата управна постапка со цел подготовка на институциите за имплементација на новиот Закон за општата управна постапка. Исто така, до крајот на 2014 година се планира да се воспостави пракса за користење на унифицирани акти од областа на управување со човечките ресурси во администрацијата.

Министерството за информатичко општество и администрација во 2013 година ќе продолжи со зајакнување на сопствените капацитети за координирање на процесот на Реформа на јавна администрација. Ќе се преземаат низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, поточно: имплементација на систем за управување со квалитет и сертификација, според стандардот ИСО 9001 во државните институции, ќе продолжи имплементацијата на заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) во Министерството за информатичко општество и администрација и нејзино воведување во другите институции и ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата за управување со човечки ресурси врз основа на компетенции.

Агенцијата за администрација и во 2013 година ќе биде фокусирана на спроведување на надлежностите утврдени во Законот за државните службеници и Законот за јавни службеници, односно ќе се грижи за обезбедување на развој на стручна, професионална, ефикасна и сервисно ориентирана државна и јавна служба, преку законито, навремено и објективно спроведување на надлежностите.

### *Реформа на полиција*

Во текот на 2012 година, беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи[3], со кој беа создадени нормативни предуслови за упатување на полициските службеници во истражните центри на Јавното обвинителство. Исто така беа донесени и измени и дополнувања на Законот за полиција.

Процесот на оценување на вработените беше спроведен во сите организациони единици на Министерството за внатрешни работи почетокот од 2012 година.

---

[3] Службен весник на Република Македонија бр. 114/12;

Во насока на уредување на начинот на комуникација, размена на информации и соработка на сите работни нивоа во Министерството за внатрешни работи, донесена беше Стратегијата за внатрешна комуникација на Министерството .

Исто така беше донесена и Стратегијата за обука на вработените во Министерството за внатрешни работи, согласно која во тек е реализацијата на основна обука на кандидатите за полицаец, за која е донесена и Наставна програма.

Во насока на зајакнување на капацитетите на Министерството за внатрешни работи беа вработени 300 полициски службеници за кои започна реализација на основната обука.

Во текот на 2012 година Центарот за обука при Бирото за јавна безбедност одржа вкупно 87 обуки, од кои 4 регионални, како и една основна обука за полициски службеници започната во ноември 2012 година, на кои учество земале вкупно 2535 слушатели. Дополнително, во рамки на Проектот ''Имплементација на новиот Закон за кривична постапка'' за обука на полициските службеници и овластените службени лица беа спроведени 198 обуки за 4054 слушатели.

Во насока на обезбедување на квалитетна настава во Центарот, од страна на ICITAP беше обезбедена донација за Центарот за обука во техничка опрема. Буџетот на Центарот за обука во 2012 година изнесуваше 44.007.430,00 денари.

Вкупните средства одвоени во буџетот на Министерството за внатрешни работи за 2012 година, за процесот на реформа во полицијата изнесуваат 1.082.323.400 (околу 17.600.000 евра). Предлог-буџетот за 2013 година, предвидува 1.052.123.000 МКД ( ~ 17 милиони ЕУР).

**СУДСКИ СИСТЕМ *(види Поглавје 23 –Правосудство и фундаментални права)***

Се продолжи со имплементација на законските решенија во однос на изборот на судии, следење и оценување на работата на судиите, воведување на нови услови, воведување на систем на кариера во напредувањето на судиите, зголемување на транспарентноста во работењето на судовите, подобрување на финансирање на судството. За натамошно зајакнување на независноста и непристрасноста на судството во првиот квартал од 2013 година ќе се подготват насоки/рамки за натамошен развој на правосудството.

Заради следење на реализацијата на реформите во правосудството, Советот за судски реформи ќе продолжи со одржувањето на координативни состаноци.[4]

Судскиот совет на Република Македонија во текот на 2012 година изврши избор на 32 судии а разрешени беа 3 судии. Беше спроведено оценувањето на работата на 606 судии од вкупно 717 судии и 30 претседатели на судовите за 2011 година[5] Советот на јавните обвинители (СЈО), во текот на 2012 година изврши избор на 22 јавни обвинители. При изборот на судиите и јавните обвинители се почитуваше начелото на правична и родова рамноправност.

Во однос на изборот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) досега се избрани вкупно 57 кандидати (35 судии и 22 јавни обвинители), а во наредниот период останува да се изберат уште 23 кандидати (11 судии и 12 јавни обвинители). Од 1 јануари 2013 година ќе се започне со имплементација на законската рамка, согласно која назначувањето на судии во прва инстанца ќе биде само од редот на дипломирани кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, како и примена на новите професионални услови за изборот на судии во повисоките судови.

[4] на 04.12.2012 година го одржа 12-от состанок.

[5] 471 судии или 77,72% се оценети со оценка многу добар, 117 судиі или 19,31% се оценти со оценка добар, 17 судии или 2,81% со оценка задоволува и 1 судија или 0,49% со оценка незадоволува, додека од вкупно оценети 30 претседатели на судови, 13 се оценети со оценка многу добар, 15 со оценка добар и 2 со оценка задоволува.

Во текот на 2013 година ќе се изработи Анализа за примена на одредбите од Законот за судови и Законот за Судски совет на РМ по однос на дисциплинска одговорност и нестручно и несовесно работење на судиите.

Академијата за судии и јавни обвинители во 2013 година во соработка со Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители, ќе започне со теоретска обука на 5-тата генерација слушатели. Ќе се продолжи со натамошна реализација на Програмите за почетна и континуирана обука на судиите и обвинителите, стручниот судски и обвинителски кадар, како и судските и јавно обвинителските службеници.

Во текот на 2012 година беше постигнат напредок во однос на ефикасноста на судството, со намалување на заостатокот на предмети во рамки на целокпното судство. Напорите посебно беа насочени кон Управниот суд, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд, Со цел следење на работата на судовите, Министерството за правда, во соработка со Судскиот Совет на РМ и Врховниот суд, ќе изготвува месечни извештаи за состојбата со совладување на приливот и намалување на заостатокот на предметите, врз основа на податоците од Основните судови, 4-те Апелациони судови, Управниот суд и Вишиот Управен суд.

Ќе продолжат активностите за водење на унифицирана судска статистика. До крајот на декември 2012 година се очекува инсталирање на софтверот, по што ќе се започне со обуки за корисниците. Генерирањето на податоци за просечното времетраење на разни видови правни постапки, вкупното времетраење на секој случај, број на поднесени жалби итн. се очекува да започне во вториот квартал на 2013 година.

Во 2013 година ќе се продолжи со именување на извршители на непополнетите извршителски места, а ќе се започне и со организација на тркалезни маси заради афирмација на професијата извршител со цел зголемување на бројот на лицата со положен извршителски испит и создавање на поголем квантум на потенцијални извршители.

За имплементација на Законот за кривична постапка (кој ќе започне да се применува од 01.12.2013 година) ќе продолжат активностите за усогласување на нормативната рамка[6], реализација на вкупно 32 специјализирани обуки, Исто така, предвидено е во ОЈО за гонење на делата од организиран криминал и корупција да се изберат 7 јавни обвинители и да се вработат 16 стручни соработници. За подобрување на инфраструктурата на Јавното обвинителство, до крај на вториот квартал 2013 предвидено е да заврши изградбата и опремувањето на новата зграда на Јавното Обвинителство на Република Македонија. Исто така, во рамки на ИПА Проектот 2009 „Поддршка во имплементација на реформата на кривично правниот систем", ќе се превземат активности за подобрување на интернет поврзаноста на јавните обвинителства и набавка на опрема за интегриран ИТ систем.

**АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА** ***(види Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права)***

Во насока на натамошна превенција и борбата против корупција, во 2013 год. ќе се продолжи со имплементација на правната рамка, меѓу-институционалната соработка, како и со имплементација на Државните програми за спречување на корупција и за спречување на судир на интереси за 2011-2015. Ефективната борба против корупција ќе биде подржана и преку Твининг проектот ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата".

---

[6] Во септември 2012 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи ; Усвоен е Закон за измени и дополнувања на Законот за адвокатура, изготвен е Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за судовите кој се наоѓа во собраниска процедура, и Предлог закон за измени и дополнување на Законот за Јавно обвинителство, кој е во владина постапка. Усвоен и објавен е Правилник за висината и начинот на определување на трошоците во кривичната постапка и Правилник за начинот на примањето и распоредувањето на притворените во затворите, како и условите за работа на притворениците. Изготвен е Правилник за уредување, начин на водење и чување на казнената евиденција, како и Правилник за начинот на вршење на снимање на обвинетиот.

ДКСК во 2012 година согласно Уредбата за начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси[7], започна со системска проверка на изјавите на судир на интереси[8]. Согласно препораките на Европската Комисија за воспоставување на track – record, за спроведените проверки на изјавите за судир на интереси, на месечно ниво ќе се изготвува преглед за проверки на изјавите за судир на интереси, со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции за утврден судир на интереси. До јуни 2013 година ќе се воспостави База на податоци за изјави на интереси за избрани и именувани лица.

Во 2013 година ќе се продолжи со следење и проверка на податоците од анкетните листови за избраните и именуваните лица, при што согласно препораките на Европската Комисија за воспоставување на track - record, ДКСК во соработка со УЈП на месечно ниво ќе изготвуваат преглед за проверки на анкетните листови, како и испитување на имот и имотна состојба со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции за утврдени неправилности

Во септември 2012 год. изготвена е ВЕБ апликација за следење на реализацијата на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015, и спроведени се обуки за корисниците. Првичното пополнување започна во ноември 2012 година и до крајот на Март 20132 ќе изготви Извештај за степенот на реализирани активности, кој ќе се презентира на Годишна конференција за степенот на остварувањето на двете ДП 2011-2015.

Во наредниот период ќе се работи на воспоставување на систем за заштита на лицата кои пријавуваат корупција и злоупотреби во институцијата во која се вработени, преку донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција, со цел да се уреди системска и институционална заштита на лицата кои сакаат да пријават случаи на корупција, како и прашањето за интегритетот. Во рамки на проектот "Поддршка во развојот на системот на пријавители во Македонија"[9],во првиот квартал од 2013 ќе биде изготвена Физибилити студија за можни насоки за развивање на системот за заштита на пријавители. Додека доо април 2013 год. ќе се одржи Меѓународна работилница на тема : Заштита на пријавителите - пракса, легислатива и предизвици.

Државната комисија за спречување на корупцијата и понатаму во 2013 година ќе продолжи да ја развива и унапредува соработката со сите чинители во превенција и борба против корупција и судирот на интереси и особено со субјектите со кои има потпишано Протокол и Меморандуми за соработка.[10] Меѓуресорското тело за борба против корупција, во 2013 год. континуирано ќе одржува состаноци за координација на активностите против корупцијата[11].

На 12.11.2012 година донесени се Законот за измени и дополнување на Изборниот законик и Законот за измени и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии. Со цел за унапредување на

---

[7] Сл. Весник на Република Македонија бр. 42/2012

[8] Согласно изготвениот план и динамика за проверка на изјавите за интереси, извршена е проверка на согласно кој во првиот квартал на 2012 извршена е проверка на изјавите за интереси поднесени од носителите на законодавната власт, носителите на извршната власт, како и на изјава за интереси поднесени од страна на службените лица избрани или именувани од Собранието на РМ .

[9] со поддршка на Британска амбасада

[10] ДКСК во текот на 2013 год. ќе изготви полугодишен Извештај за спроведување на Меморандумот за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и на судирот на интереси потпишан со Приватниот сектор и полугодишен Извештај за спроведување на Меморандумот за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и на судирот на интереси потпишан со Граѓански организации, како и Полугодишни информации за спроведување на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси.

[11] 12.12..2012 год. одржан е 8-от состанок.

транспарентноста на финансирањето на политичките партии, во согласност со приоритетите утврдени во Акцискиот план за започнување на пристапни преговори меѓу РМ и ЕУ, во текот на 2013 год. Државниот завод за ревизија, до крај на јуни 2013 год. ќе изврши објавување на кампањски и партиски извештаи и примена на ефективни санкции во случај на прекршоци, ревизија на финансиските извештаи на политичките партии за 2012 година и ревизија на финансиските извештаи од спроведените локални избори во 2013 година, како и објавување на конечните ревизорски извештаи на својата веб страна. Исто така, за примена на новиот Закон за финансирање на политички партии, до 31.05.2013 год. ќе се изврши зајакнување на човечките ресурси на ДЗР преку вработување на 5 виши ревизори. ДЗР, во соработка со ДКСК и ЈОРМ, во текот на 2013 год. ќе изготвуваат преглед на постапки и изречени санкции за непостапување согласно одредбите од Законот за финансирање на политички партии и Изборниот законик.

Во тек е подготовка на Методологија за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, како една од мерките договорени во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво, согласно заклучоците усвоени од страна на Владата на РМ[12], до крај на декември 2012 год. работна група[13] ќе изготви драфт верзија на Методологијата.
До крајот на 2013 год. ќе се обезбеди имплементација на Методологија за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика -track record на случаи на корупција, преку изготвување на табеларен преглед на истраги, обвиненија, пресуди и казни за дела на корупција. Во текот на 2013 год. Министерството за правда во соработка со судовите и јавните обвинителства во РМ, на квартално ниво ќе продолжи со табеларно следење на на делата од висок профил на корупција. Воедно, ќе се следи и известува за евентуални случаи на проширена конфискација и незаконско збогатување.

Во текот на 2013 година, во соработка со АСЈО ќе продолжат обуките за ризици од корупција, превентивни мерки и подигнување на јавната свест, како и обука на тема „"Концепт и елементи на системот на интегритет"". АСЈО во текот на 2013 година ќе продолжи со обуки за судиите и јавните обвинители посветени на теми за проширена конфискација и незаконско збогатување од Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик

Во текот на 2013 година ќе се превземат активности за подготовка за Четвртиот круг на евалуација на Република Македонија од страна на ГРЕКО, на тема - Превенција на корупцијата по однос на членови на парламентот, судии и јавни обвинители.

## 1.2. ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА *(за повеќе информации да се види во делот 3.23.3 Фундаментални права)*

### 1.2.1 Почитување на меѓународно право за човекови права

Беа формирани Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП[14] и Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП која во ноември 2012 ја одржа својата конститутивна седница[15].

Во насока на подигнување на работното ниво на Меѓуресорско тело за човековите права, беше ревидиран неговиот постојан состав и истото е претседавано од страна на Министерот за надворешни работи[16].

[12] усвоени на 19.11.2012 год.

[13] Координирана од Министерство за правда, членови Врховен суд на РМ, ДКСК; Основен суд Скопје 1, ОЈО за организиран криминал и корупција, Министерство за внатрешни работи, Државен завод за статистика, Царинска управа и Финансиска полиција

[14] Службен весник на РМ бр. 133/2011

[15] Службен весник на РМ бр. 32/2012

Согласно деловникот, телото ќе одржува редовни состаноци и во наредниот период, односно најмалку 4 состаноци годишно.

### 1.2.2. Граѓански и политички права

Беше усвоена Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор  за периодот 2012-2017, согласно која на среден рок се предвидува донесување на акт за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот; воспоставување модели за вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање политики; формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор и др.

Ќе биде донесена Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Македонија за 2013 години.

Во насока на унапредување на состојбата на просториите за задржување во полициските станици од општа надлежност, беше донесен Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат овие простории како и Акциски план за реновирање и реконструкција на просториите за задржување на лица во Полициските станици од општа надлежност.

Континуирано се одвиваа обуки за вработените во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Годишната Програма за работа на Секторот за 2013 ќе ги опфати обуките на  вработените за 2013 година.

Во насока на обезбедување на професионална служба која ќе гарантира целосно почитување на основните човекови права преку ефикасна и сигурна правна и опертивна рамка, активности во насока на градење на капацитетите за соодветен третман на задржани и притворени лица ќе бидат реализирани во рамките на ИПА 2009 Проектот кој ќе отпочне во текот на 2013 година.

Континуирано беа реализирани активности согласно отпочнатата реформа на пенитенцијарниот систем. Во идниот период активностите ќе продолжат. Предвидено е донесување на Стратегија за развој на пробациската служба во Република Македонија, имплементација на активности од Стратегијата за здравствена заштита во затворите, подобрување на третманот на ранливите групи на затвореници како и подобрување на внатрешната инспекција и надворешниот мониторинг во затворите. Ќе биде пуштен во употреба на Затворот Куманово, а ќе отпочне изградбата на Казнено-поправниот дом Идризово и градбата на Воспитно-поправниот дом Тетово.

Во рамки на Програмата за задолжителна почетна и континуирана обука за вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи континуирано ќе бидат спроведувани обуки за вработените.

На среден рок ќе биде изработена Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија

Во делот на слобода на изразување во медиумите, продолжи дијалогот во рамки на Работната група за медиуми. Во духот на дијалог и консултација беше усвоен Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, а дополнително беа усвоени и измени и дополнувања на Кривичниот Законик. Праксата на унапредување на постоечката легислатива од оваа област ќе продолжи и во текот на 2013 година, преку

[16] Службен весник на РМ, бр. 55/2012

донесување на законска регулатива во однос на медиумите и аудио-визуелните услуги, со што ќе се допрецизираат и одредбите кои се однесуваат на заштита на медиумскиот плурализам, разновидноста и јавноста на работата на радиодифузерите, обврските и одговорностите на Советот за радиодифузија, неговите членови и нивната одговорност во случај на неисполнување на нивните обврски. Исто така , со цел транспарентно и отчетно трошење на буџетските средства на институциите ќе се доуредат законските одредби во однос на активностите на државните органи за информирање на јавноста со своите услуги или активности.

И понатаму ќе продолжи воспоставената пракса за спроведување на сеопфатни обуки за сите судии инволвирани во случаите на клевета со цел да се осигура примена на принципите на Европскиот Суд за Човекови Права во судовите, со посебен акцент на судиите од граѓанската област. Се планира објавување на Едиција со досега преведените пресуди и Анализата со стандардите и препораките што произлегуваат од нив. Ќе се работи и на воведување на праксата за создавање евиденција на примената на членот 10 од ЕСЧП од страна на судиите.

Во текот на првата половина на 2013 година се предвидува воспоставување на саморегулаторно тело за медиуми во насока на воведување на само-регулаторен механизам во областа.

Советот за радиодифузија ќе продолжи со континуираното следење на усогласувањето на радиодифузерите со членот 11 од Законот за радиодифузната дејност и известување за истото до Владата на РМ, а ќе работи и на развивање на нова Стратегија за радиодифузна дејност како и Упатство за радиодифузна дејност, кое ќе вклучува и санкции.

Во рамки на Работната група за медиуми ќе се настојува да продолжи дијалогот по однос на подобрување на работничките права на новинарите и медиумските работници.

**1.2.3 Економски и социјални права** ( да се види и *Поглавје 3.19 –Социјална политика и вработување* )

Во делот на еднакви можности и недискриминација, во текот на 2013 година ќе отпочне имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2013 - 2020 преку изработка на Оперативен план за имплементација на сите активности и мерки предвидени за 2013 година.

Дополнително, ќе бидат имплементирани активности од акциските планови во рамките на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.

Исто така, ќе отпочне имплементација на Стратегијата за родово буџетирање. Во првиот квартал од 2013 година ќе биде донесен Оперативен план за Стратегијата за 2013 година.

Ќе продолжат активностите на полето на спречување и заштита од семејно насилство преку развивање на методологија за спроведување на сеопфатна проценка на судските постапки во случаи на семејно насилство и развивање на модули за обука за зголемување на капацитетите на професионалците. Дополнително, ќе биде формирано постојано Националното координативно тело за спречување и заштита од семејно насилство.

По однос на детските права, беа спроведени бројни активности во насока на намалување на појавата на деца на улица. Во првата половина на 2013 година ќе биде подготвен и Акциски план за заштита на децата од улица 2013 - 2015, со засилен акцент на социјалната и здравствената заштита на овие деца и нивно вклучување во образовниот систем на Република Македонија низ различни форми.

Континуирано ќе се унапредува системот на соработка помеѓу владините институции, како и соработката со граѓанските организации кои работат на заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија.

Ќе продолжи отварањето на мали групни домови како нова форма за третман и заштита на децата во ризик и малолетните сторители на кривични дела. Во оваа насока, ќе продолжи имплементацијата на Програмата за менторство на деца кои се во конфликт со законот вклучувајќи и креирање на алатки за индивидуални програми и планови за менторство, менторство на деца кои служат алтернативни мерки и спроведување на анализа за примена на алтернативните мерки. Исто така се предвидува подготвка на Програма за обесштетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство.

Ќе продолжи и работата на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво континуирано на сензибилизирање и зголемување на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво и афирмирање и потенцирање на важноста од функционирањето на Државниот совет.

Дополнително, ќе се работи на подготовка на општински акциони планови за превенција на малолетничко престапништво.

Имплементацијата на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ќе биде континуирано мониторирана од Националното Координативно тело надлежно за имплементација на истата.

Процесот на деинституционализација континуирано се одвиваше во изминатиот период, а ќе продолжи и во 2013 година. Исто така редовно ќе се врши мониторинг и евалуација на квалитетот на услугите во Службите за поддршка на домувањето.

Во насока на обезбедување на поголема интеграција на Ромите продолжи имплементацијата на активностите од приоритетните области на Стратегијата и Декадата за инклузија на Роми.

Во ноември 2012 година, беше одржан третиот работен состанок за Инклузија на Ромите и Роми бегалци. Четвртата средба се планира да биде реализирана во април 2013 година.

Согласно заложбите за зголемување на буџетот за поддршка на имплементацијата на Декадата за Роми, предлог-буџетот за 2013 година предвидува зголемување од 29% и изнесува 39.240 000,00 МКД. Дополнително, Декадата ќе биде поддржана со 13.345 000, 00 МКД од донации

Активностите за имплементација на Декадата за инклузија на Роми ќе продолжат и во иднина, со посебен акцент на оние мерки кои ќе допринесат кон натамошно подобрување на економско-социјалната положба на припадниците на ромската заедница.

### 1.2.4 Почитување и заштита на малцинствата, културни права

Во насока на промовирање на меѓуетничките односи, се предвидува донесување на Програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2013 година.

Во изминатиот период беа реализирани активности во насока на имплементација на Стратегијата за интегрирано образование, а исто така беше формирано координативно тело за мониторинг на процесот на имплементација на оваа Стартегија[17]. Овие активности ќе продолжат и во текот на 2013 година.

Владата во усвои деталниот Извештај за анализа и разгледување на состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Во следниот период истиот ќе биде публикуван, а се предвидува и продолжување со квалитативна ревизија на извештајот, како и активности за исполнување на препораките содржани во истиот.

---

[17] Со претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Управата за развој на образованието на припадниците на заедниците

Континуирано ќе се работи на зајакнување на капацитетот на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор и Агенцијата за остварување на правата на заедниците со посебен фокус на стратешко планирање и запазување на стандардите за внатрешна контрола.

И во идниот период ќе се работи на подобрување на правичната застапеност на помалите заедници, особено кај Ромите и Турците, со посебен акцент на правична застапеност на високо ниво.

Во насока на продлабочување на дијалогот по однос на прашањата кои се однесуваат на припадниците на заедниците, Агенцијата за остварување на правата на заедниците организираше 4 партиципативни форуми. Ваквата практика ќе продолжи и во текот на 2013 година.

## 1.3. РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Унапредувањето на односите и соработката на Република Македонија со земјите од соседство и јакнењето на регионалната соработка се еден од клучните приоритети на надворешна политика на земјата.

Во фокусот на регионалната соработка е актуелното едногодишно претседавање на Република Македонија со Процесот за соработка во Југоисточна Европа кое е преземено од Република Србија на завршниот Самит на шефови на држави и влади на земјите учеснички во Процесот, одржан на 15 јуни 2012 година во Белград. Претседавањето на Република Македонија со оваа иницијатива и нејзината улога како регионален лидер претставува чекор напред кон промоција на нашата земја на регионален и меѓународен план.

Главно мото на Претседавањето е 'Солидарноста во акција' што подразбира јакнење на солидарноста на земјите од Регионот со цел стабилност и просперитет на Регионот и негово поскоро интегрирање во европските и евроатланските структури.

Приоритетите на македонското претседавање со ПСЈИЕ се однесуваат на промоција на принципот на добрососедство како предуслов за јакнење на регионалната соработка; парламентарната соработка меѓу земјите од ПСЈИЕ; посилен економски развој; заштита и превенцијата од природни и човечки непогоди, намалување на ризиците од катастрофи и заштита на води; јакнење на соработката меѓу локалните и регионални власти во областа на земјоделието, миграциите, здравство, науката итн; прекуграничната соработка и регионалното поврзување; промоција на културните и религиозни разлики во ЈИЕ; соработка во областа на одбраната заради постигнување на степен на развој одбранбените капацитети согласно НАТО стандардите.

Во изминатиов период, одржан е првиот неформален состанок на министрите за надворешни работи на земјите учеснички на ПСЈИЕ на маргините на Генералното Собрание на ООН во Њујорк (септември 2012), состанок на политичките директори (октомври 2012), како и состанок на министрите за култура со главна тема за зголемување на соработката помеѓу музеите во регионот на ПСЈИЕ (ноември 2012). Предвидено е одржување на експертски состаноци, форуми, дебати, министерски состаноци во повеќе области и еден завршен Самит ( 1 и 2 јуни 2013, Охрид).

Во регионалната соработка акцент ќе стави и на унапредување на политичката соработка на сите нивоа како и промоција на соработката во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација со Европската унија. Република Македонија претседава/раководи со неколку регионални проекти/центри – МАРРИ (Migration, Asylum, Refugees Regional Initiative), Здравствената мрежа на земјите од ЈИЕ, Секретаријатот на Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (NALAS), Постојаната работна група за регионален рурален развој (SWG), а со свои претставници партиципира и во Советот за регионална соработка и СЕКИ. Исто така, Република Македонија изрази интерес за членство во Јадранско - јонската иницијатива, во април 2011

година, за време на црногорското претседавање со истата. Ќе следи имплементација на приоритетите во рамките Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) и SECI/SELEC – центарот во Букурешт, а воедно се очекува на 18 декември 2012 да се формализира приемот на Република Македонија со статус набљудувач во Дунавската комисија чие седиште е во Будимпешта.

Билатералните односи меѓу Република Македонија и Република Албанија во континуитет се на високо ниво. Во претстојниот период, особено внимание ќе се посвети на инфраструктурните проекти, енергетското, патното и железничкото поврзување во рамките на Коридорот 8 и соработката по актуелните и нови проекти во рамките на ИПА, компонента 2. Во 2013, планирани се официјални возвратни посети во согласност со потпишаната Спогодба за соработка по ЕУ прашања. За време на официјалната посета на премиерот на Република Македонија на Република Албанија во ноември 2012 беше потпишан Договор за граничниот премин Ќепиште-Требиште, чија целосна функционалност ќе придонесе за непречена и полесна комуникација меѓу граѓаните на двете земји.

Со Република Косово е воспоставен континуиран, конструктивен и пријателски дијалог по бројни прашања од заемен интерес преку размена на искуства во областа на локалната самоуправа, визната либерализација, процесот на децентрализација и институционалните аранжмани за функционирање на меѓуетничките односи. Во претстојниот период, фокус ќе биде ставен на унапредување на прекуграничната соработка, отворање нов граничен премин Белановце-Станчиќ и интензивирање на економската соработка, особено во областа на енергетиката и инфраструктурата. Во 2013 планирани се официјални посети на државниот врв на на Република Македонија. Претстои потпишување на Договор за заемно поттикнување и заштита на инвестиции, Меморандум за разбирање за доброволно враќање на граѓаните од Република Косово кои што се наоѓаат во Република Македонија како резултат на конфликтот 1999 и Договор за потврдување на периодите на осигурување.

Република Македонија и Република Србија имаат заемен интерес за одржување и унапредување на добрососедските односи, со цел безбедност, стабилност и просперитет во регионот. Од наша страна постои подготвеност за споделување на досегашните евро-интегративни искуства и за таа цел, подготвен е и усогласен текстот на Спогодба за соработка во евро-интегративните процеси. Се очекува истата да биде потпишана за време на официјалната посета на Министерот за надворешни работи на Република Србија на Република Македонија. Воедно, во 2013 планирана е возвратна официјална посета на Претседателот на Република Македонија на Република Србија, како и одржување на консултации за ЕУ прашања меѓу двете министерства. Во однос на економската соработка, евидентни се заложбите за финализирање на активностите околу Коридорот 10, зголемување на вкупната трговска размена и стопанската соработка, преку почесто одржување Бизнис Форуми и продолжување на воспоставените односи помеѓу Стопанските комори.

Република Македонија е цврсто определена за развој на добрососедските односи и билатералната соработка со Република Грција врз принципите на взаемна доверба и почитување. Република Македонија е заинтересирана за интензивирање на дијалогот со Република Грција, со цел изнаоѓање взаемно прифатливо решение за наметнатиот спор од страна на Грција, под покровителство на ОН. Обновени се поканите од Премиерот на Република МАкедонија до премиерот на Република Грција за средба во секое време и на секое место, како и до министерот за надворешни работа за посета на Република Македонија. Во следната година претстојат возвратни експертски консултации за ЕУ прашања во Скопје, стажирање на наши дипломати во грчкото министерство за надворешни работи, одржување на Бизнис форум во Атина, со цел презентација на можностите и поволностите за инвестирање во нашата земја, како и продолжување на Спогодбата за петгодишна развојна програма меѓу двете земји до 2020. Исто така, се очекува продолжување на експертската соработка меѓу Министерствата за животна средина и Министерствата за транспорт на двете земји и одржување на консултациите меѓу овие ресори во Солун.

Република Македонија ќе продолжи проактивно да работи на унапредување на добрососедските односи и на градењето на мостови на соработка со Република Бугарија. Предвидено е одржување на состанок на претставници од Министерствата за надворешни работи, на кој ќе се разговара за можностите за

воспоставување на правна рамка,  која ќе овозможи операционализација на иницираните активности, како што се драфтирање текст на Договор за добрососедски односи и соработка, формирање на различните работни групи и одржување на заедничка седница на двете Влади.  Воедно, Република Македонија очекува реализирање на посети од страна на бугарскиот државниот врв. И двете земји ја демонстрираат својата подготвеност за конкретни  активности во сферата на економските, инфраструктурните и енергетските проекти од значење за двете земји и регионот, како и отворање нови гранични премини.

Билатералните односи со Република Црна Гора во текот на 2012 година се одвиваа**.** Договорот за соработка помеѓу Владите на Република Македонија и Република Црна Гора во контекст на процесот на пристапување во Европската Унија, , стапи на сила на 6 јуни 2012 година. На 19 април 2012 во Брисел, Владите на Република Македонија и Република  Црна Гора ја потпишаа Спогодбата за условите за патувања на државјани на двете земји,  истата с уште не е стапена во сила. Предвидена е соработка во земјоделскиот, IT-секторот, текстилниот и градежен сектор. Согласно Договорот меѓу Република Македонија и Република Црна Гора  за заемна поддршка на кандидатурите на двете земји за членство во Совет за човекови права на ОН,  на 12.11.2012 г. РМ ја поддржа кандидатурата на Ц,Гора за прием во Советот за човекови права за периодот 2013 – 2015 година.

Се одржуваат редовни билатерални средби со Република Хрватска на сите нивоа.. Република Македонија има интерес за продолжување на комуникацијата и споделувањето на хрватските искуства од пристапниот и преговарачкиот процес, како и одржување експертски средби за ЕУ прашања. Во тој контекст, до крајот на 2012 г. се планира да се потпише Договорот за евро-атлантско партнерство меѓу двете Влади. Исто така, се прават напори за интензивирање и на економските односи.

Билатералните односи со Република Словенија се базираат на долгогодишна конструктивна соработка и заемна поддршка на билатерален и мултилатерален план, со декларирана поддршка  во однос на политиката на проширување на ЕУ и интегрирање на земјите од Западен Балкан, како „клучна оска во надворешната политика на Р. Словенија“. На 3 јули 2012г. е потпишан Меморандум за развојна соработка  меѓу двете влади за 2012 г. Во.ноември 2012 г. словенечката страна извести дека се исполнети внатрешно-правните услови за влегување во сила на Спогодбата склучена меѓу Владите на Република Македонија и Република Словенија за платено работење на лицата издржувани од членовите на ДКП-ата, ќе влезе во сила на 27.12.2012г.

Во текот на 2012 г., билатералните односи со РепубликаТурција го одржуваат континуитетот на соработка, особено во делот на реализирање на билатерални средби на високо и највисоко ниво. Во мај 2012 година беше потпишана Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за условите за патување на државјаните на двете земји. Од аспект на меѓусебната поддршка и соработка во насока на европските интеграции, во ноември 2012 беше потпишан Протоколот за соработка во контекст на ЕУ. За наредниот период освен редовните билатерални средби, приоритет и понатаму ќе биде економската соработка.

Соработката меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина се одвива успешно и без отворени прашања.. Во 2012 година се бележи проширување на договорната рамка преку потпишување на: **-** Спогодбата за соработка во областа на здравството и  медицинските науки и Спогодбата за соработка  во областа на  образованието и науката. Значајно е да се поттикнат Стопанските Комори и надлежните институции за организирање Бизнис Форуми.

Билатералните односи на Република Македонија со Република Романија во 2012 година се одвиваат интензивно и без спорни прашања, со взаемно почитување и поддршка. Во градењето на добрите односи свој придонес имаат и почесните конзули во двете земји**.** Република Македонија се залага за засилување на економската димензија на билатералната соработка, особено во земјоделскиот, винскиот и туристичкиот сектор.

Република Македонија и Република Молдова во текот на 2012 г. одржуваа добри билатерални односи. Спогодбата склучена за соработка во областа на здравството и медицинските науки, стапи на сила на 10 септември 2012 г. Во интерес на Република Молдова е укинување на визниот режим кој е на сила.

Во насока на меѓународните односи Република Македонија продолжи и понатаму целосно да соработува со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија. Нема тековни предмети пред Трибуналот кои се однесуваат на македонски државјани.

При склучувањето на билатералниот договор со САД за изземање на американските граѓани од јурисдикција на Меѓународниот кривичен суд, Република Македонија ги имаше предвид насоките на ЕУ од септември 2002. Спогодбата е склучена на нерипипрочна основа, односно се однесува само на државјаните на САД и не влијае врз обврските кои Македонија ги презеде со ратификацијата на Римскиот статут. Спогодбата не ја исклучува можноста на евентуалните извршители на кривични дела да им биде судено во Македонија или тие да бидат предадени на САД на натамошна постапка. Согласно насоките на ЕУ, со Спогодбата се предвидува можност за нејзино раскинување, по барање на една од страните потписнички.

# II ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

## 2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

**Основи на економската политика.** Одржан е широк консензус за основните карактеристики на поставеноста на економската политика на земјата. Среднорочната рамка на политиките ќе биде опфатена во повеќе програми, како што се: седмата претпристапна економска програма (ПЕП), која го покрива периодот 2013-2015 година, Стратегијата за пазарот на труд за 2015 година и Националниот акциски план за вработување за 2011-2013 година. Дополнително, Владата на Република Македонија започна Пристапен дијалог на високо ниво со ЕУ, кој ќе обезбеди дополнителна платформа за забрзување на реформите во економијата поврзани со пристапувањето. Во 2013, се предвидува продолжување на добрата соработка со меѓународните финансиски институции, како што е Светска банка и ММФ. Воедно, предвидено е и продолжување на водењето интензивен дијалог со бизнис-заедницата. *Севкупно*, во 2013 година се предвидува одржување на широк политички консензус за основите на економската политика.

**Макроекономска стабилност[18].** Макроекономската политика во 2013 ќе биде насочена кон задржување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард, пред с□ преку понатамошно подобрување на деловното окружување и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси, даночна и царинска политика во функција на поддршка на развојот на економските субјекти, поттикнување на инвестициската активност и привлекување на СДИ, и развој на човечкиот капитал и економската инфраструктура на земјата.

*Економска активност.* Макроекономските проекции за 2013 година се темелат на очекувањата за бавно излегување на ЕУ од рецесија и остварување на ниски стапки на економски раст на главните трговски партнери. Тоа има негативно влијание врз побарувачката за македонски производи, извозот и приливот на капитал, што севкупно креира неповолен екстерен амбиент. Зголемениот ризик на финансиските пазари во Европа и континуираниот притисок за намалување на изложеноста на банките кон приватниот сектор, делуваат исто така во насока на намалување на општото ниво на побарувачка, инвестиции и потрошувачка. Во такви околности, проекцијата за раст на БДП во Република Македонија за 2013 година изнесува 2%. Тоа е повисок раст од просекот за ЕУ, но понизок од потенцијалниот економски раст на земјата. Основен генератор на растот во 2013 се бруто инвестициите, кои се очекува да остварат реална стапка на раст од околу 6%. Соодветен придонес во овој раст ќе дадат јавните капитални инвестиции преку реализација на крупни инвестициски проекти, но и приватните инвестиции, посебно на фирмите кои работат во слободните економски зони. Во 2013 година се очекува низок реален раст на личната потрошувачка од 1,5%, а јавната потрошувачка се очекува да има мал пораст од 0,3%. Заради рецесијата во поголем број земји од Еврозоната, порастот на странската побарувачка ќе биде побавен, придружен со очекувања за умерен пораст на светските извозни цени. Покрај влијанието на овие фактори, значаен фактор за растот на извозот во 2013 година ќе биде и зголемувањето на вкупниот извозен потенцијал, заради проширување на веќе постоечките и најавеното активирање на нови извозни капацитети во ТИРЗ. Врз тие основи, извозот на стоки и услуги се очекува да оствари реален раст од 5,7%. Очекуваниот умерен раст на домашната побарувачка и извозната активност ќе условат раст и на увозот во 2013 година, проектиран на ниво од 5,3%.

Анализирано по сектори, во 2013 година највисок но сепак умерен раст е проектиран за секторот Градежништво од 3,5%, што се должи најмногу на планираните инфраструктурни проекти и инвестициите во ТИРЗ и индустриските зони. Во 2013 година се очекува бавно заздравување на реалниот сектор и

---

[18] Деловите кои се однесуваат на економската активност, пазарот на труд и јавните финансии опфаќаат проекции на Министерството за финансии, додека деловите за монетарната политика, инфлацијата и надворешниот сектор се проекции на Народната банка на Република Македонија.

остварување на реална стапка на раст на индустриското производство од 2,3%. Растот во секторот Земјоделство се очекува да изнесува 2,1%, додека услужниот сектор се очекува да забележи раст од 1,7%.

Ризиците за проектираната стапка на економски раст се главно надолни и поврзани со должничката криза во Еврозоната која се уште претставува закана за глобалниот економски раст и економскиот раст на Република Македонија. На краток рок, политичката неизвесност во Еврозоната најверојатно ќе бидат најсериозниот потенцијален ризик за земјите во развој како Република Македонија. Иако, во Европа значителен напредок е направен во поглед на имплементирање на структурни и фискални мерки за консолидирање на јавните финансии, сепак креаторите на политиките треба допрва да го утврдат вистинскиот микс на структурни и макроекономски политики со цел целосно да ги неутрализираат тензиите на финансиските пазари.

**Инфлација.** Негативниот шок на светските цени на храната и на енергентите, како и зголемувањето на регулираните цени во третиот квартал од 2012 година, предизвика забрзување на инфлацијата. Задржувањето на овие тенденции на светските пазари и нивниот пренос врз домашните цени се проценува да резултираат со инфлација од 3,4% во 2012 година. Во 2013 година, просечната инфлација се очекува да се движи околу 3,5%, во услови на очекуван понатамошен раст на цените на храната во првата половина од годината. Дополнителен, но помал ефект ќе има и релативно високото ниво на цените на енергентите, како и претпоставеното зголемување на регулираните цени на електричната енергија. Оценките за натамошно задржување на негативниот производен јаз и во 2013 година укажуваат на отсуство на инфлациски притисоци од страна на побарувачката, односно динамиката на инфлацијата ќе биде условена главно од фактори на страна на понудата. Монетарната политика, како и досега, ќе биде насочена кон одржување на стабилноста на девизниот курс, како номинално сидро кое е во функција на одржување на ценовната стабилност.

Ризиците за проектираната стапка на инфлација во 2013 година се главно нагорни, а нивната материјализација во голема мерка зависи од движењето на цените на основните производи на светските берзи. Дополнителен ризик фактор е и големината на преносниот ефект од досегашниот пораст на цените на енергентите врз останатите цени во економијата.

Во 2014 година се очекува да дојде до исцрпување на инфлациските притисоци од цените на храната и енергентите, како и нивните евентуални преносни ефекти врз останатите цени во економијата. Со тоа, во 2014 година се очекува да дојде до нормализација на инфлацијата и нејзино сведување на 2,6%, а на слично ниво би се одржувала и во 2015 година. На среден рок, движењето на инфлацијата ќе биде под влијание на движењето на светските цени на основните производи, но и на динамиката на економската активност во домашната економија.

***Монетарна политика.*** Макроекономските движења во македонската економија, како мала и отворена економија, се под големо влијание на глобалното окружување и посебно состојбите во ЕУ, како најзначаен трговски партнер. Како продлжение на 2012 година, и 2013 година ќе биде придружена со неизвесност во однос на глобалните движења и актуелните проблеми во евро – зоната. Следствено, макроекономските политики и во 2013 година ќе бидат насочени кон редовно следење на движењата во домашната економија и меѓународното окружување и по потреба преземање на мерки во насока на одржување на макроекономската стабилност. Во овој контекст, монетарната политика и во 2013 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, централната банка ќе биде насочена и кон натамошно одржување на финансиската стабилност, како значајна компонента на макроекономската стабилност.

– *Пазар на труд.* Предвидениот економски раст во 2013 година се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на трудот. Според проекциите се очекува годишен раст на бројот на вработени од 0,8%, што ќе резултира со намалување на бројот на невработени за 0,5% во 2013 година. Зголемување на вработеноста се очекува и од растот на работната сила, која е проектирано да порасне за 0,4%. Ваквите движења имплицираат стапката на вработеност во 2013 година да се зголеми на 39%, додека стапката на невработеност да се намали на околу 31%. Активното население во 2013 година се очекува да изнесува 56,6% од работоспособното население. Номиналниот раст на просечната нето плата во 2013 година се очекува да изнесува 1,5%, додека номиналниот раст на просечната бруто плата 1,4%.

*Надворешен сектор.* Трендовите на тековната сметка од Платниот биланс, во голема мерка се условени од закрепнувањето на глобалната економија, динамиката на капиталните приливи и на домашната економска активност. За 2012 година се проценува мало стеснување на дефицитот на тековната сметка на 2,8% од БДП, главно како резултат на зголемените приливи врз основа на приватни трансфери, а во услови на малку зголемен трговски дефицит. Ниската странска побарувачка за домашни производи и понеповолните извозни цени се главни фактори кои имаа неповолен одраз врз извозот во 2012 година. Негативните движења на извозната страна се очекува да се исцрпат веќе во 2013 година при стабилизирање на странската побарувачка, почнувајќи од втората половина од годината. Значителен позитивен ефект врз извозот во текот на 2013 година ќе има најавеното проширување на извозниот потенцијал на дел од извозно-ориентираните капацитети во земјата. Закрепнувањето на глобалната економија и зголемувањето на извозот од новите капацитети во 2013 година ќе резултира со повисок номинален раст на извозот отколку увозот и мало стеснување на трговскиот дефицит на 22,3% од БДП. Истовремено, во услови на заживување на економската активност и странската побарувачка, се очекува зголемен суфицит врз основа на размената на услуги. Од друга страна, по исцрпувањето на краткотрајните ефекти поврзани со неизвесноста во однос на кризата во евро-зоната, се очекува да дојде до стагнација на приватните трансфери и пад на нивното учество во БДП. Оттаму, во 2013 година ќе дојде до умерено влошување на дефицитот на тековната сметка на 3,8% од БДП.

Во 2014 и 2015 година, се очекува натамошно закрепнување на домашната економија, согласно очекуваните движења кај странската побарувачка. Притоа, и покрај континуираниот раст на извозот, сепак зголемениот прилив на странски директни инвестиции и зајакнатата домашна побарувачка, се очекува да креираат засилени увозни притисоци кои би довеле до проширување на трговскиот дефицит на околу 24% во 2014 и 2015 година. Позитивното салдо во размената на услугите на среден рок се очекува постепено да се зголемува, согласно потенцијалот за раст на услужниот сектор. Во периодот 2014 - 2015 година учеството на нето приливите врз основа на приватни трансфери во БДП се очекува да забележи тенденција на мало забавување, согласно очекувањата за нивна постепена нормализација, по исцрпување на факторите кои овозможија нивно исклучително високо ниво во 2012 година. Притоа, нивното ниво во 2015 година се очекува да биде пониско за околу 2,5 процентни поени споредено со проценетото за 2012 година. Кај категоријата - доход се очекува постепено зголемување на дефицитот, што главно произлегува од очекуваните повисоки одливи врз основа на доход од СДИ. Оваа претпоставка базира на очекуваниот раст на приливот на СДИ, постепено интензивирање на економската активност и остварување на поволни финансиски резултати, со што може да се очекува и зголемен одлив врз основа на дивиденди кон странските акционери. Ваквите движења во тековната сметка на платниот биланс се очекува да резултираат со умерено проширување на дефицитот на 5,9% од БДП во 2014 година. Во 2015 година, дефицитот на тековната сметка би се одржувал на слично ниво, по што би започнал процес на негово постепено намалување, согласно очекуваното позначително зајакнување на извозниот потенцијал врз основа на странските инвестиции.

Проекцијата на салдото на тековната сметка на платниот биланс за периодот 2013 - 2015 година е придружена со ризици, кои главно се поврзани со глобалниот амбиент. Евентуално послабата надворешна побарувачка може да има неповолни ефекти врз присуството на домашните извозници на странските пазари. Дополнително, и движењето на светските цени е придружено со неизвесност. Од друга страна, зголемениот број на извозни капацитети во економијата, на среден рок треба да резултира со натамошна диверзификација на извозот и подобрување на извозните перформанси, како продолжение на веќе започнатите промени во таа насока.

Нето приливите на капиталната и финансиската сметка во периодот 2013 - 2015 година се очекува да имаат постепен растечки тренд, главно под влијание на очекуваното движење на странските директни инвестиции. Неповолните глобални и домашни економски движења, како и постојаната висока неизвесност резултираа со релативна воздржаност на странските компании од инвестирање во 2012 година. Сепак, се очекува дека закрепнувањето на глобалната и на домашната економија во наредната година ќе резултира со динамизирање на приватните капитални приливи, до ниво од околу 3% од БДП во 2013 година. Значителен придонес врз растот на странските инвестиции, ќе има и реализацијата на веќе најавените проекти. Исто така, стабилизирањето на условите на финансиските пазари ќе овозможи зголемени приливи по основ на

задолжување. Постепеното стабилизирање на глобалните финансиски текови, намалувањето на неизвесноста и подобрувањето на перцепциите на странските инвеститори, се фактори што ќе делуваат во насока на раст на приватните финансиски текови. Следствено, СДИ се очекува постепено да се зголемуваат и во следните две години, доближувајќи се до околу 6% од БДП во 2015 година, ниво карактеристично за преткризните години.

Интензивирањето на капиталните приливи во наредните три години ќе овозможи тие да го покријат продлабочениот тековен дефицит и воедно да овозможат натамошно зголемување на девизните резерви. Сепак, ризиците околу капиталните приливи се умерено надолни и се главно поврзани со можното пролонгирање на глобалното опоравување, што би резултирало со понатамошна нестабилност на меѓународните пазари и воздржување на инвеститорите. Општата претпазливост на меѓународниот пазар на капитал ја зголемува и неизвесноста околу надворешното должничко и недолжничко финансирање. Согласно проектираните движења на тековната и капитално - финансиската сметка, бруто девизните резерви во следниот среднорочен период се очекува да забележат континуиран пораст и да се одржуваат на ниво од околу четири месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од секоја наредна година. Ваквото ниво на девизни резерви е во функција на поддршка на Стратегијата на таргетирање на девизниот курс.

*Јавни финансии.* Фискалната политика за 2013 година е во функција на зачувување на макроекономската стабилност и поддршка на македонската економија. Вака дефинираните цели на фискалната политика подразбираат натамошна контрола на јавните финансии, како и континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи со значителен обем на капитални инвестиции.

Вкупните приходи на консолидираниот буџет за 2013 година се планираат на ниво од 147.957 милиони денари, а расходите се планирани на ниво од 165.652 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со оптимално ниво на дефицит од 3,5% од БДП. Во услови на забавено заздравување на европската и македонската економија, планираното ниво на буџетскиот дефицит е разумно и неопходно, од аспект на поддршка на домашната економија, преку пораст на инвестициите, пензиите, социјалните надоместоци и субвенциите.

Приходите на консолидираниот Буџет за 2013 се проектирани во услови на задржување на ниски и непроменети даночни стапки, за разлика од многу европски земји кои консолидацијата на јавните финансии ја реализираат со зголемување на даночните стапки. Во рамки на планираните даночни приходи во износ од 82.713 милиони денари, доминантно е учество на приходите по основ на данокот на додадена вредност, што соодветствува на очекуваното стабилизирање на потрошувачката и порастот на извозот и увозот. Останатите даноци се планирани на база на реалните остварувања во текот на 2012 година, а кај приходите по основ на царини вклучен е и ефектот од прифатената политика за постепено намалување на царините за увозот од ЕУ. Останатите приходи ќе се остварат по основ на неданочни приходи (административни такси, концесии и други неданочни приходи) и капитални приходи по основ на продажба на општествени станови и земјиште. Во рамките на капиталните приходи вклучени се приходите по основ на планирана девиденда од АД Телеком. Социјалните придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско, здравствено осигурување и вработување се планирани на ниво од 42.832 милиони денари.

Расходната страна на Буџетот на Република Македонија е планирана во функција на поддршка на заздравувањето на македонската економија, пребродување на последиците од кризниот период, подобрување на економската положба на таргетирани групи на население (пензионерите и корисниците на социјални надоместоци) и зголемувањето на инвестициите во инфраструктурни проекти. Притоа, ќе продолжи спроведувањето на дисциплинирана буџетска потрошувачка со нагласен акцент на рестриктивност и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци, за сметка на зголемување на инвестиционите вложувања во капитални проекти.

Во рамките на вкупните расходи планирани на ниво од 165.652 милиони денари, продолжува тендецијата на подобрување на нивната структура. Имено, планираното ниво на капитални расходи за 2013 година е за 10,4% повисоко од 2012 година (ако во базата за 2012 година се исклучат инвестициите на Агенцијата за државни патишта во износ од околу 4,3 милјарди денари, која е во фаза на трансформација во јавно

претпријатие и нема да биде дел од консолидираниот Буџет во 2013 година). Во однос на тековните расходи планирани за 2013 година може да се констатира пораст од 4,6%, кој е резултат на определбата за зголемување на пензиите, социјалните надоместоци и субвенциите во земјоделството.

Финансиските средства за проектираниот дефицит од 3,5% и отплатата на долговите кон странство ќе се обезбедат од странски извори (поволни кредити од меѓународни финансиски институции, кредит од комерцијални банки гарантиран од Светска банка како и кредитни линии наменети за финансирање на одделни проекти), како и од домашни извори (емисии на државни хартии од вредност). Во однос на задолжувањето на домашниот пазар, основна заложба и во наредниот период ќе биде зголемување на рочноста на издадените хартии од вредност, при што посебен акцент ќе биде ставен на издавање на државни обврзници на 3 и 5 години со цел оптимизација на исплатите. Одржувањето на умерено ниво на дефицит, во услови кога значителен износ на средства се наменуваат за инфраструктурни инвестиции и адекватно ниво на социјална заштита, позитивно ќе влијае врз заздравување на македонската економија и надминување на негативните последици од светската економска криза.

**2) Слободно взаемно дејство на пазарните сили (приватизација)**

Економските активности во Република Македонија се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно взаемно дејство на понудата и побарувачката.

Натамошниот процес на приватизација го опфаќа преструктуирањето на јавниот сектор со утврдување на можност за натамошна продажба на издвоени делови од нив, вклучително и продажбата на некои од дејностите, како и продажба на акции на државата или на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во рамките на постапката за приватизацијата на четирите големи компании: ЕМО АД Охрид, ОХИС АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и Еурокомпозит АД Прилеп, во текот на 2010 година објавени беа јавни повици за продажба на акциите на државата и на Фондот за ПИОМ, кои завршија неуспешно. Новиот јавен повик за прибирање понуди за продажба на 65,15% од капиталот на друштвото ЕМО АД Охрид, заврши во јули 2011 без да се добие понуда.

Во текот на 2012 година беа спроведени проценки на капиталот на четирите друштва, беа распишани три тендери за продажба на акциите на ОХИС АД кои завршија без успех, а во фаза е нов кој се очекува да биде распишан до крајот на декември 2012 година.

Во текот на 2012 година се одвиваа постапките на конверзија на побарувањата на државата во влог во четирите друштва за што беа донесени посебни прописи за конверзија, со цел да се намалат нивните долгови барем спрема државните доверители.

Владата на Република Македонија е сеуште со оценка дека не се исцрпени можностите за пронаоѓање инвеститори за секое од четирите друштва преку продажба на акции со јавен повик согласно Законот за приватизација на државен капитал, со услов за задржување на вработените на краткорочен период (5 години) на место отворање стечај со што неколку илјади вработени би добиле отказ. Определбата за продажба на четирите друштва преку приватизација со посебни услови останува на сила.

**3) Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот**

Еден од основните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија е подобрувањето на бизнис климата во земјата на континуирана основа. За таа цел преку систематско и континуирано ревидирање на постојната регулатива во Република Македонија ќе се поедностават и елиминираат несуштинските формалности и административни пречки кои го оптоваруваат секојдневното работење и делување на бизнисите и граѓаните со што ќе се овозможи подобрување на законската регулатива, зголемување на

капацитетот на регулаторните тела кои го надгледуваат пазарот и ќе се воспостави редовен дијалог со бизнис заедницата.

Согласно извештај на Светста банка-Doing Business 2013, Република Македонија според индикаторот “Започнување на бизнис“ беше рангирана на петто место во Светот и прво во Европа. Високата позиција на Република Македонија покрај останатото се должи на преземањето на дополнителни мерки за надминување на одредени чекори во процесот на регистрација на субјектите на упис. Имено, Централниот регистар создаде можност во регионалната канцеларија во Скопје за времетраењето на процесот на упис на одреден субјект ( фирма ) во трговскиот регистар да му биде изработен и печат кој го подига заедно со самото решение за упис. Ваквата мерка во суштина значеше намалување на еден од потребните чекори и нејзиното надминување допринесува за поедноставување на самата административна постапка. Исто така, во чекор со развојот на информатичката технологија Централниот регистар во април 2011 година воспостави систем за електронски регистрација со можност за регистрација од било каде во светот со примена на дигитални сертификати, што дополнително значеше олеснување на административната постапка со избегнувањето на физичкото присуство во некоја од канцелариите на Централниот регистар.

Во текот на 2013 година, Централниот регистар активно ќе го спроведува акцискиот план за промоција на предностите од користењето на е-регистрација и поблиско запознавање на пошироката јавност со функционирањето на системот заради помасовна употреба на истиот, а воедно ќе продолжи со преземање на соодветни мерки за понатамошно поедноставување на самата постапка за упис на основање кое би можело и да резултира со определени законски измени.

Како среднорочен приоритет ќе биде спроведувањето на втората фаза од проектот Метабаза на податоци која се однесува на креирање и управување со таксономии. Со оваа компонента на институциите ќе им овозможи да управуваат со мета податоците и извештаите кои со закон ги прибираат. Со тоа ќе се избегне редундантноста на податоците прибрани од различни институции и ќе се дефинираат сите индивидуални потреби за известување (со нивна содржина, структура и фреквенција) на бизнис секторот.

**Регулаторна реформа**

Надлежноста за следење и координација на процесот на проектите кои се однесуваат на Регулаторната реформа ја презема Министерството за информатичко општество и администрација.

**Регулаторна гилотина**

Проектот Регулаторна гилотина континуирано се спроведува во повеќе фази во насока на намалување на бирократските процедури за бизнис секторот и граѓаните. Во тек е успешна имплементација на мерките од втората и третата фаза од Регулаторната гилотина, со кои е постигнато отстранување на голем број на административни бариери, како и се поедноставување на голем дел од постапките и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис. Исто така се продолжи со нови консултации со бизнис секторот и во јуни оваа година Владата на Република Македонија усвои Акциски план за реализација на 40 прифатливи барања од четвртата фаза на Регулаторна гилотина „Предност на малите“ каде фокусот е ставен на поедноставување на условите за работа на малите и средни претпријатија.

Како продолжување на овој проект, а во насока на дополнително унапредување на деловното окружување и поедноставување на процедурите за вршење бизнис преку континуиран дијалог со бизнис заедницата, Владата на Република Македонија се спроведе и нов проект - “Регулаторна Гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците за занаетчиите”, чија цел ќе биде намалување на административниот товар на занаетчиите. Кон крајот на август 2012 година, Владата ги разгледа барањата на занаетчиите и усвои сет од 20 прифатливи барања, за кои институциите веќе преземаат активности.

**Проценка на влијанието на регулативата**

Законската обврска за сите министерства за спроведување на Проценка на влијанието на регулативата стапи на сила на 01.01.2009 година, за сите предлог-закони (освен за законите кои се донесуваат по итна постапка).

Како техничка поддршка на РИА процесот, формиран е Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кој им овозможува на заинтересирани страни електронски да доставаат коментари и предлози директно до надлежните институции. Во месец ноември 2012 година беше направена промоција на новите надградени можности на овој систем и беа спроведени обуки на државните службеници поврзани со надградените технички функционалности на ЕНЕР. До крајот на ноември 2012 година во Единствениот електронски регистар на прописи се внесени 2207 постојни прописи. Бројот на Закони кои се усвоени од страна на Владата на Република Македонија со и без РИА обрасци изнесува вкупно 974 закони од кои 554 се предлог закони што биле достапни за коментари на јавноста и кои поминале низ РИА процесот.

Во насока на континуирано градење на административните капацитети за спроведување на РИА процесот и нејзино унапредување, во текот на 2012 успешно се спроведе проектот насловен како "Унапреден регулаторен процес во Македонија" во чии рамки се спроведоа дел од мерките предвидени во Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа при што се изработија повеќе анализи за имплементацијата на процесот на Проценка на влијаниетот на регулативата во Република Македонија и во тек е изработка на неколку значајни документи: изработена е работна верзија на нова Методологија за РИА, нова форма на Извештај за РИА, како и критериуми и листа за проверка на квалитетот на РИА документите а изработена е и работна верзија на Методологија за спроведување на ex-post анализа. Исто така се спроведе и целосна и детална анализа на процесот на донесување закони, подзаконски акти и стратешки документи во рамките на министерствата, како и изработка на дијаграми, основна, напредна и специјализирана обука на 60 државни службеници за техниките на РИА.

Во наредниот период ќе бидат спроведени следниве активности:

- континуирано следење на имплементацијата на мерките дефинирани во акциските планови од Регулаторна гилотина;
- спроведување на усвоените препораки и мерки од Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа;
- разгледување на можноста од проширување на опсегот на РИА на подзаконски акти;
- имплементација на новата Методологија и Извештај за РИА, Прирачник за државните службеници за спроведување на РИА;
- спроведување на обуки за зајакнување на капацитетите во МИОА и во другите министерства.

**Излез од пазарот**

Министерството за економија во 2012 година продолжи со зајакнување на институционалниот капацитет и транспарентноста во одвивањето на стечајните постапки во Република Македонија преку континуирани обуки и полагање испит за стечаен управник. Притоа особено се зајакна процесот на дијалог на сите вклучени актери во стечајните постапки особено доверителите на страна на државата и тоа на највисоко ниво. Имено, беше формиран Комитет за стечај при Владата на Република Македонија со кој претседава Претседателот на Владата на Република Македонија или некои од неговите заменици на кој се дискутира прогресот, текот и проблемите во водењето на стечајните постапки во кои се јавува како доверител државата. На седниците на комитетот кои најчесто се одржуваат квартално се разгледува секоја стечајна постапка од аспект на нејзиниот

тек, учеството на државните доверители преземените мерки за реорганизација и впаричување на имот, и се донесуваат препораки во насока на забрзување на истите.

Министерството за економија во континуитет спроведува програма за едукација и обука на кандидати за стечајни управници како и мониторинг на нивната работа преку комората на стечајни управници која во овој дел врши јавни овластувања.

Во 2012 година беше изготвена работна верзија на досега најзначајните измени на Законот за стечај со која се очекува значително подобрување на транспарентноста и независноста во работењето на сите клучни актери во стечајната постапка а особено во делот на електронска аукција за продажба на имот и електронско делење предмети меѓу стечајни управници со што значително се намалува можноста од субјективизам при изборот на стечаен управник со што се намалува ризикот од нерамномерна распределба на предмети помеѓу стечајните управници.

Во 2012 година исто така беше изготвено од страна на Министерството за економија упатство за начинот на постапување на државните доверители во стечајна постапка од аспект на поефикасно и целосно искористување на правата во постапката. Ова Упатство беше разгледано на Влада и се очекува во 2013 година секоја орган или институција да го усвои како свој внатрешен акт согласно кој ќе се однесуваат претставниците на државните доверители во стечајните постапки и ќе се намали двоумењето во преземањето на правата во постапката како и изборот на најсоодветно решение.

Во 2013 година ќе се донесе Законот за измена и дополнување на Законот стечај, државните доверители ќе усвојат внатрешни акти во делот на постапување на нивните претставници во стечајна постапка (ПИОМ, Фонд за здравство, Управа за јавни приходи и др.)

Исто така во рамките на проектот ИПА 2011 за зајакнување на капацитетот за имплементација на законодавството за стечај со кој ќе се даде техничка помош на Министерството за економија, Комората на стечајните управници и стечајните судии заради севкупно подобрување на состојбите во делот на стечајот, се очекува изработка на клучните документи од тендерското досие по однос на кои ќе се распише набавката на овие услуги.

**4) Соодветен правен систем (регулирање на имотни права, спроведување на законите и договорите, и ефективност на судскиот систем во врска со економски прашања)**

**<u>Регулирање на имотни права</u>**

**Тековни активности**

### Имплементацијата на новиот систем на Е-Катастар

Со имплементација на новиот систем за регистрација (на Е-Катастар ) на целата територија на Република Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности воведе можност за меѓусебен пристап до податоците за имотните листови од централната база на податоци со што им овозможува граѓаните да вадат имотни листови за недвижностите независно од местото на живеење. Воедно е отворена можност преку веб порталот на Агенцијата за катастар на недвижности да се врши пребарување на недвижностите по адреса, како и увид во статусот на поднесените барања со цел зголемување на транспарентноста кон граѓаните.

**Е-шалтер**
Е-шалтерот им овозможува на професионалните корисници нотарите,приватните геодетски фирми, банки и др. да ги реализираат трансакции и истите да ги евидентираат во јавната книга на брз и едноставен начин користејќи го електронскиот пристап кој го озозможува оваа апликација. Во моментот Агенцијата за катастар на недвижности вкупно има склучено 58 договори за користење на Е-шалтерот **.**

- Агенцијата за катастар на недвижности исто така го промовира новиот сервис-услуга за граѓаните издавање имотни листови преку нотарските канцеларии, приватни геодетски фирми, општините.

Во функција на поматамошна едукација на граѓаните Агенција за катастар на недвижности продолжува со активностите кон зголемување на информираноста на граѓаните околу регистрацијата на недвижностите како и информирање за подобрувањата во доставата на катастарските услуги, подржани преку медумска кампања, едукативни брошури ,флаери и сл.

**Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП)**
Во текот на јули 2012 година Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП) на Република Македонија истотака беше формирана и меѓуминистерска работна група за изработка на Законот за НИПП во кој ќе биде траспонирана европската ИНСПИРЕ директива.Работната група за законската регулатива континуирано работи на законскиот текст, планирана е стручна дебата за Q2 – 2013, а се очекува во септември законот да биде доставен до Владата на Република Македонија.

**Геодетски референтни мрежи**
Во насока на подобрување на националната геодетска референтна инфраструктура Агенцијата за катастар на недвижности во континуитет презема активности за нејзино редефинирање, редизајнирање и преодредување како предуслов за трансформирање на државниот во европскиот ETRS 89 координатен систем.

**Изработката на дигитални топографски карти**
Изработката на дигитални топографски карти во размер 1:50 000 е започната во Q4-2012 година и се очекуваво континуитет да продолжи и во 2013 година .

**АКН-ГИС портал со 2Д и 3Д функционалности**
АКН – ГИС порталот ќе биде надграден со дополнителна функционалност кој ќе овозможи граѓаните да имаат увид во податоците за катастарските парцели на дигиталните катастарски планови, добиени од проектот Дигитализација.

**МакЕдит софтвер**
Во Агенцијата за катастар на недвижности кон средината на јули 2012 година пуштен е во функција софтвер наменет за ажурирање и одржување на дигиталните катастарски планови. Системот е пуштен во функција за катастарските општини на подрачјето кое го покрива Центарот за катастар на недвижности - Скопје. Се предвидува имплементација на системот во сите подрачни одделенија на територијата на Република Македонија.

**Подземни инфраструктури во РМ**
Во текот на октомври 2012 година Агенцијата за катастар на недвижности изготви физибилити студија за воспоставување на катастар за инфраструктурни градби – инфраструктурен катастар, која

е усвоена од Владата на РМ. Во тек се активностите за подготовка на законската рамка за подземните инфраструктури во рамките на законот за КН.

**Краткорочни планирани активности**

- Известување на граѓаните за статусот на предметот преку смс и е-маил, Q4 2013;
- МАКЕДИТ софтвер за одржување и ажурирање на дигиталните катастарски планови и изготвување на
- геодетски елаборати и имплементација на истиот во подрачните одделенија на АКН и приватниот сектор.
- Надградба на системот Е-катастар со апликација за графички приказ на недвижности (парцели и објекти) - Q2 2013 година;
- Воведување на сервис за користење на графички податоци од страна на Единиците на локалната самоуправа - Q4 2013 година;
- Правна рамка за инфраструктурен катастар како дел од Законот за КН -Q3 2013
- Изработка на софтвер за регистрација на инфраструктурни градби -Q4 2013
- Дигитализација на архивски оригинали- Q2 2013 година;
- Интегрирање на ЕРП систем (за управување и планирање со ресурсите на АКН) Q4 2013 година;
- Изработка на проект за воспоставување на основна гравиметриска мрежа во Република Македонија – Q4 2012 ;
- Дигитализација на книгата на промени - Q4 2013 ;
-

**Среднорочни планирани активности**

Во рамките на активностите на АКН за унапредување на работењето на Агенцијата во наредниот среднорочен период планирани се повеќе активности.

- Воспоставена нивелманска и гравиметриска мрежа на територија на РМ - Q4 2013;
- Изработка на студија за оптимална картографска проекција за Република Македонија која што ќе го следи европскиот ETRS89 координатен систем - Q2 2014;
- WEB-GIS – развој на дистрибутивен сиситем и база на просторни податоци - Q4 2013
- Воспоставување на НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци) најмалку две министерства поврзани и тоа од аспект на: креирање на метаподатоци,валидирање и пребарување на податоци преку каталогот на метаподатоци– Q4 2013;
- Дигитализација на катастарските планови за цела територија на Р.Македонија ( ажурирање на атхивските оргинали на катастарските планови до работни оргинали ) - Q4 2015 година
- Воспоставување на систем за обезбедување на бизнис континуитет (Disaster recovery) Q4 2014 година
- Надградба на АКН –ГИС порталот со слој на катастарски планови добиени од проектот дигитализација.
- Воведување Дигитална архива Q4 2014 година;
- Хармонизација на графичките податоци на катастрските планови ( Македит база ) со описните податоци (алфанумеричките податоци од е-Кат базата) преку воспоставен сиситем за контрола на квалитетот и верификациај ( потврда за квалитет ) - Q4 2015 година
- Воспоставување на Help desk центар - Q3 2015 година;

**<u>Спроведување на законите и договорите</u>**

- Заради унапредување на начелото за владеење на правото почитување на фундаменталните права како и обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата во текот на 2013 ќе се продолжи со

реализација на активностите за понатамошно јакнење на независноста, ефикасноста и професионализацијата на судството преку ефикасна имплементација на законите од областа на правосудството

- 
- Во областа на независноста на судството, активностите ќе бидат насочени кон имплементација на законските одредби кои се однесуваат на системот на кариера во напредувањето на судиите, изборот на судии, следење и оценување на судиите, зголемувањето на транспарентноста во работата на судовите.
- 
- Во областа на ефикасноста на судството, идниот период ќе бидат заокружени проектите за електронска достава и тонско снимање на судењата. Исто така, акцентот ќе биде ставен на работата на извршителите и нотарите по преземањето од судовите на платните налози и старите извршни предмети.
- 
- За афирмирање на медијацијата, како алтернативен начин на решавање на споровите, зголемување на капацитетите за медијација и подигнување на свесноста за можностите за медијација во РМ, како дел од Акцискиот план за надминување на проблемите во медијацијата, ќе се пристапи кон изработка на комплетно нов Закон за медијација.
- 
- Во насока на подобрување на имплементација на медијација во граѓански и трговски предмети, во текот на 2013 година ќе продолжи со реализација МАТРА Проект за поддршка на унапредувањето на спроведувањето на медијацијата во РМ.
- 
- Академијата за судии и јавни обвинители ќе продолжи со реализација на континуираната обука за судии и јавни обвинители, особено на теми кои се во насока на имплементација на европските и меѓународните стандарди и специјализирани теми од областа на парничната постапка, трговското право, стечајното право.

## ДОВОЛНО РАЗВИЕН ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

Финансискиот систем на Република Македонија се карактеризира со релативно едноставна структура, од аспект на видот на финансиските институции и асортиманот на производите и услугите коишто тие ги нудат.

Во рамките на финансиската архитектура, банките ја имаат главната улога, со што во најголема мера ги условуваат движењата во финансискиот систем.

### Банкарски сектор

### Состојби во банкарски сектор

Банките имаат доминантна улога во рамките на целиот финансиски систем со безмалку 90% во вкупната актива. Иако беа почувствувани одредени индиректни ефекти од кризата, сепак банкарскиот систем ја задржа својата стабилност и сигурност, одржувајќи висока и стабилна ликвидност и солвентност.

Заклучно со октомври 2012 година банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваат 16 банки. Бројот на банките е намален за еден, што се должи на припојувањето на Зираат банка АД Скопје кон Халк банка АД Скопје, во октомври 2012 година.

Во 2012 година, иако забавено, активностите на банкарскиот систем растат што придонесе и за нагорно движење на нивното учество во БДП..

**Степен на финансиско посредување**




На 30.09.2012 година вкупната актива, вкупните депозити и вкупните кредити остварија годишни стапки на раст од 5,6%, 5,7% и 7,1%, соодветно. Интензивирањето на штедењето во денари (коешто започна кон крајот на 2011 година), продолжи и во 2012 година и на крајот на јуни 2012 година, за прв пат по подолг временски период, денарските депозити ја преземаа доминантната позиција во валутната структура на депозитната база.

Кредитниот ризик преовладува во банкарските активности. Показателите за квалитетот на кредитното портфолио на банките забележаа извесно влошување, кое во целост произлегува од корпоративниот сектор. Стапката на нефункционалните кредити достигна 10,9%, но и натаму постои целосна покриеност на нефункционалните кредити со вкупната издвоена исправка на вредноста. Можен е ризик од прелевање на негативните последици од преземените рестриктивни мерки кон некои од мајките-банки од ЕУ (оние кои добија државна поддршка) врз подружниците во Република Македонија. Имено, и покрај малата вклученост на домашните банки во меѓународните финансиски текови, сепак тековните случувања со некои од банкарските системи или поединечни банки во Европа може да претставуваат извор на ризик за банкарскиот систем на Република Македонија, во кој преовладува странскиот капитал од ЕУ (¾ од капиталот во банкарскиот систем е странски капитал, близу 72% од него потекнува од земјите од ЕУ, а подружниците на ЕУ банките во Република Македонија претставуваат 58% од вкупната актива на банкарскиот систем). Актуелните инструкции од ЕЦ до одредени европски банки за спроведување програми за реструктурирање, како и воведувањето бројни ограничувања во однос на групациските деловни стратегии, креираат ризик од можно прелевање на последиците од овие мерки и политики кон македонските банки-подружници на овие банки, во насока на стеснување на нивните биланси. Притоа особено е битно дека македонските банки воопшто не се зависни од своите мајки особено во однос на финансирањето на активностите и сами за себе немаат потреба за „принудно“ намалување на билансите.

Ликвидноста на банкарскиот систем е стабилна и е на релативно високо ниво. И понатаму една третина од вкупната актива се ликвидни средства и тие овозможуваат покриеност на депозитите на домаќинствата од близу 58%.

Банките континуирано одржуваат висока и стабилна солвентност. За септември 2012 година беа доставени првите извештаи за адекватноста на капиталот според новата методологија која е изработена според Базел 2. Стапката на адекватност на капиталот и натаму е два пати повисока од законскиот минимум и изнесува 17,1%, а стапката Тиер1 е 14,4%. Сопствените средства се карактеризираат со висок квалитет (над 80% од нив отпаѓаат на основниот капитал) и само половина (46,9%) од нив се потребни за покривање на ризиците. Резултатите од спроведените стрес-тест симулации покажуваат дека отпорноста на банките е на задоволително ниво.

Во првите девет месеци од 2012 година, македонскиот банкарски систем прикажа добивка од 644,3 милиони денари, којашто е за 150% повисока од добивката остварена во истиот период од 2011 година. Повратот на активата и повратот на капиталот на 30.09.2012 година изнесуваат 0,3% и 2,3%, соодветно.

**Пазар на осигурување**

**Состојби на пазар на осигурување**

Осигурителниот пазар во Република Македонија се карактеризира со мало учество во финансискиот систем. Средствата на друштвата за осигурување претставуваат 3,45% (2010:3,50%) во однос на вкупните средства на финансискиот сектор.

Податоците за нивото на пенетрација на осигурувањето во 2011 година покажуваат дека вкупната бруто полисирана премија во земјата учествува со 1,50% во БДП, додека степенот на густина изнесува 3.304 денари по жител, што е на нивото на сродни групи земји во регионот.

Заклучно со септември 2012, на осигурителниот пазар активни се 15 друштва за осигурување, 20 осигурително брокерски друштва и 9 друштва за застапување во осигурувањето.

Неживотното осигурување е доминантна категорија во рамки на бруто полисираната премијата со учество од 92,70%. Осигурувањето на живот учествува со 7,30%, но забележува динамичен тренд на пораст.

**Табела 1.** Бруто премија и структура (милиони МКД)

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2Q 2012** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бруто премија** | 5.105 | 5.445 | 6.109 | 6.421 | 6.183 | 6.480 | 6.808 | 3.410 |
| **Структура на премијата** | | | | | | | | |
| **Неживот** | 97,86% | 97,89% | 97,20% | 95,86% | 95,53% | 94,53% | 92,70% | 92,52% |
| **Живот** | 2,14% | 2,13% | 2,80% | 4,16% | 4,47% | 5,47% | 7,30% | 7,48% |

Извор: Агенција за супервизија на осигурување, 2012

Кај друштвата за осигурување постои умерена пазарна концентрација [Херфиндал-индексот, пресметан преку БПП, 2011: 997,69; 2010: 1.237,59], иако овој тренд е во постојан пад. Во втората половина на 2012 година 3 друштва за осигурување имаат пазарно учество над 10%, додека првите пет имаат учество од 60,0%.

**Графикон 1.** Пазарна концентрација (милиони МКД)




Извор: Агенција за супервизија на осигурување, 2012

Четиринаесет од друштвата за осигурување се во доминантна сопственост на странски инвеститори и тие поседуваат 83% од вкупниот капитал, а само едно друштво за осигурување е целосна сопственост на домашни акционери. Девет од друштвата за осигурување се формирани од меѓународни осигурителни групации со седиште во ЕУ што претставува дополнителна предност за имплементација на добрите практики на ЕУ во работењето на друштвата за осигурување.

Во второто полугодие од 2012 година друштвата за осигурување во Република Македонија полисирале бруто премија во вкупен износ од 3,41 милијарди денари, од кои 255,13 милиони денари (7,48%) произлегуваат од осигурување на живот, додека пак 3,15 милијарди денари (92,52%) од неживотно осигурување. Во споредба со истиот период од минатата година, бруто полисираната премија бележи пораст кај двете групи на осигурувања. Кај неживотното осигурување е забележан пораст од 1,18%, додека пак порастот на премијата за осигурување на живот е поголем и изнесува 22,11%. Порастот на бруто премијата збирно за двете групи на осигурувања изнесува 2,50%.

**Табела 2.** Структура на БПП во Н1/2012 во споредба со Н1/2011 (000 МКД)

| **БПП** | ***H1/2012*** | ***во %*** | ***H1/2011*** | ***во %*** |
|---|---|---|---|---|
| **неживот** | 3.154.527 | **92,52%** | 3.117.665 | **93,72%** |
| **живот** | 255.13 | **7,48%** | 208.931 | **6,28%** |
| **Вкупно** | 3.409.657 | | 3.326.596 | |

Извор: Агенција за супервизија на осигурување, 2011

Анализирано по класи на осигурување, во групата на неживотно осигурување е доминантно учеството на осигурувањето на моторните возила. Најголемо учество има задолжителното осигурувањето од автомобилска одговорност (44,39%, Н12011: 44,66%), додека во апсолутни износи бележи пораст од 1,88%. Каско осигурување кај моторните возила (10,89%, 2011: 11,92%) бележи пад од 6,30%, осигурувањето на

имоти (20,82%, 2010: 18,43%) бележи пораст од 15,16% и осигурувањето од незгода (8,93%, 2011: 9,56%) бележи пад од 4,19%. Највпечатлива е состојбата кај осигурувањето на живот 7,48%, (2011: 6,28%) каде е забележан пораст од 22,11%.

**Пазар на капитал**

**Состојби на пазарот на капитал**

**Примарен пазар на капитал**

Во текот на периодот јануари-септември 2012 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија издаде 10 одобренија за издавање на долгорочни хартии од вредност, во вкупна вредност од 7.354.509.055 денари или околу 120 милиони евра. Од одобрените 10 емисии на акции, 1 емисија се реализираше како јавна понуда, 6 емисии беа наменети за постојните акционери на друштвата како институционални инвеститори, 2 емисии беа реализирани врз основа на конверзија на побарувањата на Република Македонија во траен влог и 1 емисија на хартии од вредност е реализирана од средства на друштвото за исплата на дивиденда за тековната година со издавање на нови акции на постојните акционери (скрип дивиденда).

**Секундарен пазар на капитал**

На секундарниот пазар на капитал во Република Македонија во септември 2012 година функционираа вкупно 17 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 11 брокерски куќи и 6 овластени банки за работа со хартии од вредност.

Во првата половина на 2012 година Комисијата за хартии од вредност на една брокерска куќа трајно и ја одзема дозволата за вршење на сите услуги со хартии од вредност и донесе одлука за исполнување на услови за ликвидација. Издадената дозвола за работа беше одземена по барање на брокерската куќа, врз основа на донесена Одлука на Собранието на акционери.

Заклучно со 30.09.2012 година, вкупниот промет остварен на Македонската Берза во првите 9 месеци изнесуваше околу 3.679.944.348,38 денари или околу 60 милиони евра, што преставува намалување за 50,59% споредено со истиот период од 2011 година.

Од почетокот на 2012 година, бројот на котирани компании изнесува 32 компании и нивната вкупна пазарна капитализација на 30.09.2012 година изнесуваше 24.950.218.632 денари или околу 407 милиони евра.

На 30.09.2012 година Македонскиот берзански индекс (МБИ-10) изнесуваше 1.822,36 индексни поени, што претставува намалување од 15,79% споредено со неговата вредност на 30.09.2011 година (2.164,01).

**Во** периодот јануари-септември 2012 година **на пазарот на капитал во Република Македонија функционираа 4 друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со 9 отворени инвестициски фондови, што е за 1 фонд повеќе од истиот период во минатата година.**

**Имено, во** периодот мај-јули 2012 година**, КХВРМ даде согласност за основање на 1 нов отворен инвестициски фонд.** Согласно инвестициските цели и инвестициската политика, средствата од имотот на

фондот ќе се вложуваат претежно во портфолио на нискоризични должнички хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари. Фондот е претежно наменет за вложувачи кои своите средства не сакаат да ги изложуваат на пазарни флуктуации или вложувачи кои во одреден временски период располагаат со слободни парични средства на кои сакаат да остварат принос.

Трендот на основање на нови инвестициските фондови во Република Македонија е од големо значење за натамошно раздвижување, динамичен развој и зголемување на ликвидноста на пазарот на капитал во Република Македонија.

На 30.09.2012 година нето вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови изнесуваше 274.888.085 денари или околу 4,48 милиони евра.

## 2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

### 1. Доволно количество на човечки капитал

Имајќи предвид дека, во просек, нивото на образование на населението во староснa доба кога може да работи во Република Македонија е релативно ниско, Република Македонија продолжува со активностите за поддршка на развојот на човечкиот капитал, особено во областите поврзани со стратешките приоритети на Владата.

Особено внимание ќе се посвети на активностите и мерките за зголемена вработливост на лицата со завршено средно и високо образование, паралелно со широката поддршка на децата од предучилишно и основно образование за што помногубројно вклучување на образованието и намалување на процентот на рано напуштање на образовниот систем. Продолжува интензивното оспособување на човечки капацитети за поддршка на системот за образование на возрасните, особено од аспект на можности на возрасните со завршено основно образование да завршат средно стручно образование, а континуирано ќе се работи на зајакнување на системот за неформално образование.

Препознавајќи го квалитетот на сите нивоа на образование како клучен за човечкиот капитал и неговата улога во општествено-економскиот развој, Република Македонија ќе продолжи да го зајакнува системот за обезбедување квалитет во основното и средното образование (самоевалуации и интегрални евалуации на училиштата, државна матура, воведување на екстерно оценување на учениците, резултатите од кои ќе влијаат на кариерното напредување на наставниците, учество во меѓународното истражување PISA итн.), како и системот за обезбедување квалитет во високото образование (функционирање на Одборот за акредитација и евалуација во високото образование, самоевалуација на високообразованите установи и евалуација на академскиот кадар). Имајќи ја предвид улогата на наставните кадри во обезбедување квалитет на образовниот процес, покрај зголемувањето на бројот на наставниците (претставено на Табелата подолу)

| **Табела: Наставни кадри во Република Македонија** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учебна година | Основно образова-ние | Специјално основно обра-зование | Специјално основно образование за возрасни | Средно образование | Специјално средно образование | Средно религиско образование | Високо образование – наставници | Високо образование – помошен кадар |
| 2006/07 | 15098 | 240 | 114 | 6247 | 74 | 38 | 1671 | 1103 |
| 2007/08 | 15330 | 243 | 208 | 6445 | 72 | 37 | 2028 | 1478 |
| 2008/09 | 15930 | 248 | 71 | 6599 | 83 | 38 | 2182 | 1665 |
| 2009/10 | 16144 | 248 | 70 | 6880 | 72 | 72 | 2057 | 1407 |
| 2010/11 | 16703 | 248 | 70 | 7088 | 74 | 84 | 2276 | 1585 |

Извор: Државен завод за статистика

Република Македонија особено внимание ќе посвети на високото образование за наставници, како и на обезбедување континуирано образование и професионално усовршување на наставниците вклучени во образованиот процес. Ќе се зголемат капацитетите на наставниците од стручното образование за поддршка на практичната работа на учениците, како во кабинетите и лабораториите на стручните училишта, така и во компаниите што ќе овозможуваат практична работа. Согласно препораките од Извештајот на Европската Комисија за напредокот во 2012 година, високообразовните установи ќе ја зајакнат соработката со стопанството во процесот на развивање нови и преструктуирање на постојните курикулуми за трите циклуси на студии согласно потребите на пазарот на трудот. Новите лаборатории на високообразовните установи и истражувачките институти ќе придонесат за стекнување работни вештини со високи технологии во процесот на студирање, а особено за обезбедување квалитетни студии од трет циклус (докторски студии).

Во 2013 година ќе се донесе Стратегија за стручното образование и обука со акциски план, чија имплементација ќе биде насочена кон создавање квалитетни стручни профили, кои ќе бидат атрактивни за пазарот на труд.

Во областа на науката и истражувањето, ќе продолжат активностите за спроведување на Националната програма за истражување и развој 2013-2016, во синергија со имплементацијата на Стратегијата за иновации.

Во насока на препораките од Извештајот на Европската Комисија за напредокот во 2012 година за зголемување на ефикасноста на трошењето на финансиските средства за образование, Република Македонија ги зајакна човечките ресурси на ИПА структурата во Министерството за образование и наука, а ќе продолжи јакнењето на капацитетите за имплементацијата на Стратегијата за интегрирано образование, која е поддржана од различни донатори. Имајќи го предвид значењето на ефикасното менаџирање на финансиските средства за високо образование и наука, во 2013 година Република Македонија ќе формира Совет за развој и финансирање на високото образование, со претставници од академската средина, државната управа и социјалните партнери.

## 2. Доволно количество на физички капитал

**Инвестиции во основни средства во Република Македонија.** Според претходните податоци на Државниот завод за статистика, вредноста на инвестициите во основни средства во Република Македонија во 2011 година изнесува 94 537 милиони денари. Номиналниот пораст на вредноста на инвестициите во основни средства во 2011, во однос на 2010 година, изнесува 13.9%.

Во техничката структурата на инвестициите во основни средства, градежните работи учествуваат со 62.2%, машините и опремата со 33.6%, а останатите инвестиции со 4.2%. Најголема вредност на инвестициите во основни средства е реализирана во следните сектори: Ѓ-Градежништво (31.3 %); Б, В, Г и Д - Рударство и вадење на камен, преработувачка индустрија, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (23.0%); Е, Ж и З - Трговија на големо и трговија на мало, Поправка на моторни возила и мотоцикли, Транспорт и складирање и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (22.0%). Инвестициите во основни средства по тековни цени се прикажани во табела 1.

**Табела 1.** Инвестиции во основни средства по тековни цени (во мил.денари)

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно -Инвестиции во основни с-ва** | **56 485** | **71 557** | **86 403** | **81 872** | **82 968** | **94 537** |
| Култивирани средства | 379 | 316 | 537 | 339 | 668 | 964 |
| Машини и опрема -вкупно | 21 476 | 28 912 | 37 805 | 34 391 | 28 452 | 31 794 |
| Метални производи и машини | 16 069 | 22 260 | 27 852 | 27 389 | 20 246 | 23 476 |
| Транспортна опрема | 5 407 | 6 652 | 9 953 | 7 002 | 8 206 | 8 318 |
| Градежни работи -вкупно | 33 246 | 39 088 | 44 104 | 43 732 | 50 380 | 58 767 |
| Градежни работи -станбена изградба | 13 594 | 15 455 | 12 884 | 12 039 | 15 133 | 16 783 |
| Останати градежни работи | 19 653 | 23 633 | 31 221 | 31 693 | 35 247 | 41 983 |
| Други производи | 1 383 | 3 241 | 3 957 | 3 410 | 3 468 | 3 013 |

Извор: ДЗС

Учеството на реалните инвестиции во БДП, како и стапките на промена на БДП, трошоците на живот и реалните инвестиции се прикажани во Табела 2.

**Табела 2.** Учеството на реалните инвестиции во БДП

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реална стапка на БДП | 5,0 | 6,1 | 5,0 | -0,9 | 2,9 | 2,8 |
| Трошоци на живот | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 3,9 |
| Реална стапка на инвестиции | 8,0 | 22,2 | 5,4 | -1,5 | -3,2 | 17,3 |
| **Учество на инвестиции во БДП** | **21,5** | **24,6** | **26,8** | **26,2** | **25,5** | **27,2** |

Извор: ДЗС

**Странски директни инвестиции.** Во првата половина на 2012 година се регистрирани нето приливи врз основа на странски директни инвестиции од близу 73 милиони евра, или близу 1% од БДП. Најголемиот дел или 96% од износот се остварени во првиот квартал, додека во вториот квартал стана евидентна воздржаноста на странските инвеститори, под влијание на неизвесноста во однос на меѓународното окружување. Поголемиот дел, или близу 60% од остварениот нето прилив е во форма на акционерски

капитал. Од аспект на дејностите, 36% од приливот се однесува на производниот сектор (главно производство на метални и машински производи, производство на прехранбени производи, пијалаци и тутун, текстилна и дрвна индустрија), потоа близу 9% се вложени во финансиски и осигурителни активности и близу 8% во трговијата на големо. Од аспект на земјите на потекло, најголеми приливи на странски директни инвестиции се остварени од: Австрија (29%), Турција (18%), САД (10%), Швајцарија (8%), Холандија (7%).

**Капитални расходи во 2013 година.** Во 2013, се очекува структурно подобрување на расходната страна на Буџетот со значително зголемување на учеството на капиталните инвестиции и одржување на социјалната компонента, за сметка на поконтролирано и рестриктивно користење на помалку продуктивните расходи.

Согласно Предлог – буџетот за 2013 година, во рамки на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициони вложувања во доизградба на преостанатиот дел од автопатот на Коридор X и железничката инфраструктура, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во образовниот, социјалниот и здравствениот систем, земјоделието, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството. Имено, во текот на 2013 година е планирано интензивирање на реализацијата на Проектот за доизградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X. Овој проект е планирано да се финансира од сопствени средства, користење на кредитно задолжување од ЕБОР и ЕИБ и средства од ИПА фондовите.

Во областа на железничкиот сообраќај, во текот на 2013 година фокусот ќе биде ставен на Проектот за доизградба на Железничкиот Коридор VIII во делот Куманово-Бељаковце, во функција на подобрување на конкурентноста и поврзувањето со соседните земји. Во исто време се работи и на подготовка на документацијата за западниот дел на Коридорот VIII односно поврзување со Албанија. Во делот на одржување на постојната железничката инфраструктура, предвидена е реконструкција на железничката пруга на Коридор X, финансирана со заем од ЕБОР. Во рамките на овој проект се врши ремонт на повеќе делници од железничкиот Коридор X. Главна цел на проектот е подобрување на железничката пруга, намалување на трошоците за нејзино одржување и обезбедување на посигурен и поефикасен сообраќај. Во однос на вложувањата во енергетската област и комуналната инфраструктура предвидени се капитални инвестиции во износ од околу 2.051 милиони денари, при што е предвидено интензивирање на активностите околу Националниот гасоводен систем, како и финансирање на изградба на водоводни и канализациони системи во општините кое се финансира од сопствени извори и повлекување на кредитни линии од ЕИБ и KfW банката. За уредување на технолошко индустриски развојните зони во Буџетот за 2013 година планирани се средства во износ од 413 милиони денари, кои ке обезбедат изградба на инфраструктурни објекти и геомеханички истражни работи во зоните. Во областа на здравствениот сектор планирани се инвестиции од околу 2.164 милиони денари кои се однесуваат на проектот за изградба и реконструкција на јавни -здравствени установи финансиран од буџетски средства и кредит од Банката за развој при Советот на Европа, исплата на набавката на медицинска опрема и амбулантни возила, како и други проекти.

Во областа на образованието, детската заштита и спортот капиталните инвестиции планирани се на ниво од околу 1.909 милиони денари наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови опремување и реконструкција на универзитетите, набавка на современа лабараториска опрема и инвестиции во спортска инфраструктура. Со цел зајакнување на земјоделскиот сектор планиран е зголемен обем на капитални инвестиции во износ од околу 978 милиони денари, кои се однесуваат на изградба на хидростеми и инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства, преструктуирање и надградба до стандардите на ЕУ. Капиталните инвестиции планирани во останатите области, вклучувајки ги правосудството, јавниот ред и безбедност, одбраната, културата и информатички технологии бележат соодветен пораст, согласно планираната динамика на реализација на активностите и проектите во овие области.

### 3) МСП и учеството на малите претпријатија

Микро, малите и средни претпријатија (ММСП) се доминантен тип на претпријатија во економијата на Р. Македонија. Во 2011 година нивниот број изнесува 59.375 и бележи мало намалување во однос на 2010 година кога нивниот број изнесувал 61.811. МСП претставуваат 99% од вкупниот број на постојни претпријатија, со што се потврдуваат за важни учесници во економијата како целина и важни креатори на општествениот производ.

**Табела бр.1- Број на активни претпријатија по големина**

| | **Број** | | | | | **Учество во (%)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активни претпријатија** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** |
| Микро | 43.080 | 44.567 | 44.824 | 42.214 | | 71.93 | 72.52 | 72.52 | 71.10 |
| Мали | 16.119 | 16.179 | 16.248 | 16.345 | | 26.92 | 26.33 | 26.29 | 27.53 |
| Средни | 497 | 516 | 557 | 604 | | 0.83 | 0.84 | 0.90 | 1.02 |
| Големи | 192 | 192 | 182 | 212 | | 0.32 | 0.31 | 0.29 | 0.36 |
| **Вкупно** | **59.888** | **61.454** | **61.811** | **59.375** | | **100.00** | **100.00** | **100.00** | **100.00** |

Растечкиот број на ММСП го апсорбира најголемиот дел од работната сила, придонесувајќи за намалување на невработеноста. Во 2011 година забележано е зголемување на бројот на вработени во микро претпријатијата а намалување на нивниот број кај средните претпријатија во однос на 2010 година. Од вкупниот број на вработени 80,22% се ангажирани во микро, мали и средни претпријатија.

**Табела бр.2 -Број на вработени во микро, мали, средни и големи претпријатија**

| | **Број на вработени** | | | | | **Учество во (%)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Претпријатија** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** |
| Микро | 61.701 | 68.540 | 66.981 | 69.752 | | 18.90 | 19.98 | 19.42 | 19.75 |
| Мали | 136.036 | 145.249 | 145.667 | 150.093 | | 41.67 | 42.34 | 42.23 | 42.49 |
| Средни | 58.030 | 58.960 | 64.069 | 61.085 | | 17.78 | 17.19 | 18.57 | 17.29 |
| Големи | 70.678 | 70.310 | 68.245 | 72.284 | | 21.65 | 20.50 | 19.78 | 20.46 |
| **Вкупно** | **326.445** | **343.059** | **344.962** | **353.214** | | **100.00** | **100.00** | **100.00** | **100.00** |

Политиките и активностите за поддршка и развој на МСП произлегуваат од Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, Стратегија за развој на занаетчиство 2012-2020, годишните програми за МСП и Актот за мали бизниси на ЕУ.

Поддршката на МСП се реализира преку програмите за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП кои се имплементираат на годишно ниво од страна на Министерство за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ (АППРМ), соодветно.

За 2013 година ќе биде изготвена и ќе се имплементира интегрирана Програма за конкурентост, иновации и претприемништво со која ќе се поддржува како постојната институционална инфраструктура за МСП така и самите претпријатија.

Во 2013 ќе се имплементираат мерките и активностите за подобрување на претприемништвото и конкурентноста на МСП предвидени со Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 и мерките и активностите согласно Стратегијата за занаетчиството во РМ. Исто така, во 2013 ќе се реализираат активностите утврдени со годишната програма за МСП односно се предвидува да се даде поддршка на: бизнис инкубаторите, бизнис центрите, занатечиските комори, бизнис ангелите, имплементацијата на ISSO, HACCP, HALLAL стандардите за квалитет, на женското претприемништво, на млади претприемачи, на промоцијата на занаетчиството, на автентичните македонски ракотворби како и на организирање на промотивни активности (ЕУ недела на претприемништвото, Глобална недела на претприемништвото, Денови на занатчиството во РМ, Натпревар за бизнис план за започнување бизнис).

Во врска со поттикнување на иновативноста на македонското стопанство и подигање на свеста за развој на иновативноста, Министерство за економија ќе биде вклучено во имплементацијата на Стратегијата за иновациии на РМ 2012-2020. Ова ќе придонесе кон подобро искористување и вклучување на македонските компании во програмите ЦИП, ФП 7, ЕУРЕКА и подобрување на рангирањето на РМ во Глобалниот иновациски индекс. Се очекува поголема промоција и поголема ефикасност на проектот ЕЕН (Enterprise Europe Network).
Министерството за економија е вклучено во неколку регионални проекти за поддршка на иновативноста и тоа WBC INCO-NET и FINNO.

Во периодот 2014-2015 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на МСП и на занаетчиството, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста базирано на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act) и на Стратегија за занатечиство на РМ 2012-2020.

Понатамошното подобрување на пристапот до финансиски средства во 2013 година, МБПР планира да го релаизира преку следниве активности:

- Продолжување со реализација на кредитната линија од ЕИБ,
- Засилено промовирање на факторингот, особено во однос на извзоните побарувањата кои се осигурани во МБПР при што значајно би се подобрила ликвидноста на компаниите.
- Отпочнување со осигурување за извоз пред испорака (покривање на случаи кога специфична стока е нарачана, истата е произведена и во последен момент купувачот поради стечај не е во можност да ја плати нарачаната стока).
- Воведување на среднорочно и долгорочно осигурување, односно осигурувања на побарувања кои се со рок на доспевање подолг од една година. Тука пред се, се мисли на осигурување на побарувања кои произлегуваат од извоз на капитални добра.

**4) Влијание на државата врз конкурентноста (преку трговската политика, политиката на конкуренција, државната помош, СДИ, поддршка за мали и средни претпријатија, итн)**

**<u>Зајакнување на конкурентноста и поддршка на мали и средни претпријатија</u>**

Процесот на зголемувањето на конкурентноста на македонското стопанство претставува еден од приоритетите на економската политика на Владата, кој се реализира преку подобрување на деловната клима за водење бизнис и преку имплементација на повеќе стратегии, политики и програми кои директно влијаат на развојот на претприемништвото, иновативноста, технолошкиот развој, извозот, привлекување странски инвестиции и слично.

Во наредниот период, продолжува имплементацијата на Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020, како интегриран и проактивен пристап, а за нејзина успешна имплементација усвоен е Акционен план за имплементација на Индустриската политика за 2012-2013 година. Како стратешки докуемнти кои ги даваат главните насоки за создавање конкурентна економија се:

- Стратегијата за иновации која дава главни насоки за координиран пристап на поддршка кон создавање конкурентна економија базирана на знаење и иновации.
- Стратегијата за промоција на извозот со акционен план која ќе придонесе кон поефикасна поддршка на фирмите во процесот на интернационализација.
- Стратегијата за МСП и Стратегијата за занаетчиство кои ја дефинираат рамката за развој на претприемништвото и занаетчиството во РМ.
- Со Акцискиот план за конкурентност се развива сеопфатен план со мерки следејќи ја логиката на ГИК на Светскиот економски форум.

Во насока на понатамошно спроведување на економските реформи за подобрување на деловната клима и конкурентноста на македонската економија во наредниот период ќе продолжат да се имплементираат започнатите, а ќе се реализираат и нови проектите и активностите кои ќе придонесат за зголемување на економскиот раст на земјата, како:

**Акционен план за подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија.** Во следниот период, се планира ревидирање на Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи во смисла на негово надополнување согласно резултатите од Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум за 2012-2013 година. Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи ќе се усогласи со бизнис заедницата во т.н. „Мастер План" за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи на Република Македонија.

**Активности на Националниот совет за претприемништво и конкурентност на Република Македонија (НСПК на РМ).** НСПК на РМ е целосно функционален и регистриран правен субјект, кој работи на обезбедување широк консензус и зајакнување на дијалогот помеѓу Владата и деловната заедница, активност која е еден од високите приоритети на Владата на РМ. Целта на овој Совет е да се подобри конкурентноста преку идентификување на проблематични области и изработка на Национални стратегии за унапредување на конкурентноста на македонската економија, подобрување на условите и намалување на трошоците за водење бизнис, промоција и поттикнување на извозот за производите и услугите со повисока додадена вредност кон растечките пазари, надвор од земјите од регионот, вклучување на финансиските институции во развојот на конкурентна економија, како и зголемување на домашните и странските инвестуции. Во рамките на своите активности Советот исто така го следи и извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум.

**Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори.** Формирањето и воспоставувањето на овој систем ќе овозможи сите потребни лиценци и дозволи за започнување и водење на бизнис да може да се

обезбедат од едно место.  Во рамките на проектот ќе биде изработена физибилити студија во која ќе бидат образложени повеќе предлог опции за воспоставување на едношалтерски систем. Физибилити студијата ќе понуди и правна, организациона и техничка рамка, а како составен дел на истата ќе биде изработена мапа на институции кои се одговорни за издавање на лиценци и дозволи, ќе се спроведе анализа на трошоци за обезбедување бизнис лиценца/дозвола и ќе се изработи дата база на лиценци и дозволи  од значење за бизнисите.

Дополнително, подготвителни активности се спроведуваат со цел пилотирање на проект за издавање на дозволи за градба преку Министерството за транспорт и врски. Спроведувањето на пилот проектот се очекува да се случи во 2013 година и истиот ќе придонесе кон тестирање на електронскиот пристап за воспоставување на  електронски едношалтерски систем преку кој ќе се обезбедуваат  online услуги за бизнисите. Активностите за Едношалтерскиот систем за домашни и странски инвеститори се во насока на подготовките за воспоставување на „Единствена точка за контакт“ како обврска од Директивата за услуги на Европската Унија.

**Стратегија за иновации**. Врз основа на предходно спроведена анализа со поддршка на ОЕЦД  Владата на Република Македонија изработи Стратегија за Иновации (2012-2020) и во октомври 2012 година усвои Акциски план за периодот од 2013 до 2015 година. Мерките и активностите предложени во Стратегијата ги адресираат следниве четири области на дејствување:

- Зајакнување на склоноста на бизнис секторот за внесување иновации
- Зајакнување на човечките ресурси за иновации
- Создавање на регулаторно окружување за поддршка на иновациите
- Зголемување на протокот на знаење помеѓу актерите во иновациите

Со имплементирањето на овие мерки се очекува да се зајакне конкурентноста и да се поттикне економски развој заснован на знаење и иновации, што всушност претставува една од целите на Стратегијата за Европа 2020. Истовремено, Стратегијата за иновации ќе придонесе за создавање на ефективен систем за иновации за сите инволвирани страни (бизнис заедницата, академскиот сектор и државните органи).

**Фонд за иновации и технолошки развој.** Владата, како дел од стратешката определба за поддршка на развојот на приватниот сектор, презема активности за формирање на Фонд за иновации и технолошки развој Со Иновацискиот фонд ќе се обезбеди поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, ќе се обезбедат нови извори за финансирање на истите, со посебен акцент на иновациите и ќе се овозможат поголеми вложувања во истражувања и развој на нови технологии. Преку Иновацискиот фонд ќе се доделуваат финансиски средства во вид на грантови, условени заеми и еквити инвестиции, а ќе биде достапна и техничка помош за компаниите за нивна припрема за подобро искористување на средствата од регионалните и европските фондови.

Исто така, во првиот квартал од  2013 се очекува да стартува регионалниот проект “Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан – Western Balkan Enterprise Development and Innovation Facility (WB EDIF)”, каде Република Македонија зеде учество. Проектот е поддржан од Европската Комисија, Европската банка за обнова и развој и Европскиот инвестициски фонд, и е со иницијална вредност на проектот е 145 милиони евра, со тенденција оваа сума да се зголеми во наредниот период. Проектот е составен од 4 компоненти: Фонд за иновации, Фонд за експанзија, Гарантен фонд и Фонд за техничка помош..

**Учиме од бизнис – заедницата.** Во насока постигнување на широк консензус, креирање на економски политики и зајакнување на дијалогот со бизнис - заедницата, Владата на Република Македонија во периодот 2013 - 2015 ќе продолжи со спроведувањето на проектот "Учиме од бизнис–заедницата". Целта на овој проект е согледување на идеите и иницијативите на бизнис заедницата, кои се во насока на подобрување на деловното окружување, како и идентификување на главните проблеми со кои се соочуваат компаниите при своето работење. За таа цел, стручни владини тимови од различни институции годишно ќе посетуваат најмалку 100 компании низ целата територија на Република Македонија. Со проектот се планира да се опфатат компании со различна големина и степен на успешност, кои самостојно или преку стопанските комори ќе покажат интерес да бидат посетени од страна на стручните владини тимови. Кон крајот на 2011 година, беа посетени 165 комании и беа поднесени вкупно 220 барања и иницијативи, по однос на кои надлежните институции превземаат бројни активности.

**Топ менаџмент.** Проектот „Топ менаџмент", претставува сеопфатна програма преку која на менаџери од македонски извозно-ориентирани компании, им се обезбедува теоретска обука во Република Македонија за зајакнување на менаџерските вештини и знаења и практична обука во компании од соодветни области во странски развиени земји.

Проектот се спроведува во две фази. Во тек е реализацијата на втората фаза со која е предвидено е да се обезбеди теоретска обука на нови 100 менаџери во текот на 2013 година, а потоа предвидено е да се обезбеди практична обука за менаџерите кои во првата фаза на проектот се здобиле само со теоретска обука. Преку овој проект им се овозможува на менаџерите да ги унапредат своите менаџерските способности и да стекнат практични искуства во процесите на преговарање, одлучување, маркетинг и менаџирање на ресурси во соодветни компании во странство. Со пренесувањето на странските искуства ќе се придонесе за унапредување на конкурентноста на македонските компании и зголемување на извозот на македонската економија во целина.

<u>**Политиката на заштита на конкуренцијата**</u>

Политиката на заштита на конкуренцијата се спроведува во функција на обезбедување на зголемен степен на слободна конкуренција на домашниот пазар. Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија„ бр.145.10) како и подзаконските акти донесени врз основа на законот. Усогласувањето на националното законодавство со ЕУ *acquis* продолжи и во 2012 година. Во 2012 се подготвија и се ставија во владина процедура за усвојување Уредбата за регионална помош и Уредбата за хоризонтална помош. Со овие уредби ќе се прецизира и доразвие законодавната рамка за државна помош.. Сите закони и програми се даваат на мислење во Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во 2012 година се подготвија Предлог текстови на Уредбата за условите и постапката за доделување на Регионална помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на Хоризонтална помош.. Воедно, Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2012 година (јануари-октомври) во делот на државна помош донесе 6 решенија и 15 мислења. Комисијата за заштита на конкуренцијата реализира ИПА твининг проект Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата во делот на контрола на државна помош, што ќе придонесе кон зајакнување на нивниот институционален капацитет.

*Краткорочни приоритети (2013г.)*

**Правна рамка**

Во 2013 година се предвидува донесувањето на  Уредбата за условите и постапката за доделување на Регионална помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на Хоризонтална Помош.

Во 2013 година се очекува имплементацијата на Проектот ИПА Компонента 1 за Зајакнување на институционалните капацитети за имплементација на индустриската политика и твининг проект Поддршка на КЗК во делот на контрола на државна помош.

Продолжува координација на донаторската помош преку програмски пристап за поддршка на индустриската политика.

**Институционална рамка**

Во КЗК вработените постојано следат специјализирани обуки, а  се предвидени и понатамошни   обуки за вработените за ефикасно спроведување на Законот за контрола на државна помош и подзаконските акти преку активностите предвидени со Твининг Проектот “ Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош„ –ИПА 2009.

Воедно, планирани се и обуки и за судиите кои работат на предмети од државната помош, за давателите на државна помош, бизнис заедницата, новинари, преку активностите предвидени со Твининг Проектот “ Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош„ –ИПА 2009.

*Среднорочни приоритети (2014 - 2015г.)*

**Правна рамка**

Во овој период ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ *acquis* согласно релевантните промени на истото.

**Институционална рамка**

Административните капацитети континуирано ќе се зајакнуваат преку организирање обуки на вработените во Комисијата за заштита на конкуренцијата како и за  судиите кои работат на предмети од државната помош, за давателите на државна помош, бизнис заедницата, новинари, преку активностите предвидени со Твининг Проектот “ Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош„ –ИПА 2009.

**5) Трговска интеграција со ЕУ**

Република Македонија во 2013  година ќе продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ЦЕФТА  и другите спогодби  за  слободна  трговија  со кои се преземени  обврски  за  повластен  трговски режим.

Согласно обврската која  произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија  и ЕУ, во 2013 година  ќе се водат преговори  за  дефинирање на  Протоколот за проширување

кон ССА, со цел да се земе предвид пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ. Со Протоколот ќе се ревидираат постојните концесии за земјоделско-прехранбените производи и рибите, со цел да не се нарушат традиционалните трговски текови помеѓу Република Македонија и Република Хрватска. Преговорите за дефинирање на Протоколот треба завршат до пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ ( 01.07.2013 година), а неговата примена односно влегување во сила ќе биде откако ќе се ратификува.

Во 2013 г. Република Македонија ке претседава со Поткомитетот за нетрарифни и технички бариери во трговијата на ЦЕФТА земјите и со Поткомитетот за царини и правила за потекло.

Исто така во овој период активно ќе биде вклучена во имплементација на приоритетите по Програмата на претседавачот Босна и Херцеговина, за ЦЕФТА 2006 во 2013 година.

Во рамки на ЦЕФТА во делот на трговијата со услуги, во 2012 се спроведоа активности за оцена на потенцијалите за дополнителна либерализација на услугите меѓу земјите членки на ЦЕФТА и се изготви анализа. Резултатите од анализата укажаа на можност за натамошна либерализација на трговијата со услуги со цел поуспешна интеграција на земјите во глобалните пазари на услуги. Во таа насока во 2013 се планираат активности за започнување на процесот за натамошна либерализација: утврдување на заеднички приоритетни услужни сектори кои имаат потенцијал за либерализација како и временска рамка, опфат, формат и фактори кои треба да се земат предвид во процесот на либерализација**.**

Република Македонија ја ратификува Регионалната Конвенцијата за Пан–евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките и истата е објавена во Сл.весник на Република Македонија бр.66 /2012. Советот на ЕУ извести дека оваа Конвенција влегува во сила од 01 август 2012 година. Со влегување во сила на оваа Конвенција, Република Македонија во наредниот период ќе може да ги применува преференцијалните правила на Пан-евро-мед кумулацијата во рамки на конвенцијата со земјите со кои има склучено договори за слободна трговија, а кои се потписнички на наведената Конвенција, членките на ЕУ, ЕФТА земјите, земјите од процесот на стабилизација и асоцијација (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора и Србија) и Република Турција. Со медитеранските земји односно земјите од барцелонскиот процес (Алжир, Египет, Израел, Јордан, Либан, Мароко, Сирија, Тунис, Палестина), преференцијалните правила за потекло на стоките од Регионалната Конвенција за Република Македонија, ќе важат по склучувањето на договори за слободна трговија, со тие земји. Република Македонија е подготвена во наредниот период да отпочне со преговори за склучување на договори за слободна трговија со земјите од барцелонскиот процес по добивање на позитивен одговор по доставената иницијатива од македонска страна.

По иницијатива и супервизија на Европската комисија во тек се нови преговори за измена и ревизија на делот на потеклото за стоките кои се вршат во рамки на Пан–евро-мед. Работна група составена од претставници на членките на ЦЕФТА, ЕФТА, ЕУ, Р. Турција и медитеранските земји.
По завршување на преговорите за измена и ревизија на делот на потеклото за стоките, Регионалната Конвенцијата за Пан–евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките, создава обврска, за Република Македонија до 2015 година, за измена на текстот на сите постоечки протоколи за потекло на стоки во префренцијалните трговски договори ( односно во Договорите за слободна трговија ).

## 6) Реформи насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста

Во рамките на имплементацијата на Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија за 2012 година, се реализираше проектот: „Мерење на иновативниот капацитет на компаниите-членки на кластерските здруженија“, на база на дефинирани индикатори и спроведување на

анкетно истражување меѓу членките на кластерските здруженија, по што следеше изготвување на Листа на компании со најголем иновативен капацитет. Се подготвија три листи, посебно за големи, средни и мали компании. Воедно се организираа и семинари за подигање на свеста за значењето на иновациите за зголемување на конкурентноста на компаниите во кластерите.

Согласно Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во РМ за 2013 година, се планира изготвување на Национален атлас за кластери, што ќе претставува попис на кластерите и кластерските иницијативи и ќе обезбеди информативна база за понатамошен развој на стратегии за зголемување на конкурентноста на македонската економија. Друга планирана активност е евалуација на кластерските политики и програми и кластерските здруженија. Евалуацијата треба да опфати: оценка на успешноста на реализираните програми и оценка на нивото на развој на кластерските здруженија врз база на дефинирани индикатори. Поддршката на проекти за развој на кластерските здруженија ќе се одвива преку: Поддршка за поврзување на кластерите со универзитетите, поддршка за развој на брендирани производи, поддршка на проекти за развивање на стандарди за квалитет и прилагодување на барањата на ЕУ-пазарите.

Со цел да се утврдат мерки за зајакнување на економскиот раст и извозните перформанси на земјата, со помош на Светска Банка изработена е анализа на приоритетните стопански сектори во Република Македонија и тоа: автомобилската индустрија, текстилната индустрија, агробизнисот и логистичките услуги. Преку анализата беа утврдени можностите за зголемување на конкурентноста на овие сектори, беа идентификувани ограничувањата кои го забавуваа растот во последните години или кои би можеле да го прават тоа во иднина и беа понудени препораки за зајакнување на конкурентноста и подобрување на бизнис климата во земјата.

Четирите сектори опфатени со оваа анализа беа избрани врз основа на следниве неколку критериуми: потенцијал за придонес кон раст на вработеноста, потенцијал за диференцијација и надградба на квалитетот, потенцијал за продуктивност и извоз и потенцијал за раст преку унапредување на компаративната предност.

Со цел поддршка на текстилната индустрија во борбата со глобалната конкуренција, преку ширење на репутација за висок квалитет, брза испорака и флексибилност на производството, Владините политики ќе бидат насочени кон:

- здружување на текстилните асоцијации од регионот за понудување заеднички проекти пред ЕУ, за обезбедување заеднички настап на текстилната индустрија на пазарите а во насока на одржливост и опстанок
- поврзување на текстилните асоцијации од регионот за заедничко аплицирање во фондови кои ќе овозможат финансиска поддршка и зајакнување на капацитетите на текстилните индустрии од регионот за заеднички настап на трети пазари, набавка на суровини, постепена траснформација од лон во целосен пакет, сопствен дизајн и воведување иновации,
- дебата за дефинирање модели за преструктурирање на текстилната индустрија од лон кон повисоки форми на работа и утврдување на потребите во однос на финансии и знаење и соодветната поддршка од државата,
- регионално поврзување на образовните установи за аплицирање проекти од европските фондови за научна и развојна дејност (рационализација, модификација или воведување нови производи), бидејќи средствата што државите од регионот ги издојуваат се многу мали
- поголема соработка и транспарентност помеѓу образовните установи и индустријата за едукација на профили според потребите на текстилната индустрија.

Во секторот на агробизнисот, каде во последните пет години извозот се зголеми повеќе од двојно, предизвикот ќе биде да се разрешат структурните и институционалните тесни грла кои го намалуваат поттикот за инвестирање во преструктуирање и надградба. За да се реализира потенцијалот за раст на секторот на агробизнисот, во 2012 година се усвои Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013 -2017 (НПРЗРР) со која:

- Се предвидува најмалку 25% од ресурсите алоцирани на НПРЗРР да зависат од придржувањето на корисниците кон Кодексот на добри земјоделски практики
- Се планира зголемување на ресурсите наменети за структурни и инвестициски мерки за 25%
- Се предвидува воспоставување на интегриран систем за администрација и контрола (ИСАК) за поддршка на земјоделските приходи и на исплатите за рурален развој и ја зголеми контролата на директните плаќања базиран на ризици

Секторот на логистички услуги главно е составен од основни услуги (транспорт, складирање, царинско посредување). Предизвикот за Република Македонија ќе биде да се развијат интегрирани логистички услуги, , преку што би се подобрила конкурентноста на производите наменети за извоз. Од големо значење за развојот на овој сектор е континуираното подобрување на патната инфраструктура, кое ќе продолжи и во наредниот период.

Во делот на автомобилската индустрија, и во наредниот период ќе продолжат активностите во насока на привлекување на странски директни инвестиции, како во ТИРЗ зоните, така и во другите индустриски зони во земјата, а фокусот ќе биде ставен и на активностите во насока на поврзување на странските мултинационални претпријатија со домашните добавувачи, како и на профилирање на стручни кадри коишто ќе одговараат на потребите на овој сектор.

# III СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ

## 3.01. СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

### 3.01.1. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2012 година продолжи реализацијата на мерките од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 (поранешни 28-30) од Договорот за функционирањето на Европската унија (ДФЕУ), при што реализирани се вкупно 25 правни прописи или 61%. За 2013 година, како трета и последна година за реализација на мерките остануваат 17 правни прописи.

Продолжи реализацијата на активностите од Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) за што е известена Европската комисија (ЕК). .

Во текот на 2012 година продолжи усогласувањето на националното законодавство со европското *acquis* за оние директиви/регулативи кои се дел од процесот на преговори за склучување на АКА Договорот за седумте индустриски сектори (опрема под притисок, ЛВД, ЕМС, пренослива опрема под притисок, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи). Министерството за економија ги достави до Европската комисија (ЕК) прописите од новиот и општиот, глобален приод за кои ЕК изврши скрининг. Министерството за економија во ноември 2012 година објави интегрирана Листа на стандарди чија употреба се смета дека производот е безбеден („Службен весник на Република Македонија" бр. 143/2012) согласно законот за безбедност на производите.[19]

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во февруари 2013 година, ќе следи трета Информација за реализација на мерките за укинување односно елиминирање или измена на прописи во кои се содржани мерки со ист ефект во извозот и увозот на стоки, согласно мерките од Акцискиот план за усогласување на националното законодавство во областа на слободното движење на стоки со членовите 34-36 од Договорот за основање на ЕЗ и судската пракса на Европскиот суд на правдата.

Во 2013 година, ќе продолжи усогласувањето на правните прописи кои се дел од преговорите за склучување на АКА Договорот меѓу Република Македонија и ЕУ, за седумте индустриски сектори ( опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи).

Ќе следи транспонирање на Регулативата 764/2008/ЕС за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја членка на ЕУ во подзаконски акт согласно законот за безбедност на производи.

---

[19] Вкупниот број на објавени ЕН стандарди како МК стандарди врзани со директивите од новиот приод и општата безбедност на производи, кои претходно се усвоени од ИСРМ, е 2955. Поединечно во бројки: стандардите за АТЕХ се 85, за безбедност на машини се 675, за опрема под низок напон се 1134, за електромагнетна компатибилност се 208, за лифтови 24, за опрема под притисок 254, за опрема за лична заштита се 363, за жичани постројки наменети за превоз на лица се 25, за едноставни садови под притисок се 13, за апарати на гас се 122, за безбедност на детски играчки се 5 и за општата безбедност на производи се 47.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Планирано е зајакнување на административните капацитети во Министерството за економија и други надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи од Партнерството за пристапување на Република Македонија, и новите прописи од глобалниот, новиот и стариот приод.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Планирано е зајакнување на административните капацитети во Министерството за економија и други надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи од Партнерството за пристапување на Република Македонија, и новите прописи од глобалниот, новиот и стариот приод.

## 3.01.2. ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ

Правната рамка за регулирање на областите на акредитација, стандардизација, метрологија, надзор на пазарот и оцена на сообразност е заокружена во Република Македонија. Во 2012 година, донесени се бројни закони и подзаконски акти во кои се транспонирани новите директиви на Европската Унија.

### 3.01.2.1. СТАНДАРДИЗАЦИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Од 1 јули 2012 година ИСРМ е полноправен член во европските тела за стандардизација CEN/CENELEC со одлука донесена на Генералното собрание на CEN / CENELEC одржано на 06 I 07 јуни 2012 година..

ИСРМ преку ИПА проектот го имплементираше системот за квалитет според МКС EN ISO 9001, што се потврди со сертификатот добиен од страна на сертификационото тело CROCERT - Хрватска односно IQNET, и активно работеше на воспоставување на сертификационо тело во рамките на ИСРМ за системи за менаџмент со квалитет МКС EN ISO 9001. Направена е и реконструкција на формираните технички комитети во ИСРМ[20] кои активно учествуваат во работата на техничките комитети на CEN, CLS, ISO и IEC.

Вработените на ИСРМ учествуваа на повеќе обуки. Девет вработени на ИСРМ станаа IRCA водечки проверувачи. Претставници на Институтот зедоа учество на повеќе проверки за сертифицирање по стандардот МКС EN ISO 9001 во различни компании.

ИСРМ, преку ИПА 2008 проектот подготви измени на Законот за стандардизација кој е донесен во јули 2012 а работеше и на подготовка на Статутот и интерните акти.[21]

Набавен е нов софтвер, ISO livelink, со што се подобри електронската работа на техничките работни тела на ИСРМ а изработена е и нова подобрена web страна на ИСРМ.

Вкупниот број на досега усвоени македонски стандарди и стандардизациски документи (европски, меѓународни и изворни македонски) изнесува 23445. Вкупниот број на усвоени европски стандарди како македонски стандарди изнесува 17380 што е 96% од вкупниот број на европски стандарди. 54 стандарди и

[20] 13 технички комитети се распуштени и нивниот делокруг на работа е додаден на останатите 25 активни комитети. Два технички комитети се во фаза на формирање.
[21] Правилник за формирање и работа на техничките комитети на Институтот за стандардизација на Република Македонија, Правилникот за изработка и усвојување на македонски стандарди и други стандардизациски документи, како и подготовка на други нови интерни акти, процедури и упатства. Направена е нова систематизација со нов Органограм.

стандардизациски документи се целосно преведени на македонски јазик.  Сите македонски стандарди превземени од поранешните JUS стандарди се повлечени до крајот на јануари 2012 година. Вкупниот број на досега повлечени македонски стандарди и стандардизациски документи изнесува 15068. Сите усвоени европски стандарди се нотифицирани во CEN / CENELEC и ETSI.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на стандардизацијата и сертификација предвидени се следните активности:

- Усвојување на новите амандмани на Законот, Статусот и сите Правилници поврзани со процесот на усвојување и означување на стандарди, работа на ТК и РГ и СО, кои се целосно усогласени со Внатрешните правила на Европските тела за стандардизација;
- Продолжување на активна соработка со европските тела за стандардизација и националните тела за стандардизација;
- Зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ИСРМ;
- Понатамошно развивање на Сертификација.
- Забрзување на процесот за превод на европските стандарди на македонски јазик;
- Одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации се со цел на зголемување на свесноста на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни за придобивките од употреба на стандарди;
- Потпишување на договор за соработка со ASTM (American Society for Testing and Materials), ИСРМ и АСИ - Австрискиот Институт за стандардизација;
- Издавање на Огласникот за усвоени македонски стандарди;
- Реализација на обуки за:
    - правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација;
    - постапките за подготовка, усвојување на европски, меѓународни и македонски стандарди.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на стандардизација предвидени се следните активности:

- Спроведување на Националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот);
- Создавање нови приходи преку сертификација и обуки;
- Издавање на првиот сертификат од сертификационото тело на ИСРМ за ИСО 9001.

### 3.01.2.2. АКРЕДИТАЦИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во рамките на 30-то редовно Генерално собрание на Европската организација за акредитација (ЕА), кое се одржа во Мадрид на 23-24 Мај 2012 година, ИАРМ официјално го потпиша Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација (ЕА-MLA) со Европската организација за акредитација.

Во рамките на Годишното собрание на Меѓународната организација за акредитација на лабораториии (ILAC) и Меѓународниот акредитациски форум (IAF), кое се одржа во Рио де Жанеиро од 16-26 Октомври 2012 година, Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) официјално го потпиша Договорот за мултилатерално признавање на акредитациите за областите тестирање, калибрација и инспекција (ILAC-MRA) со Меѓународната организација за акредитација на лабораториии (ILAC).

Во јули 2012 успешно заврши ИПА 2008 проектот "Техничка помош за градење на капацитетите на Институтот за акредитација (ИАРМ), кој започна во февруари 2011 година. Преку овој проект беа спроведени повеќе краткорочни експертски мисии, обуки, набљудувања при надзорни оцени и студиски посети на националното тело за акредитација на Германија и националното тело за акредитација на Литванија, како и обуки на оценувачи и експерти и заинтересирани правни лица за акредитацијата.

Вкупниот број на вработени во ИАРМ е 16. Вкупниот број на оценувачи и експерти е евидентиран во Листата на оценувачи и експерти, кој достигна до 21 технички оценувач, 16 водечки оценувачи, 22 оценувачи во обука, 6 кандидати за оценувачи и 31 експерт.

Заклучно со ноември 2012 година, ИАРМ има акредитирано 112 (од кои на 11 им е одземена акредитацијата), и примено 27 нови пријави за акредитација.

Во соработка со Организацијата на потрошувачи на Република Македонија (ОПМ), ИАРМ спроведе промотивна кампања за важноста на акредитацијата во секојдневното живеење во рамки на која беа организирани трибини (конференции), се издадоа две брошури и се изготви Инфотека за ИАРМ и постапките за акредитација. ИАРМ издаде годишен извештај за своето работење, кој има за цел промоција на акредитацијата и запознавање на јавноста со работата на ИАРМ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 година ќе се реализираат следните активности :

- акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Прв редовен надзор што следи по потпишувањето на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (EA-MLA)
- реализација на обуки за:
    - оценувачи,
    - водечки оценувачи,
    - потенцијални клиенти,
    - нови шеми на акредитација.
- Зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластување/ нотификација на телата за оцена на сообразност, односно јасно дефинирање на задачите помеѓу нив во однос на постапките за оцена на сообразност;
- Зајакнување на техничката инфраструктура на ИАРМ преку континуирана работа на технички комитети и секторските комитети;
- Зајакнување на соработката со телата за акредитација од регионот; и
- Промотивни кампањи, организирање на работилници и издавање на публикации.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2014 година ќе се реализираат следните активности:

- Ефикасна примена на воспоставениот систем за акредитација;
- Намалување на периодот од поднесување на апликација до доделување на акредитација што ќе резултира со зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Зајакнување на кадровските капацитети во ИАРМ за непречено спроведување на оценки за областите за кои се бара акредитација;

- Спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет;
- Зајакнување на техничката инфраструктура преку континуирана работа на техничките/секторските комитети, која ќе одговори на специфичните барања за акредитација во различни сектори;
- Развивање на нови шеми за акредитација;
- Потпишување на MLA за цел опсег.

### 3.01.2.3 МЕТРОЛОГИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во Септември 2012 година успешно беше спроведен ИПА 2008 проектот со кој се подобри метролошката инфраструктура во Република Македонија. Со овој проект, беа идентификувани повеќе приоритети кои преку развој на Бирото за метрологија, ќе допринесат кон унапредување на инфраструктурата за квалитет во земјата, зајакнување на капацитетите на лабораториите за калибрација и верификација, поддршка во процесот на хармонизација и имплементација на законодавството од Новиот и Стариот приод, членство на земјата во релевантните европски и меѓународни тела, како и подигање на јавната свест и информираноста за значењето на метрологијата.

Во Јануари 2012 година, четири од лабораториите на Бирото за метрологија (маса, температура, зафатнина и проток и притисок) се стекнаа со Сертификат за акредитација (ЛК-006) од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија, како национално акредитационо тело.

Заклучно со ноември 2012 година, издадени се вкупно 504 сертификати за калибрации на мерила, односно 15 % повеќе во споредба со истиот период минатата година. Во делот кој се однесува на законски регулираните мерила, извршена е верификација на 16706 механички и 83109 електрични мерила, односно 24 % повеќе во споредба со истиот период минатата година .

Заклучно со ноември 2012 година, бројот на вработени во БМ изнесува 36 државни службеници, од кои 14 се инженери – лаборанти во лабораторискиот центар за калибрација, 14 во Секторот за верификација, скапоцени метали и хомологација и 8 во Секторот за општи работи, финансиски прашања и информатички системи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Од областа на метрологијата се планира:

- Изготвување на Националната стратегија на метролошката инфраструктура за 2013-2020 и Среднорочен стратешки план на Бирото за метрологија за периодот 2013-2015;
- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи;
- Нови вработувања во делот за научна и законска метрологија така и во делот за правно и финансиско работење;
- Набавка на метролошка опрема за операционализација на лабораториите за калибрација, како и опрема потребна за поддршка на активностите на Лабораториите за верификација на механички и електрични мерила, особено во делот за оцена на сообразност на мерила (NAWI и MID);
- Одржување на акредитацијата на лабораториите согласно ISO/IEC 17025/ проширување на опсег на акредитација на лабораторија за маса;
- Активно учество во работата на техничките комитети на EURAMET, работните групи на WELMEC и IAAO;
- Учество во проекти на обуки и меѓулабораториски споредби, организирани на регионално ниво во рамки на IPA Regional 2011 –“Quality Infrastructure in the Western Balkans and Turkey”;

- Специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на научна /индустриска (калибрации на мерила и десеминација на мерни единици) и законска метрологија (верификација на мерила);
- Организирање на семинари и работилници со цел зајакнување на метролошката инфраструктура; и
- Јакнење на регионална соработка со склучување билатерални договори за соработка со метролошките институции на Република Хрватска, Република Црна Гора и Босна и Херцеговина.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на метрологија на среден рок се планира:

- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи;
- Активно учество во работата на техничките комитети на EURAMET, работните групи за на WELMEC;
- Акредитација на лабораториите (електрични големини, димензиони големини, густина) според системот за управување со квалитет согласно ISO 17025;
- Учество во проекти на меѓулабораториски споредби;
- Прогласување на национални еталони на мерните единици (притисок, температура) во зависност од резултатите од проектите на интеркомпарации;
- Имплементација на меѓународниот стандард ISO 17020 во секторот за верификација;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што БМ нема можности и
- Упис на мерните и калибрационите можности на лабораториите на БМ во базата на BIPM.

## 3.01.2.4 ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ (ПРОВЕРКА/СЕРТИФИЦИРАЊЕ/КОНТРОЛА)

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Согласно Законот за безбедност на производи, Министерството за економија во 2012 година донесе 9 нови Решенија за овластување на правни лица за вршење на оцена на сообразност[22] кои се евидентирани во регистарот на овластени тела за оцена на сообразност што го води Министерството за економија и објавени на веб страницата на Министерството за економија.

Во мај 2012 година, ИАРМ официјално го потпиша Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација (EA-MLA) со Европската организација за акредитација. Склучувањето на Договорот значи дека издадените документи од македонските акредитирани тела за оцена на сообразност (лаборатории за тестирање и калибрација, инспекциски и сертификациски тела) ќе се признаваат во Европа и пошироко. Именуваните правни лица кои се акредитирани и овластени за дадениот опсег опфатен со директивите ќе може својата акредитација да ја применува во земјите кои се потписнички на овој договор.

Во 2012 година, министерот за економија согласно Законот за возила донесе вкупно 12 Решенија за овластување, од кои 4 решенија се однесуваат на овластување на правни субјекти за вршење идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и 8 решенија за овластување на техничка служба за вршење на одобрување на возилата.

---

[22] 2 правни лица согласно правилникот за безбедност на машини во кој е транспонирана директивата 2006/42/ЕЗ; 2 правни лица за (Модул G) и (Модул B) согласно Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови во кој е транспонирана директивата 95/16/БЕЗ; 1 правно лице за верификација на единица (Модул G) согласно Правилникот за опрема под притисок во кој е транспонирана директивата 97/23/ЕЗ; 1 правно лице за внатрешна контрола на производството со надзор на конечната оцена (Модул A/A1, испитување на тип и проект (Модул B/B1), сообразност на тип (Модул C/C), обезбедување на квалитет во производството (Модул D/D1), обезбедување квалитет на производот (Модул E/E1), верификација на производ (Модул F), верификација на единица (Модул G) и целосно обезбедување на квалитет со испитување на проектот и специјален надзор на завршната оцена (модул H/H1) согласно Правилникот за опрема под притисок во кој е транспонирана директивата 97/23/ЕЗ; 3 правни лица за верификација на единица (Модул G) и периодична инспекција на производи (Модул 1) согласно Правилникот за пренослива опрема под притисок во кој е транспонирана директивата 1999/36/ЕЗ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 година, ќе следат нови овластувања на телата за оцена на сообразноста по поднесено барање од правни лица согласно утврдена постапка за овластување. Новите овластувања ќе бидат дел од функционирањето на MLA за функционирање на пазарите на земјите членки на ЕУ, земјите пристапнички во ЕУ и земјите кандидат за членство во ЕУ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на оцена на сообразност се планира да се зајакне бројот на македонски тела кои ќе бидат присутни на пазарот во Република Македонија при вршење на оцена на сообразност за македонски производи и на пазарите на земјите потписнички на MLA.

Ќе следи нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија по склучување на АКА Договорот или со пристапување на Република Македонија во ЕУ, во надлежност на Министерството за економија како одговорно тело за спроведување на постапката за нотификација на тела за оцена на сообразност.

## 3.01.2.5 НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

За работата на Координативното тело за надзор на пазарот, Владата на Република Македонија донесе Национална Програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2011 и 2012 година (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.146/2010) на 8 ноември 2010 година. Во рамките на програмата постои и временски рок за постапување на инспекциските органи по поедини закони и подзаконски акти кои го регулираат прашањето на безбедност на производите.

Се одржуваат редовни состаноци (а најмалку еднаш месечно) за реализација на мерките од Програмата. За степенот на реализација на мерките од Програмата, Координативното тело е должно да подготви извештај во тековната година за претходната година и да го достави до Владата на Република Македонија за информирање согласно член 8 став 3 од Законот за надзор на пазарот. Воедно, согласно член 8 став 4 од именуваниот закон, извештајот ќе се објави на веб страната на Министерството за економија.

Министерството за економија во јули 2012 година до ЕК достави Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот за 2011 година.

Министерството за економија подготви измена на Законот за надзор на пазарот во кој се инкорпорирани коментарите на ЕК од јануари 2012 и истите ги достави до ЕК на 17 јули 2012, на финално одобрување.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на надзорот на пазарот се планира:

- Подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот во февруари 2013 година, согласно активностите што се предложени во Националната програма за надзор на пазарот за 2012 година.
- Подготовка на Национална Програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2013 и 2014 година.
- Спроведување на обуки за државните инспекциски органи во соработка со бизнис заедницата за соодветна примена на правилниците и законите за безбедност на производи и градежни производи врзано со CE знакот и постапката за оцена на сообразност.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок предвидени се следниве активности:

- Подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот, согласно активностите што се предложени во Националната програма за надзор на пазарот за 2014 година.
- Аплицирање за примена на RAPEX системот од Државниот пазарен инспекторат во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот во рамки на Националната програма за надзор на пазарот и нивните посебни годишни програми кога сомнителен производ ќе биде пријавен во системот дека претставува сериозна опасност на пазарот.

## 3.01.3. СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

### КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Усогласувањето на националното законодавство во областа на безбедноста на козметичките производи е завршено и во тек е неговата имплементација.

Државниот здравствен и санитарен инспекторат континуирано врши контрола на примената на законодавството.

Институтот за јавно здравје, како овластена државна институција од министерот за здравство континуирано врши испитување и контрола на квалитетот на козметичките препарати од увоз и од домашно производство и ги имплементираат донесените подзаконски акти во однос на контролата на концентрација на флуор и вештачки засладувачи во пастите за заби, како и следење на содржината на конзерванси , бои и УВ филтри во козметичките производи.

### ЛЕКОВИ ЗА УПОТРЕБА ВО ХУМАНАТА МЕДИЦИНА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Постапките што се уредени со националните прописи се имплементираат во сите сегменти и тоа во производството, испитувањето, ставањето во промет, прометот, формирањето на цени, контролата на квалитет, фармаковигиланцата, огласувањето и инспекцискиот надзор. Во националните прописи од областа на лековите се транспонирани следните ЕУ Директиви и Регулативи: 2001/83/ЕЗ, 2004/27/ЕЗ, 2001/20/ЕЗ, 2003/63/ЕЗ, 2003/94/ЕЗ, 2004/24/ЕЗ, 2005/28/ЕЗ, 89/105/ЕЗ, 726/2004/ЕЗ, 2141/96/ЕЗ, 1234/08/ЕЗ, и истите се достапни на веб страната на Бирото за лекови www.reglek.com.mk. Со нивната хармонизација се постигна унифицирање на легалните барања и потребната документација, препознавање на постапките, уредување на роковите и постигнување на едноставни и флексибилни легални решенија што секако е придобивка за сите апликанти. Легалните процедури и барања во врска со лековите се уредени со Законот за лековите и медицинските помагала (Службен весник на Република  Македонија бр. 106/07) и неговите измени и дополнувања што се направени во периодот до 2012 година (вкупно пет), со цел постигнување на повисок степен на хармонизација и транспонирање на европското право.

Бирото за лекови (БЛ), како орган во состав на Министерството за здравство, е надлежно за управните и стручни работи за лековите за хумана употреба во Република Македонија и за спроведување на сите легални постапки и барања за лековите.

Во тек е обука на вработените на БЛ во рамки на ИПА проектот со Европската агенција за лекови, која започна во 2008 година, со цел подигнување на регулаторните вештини во стручните области.

Бирото за лекови активно работи во спроведување на проектот за трансформација на Бирото за лекови во Агенција за лекови, која треба да отпочне со работа од 1 Јануари 2014 година. Овие активности се во согласност со барањата на националното законодавство и европската регулатива.

## ХЕМИКАЛИИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во текот на 2012 година се продолжи со процесот на транспонирање на европската легислатива во националното законодавство, при што беа донесени повеќе подзаконски акти[23] во насока на усогласување со REACH Регулативата 1907/2006 и Директивата 1998/08/ЕЗ. На почетокот на октомври 2011 Владата на Република Македонија го усвои Извештајот за состојбата со хемикалиите во Република Македонија и Националниот акционен план за стратешки пристап во управување со хемикалии.

Претставници од Република Македонија присуствуваа на состанокот на Националните органи за имплементација на Конвенцијата за забрана на хемиски оружја на државите од источна Европа и на состанокот за управување со хемикалиите и спречување на тероризмот предизвикан од употреба на хемиско, биолошко, нуклеарно и радиолошко оружје во Полска. Воедно се организираа две работилници во соработка со Стопанската комора на Република Македонија, во рамки на кои беа информирани сите засегнати страни за обврските кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и REACH Регулативата.

Изработена е нова веб страна преку која индустријата и корисниците на хемикалии ќе бидат запознаени со прописите, законите и упатствата кои се однесуваат на делот од хемикалиите.

Со цел да воспостави контрола на употребата на хемикалиите во државата, Бирото за лекови води регистар на правни лица кои работат со хемикалии регистрирани во РМ (до 2012 вкупно 175), регистар на правни лица кои работат со прекурзори регистрирани во РМ (до 2012 вкупно 83), листа на биоцидини производи кои се ставени во промет во РМ (до 2012 вкупно 152), листа на активни супстанции регистрирани во РМ и листа на површинско активни супстанции кои се составен дел на детергентите (до 2012 вкупно 266).

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ законодавството во областа на хемикалиите во националното законодавство со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии, при што се планираат да се донесат следниве правилници:

- Правилник за својствата на супстанцијата за која може да се употреби алтернативното хемиско име, како и содржината на барањето за употреба на алтернативното хемиско име со кој ќе се транспонира Регулативата бр. 1272/2008;
- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за насоките за приготвување на безбедносниот лист со кој ќе се транспонира Регулативата бр. 1907/2006.

---

[23] Листа за изменување и дополнување на Листата на забрани и ограничувања за употреба на хемикалии ; Правилник за податоците кои се водат за секоја хемикалија во регистарот на хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2012); Правилник за листата на активните супстанции за вклучување во биоцидни производи, листата за вклучување во нискоризични биоцидни производи и листата на базични супстанции, типот на биоцидните производи, како и нивниот опис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/2012); Листа за дополнување на Листата на високоризични супстанции кои предизвикуваат загриженост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2012); Правилник за дополнување на Правилникот за податоците кои се водат за секоја хемикалија во регистарот на хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2012).

Истовремено ќе се работи на постојано надградување и надополнување на Националната Листа на нови класифицирани супстанции; Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост),која ја транспонира Регулативата бр. 1907/2006 REACH, Листата на забрани и ограничувања за употреба на хемикалии која ја транспонира Регулативата бр. 1907/2006 REACH, и Листата на активни супстанци во биоцидниот производ и ниско ризични биоцидни производи, што ги транспонира одредбите од Директивата 1998/08/ЕЗ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 година ќе продолжи регистрацијата на сите правни лица кои работат со хемикалии. За целите на размена на податоците и интегрирано управување со хемикалиите Бирото за лекови ќе воспостави Интегрален регистар за хемикалии кои се ставени во промет, кој ќе се состои од Регистар на хемикалии во кој се внесуваат хемикалиите кои се произведуваат или увезуваат на територијата на Република Македонија и Регистар на биоцидни производи како и податоци за препаратите за заштита на растенијата. Со помош на овој Регистар на хемикалии ќе се води евиденција за количините на увезени хемикалии на годишно ниво.

И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања во Секторот за хемикалии во Бирото за лекови и спроведување на обуки на вработените и на инспекторите одговорни за имплементацијата на одредбите од Законот за хемикалии.

Како континуирана активност останува координацијата на активностите на REACH Held Desk-от и негово вмрежување со веќе постоечките help desk-ови регистрирани во Европската унија и со Европската агенција за хемикалии (ECHA) со седиште во Хелсинки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

И во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ законодавството во областа на хемикалиите во националното законодавство со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се стави акцент на имплементација на одредбите од Законот за хемикалии преку вршење на инспекциски надзори на контролата на забранети хемикалии во производите, обуки за инспекторите надлежни за имплементацијата на одредбите од Законот за хемикалии, подобрување на соработката помеѓу институциите за спроведувањето на Законот за хемикалии, Министерството за здравство, ДСЗИ, Министерството за животна средина и просторно планирање, Инспекторатот за животна средина, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ДЗИ, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, ДПИ, Министерството за финанасии-Царинска управа и Министерството за транспорт и врски.

**МОТОРНИ ВОЗИЛА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Министерството за економија подготви измени и дополнувања на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/2012) заради усогласување со консолидираната верзија на Директивата 2007/46/ЕЗ, во кој се содржани Регулативите 1060/2008; 78/2009; 79/2009; 385/2009; 661/2009; 371/2010; 582/2010; 678/2011 и Директивата 2010/19/ЕУ. Измените се однесуваат на усогласување на постоечките дефиниции во законот за возила со дефинициите дадени во консолидираната директива.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 година ќе следи подготовка на подзаконски акти за АТП за АДР, за алтернативни барања за испитување на високо-технолошки процеси на возилата, висината на трошоците за вршење на единечно

одобрување на возилата од страна на техничките служби кои се овластени за вршење на единечно одобрување на возила и др. Ќе се продолжи и со овластување на нови заинтересирани правни лица за вршење на идентификација/оцена на техничка состојба на возила и единечно одобрување на возила.

**ТЕКСТИЛ И ОБУВКИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2012 година се донесе Правилник за изменување на Правилникот за постапката за избор на методи за квантитативна анализа на дво-компонентните мешавини за текстилни влакна („Службен весник на Република Македонија" бр.123/12, во кој е транспонирана Директивата 2011/74/ЕУ, со која се изменува и дополнува директивата 2009/122/ЕУ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок ќе следи транспонирање на Регулативата за текстилни влакна наменети за етикетирање и означување бр. 1007/2011. Оваа регулатива ги заменува Директивите 2008/121/ЕЗ; 96/73/ЕЗ и 73/44/ЕЗ.

## 3.01.4. НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во рамки на новиот приод , согласно Законот за безбедност на производи, во мај 2012 година се донесе Уредбата за заедничка рамка за означување на производите и нотификација на телата за оцена на сообразност во Европската комисија („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/2012) со што се транспонира Одлуката 768/2008/ЕЗ за заедничката рамка за пуштање на пазар на производи. Со донесувањето на оваа Уредба престана да важи Уредбата за начинот на назначување (нотификација) на телата за оцена на сообразност во Европската Комисија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 105/2007), во кој беше транспонирана Одлуката 93/465.

Советот при ИСРМ формира Техничкиот комитет за подготовка на 40 ЕУРОКОДОВИ и АНЕКСИ во кои се вклучени преку триесет експерти од оваа област. Во подготовка се следните Еврокодови: ЕН 1990–ЕС0 - Основи за пресметување на конструкциите; EN 1991–EC1 - Дејства на конструкциите; EN 1991–EC2 - Пресметување на бетонски конструкции; EN 1991–EC3 - Пресметување на челични конструкции; EN 1991–EC4 - Пресметување на спрегнати конструкции од челик и бетон; EN 1991–EC5 - Пресметување на дрвени конструкции; EN 1991–EC6 - Пресметување на ѕидани конструкции; EN 1991–EC7 - Геотехнички пресметки; EN 1991–EC8 - Пресметување на сеизмичката отпорност на конструкциите; и EN 1991–EC9 - Пресметување на конструкциите од алуминиум.

Согласно член 22 и 23 од Законот за градежните производи и член 205 од Законот за општа управна постапка, Министерот за економија донесе решенија за именување на 4 тела за оцена на сообразност[24] согласно претходно издадени сертификати за акредитација од страна на ИАРМ.

[24] 1. Градежен институт „Македонија" АД Скопје, Лабораторија за испитување на градежните производи; 2. Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје – Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје" АД Скопје, Лабораторија за испитување на градежните производи; 3. „Евро консалтинг" ДОО Скопје – Лабораторија за испитување на градежните материјали; 4. Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје – Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, Скопје, Лабораторија за тестирање на мебел.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2013 година се планира донесување на нов Закон за градежните производи согласно Регулативата (ЕУ) бр.305/2011 за утврдување на усогласените услови за ставање на пазар на градежни производи и за укинување на Директивата 89/106/ЕЕЗ, како и усвојување на нови подзаконски акти, и тоа:

- Уредба за изменување на уредбата за постапката за известување на Европската Комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди, заради усогласување на членовите кои се однесуваат на ИСРМ за потребите за нивно аплицирање за полноправно членство во CEN/CENELEC, согласно усогласен текст со ЕК во септември 2012 година. Во измените на уредбата се транспонира Директивата 98/48/ЕЗ;
- Натамошно усогласување на правилниците согласно Законот за безбедност на производи согласно последните препораки од ЕК и одговорите на Министерството за економија за испочитување на препораките (правилник за опрема под притисок, правилник за едноставни садови под притисок, правилник за преносива опрема под притисок, правилник за електромагнетна компатибилност, правилник за опрема под низок напон, правилник за детски играчки и др.);
- Транспонирање на Регулативата 764/2008/ЕЗ за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја членка на ЕУ во подзаконски акт согласно законот за безбедност на производи;
- Измена на законот за безбедност на производите согласно препораките на ГД Претпријатија и ГД Потрошувачи и јавно здравство во ЕК; и
- Подготовка на бараните еврокодови од бизнис заедницата за градежништво.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, кој е надлежен за слободно движење на стоки со две нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Заокружување на правната рамка од транспозиција на директивите од новиот и глобалниот приод и нивна целосна имплементација, како и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

**МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Постапките што се утврдени со прописите се имплементираат во сите сегменти и тоа на ниво на производство, запишувањето во регистарот на медицински помагала, како на самите помагала така и на производителите, материовигаланцата, инспекцискиот надзор. [25]

---

[25] Во делот на производството на медицински помагала застапени се два домашни производители кои извезуваат медицински помагала во земјите на ЕУ; На годишно ниво се спроведуваат околу 3 клинички испитувања, постмаркетиншки испитувања за медицински помагала, во институции кои се сертифицирани и овластени во согласност со начелата на добрите пракси; Во прометот на големо со лекови и медицински помагала учествуваат вкупно 242 веледрогерии и тоа 20 во прометот со лекови, а останатите во прометот со медицински помагала . Се очекува пораст на барањата за отворање на нови веледрогерии во прометот со медицински помагала и хербалните лекови, а има и барања за прелокација на веќе постоечките веледрогерии; Годишно при увоз на медицинските помагала се обработуваат околу 1200 барања; Во однос на прометот на мало со медицински помагала тој се одвива во аптеките како правни субјекти за промет на мало со лекови и медицински помагала кои од се од отворен карактер и аптеки во состав на болниците кои се вкупно 902, но прометот на медицинските помагала се врши и во специјализирани продавници кои се вкупно 55. Во 2012 година се отворени нови 30 аптеки и 15 специјализирани продавници; Во огласувањето на медицинските помагала кои се издаваат без лекарски рецепт и кои се наменети за широката јавност се обработени 5 поднесоци; Во системот за материовигаланцата годишно се обработуваат и проценуваат околу 10 пријави за несакани ефекти за медицински помагала; Во текот на 2012 година вкупно медицински помагала кои се запишани во регистарот на медицински помагала во Регистарот на медицински помагала се околу 200 медицински помагала, класифицирани во група зависно од намената и производителот.

Согласно Законот за лекови и медицински помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07) донесени се неопходните подзаконски акти во кои се транспонира Директивата 93/42/EEC за медицински помагала.

БЛ кое е орган во состав на Министерството за здравство, односно секторот за медицински помагала е надлежен за подготовка и спроведување на правните прописи од областа на медицинските помагала.

Во рамки на БЛ функционира одделението за инспекциски надзор кој го контролира пазарот во Република Македонија со медицинските помагала. Инспекцискиот надзор опфаќа 3500 контроли годишно на ниво на производство и во прометот (веледрогерии и аптеки) како периодични рутински инспекциски контроли и вонредни инспекциски увиди.

Постапката за оцена на сообразност што треба да ја извршуваат телата за сообразност за медицинските помагала и условите за формирање на телата е уредено во подзаконските акти. Постапката за оцена на сообразност на домашниот производот кој е наменет за внатрешниот пазар на ЕУ со суштествените барања за неговата безбедност ја вршат нотификациони тела кои се регистрирани во ЕК со посебен регистарски број на земјата-членка од која потекнува.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 година усвоените европски стандарди за медицински помагала од страна на ИСРМ ќе се објават во службен весник согласно Законот за лекови и медицински помагала. Бирото за лекови е надлежен за нивно објавување.

**3.01.5. ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Процедурите за нотификација се регулирани во Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на техничките и нехармонизираните прописи, техничките спецификации и стандарди („Службен весник на Република Македонија„ бр.107/07) во кој е транспонирана директивата 98/34/ЕЗ, согласно членот 32 став 1 од Законот за безбедност на производите. Постапката за спроведување на процедурите за нотификација ќе ги врши Министерството за економија за техничките прописи и Институтот за стандардизација на Република Македонија за донесување на стандарди и технички спецификации. Во однос на процедурите за нотификација во Светската трговска организација (СТО), Република Македонија има формирано нотификационен систем со нејзиното членство во СТО во април 2003 година. Нотификациониот систем на Република Македонија е уреден врз основа на Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија во СТО („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/03). Институтот за стандардизација е именуван како Информативно тело за ТБТ согласно членот 10(1) и 10(3) од Спогодбата за ТБТ на СТО, (WTO TBT Agreement) за доставување на информации за техничките прописи, стандарди и постапки за оцена на сообразност, а Министерството за економија е одговорно за имплементација на национално ниво на одредбите кои се однесуваат на нотификациите.

Во 2012 година особено се забележува се поголем број на барања кои се доставуваат до Информативното тело за ТБТ, поврзани со техничките регулативи и увозот на производи во Македонија, особено од компаниите од земјите членки на Европската унија. Сите барања во соработка со надлежните институции се одговорени и проследени, со што се имплементираат преземените обврски во оваа област, согласно ТБТ Спогодбата.

**ОРУЖЈЕ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2012 година, отпочната е постапка за изменување и дополнување на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10 и 158/11), со која е планирано да се изврши транспонирање на одредбите на Директивата 2008/51/ЕЗ изменување на Директивата 91/477/ЕЕЗ за контрола на стекнувањето и поседувањето оружје, особено во однос на дефиницијата на огненото оружје и слично

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 година ќе се измени Законот за оружјето со што ќе се транспонира Директивата 2008/51/ЕЗ изменување на Директивата 91/477/ЕЕЗ за контрола на стекнувањето и поседувањето оружје, особено во однос на дефиницијата на огненото оружје и слично. Решенијата содржани во предложените изменувања, а кои се однесуваат на пневматското оружје со енергија на проектил над 7, 5 Ј и оружјето за светлосно-звучна сигнализација се еднакви на законодавните решенија на одредени европски држави, при што е водено сметка да не се наруши концепцијата и утврдената категоризација на оружјето во предметната директива. Понатаму ќе се изврши техничко прецизирање на одредбите од законот кои се однесуваат на посредување (brokering) во прометот со оружје и во постапката на следење на оружјето во насока на зголемување на контролата на пролиферациија на оружје на територијата на Република Македонија. Исто така, ќе се воспостави единствена евиденција за следење и контрола на оружјето од производството до неговата продажба на крајниот корисник. И конечно, ќе се регулира внесувањето и носењето на оружје на странски државјани.

За практично имплементирање на Изменетиот Закон за оружјето, ќе следат и измени и дополнувања во следните подзаконски акти:

- Правилник за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција („Службен весник на РМ“ бр. 94/2009, 2/2010 и 156/2010);
- Правилник за начинот на пренесување на оружје и муниција преку државната граница („Службен весник на РМ“, бр. 51/2007); и
- Правилник за видовите на оружје кои може да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на одделни видови на оружје од А и Д категорија („Службен весник на РМ“ бр. 51/2007 и 2/2011).

Согласно Законот за оружјето, Министерството за внатрешни работи ќе донесе нов Правилник за образецот на одобрението за внесување на оружје и европски документ за оружје и ќе изврши надградба на постоечкиот Софтвер за регистрација на оружје, во насока на предложените законски решенија

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок ќе следи електронско поврзување на овластените правни лица на територијата на РМ за производство и промет на оружје, муниција и делови за оружје со системот на МВР и евиденција за електронското следење на оружјето кое е произведено или е во промет на територија на РМ.

## 3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

**ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во насока на отстранување на бариерите за инвестирање во Република Македонија усвоени се измени на Законот за вработување и работа на странци со цел дополнително олеснување на постапките за добивање на работна дозвола за странци. Согласно усвоените измени на Законот дозволено е странците постапката за добивање на соодветниот тип на работна дозвола да ја отпочнаат во Република Македонија и истата да можат да ја подигнат од Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Постојната законска легислатива за добивање на соодветен тип на работна дозвола целосно беше поставена на насловната страна на веб сајтот на министерството како и упатувачки линкови кон други министерсва и институции нивната законска легислатива која индиректно е поврзана со постапките за добивање на работна дозвола и работење на странецот во Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во наредниот период во насока на овозможување на полесен пристап до информации се предвидува постојните англиски преводи на Законот за вработување и работа на странци и подзаконските акти да се најдат на веб страната на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Како идна активност се планира теренско собирање на податоци согласно изготвената Методологија за оценка на миграциониот потенцијал во Република Македонија и поставување на ваквиот начин на собирање на податоци за составен дел на годишната Програма за работа на Државниот завод за статистика.

**ЕУРЕС**

Агенцијата за вработување на Република Македонија во своето работење контуинуирано ги спроведува своите активности. Миграциските сервисни центри во Скопје, Битола, Струмица и Тетово како дел од мрежата на Миграциски сервисни центри ги извршуваа тековните активности, одржуваа обуки, советувања за одредени теми, информативни состаноци со странските конзулати во Република Македонија кои се насочени кон унапредување на регионалната соработка во областа на миграциите, обезбедуваа информации, совети и упатување на мигрантите и потенцијалните кандидати, даваа информации за можноста за работа и студирање во странство, процедурите за стекнување на виза, работа или пак дозволи за престој, достапност до здравствениот систем и образование во странство и други корисни информации, чие искуство ќе се примени во подготовката за учество на АВРМ во ЕУРЕС мрежата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во рамки на програмата за соработка 2012-2014 помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и ГИП Интернационал (Министерство за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција) во втората половина на 2013 година планирана е дводневна обука за проектот "ЕУРЕС и мобилност на работна сила".

Со имплементација на проектот ,,Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на Aquis во областа на слободно движење на работници" кој е планиран да отпочне во втората половина на 2013 година се предвидени активности кои се директно насочени кон зајакнување на капацитетите на Агенцијата за вработување за на Република Македонија за нејзино учество во ЕУРЕС мрежата.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе продолжи да ги имплементира активностите предвидени со Акцискиот план на мерки и активности за подготовка нејзино учество во ЕУРЕС.

## КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во јануари 2012 година донесен е Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.11/2012). Со овој закон се регулираат видовите на исплати на пензии од вториот столб, односно видовите на пензиски надоместоци од трет столб, иституциите кои ќе бидат вклучени во исплатата на пензиите, односно пензиските надоместоци, постапката на исплата и друго.

Продолжуваат активностите за соработка во областа на социјалното осигурување меѓу Република Македонија и Република Косово. Во февруари 2012 година иницирана е постапка за започнување на преговори за решавање на прашањата од областа на пензиското осигурување. На 20 ноември 2012 година започнаа преговорите по нацрт – текстот на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за потврдување на периодите на осигурување за остварување право на пензија предложен од македонска страна. Преговорите продолжуваат во текот на декември 2012 година.

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во март 2012 година се одржа втор круг на преговори за склучување на билатерален договори за социјално осигурување со Република Албанија.

Во насока на запознавање на јавноста за прашања од социјално осигурување и координацијата на системите на социјална сигурност од 21 март 2012 година Министерството за труд и социјална политика и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија започнаа со одржување на средби со граѓаните насловени *„Ден за Вас"*, каде преку непосреден дијалог граѓаните добиваа одговори на сите отворени прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување. Активностите се одвиваа во текот на 2012 година и беа опфатени осигуреници од осум филијали на Фондот на ПИОМ (Скопје, Битола, Струмица, Велес, Охрид, Куманово, Штип и Тетово).

Со цел унапредување на начинот на соработката на институциите од пензиското и инвалидското осигурување во номеври 2012 година во Скопје се одржа трета средба на директори на Фондовите на пензиското и инвалидското осигурување од државите настанати на територијата на поранешна СФРЈ.

Во врска со примената на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Босна Херцеговина во април 2012 година во Скопје, претставници на Фондот на пензиското и инвалидското

осигурување на Македонија оствария билатерална средба со претставниците на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Српска.

Во текот на мај 2012 година во Скопје се одржаа советодавни денови меѓу претставниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Германското социјално осигурување. На оваа средба потребни информации добија околу 140 граѓани.

Во рамките на осмиот Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика се одржа технички состанок меѓу експертите од ЕК и претставниците на Република Македонија за примена на членот 46 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, при што детално беше презентиран македонскиот систем на социјално осигурување.

Во делот на координацијата на системите на социјална сигурнист, Владата на Република Македонија во август усвои текст на Одлука на Советот за стабилизација и асоцијација воспоставен според Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните држави-членки и Република Македонија во однос на одредбите за усогласување на системите за социјално осигурување содржани во Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Истовремено, Министерството за надворешни работи е задолжено да ја спроведе постапката за донесување на Одлуката по пат на размена на писма меѓу ко–секретарите и ко–претседавачите на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2012 година ќе се иницира постапка за преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Словачка и Франција.

Со Албанија ќе продолжат започнатите преговори за усогласување на текстот на Договорот за социјално осигурување.

Се предвидува одржување на отворени денови на кои заинтересираните граѓани ќе се запознаваат со примена на билатералните договори за социјално осигурување.

Во текот на 2013 година се очекува почеток на проектот „Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на правото на ЕУ во областа на слободното движење на работниците" во рамките на ИПА компонентата.

Во текот на 2013 година се предвидува да продолжи одржување на советодавни денови меѓу претставниците на ФПИОМ и Германското социјално осигурување.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2014 година ќе се иницира постапка за преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Шведска, Велика Британија и Унгарија.

## ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТЕВНО ОСИГУРУВАЊЕ

### Тековна состојба

Во месец март 2012 година се одржа средба со претставници на Заводот за здравствено осигурување на Република Словенија на која се разгледаа прашања од примената на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Словенија, како и од примената на Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување (ЕХИЦ) на територијата на Република Македонија, за словенечките осигурени лица. Двете делегации констатиравме дека примената се одвива без некои потешкотии.

Во август 2012 година се одржа средба со претставници на Главниот Сојуз на австриските носители за здравствено осигурување на која се разгледа и усогласи нацрт-текстот на Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување (ЕХИЦ) на територијата на Република Македонија, за австриските осигурени лица. Се постигна согласност Договорот да се потпише до крајот на 2012 година, и истиот да стапи во сила на 1 Јануари 2013 година.

Во месец октомври 2012 година се одржа средба со претставници на Заводот за здравствено осигурување и реосигурување на Федерацијата на Босна и Херцеговина и Фондот за здравствено осигурување на Република Српска на која се разгледаа прашања од примената на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина. Двете делегации констатираа дека примената се одвива без некои потешкотии.

### Краткорочни приоритети

Во текот на 2013 година се планира да се потпише Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со Република Романија.

### Среднорочни приоритети

Во зависност од стапувањето во сила на Договорите за социјално осигурување склучени со Република Унгарија и Република Италија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија планира во текот на 2014 година да потпише Договор за ЕХИЦ со Република Унгарија и со Република Италија.

## ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во текот на 2012 година започна да се реализира Акционен план на ФЗОМ за спроведување на проектот СЕЗК. Се ажурираше базата на осигуреници во ФЗОМ во координација со неколку институции (ПИОМ, АВРМ, УЈП и МВР). Издавањето на ЕЗК според договорена динамика започна со издавање на ЕЗК за вработените во ФЗОМ и дел од здравствените работници од Велес, а продолжи со целни групи - вработените во државна администрација. Издадени се 120.000 картички. Усвоен е Законот за измена на Законот за здравствено осигурување со која се регулира цената на чинење и начинот на кој ќе се надоместуваат трошоците за издавање на ЕЗК. Започнат е редизајн на системот на ФЗОМ кој опфаќа дефинирање на нови бази на податоци, полнење на базите со прочистени податоци за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонес за здравствено осигурување и централизација на апликациите. Во август 2012 година е завршена првата фаза од предвидените четири. Во септември е започната втора фаза која ќе опфаќа изработка на

300.000-400.000 картички на квартално ниво. Од 1 ноември во здравствените установи започна користењето на електронската здравствена картичка преку користење на сервисот за проверка на платен придонес за здравствено осигурување (замена за “сини” картони) за оние осигуреници на кои им е издадена картичка.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2013 година ќе продолжи издавањето на картички за останатите категории на осигуреници според предвидена динамика. Воедно, електронската здравствена картичка ќе се користи и во електронските сервиси и системи кои ги воведува Министерството за здравство - електронски упат, електронски рецепт, електронски амбулантски дневник, како и во системот за следење на електронска листа за закажување на прегледи во установите од примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во зависност од имплементацијата и прилагодувањето на информационите здравствени системи, во текот на 2013 година и 2014 година со развојот на информационите системи во здравствениот сектор електронската картичка ќе се користи како идентификациона картичка.

### 3.02.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТЕВНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Тековна состојба**

Во месец март 2012 година се одржа средба со претставници на Заводот за здравствено осигурување на Република Словенија на која се разгледаа прашања од примената на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Словенија, како и од примената на Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување (ЕХИЦ) на територијата на Република Македонија, за словенечките осигурени лица. Двете делегации констатиравме дека примената се одвива без некои потешкотии.

Во август 2012 година се одржа средба со претставници на Главниот Сојуз на австриските носители за здравствено осигурување на која се разгледа и усогласи нацрт-текстот на Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување (ЕХИЦ) на територијата на Република Македонија, за австриските осигурени лица. Се постигна согласност Договорот да се потпише до крајот на 2012 година, и истиот да стапи во сила на 1 Јануари 2013 година.

Во месец октомври 2012 година се одржа средба со претставници на Заводот за здравствено осигурување и реосигурување на Федерацијата на Босна и Херцеговина и Фондот за здравствено осигурување на Република Српска на која се разгледаа прашања од примената на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина. Двете делегации констатираа дека примената се одвива без некои потешкотии.

**Краткорочни приоритети**

Во текот на 2013 година се планира да се потпише Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со Република Романија.

**Среднорочни приоритети**

Во зависност од стапувањето во сила на Договорите за социјално осигурување склучени со Република Унгарија и Република Италија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија планира во текот на 2014 година да потпише Договор за ЕХИЦ со Република Унгарија и со Република Италија.

## ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во текот на 2012 година започна да се реализира Акционен план на ФЗОМ за спроведување на проектот СЕЗК. Во Фондот за здравствено осигурување на Македонија се ажурираше базата на осигуреници во координација со неколку институции (ПИОМ, АВРМ, УЈП и МВР). Прибирањето на барањата и обработка на истите за ЕЗК се одвива според однапред дефиниран план за целни групи. Прибрани се и обработени барања за издавање на ЕЗК за најголем број од здравствените работници од приватните и јавните здравствени установи со кои фондот за здравствено осигурување има потпишано договор. Барањата на ЕЗК се прибрани и обработени во најголем дел од носители и членови на нивните семејства кои се вработени во јавната и државната администрација. Паралелно со овие целни групи се прибираат и обработуваат барањата за ЕЗК за невработените лица и пензионерите. Од 1 ноември тече постапката за прибирање на барања за ЕЗК за вработените и членовите на нивните семејства од приватниот сектор. Испечатени се околу 232 000 ЕЗК. Усвоен а законот за измена на законот за здравство осигурување со кој се регулира цената  на чинење и начинот на кој ќе се надоместуваат трошоците за издавање на ЕЗК. Започната е и успешно завршена првата фаза од централизацијата ФЗОМ, со која се обезбедува еднозначно и централизирано евидентирање на податоците за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот за здравствено осигурување.   Од 1 ноември во здравствените установи започна користењето на електронските здравствени картички преку користењето на сервисот за проверка на платен придонес за здравствено осигурување (  замена за сини картони за оние осигуреници на кои им е издадена ЕЗК)

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во текот на 2013 година ќе продолжи издавањето на картички за останатите категории на осигуреници според предвидена динамика. Воедно, електронската здравствена картичка ќе се

користи и во електронските сервиси и системи кои ги воведува Министерството за здравство - електронски упат, електронски рецепт, електронски амбулантски дневник, како и во системот за следење на електронска листа за закажување на прегледи во установите од примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во зависност од имплементацијата и прилагодувањето на информационите здравствени системи, во текот на 2013 година и 2014 година со развојот на информационите системи во здравствениот сектор електронската картичка ќе се користи како идентификациона картичка.

## 3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ

### 3.03.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2012 година континуирано се спроведуваа активности за поедноставување на административните постапки со цел олеснување на правото на основање на компании во земјата. Со спроведување на Регулаторната гилотина се намалија административните процедури и се олесни водењето на бизнис во земјата. Во текот на 2012 година континуирано се реализираа мерките од втора и трета фаза на Регулаторна гилотина. Во јуни 2012 година се усвои Акциониот план за реализација на 40 мерки од четвртата фаза на Регулаторна гилотина „Предност на малите“ каде фокусот е ставен на поедноставување на условите за работа на малите и средни претпријатија. Со реализацијата на овие мерки ќе се придонесе за поедноставување на процедурите за обезбедување на потребната документација од државните и јавните институции, скратување на роковите за добивање на градежни дозволи, зајакнување и проширување на системот за интероперабилност. Во насока на превенција на создавање на дополнителни административни пречки и бариери во новите законски решенија се спроведува процесот на Проценка на влијание на регулативата (ПВР) и Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

Со реализација на проектот Едношалтерски систем во рамки на Централниот регистар на Република Македонија се овозможи целосно воспоставување на електронски решенија за завршување на постапката за регистрација во трговскиот регистар по електронски пат.

Се спроведуваат активностите во рамки на Едношалтерскиот систем за домашни и странски инвеститори за натамошно олеснување на процесот на започнување и водење на бизнис во земјата како и овозможување сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да се добијат од едно место. Активностите за Едношалтерскиот систем за домашни и странски инвеститори (Регистар) се во насока на подготовките за воспоставување на „Единствена точка за контакт“ како обврска од Директивата за услуги.

Донесен е Закон за вршење сметководствени работи (Службен весник на РМ 95/2012). Со Законот се регулираат условите за вршење сметководствени работи, физичките и правните лица кои ќе вршат сметководствени работи, критериумите за стекнување на професионални квалификации и основање на професионално тело на сметководители.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура (Службен весник на РМ 113/2012) со кој се врши усогласување со Директивите 77/249 и 98/5. Со Законот се пропишуваат условите под кои адвокат или адвокатско друштво од држава членка на Европската унија може да врши адвокатска дејност во земјата, кои адвокатски работи ќе може да ги врши, под кој назив и како ќе го користи називот под кој ќе ја врши адвокатската дејност во Република Македонија а кој го стекнал во држава членка на Европската унија. Се воведува новина со тоа што во Именикот на адвокати може да се запише и државјанин на држава членка на Европската унија.

Во рамки на TAIEX програмата во периодот 01-03 октомври 2012 година реализирана е студиска посета за имплементација на Директивата 32006L0123 во Министерството за економија и финансии на Данска.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во следниот период ќе продолжи континуирано следење на имплементацијата на мерките дефинирани во акциските планови од Регулаторна гилотина како и спроведување на усвоените препораки и мерки од Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа. Се планира продолжување на проектот Регулаторна гилотина – фаза 4 која ќе вклучи мерки за натамошно намалување на цените на услугите, намалување на бројот на потребни документи, кратење на роковите и имплементација на правилото „молчењето значи одобрување“.

Спроведување на предвидените законодавните активности во Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги ќе продолжи, со цел елиминирање на идентификуваните бариери и поедноставување на постапките за издавање на одобренија.

Ажурирањето на Акцискиот план преку анализа на постојната регулатива со цел идентификација на неоправданите барања за започнување и водење на бизнис во земјата и нивно поедноставување и елиминирање ќе продолжи во текот на 2013 година.

Во рамки на Проектот Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори се планира изработка на физибилити студија во која ќе бидат образложени повеќе предлог опции за воспоставување на едношалтерски систем. Физибилити студијата ќе понуди правна, организациона и техничка рамка, а како составен дел на истата ќе биде изработена мапа на институции кои се одговорни за издавање на лиценци и дозволи, ќе се спроведе анализа на трошоци за обезбедување бизнис лиценца/дозвола и ќе се изработи дата база на лиценци и дозволи од значење за бизнисите. Се планира пилот проект за издавање на дозволи за градба преку Министерството за транспорт и врски кој се очекува да се спроведе во 2013 година. Истиот ќе придонесе кон тестирање на електронскиот пристап за воспоставување на електронски едношалтерски систем преку кој ќе се обезбедуваат online услуги за бизнисите.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Се планира воспоставување на „Единствена точка за контакт“ како обврска од Директивата за услуги. Реализацијата на Проектот Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори е во насока на подготовките за воспоставување „Единствена точка за контакт“

### 3.03.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ ПРЕКУГРАНИЧНИ УСЛУГИ

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги се реализира и ажурира согласно со предвидената динамика.

Министерството за економија како координатор на процесот за усогласување со Директивата за услуги ја следи реализацијата на Акцискиот план врз основа на извештаите од органите на управа надлежни за спроведување на предвидените активности.

Нацрт текстот на Законот за услуги е во фаза на меѓуресорска консултација. Во Законот се транспонира Директивата 32006L0123 со што ќе се создаде законска рамка за усогласување на регулативата во услужниот сектор во земјата со барањата на Директивата, вклучително и барањето за прекугранично давање на услуги.

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Анализата на усогласеност на законодавството во услужниот сектор со Директивата 32006L0123 ќе продолжи во текот на 2013 година и врз основа на резултатите од анализата, ќе се ажурира Акцискиот план.

Се планира донесување на Законот за услуги кој ќе придонесе за олеснување на процесот на реализација на Акцискиот план во спроведувањето на законодавните активности за елиминација на одредбите спротивни на директивата и ќе се спречи воведувањето нови бариери при подготовка на нова регулатива во иднина во услужниот сектор.

Се планира користење на техничка помош од TAIEX Програмата за експертска мисија во Скопје, на почеток на 2013 година со цел ревидирање на Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги и подобрување на работната верзија на Предлог-законот за услуги.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Со имплементација на Законот за услуги и со реализацијата на Акцискиот план ќе се обезбеди слободата на правото на основање и на давање на услуги по пристапувањето во ЕУ и функционирање како дел од единствениот пазар на ЕУ .

### 3.03.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Правната рамка за регулирање на пазарот на поштенските услуги е заокружена со донесување на Законот за поштенските услуги од 2010 година (Службен весник на РМ бр. 158/10) и со донесување на подзаконските акти кои произлегуваа од истиот, (Службен весник на РМ бр. 95 и 167/2011). Работата на Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во 2012 година беше насочена кон спроведување на законските обврски и надлежности во функција на зајакнување на условите за обезбедување на универзалната услуга. Во текот на 2012 година, Агенцијата за пошти има издадено две нови Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги на правни субјекти. Надзор над обезбедувањето на поштенските услуги вршат овластени лица на

Агенцијата за пошти врз основа на Годишна програма. Редовен надзор во 2012 година овластените лица за надзор имаат извршено кај сите даватели при што е извршен надзор на начинот и постапката на прибирањето и изготвувањето извештаи за обезбедување на поштенските услуги.

Согласно законската обврска за годишно доставување на податоци од извршено мерење на квалитетот на достава на поштенските пратки, давателот на универзална услуга достави податоци кои беа предмет на евалуација од страна на Агенцијата за пошти, по чие согледување и анализа се изготви извештај со заклучоци по однос на податоците и извршеното мерење.

На полето на регионална соработка, во 2012 година во Скопје, во организација на Агенцијата за пошти, се одржа Првата регионална конференција „Процеси на либерализација на поштенските пазари- предности и предизвици“.

И во 2012 година како и во претходните години Агенцијата за пошти реализираше истражување на пазарот во делот на задоволството на корисниците од обезбедување на поштенските услуги. Истражувањето е извршено од страна на независна куќа со утврдена методологија во која беа опфатени региони од целата територија на Република Македонија. Степенот на задоволството на корисниците е неопходен и многу важен показател за преземање на одредени активности од страна на Агенцијата со цел подобрување на работата на давателот на универзална услуга.

До крајот на 2012 година ќе се реализира TAIEX експертска помош во делот на мониторинг на поштенските услуги, како и ќе се реализира студиска посета на одредена земја во ЕУ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2013 година предвидено е понатамошно следење на европската регулатива и преземање на соодветни активности за нивно имплементирање во домашното законодавство.

Агенцијата за пошти ќе ја усогласи постојната секундарна легислатива во насока на создавање соодветна законска рамка во делот на постапувањето по приговори и рекламации од корисниците на универзалната услуга. За таа цел ќе пристапи кон измени и дополнувања на неколку правилници меѓу кои и на Правилникот за општите услови за обезбедување на универзалната услуга и на други правилници кои ја регулираат оваа проблематика.

Во текот на 2013 година Агенцијата за пошти ќе превзема активности во насока на подетално утврдување на степенот на постигнување на квалитетот на брзината на пренос на услугата од почеток до крај, услуга која ја обезбедува Македонска пошта. Активностите кои се предвидуваат ќе бидат реализирани преку ангажирање на независна компанија која ќе врши мерење на брзината на пренос на услугата од почеток до крај кај давателот на универзална услуга и овие податоци ќе бидат за потребите на остварувања на надлежностите на Агенцијата.

Ревизија на постојните дозволи за обезбедување на поштенските услуги со новите подзаконски акти во делот на правата и обврските на давателите ќе биде активност која Агенција ќе ја реализира во претстојниот период, како и издавање на општи овластувања на нови субјекти на пазарот.

Агенцијата за пошти ќе преземе активности околу примената на стандардизирана процедура за начинот на мерењето и рекламациите и постапките за надомест на штета. Практично оваа активност ќе биде насочена кон остварување на законската обврска на давателот на универзална услуга за воведување стандардизираниот процес за постапување со рекламации и на процедурите за надомест на штета.

Следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга, активност започната во 2011 година ќе продолжи и во наредната година, активност која е од посебно значење и за финансирањето на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга.

Статистички извештај за движењето на поштенските праткиќе биде изготвен кон крајот на 2013 година, земајќи го превид обемот на поштенските пратки, приходи остварени од обезбедување на поштенските пратки, развој на капацитетите кај операторите, растот на интересот на субјектите да работат во оваа сфера.

Надлежностите на Агенцијата за пошти за регулирање на пазарот се со посебен осврт на заштита на корисниците во делот на обезбедување на услугите, остварување на правото на приговор и остварување на правото за поднесување рекламации. Активностите на Агенцијата ќе бидат во насока на комуникација со давателите за запознавање на обврските во овој дел и воведување на стандардизирани постапки за постапување и евидентирање со рекламационите постапки.

Во поглед на рекламационите постапки пристигнати до Агенцијата за пошти, планирана активност е креирање на програма за водење на податоци за пријавени поплаки, жалби, рекламации, по различен пат (телефонски, електронски e-mail, лично, писмено по пошта и сл.) со која прецизно ќе се забележуваат сите забелешки и поплаки од страна на корисниците на поштенските услуги.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013 година, со цел јакнење на институционалниот капацитет на Агенцијата, ќе се реализираат континуирани обуки за стручно надградување на вработените и остварување на редовна соработка со регулаторните тела од другите земји.

Ќе се продолжи со активностите во ERGP - Европската група на поштенски регулатори согласно оформените работни групи и со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето и улогата на агенцијата преку предавања, средби со претставници на поштенските оператори и корисниците на поштенските услуги.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Агенцијата за пошти континуирано ќе го следи пазарот на поштенските услуги во периодот кој следи, ќе изготвува анализи согласно податоците добиени од давателите на поштенските услуги, од корисниците од истражувања и слично, ќе го зајакнува надзорот кај субјектите на пазарот се со цел создавање на услови за отворање на пазарот, за воспоставување на целосна либерализација, а при тоа да се сочуваат основните вредности на универзалната услуга и почитувањето на правото на корисниците за добивање на квалитетни услуги.

### 3.03.4 МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Од страна на Владата на Република Македонија во првиот квартал од 2012 година, беше формирана Меѓуресорската координативна работна група за признавање на професионалните квалфикации и беа именувани Национален координатор и негов заменик, како лица вработени во Министерството за образование и наука. Од страна на Министерот за образование и наука беше усвоен Деловникот за работа на оваа група.

Меѓуресорската група заедно со преставниците на Проектот за градење на административни капацитети на МОН за признавање на професионални квалфиикации, одржаа неколку работни состаноци во Скопје, на кој беа дискутирани прашања од областа на процесот на усвојување на Директивата 36/2005/ЕЗ во националното законодаство. Од страна на проектниот тим, беа доставени анкетни прашалници до сите членови на меѓуресорската група а кои се однесуваа на оцената на состојбата на националното законодавство во поглед на законски акти кои уредуваат одредена професија, со посебен осврт кон секторските професии. Од добиените коментари беше подговтена Предлог - Анализата за засегнатите страни. Овие информации ќе служат и за подготовка на листата на регулирани професии која ќе произлезе како краен резлутат од проектот. Ad hoc работна група, беше формирана од преставници од Министерството како и проектниот тим од Македонија, за подготовка на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за признавање на професионални квалификации. Подзаконските акти беа изготвени во првична веризја и доставени на мислење до Секретаријатот за законодавство. По добиеното мислење истите ќе бидат сооодветно корегирани и усвоени до крајот на 2012 година.

Експертите од проектниот тим од Велика Британија како и членовите на меѓуресорската група, доставија коментари и предлози за измена и дополнување на постоечкиот Закон за признавање на професионални квалификации. Сите овие коментари ќе бидат акумулирани во единствен предлог кој ќе произлезе од страна на проектниот тим и истиот ќе биде презентиран во текот на 2013 година, по што ќе следува промена на законот.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Активностите кои ќе се реализираат во текот на 2013 година, најпрво ќе ги пресликаат активностите кои се предвидени во текот на првиот квартал во кој се очекува и завршувањето на проектот, како и активности кои ќе ги превезме Министерството за реализација на Акцискиот план за признавање на професионални квалификации.

Прв квартал 2013 година:

- Изготвена листа на регулирани професии;
- Изготвена институционална рамка за професионални квалификации во Република Македонија;
- Изготвена Методологија за начинот на водење на регистри за регулираните професии
- Изготвен Акциски план за признавање на професионални квалфикации;

Втор квартал 2013 година:

- Подготовка на текстот за измена и дополнување на законот за професионални квалификации;
- Одржување на состаноци на меѓу ресорската група;

- Одржување на работни средби со преставниците на Универзитетите во однос на анализа на студиските планови и програми за секторските професии.

Трет квартал 2013 година:

- Усвојување на измената и дополнувањето на Законот за признавање на професионални квалификации;
- Извештај од реализираните средби со преставници на универзитетите во Република Македонија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Зајакнување на административните капацитети на МОН и останатите институции вклучени во процесот на признавање на професионални квалификации.

## 3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

### 3.04.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Појдовна основа за регулирање на движењето на капиталот и тековните плаќања во Република Македонија претставува Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија потпишана во 2001 година. Согласно обврските преземени со оваа Спогодба, Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002, 32/2003, 51/2003 81/2008, 24/11 и 135/11) предвидува постепена либерализација на движењето на капиталот во зависност од неговата рочност и вид.

Имено, со Законот за девизно работење е остварена целосна либерализација на директните инвестиции, комерцијалните кредити и финансиските заеми, како и кредити со рок на доспевање над 1 година. Со одредбите од Законот се либерализирани и финансиските кредити со рок на доспевање помал од 1 година, обврска предвидена да се имплементира во втората етапа од спроведување на ССА.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2013 година се очекува Република Македонија да влезе во втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. По истекот на првата етапа од ССА, со Законот за девизно работење се предвидува целосна либерализација на работењето со хартии од вредност и вложување во недвижности од страна на резиденти во странство.

Со влегување во втората етапа од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и престанување на важноста на членовите наведени во преодните одредби од Законот за девизно работење кои се однесуваат на овој повисок степен на либерализација, Народната банка на Република Македонија ќе изврши соодветно усогласување на подзаконските акти во нејзина надлежност.

Во насока на натамошна либерализација на движењето на капиталот, а во согласност со препораките од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, до крајот на 2013 година ќе се донесе нов Закон за девизно работење.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

По истекот на втората етапа од ССА, со преодните одредби на Законот за девизно работење се предвидува либерализација на депозитните работи од страна на резидентите во странство.

## 3.04.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Платниот промет во земјата е уреден со Законот за платниот промет (Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/2012 и 59/12) и подзаконската регулатива која произлегува од одредбите на овој Закон.

Во август 2012 усвоен е Извештајот за реализација на Стратегијата за развој на платниот систем во Република Македонија до 2011 година. Во изминатиот период реализирани се голем дел од стратешките насоки со краткорочен карактер, а насоките со долгорочен карактер преставуваат почетна основа за следната Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија 2013-2017. Имено, се подобри правната рамка на платните системи, значително се зголеми сигурноста и ефикасноста на платните трансакции во земјата, се подобри територијалната покриеност со платни сервиси, се изврши проширување на платните услуги до корисниците, се зголемија безготовинските плаќања, а воедно се прошири сознанието за ЕУ регулативата и СЕПА шемите и стандардите кај сите инволвирани страни во националните платни системи преку пет годишни конференции во соработка со Централните банки на Холандија и Португалија. Исто така, завршено е преведувањето, проучувањето и прилагодувањето на СЕПА правилата за директни задолжувања, со цел воспоставување на национална шема за директни задолжувања базирана на СЕПА стандардите, подготвен е Симулатор на шемата за директни задолжувања кој ќе го олесни проучувањето, обуката, развојот, тестирањето и имплементација на Шемата за директни задолжувања во Република Македонија . Исто така, во соработка со Централната банка на Холандија и Португалија се организираше петтата конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност со цел обука на членовите на работните групи за прашања поврзани со платните системи на европско ниво и поттикнување на соработката помеѓу централните банки на регионално ниво. Направени се предлог стратегиски насоки за нова Стратегија за развој на Платниот Систем на Република Македонија (2013-2017).

Во последниот квартал на 2012 година започната е имплементацијата на ИПА проектот "Преглед на правните и организациските потреби, како и потребата за ресурси за Народната банка на Република Македонија", во рамките на кој ќе бидат дефинирани и активностите во областа на платните системи за наредниот период со цел усогласување со стандардната институционална и оперативна рамка на Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и Европската централна банка.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2013 година предвидено е следење на функционирањето на платниот промет во земјата, согласно Законот за платен промет.

Заради усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ ќе се донесе нов Закон за платниот промет. Со новиот закон ќе се изврши транспонирање на Директивата 2007/64/ЕС во националното законодавство. Заради комплексноста, одобрено е користење на консултантска помош од ИПА 2010 во траење од 18 месеци, проект кој се очекува да започне со реализација на почетокот од 2013 година. Со донесувањето на новиот закон за платниот промет ќе се изврши либерализација на платежните услуги, односно на пазарот на платежни услуги ќе се овозможи влез на нови субјекти кои не се банки. Исто така ќе се овозможи и употреба и примена на нови дигитални и компјутерски уреди за извршување на платните трансакции, навремена подготовка на институциите задолжени за регулирање, лиценцирање и надгледување на давателите на платежните услуги,како и воведување на новите инструменти за плаќање (кредитни трансфери и директни задолжувања).

Исто така, се планира организација на Шеста конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност во соработка со централната банка на Холандија и Португалија, на која покрај Директивата 2007/64, пошироко ќе се опфатат и теми поврзани со платежната инфраструктура и нејзиниот развој на европско ниво. Во првиот квартал на 2013 година во НБРМ во план е изработка и усвојување на Политика за надгледување на платните системи со која е предвидено да се имплементираат практиките и принципите на надгледување на платните системи во склад со практиките и принципите на Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и Европската централна банка. До крајот на 2013 година се планира и изработка на анализа на Принципите за Финансиската Пазарна Инфраструктура и изработка на предлог на методологија за платна статистика на НБРМ во склад со методологијата на ЕСЦБ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за финансиски систем, Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на платните системи, заради поголема ефикасност во извршувањето задачите предвидено е вработување на едно лице во Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2014-2015 година се планира завршување на процесот на имплементација на Директивата 2007/64 за платежни сервиси во внатрешниот пазар, прилагодување на постојната рамка за надгледување на платните системи согласно со промените во меѓународно прифатените стандарди за работа на платните системи (согласно БИС, практиката на ЕЦБ и најдобрите практики на централните банки на земјите членки на ЕУ), и воспоставување на нова правна рамка за платежна статистика на НБРМ согласно барањата на ЕЦБ.

### 3.04.3 СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2012 година, влегоа во сила измените и дополнувањата на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен Весник на Република Македонија“ број 4/08, 57/10 и 35/2011), со кои се врши усогласување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам со Законот за кривичната постапка и со Законот за прекршоци. Исто така, називот на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам се менува во Управа за финансиско разузнавање, со што се врши усогласување со меѓународните стандарди и практика и во потполност се одразува основната надлежност и функција на Управата – собирање, анализа и доставување на финансиски информации и податоци до надлежните институции.

За ефикасна борба против перењето пари и финансирање на тероризам, воспоставена е институционална рамка, која генерално ја сочинуваат следните органи и тела:

- Управа за финансиско разузнавање, која извршувајќи ги своите надлежности дејствува како централен орган надлежен за прибирање, обработка и доставување на податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Министерство за внатрешни работи, Управа за финансиска полиција и Јавно обвинителство за борба против организиран криминал- органи кои постапуваат по извештаите доставени од страна на Управата за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Царинска Управа- како орган кој го следи внесувањето и изнесувањето на готовина од РМ, и
- Органите кои вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите: Народната Банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност, МАПАС, Управа за јавни приходи и Агенција за пошти.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

ФАТФ на својот пленарен состанок во февруари 2012 година ги усвои ревидираните Препораки за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Врз основа на направените промени на Препораките, во рамки на надлежните меѓународни тела и институции иницирани се постапки за менување на релевантните меѓународни документи (Директиви и Конвенции). За целите на усогласување на домашното законодавство со меѓународните инструменти, Управата треба да ги следи промените и донесувањето на нова регулатива во сферата на спречување на перење пари и финансирање на тероризам и следствено на тоа да преземе адекватни мерки.

## 3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ

### *3.05.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ*
### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во текот на 2012 год. се рализира поголемиот дел од предвидените активности од Твининг проектот со германскиот партнер кои беа насочени кон дополнително зајакнување на системот на јавните набавки. Севкупната цел на овој проект финасиран од ЕУ е да се обезбедат ефективни јавни набавки, промовирајќи ја делотворната употреба на државните буџетски средства при испорака на квалитетни јавни услуги до граѓаните со високо ниво на транспарентност и отчетност.

Врз основа на последните измени и дополнувања на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/2011), имплементацијата на одреден број на нови механизми кои дополнително ќе го унапредат системот за јавни набавки на Република Македонија започна од 01.07.2012 година. Воедно се пропишаа и нови надлежности на Комисијата за жалби по јавни набавки во поглед на одлучувањето по жалби во постапките за доделување на договорите за концесии и јавно-приватни партнерства, со што се регулира правната заштита и во оваа област. Во март месец министерот за финансии ги донесе Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/12), со кој се предвидуваат одредени правила на однесување од страна на лицата кои ги спроведуваат јавни набавки и Тарифникот за висината на надоместоците за користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/12), со кој се утврдува висината на надоместоците што ги плаќаат договорните органи и економските оператори за користење на

Електронскиот систем за јавни набавки, а со цел да се обезбеди самоодржливоста на системот. Исто така, во јули месец, министерот за финансии го донесе Правилникот за програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 90/12), согласно измените во Законот за јавните набавки за задолжително сертифицирање на службениците кои работат на јавните набавки.

Во поглед на кадровското зајакнување, во текот на 2012 година, бројот на редовно вработени изнесува 20 лица. Во вториот квартал од 2012 година, во Република Македонија се реализираше втората фаза од регионалниот проект на ИПА за обука за обучувачи за јавни набавки во земјите од ИПА регионот и Турција, што ја реализираа Меѓународниот тренинг центар и Меѓународната организација на трудот (ИТЦ/ИЛО).

Обуката на кадарот вработен во Бирото за јавни набавки претставува континуирана активност како на постоечкиот, така и новопримениот кадар. Оваа обука се одвиваше преку учества на семинари, работилници и размена на искуства со странски експерти со кои Бирото има воспоставено соработка. Во рамки на имплементација на Твининг Проектот претставници од Бирото за јавни набавки земаа учество на три студиски престои.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Приоритет во овој период ќе биде донесувањето на Стратегијата за развој на системот за јавни набавки во Република Македонија за периодот 2013-2017 година, заради натамошно усогласување со европското законодавство, како и имплементација на добрите практики во јавните набавки. Бирото за јавни набавки ќе преземе активности за имплементирање на Директивата за набавки во одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ во соработка со институциите што вршат ваков вид на набавки, а особено со Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел континуирано градење на капацитетите на договорните органи Бирото ќе продолжи со задолжително сертифицирање на службениците кои работат на јавните набавки. За да се постигне оваа цел и зајакне системот на јавните набавки, Бирото за јавни набавки ќе продолжи да го унапредува својот институционален капацитет.

Бирото за јавни набавки во текот на 2013 година, ќе ја продлабочи воспоставената соработка со институциите кои се надлежни за следење на системите за јавни набавки во земјите од југозападен Балкан, со што ќе се овозможи размена на искуства кои се однесуваат на процесот на интегрирање во ЕУ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период зависно од анализата и резултатите од истата ќе се транспонира Директивата за набавки во одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ  во законски пропис и врз основа на извршената анализа Директивата за правна заштита 2007/66/ЕЗ.

Истовремено ќе се реализираат активностите од Стратегијата за развој на системот за јавни набавки во Република Македонија за периодот 2013-2017 година, заради натамошно усогласување со европското законодавство, како и имплементација на добрите практики во јавните набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе се  обучуваaат и  усовршуваат  вработените во Бирото за јавни набавки и ќе се унапредува институционалниот капацитет.

**КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2012 година се донесе Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2012) како нов конзистентен текст целосно усогласен со европското законодавство од оваа област, во кој соодветно е имплементирана Директивата 2004/18/ЕЗ од 31 март 2004 година.

Со цел заокружување на процесот на нормативно регулирање во областа на концесии и јавно приватно партнерство, во овој период се донесоа и шест (6) подзаконски акти кои произлегоа од законот и тоа: Уредбата за формата и содржината на извештајот за започната, но не завршена постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, Уредбата за содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватното партнерство, Уредбата за содржината на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и договорот за концесија на добра од општ интерес, Уредбата   за формата и содржината на образецот на огласот за намерата на приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа да додели договор за работи на трети страни,  Уредбата за формата и содржината на огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или како концесија за јавна услуга и Уредбата за формата, содржината и  начинот на водење на регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнертсво и за формата и содржината на образецот за доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнертсво.
Исто така, во текот на 2012 година се отпочнаа активности кон усогласување на посебните (секторските) закони од областа на концесиите со одредбите на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, а со цел унифицирање на постапките за доделување на концесии во секторското законодавство соодветно со оние уредени во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2012).

Поточно во посочениот период се лоцираа законите кои треба да се усогласуваат и се  обединија во една Листа на посебни закони (15), врз основа на која во соработка со СИГМА се   изготви упатство-насоки според

кои надлежните министерства во соодветната област започнаа со постапката за усогласување на посебните закони, која е во тек.

Кон крајот на 2012 година се изготви и Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство во форма на укоричена книга, во кој ќе се внесуваат податоците за доделените договори за воспоставување на јавно приватно партнерство доставени од страна на органите надлежни за спроведување на предметниот договор, а исто така во завршна фаза е и формирање на Советот за јавно приватно партнерство.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2013 година, предвидено е да се заокружи процесот на нормативно регулирање во областа на концесии и јавно приватно партнерство, поточно усогласување на секторското законодавство од областа на концесиите со одредбите на Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ“ бр.6/2012), а во насока на целосно усогласување со европското законодавство.

Исто така, во овој период се планира (во зависност од финансиските можности или странска техничка помош) воспоставување на Регистар на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство во електронска форма (софтверско решение), како единствена база на податоци за склучени договори во оваа област и континуирано следење на истите (измени) до нивна крајна реализација.
Ќе се формира и нов Совет за јавно приватно партнерство како советодавно тело на Владата на РМ во областа на јавно приватно партнерство, кој ќе врши промоција на јавно приватно партнерство, ќе предлага проекти за јавно приватно партнерство и ќе дава иницијатива со предлози за измени на прописите во оваа област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во краткорочни приоритетити се планира во соработка и со техничка помош на СИГМА да се реализираат обуки во областа на јавно приватно партнерство за вработените во државните институции (министерствата) кои реализираат проекти за јавно приватно партнерство.

Со цел континуирано и доследно извршување на своите надлежности утврдени со закон Одделението за концесии и јавно приватно партнерство ќе се доекипира со нови вработувања.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Се предлага зајакнување на улогата на Советот за јавно приватно партнерство кој согласно надлежностите утврдени со законот ќе пристапи кон изготвување на Стратегија за јавно приватно партнерство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во среднорочниот период во соработка и со техничка помош на СИГМА, како приоритети се планира организирање на повеќе семинари, работилници и обуки во областа на јавно приватно партнерство, како за вработените во државните институции, така и за вработените во единиците на локална самоуправа, градот

Скопје, јавните претпријатија и др.институции од јавниот сектор, како и за заинтересирани учесници од приватниот сектор (економски оператори ).

### 3.05.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2012 година започна да важи одредбата за спроведување на електронски аукции во 100% од бројот на објавени огласи. Поради наведеново, забележителни се придобивките од е-набавките, односно е-аукциите во поглед на зголемувањето на транспарентноста, конкуренцијата и ефикасноста во постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Беше имплементиран проектот „Мали јавни набавки“, односно се воведе објава на огласи и можност за спроведување на е-аукции и за постапките со барање за прибирање на понуди до 5.000 евра. Заедно со овој проект, ЕСЈН се надгради и подобри со неколку нови функционалности кои произлегоа од последните законски измени, меѓу кои најзначајни се: објава на огласи за ЈПП и концесии, објава на огласи за квалификациски системи, воведување на концептот на технички дијалог, воведување на можноста за електронско пополнување на листата на компании со негативна референца итн.

Со цел да се овозможи самоодржливост на ЕСЈН, се воведоа надоместоци за користење на истиот (усвоен е тарифник).

Со цел да се обезбеди унифицирана примена на регулативата за јавни набавки и во текот на 2012 година континуирано се работеше на подобрување на тендерските документи. Исто така, се работеше и на подобрување и ажурирање на Прирачниците за начинот на користење на ЕСЈН, како за договорните органи така и за економските оператори.

И во текот на 2012 година, Бирото со сите свои ресурси активно работеше на зајакнување на капацитетот на договорните органи преку спроведување на обуки. Претставниците на Бирото за јавни набавки учествува како предавачи на четири обуки за 192 учесници (судии, јавни обвинители и стручни соработници), организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во рамки на соработката со Министерството за информатичко општество и администрација Бирото за јавни набавки во овој период спроведе три обуки за примена на Законот за јавните набавки, за 79 учесници (45 за претставници од централната власт, а 34 за локалната самоуправа).

Согласно со Планот за едукација за јавните набавки за 2012 год., заклучно до 22.11.2012 година беа одржани 32 обуки, на кои присуствуваа 692 учесници, од кои 678 учесници од договорни органи и 14 учесници од економски оператори. Во обуките беше вклучен и модулот за судир на интереси и корупција во јавните набавки.

Соработката со државните органи како: Државниот завод за ревизија (ДЗР), Државната комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, беше успешна во текот на целата година.

Претставници од Бирото за јавни набавки учествуваа на работилница организирана од Државната комисија за жалби по јавни набавки во соработка со СИГМА на тема: „Европски суд на правдата – предмети за јавна набавка и практика“ и на работилница организирана од Државната комисија за жалби по јавни набавки во рамки на ИПА Проектот „Поддршка за зајакнувањето на капацитетите на Државната комисија за жалби по јавни набавки“ на тема:„Идентификување на ризиците во постапките за јавни набавки врз основа на најзначајните повреди во рамките на циклусот на управување со јавните набавки“.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Трендот на користењето на е-набавките ќе придонесе за зголемување на ефикасноста и ефективноста на системот за јавни набавки во Република Македонија. Договорните органи ќе продолжат со спроведување на законската обврска за користење на аукции во 100% од објавените огласи, а акцент ќе биде ставен и на зголемување на бројот на постапки кои ќе се спроведуваат.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2013 ќе продолжат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена во Планот за едукација за јавните набавки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Главна придобивка од успешната имплементација на Стратегијата ќе биде задоволување на потребите на договорните органи и интересите на економските оператори на полето на јавните набавки преку воспоставувањето на стабилен и ефикасен систем на јавни набавки.

Во овој период акцент ќе биде ставен и на зголемување на бројот на постапки кои ќе се спроведуваат, а се планира да се воведат иновативни решенија на ЕСЈН кои ќе го олеснат учеството на постапките по електронски пат за економските оператори.

Исто така на среден рок ќе се изврши надградување на постоечките тендерски документи, прирачници, водичи.

**3.05.3 ПРАВНИ ЛЕКОВИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2012) на Република Македонија, во однос на правната заштита транспонирани се директиви на Европската унија кои се однесуваат на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки и тоа: 31989L0665, 31992L0013 и 32007L066.

Надлежностите на Државната комисија вклучуваат одлучување за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање на дејствија, како и за законитоста на одлуките донесени во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Со измените на Законот за јавните набавки се направи квалитативен чекор напред во уредувањето на правната заштита во постапките за доделување на договори

за јавни набавки. На Државната комисија за жалби по јавни набавки со новите законски решенија кои се дел од Законот за јавните набавки и е доделена нова надлежност – да одлучува по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство.

Заради воведување антикорупциски мерки и механизми како и интегритет во работењето на Државната комисија, како и доближување на системот на правна заштита до заинтересираните економски оператори, кои сметаат дека се повредени нивните права во одредени постапки за доделување на договори за јавни набавки, но и запознавање на широката јавност со работата.

За зацврстување на административниот капацитет на стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки за процесуирање на жалбените предмети, во текот на 2012 година, административниот кадар се зголеми со едно ново вработување, во постапка со преземање на државен службеник од друг државен орган и Државната комисија сега брои вкупно 15 вработени. Со новиот административен кадар продолжува доекипирањето на стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Во октомври 2012 година формирана е Работна група за изработка на Методологија за релевантен систем за мониторинг на анти-корупциската политика, под координација на Министерството за правда. Во периодот од 16 до 18 октомври 2012 година се спроведе TAIEX експертска мисија на тема „Развивање на систем за следење на случаи на корупција и мониторинг на спроведувањето на анти-корупциската политика" во која беа вклучени претставници на 19 релевантни институции, при што експертите кои беа ангажирани презентираа предлог на метод на развивање на релевантна консолидирана статистика за следење на случаи на корупција. Како дел од коруптивните дела кои ќе бидат опфатени со Методологијата и понатаму соодветно следени се и кривичните дела во областа на јавните набавки.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе продолжат напорите за доближување на новите законски решенија до договорните органи и економските оператори за новиот систем на правната заштита кој е пропишан со Законот за јавните набавки.

Добрата соработката на Државната комисија за жалби по јавни набавки со Бирото за јавни набавки, како и со Министерството за економија коешто е надлежно за доделување на договорите за концесиите и јавното – приватно партнерство, ќе продолжи да се продлабочува и во наредниот период, особено на полето на заедничка работа во напорите да се подобри системот на правна заштита во јавните набавки, концесиите и јавното – приватно партнертсво. Соработката ќе продолжи и на полето на заедничка работа на измените и дополнувањата на правната рамка која го регулира системот на правна заштита.

Во првиот квартал од 2013 година се планира изготвување на Методологија за релевантен систем за мониторинг на анти-корупциската политика во Република Македонија.

Прашањето за национален центар надлежен за водење на статистичкиот систем за мониторинг на спроведувањето на анти-корупциската политика и регулирањето на задолжителната достава и регистрација на податоците ќе биде подетално разработено во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Државната комисија во наредниот период ќе продолжи да зема учество на работилници и обуки на кои ќе учествуваат договорните органи и економските оператори на тема правните лекови во постапките за јавни набавки, концесии и јавно – приватно партнерство.

Државната комисија за жалби по јавни набавки и нејзината административна стручна служба продолжуваат со подобрување на условите за работа, пред се со расположливите финансиски средства во својот буџет. Државната комисија ќе продолжи да се опремува со најсовремена компјутерска опрема и набавка и развој на софтверски решенија. Во таа насока Државната комисија веќе користи DMS – Document Management System, Систем за управување со документи - електронска седница, која опфаќа архивско работење – прием, заведување на предмети во деловодната евиденција, нивна дистрибуција до извршителите, обработка на предметите, нивно одлучување на седница, изработка на одлуката и експедиција на одлуката.
Во насока на зајакнување на вкупните капацитети на Државната комисија за жалби по јавни набавки за имплементација на домашната правна рамка за јавни набавки, концесии и јавно – приватно партнертсво како и соодветните директиви и практики во ЕУ, ќе продолжат обуките за членовите и стручните советници на Државната комисија за жалби по јавни набавки и во 2013 година преку учество на семинари, работилници и студиски посети.

Нови вработувања во Стручната служба на Државната комисија се планираат и во 2013 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во Европската унија и ќе се имплементираат во домашната регулатива. Натамошно унапредување на правната заштита, ќе биде приоритет на среден рок.
Државната комисија работи на доближување на својата работа до јавноста, со цел доближување до широката јавност и правилно разбирање на улогата на Државната комисија во системот на јавните набавки. Ова ќе се оствари и преку изработка на Стратегија за комуникација и јавно претставување на Државната комисија, учество во јавни медиумски дебати и објавување новински написи и други написи на теми кои се однесуваат на правната заштита во јавните набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со Бирото за јавни набавки и Министерството за економија. Натамошното јакнење на административните капацитети на Државната комисија ќе се остварува преку нови вработувања на административен персонал во Стручната служба, развој и одржување на човечките ресурси, како и зголемување на Буџетските средства воопшто, а особено во насока на опремување на Државната комисија со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во изминатата година преку ИПА 2008 беше реализиран Проектот за поддршка на системот на јавни набавки за натамошно зајакнување на капацитетите на Државната комисија кој започна со реализација во јуни 2011 година и заврши во март 2012 година. Државната комисија аплицираше за добивање на средства за реализација на проекти во наредниот период од ИПА програмата.
И во наредниот период Државната комисија продолжува со соработка со СИГМА и другите релеванти меѓународни инстутуции од областа на јавните набавки, концесиите и јавното – приватно партнерство.

## 3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

### 3.06.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва е во собраниска процедура. Измените се во насока на дополнување на правната рамка за склучување и одобрување зделки со заинтересираната страна согласно Законот. Исто така со измените се овозможува електронска постапка на бришење на трговските друштва кои се неактивни односно три години по ред не доставуваат годишни сметки и финансиски извештаи во Централниот регистар како клучна законска обврска согласно Законот за трговските друштва.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на првата половина на 2013 година се очекува донесување на нов Закон за преземање на акционерски друштва. Донесувањето на овој Закон е со цел негово хармонизирање со Директивата 2004/25/ЕЗ за понуди за преземање.

Содржински предложените законски решенија се во насока на подетално пропишување на начинот, условите и постапката за преземање на акционерските друштва, постапката за утврдување на заедничко дејствување на лица во постапка на преземање, допрецизирање на исклучоците од обврската за давање на понуда за преземање, правата и обврските на учесниците во постапката за преземање и правилата на неутралност и пробивање.

Ќе се имплементираат Препораката 32005H0162 и Препораката 32004H0913 за подобрување на корпоративното управување во постоечките кодекси за добро корпоративно управување. Ќе се следи функционирањето на Едношалтерскиот систем фаза II во Република Македонија.

### 3.06.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

### СМЕТКОВОДСТВО

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во јули 2012 година, донесен е Закон за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12) со кој се регулира вршењето на сметководствената професија во Република Македонија преку дефинирање на условите под кои се вршат сметководствените работи, субјектите кои можат да ги вршат, условите за полагање на стручен испит за сметководител и овластен сметководител, обврската за континуирано професионално усовршување, и дисциплинските мерки и повреди. Заради примена Законот, Министерството за финансии од 03 август 2012 година (во период од шест месеци од донесувањето) издава уверенија за сметководител и уверенија за овластен сметководител врз основа на исполнување на пропишаните критериуми. Заклучно со 26.11.2012 доделени се 634 уверенија. Со Законот се даде правен основ согласно кој на 03.11.2012 година се одржа основачкото собрание на Инсатитутот на сметководители и овластени сметководители на РМ на кое се донесе Одлука за основање на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Статутот на Институтот и Надзорниот одбор. Согласно законот, исто така се донесоа и подзаконските акти[26] за негова имплементација.

---

[26] Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање лиценца за работа и за формата и содржината на лиценцата за работа на трговец поединец-сметководител, трговец поединец-овластен сметководител и друштво за вршење сметководствени работи, Правилникот за формата и содржината на барањето за полагање испит за стекнување со статус на сметководител или овластен сметководител, како и формата, и содржината на уверението за сметководител односно овластен сметководител, Правилникот за формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на трговци поединци-сметководители, Регистарот на трговци поединци-овластени сметководители и Регистарот на друштва за вршење сметководствени работи и Правилникот за формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на сметководители и Регистарот на овластени сметководители („Службен весник на Република Македонија“ бр.127/12).

За хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската унија во оваа област задолжено е Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем. Институционалната рамка исто така ги опфаќа: Централниот регистар, Управата за јавни приходи (согласно Законот за трговските друштва), Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Комисијата за хартии од вредност и Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (согласно другите закони од оваа област).

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Заради примена на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи, Министерството за финансии ќе издава уверенија за сметководител и уверенија за овластен сметководител до 03.02.2013 година.

Во текот на 2013 година Министерството ќе ги извршува надлежностите кои произлегуваат од Законот за вршење на сметководствени работи и се однесуваат на следење на работата на Институтот на овластени сметководители на Република Македонија и давање согласност на оперативните акти на Институтот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем,односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка на системот на сметководството.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно потребите ќе се врши натамошно усогласување на националната правна рамка за финансиското известување со законодавството на Европската Унија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии на Република Македонија, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија ќе остане надлежно за правната рамка за системот на сметководството и за натамошната хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Институционалната рамка ќе ги опфати и (согласно Законот за трговските друштва): сите трговски друштва, Централниот регистар; Управата за јавни приходи; Комисијата за хартии од вредност и компаниите за економско правен и финансиски консалтинг. Согласно другите закони кои ја регулираат оваа материја, во институционалната мрежа за оваа активност вклучени се и следните институции: Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

## РЕВИЗИЈА

## *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Согласно Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија "бр.158/10 и 135/11) Владата на Република Македонија донесе одлука за основање на Совет за унапредување и надзор на ревизијата (СУНР) ("Службен весник на Република Македонија "бр.08/12), како и Решение за именување на Претседател и членови на Советот за унапредување и надзор на ревизијата ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/12). Согласно член 13 од Законот СУНР во изминатиот период: го донесе Статут на Советот на 13.03.2012 година, усвоен од Владата на РМ („Службен весник на РМ" бр. 4/2012), ги донесе Деловникот за

работа и Годишната програма за работа на Советот на 05.07.2012, и ги усвои Финансискиот план и Тарифникот за издавање лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор трговец поединец и на овластени ревизори.

Во текот на 2012 година Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) го реализира следново:

- со согласност од СУНР, донесе Правилник за условите и начинот на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор, Програма за полагање на испитот за стекнување звање ревизор, како и измени и дополнувања на Статут на ИОРРМ во насока на усогласување со Законот за ревизија;
- го изготви и Годишниот план за проверки за контрола на квалитетот за 2012 година кои се спроведуваат од септември 2012 година до април 2013 година;
- го усвои и Извештајот за спроведена контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2011година, кој е составен дел од Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2011 година;
- усвои и Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2012 година согласно која во тек се предавања што ќе завршат во декември 2012 година;
- објави повик за пријавување на кандидати за полагање на испитот за стекнување звање ревизор, за сесијата во декември 2012 година; и
- го зајакна капацитетот со вработување на втор контролор на квалитет кој ќе почне со работа во јануари 2013 година.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на првата половина на 2013 година се очекува донесување на измените и дополнувања на Законот за ревизија, во насока на: доусогласување на законот со Директивата 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки, подетално уредување на постапката и опфатот на контролата на квалитетот и утврдување на критериуми што треба да ги исполнуваат лицата кои вршат контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластениот ревизор трговец-поединец, утврдување на дисциплинските мерки согласно дисциплинскиот прекршок што Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и СУНР може да ги изречат спрема друштвото за ревизија, овластениот ревизор трговец-поединец и овластениот ревизор, како и дефинирање на осигурувањето од одговорност за штетен настан што друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец може да ја предизвикаат на субјектот кај кого се врши ревизијата или на трети лица при вршењето на ревизијата.

Во текот на 2013 година ИОРРМ ќе го реализира следново:

- ќе спроведе испити за стекнување звање ревизор, како и континуирано професионално усовршување за овластените ревизори;
- ќе подготви и усвои извештај за спроведена контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2012 година, кој што ќе биде составен дел од Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2012 година;
- ќе подготви Годишен план за проверки за контрола на квалитетот за 2013 година; и
- ќе го финализира усогласувањето на актите на ИОРРМ со Законот за ревизија со донесување на Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ и Правилник за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец.

Во текот на 2013 година СУНР ќе ги донесе следниве два правилници: Правилник за начинот и постапката за утврдување и изрекување на мерки од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Правилник за издавање на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор и овластен ревизор-трговец поединец.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на ревизијата и заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови вработувања.

Во 2013 година, заради подобрување на административните капацитети и ефикасно извршување на административно техничките работи поврзани со неговото работење предвидени се три вработувања во Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на ревизијата**,** ќе се продолжи со понатамошно следење и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на ревизијата и заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови вработувања.

Ќе се гради капацитетот на Институтот за овластени ревизори со нови вработувања, но исто така и на другите регулаторни тела (Комисија за хартии од вредност, Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), МАПАС, итн.) кои ја следат примената на МСФИ односно се грижат за целосно и навремено обелоденување на финансиските податоци на институциите на кои вршат суперревизија.

## 3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

### 3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во изминатиот период, подготвена е методологија за проценка на авторското право и сродните права, како и програма за обука и за спроведување на стручен испит за проценител. 8 лица се стекнаа со сертификат за положен испит за проценител во авторско право и сродни права.

Министерството за култура (МК) издаде дозвола на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи (ММИ), Скопје. Исто така, ММИ донесе правилници за користење со тарифа и за распределба на надоместоците (Службен весник на Република Македонија, бр. 142/11).

Комисијата за посредување на авторското право и сродните права, водеше постапка за посредување (медијација) за склучување договори за кабелско реемитување помеѓу ЗАМП и четири кабелски оператори, како и склучување на договор за користење за РТВ емитување и за висината на надоместоците.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се следи спроведувањето на ЗАПСП и меѓународните трендови на АПСП, прописите на ниво на ЕУ и други меѓународни асоцијации. Истовремено ќе се врши анализа на можностите за нивно транспонирање во домашното законодавство и ќе се иницираат натамошни измени на прописите што се во врска со авторското право и сродните права, односно ќе се учествува во изработката на други прописи поврзани со АПСП.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во согласност со надлежностите, ќе се продолжи со поддршката за востановување на организациите за колективно управување, а постојните две редовно, а најмалку еднаш во годината ќе се контролираат.

Ќе се обрне внимание на соодветни програми за информирање и образување на потесната стручна јавност преку најразлични ЕУ фондови за авторското право и сродните права.

МК продолжи да ги спроведува обврските од Законот за процена – за спроведување на програмата за обука и за спроведување на стручен испит за проценител.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се следи спроведувањето на ЗАПСП и меѓународните трендови на АПСП, прописите на ниво на ЕУ и други меѓународни асоцијации. Истовремено ќе се врши анализа на можностите за нивно транспонирање во домашното законодавство и ќе се иницираат натамошни измени на прописите што се во врска со авторското право и сродните права, односно ќе се учествува во изработката на други прописи поврзани со АПСП.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за АПСП до 2014 година ќе се зајакне достигнувајќи најмалку 8 обучени и квалификувани државни службеници.

Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија согласно надлежностите и можностите на МК.

Ќе продолжат активностите за јакнење на јавната свест/информирање и образување на јавноста за АПСП.

### 3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Врз основа на Законот за процена, Министерството за економија донесе прописи за стекнување лиценца за вршење процена од областа на индустриската сопственост.[27]

Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на земјоделските производи („Службен весник на РМ“ бр.55/12) и подзаконските акти со кои се регулира постапката за заштита на географските ознаки за земјоделски и прехранбени производи, во согласност со Регулативите 32006R0509, 32006R0510, 32006R1898, 32007R1216 и 32008R0628.

Претставници од ДЗИС активно учествуваа во работата на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) и Европската патентна организација (ЕПО). Вработените од ДЗИС учествуваа на повеќе семинари, конференции  работилници и обуки во земјата и во странство.

Во рамките на соработката со СОИС, имплементиран е IPAS EDMS системот (електронски документ менаџмент систем на СОИС) и WIPO Scan алатката за скенирање на пријавите и признаените права од индустриска сопственост според меѓународните стандарди.

ДЗИС продолжи со активностите насочени кон подигнување на јавната свест, преку спроведување на обуки, семинари, спроведување на акции за уништување запленети производи итн., а Царинската управа подготви Програма за спроведување јавна кампања за подигнување на свеста за штетните последици по здравјето од користење и употреба на фалсификувани производи, особено кај најмладата популација. Во насока на стимулирање и афирмирање на пронаоѓаштвото во меѓународни рамки, ДЗИС даде поддршка за учество на четири меѓународни изложби.

Започна проектот ПАТЕНТИ.МК во чии рамки е креиран веб портал на кој се промовираат достигнувањата од научно-истражувачката работа  на истражувачите од високообразовните и научни установи и се ставаат на располагање на бизнис секторот, со што се обезбедува поврзување на бизнис заедницата со универзитетите и се создаваат предуслови за поттикнување на иновациите.

Во рамки на Програмата за имплементација на индустриската политика за 2012 година („Службен весник на РМ “бр.12/12), во Министерството за економија, поднесени и одобрени се 4 барања на деловни субјекти за надоместување на дел од трошоците за развој на бренд.

Во јуни 2012 се спроведе прва почетна обука за проценители за индустриска сопственост во рамки на која по положувањето на испитот 33 кандидати се квалификуваа за добивање лиценца за проценители. Во Министерството за економија беа поднесени и одобрени се 12 барања за издавање лиценца.

---

[27] Правилник за начинот на бодирање на писмениот дел од стручниот испит за проценувачи од областите за процена на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица, подвижен имот, машини и опрема и индустриска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.16/12); и Програма за полагање на стручен испит за проценувач на индустриска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.3/12).

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се ратификува Договорот од Најроби за заштита на Олимписките симболи, со што целосно ќе се исполнат обврските од Анексот 7 од ЦЕФТА Договорот.

Ќе се донесе Стратегија за индустриска сопственост 2013-2016. Во Стратегијата посебен акцент ќе се даде на патентната заштита и иновациите, спроведувањето на заштитата и трансферот на технологии кои произлегуваат од истражувањата на универзитетите.

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За зајакнување на капацитетот на ДЗИС во 2013 година ќе се вработат нови лица и ќе продолжи континуираното стручно надградување на вработените.

Обуката на вработените во ДЗИС и на останатите субјекти од системот на заштита, ќе се остварува преку национални и регионални семинари, студиски престои и други активности преку соработката со СОИС, ЕПО, ЕПА и друга билатерална соработка.

Во рамките на соработката со ЕПО за 2013 година предвидени се проектите:

- Подготовка на публикација во која ќе се дадат насоки за развојот на политиките на универзитетите во поддршка на патентната заштита и иновациите, трансферот на технологии, како и на спроведувањето на правата од индустриска сопственост. Публикацијата ќе биде основа за подготовка на новата Стратегија за индустриска сопственост 2013-2016 година.
- Во рамките на Проектот IP4inno, на македонски јазик ќе се преведат материјали за поддршка на мали и средни претпријатија, изработени од Европската комисија. Материјалите ќе се објават на веб страницата на ДЗИС и на порталот IP4inno, дизајниран и ажуриран од страна на Европската комисија. За промоција на преведените материјали, ќе се организираат 2 семинара за претставници од мали и средни претпријатија и студенти од Правниот факултет Јустинијан Први.
- Проектот за скенирање на патентната документација со кој ќе се овозможи понатамошно надградување на системите за електронско поднесување на патентни пријави (OLF online filing), espacenet level 1 и приклучување на Република Македонија кон Федералниот европски патентен регистар;
- Изработка на промотивен видео материјал за иновациите и патентите во Република Македонија кој ќе се промовира на прославата на денот на интелектуалната сопственост, 26 април;
- Обука на вработените во ДЗИС за изучување на официјалните јазици на Европската патентна организација.

Се очекува конечно одобрување на предложените проекти од страна на ЕПО.

Во рамките на Програмата за соработка со СОИС предвидено е да се одржи Симпозиум за предизвиците на индустриската сопственост на глобално рамниште. Се очекува конечно одобрување од СОИС.

ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството на општинско ниво, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Царинската управа ќе спроведе јавна кампања за подигнување на свеста за штетните последици по здравјето од користење и употреба на фалсификувани производи, особено кај најмладата популација.

Во рамките на активностите на Министерството за економија ќе се подготви и ќе се донесе Програма за конкурентност, претприемништво и иновации за 2013 година, со која ќе се обезбеди поддршка на деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за повеќе намени од областа на индустриската сопственост.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

Ќе се спроведува Стратегијата за индустриска сопственост 2013-2016.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во ДЗИС ќе се вработат нови лица во 2014 и 2015 година. Истовремено ќе се одржува нивото на техничка опременост, ќе се продолжи со обука на вработените во ДЗИС и другите субјекти вклучени во системот на заштита на правата од индустриската сопственост.

ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Ќе продолжи да се спроведува соработката со Европската патентна организација и со Светската организација за интелектуална сопственост.

### 3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2012 година продолжи имплементацијата на Стратегијата за интелектуална сопственост (2009-2012). Воедно, надворешни експерти извршија евалуација на спроведените активности, а експертскиот извештај се достави до Европската комисија.

Владата на Република Македонија ја усвои Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземени мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост, со што ќе се овозможи добивање точни и конзистентни податоци како појдовна основа за следење и анализа на состојбата во врска со спроведување на правата.

Министерството за економија отпечати и дистрибуираше брошури за потрошувачките права при користење на пиратски и фалсификувани производи со кои се повредуваат правата на интелектуална сопственост, како дел од Програмата за заштита на потрошувачите за 2011-2012.

Во Царинската управа се зајакнаа кадровските капацитети на Одделението за нетарифни мерки (ОНМ), кое работи на заштита на правата од интелектуална сопственост, од 2 на 5 вработени царински службеници. Истовремено се овозможи пристап на вработените во ОНМ и на вработените во царинските испостави кон IPM база на податоци Светската царинска организација за трговски марки, носители на права, примери на фалсификувана стока и слично. Во тек е проектот за имплементација на привремениот софтвер за евиденција на заштита на правата од интелектуална сопственост, кој е предвиден да се реализира до крајот на годината.

Изготвено е софтверско апликативно решение на информатичкиот систем со мрежно поврзување на сите организациони единици кои функционираат во рамките на Државниот пазарен инспекторат со што се создава современа база на податоци.

Агенцијата за поддршка на претприемништвото организираше обука за предизвиците и добрите практики од заштитата на правата од интелектуална сопственост, за потребите на малите и средни претпријатија.

Во рамките на континуираната обука, во текот на 2012 година, Академијата за судии и јавни обвинители реализираше вкупно 7 обуки за различни аспекти на заштитата на правата од интелектуална сопственост, на кои учествуваа вкупно 215 учесници, од кои 181 од правосудството и останатите од релевантните институции и од странство. Вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на правата од интелектуална сопственост и членовите на Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС) учествуваа на повеќе обуки: TAIEX работилници, експертски мисии и студиски посети и конференции.

КТИС спроведе вкупно дваесет и пет координирани акции и две јавни акции за уништување на одземените производи со кои се повредуваат правата од интелектуална сопственост. Воедно, КТИС активно работеше на јакнење на јавната свест за заштитата на правата од интелектуална сопственост преку едукативни настани.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се следат меѓународните трендови во спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Царинската управа подготви нови измени и дополнувања на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, што предвидува конкретен рок во кој носителите на право ќе бидат должни да спроведат уништување на стоката која повредува право од интелектуална сопственост, каде Царинската управа во поедноставена постапка донела одобрение за уништување. Во измените на законот е содржано и правото на Царинската управа по истекот на определениот рок за уништување, сама да спроведе постапка за уништување на предметната стока, при што трошоците за уништување ќе паднат на товар на носителот на правото. Предлог измената на законот содржи и одредби во насока на ревидирање на

казнената политика воспоставена со овој закон, со можност за воведување на прекршочна одговорност за лицата кои пријавиле за влез, излез или транзит стоки кои повредуваат право од интелектуална сопственост. По донесувањето на овие законски измени, ќе следуваат измени и дополнувања на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, особено на образецот на Барањето за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост во кој е предвидена обврската на носителите на право за доставување на поголем број податоци кои се однесуваат на оригиналните стоки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се продолжи со обука на вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата и ќе продолжат специјализирани обуки на судии и јавни обвинители од областа на интелектуалната сопственост.

Ќе се имплементира Методологијата за статистичко следење и статистичка обработка на податоци за спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Ќе се одржи TAIEX Регионалната работилница за криминалот во областа на интелектуалната сопственост.

Градењето на системот на заштита на правата од интелектуална сопственост ќе продолжи да се остварува преку реализирање на Програмата на КТИС, со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата. Активностите на КТИС и на другите институции во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост ќе се насочат кон сузбивање на фалсификатите и пиратеријата.

Ќе се спроведуваат активности за реализацијата на ИПА 2011 Компонента 1, за јакнење на капацитетите на институциите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Заштитата на правата од интелектуална сопственост и во наредниот период ќе биде приоритет во работењето и ќе продолжи да се остварува врз основа на Годишната програма за работа на Државниот пазарен инспекторат за 2013 година и месечните планирани активности.

Согласно Програмата за континуирана обука, во текот на 2013 година ќе продолжи специјализирана обука на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост. Предвидено е, од буџетот на Академијата, да се подготват и спроведат вкупно 9 обуки, со вкупно 270 учесници или на секоја одделна обука по 30 учесници.

Со оглед на значењето на заштитата на правата од интелектуална сопственост и согледаната потреба за издавање на Прирачник кој ќе ја олесни примената на легислативата од оваа област, наменет за судиите и јавните обвинители, Академијата за судии и јавни обвинители ќе настојува да обезбеди финансиски средства за подготовка и издавање на Прирачникот, преку заеднички проект на Академијата и Државниот завод за индустриска сопственост, во рамките на Соработката со СОИС.

Царинската управа во рамки на постапката за набавка на новиот софтвер за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД, предвидува нова апликација за евидентирање на заплени по основ на повреда на права од интелектуална сопственост. Со ставање во функција на оваа апликација

значително ќе се унапреди системот на водење евиденција на прифатените барања за преземање царински дејствија и задржаните стоки за кои постои сомневање дека повредуваат право од интелектуална сопственост.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се следат меѓународните трендови во спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Царинската управа ќе изврши усогласување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост и на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, со новата регулатива на ЕУ за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, која ќе ја замени постоечката регулатива бр.1383 од 2003 и бр.1891 од 2004 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Континуирано ќе се зајакнуваат техничките и кадровските капацитети на институциите преку нови вработувања, набавка на неопходната техничка опрема и континуирани обуки на субјектите кои се вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.

Ќе се спроведува проектот ИПА 2011 Компонента 1, за јакнење на капацитетите на институциите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Академијата за судии и јавни обвинители, ќе продолжи со континуирана едукација на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост со цел јакнење на капацитетите на правосудството за спроведување на ефикасна судска заштита на правата од интелектуална сопственост, воведување и развивање на е-модул на обуки од областа на интелектуалната сопственост, преку системот за електронско учење на Академијата, зајакнување на соработката со домашни и странски релевантни институции и проекти на полето на едукацијата на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост преку реализирање на студиски посети и учество на конференции, семинари и други тренинг настани во странство, збогатување на библиотечниот фонд на Академијата со стручна литература од областа на правото на интелектуална сопственост.

## 3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА

### 3.08.1 АНТИТРУСТОВИ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во 2012 година Владата на РМ на предлог на Комисијата за заштита на конкуренција донесе 9 (девет) уредби и тоа: Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови на договори за трансфер на технологија, за лиценца или за know-how („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2012), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32004R0772; Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови договори за истражување и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2012), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32010R1217; Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени

видови на хоризонтални договори за специјализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2012), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32010R1218; Уредба за групно изземање на одредени видови договори за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2012), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32010R0267; Уредба за групно изземање на одредени видови договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2012), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32010R0461; Уредба за групно изземање на одредени видови вертикални договори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2012), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32010R0330; Уредба за поблиските услови за договори од мало значење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2012), со која се транспонираше ЕУ мерката 52001XC1222(03); Уредба за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката под која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глобата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2012), со која се транспонираше ЕУ мерката 52006XC1208(04) и Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2012), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32004R0802. Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата ги донесе следните 3 (три) насоки: Насоки за концептот на концентрација, усогласени со Насоките на ЕК 52008XC0416(08); Насоки за поедноставена постапка за оцена на концентрации, усогласени со Известувањето на Европската комисија за поедноставена постапка за третирање на одредени концентрации во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 139/2004 на Советот, CELEX бр. 52005XC0305(03) и Насоки за примена на член 7 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата, усогласени со Насоките на ЕК 52004XC0427(07).

Од вкупниот број на вработени во стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст КЗК), кој изнесува 23 државни службеници, 7 лица (четворица правници и 3 економисти) работат на спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата. Во текот на 2012 година дел од нив учествуваа на повеќе обуки, работилници и конференции, вклучувајќи ги и семинарите во организација на Регионалниот центар за конкуренција со седиште во Будимпешта, Унгарија (ОЕЦД-ГВХ РСС).

Во делот на спроведувањето, заклучно со 29.11.2012г. КЗК донесе вкупно 28 (дваесет и осум) решенија од кои: 3 (три) решенија за утврдување на постоење забранет договор/договорна практика (две донесени во управна постапка и едно во прекршочна постапка), 1 (едно) решение за злоупотреба на доминантна позиција (донесено во прекршочна постапка), 20 (дваесет) решенија за оцена на концентрации на претпријатија (сите донесени во управна постапка) и 2 (две) решенија за непријавена концентрација (двете донесени во прекршочна постапка).

КЗК при остварување на своите надлежности продолжи да остварува блиска соработка со останатите регулаторни тела во Република Македонија, а особено Регулаторната комисија за енергетика, Советот за радиодифузија, Агенција за електронски комуникации и Бирото за јавни набавки во согласност со потпишаните меморандуми за соработка.

На 23 ноември 2012 година КЗК потпиша Заедничка декларација за соработка меѓу конкурентските управи на Договорните страни и на Секретаријатот на Енергетската заедница за воспоставување на Мрежа за заштита на конкуренцијата на Енергетската заедница.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Заради поефикасно спроведување на законодавството од страна на КЗК во делот на ефикасна операционализација на програмата за попустливост (leniency programme), која се воведе со новиот Закон за заштита од конкуренција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10 и 136/11), во 2013 година ќе се измени член 283 од Кривичниот законик на Република Македонија.
КЗК во 2013 година ќе ги донесе следните Насоки:

- Насоки за вертикални ограничувања, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК со CELEX бр.: 52010XC0519(04) и
- Насоки за примена на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата кај хоризонтални договори, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК со CELEX бр.: 52011XC0114(04).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на јакнење на административниот капацитет на КЗК за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата, ќе се одржат TAIEX обуки и обуки во рамки на Регионалниот центар за конкуренција со седиште во Будимпешта, Унгарија (ОЕЦД-ГВХ РСС).

Заради стимулирање на поефикасно работење на вработените кои работат на спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата, до крајот на 2013 година ќе се реализираат нови вработувања кои одговараат на потребите на КЗК. Исто така, административните капацитети ќе се зајакнат и со набавка на IT опрема и мебел потребни за реализација на предвидените тековни активности, а со цел ефикасно извршување на работните задачи од страна на вработените во стручната служба на КЗК.

КЗК ќе продолжи да остварува блиска соработка со останатите регулаторни тела во Република Македонија, а особено со Регулаторната комисија за енергетика, Советот за радиодифузија, Агенција за електронски комуникации и Бирото за јавни набавки во согласност со потпишаните меморандуми за соработка, како и соработка во рамки на Мрежата за конкуренција при Енергетската заедница.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ *acquis* согласно релевантните промени на истото.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и TAIEX обуки за членовите на КЗК и вработените во стручната служба на КЗК.

Воедно ќе се реализираат активности за подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор преку издавање на брошури, организирање на конференции и јавни дебати за прашања од обласа на антитруст и концентрации.

## 3.08.2 ДРЖАВНА ПОМОШ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.145.10), како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот.

Анализата на Европското законодавство, продолжи во областа на регионалната и хоризонталната помош, а со цел континуирано усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis во областа на државната помош.

Од вкупниот број на вработени во стручната служба на КЗК, кој изнесува 23 државни службеници, на спроведување на Законот за контрола на државната помош работат 7 лица, од кои 5 (пет) економисти и 2 (два) правници.

Во текот на 2012 година, беше реализирано 1 ново вработување, кое може со дополнителна обука да придонесе за зајакнување на административниот капацитет на КЗК во делот на контрола на државната помош.

КЗК продолжи со активностите поврзани со јакнењето на свеста за контролата на државната помош преку Твининг проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“, а со организирање на работилници за давателите на државна помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2012 година во делот на државна помош донесе 6 решенија, а во декември 2012 година во тек е донесување на 4 решенија.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

КЗК во 2013 година ќе донесе:

- Уредба за условите и постапката за доделување на регионална помош, со која ќе се транспонира ЕУ Регулативата 32008R0800 и ЕУ мерката 52006XC0304(02) и
- Уредба за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош , со која се транспонира ЕУ Регулативата 32008R0800 и ЕУ мерките: 52009XC0811 (02), 52009XC0811(01), 52006XC1230(01), 52010XC1207(02) и 52008XC0401(03)
- Уредба за правилата за државна помош за надомест доделен за обезбедување на услуги од општ економски интерес, која ќе се усогласи со ЕУ мерките C(2011) 9380, C(2011) 9404 и C(2011) 9406.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на административните капацитети на КЗК, а заради стимулирање на поефикасно работење на вработените кои работат на спроведување на Законот за контрола на државната помош, до крајот на 2013 година ќе се реализираат нови вработувања кои одговараат на потребите на КЗК. Во овој период ќе се реализираат повеќе обуки, студиски посети и семинари за вработените во КЗК за ефикасно спроведување на Законот за контрола на државна помош и подзаконските акти во рамки на Твининг Проектот „Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“ –ИПА компонента 1 за 2009.

Воедно, во рамки на твининг проектот ќе се реализираат обуки за судиите кои работат на предмети од државната помош, за давателите на државна помош, органите на локалната самоуправа, бизнис заедницата и новинарите.

Во овој период ќе се работи на воспоставување на ефикасна контрола на државната помош, преку изработка на оперативна база на податоци за државна помош, изработка на методологија за изготвување на годишни извештаи за државна помош и за развој на шеми за државна помош, како и изработка на методологии и процедури со цел олеснување на процесот на донесување на одлуки.

Исто така, административните капацитети ќе се зајакнат и со набавка на IT опрема и мебел потребни за реализација на предвидените тековни активности, а со цел ефикасно извршување на работните задачи од страна на вработените во стручната служба на КЗК.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ *acquis* согласно релевантните промени на истото.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и обуки за членовите на КЗК и вработените во стручната служба на КЗК.

## 3.09.ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

### 3.9.1.БАНКИ И ФИНАСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Заклучно со октомври 2012 година банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваат 16 банки, што е за една банка помалку во однос на претходниот период (се должи на припојувањето на Зираат банка АД Скопје кон Халк банка АД Скопје).

Во 2012 година, активностите на банките продолжија да растат. На 30.09.2012 година вкупната актива, вкупните депозити и вкупните кредити остварија годишни стапки на раст од 5,6%, 5,7% и 7,1%, соодветно.

Показателите за квалитетот на кредитното портфолио на банките забележаа извесно влошување, кое во целост произлегува од корпоративниот сектор. Стапката на нефункционалните кредити достигна 10,9% , но и натаму постои целосна покриеност на нефункционалните кредити со вкупната издвоена исправка на вредноста. Можен е ризик од прелевање на негативните последици од преземените рестриктивни мерки кон некои од мајките-банки од ЕУ (оние кои добија државна поддршка) врз подружниците во Република Македонија.

Ликвидноста на банкарскиот систем е стабилна и е на релативно високо ниво. И понатаму една третина од вкупната актива се ликвидни средства и тие овозможуваат покриеност на депозитите на домаќинствата од близу 58%.

Банките континуирано одржуваат висока и стабилна солвентност. За септември 2012 година беа доставени првите извештаи за адекватноста на капиталот според новата методологија која е изработена според Базел 2 (прв столб). Стапката на адекватност на капиталот и натаму е два пати повисока од законскиот минимум и изнесува 17,1%.

Повратот на активата и повратот на капиталот на 30.09.2012 година изнесуваа 0,3% и 2,3%, соодветно.

### ПРАВНА РАМКА

Задржување на стабилноста на финансискиот систем, неговиот натамошен развој и зголемувањето на интермедијацијата останаа главни приоритети во областа на финансискиот систем во 2012 година.

На 01.07.2012 започна да се применува новата регулатива за утврдување на адекватноста на капиталот, која се заснова на капиталните барања според Базел 2.

Во октомври 2012 дополнително зајакна регулаторното барање од јуни 2011 година, за примена на кредитниот рејтинг при утврдувањето на ризичноста на побарувањата на банките.

Во декември 2012 година усвоија измените и дополнувања на Одлуката за управувањето со ризиците, со кои подетално се определи процесот на интерно утврдување на потребниот капитал и се регулираше начинот на известување до Народната банка. Всушност, наместо планираниот циркулар, интерниот пристап за одредување на потребниот капитал и соодветната и извештајна форма се уредијапреку измени во постојната Одлука за управување со ризиците.

Кон крајот на 2012 година се усвои процедурата за утврдување на т.н. единствен индекс за банкарска стабилност.

Со цел континуирано следење на движењата во финансискиот систем во Република Македонија и глобалните

случувања со посебен акцент на ризиците на глобалниот финансиски систем а во насока на одржување на стабилноста на финансискиот систем на земјата, Комитетот за финансиска стабилност остварува редовни средби.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерството за финансии, односно Секторот за финансиски систем – Одделение за банкарски и небанкарски институции е надлежно за подготовка на прописите кои се однесуваат на банкарскиот сектор и за хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Оваа организациска единица брои тројца вработени и нивниот административен капацитет постојано се зајакнува со вршење на обуки во земјата и странство.  До крај на оваа година се очекува зајакнување на оваа организациона единица со нови вработувања.

Во 2012 година во Скопје, во организација на Агенцијата за трансфер за финансиска технологија - АТТФ, се одржаа семинари на тема:
- "Credit assessment & Credit management"
- "Branch Network Management"
-"Retail Banking: The New Distribution Channels".
На сите семинари учествуваа претставници од банките во Република Македонија, Народната банка и Министерството за финансии.

Народната банка на Република Македонија е регулаторен и супервизорски орган за банките. Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените за примената на супервизорските процедури.

Соработката со супервизорските органи на матичните банки на домашните подружници, пред се од Грција и Словенија продолжи. Соработката со домашните супервизорски органи започна да се остварува преку редовни квартални заеднички средби на сите финансиски супервизорски органи.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Задржување на стабилноста на финансискиот систем и негов натамошен развој остануваат приоритети во сферата на финансискиот систем. Овие приоритети ќе се реализираат преку следните активности:

- Во текот на 2013 година ќе се изврши дополнување на Законот за банките во насока на понатамошно усогласување со банкарската директива во делот на прекугранично давање на услуги.
- Во насока на натамошна либерализација на движењето на капиталот, а во согласност со препораките од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, до 31.01.2014 година ќе се донесе нов Закон за девизно работење.
- Во 2013 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро. Измените во Законот се во насока на воведување надзор над функционирањето на кредитното биро и проширување на опфатот на податоци со кои располага Кредитното биро. Со измените на Законот ќе се зголеми корисноста на податоците и услугите од страна на Кредитното биро, ќе се подобри ефикасноста на деловните субјекти и ќе се унапреди деловниот и инвестицискиот амбиент во Република Македонија, како еден од предусловите за привлекување странски инвеститори.
- Обезбедување кадровски предуслови за подготовка на регулативата за напредните пристапи од Базел 2.
- Пропишување на стандардите од Базел 3, согласно со динамиката определена од Базелскиот комитет.
- Континуирано ќе се следат регулаторните промени на меѓународно и на ниво на Европска Унија, особено во делот кој се однесува на мерките за подобрување на состојбите кај банките и формирање на т.н.

bridge bank. По донесувањето на соодветните директиви од страна на Европскиот Парламент, Република Македонија ќе пристапи кон нивно имплементирање.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при Министерството за финансии на краток рок ќе се зајакне со вработување на едно лице со високо образование.

За потребите на регулирање на напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал според Базел 2, неопходно е зајакнување на капацитетите на вработените во Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност во Народната банка.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Усвојување  и примена на регулативата за напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

## 3.09.2 ОСИГУРУВАЊЕ И КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Осигурителниот пазар во Република Македонија на 30.09.2012 година го сочинуваат 15 друштва за осигурување, 21 осигурително брокерски друштва и 8 друштва за застапување во осигурување. Четири друштва за осигурување вршат работи на осигурување на живот, останатите 11 вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување.

Во првите три квартали од 2012 година друштвата за осигурување во Република Македонија полисирале бруто премија во вкупен износ од 5.293.599 илјади денари, од кои 369.565 илјади денари (6,98%) произлегува од осигурување на живот, додека 4.924.034 илјади денари (93,02%) од неживотно осигурување. Во споредба со истиот период од минатата година, забележан е пораст на бруто полисираната премија (во понатамошниот текст БПП) кај двете групи на осигурувања. Кај неживотното осигурување е забележан пораст од 1,38%, додека пак порастот на премијата за осигурување на живот е поголем и изнесува 20,57%. Порастот на бруто премијата збирно за двете групи на осигурувања изнесува 2,52%.

Пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување го сочинуваат 2 друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови кои управуваат со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски фонд. Средствата на пензиските фондови се чуваат во деловни банки кои вршат функција чувар на имот.

**ПРАВНА РАМКА**

Основната правна рамка со која се регулира основањето, вршењето на работи на осигурување, работи на застапување и посредување во осигурување и супервизијата на осигурување во Република Македонија се Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 8/08, 88/08 и 56/09), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на РМ“ бр. 88/05, 70/06 и 81/08), Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ“ бр. 18/01, 4/02 и 5/03) и Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/04).

Во 2012 година Агенцијата за супервизија на осигурување продолжи со активности во насока на понатамошно доизградување на подзаконската регулатива за осигурување со цел нејзино усогласување со директивите на Европската Унија и принципите и стандардите за спроведување супервизија на Меѓународната Асоцијација на Осигурителни Супервизори (IAIS). Во оваа насока, Агенцијата има донесено вкупно 7 подзаконски акти кои регулираат прашања од обласата на лиценцирање.

Во јануари 2012 година е донесен Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, кој го регулира повлекувањето и користењето на средствата од вториот и третиот пензиски столб.

Во јули 2012 година е донесен Законот за измена и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со кој ќе се воспостави институционална независност на МАПАС (*што е препорака на Европската комисија во Извештајот за 2009 и 2012 година),* односно надлежностите на Владата на РМ се заменуваат со надлежности на Собранието на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во системот на осигурување надлежна институција за изготвување на законските акти е Министерството за финансии односно Секторот за финансиски систем, Одделението за системот на осигурување во кое моментално се вработени две лица.

Согласно Законот за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурување е основана како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања. АСО во рамките на своите надлежности и овластувања се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел заштита на правата на осигурениците и корисниците на осигурување. Во моментов, АСО има 20 вработени вклучувајќи ги и професионално ангажираните членови на Советот на експерти.

Во периодот од 1.10.2011 – 30.9.2012 година АСО спроведе девет теренски контроли од кои шест во друштва за осигурување, две во осигурително брокерски друштва и една во друштво за застапување во осигурување. Три супервизии беа организирани како заеднички во соработка со регулаторните органи од Австрија, Словенија и Хрватска. Врз основа на контролите и наодите од истите, АСО има изречено наредби за отстранување на неправилности и незаконитости во работењето на субјектите.

Во истиот период АСО активно учествуваше на годишните супервизорски колеџи кои ги организираа регулаторните тела надлежни за супервизија на матичните друштва во рамки на осигурителните групи кои се присутни на македонскиот осигурителен пазар и тоа Австрија, Бугарија и Словенија.

Агенцијата за супервизија на осигурување соработува со супервизорските органи на друштвата за осигурување кои се доминантни сопственици на друштва за осигурување во Република Македонија врз основа на потпишани билатерални меморандуми за соработка и преку супервизорски колеџи (ваквиот начин на соработка функционира со Регулаторните тела на Австрија, Бугарија, Хрватска и Словенија). Исто така,

АСО соработува и со други релевантни супервизорски органи од други земји врз основа на потпишани меморандуми за соработка (Германија, Австрија, Албанија, Бугарија, Црна Гора, Србија, Хрватска, Словенија) како и со домашни супервизорски и други органи (Народна Банка на РМ, Комисија за хартии од вредност, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Управата за спречување перење пари и финансирање на тероризам).

Почнувајќи со известувањата за првиот квартал од 2012 година во функција е ставен информатичкиот систем на АСО. Субјектите на супервизија ги поднесуваат извештаите за работењето согласно Законот за супервизија на осигурување електронски директно во софтверот на АСО.

Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените за примената на супервизорските процедури.

Во текот на 2012 година, Агенцијата за супервизија на осигурување, преку континуирано спроведување обуки и испит за застапници во осигурување и осигурителни брокери, продолжи со сертифицирање на нови застапници и брокери во осигурувањето. Во периодот 01.10.2012 – 30.09.2012 година низ процес на обука за застапници поминале вкупно 201 лица, со уверение за застапник во осигурување се стекнале 163 лица а лиценца за застапник добиле 600 лица. Во периодот 01.10.2012 – 30.09.2012 година низ процес на обука за осигурителни брокери поминале вкупно 144 лица, со уверение за осигурителен брокер се стекнале 119 лица а лиценца за осигурителен брокер добиле 64 лица.

Во ноември 2011 година АСО започна со спроведување на нов III-ти по ред циклус на едукација на актуари.

Заради зајакнување на супервизорскиот капацитет на МАПАС (*во согласност со препораките на ЕК во Извештајот за 2011 и 2012 година)* вработените во Секторот за контрола имаа повеќе обуки во текот на 2012 година:

- обуки преку ИПА проектот: обука на тема: Дефинирање на процедура за спроведување на теренска и вонтеренска контрола базирана на оценка на ризик, во Скопје, посета на супервизорските тела во Турција, заради запознавање со нивните искуства во супервизијата базирана на ризик и обука за вработените во Секторот за контрола и Секторот за истражување на тема - Пазари на капитал.

- Во мај и октомври 2012 година се одржа првата теренска контрола базирана на оценка на ризик на пензиските друштва, од страна на овластени лица од МАПАС со помош на консултант од оваа област од ИПА проектот.

Во мај 2012 МАПАС, во координација со ИОПС, организираше регионална конференција за Развојот на супервизијата базирана на ризик и ажурирање на принципите на ИОПС, во Скопје.

Во текот на април и мај 2012 година вработен во МАПАС присуствуваше на обуките за внатрешен пазар, организирани од Секретаријатот за европски прашања, во Скопје и Брисел.

Во МАПАС се вршат подготовки на документација и имплементирање на квалитативни стандарди за првата сертификација за добивање на ИСО стандард 9001. До крајот на 2012 година, во МАПАС треба да се спроведе ИСО контрола од овластени лица заради добивање на сертификатот. Исто така, МАПАС работи и на воведување на систем за управување со безбедност на информациите (ISMS) заради имплементација на ИСО 27001:2005.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во почетолот на 2013 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување со цел негово усогласување со одредбите од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци во делот на посебни одредби кои се однесуваат на договори за пензии во случај на стечај и ликвидација на друштва за осигурување.

Во текот на 2013 година ќе продолжат активностите поврзани со подготовка на нов Закон за осигурување во кој ќе се имплементира новата ЕУ Директива 2009/138/EC (Solvency II).

Покрај активностите во делот на учество во подготовка на нов Закон за осигурување, АСО ќе продолжи со активности во насока на понатамошно доизградување на подзаконската регулатива за осигурување со цел нејзино усогласување со директивите на Европската Унија и принципите и стандардите за спроведување супервизија на Меѓународната Асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS). Во оваа насока во текот на 2013 година планирано е донесување на 5 нови подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување и другите закони од надлежност на АСО. Фокусот на подзаконските акти ќе биде лиценцирањето и корпоративното управување, управувањето со ризик особено во делот на критериуми за реосигурување, начинот и постапката за спроведување на теренска супервизија итн.

До крајот на 2013 година ќе биде донесена и регулатива со која ќе се дефинираат минималните стандарди кои треба да ги задоволат информатичките системи на субјектите на пазарот на осигурување во РМ. Овие стандарди ќе бидат дефинирани врз основа на анализата на состојбата на информатичките системи на субјектите, постојните ИТ стандарди во светски и европски рамки, како и анализа на критичните ризици во работењето поврзани со информатичките системи.

Во рамки на надлежностите на АСО кои произлегуваат од донесениот Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци, АСО, самостојно и во соработка со МАПАС, во текот на 2013 година ќе отпочне со активности во насока на анализа и отпочнување со подготовка на дел од подзаконските акти поврзани со имплементацијата на овој закон.

Во првата половина на 2013 година се очекува донесување на законите со кои се менуваат Законот задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување заради нивно усогласување со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и измени поврзани со воведувањето на супервизија заснована на оценка на ризик.

Во текот на 2013 година МАПАС ќе започне со изготвување на подзаконски акти од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и ќе продолжи со ажурирање на подзаконските акти од Законот задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Административниот капацитет на Одделението за системот за осигурување ќе се зајакне со вработување на едно лице**.**

Во текот на 2013 година АСО ќе продолжи со понатамошно унапредување и развој на дејноста застапување и посредување во осигурување преку продолжување на активностите на спроведување континуирана обука на

застапници и брокери во осигурување. Континуираната обука на застапници и брокери ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на пазарот на осигурителни услуги и зголемување на довербата на корисниците на осигурителни услуги.

Со цел континуирано спроведување на професионална едукација за актуари, по завршување на постојниот циклус на обука, АСО во ноември 2013 година ќе отпочне со организација и спроведување на нов IV циклус на едукација на актуари.

Во делот на супервизијата, АСО ќе продолжи со континуирано спроведување на вонтеренска и теренска супервизија согласно Планот за работа на АСО за 2013 година.

АСО во текот на 2013 година активно ќе учествува и на годишните супервизорски колеџи кои ги организираат регулаторните тела надлежни за супервизија на матичните друштва во рамки на осигурителните групи кои се присутни на македонскиот осигурителен пазар.

Во делот на супервизијата, во текот на 2013 година АСО понатаму ќе ги унапредува постапките на спроведување на супервизија преку имплементација на нови пристапи во контролата који ќе се базираат на проценка на ризици и ефикасност во начинот на управување со ризици, како и на методологијата пропишана од страна на Меѓународната Асоцијација на осигурителни суперзвиори (IAIS). Во рамки на активностите за развој на супервизијата, ќе се вршат редовни обуки на вработените за примена на супервизорските процедури.

Во текот на 2013 година ќе продолжат активностите на АСО за понатамошно унапредување на информатичкиот систем на АСО за електронско доставување на податоци и извештаи од страна на субјектите на осигурителниот пазар.

До јуни 2013 година, ќе продолжи да се спроведува Проектот на Светска банка за либерализација на пазарот на осигурување од автомобилска одговорност кој има за цел да и помогне на АСО во процесот на постепена либералиазција на пазарот на осигурување од автомобилска одговорност преку воведување и развој на технички стандарди, соодветни пазарни практики и пристап базиран на ризик.

Во делот на **заштита на потрошувачите** АСО во текот на 2013 година ќе ги превземе следните активности:

- промоција на брошурите кои АСО ги изработи во текот на 2012 година: брошура за земјоделско осигурување, брошура за домаќинско осигурување, брошура за осигурување на живот и брошура за пазарот на осигурување;
- изработка и промоција на нови брошури за доброволно здравствено осигурување и осигурување од автомобилска одговорност.
- изработка и промоција на посебен електронски портал (веб страница) преку кој АСО на јасен, објективен и непристрасен начин ќе врши континуирана едукација и информираност на корисниците на осигурителни услуги за различните карактеристики на осигурителните услуги понудени од различни осигурителни провајдери како и за нивните права кои произлегуваат од склучените договори за осигурување.

Врз основа на измената на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во јули 2012, до крајот на годината се очекува именувањето на членови на Советот на експерти на МАПАС и промена на интерните акти во првата половина на 2013, со што практично ќе се заокружи институционалната независност на МАПАС што е во согласност со препораките на ЕК во Извештајот за 2012 година. Со тоа надлежностите на Владата на Република Македонија ќе се заменат со надлежности на Собранието на Република Македонија.

Исто така се планира присуство на работилниците организирани од ИОПС за финансиска едукација, како и семинари поврзани со супервизија заснована на оценка на ризик со цел добивање на сертифакати за управување со ризик.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

На среден рок предвидено е да се продолжи со понатамошно усогласување и приближување кон европските директиви.

На среден рок АСО ќе работи на воспоставување и соодветна имплементација на супервизорски правила, стандарди и принципи усогласени со правилата на Меѓународната асоцијација за осигурителни супервизори (ИАИС). Исто така, АСО ќе започне со активности за изготвување на план за можностите и потребите за премин кон супервизија базирана на ризик (risk based supervision) и имплементирање на одредбите од директивата на ЕУ која се однесува на Solvency II во домашната регулатива и пракса.

Во следниот среднорочен период ќе се работи на унапредување и натамошен развој на капитално финансирано пензиско осигурување односно вториот и третиот столб од пензискиот систем и негово усогласување со европските текови.

До крајот на 2014 година се планира донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осгурување.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Административниот капацитет на Одделението за системот за осигурување при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

На среден рок Агенцијата за супервизија на осигурување планира да врши редовни обуки на вработените кои ќе бидат реализирани од сопствени средства но и добиена помош во форма на консултантски услуги.

За имплементирање на стандардите за солвентност, АСО ќе обезбеди континуирана обука на постојниот кадар, како и доекипирање на секторот за супервизија.

На среден рок МАПАС ќе работи на воспоставување и соодветна имплементација на супервизорски правила, стандарди и принципи усогласени со правилата на Меѓународната организација за пензиски супервизори (ИОПС).

МАПАС ќе продолжи да ги следи сите обуки предвидени за зајакнување на административниот капацитет и ќе испраќа вработени на поединечни обуки во насока на зајакнување на нивните експертски капацитети, посебно заради спроведување на супервизијата базирана на ризик.

### 3.9.3.ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел целосно усогласување со соодветното законодавство на ЕУ ќе се донесе нов Закон за платниот промет. Одобрено е користење на консултантска помош од ИПА 2010 во траење од 18 месеци, проект кој се очекува да започне со реализација на почетокот од 2013 година. Со транспонирањето на Директивата 2007/64/ЕС во националното законодавство, ќе се изврши либерализација на платежни услуги, односно на пазарот на платежни услуги ќе се овозможи влез на нови субјекти кои не се банки. Донесувањето на новиот закон за платежните услуги ќе влијае на зајакнување на употреба и примена на нови дигитални и компјутерски уреди за извршување на платните трансакција, навремена подготовка на институциите задолжени за регулирање, лиценцирање и надгледување на даватели на платежните услуги, на воведување на новите инструменти за плаќање кредитни трансфери и директни задолжувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Изготвување на план и анализа за целосно усогласување на домашното законодавство со Директивата 98/26/ЕЦ за конечност на порамнувања во платните системи и системите за порамнување со хартии од вредност.

### 3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Заклучно со 30.09.2012 година на пазарот на капитал во Република Македонија во 2012 година се регистрирани вкупно 17 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 11 брокерски куќи и 6 банки.

Заклучно со 30.09.2012 година, вкупниот промет остварен на Македонската Берза во првите 9 месеци изнесуваше околу 3.679.944.348,38 денари или околу 60 милиони евра, што преставува намалување за 50,59% споредено со истиот период од 2011 година.

Од почетокот на 2012 година, бројот на котирани компании изнесува 32 компании и нивната вкупна пазарна капитализација на 30.09.2012 година изнесуваше 24.950.218.632 денари или околу 407 милиони евра.

На 30.09.2012 година Македонскиот берзански индекс (МБИ-10) изнесуваше 1.822,36 индексни поени, што претставува намалување од 15,79% споредено со неговата вредност на 30.09.2011 година (2.164,01).

Во периодот јануари-септември 2012 година на пазарот на капитал во Република Македонија функционираа 4 друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со 9 отворени инвестициски фондови, што е за 1 фонд повеќе од истиот период во минатата година.

Во периодот јануари-септември 2012 година, Комисијата за хартии од вредност издаде 10 одобренија за издавање на хартии од вредност, од кои едно одобрение е за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда а девет одобрение е за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда. Вкупната вредност на овие издадените хартии од вредост изнесува 7.354.509.055 денари или околу 120 милиони евра.

**ПРАВНА РАМКА**

Во ноември 2012 година до Собранието на Република Македонија доставен е Предлог на закон за изменување и дополнувања на Законот за хартии од вредност. Со измените на законот се:

- воведува "задолжителна котација" на берзата за оние акционерски друштва кои не котираат на Македонската берза, а кои ќе ги исполнат условите за задолжителна котација утврдени во Правилата за котација на Македонската берза. Оваа мерка се предлага со цел заживување на обемот на тргувањето на берзата и ќе се применува во период од пет години,
- се пропишуваат условите кои треба да ги исполнува овластен ревизор за да може да дава мислење во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна. Согласно Законот за трговски друштва секое акционерските друштва чии хартии од вредност котираат на овластена берза, доколку склучува зделка со заинтересираа страна чија вредност е поголема од 10% од вредноста на активата на друштвото, ќе има обврска да назначи овластен ревизор кој ќе ја процени веродостојноста на цената при склучување на транскацијата. Оваа измена се воведува со цел заштитата на малцинските акционери од можноста за манипулација со цената од страна на мнозинските акционери при склучување на поголеми зделки со заинтересеирани страна.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги усвои следните акти:

- измени и дополнувања на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерските друштвата со посебни обврски за известување, кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.31/2012), со кои се воведе обврска за акционерските друштва своите годишни финансиски извештаи да ги доставуваат и на посебни обрасци пропишани од Комисијата за хартии од вредност, како и заради намалување на рокот за доставување на истите до Комисијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за пазар на капитал во состав на Секторот за финансиски систем е надлежно за подготовката на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија. Во Одделението за пазар на капител во моментов се вработени две лица во редовен работен однос.

Во јануари 2012 година Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија усвои Стратегија за обука и стручно оспособување на вработените во Комисијата за хартии од вредност на РМ, со која се утврдува политиката и се дефинира системот на обука на вработените и истата ќе овозможи Комисијата да ги оствари, целите утврдени со Законот за хартии од вредност и програмата за работа за 2010-2012 година, однсоно ставање на вкупните потенцијали на вработените во функција на создавање на професионална и компетентна стручна служба, способна да даде услуги со висок квалитет.

Со цел зајакнување на административните капацитети, согласно препораките од ЕУ Извештајот за напредокот на РМ во 2011 година, во мај 2012 година во Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија се вработи едно ИТ лице.

Во 2012 година со поддршка на TAIEX проектот на ЕУ, претставници на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија реализираа работна посета на регулаторниот орган од Франција. Во текот на работната посета беа разменети искуства и стекнати знаења од областа на супервизијата на пазарните учесници кои во иднина ќе помогнат во унапредување на супервизорската активност на Комисијата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од страна на Министерсвото за финансии се планирани следниве активности:

- Во насока на зајакнување на заштитата на интересите на инвеститорите во приватните инвестициски фондови и одржување на стабилноста на пазарот на капитал во Република Македонија, во септември 2013 година да бидат усвоени измените на Законот за инвестициски фондови во делот кој го уредува работењето на приватните фондови, што ќе претставува усогласување со Директивата 2011/61/ЕЗ.

-Планирано е отпочнување на изготвување на нов Закон за пазар на капитал кој ќе биде целосно усогласен со соодветното законодавството на ЕУ. Заради комплексноста на Законот, на Министерството за финансии му е одобрено користење на консултантска помош од ИПА 2010 во траење од 18 месеци. Проектот се очекува да започне со реализација на почетокот на 2013 година.

Од страна на Комисијата за хартии од вредност предвидено е:

- Продлабочување на соработката со другите регулатори на пазарите на хартии од вредност во регионот за поддржување на активностите за интеграција на пазарите на хартии од вредност преку воспоставување на заедничка платформа за тргување, порамнување - прифаќање на заеднички правила за транспарентност и заеднички правила за котација;

- Заради поттикнување и зголемување на тргувањето на секундарниот пазар и збогатување на пазарот со нови хартии од вредност, се планира организирање на работилници и обуки за поттикнување на друштвата со ограничена одговорност за спроведување на IPO, како и поттикнување на постојните акционерски друштва за нови јавни понуди на хартии од вредност;

- Изготвување на програма заедно со Македонската берза и Централниот депозитар за хартии од вредност, за едукација на потенцијалните издавачи на хартии од вредност и на потенцијалните инвеститори и за промоција на пазарот на капитал и др.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради зајакнување на капацитетите и човечките ресурси, во текот на 2013 година Министерството за финансии, поточно Одделението за пазар на капитал има потреба од едно ново вработување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во согласност со препораките на ЕК од Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2011 година, посебен акцент во поглед на структурните реформи во делот на пазарот на капитал во текот на 2014 година се предвидува изменување на Законот за инвестициски фондови во насока на понатамошно усогласување со пакетот UCITS 4: воведување на фондови - потхранувачи (feeder funds) и фондови - господари (master funds), процедури за прекугранични и домашни спојувања на инвестициските фондови и обезбедување поголема информираност на инвеститорите преку воведување на документ како додаток на основниот проспект на фондот.

Во 2015 година се очекува донесување на новиот Закон за пазар на капитал кој ќе биде целосно усогласен со европското законодавство.

Приоритетите на Комисијата за хартии од вредност ќе бидат насочени кон понатамошно зајакнување на пазарот на хартии од вредност преку повеќе активности, кои се планира да бидат опфатени во идната Стратегија за развојот на пазарот на хартии од вредност за периодот 2014-2019 година и акциониот план за спроведување на истата, меѓу кои се:

-Интензивно изготвување на актите и процедурите потребни за воведување на ИСО Стандардот за квалитет за интерното работење на Комисијата;

-Во следниот среднорочен период, КХВ ќе реализира работни посети на релеватните регулаторни органи од регионот заради унапредување на своето работење и размена на искуства од областа на корпоративните финансии и супервизијата на пазарни учесници.

- За унапредување и подобрување на транспарентноста и олеснување на работата на компаниите при доставувањето на финансиските извештаи, КХВ ќе продолжи со активности за унапредување на електронскиот систем за достава на извештаи и ќе продолжи со одржување на работилници со акционерските друштва;

- Учество во воведувањето на систем за електронско доставување и обработка на релевантните финансиски податоци (спроведување на XBRL Стратегија) од страна на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, акционерските друштва со посебни обврски за известување, друштвата за управување со инвестициски фондови, инвестициските фондови;

- Донесување на План за континуитет во работењето на КХВ во кој ќе се опишат процедурите и мерките кои ќе се преземаат во одредени вонредни околности, со цел да се обезбеди непречено функционирање на работењето на КХВ;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии, предвидено е понатамошно вработување на нови лица согласно неговите интерни акти.

Заради зајакнување на капацитетите и човечките ресурси, Комисијата за хартии од вредност има потреба од нови вработувања.

## 3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

### 3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

*Основен закон:*

Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија “ бр .13/05, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и 83/201013/2012; 59/2012 и 123/2012; Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија „Службен весник на Република Македонија“ бр.56/2009 и бр.171/2010). Во законот целосно е имплементиран пакетот на директиви од 2002 год на ЕУ од областа на електронските комуникации.

*Стратешки документи:*

- Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии .
- Национална стратегија за развој на следна генерација на широко појасен интернет.
-

Во Република Македонија донесена е примарната и секундарната легислатива согласно acquis која го обезбедува воспоставувањето на Единствениот европски број за итни повици Е-112.

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за електронски комуникации.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ЛЕГИСЛАТИВНА РАМКА

Примарна легислатива (надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација).

Во првата половина на 2013 година се предвидува усогласување на Законот за електронските комуникации со пакетот Директиви од 2009 година кои се однесуваат на надминување на уредени недоречености кои се утврдија во процесот на имплементација на законот .

Министерството за информатичко општество и администрација формираше работна група во која се вклучени претставници од релевантните институции и бизнис заедницата.

Секундарна легислатива (надлежност на Агенцијата за електронски комуникации**)**

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2013 година се предвидуваат следните активности поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива и согласно Акцискиот план предвиден со усвоената пет годишна Стратегија на АЕК за 2012-2016 година

- Ревизија на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за содржината и формата на нотификација, потребната документација и потврдата за регистрација,
- Ревизија на Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија,
- Ревизија на Правилник за радиофреквенции што може да се користат без одобрение за радиофреквенции,
- Ревизија на Планот за доделување и користење на радиофреквенции во Република Македонија;

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2013 година се предвидуваат следните активности поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

- Прилагодување на стандардните договори што ги склучуваат операторите со своите претплатници со Правилникот за Општи услови;

- Имплементација на методологија за регулирање на малопродажни цени со примена на тестови за Price Squeeze;
- Анализа на пазар бр1 - Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација;
- Анализа на пазар бр 4, 5 и 6 - Започнување, завршување и транзит во јавна телефонска мрежа на фиксна локација;
- Анализа на релевантни пазари 7 и 8 (Одлука за релевантни пазари-2010 год);
- Анализа на пазар бр.13 - Пренос на радиодифузни содржини до крајни корисници;

- Спроведување на постапка за јавен повик за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери;
- Активности поврзани со премин од аналогно во дигитално терестријално телевизиско емитување;
- Следење на операторите определени за давател/ли на универзална услуга;

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерството за информатичко општество и администрација:

- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Активна соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа

Агенција за електронски комуникации:

- Стручна обука на постоечкиот кадар.
- Користење на техничка помош на надворешни консултанти
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Зајакнување на капацитетите на АЕК за идно користење на средства од ИПА фондови.
- Активно учество при изработката и имплементацијата на примарната легислатива и стратегиите од областа на информатичкото општество и медиуми.
- Постојано пратење на усогласеноста на националната легислатива со аљуис на ЕУ
- Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни).

### 3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

*Стратешки документи:*

- Национална Стратегија за развој на информатичко општество и Акционен План
- Национална Стратегија за Е-Влада.
- Национална Стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии.
- Национална Стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет
- Национална Стратегија за Е-Инклузија.

*Основни закони за развој на услуги на информатичко општество:*

- Закон за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/09)
- Закон за основање на македонска академска истражувачка мрежа –МАРнет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/10)
- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05, 14/2007 и 55/2007)
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/07 )
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2008)

- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001 и бр. 06/2002)
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.

**Министерството за информатичко општество и администрација** е основна надлежна институција за развој на услугите на информатичко општество.
**МАРнет- Македонската научно-истражувачка мрежа – МАРнет.** МАРнет е јавна институција одговорна за развој, организација и управување на единствената образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во Република Македонија, за обука и стручна помош на корисниците на телекомуникациските услуги, работење со македонски домен (.мк) и други обврски определени со Законот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО**

- **Либерализација на пазарот за регистрирање на интернет домени во РМ**

- **Иницијативата за Отворено владино партнерство (Проект - Отворени податоци )** Со оваа иницијатива се подразбира отворање на податоците од јавен карактер за граѓаните и бизнис-заедницата за постигнување поголема институционална транспарентност, брз и точен пристап до информациите и креирање нови бизнис-модели.

- **Воведување на систем за „Микроучење“ во државни институции**. Потребата за континуирано подобрување на вештините и знаењата на вработените и знаење сега можат да бидат исполнети преку иновативни проактивни методи користејќи ја предноста на е-технологии. Системот достигнува до сите вработени преку компјутерот на нивното работното место, спроведувајќи модули за самообучување.

- **Воведување на кириличен домен во интернет просторот (МАРнет)**

**МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**
<u>Министерство за информатичко општество и администрација</u>

- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација;
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции;
- Континуирана набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература;
- Вработување на нови кадри во Министерството за информатичко општество и администрација;
- Користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ;

## 3.10.3 АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА
## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

- Закон за радиодифузната дејност (Службен Весник на РМ бр. 100/2005) и измени и дополнувања на истиот закон (Службен Весник на РМ бр. 19/2007; 103/2008; 6/2010; 145/2010 97/2011 и 13/2012) Одлуки

на Уставниот суд: У.бр.126/2006 од 12 септември 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2007; У.бр.191/2007 од 09 јануари 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2008 и У.бр.191/2009 од 31 март 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2010.;

- Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија (Службен Весник на РМ бр. 6/98) и измени и дополнувања на истиот закон (Службен Весник на РМ бр. 98/2000 и 48/2009).
- Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета ( Службен весник бр.143/2012)

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на радиодифузијата се Министерството за информатичко општество и администрација и Советот за радиодифузија.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР

Примарна легислатива (надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација)

Во првата половина на 2013 година се предвидува донесување на нов закон за регулирање на медиумските услуги кој целосно ќе биде усогласен со Директивата за Аудиовизуелни медиумски услуги и препораките на Советот на Европа а ќе ги надмине недореченостите утврдени во процесот на негово имплементирање како и забелешките кои се добиени во извештаите за прогресот на Република Македонија од страна на Европската Комисија

Секундарна легислатива (Совет за радиодифузија)

Од страна на Советот за радиодифузија во 2013 година се предвидуваат следните активности поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

- Правилник за операционализација на нелинеарните услуги ;
- Подзаконски акти за имплементација на Директивата за аудиовизулени медиумски услуги кои би произлегле од новиот Закон.

*Стратешки документи:*

- Национална стратегија за развој на радиодифузната дејност за период 2013-2017 (се планира да се усвои до декември 2012 година)
- 

За доследна имплементација на примарната легислатива и подзаконските акти, Советот за радиодифузија продолжува со следење на сопственичката структура, недозволената медиумска концентрација, обврските на радиодифузерите утврдени со Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти, почитувањето на авторските и сродните права, поради што во 2013 година се предвидува да се реализираат следниве активности:

- Изработка на две полугодишни анализи за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање

- Истражување на ставовите и потребите на публиката за радио и телевизиските програмски аспекти од аспект на целите на регулаторната политика, утврдени со ЗРД и Стратегијата за развој на радиодифузната дејност

- Спроведување анализа на пазарот на радиодифузната дејност во 2012 година

- Изработка на две еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на националните терестријални комерцијални ТВ станици утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и преземени мерки

- Изработка на две еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на националните комерцијални радио станици утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и преземени мерки

- Изработка на две еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на националните сателитски комерцијални ТВ станици утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и преземени мерки

- Изработка на две еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на јавниот радиодифузен сервис утврдени со законот и со подзаконските акти и преземени мерки

- Изработка на ad hoc еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на регионалните ТВ и радио станици, утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и прземени мерки :

- Изработка на ad hoc еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на локалните ТВ и радио станици, утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и прземени мерки :

- Организирање јавни дебати во рамките на подготовките и усвојувањето подзаконски акти за дорегулирање одделни прашања од новиот закон со вклучена АВМСД :

- Четири квартални анализи на надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи во однос на почитувањето на авторските и сродните права : регистрирани пакети, издадени налози за исклучување на нерегистрирани програмски сервиси, најчести прекршувања, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема операторите на јавни комуникациски мрежи

- Две полугодишни анализи на надзорот врз обврските на радиодифузерите во однос на почитувањето на авторските и сродните права: договори за регулирање на авторски и сродни права за емитуваните програми, заштита на еклузивни права на радиодифузерите, најчести прекршувања, изречени мерки, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема радиодифузерите;.

- Одржување и дополнување на регистарот на овластени застапници за склучување на договори за реемитување на програмски сервиси во јавни комуникациски мрежи и застапници на филмски, спортски и други права од интерес за радиодифузерите во Република Македонија.

- Одржување на базата на податоци за регистрирани програмски сервиси што се реемитувааат преку јавните комуникациски мрежи и редовно презентирање на податоци за регистрираните програмски пакети и еклузивните права на радиодифузерите на веб страницата на Советот за радиодифузија.

- Годишен извештај од учеството во активностите на Коодинативното тело за заштита на интелектуалната сопственост со преземени мерки.

- Четири квартални извештаи од состаноците со операторите на јавни комуникациски мрежи и радиодифузерите во однос на активностите за спречување на пиратеријата и заштита на авторските и сродните права

- Мерки за подобрување на законската регулатива за заштита на авторските и сродните права

- Правилник за операционализација на нелинеарните услуги

- Доделување дозволи за програмски сервиси во рамките на процесот на дигитализација на терестријалната телевизија

- Анализа на спроведените мерки и најчести прекршувања на радиодифузерите според Законот за радиодифузната дејност

- Две полугодишни анализи на судските постапки заради утврдување на ефективноста на изречените казнени мерки

**ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС - ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

ЈП Македонска радио телевизија е единствен јавен радиодифузен сервис во Европа што емитува програма на 9 јазици. Покрај програми на македонски јазик се емитуваат и програми на јазиците на немнозинските заедници што живеат во Република Македонија. Уредувачката политика се води на ниво на ЈП Македонската радио телевизија каде што се вклучени и овие програми.

- **Наплата на радиодифузна такса.**
  Наплатата на радиодифузната такса заклучно со 31.08.2012 година изнесува 35,78 %. Во врска со ажурирањето на базата на податоците за радиодифузна такса ЈП МРТ ги презеде следниве мерки: Отворени се нови шалтери за наплата, обезбедена е нова ИТ опрема за вработените, ангажирани се сите расположиви човечки ресурси за прием на странки за решавање на евентуални проблеми, базата на податоци е комплетно ажурирана за 468.772 физички лица и за 105.907 правни лица.
  ЈП Македонска радио телевизија, како и досега и во 2013 година ќе спроведе неколку кампањи за подигање на свеста кај граѓаните за плаќање на радиодифузна такса. Кампањите ќе се спроведат во неколку циклуси во облик и на видео спотови каде што ќе биде потенцирана улогата на јавниот сервис, како и неговото значење за општеството.

- **Дигитализација на продукција**
  Уредите во програмските режии за ТВ каналите: МТВ1, МТВ2 и Собранискиот канал, се комплетно заменети и програмата се емитува по комплетно нова дигитална патека до ЈП МРД.
  Централната матрица во мастерот на МТВ е заменета и најголем дел од врските се дигитални.
  Во студиото за вести се вградени нов видео миксер и други пропратни уреди, режијата работи во HD, а за целосно завршување на оваа режија се потребни само уште нови камери.
  Добиени се и другите видео и аудио миксери за другите студија, па со завршувањето на набавката на камерите ќе се монтираат и другите режии за студијата 2 и 3 (а ќе се заокружат режиите 5 и 11).
  Тендерите за набавка на камери, репортажни возила, продукциски (Playout) систем, се во тек.

- **Дигитализацијата на архива**
  Дигитализацијата на архивата е во почетна фаза. Се чека да заврши набавката на Продукцискиот (Playout) систем. Во моментот се дигитализираат само програмски тековно потребните материјали.

Се планираат посети на ТРТ, -Турскиот национален јавен радиодифузен сервис а со цел размена на искуства, опрема, софтвер итн.

- **Дигитализација на емитувањето**
  Од страна на ЈП МРД во тек е изградба на нова DVB-T мрежа наменета за терестријално дигитално емитување на ТВ каналите на МРТ. Согласно планираното, до крајот на 2012 година треба да се постигне покриеност на најмалку 80% од население во Република Македонија. Онаму каде што мрежата е веќе изградена започнато е со терестријално дигитално емитување на програмите на МРТ.
  Од септември 2012 година во едниот ДВБ-Т MUX покрај трите ТВ канали на МРТ дигитално се емитуваат и програмите на комерцијалните национални телевизии КАНАЛ 5 и ТЕЛМА.
  Согласно планираното, изградбата на ДВБ-Т мрежата на ЈП МРД треба да заврши до 1.06. 2013 година кога треба да се случи и исклучување на аналогниот сигнал.

- **Набавка на сет-топ-боксови.**
  Тендерот за набавка на Сет топ боксови е во тек. По завршувањето на постапката, се предвидува МРТ да додели 40.000 уреди за социјално загрозените семејства.

- **Кампањи за процесот на дигитализација**
  ЈП Македонска радио телевизија во 2013 година ќе преземе низа кампањи и информативни емисии за граѓаните на Република Македонија во однос на престојниот процес на дигитализација. За таа цел ќе се создадат проектни тимови коишто ќе работат за поедноставување на информацијата со цел информацијата да биде достапна на сите целни групи коишто ја следат програмата на ЈП МРТ.

- **Мерки од институционален карактер**
  Во 2013 година ЈП Македонска радио телевизија ќе ги воведе ИСО 9001:2008 стандардот со што професионалните стандардите на ЈП МРТ ќе бидат издигнати на повисоко ниво

  Со напредокот и усовршување на технологијата со којашто работи техничкиот кадар на ЈП Македонска радио телевизија, паралелно се врши и обука на вработените. ЈП Македонска радио телевизија е членка на Европската радиодифузна унија во чија организација во 2013 година се предвидени обуки за техничкиот и новинарскиот кадар. Исто така, планирани се посети на радиодифузните сервиси во Европа коишто веќе го завршиле процесот на дигитализација. Истовремено, планирани се и обуки за вработените во администрацијата со цел усовршување и применување на современите принципи на работење.

## ФИЛМСКИ ФОНД

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

*<u>Основен закон:</u>*

Закон за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.70/06, бр.92/08, бр. 36/11 и 136/11).
Република Македонија го продолжува членството во Европската Аудиовизуелна опсерваторија (European Audiovisual Observatory), Eurimages (Европски фонд за ко-продукција, дистрибуција и прикажување на европските кинематографски дела), European Film Promotion и SEECN (South East European Cinema Network) – Филмска мрежа на Југоисточна Европа чие седиште е во Солун, Р.Грција

Институции кои имаат надлежност врз развојот на филмската дејност во Република Македонија се Министерството за култура, Кинотека на Република Македонија и Филмски Фонд на РМ.

*Стратешки документи:*
Годишен план за работа на Филмскиот фонд на РМ во 2013 година

Годишниот план за работа на Филмскиот фонд на РМ во 2013 година ги содржи следните активности:

- **Донесување на Годишна Програма најдоцна 30 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Р.Македонија**
  Годишната програма е составена од проекти за играна, документарна и анимирана продукција и ја одразува мултикултурната димензија и мултикултурниот карактер на Република Македонија Во период од 2008 год. до 2012 год. Фондот објави вкупно пет годишни програми и има поддржано вкупно 102 филмски проекти и тоа: 32 играни , 26 кратки, 35 документарни и 9 анимирани филмови.

- **Оспособување на постоечката кино опрема и активирање на кино салите во центрите за култура, во три фази**
  Оспособување на постоечката кино - опрема и активирање на кино - салите во четиринаесет национални установи - центри за култура во Република Македонија. Првата фаза завршена во 2012 год. доделена опрема за оспособување за прикажување на филмови на дел од центрите за култура (Куманово, Охрид, Струга, Гостивар, Крива Паланка, Неготино , Делчево, Кочани.) Втората фаза краен рок за завршување 2013 год, со која ќе се оспособат и опремат следниве другите центрите за култура дел од проектот ( Прилеп, Тетово, Дебар, Кичево, Велес, Струмица)

- **Меѓународни активности на Филмскиот фонд и промоција на новата македонска продукција**
  Со цел зајакнување на филмската дејност во земјата и мрежно поврзување со другите земја како и создавање на платформа на која ќе се промовира потенцијалот на уметникот и препознатливоста на македонската киноматографија промоција на македонските филмови на Берлинскиот филмски фестивал, Канскиот Филмски фестивал како и поважните фестивали во Карлови Вари, Локарно, Венеција, Торонто, Сараево, Котбус и др.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

За кадровско екипирање на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија, согласно Правилникот за систематизација на работните места бр. 02-55/2 донесен на ден 31.03.2008 година потребно е итно вработување на најмалку 7 лица кои што ќе овозможат непречно одвивање на сите активности на Филмскиот Фонд.

## СТРАНСКА ПОДДРШКА

Потреба од програма за едукација на вработените во Филмскиот фонд, филмските автори и продуценти, како и ИКТ и др. опрема.
.

## 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

### 3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Управувањето и контролата на буџетските фондови наменети за поддршка на развојот на земјоделството, како и воспоставувањето на регистрите потребни за контрола, следење и оценка на активностите се регулирани со следниве правни акти:

- Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00; 44/02; 82/08; 167/10 и 51/11)
- Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05; 04/08; 103/08; 156/09; и 95/10)
- Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10 и 135/11);Закон за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10; и 145/10) и Закон за ревизија на Инструментот за Претпристапна Помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10) Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01; 6/02; 98/08)
- Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/05, 103/08, 124/10 и 135/11)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07 и 05/09),
- Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/07 и 53/11)
- Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11 и 126/12)
- Закон за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/09 и 53/11)

Врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11 и 126/12) донесена е Уредба за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средства, максимални износи и начинот на директните плаќања за 2012 година. Донесени се подзаконски акти со кои се утврдува начинот на упис во Регистер на Организации на производители и Регистарот на групи на производители, како и за начинот на изготвување на планот за нивно признавање. Од аспект на реализација на исплата на мерките за финансиска поддршка на земјоделството, во 2011 година се донесени Внатрешни процедури меѓу Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Државниот инспекторат за земјоделство во однос на содржината и податоците кои ги содржи записникот од контрола на самото место и на записникот од контрола на самото место за вкрстена сообразност во однос на директните исплати во земјоделството.

Во 2012 година донесена е Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017, (“Службен весник на Република Македонија” бр. 134/12).

Со цел заокружување на правната рамка која е услов за воспоставување и развој на одржлив систем на мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (ФАДН) во Република Македонија, во декември 2011 донесен е Правилник за методологијата за пресметка на стандард аутпут, како и начинот на прибирање на податоци и информациите од мрежата методологијата за утврдување на типологија на земјоделските стопанства, класификација на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделски стопанства, максималниот број и минималната економска големина на сметководствените стопанства и формата и содржината на единствениот образец за определување на доходот и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства (Службен весник на Република Македонија бр.173/11).

Како резултат на реализираните активностите согласно прописите за ФАДН од почетокот на 2010 година се започна со прибирање на податоци, нивна обработка и контрола, првично од репрезентативен примерок од 300 земјоделски стопанства, додека во 2011 и 2012 година согласно планираните активности од 600 земјоделски стопанства. Во 2013 година бројката останува непроменета и согласно планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за потребите на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ќе се прибираат податоци од 600 земјоделски стопанства.
Изборот на земјоделски стопанства кои учествуваат во полето на истражување се врши врз основа на план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства (селекционен план). Селекциониот план се подготвува врз база на податоците од Земјоделскиот попис 2007 година, ажурирани со податоците од структурните истражувања на земјоделските стопанства и соодветните Стандард Аутпут коефициенти.
Полето на истражување на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ги опфаќа земјоделските стопанства кои се пазарно ориентирани и имаат минимална економска големина која е еднаква или поголема од утврден праг, претставуваат репрезентативен примерок на ниво на регион кој се однесува на целата територија на Република Македонија и водат сметководствена евиденција.
Податоците од мрежата за прибирање на сметководствени податоци во Република Македонија реално ќе ја претстават состојбата со приходот и другите финансиски индикатори за профитабилност на ниво на земјоделски стопанства кои се од особено значење за креирањето на националната земјоделска политика. За таа цел, Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства кое има улога на Канцеларија за врски и претставува клучен сегмент во делот на организација и имплементација на ФАДН системот спроведува активности за подобрување на квалитетот на податоците од мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.
Особено значајно во развојот на македонскиот ФАДН е овозможениот пристап на одделението за ФАДН како Канцеларијата за врски во RICA/1 системот во телото за ФАДН во Европската комисија за контрола на податоците од мрежата на сметководствени податоци, со што е овозможена проверка на квалитетот на податоците.

Покрај законските акти, согласно Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007-2013 година, дефинирани се идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставувањето на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежно за програмирањето на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија, како и за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за поддршка. Во овој контекст, согласно новата Систематизација на МЗШВ (донесена во ноември 2012 година) следниве сектори имаат надлежност во оваа област:

- Сектор за земјоделство со сите свои одделенија,
- Сектор за анализа на земјоделска политика со сите свои одделенија,
- Сектор за лозарство, винарство и овоштарство,
- Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи,
- Сектор за косолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели,
- Секторот за управување и регистрирање на земјоделско земјиште (СРУЗЗ)
- Сектор за координација на Подрачни Единици, и
- Државниот инспекторат за земјоделство со надлежност во инспекцискиот надзор над спроведување на програмите и мерките.

Со донесувањето на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на Република Македонија бр. 110/07 и 53/11) и систематизација на МЗШВ во 2007 година, формиран беше Секторот за анализа на земјоделска политика (САЗП), во чија надлежност е воспоставувањето и одржувањето на мрежата.

Со законот се дефинираат податоците кои се собираат, земјоделските стопанства кои партиципираат и институциите вклучени во системот, како и начинот на прибирање, обработка и користење на сметководствени податоци.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има надлежност за воспоставување и реализација на мрежата за сметководствени податоци од земјоделски стопанства и е основен корисник на податоците. Покрај Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, носители на системот се и формираниот Националниот Комитет за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Државниот завод за статистика, во однос на воспоставувањето на типологијата на земјоделските стопанства и подготовката на планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства и и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во својство на тело за прибирањето на сметководствени податоци за потребите на мрежата за прибирање сметководствени податоци од земјоделски стопанства.
Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, со цел започнување со воспоставување на Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП), реализирано е авионско снимање на целата територија на Република Македонија и произведени се ортофото снимки, ДЕМ (дигитален теренски модел), дигитализирани податоци и блок фото-интерпретација, вклучително и контрола на квалитетот на истите, неопходни за воспоставување на системот. Во рамките на ЕРЗС внесени се податоците за земјоделски стопанства во електронска форма и започнати се активности за поврзување со останатите бази на податоци. Кон крајот на 2011 година активно се започна со регистрирање на земјоделски стопанства во СИЗП со што во текот на 2012 година, во СИЗП се рагистрирани повеќе од 60 % од вкупниот број на земјоделски стопанства кои во ЕРЗС се регистрирани дека поседуваат или користат земјоделско земјиште.
Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС), во 2012 продолжија активностите за надградба на системот во насока на проширување на опфатот со групи производи и подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечкиот систем со вклучување на повеќе директни доставувачи на податоци во изготвениот Софтвер за ЗПИС од репортерите (правни лица) и од Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Продолжува тековното одржување на системот со редовно внесување на податоци и објавување на извештаи, а од 01.12.2011 година отпочна со работа веб-страницата на системот www.zpis.gov.mk. Исто така, со донесените подзаконски акти се регулираат репрезентативните пазари и податоците кои од истите се добиваат во насока на нивно усогласување со одредбите од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 55/12).
Во однос на Интегрираниот Систем за Администрација и Контрола (ИСАК), во Април 2012 („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/12) донесен е Правилникот со кој се уредува начинот на функционирање на интегриран систем за администрација и контрола и меѓусебната размена на податоци, како и формата, содржината и начинот на водење на соодветните регистри и бази на податоци, односно подзаконски акти за начинот на поврзување на други регистри и евиденции во и надвор од МЗШВ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2013 година врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11 и 126/12), ќе биде донесена Национална стратегија за оперативни програми за работа на Групи на производители и Организации на производители. Исто така ќе се донесе подзаконски акт со кој ќе се уреди доделувањето на финансиска поддршка за складирање, потребната документација, корисниците, висината на поддршката, условите за складирање и видот и квалитетот на земјоделските производи. Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска подршка во земјоделството во 2013 година.
Од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој изработена е верзија на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и одржани се неколку консултативни состаноци со преставници од

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Секретаријатот за законодавство. Меѓутоа, имајќи ја во предвид потребата од прилагодување на позитивното законодавство кон законодавството на Европската унија од релевантната област, побарано е анагажирање на правен екперт преку TAIEX кој се очекува да пристигне кон крајот на 2012-та година. Од неговиот ангажман се очекува да произлезе анализа на досега изработените измени и да конкретни насоки и сугестии за понатамошна доработка на текстот на Законот. Од тие причини донесувањето на предметни измени се очекува да биде финализирано до јули 2013-та година.

Врз основа на Законот за воспопставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ("Службен весник на Република Македонија" бр.110/07 и 53/11) донесен е Правилник за методологијата за пресметка на стандард аутпут, како и начинот на прибирање на податоци и информациите од мрежата методологијата за утврдување на типологија на земјоделските стопанства, класификација на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделски стопанства, максималниот број и минималната економска големина на сметководствените стопанства и формата и содржината на единствениот образец за определување на доходот и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства (Службен весник на Република Македонија бр.173/11) со што е заокружена правната рамка која е услов за воспоставување и развој на одржлив систем на мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства во Република Македонија во форма која ги задоволува барањата на националното законодавство и Законодавството на ЕУ за ФАДН.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во рамките на МЗШВ, предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите на интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.

Во првата половина од 2013 година, предвидено е целосно завршување на фазата која предвидува дигитализација на земјишни парцели на земјоделски стопанства регистрирани во ЕРЗС на целата територија на Република Македонија и користење на СИЗП како референтна парцела во процесот на администрирање и контрола на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој. Во текот на 2013 година предвидено е и отпочнување на проект финансиран од страна на ИПА ТАИБ 2009, кој предвидува техничка поддршка во делот на ажурирање и надградба на СИЗП и надградба на веќе постоечкиот СИЗП софтвер кој ќе служи во функција на имплементирање и поддршка на мерките од финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во текот на 2013 година се планира да се реализираат активностите околу заокружување на административно контролните системи со поврзување на ЕРЗС со постоечките бази водени во електронска форма, а кои се водат во и други институции надвор од МЗШВ, особено со базите на Агенцијата за храна и ветеринарство и Агенцијата за катастар на недвижности. За реализација на планираните активности тековното одржување, надградбата на софтверската апликација како и набавката на алатки – софтвер за креирање на извештаи од базите на ЕРЗС е реална потреба на системот за регистрација на земјоделските стопанства.

Во однос на информативните системи во земјоделството, од аспект на Земјоделскиот пазарен информативен систем ќе продолжат активностите во насока на управување со системот, надградување на базата на пазарните податоци како и подобрување на редовноста и квалитетот на истите, одржување на Веб страната на системот www.zpis.gov.mk. и активности во насока на реализација на подготвителната фаза на проектот за ЗПИС поддржан од ИПА – ТАИБ компонентата I.

Со цел прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства за потребите на ФАДН системот на Република Македонија подготвен е План за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за 2013 година кој ќе се разгледува на наредната седница на Националниот Комитет за ФАДН. Селекциониот план за 2013 година е подготвен врз база на податоците од Земјоделскиот попис 2007 година ажурирани со податоците од структурното истражување на земјоделските стопанства во 2010 година и Стандард Аутпут коефициентите за референтниот период 2007.

Реализацијата на софтверот за Интегриран административен контролен систем (IACS) во Агенцијата е започнат на 23 јануари 2012 година со предвиден рок за целосна реализација до 28 декември 2012 година. Со софтверот за IACS се опфатени реализацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013, Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Примарни модули на IACS се системот за примање и обработка на барањата (AAMS), интегрираниот систем за контрола (ICS), и системот за авторизација на исплати (PAS), а во истиот е вклучен и дополнителен модул за база на референтни цени. Конфигурацијата на софтверот е во тек и истиот е во фаза на тестирање. За потребите на IACS остварена е дополнителна набавка на хардвер односно 6,75 терабајти FC дискови со технички опис15x450GB 15K rpm Channel HDD EMC Clariion CX4-120, како и набавка на лиценци за најмалку 250 корисници – Oracle 11g Enterprise edition со спатијална екстензија на DB серверот.
Поврзување со софтверот за LPIS - Модулите на системот за контрола се спремни, но се чека на финална интеграција со LPIS која би била извршена кога LPIS–от ќе биде финален.
Од аспект на процесот на внесување на податоци во софтверското решение за директните плаќања во земјоделството, кој ќе се остварува преку подрачните единици на МЗШВ, предвидено е овозможување на телекомуникациски пристап до постоечкото (веб базирано) софтверско решение, со што ќе се овозможи внесување на податоци од надворешни локации.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Предвидено е да се продолжи со подготовка и реализација на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2014 и 2015 година.
Од аспект на информативните системи во земјоделството за потребите на ФАДН ќе се изготви План за селекција избор на репрезентативни земјоделските стопанства и избор на репрезентативен примерок за 2014 година и План за поставување на репрезентативен примерок на земјоделски стопанства за 2013 година и 2014 година.
Во однос на Земјоделско пазарен информативен систем (ЗПИС) во 2014/15 ќе отпочне реализацијата на проектот од ИПА компонентата поддржан од ЕУ со цел анализа, надградба и проширување на системот во насока на исполнување на стандардите за редовно известување до директоратот за земјоделство на ЕУ.
Одржувањето и надградбата на системот за ЕРЗС како и поврзувањето со останатите бази во електронска форма на податоци кои меѓувремено ќе ги креираат други институции, а кои се од интерес на заокружување на административно контролниот систем на МЗШВ, ќе бидат приоритет и во 2014 и 2015 година. Освен тоа, следењето и имплементацијата на промените на административно контролните системи во ЕУ со цел подобрување на контролните механизми за исплата на финансиските поддршки во земјоделството и руралниот развој ќе бидат исто така предмет на интерес на одделението за ЕРЗС.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од 2014 година, предвидено е целосно функционирање на СИЗП со мерките предвидени со надградбата на системот кои се во функција на поквалитетно и посеопфатно имплементирање, администрирање и контрола на мерките од финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој.

## 3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

## ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за уредување на пазарот на растенија и производи од растително потекло и животни и производи од животинско потекло, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11 и 126/12), кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ и Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11). Покрај овие закони, следниве законски акти се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи:

- Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07; 24/11; 136/11 и 123/12);
- Закон за јавно ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/07);
- Закон за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11 и 53/11)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07 и 05/09)

Со Законот за квалитет на земјоделски производи се регулирани следниве земјоделски производи од растително потекло (жита и ориз; храна за животни и свежо овошје и зеленчук), како и производи од животинско потекло (говедско месо; јајца и месо од живина; свинско месо; овчо и козјо месо; млеко и мед и други производи од пчели). Во однос на овие производи, Законот ги уредува нивните минимални или пазарни стандарди за квалитет и маркетинг (пласман на пазарот, пакување и информирање на потрошувачите), како и методите за нивна класификација, проверка, контрола и инспекција на пазарот, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните ЗУП, а првенствено со единечната Регулативата на ЕУ бр. 1234/2007 за ЗУП.

Врз основа на Законот за квалитетот на земјоделските производи, во врска со Заедничкото Уредување на Пазарите (ЗУП) на земјоделски производи од растително и животинско потекло и во однос на пазарните стандарди и целокупниот маркетинг на земјоделските производи, донесени се подзаконски акти за живина и јајца; овошје и зеленчук; мед и производи од пчели, подзаконски акти во делот на минимални пазарни стандарди на жита и ориз, на пазарот за млеко и млечни производи со кои целосно се регулирани пазарните стандарди за млеко и млечни производи, како и подзаконски акти во однос на храна за животни и месо со кои целосно се регулира оваа област.

Голем дел од хоризонталните аспекти на ЗУП кои се релевантни за сите поединечни пазари на земјоделски производи (интервентниот откуп, помош за складирање, посебни мерки за заштита на пазарот и мерките за поттикнување на потрошувачката) се регулирани во рамките на Законот за земјоделство и рурален развој, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11 и 126/12). Изработена е Уредба за финансиска поддршка за складирање на пченица која ќе биде објавена доколку настанува нарушување меѓу понудата и побарувачката на домашниот пазар со пченица.

Правната рамка за уредување на винскиот сектор, е доуредена со новиот Законот за виното (Службен весник на Република Македонија бр. 50/10, и 53/11 и 06/12). За подобрување на функционалноста на Законот за вино, во фаза на донесување се измени и дополнувања на Законот за виното.

Покрај Законот за виното во примена се и правилници донесени врз основа на законот кои дополнително ги уредуваат областите.

Покрај ова, во јуни 2007 е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007- 2013 година, во која се наведени насоки, мерки и активности за идниот развој на сите гореспоменати производи, како и начинот на организираност на пазарите за истите.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство следниве органи и организациони единици се надлежни за подготовка на законска регулатива и спроведување на мерките од аспект на уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло и специјализираните култури, согласно новата Систематизација на МЗШВ (усвоена во ноември 2012 година):

- Сектор земјоделство, Одделение за поледелство; Одделение за градинарство, Одделение за сточарство;
- Сектор за лозарство, винарство и овоштарство;
- Сектор за анализа на земјоделска политика; Одделение за следење на пазари на земјоделско-прехранбени производи; Одделение за анализа на земјоделска политика;
- Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи; Сектор за лозарство, винарство и овоштарство; Агенција за храна и ветеринарство;
- Државен инспекторат за земјоделство; и
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Од аспект на институционално зајакнување на капацитетот на органите кои се вклучени во уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло и специјализирани култури, воспоставени се Националниот регистар на лозови насади и Земјоделскиот Пазарен Информативен Систем (ЗПИС) на ниво на државата.

Во насока на реализација на активностите од областа на заедничко уредување на пазарите, реализирани се поголем број проекти во областа на уредувањето на пазарите: Воспоставување на заедничко уредување на пазарот на јајца и живина - G2G08/MK/8/2 (билатерална соработка со Кралството Холандија), АгБиз Програмата на USAID, поголем број на активности во рамките на Инструментот TAIEX, како и реализацијата на проектот во рамките на ИПА 1 Компонента 2008, започнат во август 2010 година, завршен во декември 2011 година, преку кој беше обезбедена техничка помош за воспоставување на правна рамка и институционално зајакнување во областа на заедничкото уредување на пазарите на земјоделски производи.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2013 година, предвидено е донесување на двата предвидени правилници со кои ќе се доуреди пазарот на храна за животни, кои произлегуваат од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11 и 55/12).
Од аспект на ***специјализираните култури***, во периодот до октомври 2013 година предвидено е донесување на Закон за ракија и алкохолни пијалаци, а до јуни 2013 донесување на подзаконски акти (9) од Законот за виното.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло и специјализирани култури, во 2013 година предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот за лозарство, винарство и овоштарство, како и зајакнување на соодветните Одделенија во рамки на Секторот земјоделство и Секторот за анализа на земјоделска политика со нови вработувања. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработувања во 2013 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на производите од растително и животинско потекло, на среднорочна основа предвидено е донесување на евентуални дополнителни подзаконски акти согласно Законот за квалитет на земјоделски производи, усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ, како и измена на Законот за тутун и тутунски производи заради потребата од усогласување со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ.
Од аспект на специјализираните култури, во 2014 година предвидено е донесување на подзаконските акти од Законот за ракија и алкохолни пијалаци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, како и пазарите на специјализираните култури, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Секторот за лозарство, винарство и овоштарство, Секторот земјоделство и Секторот анализа на земјоделска политика во 2014-2015 година. Во контекст на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство и Ветеринарниот Инспекторат во периодот 2014-2015 година.

### 3.11.3. РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на остварување на функциите за управување со претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во 2012 година изготвен е пакет на четвртата измена на ИПАРД Програмата кој е доставен од страна на Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 24 септември 2012 по негово разгледување на Економскиот совет при Владата на Република Македонија. Предлогот е официјално доставен од страна на НИПАК на 19 ноември 2012 година и истиот е одобрен од Комитетот за Рурален развој при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој на 21 ноември 2012 (Одлуката на Комисијата за усвојување на четвртата модификација на ИПАРД Програмата се очекува да биде објавена до крајот на 2012 година).

Со модификациите вклучени се зголемените финансиските средства за ИПА Компонента V за 2012 во износ од 17,991,604 евра средства од ЕУ при што вкупните достапни средства изнесуваат 65,491,604 евра за период 2007-2012.

Како дел од редовните активности и обврски за управување со ИПАРД фондовите, Телото за управување со ИПАРД на 30.06.2012 година, достави втор годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата за 2011 година до ЕК.

Во однос на подготовки за воведување на нови мерки направени се подготовки на системите за агро-еколошки плаќања по површина (ЛПИС) и подготовки за воспоставување на системите за следење на автохтони видови на добиток и земјоделски растенија согласно планот за подготовка на институциите за имплементација на мерките и заради нивно спроведување во среднорочниот период во рамките на ИПАРД фондовите. Оваа активност е континуитет на препораките кои произлегоа од ИПА 1 „Проект за воспоставување на агро-еколошки мерки “ кој заврши во мај 2012 година. Финансиските средства за подготовка на системите за спроведување на агро-еколошки мерки се обезбедија од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година.

Преку обезбедената техничка помош од Холандска Влада Г2Г изготвена е Стратегија за обуки во земјоделството со насоки и препораки за зајакнување на системот на обуки во земјоделството, зајакнување на човечките капацитети кај давателите на обуки и изготвена е нацрт мерка за Подобрување на обуки во земјоделството (М303) која ќе биде предложена до ЕК по усвојување на стратешкиот документ од страна на Владата на Република Македонија како основа за понатамошно програмирање на мерката во рамките на ИПАРД програмата. Проектните активности на Г2Г проектот завршија во јуни 2012 година.

Со почит кон обемноста и тежината на спроведување на мерката М301 Рурална Инфраструктура, во 2012 со ангажман на техничка поддршка од Словенија и преку ТАИЕХ инструментот се извршени активности за анализа на потреби од инвестирање во руралните општини, анализа на инвестициските капацитети на руралните општини (човечки и финансиски) и изготвување на Акциски план за подготовка на корисниците за примена на мерката 301 за рурална инфраструктура од ИПАРД за период 2013-2014.

Од аспект на зајакнување на партнерството, во втората половина на 2012 година со измените на Законот за земјоделство и рурален развој се воспостави законски основ за воспоставување на рурална мрежа во Република Македонија чии активности ќе се финансираат од ИПАРД фондовите.

Националното финансирање на мерките за рурален развој се имплементира со реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој. Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2012 година се донесе во март 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/12 од 12.03.2012) со буџет за нејзино спроведување во износ од околу 9 мил. евра.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со измените на актите за организација и систематизација на МЗШВ во мај 2011 година се формираше Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (Сектор за ИПАРД) надлежен за координација на управувачките функции за спроведување на ИПАРД фондовите. Секторот за ИПАРД е организиран во четири одделенија Одделение за ИПАРД програмирање и проценка (3 вработени), Одделение за следење на ИПАРД фондови и известување (3 вработени), Одделение за спроведување на ИПАРД техничка помош (и публицитет) – 4 вработени и Одделение за координација на Агро-еколошки мерки и ЛЕАДЕР (1 вработен).

Во 2012 година согласно резултатите од Анализата за обем на работа на Телото за управување со ИПАРД добиени се согласности за зајакнување на капацитетите на 5 работни места и тоа за:
- Раководител на Одделение за ИПАРД програмирање и проценка
- Раководител на Одделение за следење на ИПАРД фондови и известување
- Раководител на Одделение за спроведување на ИПАРД техничка помош (и публицитет)
- Советник во Одделение за следење на ИПАРД фондови и известување (две позиции).

Постапките се во тек.

Во текот на 2012 година изработен е план за обука на вработените во Телото за управување со ИПАРД. Реализацијата на обуките се потпира на достапна донаторска помош и ТАИЕХ инструментот како и искористување на можноста за присуство на сродни тематски обуки организирани во рамките на ИПА проектите каде корисници се останати институции. Во 2012 реализирани се ТАИЕХ настани за експертска поддршка за изготвување на Годишен извештај за спроведување на ИПАРД и експертска поддршка за Рурална Инфраструктура. Еден претставник од Телото за управување со ИПАРД посети студиско патување за ЛЕАДЕР во Австрија како дел од тимот претставници на ИПАРД Агенцијата.

Комитетот за следење на ИПАРД во 2012 одржа два редовни состаноци на 13 јули 2012 и на 12 декември, 2012. На редовните состаноци Комитетот за следење на ИПАРД го разгледуваше прогресот во спроведување

на ИПАРД Програмата преку извештаите за следење на ИПАРД Програмата, извештаите за публицитет и комуникација како и акциони планови за спроведување на техничката мерка за 2013 и активности за комуникација и публицитет на ИПАРД програмата за 2013 година.

За воспоставување на ИКТ системи во областа на предпристапна помош (ИПАРД) во 2012 година преку проектот од Светска Банка за набавка на ИТ опрема за МЗШВ, набавени се 3 персонални компјутери и еден сервер. Понатамошни активности се предвидуваат во 2013 за воспоставување на систем на брзо генерирање и размена на информации по електронски пат преку корисничко поврзување со регистри и бази на податоци во МЗШВ и ИПАРД Агенција.

Од институционален аспект, во 2012 година направено е усогласување на внатрешните процедури за работа на Телото за управување со ИПАРД заради нивна усогласеност со измената на систематизацијата на МЗШВ за воведување на нов Сектор за ИПАРД и истите се доставени од страна на НАО до ЕК на одобрување во септември 2012 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на остварување на функциите за управување со ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД),*** во 2013 година ќе се превземат следниве активности:

1. припрема на петта модификација на ИПАРД Програмата за вклучување на нови мерки, технички адаптации на постоечките акредитирани мерки од ИПАРД Програмата од аспект на припрема на модификациите на процедурите за спроведување како и предвидување на финансиската алокација за 2013 година.
2. ажурирање на Листата за прифатливи трошоци и спроведување на постапка за официјално усвојување од ЕК
3. подготовки за новиот циклус на програмирање 2014-2020 преку изработка на претходни секторски анализи и студии.
4. изработка на националниот акт за усвојување на ИПАРД Програмата односно Повеќегодишната програма за користење на финансиските средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската Унија
5. усогласување на националниот акт за спроведување на ИПАРД Програмата - Уредба за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента v – ИПАРД од инструментот за претпристапна помош ИПА.
6. усогласување на актот за формирање на Комитетот за следење на ИПАРД со Законот за земјоделство и рурален развој
7. ревизија на мониторинг системот и системот за евалуација за усогласување со ИПАРД Програмата

Усогласување на процедури и прирачници од страна на Агенцијата ќе биде финализирано откако ќе се усвојат предложените измени на ИПАРД Програмата, и се очкува оваа активност да биде финализира до јуни 2013-та година.

Во текот на март 2012-та година донесена е ***Уредба за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента V – ИПАРД од инструментот за претпристапна помош ИПА.*** Имајќи ја во предвид праксата во спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007-2013 како и очекуваните нејзини измени, а се во насока на поголема зашита на буџетските средства, планирана е измена на оваа Уредба до декември на 2013-та година.

Во 2013 година се предвидува и потпишување на повеќегодишен финансискиот договор за реализација на ИПАРД Програмата за алокациите на ИПАРД средства за 2012 година.

Заради спроведување на Техничката мерка од ИПАРД Програмата во 2013 година се предвидуваат активности за во рамките на процесот за здобивање на национална акредитација на оваа мерка за да

завршат и пренос на правото на управување од страна на ЕК, до јуни 2013 година. Во овој период се планира да се финализираат активностите за надминување на наодите од надворешната ревизија за сообразност која беше спроведена во 2012 година. Согласно заклучоците од добиениот Извештај, акредитациските критеруми од страна на Агенцијата генерално се исполнети, со најголем дел утврдени нискоризични наоди. По ова од страна на Агенцијата пристапено е кон надминување на наодите, меѓутоа финализирањето на предлог процедурите е процес кој е условен од завршување на претходни активности кои беа и наоди во ревизорскиот извештај, во смисла на усвојување на Листата на прифатливи трошоци и обезбедување на пристап до Early Warning System согласно ПРАГ. Од овој аспект се предвидуваат активности за подобрување на внатрешните процедури за сроведување на мерката и од страна на Телото за управување и од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. По завршувањето на овие активности треба да следи склучување на Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата и Телото за управување со ИПАРД.

Во почетокот на 2013 година приоритет ќе се даде на заокружување на измените на процедурите на ИПАРД Агенцијата за спроведување на четвртата модификација на ИПАРД програмата и објавување на прв јавен повик во првата половина на 2013 година. Во 2013-та година ИПАРД Агенцијата активно ќе работи на подоговка на нацрт-процедури за имплементација на мерката 301- Подобрување и развој на руралната инфраструктура и нацрт-процедури за имплементација на мерката 303- Стручна обука.

Преку обезбедената техничка помош за воспоставување на агро-еколошки мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој ќе продолжат активностите за подготовка на пакетот процедури за имплементација на избраните агро-еколошки мерки и активности за воспоставување на неопходните системи за следење на реализацијата на агро-еколошки мерки.

Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2013 година ќе продолжи реализацијата на активностите за публицитет со спроведување на кампања пред секој јавен повик и на барања од крајни корисници. Кампањата ќе се одвива согласно Годишен план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата 2013 изготвен врз основа на Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2007-2013. Во фокус на кампањата ќе бидат новите измени на ИПАРД Програмата и информирање на јавноста за најчесто повторуваните грешки и за контролните принципи на ИПАРД Агенцијата со фокус на „конфликт на интерес“.

Од аспект на ***националното финансирање*** на мерките за рурален развој, во 2013 година ќе се предвидат согласно Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017 во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година, како и изменување и дополнување на подзаконските акти за спроведување на политиката за рурален развој соодветно на Програмата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во 2013 година предвидена е усогласување на внатрешните процедури за работа на Телото за управување со ИПАРД заради нивна усогласеност со измената на ИПАРД Програмата во делот на индикатори за следење и проценка. За сите вработени планирана е изведба на соодветна обука и/или доусовршување согласно достапните извори на обуки, а во согласност со Планот за обуки. Ќе се спроведе и редовно ажурирање на Анализата на обем на работа заради предвидување на потреби од зајакнување на човечките капацитети.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно. Во 2013 година во рамките на Комитетот за следење на ИПАРД ќе се воспостави Работна група за анализа на проблемите и тесните грла во процесот на спроведување на ИПАРД и Работната група за координација на активностите за информирање и публицитет на ИПАРД Програмата која воедно ќе ја следи

имплементацијата на Акциониот план за комуникација за 2013 година ќе одржува редовни квартални состаноци..

Како редовна активности и резултат од системот за следење и проценка, ќе биде изготвен Годишен извештај за имплементација на ИПАРД Програмата за 2012 кој треба да биде доставен кон средина на 2013 година.

Од аспект на зајакнување на ***партнерството***, во првата половина на 2013 година ќе се изготви предлог за воспоставување на рурална мрежа во Република Македонија согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

Во краткорочен рок воспоставување на сигурносен ИКТ систем за Телото за управување со ИПАРД во соработка со Секторот за ИТ во МЗШВ ќе се насочи на зајакнување на сигурносните протоколи за пристап, складирање и размена на податоци и информации. Ќе се работи и на утврдување на потреби од техничка поддршка за набавка на софтверска поддршка за управување и безбедност на податоците за следење, проценка и известување за спроведувањето на ИПАРД Програмата (за дизајн на софтвер и изработка на техничка спецификација за софтвер за управување со бази на податоци за следење, проценка и известување за спроведување на ИПАРД Програмата).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Се предвидуваат и активности за измени и дополнувања на постоечките акредитирани мерки од ИПАРД Програмата за вклучување на резултатите и согледувањата при досегашното спроведување на мерките преку реализирани јавни повици во текот на 2014 и 2015 година. Воедно, напорите ќе бидат насочени кон припрема за акредитација и акредитација на ново воведените мерки (М301 Рурална Инфраструктура и М303 Поддршка на обуки во земјоделството) во 2014.

Во период 2014 и 2015 активностите ќе се фокусираат на припрема за претстојниот нов програмски период 2014-2020 за ИПАРД односно припрема на нова програмска рамка (ИПАРД Програма 2014-2020) и усогласување на внатрешните процедури за работа на ИПАРД Оперативната структура.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно во 2014 и 2015.

Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2014 и 2015.

Во однос на ***националното финансирање*** на руралниот развој ќе бидат усвоени Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2014 и 2015 година. На среден рок ќе се разгледува и потребата од измена на одредбите кои се однесуваат на политиката за рурален развој во ЗЗРР заради нивно усогласување со реформите на САР на ЕУ во наредниот програмски период 2014-2020.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за ИПАРД со вработување и обука на дополнителни вработени лица и обука и надградување на постојните вработени.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно.

Во контекст на активноста за воспоставување на сигурносен ИКТ систем за Телото за управување со ИПАРД се планира обезбедување на кориснички пристап до базите на податоци на ИПАРД Агенцијата преку интегрирање на системите на податоци со системите на податоците на ИПАРД Агенцијата во еден систем на проток на податоци меѓу двете институции.
Воедно се планира и утврдување на кориснички пристап до бази на податоци и регистри во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на сите поврзани активности за воспоставување на ИКТ системи поврзани со Земјоделскиот Информативен Систем.

### 3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Евалуацијата на реализацијата на мерките и активностите предвидени во „Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2008-2011", спроведена во текот на 2012 година, покажа висока имплементираност на повеќето мерки и активности. Врз основа на оваа анализа започнати се подготовителните активности за изработка на „Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија за следниот период 2013-2018"
Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2012 година, потпрограмата за Финансиска поддршка за органско земјоделско производство предвидени се мерки со зголемена финансиската поддршка од околу 30% за органското производство во однос на редовното производство и дополнителна поддршка за преработка и трговија на органски производи, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Севкупната надлежност за уредување на областа на органското земјоделско производство во Република Македонија ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) - Сектор земјоделство, Одделение за органско земјоделско производство.
Во реализацијата на мерките и активностите поврзани со органското земјоделско производство учествуваат и Државен инспекторат за земјоделство (МЗШВ), Агенција за храна и ветеринарство (АХВ), Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Институт за акредитација на Република Македонија, Институт за стандардизација на Република Македонија, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Факултетите за земјоделство, ЈНУ Земјоделски Институти, Национален Сојуз на органски здруженија, Акредитирани и овластени тела за стручна контрола.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води евиденција на правни лица за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.
Системот на контрола на органското производство во Република Македонија е делегиран на две сертификациски тела кои се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ). ИАРМ е член на ЕА (European Cooperation for Accreditation), а од мај 2012 година стана потписник на Мултилатералниот договор за признавање на акредитациите (EA-MLA) во областа на тестирање, сертификација и инспекција на производи.
Сертификациските тела во Република Македонија се акредитирани врз основа на оценување на воспоставеноста и имплементацијата на системот за квалитет согласно барањата на стандардот EN 45011. Врз основа на добиената акредитација од страна на ИАРМ, сертификациските тела добиваат овластување од страна на МЗШВ за вршење на стручна контрола во органското производство.

Контролата над работата на сертификациските тела, како и целокупниот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за органско земјоделско производство и прописите донесени врз основа на истиот ја врши Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за храна и ветеринарство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Заради поголема усогласеност со европската регулатива, односно интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулативата на Комисијата бр. 1235/2008 кои се однесуваат на увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка, како и на Регулативата на Комисијата бр. 710/2009 за утврдување на детални правила за органско производство на животни од аквакултурата ќе бидат донесени следните подзаконски акти: Правила за одгледување на водни животни, Правилник за формата, содржината и образецот на сертификатот дека производот, процесот на производство, подготовката или пуштањето во промет е во согласност со правилата и постапките од законот, како и на евиденцијата која ја водат субјектите и Правилник за формата, содржината и образецот на серификатот за сообразност на производството на органски производи со земјата увозник, начинот на издавањето како и пропратната документација која ја придружува пратката со производи со органско потекло.
Во оваа временска рамка ќе се изработи Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2013-2018.
Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2013 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2013 година и на Државниот инспекторат за земјоделство, како и обуки на кадарот на институционално ниво.
Во насока на зајакнување на капацитетите на МЗШВ, во рамките на претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB) со извршената селекција на земјата партнер, финализирани се активностите и се очекува почеток на реализацијата Twinning проектот за институционално зајакнување за спроведување на новата законска рамка за органско земјоделско производство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**
Подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2014 и 2015 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) и на Државниот инспекторат за земјоделство во периодот 2014-2015година, како и нивна обука.

### 3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Со донесувањето на ***Законот за квалитетот на земјоделските производи*** во октомври 2010 година (Службен весник на Република Македонија број 140/2010), ***главните*** задолженија и ***активности беа насочени кон изработка на придружните прописи*** кои произлегуваат од истиот. Во текот на 2011 година, беа донесени поголемиот број на подзаконските акти со кои се регулира заштитата на земјоделските и прехранбените производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

Во текот на 2012 беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделските производи (Службен весник на Република Македонија број 55/2012), како и преостанатите ***подзаконските акти од делот III на Законот за квалитет на земјоделските производи,*** кои се однесуваат на заштита на земјоделските и прехранбените производи со географски назив, како и ознака за гарантиран традиционален специјалитет. Исто така беа овластени Верификациските тела кои ќе вршат верификација на соодветноста на производите со елаборатот односно спецификацијата и со тоа ***комплетно се оформат и условите и правната рамка*** и се овозможи заштита и регистрација на одредени земјоделски и прехранбени производи во согласност со ЕУ регулативите 32006R0509, 32006R0510, 32006R1898, 32007R1216 и 32008R0628.
Во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/12) продолжи и понатаму да се реализира Потпрограмата – Финансиска поддршка за воведување на повисоки стандарди за квалитет.
Во текот на 2012 беа изработени и предадени до МЗШВ елаборати на 2 земјоделски производи и започната е процедура на заштита.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Согласно Законот за квалитетот на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11 и 55/12) и последната измена на систематизацијата на МЗШВ, сите активности од аспект на квалитетот и заштитата на квалитетот на земјоделските и земјоделско-прехранбените производи, како и промоцијата на истите, се во надлежност на Сектор за квалитет и маркетинг на земјоделски производи. Во рамките на секторот, Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи, во кое во моментов има вработено 4 лица, е директно надлежно за заштитата на квалитетот на земјоделските производи.

#### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### ПРАВНА РАМКА

Во тек на 2013 година, во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството како и Програмата за рурален развој за 2013 година, ќе се предвидат и мерки за финансиска поддршка за воведување на повисоки стандарди за квалитет.

Во текот на 2013 година предвидена е изработка на 2 елаборати, се очекува истите да бидат изработени и започната процедурата на заштита до јуни 2013.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во насока на зајакнување на институционалниот капацитет, покрај искористувањето на Инструментот TAIEX, во рамките на претпристапната помош на ЕУ од 1-та Компонента (IPA-TAIB), на почетокот на 2013 ќе започне

со реализација Twinning проект за административна соработка помеѓу МЗШВ и Министерството за земјоделство и шумарство на Италија за целите на правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитетот на земјоделско-прехранбените производи, како и воспоставување на евиденција на производи кои имаат заштитена ознака на потекло, заштитена географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период предвидена е и подготовка на елаборати и реализација на заштитата на ознаки за потекло и традиционален специјалитет на земјоделски производи, како и подготовка на Потпрограма за помош за воведување на повисоки стандардите за квалитет за 2014 и 2015 година и реализација на истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на МЗШВ предвидено е зајакнување на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Одделение за стандарди и квалитет на земјоделски производи и Одделение за маркетинг на земјоделски производи со нови вработувања во 2014 и 2015 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитени називи за ознаки за квалитет на земјоделските и прехранбените производи и нивна промоција.

## 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### 3.12.1. ОПШТИ НАЧЕЛА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со цел соодветна подготвеност на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) и другите надлежни институции за прашања од областа на безбедноста на храната во насока на ефективен, ефикасен и навремен одговор во случај на кризи или појава на одреден ризик и/или закана, а заради нивно отстранување или спречување усвоен е *Општиот план за управување со кризи од областа на безбедноста на храната и храната за животни* од страна на Владата на Република Македонија.

Интегрираниот повеќегодишен контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата е усвоен од страна на Владата на Република Македонија и објавен во “Службен весник на РМ” 105/2012. Планот е усогласен со регулативата 2004/882 односно Законот за безбедност на храната, во кој се содржани структурата и организацијата на системот за вршење на контролите на храна, храна за животни, здравствена заштита и благосостојба на животните. Планот има за цел хармонизирано и ефикасно вршење на официјалните контроли во гореневедените области.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнувањето на институционалните и административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство, како и имплементацијата на законодавството во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство е значително подобрено. Сето ова овозможува успешна реализација на активностите во насока на општата стратешка цел на Република Македонија во поглед на безбедноста на храната, постојан пристап на безбедна и здрава храна до крајните потрошувачи.

Во организација на DG SANCO во рамки на програмата “Подобра обука за побезбедна храна” одржани се обуки на тема RASFF систем и имплементација на аудит системите на кои земаа учество одреден број на претставници од АХВ што работат на соодветната проблематика.

АХВ како контакт точка со EFSA за Република Македонија во изминатиот период зема директно учество во повеќе настани, а посебно значење се учеството во “Подготвителни мерки за учество во EFSA на земјите со статус кандидати и потенцијални кандидати за влез во ЕУ”.

Во рамки на системот за внатрешен аудит на официјалните контроли, согласно Годишниот план за вршење на внатрешен аудит на официјалните контроли на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2012 г. извршен е аудит на официјалните контроли на инспекциските места на Граничните премини во Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на понатамошно усогласување со релеватното EU acquis предвидено е донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за безбедност на храна., усогласен со 32006R1924, 32004R0882, 32004R0852, 32004R0853, 32004R0854, 32005R2073, 32005R2075 и 320052074.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНАРАМКА**

Административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на 2012 година, планирано е да се зајакнат со нови вработувања на 10 советници/официјални ветеринари и државни инспектори за храна/ и 6 превземања на високообразован кадар со работни задачи и обврски поврзани со нормативно-правни и економски прашања. Целите и приоритетите на политиката за безбедност за храната ќе бидат утврдени со донесувањето на Стратегијата за безбедноста на храната во Република Македонија за периодот 2013-2018. Суштинската цел на Стратегијата е секогаш пристап до здрава и безбедна храна за крајните потрошувачи, а со тоа заштита на здравјето на населението во Република Македонија.

Предвидени се бројни активности во рамки на IPA 2009 Проектот за подобрување на институционалната рамка во однос на безбедноста на храна и тоа: а) изработка на процедури за официјални контроли на база на ризик, б) изработка на контролни планови согласно повеќегодишниот контролен план во однос на контрола и надзор на храната и контрола на објектите за храна, в) надградба на Системот за брзо предупредување (РАСФФ), преку воспоставување на апликативен софтвер и поврзување на сите надлежни институции вклучени во контролата на храната, г) воспоставување и целосна функционалност на систем за анализа на ризикот согласно Регулативата 178/2002, д) воспоставување на систем за управување со кризи, и ѓ) зајакнување на следливоста во областа на безбедноста на храната.

Во финална фаза е развојот на системот за обуки на Агенцијата за храна и ветеринарство - АХВ во рамки на IPA 2008 проектот во насока на јакнење на капацитетите на Агенцијата за храна и ветеринарство преку изработка на документи за поддршка на системот, развој на процедури како и user friendly алатка (IT база на податоци за обуки на Агенцијата за храна и ветеринарство) чија изработка е во тек.

Еден од приоритетите на АХВ во 2013 година е воспоставување на системот за управување со квалитет, при што посебен акцент ќе биде ставен на инспекциските служби во рамки на АХВ, како и воспоставување и операционализација на систем за анализа со ризикот согласно регулативата 178/2002, со воведување на структура за проценка на ризикот, изработка на посебни водичи и методологија за собирање на податоците и проценка на одредени ризици.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Измените и дополнувањата на европското законодавство во однос на безбедноста на храната ќе бидат следени во континуитет од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и последователно ќе се транспонираат во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамки на Агенцијата предвидено е воспоставување на соодветни механизми за подобрување на административните капацитети. Зајакнувањето на капацитетите Агенцијата за храна и ветеринарство од аспект на организација, управување и координација ќе овозможи понатамошно унапредување и надградба на системите во нејзина надлежност. Во тој контекст, планирани се подготовки за акредитација на инспекциските служби на АХВ во рамки на Проектот IPA 2009 согласно Европскиот стандард – EN 45004 или друг стандард посоодветен за работењето на службите.

Имплементацијата на законодавството што се однесува на редуцирани прегледи (reduced frequency checks) усогласено со релевантното Европско законодавство /одредбите од 31994D0360/ како и воведувањето на процедурите на ветеринарните инспекциски места на граничните премини се очекува да започне на среден рок.

Освен имплементацијата на плановите и програмите и воведување на најдобри пракси, независност во проверката како идни предизвици на системот за внатрешен аудит на официјалните контроли на АХВ се формирање на независен комитет за внатрешен аудит на официјалните контроли во АХВ, како и пристап базиран на ризикот во програмирањето на внатрешниот аудит на АХВ.

Со Проектот IPA 2010 се предвидува набавка на хардвер за системот, поврзување на сите институции надлежни за безбедност на храна во еден систем, како и twinning проект кој ќе помогне во јакнење на капацитетите на Агенцијата за храна и ветеринарство во поглед на имплементација на Европското законодавство кое е транспонирано во националното.

**3.12.2. ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Рамковното законодавство со кои се уредуваат одредени прашања од ветеринарната политика конкретно од областа на **идентификација и регистрација на животните** претрпе поголеми измени. Имено, во “Службен весник на РМ” 95/2012 објавен е *Закон за идентификација и регистрација на животните,* со чие донесување се укинаа Законот за идентификација и регистрација на животните (“Службен весник на РМ” 69/2004 и 81/07) и членот 14 од Законот за благосостојба на животните (“Службен весник на РМ” 113/2007 и 136/2011). Законот е предмет на усогласување со одредбите од следните ЕУ прописи: 31990L0427, 32000R1760, 32009L0156, 32008R0504, 31964L0432, 32008L0071 и 32004R0021.

Согласно *Законот за ветеринарно здравство (“Службен весник на РМ” 113/07, 24/2011,136/2011 и 123/2012), Законот за ветеринарно-медицински препарати (“Службен весник на РМ” бр. 46/2010 и 136/2011), Закон за благосостојба и заштита на животните (“Службен весник на РМ” 113/07 и 136/2011) и* Законот за сточарство (“Службен весник на РМ” 7/2008 и 116/2010), донесени се неколку подзаконски акти со кои детално се уредуваат прашања од различни области и тоа:

- ***внатрешен промет со живи животни, семе за вештачко осеменување, јајце-клетки и ембриони (усогласување со одредбите од:*** 31992L0065, 31990L0429, 31988L0407, 31990L0120 и 31989L0556***;);***
- ***мерки за контрола на болести (усогласување со одредбите од*** *32002L0060;****);***
- **системи за контрола на увозот (усогласување со одредбите од:** 32007D0275);
- *благосостојба и заштита на животните (усогласување со* 32005R0001 и 32004D0544*)* **и**
**- зоотехничките прашања** (**национални решенија**).
Согласно *Законот за ветеринарно-медицински препарати ("Службен весник на РМ"бр. 46/2010 и 136/2011) донесени се неколку подзаконски акти усогласени со одредбите од:* 32006L0130, 32001L0082 и 32006R1950).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамки на Програмата "Подобра обука за побезбедна храна" во организација на DG SANCO во текот на 2012 година реализирани се повеќе обуки на различни теми (здравствена заштита на животните и превенција од заразни болести, мерки за контрола и искоренување на болестите, ветеринарни прегледи и контроли на храна на граничните премини, благосостојба на животните за фармско држење (свињи), зоонози и ветеринарно-медицински препарати.), на кои земаа учество претставници од АХВ.

Реализирани се неколку циклуси на обуки во рамки на IPA 2008 чија таргет група беа вработените од АХВ со работни задачи на конкретната проблематика, но пред сé инспекциските служби. Крајната цел на горенаведената програма за обуки е да се обучат што поголем број на инспектори, заради: 1.) подготвеност за ефикасна имплементација на релевантното ЕУ законодавство; и 2.) формирање група на идни обучувачи.

Постигнати се бројни резултати во однос на подобрување и одржување на **системот за контрола на болести кај животните (**во однос на законодавството веќе се усвоени сите предвидени мерки за сузбивање и искоренување на болести што задолжително се пријавуваат, изготвени се планови за итни мерки (contingency plans) за сите болести утврдени во законодавството на ЕУ, надзорот на болестите е зајакнат, подигната е свеста кај јавноста и во професионалните кругови во однос на значењето на болестите, превентива и нивно пријавување, ефикасно спроведување на програмите за контрола и сузбивање на болестите поради зголемување на буџетските средства за реализација на активностите од програмите, успешност на вакциналните кампањи и зголемен имунитет на стадата во однос на бруцелоза кај малите преживари (овци и кози), лабораториските капацитети се зајакнати со отворање на нова лабораторија за дијагностика на беснило, како и воведување на нови дијагностички методи за испитување на беснило и класична свинска чума**).**

Во изминатите 2 години, успешно се спроведува вакцинална кампања против беснило кај дивите животни. Буџетот за 2012 година доделен за **ветеринарните трошоци за здравствена заштита** на животнтие е зголемен до 45% споредено со 2011 година. Исто така, во споредба со претходните години со промената на политиката на сузбивање на бруцелозата кај овците и козите, со воведување на задолжителна вакцинација, епидемиолошката состојба за бруцелоза кај говедата забележува значително подобрување, а со тоа и намалување на бројот на заболени луѓе. Изработена е cost-benefit студија за избор на стратегија (вакцинација против класична чума кај свињите) за контрола и искоренување на класична чума кај свињите во Република Македонија.

Во рамки на Факултетот на ветеринарна медицина (ФВМ) досега се акредитирани вкупно 90 методи за лабораториско испитување. Освен тоа, во текот на 2012 година извршено е опремување на лабораторијата за испитување на беснило и класична свинска чума, како активност во рамки на IPA 2008 проектот.

Базата на податоци за **идентификација и регистрација на животните** е надградена и претставува централен дел од новоинтегрираниот ветеринарен информациски систем. Започнати се активностите за воспоставување на **систем за идентификација и регистрација на животните од видот свињи**.

Во текот на 2012 година од областа на **зоотехничките прашања** извршена е регистрација на две признати организации на одгледувачи на добиток во Република Македонија (една за овци Аваси и една за автохтона овца праменка-овчеполка).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во 2013 година продолжуваат активностите од аспект на усогласување на националното законодавство со релевантното EU acquis. Според тоа, предвидено е донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за благосостојба на животните и нивна заштита ("Службен весник на РМ" 113/07 и 136/11), со кој ќе се изврши усогласување со одредбите од следните ЕУ мерки: 32007L0043, 32010L0063, 32008L0119 и 32005R0001.

Исто така на краток рок се очекува да бидат донесени голем број подзаконски акти од различни области (види Марица на активности). Со нивното донесуавње се постигнува усогласеност со EU acquis од повеќе области (**внатрешен промет во Европската Заедница со живи животни, ембриони, јајце клетки и семе за вештачко осеменување:** 32007D0240, 32004D0211, 31989L0556, , 31988L0407, 32004D0639, 32008D0636, 31990L0429, 32010D0471, 32010D0472 32007R0318, 32010R0206, 31991L0068, 32009D0712, 32009L0156, 32009L0158, 32006L0088, 32008D0392, 32008R1251, 31964L0432, 32003D0886 и 32001L0089; **некомерцијално движење на домашни миленици:** 32003R0998: 32010R0388; 32011R1152 и 32011D0874; идентификација и регистрација на животните и нивното движење: 32008L0071, 32000R0678, 32004R0911 32000R1760, 32004R0021, 32006R1505 32006D0968 и 32008R0504; зоотехнички прашања: 32006D0427, 31990D0256 и 31989D0507). Согласно Законот за ветеринарно-медицински препарати ("Службен весник на РМ" 40/2010 и 136/2011) ќе се донесат неколку подзаконски акти (предмет на усогласување со одредбите од: 32008R1234, 32001L0082 и 32001L0082). Од областа на **системи за контрола на увозот** во наредниот период Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со редовно следење на усвоените измени во Европското законодавство со кои се регулира оваа област од аспект на преземање и примена на соодветни мерки за заштита (safeguard measures), и последователно нивно преземање и примена на национално ниво.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на **зајакнување на административните капацитети на ветеринарните инспекциски служби, за имплементација на контролните системи компатибилни со системите на ЕУ**, покрај тоа што се планирани нови вработувања на официјални ветеринари и обуки за истите, воведен е Ветеринарниот Информациски Систем ВИС[28] чии модули веќе се развиени и се во фаза на тестирање. Секој од модулите ќе работи независно, но ќе биде поврзан со останатите модули (interface) што ќе овозможи проток на специфични и јасно дефинирани работни задачи на ветеринарните служби во Република Македонија. Системот ќе има можност за надградба, т.е. додавање по потреба на нови сегменти/модули.

Финална верзија од Планот за итни мерки за класична чума кај свињите ќе биде донесен во текот на наредната година. Исто така, Брошурата за едукација на одгледувачите на свињи за класична свинска чума и мерките кои треба да се преземат за нивна контрола и ерадикација ќе биде финализирана и воедно усвоена.

Активностите поврзани со воспоставување на системот за идентификација и регистрација (ИиР) на животни од видот свињи ќе продолжат во текот на 2013 година. Исто така за наредната година планирано е воспоставувањето на системот за идентификација и регистрација на домашни миленици од видот кучиња и мачки.

Истите имаат за цел дополнително подобрување на системот. On-spot контролите во однос на идентификација и регистрација на животните и нивните контроли дополнително ќе бидат зајакнати во наредниот период.

---

[28] Развојот на ВИС системот е активност во рамки на *Проектот за зајакнување на земјоделскиот сектор во РМ и пристап во ЕУ - Групација Светска Банка*

Акредитацијата на лабораториски методи во рамки на Факултетот на ветеринарна медицина - ФВМ продолжува и во понатамошниот период.
Контролите на лице место во однос на идентификација на животните и контрола на нивните движења ќе продолжат да се зајакнуваат и во наредниот период. За успешна реализација на политиката од областа на зоотехничките прашања Од страна на Одделението за сточарство како надлежна институција за креирање и спроведување на зоотехничките прашања планирано е користење TAIEX помош, (вклучително студиски посети).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Измените и дополнувањата на европското законодавство што ги регулира областите во рамки на ветеринарната политика ќе бидат следени во континуитет од страна на АХВ и последователно транспонирани во националното законодавство. На среден рок предвидени се измени и дополнувања на Законот за ветеринарно-медицински препарати ("Службен весник на РМ" 40/2010 и 136/2011).

Во однос на понатамошното усогласување на законодавството од областа на **зоотехниката** во текот на 2014-2015 година предвидено е донесување на измени на Законот за сточарството

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидени се низа обуки за нововработените лица поточно стручниот кадар чии работни задачи се директно поврзани со различни области од ветеринарството како и континуирани обуки за надградба на знаењата на останатите стручен кадар. Со Проектот IPA 2010 се предвидува градење на објекти за ветеринарна и фитосанитарна контрола на граничниот премин Блаце[29], како и комплетно опремување на истите. Во рамки на истиот проект предвидено е спроведување на серолошки испитувања на одредени зоонози, и обуки за ветеринарно-медицински препарати.

### 3.12.3 СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

*Согласно Законот за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/10, 53/11 и 1/12)* во "Службен весник на РМ" 127/2012 објавени се *Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella* усогласен со со одредбите од регулативата 32011R1109 и Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи ("Службен весник на РМ" 26/2012), усогласен со релевантните одреби од 32004R0853.

Согласно Законот за нус производи од животинско потекло ("Службен Весник на РМ" 113/2007) донесена е Листата на категоризирани нуспроизводи од животинско потекло ("Службен Весник на РМ" 42/2012), усогласена со релевантните одредби од Регулативата 32009R1069.

---

[29] Пренасочувањето на средствата предвидени со ИПА 2010 Проектот за изградба и опремување на ГП Блаце /претходно планирани за ветеринарно и фитосанитарно инспекциско место на граничен премин на Аеродромот Александар Велики - Скопје/ се во фаза на одобрување од страна на Европската Комисија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Изработката на оперативни водичи за здравствени барања во однос на **нус производи од животинско потекло** кои не се наменети за човечка употреба, како и обуки за официјалните ветеринари се дел од актовностите завршени во рамки на IPA 2008 проектот.
Проценката и категоризацијата на објектите/операторите со храна согласно Планот за проценка и категоризација ќе продолжи и понатаму. Рокот за исполнување на барањата на ЕУ е една година пред влез на Република Македонија во ЕУ. Во постапка е усвојување на систем на официјална контрола на операторите со храна кој ќе функционира и е заснован на ризик. До крајот на годината се очекува да се изготват и оперативните документи и плановите за работа на инспекциските служби, насочени кон концептот на контроли базирани на ризик.
Заради успешна имплементација на релевантното EU acquis како и хармонизација односно униформен пристап во вршењето официјалните контроли од страна на инспекциските служби организирани се повеќе обуки во организација на DG SANCO рамки на програмата "Подобра обука за побезбедна храна" на која учествуваа одреден број на претставници од АХВ. Со обуките беа опфатени различни области и тоа: микробиолошки критериуми на храната, хигиена и контрола на храна, зголемено ниво на официјални контроли на храна од неживотинско потекло, имплементација ан HACCP принципите, резидуи од пестициди и ветеринарно медицински препарати и болести преносливи со храна.

Развојот на Стратегијата за нус производи од животинско потекло во Република Македонија (отстранување, обработка и нивна употреба) е завршена во март 2012 година со подршка од IPA 2008 Проектот. Стратегијата е предуслов за развој на систем за собирање, преработка, употреба, трговија и отстранување. На овој начин, АХВ до Владата на РМ, предлага најприфатливо решение од економска и еколошка гледна точка за развој на горенаведениот систем. Како реален проблем во однос на воспоставувањето на горенаведениот ситем е недостатокот на соодветна локација за отстранување или преработка на нус производите од животинско потекло.

Во рамки на IPA 2008 проектот за зајакнување на капацитетот на АХВ, во текот на 2012 година одржани се повеќе обуки (официјални контроли за храна од животинско, земање мостри (микробиолошки критериуми, резидуи и контаминенти).

Националниот план за надзор и мониторинг на резидуи и недозволени супстанции е одобрен од страна на Европската Комисија со Одлуката 2012/302/ЕУ објавена во службен весник на ЕУ бр. L152.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Процесот на усогласувањето на националното законодавство со соодветното ЕУ Acquis ќе се продолжи и во 2013 година со донесување на подзаконски акти во однос на микробиолошки критериуми за храната и максимално дозволени нивоа на остатоци од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и животинско потекло (усогласување со одредбите од: 32005R2073; 32007R144, 32005R0396, 32000R0645, 32002L0063 и 32011R1274).

Како резултат на измени во законодавството на ЕУ во областа на нус производи од животинско потекло соодветно ќе претпри измени Законот за нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на РМ" 113/2007). Новиот Закон за нус производи од животинско потекло е предвиден за втората половина на 2013 година, а ќе се усогласи со одредбите од регулативата 32011R0142.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Завршена е изработката на оперативни водичи за здравствените барања во однос на нус-производите од животинско потекло кои не се наменети за човечка исхрана, како и обуки на официјалните ветеринари се исто

така дел од активностите предвидени во рамки на истиот проект, поточно изработка и имплементација на тренинг програми за спроведување на програми за официјални контроли наменети за сите засегнати страни вклучени во имплементација на законодавството од областа за која се однесуваат обуките.
Согласно Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" *157/10, 53/11 и 1/12*) предвидено е да се направи исклучок за операторите со храна со мали капацитети во поглед на нивна надградба и мониторинг на нивната надградба на флексибилен начин но при тоа да се задржат начелата предвидени со Европското законодавство како и утврдување на одредби за преодни периоди и одредби за категоризација и надградба на објектите – операторите со храна. За ко-финансирање на активностите на класификација на операторите за храна за усогласување со европските стандарди обезбедени се средства во рамките на ИПАРД Програмата.
Подготовките на процедури за официјални контроли врз основа на ризик и контролни планови вклучително повеќегодишниот план за надзор на храна и контрола на објектите се започнати со IPA 2008, а продолжуваат со IPA 2009 проектот. Развојот и проценката на водичи за ефективна имплементација и примена на дората хигиенскат пракса во примарното производство врз основа нормите и стандардите на ЕУ се планирани активности во рамки на IPA 2010 проектот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во понатамошниот период Агенцијата за храна и ветеринарство продолжува со следење на измените на релевантното EU acquis на редовна основа и последователно на тоа транспонирање на истото во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со IPA 2009 IPA 2009 предвидено е воспоставување на информативни системи и платформи за надлежните органи за безбедност на храна надградени и поврзани со операторите за храна и храна за животни, собирање на податоци за сопствена контрола, како и пријавување на жалби и поплаки од страна на засегнатите потрошувачи. Со проектот IPA 2010 планирана е воспоставување на центар за обука на обучувачи од областа на ветеринарното јавно здравство. Предвидена е подготовка на повеќегодишна програма со мерки и индикатори за подобрување и следење на квалитетот на млекото и воспоставување на систем за следење на квалитетот на млекото (2012-2015). За таа цел на среден рок се планира и формирање на уште 2 регионални лаборатории за јужниот и источниот дел од Република Македонија за испитување на хигиена и квалитет на млекото. Заради успешна примена на добрата хигинеска пракса за примарното производство согласно стандардите и нормите на ЕУ во рамки на IPA 2010 предвидена е изработка и оценка на прирачници.

### 3.12.4. ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно на Законот за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/2010, 53/2011 и 1/12) во 2012 година донесени се повеќе подзаконски акти (постигната е усогласеност со следните ЕУ мерки: 32003L0040; 32009L0054 32010R0115 32002L0046, 32008R1333, 32008R1332, 32008R1334,32011R1129, 32011R1130 и 32011R1131, 31997R025, 32009R0041 и 32004R0852). (види Матрица со активности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До моментов, завршена е постапката за регистрација за 8.000 оператори со храна од неживотинско потекло од вкупно 12.000. Постапката за регистрација ќе биде завршена во наредниот период. Воспоставен е нов вид

на регистер, кој претставува можност за операторите во прехранбената индустрија - храна од неживотинско потекло за заштеда на време и трошоци, бидејќи плаќањата за завршување на постапката се драстично намалени.

Заради завршување на постапката за одобрување на минералните води се спроведе обука во организација на АХВ, насочена директно кон сите оператори во прехранбената индустрија кои се занимаваат со минерални води, со цел ***промоција на одобрението за ставање во промет на минерални води во Република Македонија***. Ова резултираше со барање за ставање во промет на минерални води од страна на сите бизниси со храна, поточно минерални води.
Согласно Законот за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/10, 53/11 и 1/12) предвидена е *едукација наместо санкција.* Едукацијата се спроведува од страна на инспекциските служби на персоналот кај операторите со храна, со цел отстранување на утврдените недостатоци. Меѓутоа, ако одговорното лице утврди дека недостатоците не се отстранети, ќе побара поведување на прекршочна постапка. Агенцијата води регистар за извршените едукации на начин утврден од страна на директорот на Агенцијата.

Дел од активностите опфатени со "Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2012-2014", усвоена од страна на Владата на Република Македонија беа реализирани во текот на 2012 година, според договорот за соработка со граѓанското здружение "Организација на потрошувачите во Република Македонија ".
Станува збор за брошури кои имаат претежно информативно-едукативен карактер и наменети се за потрошувачите, кои ќе бидат достапни на web страната на АХВ, www.fva.gov.mk.

Во организација на DG SANCO рамки на програмата “Подобра обука за побезбедна храна” во текот на 2012 година се одржаа повеќе тренинг курсеви на повеќе теми (зголемено ниво на официјални контроли при увоз на храната од неживотинско потекло и одредени видови храна за животни, контролни планови за хемиски и микробиолошки контаминенти, административна обука за инспекциски служби - инспектори за храна *и правила за храна за доенчиња*). На обуките земаа учество одреден број на претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство. Основна цел на обуките е ефикасност во имплементацијата на релевантното EU acquis од страна на инспекциските служби.
Во организација на TAIEX во периодот од 27-ми февруари до 1–ви март во Скопје се одржа експертска мисија за контаминенти/загадувачи – законодавство и имплементација.

Во рамки на IPA 2008 проектот за зајакнување на капацитетот на Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на октомври се одржа обука на тема *ГМО, храна добиена по иновирани технологии и храна за посебни нутритивни потреби.*
Институтот за јавно здравје на РМ учествува во националниот систем за контрола на безбедноста на храната преку лабораториско тестирање на безбедноста, во соработка со инспекциските служби и со операторите со храна. Во Институтот одредени лабораториски методи се акредитирани според стандардот 17025 и се во континуиран процес на одржување на акредитацијата и проширување на обемот на акредитација. Особено е значајна активноста за тестирање на безбедноста на производите од домашно потекло пред да се пуштат во промет или да се извезуваат. Реализацијата на Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија, ќе продолжи во текот на 2013 година. Програмата ја реализира АХВ преку избор на лаборатории и истата е составена од четири дела: Мониторинг на микробиолошката исправност на одредени видови прехранбени производи; Мониторинг со детектирање на квантитативното присуство на резидуи од пестициди во однос на максималното дозволеното количество (МДК) во зеленчук, овошје и нивни преработки; Мониторинг со детектирање на присуството на тешки метали во одредени видови прехранбени производи и Мониторинг со детектирање на присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи.
Центрите за јавно здравје исто така имаат лабораториски капацитети за тестирање на одредени параметри за безбедноста на храната и се вклучени во контролата на безбедноста.
**Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје се вклучени во следењето на здравствената состојба на вработените лица кои доаѓаат во допир со храната и во едукацијата на операторите со**

**храна во однос на општите правила за хигиена на храната и заштита на животната средина. За таа цел Институтот има изработено прирачник за Хигиена на храна и заштита на животната средина.**

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Заради понатамошно усогласување со релевантното *EU acquis* што се однесува на *правила за безбедност на храната* согласно Законот за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/2010 и 53/2011 и 1/2012) предвидено е донесување на повеќе подзаконски акти (предмет на усогласуавње со одредбите од: 31989L0396, 31990L0496, 31987L0250, 31994L0054, 32000L0013, 32003L0120, 32011R1169, 32011L0091, 31999L0010, 32002L0067, 32004R0608, 32005L0005, 32006R1924, 32008R0353, 32005R0037, 31989L0108, 32003R1829, 32003R1830, 32001L0018, 31990L0219, 32004R1935, 31982L0711, 31985L0572, 32006R2023, 32011R0010, 32009R0450, 32008R0282, 32007L0042, 31984L0500, 32005R1895, 31993L0011, 31978L0142, 32011R0321, 32011R0284, 31984L0500, 31993L0011, 32011R1282; 32010D0169, 32011R0010, 32009R0450, 32011R0284, 32012R0112, 32012L0012, 31999L0002, 31999L0003, 32002D0840, 32008R1333, 32012R0232, 32012R0231, 32012R0470, 32012R0471, 32012R0472, 32012R0570, 32012R0583, 32012R0675 и 32008R0282).(види Матрица со активности)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради понатамошно зајакнување на системот за контрола на храната од неживотинско потекло како сегмент од интегрираниот систем за безбедност на храната, односно успешна имплементација на правилата за безбедност на храната од неживотинско потекло предвидени се нови вработувања на државни инспектори за храна, како и нови вработувања од редот на стручни државни службеници и обуки за зајакнување на капацитетите на службите за контрола на храна.

Заради ефикасна имплементација на законодавството во однос на контрола на прехранбените производи и предметите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, ГМО храна, храна произведена со иновирани технологии, храна за посебна нутритивна употреба и додатоци на храна, означување, здравствени и нутритивни тврдења на храната планирани се обуки наменети за државните инспектори за храна.

Прирачникот за правилна исхрана на доенчиња и мали деца подготвен од страна експертите на Институтот за јавно здравје, а во консултација со специјалистите педијатри треба да се отпечати во текот на 2013 и да се дистрибуира до целните групи.

Во текот на 2013 година се очекува да бидат зајакнати капацитетите во однос на опремата за тестирање на резидуи на пестициди, како што се гасно - масна хроматографија и течно-маслена хроматографија и да се прошири обемот на акредитирани методи за тестирање.

Планирана е надградба на техничките капацитети во Институтот за јавно здравје на РМ (опрема и кадар) за тестирање на широк спектар на пестициди во храната, кои се задолжителни според европската легислатива.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2014 година планирано е донесување на Правилник за специфичните критериуми и барања за чистота на адитивите што можат да бидат содржани во храната усогласен со одредбите од 32102R0231.

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното EU acquis.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во насока на понатамошно зајакнување на функционалноста на системот за контрола на безбедноста на храната од неживотинско потекло покрај вработувања заради запознавање односно континуирана надградба на знаењата и вештините, предвидени се соодветни обуки за државните инспектори за храна како и обуки за стручно - административниот персонал во рамки на Секторот за храна од неживотинско потекло.

## 3.12.5. ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### ПРАВНА РАМКА

1.) Согласно Законот за безбедност на храна за животни ("Службен весник на РМ" 145/2010,53/2011 и 1/12), односно Законот за безбедност на храната („Службен весник на РМ" бр. 157/10, 53/11 и 1/12) во првата и втората половина на 2012 донесени се неколку подзаконски акти (32009R0767, 31990L0167, 32002L0032, 32005R0183 и 32009R0767).

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во рамки на Програмата "Подобра обука за побезбедна храна" во организација на DG SANCO во текот на 2012 година се одржаа неколку обуки на тема *Законодавството на ЕУ* за храна за животни, на кои земаа учество одреден број на претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство.
Во текот на мај и јуни во ко-организација на IPA 2008 проектот се одржа тренинг курс на тема *"Официјални контроли за хигиена за храна за животни"*.

### КРАТКООРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
### ПРАВНА РАМКА
Согласно Законот за безбедност на храна за животни ("Службен весник на РМ" 145/10 и 53/11) планирано е донесување на повеќе подзаконски акти (предмет на усогласување со одредбите од: 32003R1829, 32003R1830, 32008R0298, 32001L0018, **32009L0041**, 31997L0078, 32004R0882, 32002R0178, 32009R0669, 32004R0136 и 32011R0575 и 32012R0016).(види Матрица со активности)
### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА
Во текот на 2013 година ќе се спроведуваат теоретски и практични обуки за стручниот кадар од Агенцијата за храна и ветеринарство кој е директно вклучен во активностите од областа безбедност на храна за животни и исхрана на животните.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
### ПРАВНА РАМКА
Заради понатамошно усогласување со релевантното законодавство на ЕУ (32002R0178, 32005R0183, 32004R0852, 32004R0882, 32009R0767, 31990L0167, 32001L0082, 32003R1831 и 32002L0032) во текот на 2014 година ќе се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за безбедност на храна за животни ("Службен весник на РМ" 145/10 и 53/11).

### 3.12.6. ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА
### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### А) Правна рамка

А) ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2012 година во однос на законодавните активности беа донесени одредени подзаконски акти од делот за здравје на растенијата, согласно Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на РМ“ бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11) со што е постигнато усогласување со релевантните одредби од 32000L0029, и дел од пропишаните стандарди од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC).

### Б.) Институционална рамка

1.) Фитосанитарната Управа

Во текот на 2012 година, реализирани се 3 вработувања на лица кои работат на проблематиката на транспонирање на подзаконските акти во рамки на фитосанитарната политика. Фитосанитарната управа во рамките на своите ингеренции превзема соодветни активности во однос на заклучоци на Влада. Фитосанитарната управа веќе е во завршна фаза во изготвувањето на Стратегијата за фитосанитарна политика односно во Јануари 2013 година после предвидената јавна дебата ќе биде финализирана. Фитосанитарната управа подготвува програма за фитосанитарна политика 2013, која ќе биде завршена во Јануари 2013 година. До крајот на 2013 година односно почетокот на 2014 година Јанури ќе биде финализирана и фитосанитарната програма за 2014 година. Во ноември се одржаа неколку средби со преставници на ЦЕФТА во делот на фитосанитарната политика генерално, меѓудругото на состаноците со преставниците на ЦЕФТА беше разговарано и за потенцијалните активности во наредниот период. Фитосанитарната управа е во завршна фаза во подготовка на мониторинг програма во обласа на производството, преработката,складирањето, дистрибуцијата употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата (2013-2018) . Фитосанитарната управа има назначено лице кое е во постојана комуникација со TAIEX генерален директориум за проширување на Европската Комисија Брисел и се грижи за потребите на оделите и секторите на управата во делот на административното зајакнување на нивните капацитеити како и прилагодувањето на евроспките регулативи во домашното законодавство преку активностите на TAIEX. Од 19-21.11.2012 година се одржа работилница поддржана од TAIEX на тема „Регистрација и евиденција на вештачки ѓубрива“ со експерти од Чешкиот институт за надзор и тестирање во земјоделството. На оваа обука учество земаа 25 учесници односно беа вклучени сите засегнати страни : Универзитетски професори, стопанственици на големо и мало, како и претставници од соодветни државни институции.

Во рамки на своите законски надлежности Секторот за заштита на растенија продолжи со ажурирање на Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети (во електронска и пишана форма) и Регистарот за издавање уверение за службена верификација на погон за посебна доработка на дрвен материјал за пакување.

Оделението за ѓубрива како дел од Секторот за Агрохемија во рамки на своите законски надлежности, води регистар за увоз на ѓубрућа, регистар на производители на ѓубриња, листа на ѓубриња, регистар на правни лица за пласирање на пазарот на ѓубриња на големо и мало, подготвува измени на законската регулатива, правилници по НПАА и национални правилници, на терен регистрира земјоделски аптеки , изготвува решенија, како и тековни активности и потреби на управа. Секторот за агрохемија има редовни меѓусекторски состаноци и меѓу институционални средби.

Со цел продлабочување на фитосанитарната соработка и олеснување на меѓународната трговија во регионот, во текот на 2012 година беа потпишани спогодби за соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија, како и помеѓу Република Македонија и Република Црна Гора.

Во текот на 2012 година беше донесен „Повеќегодишен национален контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата“. Во него се дадени насоките за контролниот систем за здравје на растенијата и се утврдени приоритетните активности во ова област за наредните години (2012-2016).

2.) Управа за семе и саден материјал

Согласно законската регулатива, Управата за семе и саден материјал ја насочува својата активност кон производство на сертифициран семенски и саден материјал, како и негово етикетирање за подобра контрола при неговото пуштање во трговија. Во рамките на нејзините надлежностите е признавање и одобрување на сорти од семенски и саден материјал и нивно објавување во Службен весник на РМ, како и изготвување на Национална сортна листа во која се запишани сите сорти дозволени за увоз и трговија во нашата држава. Во надлежност на Управата се Ген банки во кој трајно се чува и одржува семенски и саден материјал од дивергентни популации и автохтони видиви, со цел да се заштити биодиверзитетот, исто така во нив се чуваат и дефинитивни примероци на признаени сорти од семенски и саден материјал кој се запишани во Национална сортна листа во РМ. Управата за семе и саден материјал ги има донесено подзаконските акти кои произлегуваат од Законот и истите се усогласени со Европското законодавство законодавство од областа на семенскиот и садниот материјал.

Во организација на Community Plant Variety Office Website ( CPVO) се спроведени повеќе обуки кои се особено важни при изготвување и имплементација на подзаконските акти од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и Законот за селекционерски права.

3.) Државен Инспекторат за земјоделство – ДИЗ (фитосанитарна инспекција)

Во насока на зголемување на функционалноста, ефикасноста и квалитетот на фитосанитарниот систем во Република Македонија, ДИЗ-Секторот за фитосанитана инспекција во 2012 година ги зајакна своите кадровски капацитети со вработувања на компетентен стручен кадар. Во однос на погоренаведеното Секторот за фитосанитарна политика е составен од следниве кадровски капацитети: 1 **Главен инспектор** за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен премин и во внатрешноста на државата, 1 **Виш инспектор** за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата,**19** државни фитосанитарни инспектори на граничен премин **и 20** државни фитосанитарни инспектори во внатрешноста на државата.

Фитосанитарната инспекција е во постојан контакт и соработка со сите органи во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, контуинирано ја следи легислативата од областа на фитосанитарната политика во однос на сите законски и подзаконски акти заради нејзина успешна и ефикасна имплементација. Во изминатиот период Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен премин и во внатрешноста на државата, активно учествуваше во делот на фитосанитарната политика, при изработката и донесувањето на „Повеќегодишен национален контролен план за надзор од областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата“.

4.) Државната Фитосанитарна лабораторија – ДФЛ

Во тек е постапка на акредитација на ДФЛ. Зголемен е обемот на работа со доставување на примероци за анализа и дијагностика на штетни организми од страна на ДИЗ. Во тек е изготовка на мониторинг програмите од страна на ФУ со што ќе се дефинира работат на ДФЛ и ќе се зголеми обемот на работа.

**Краткорочни приоритети**

**а) Правна рамка**

Законодавните активности за понатамошно усогласување на националното законодавство со релевантното EU acquis од фитосанитарната област ќе продолжат и во 2013 година. Предвидено е донесување на Законот за фитофармацевтски производи (предмет на усогласување со ЕУ мерките: 32009R1107, 32009R1185, 32009L0128, 32005R0396 и 32009L0127). Со неговото донесување ќе се укине Законот за производи за заштита на растенијата целосно усогласен со Директивата 91/414 EEC која повеќе не е на сила. На почетокот од 2013 година се очекува да се донесат неколку подзакосни акти од областа заштита на здравјето на растенијата усогласени со одредбите од директивата 32000L0029 односно пропишаните стандарди од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC) и тоа: ISPM бр.33, бр.6 и бр.9. Исто така од областа на здравје на растенијата ќе се донесат повеќе подзаконски акти со кои ќе се постигне усогласуавње со според пропишаните стандарди од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC) и тоа: ISPM 15, ISPM 11, ISPM 13, ISPM 14 и ISPM 2 како и релевантните одредби од директивата 32000L0029.

**б) Институционална рамка**

1.) Фитосанитарна Управа

Во насока на континуирано зајакнување на функционалноста на фитосанитарниот систем во Република Македонија, покрај вработувања со компетентен стручен кадар, предвидени се соодветни обуки за вработените во Фитосанитарната управа и фитосанитарните инспектори при ДИЗ.

2.) Управа за семе и саден материјал

Во текот на 2013 година се предвидени **5 нови вработувања** со следниве звања и тоа: 2 раководители на сектор, 2 советник и 1 помлад соработник. Овие вработувања се потребни за имплементација на подзаконските акти од областа на семе и саден материјал.

Во 2013 година, согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, ќе се склучат договорите со дадените јавни овластувања на правни лица за стручна контрола на производство на семенски посеви и насади, постконтрола и за испитување на видови на сорти на земјоделски растенија, како и јавни овластувања на лаборатории за испитување на семенски и саден материјал, земање и чување на дефинитивните примероци на сорти во ген банки. Одпочната е постапка за заштита на автохтоните сорти од земјоделски растенија, ревитализација на Ген банките и постоечките опитни полиња во Република Македонија.

3.) Државен Инспекторат за земјоделство – ДИЗ (фитосанитарна инспекција)

Еден од приоритетите во 2013 година, за државните фитосанитарни инспектори ќе биде вршење инспекциски надзор на **мониторинг на семенски и меркантилен компир**, **мониторинг на овошни култури и винова лоза**, **мониторинг на растенија во оранжерии и за градинарски растенија, мониторинг на шумски и декоративни растенија итн, кои произлегуваат од Законот за здравјето на растенијата** (Службен весник на Република Македонија број 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11) откако претходно истите ќе бидат изготвени од страна на Фитосанитарната управа.

Исто така, по претходно изготвување од страна на Фитосанитарната управа на ***Годишна програма за мониторинг и контрола на користените производи за заштита на растенијата на примарното производство*** како и воспоставување на ***Регистар на опрема за апликација на производи за заштита на растенијата на правни и физички лица***, согласно Законот за производи за заштита на растенијата

(Службен весник на Република  Македонија број 110/07, 20/09, 17/11 и 53/11) државните фитосанитарни инспектори ќе вршат инспекциски надзор согласно истите. Во контекст на ова, државните фитосанитарните инспектори ќе имаат неопходна потреба од **едукација** и **обуки** од надворешни експерти како и странска помош од инструментот TAIEX од областа на здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата.

Со Проектот IPA 2010 се предвидува  градење на објекти за ветеринарната и фитосанитарната контрола на граничниот премин Блаце 2, како и комплетно опремување на истите.

4.) Сектор за шумарство и ловство

Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на 2 нови вработувања во делот на имплементација на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

**Среднорочни приоритети**

**Правна рамка**

1.) Сектор за шумарство и ловство

До 30 декември 2014 година ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со цел да се постигне потполно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал и со Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на службените органи.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, заради усогласување во целост со директивата 1999/105/ЕЗ односно регулативата 1598/2002/ЕЗ до крајот на 2014 година ќе се донесат повеќе подзаконски акти.

**Институционална рамка**

1.) Фитосанитарна Управа

Во насока на континуирано зајакнување на функционалноста на фитосанитарниот систем во Република Македонија, покрај вработувања со компетентен стручен кадар, предвидени се соодветни обуки за вработените во Фитосанитарната управа и фитосанитарните инспектори при ДИЗ.

2.) Управа за семе и саден материјал

Со цел имплементација на ЕУ стандардите и процедурите,  како и успешна примена на националното законодавство, предвидени се обуки за постоечките и нововработените лица. Одредени обуки се продолжителни обуки на вработените односно надградба на останатите вработени, чии задачи и обврски се продолжување на започнатите активности за  евроинтеграцискиот процес.

Управата за семе и саден материјал во 2013 година има предвидено и договорено обуки (странска помош) со TAIEX  и со  CPVO (канцеларија за заштита на нови сорти растенија).

Управата во рамки на среднорочни приоритети континуирано ке продолжи со законската активност на етикетирање на сертифициран семенски и саден материјал, се со цел подобра контрола и следење на квалитетот на истиот. Оваа активност обезбедува евиденција на производство на сертифициран материјал од сорти и контрола на семенскиот и садниот материјал кој се пушта во трговија. Официјалните етикети треба да се во согласност со условите на OECD  и ISTA стандардите кои важат за земјите членки на ЕУ, а Република Македонија во најскоро време ќе ги прифати овие стандарди и практично ќе почне да ги

применува на терен. Со спроведување на оваа активност се заокружува законската рамка од областа на етикетирање на сертифициран семенски и саден материјал на земјоделски растенија. Заштитата на автохтоните сорти ќе се спроведува на подолг период со цел да се изврши категоризација на сортите во насока на нивно искористување во комерцијални или научни цели. Исто така како активност на Управата е изготвување на описни листи на препорачани сорти за поледелски растенија, овошни и лозови растенија, како и градинарски растенија за таа цел потребно е да се направи испитување на сортите во одредени почвено – климатски региони во Република Македонија.

Од голема помош е **TAIEX – мисијата** за ефективно трнанспонирање на Европското во националното законодаство и негова имплементација во Македонија.

3.) Сектор за шумарство и ловство

Со цел јакнење на капацитетите на надлежниот сектор се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување професионални обуки за вработените.

## 3.13 РИБАРСТВО

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Областа на рибарството и аквакултурата е уредена со Законот за рибарство и аквакултура, („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008 и 67/2010, 47/2011  53/2011 и 95/12) како основен закон Lex generales. Врз основа на законот, изработени се и донесени 23 пратечки прописи. Во 2012 година е донесена и Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години, која ги дефинира целите, задачите, активностите и мерките и го дава правецот за развој на рибарството и аквакултурата за подолг временски период.

Покрај Законот за рибарство и аквакултура, правната рамка во областа ја сочинуваат и пакет на закони од областа на ветеринарството, особено Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07) и Законот за јавно ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/07) како и Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/09 и 53/11) како материјален закон Lex specialis и донесените пратечки прописи врз основа на овие закони, во согласност со принципите на Заедничката политика за рибарство на ЕУ.

Државниот инспекторат за земјоделство во водењето на прекршочните и кривичните постапки,покрај горенаведените закони ја применува и законската рамка преку Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10 и 160/10) како основен закон Lex specialis, Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/06 и 51/11) и Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96; 80/99; 4/02; 43/03; 19/04; 84/05; 60/06; 73/06; 87/07; 7/08; 139/08; 114/09; 51/11; 135/11; 185/11 и 142/12).

Во делот на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството,*** одредбите од Законот за рибарство и аквакултура и пратечките прописи кои поблиску ја уредуваат оваа материја, се однесуваат на дефинирање на риболовните води, начинот на вршењето на стопански и рекреативен риболов и дозволените риболовни средства за вршење риболов, постапките за одгледувањето на риби (аквакултурата), како и производството на порибителен материјал. Во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој, врз основа на законот, изработени се и донесени риболовните основи за три риболовни подрачја (природните езера), девет поголеми вештачки езера, за сите риболовни ревири во Република Македонија со определување на рекреативни зони и риболовни основи за помалите акумулации на територијата на Република Македонија.

Во 2012 година е завршена постапката за доделување на концесија на рибите за дел од риболовните води за вршење стопански и организирање рекреативен риболов. Заради ова во 2012 година во однос на 2011 година

зголемен е бројот на контроли кои беа организирани во риболовните подрачја и риболовните ревири особено во време на ловостој при вршење на стопански и рекреативен риболов, но и со контроли по добиени информации, претставки за продажба на риба без потекло, како и со редовни контроли во угостителски објекти, рибарници, диви продажни места и зелени пазари, за што зборува и зголемениот број на поведени постапки против сторителите на прекршоци до надлежните органи.
***Структурните активности***, согласно одредбите од Законот за рибарство и аквакултура се уредуваат преку годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, кои ги носи Владата на Република Македонија.
***Пазарната политика*** покрај Законот за рибарство и аквакултура и пратечките прописи е уредена и со законската регулатива од делот на ветеринарството кој се однесува на рибарството и аквакултурата. Инспекцијата покажа посебна активност и во поглед на преглед на риболовен алат, опрема, предмети, уловот, легитимации, дозволи за стопански и рекреативен риболов, пунктови, одгледувалишта на риба, репроцентри и на водење на евиденции. Исто така беа вршени и контроли во однос на порибувањето по вид и количина во риболовните води, но и контроли на овластените јавни научни установи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството.
Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ преку Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство во кој постојат две одделенија и тоа Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата и Одделение за физичка заштита на риболовните води со вкупно вработени 16 државни службеници.
Со секторот раководи еден Главен инспектор, а во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибарарството и аквакултурата при ДИЗ за вршење на инспекцискиот надзор се вработени вкупно 13 лица, 1 Виш инспектор, 6 инспектори и 6 Референти за рибарство со аквакултура додека во Одделението за физичка заштита на риболовните води вработени се 1 Советник за контрола на физичка заштита на риболовни води и 1 Виш соработник за водење на евиденција за физичка заштита на риболовни води.
Здравствената заштита на рибите, како и безбедноста на производите од рибарството кои се пласираат на пазарот се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство.
За реализација на активностите во делот на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството, како и структурни активности и пазарна политика*** од вкупниот број вработени во Одделението за рибарство и аквакултура е надлежно едно лице, а во делот на инспекциската контрола се вработени 6 лица во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата при ДИЗ.

Во рамките на Одделението за рибарство и аквакултура во Сектор за земјоделство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се води евиденција за регистрираните репроцентри, производители на порибителен материјал од рибник наменет за промет, одгледувачи на риба, како и корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води, со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа. Воспоставен е и регистар на државната помош во рибарството.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на рибарството во непосредна иднина, освен извесни дополнувања неопходни за следење на евро-интегративниот процес, не е предвидено донесување на закони од оваа област.
Пратечките прописи кои се донесени се однесуваат на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството,*** а ги допрецизираат одредбите околу искористувањето на природните ресурси (рибите) преку доуредување на начинот на вршење на рекреативниот риболов.
Во првиот квартал на 2013 година во областа на ***структурните активности*** предвидено е донесување на годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2013 година, со начин/упатство за реализација на истите.
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За зајакнување на административниот капацитет во тек на 2013 година во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на повеќе лица, со оглед на проширување на обемот на работа во областа, а за зајакнување на инспекциската контрола и вршењето на инспекциски надзор во областа, во Одделението за инспекциски надзор на рибараството и аквакултурата при ДИЗ во 2013 година треба да се вработат уште неколку инспектори. Предвидено е вработување на повеќе лица и на среднорочен план.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2014 и 2015 година.

## 3.14. ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

### 3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

*Пристап на пазарот*
Со Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11 и 6/12) се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

Во Законот за превоз во патниот сообраќај се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Регулатива бр. 1071/09/ЕЦ, Регулатива бр. 1072/09, Регулатива 1073/09, Директива 96/96/ЕЦ, Директива 2009/40/ЕЗ, Директива 2000/30/ЕЦ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЦ, Директива 94/06/ЕЦ.

*Патна инфраструктура*„

Со Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11 и 44/12) се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето,

заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ, Директива 52/04/ЕЗ.

*Опасни материи*

Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007; 147/2008; 161/2009; 17/2011 и 54/2011) во кој се уредени условите под кои се врши превозот на опасните материи (подготвување на материјата, товарење, превоз, попатни манипулации, истовар, безбедност во превозот, опремување на возилата и обука на кадри). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, транспонирана е дел од директивата 94/63/ЕЗ кој се однесува на спецификациите за возилата цистерни.

*Безбедносни прашања*

Со Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај се регулира прашањето за воведување на дигитални тахографи во возилата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 17/11 и 54/11). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Регулатива бр. 3821/85/ЕЕЦ, Регулатива 561/2006/ЕЦ, Директива 2006/22/ЕЦ, Директива 2002/15/ЕЦ.

Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(“Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11 и 51/11) се утврдени мерките за безбедност и заштита на патиштата, основните начела и меѓусебни односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и опремата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, возачи, возила, уредите и опремата што мора да ги имаат возилата, посебните мерки на безбедност и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 2002/85/ЕЗ, 1996/53/ЕЗ, 1991/671/ЕЗ, 1985/3820/ЕЗ, 1985/3821/ЕЗ, 1991/439/ЕЗ, 1997/26ЕЗ, 2002/15ЕЗ, 2004/11ЕЗ, 1992/6ЕЗ, 2000/56ЕЗ, 1996/47ЕЗ, 1996/96, 2003/127, 1989/459ЕЗ, 1988/599ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), се регулира испитувањето на возилата, регистрацијата на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него.

Министерството за внатрешни работи со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, изготви и усвои „Програма за унапредување на безбедноста во патниот сообраќај“ која се спроведува на терен со цел подобрување на безбедносната состојба на патиштата.

Со Националната стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 се предвидуваат долгорочните потреби на државата за превземање на плански мерки и активности во делот на безбедност на сообраќајот и покажува спремност на државата за решавање на проблемите во овој сегмент. А

постои и Акцискиот план за спроведување на стратегијата, врз основа на кој се мерат индикатори за сголемување на безбедноста на сообраќајот.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерство за транспорт и врски

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт – орган во состав на Министерството за транспорт и врски овластен за инспекциски надзор, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локална самоуправа.

Во Министерството за транспорт и врски постојат четири одделенија во рамките на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура за работата околу превозот на патници и стоки во патниот сообраќај и патната инфраструктура. Во текот на 2012 година во Секторот со превземање од други институции дополнително се вработени 2 лица, со што вкупниот број на вработени изнесува 33 лица.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура заклучно со ноември 2012 година се издадени:

- 3297 лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај и
- 721 лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај,
- 13545 сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај и
- 5873 сертификати за професионална компетентност на управители или овластени лица за вршење превоз во транспортните компании.

Министерството за транспорт и врски е надлежна институција за подготовка на сите правни акти кои произлегуваат како обврски согласно Законот за јавни патишта, а надлежни институции за имплементација на Законот за јавни патишта се: Агенцијата за државни патишта и Единиците на локалната самоуправа.

Во рамките на Министерството за транспорт и врски работите од областа на патната инфраструктура се во налдежност на Одделението за патна инфраструктура во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура. Во одделението се вработени две лица со висока стручна спрема.

Во врска со превозот на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за изготвување на законската регулатива и имплементирање на законските одредби. Во рамките на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура функционира одделение за превоз на опасни материи во кое се вработени три лица со висока стручна подготовка.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура заклучно со месец ноември 2012 година се издадени:

- 220 важечки сертификати за советници за безбедност при превоз на опасни материи
- 3622 важечки сертификати за стручно оспособување на возачи на моторни возила за превоз на опасни материи

Овластениот издавач на мемориски картички за дигитални тахографи во изминатиот период има издадено вкупно:

- 5837 мемориски карички, од кои: 5487 возачки картички, 269 превознички картички, 80 работилнички картички и 1 контролна картичка

Во месец септември 2012 година се одржа состанок на Координативното тело за безбедност на сообраќајот на патиштата со цел разгледување на извештајот за реализирани активности од „Акциониот план за спроведување на Стратегијата за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и индикаторите од надлежните институции за спроведените активности".

Државен инспекторат за транспорт

Во Државниот инспекторат за транспорт функционираат 3 одделенија и тоа одделение за логистика и координација, одделение за инспекциски надзор над патишта и жичари и ски-лифтови, одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај. Во текот на 2012 година во инспекторатот со превземање од други институции дополнително е вработено 1 лице. Со тоа Државниот инспекторат за транспорт има вкупно 40 вработени лица од кои 8 се инспектори за јавни патишта, 1 инспектор за жичари и ски- лифтови и 17 се инспектори за патен сообраќај.

Во 2012 (јануари-октомври) година Државниот инспекторат за транспорт ги има спроведено следните инспекциски контроли:

- Државните инспектори за патишта заклучно со октомври 2012 година:
  - Изготвиле вкупно 1657 записници за извршен надзор,
  - донесле вкупно 292 решенија
  - поднесле вкупно 132 барања до суд за поведување на прекршочна постапка,
  - поднеске вкупно 746 барања за поведување на прекршочна постапка до комисија,
  - издале 72 платни налози и
  - издале 691 покани за наплата на глоба.
- Државните инспектори за патен сообраќај заклучно со октомври 2012 година:
  - Изготвиле вкупно 2911 записници за извршен надзор,
  - донесле вкупно 599 решенија
  - поднесле вкупно 792 барања до суд за поведување на прекршочна постапка,
  - поднесле вкупно 460 барања за поведување на прекршочна постапка до комисија,
  - издадале 490 платни налози
  - издале 108 покани за наплата на глоба,
  - изклучиле од сообраќај 15 возила и
  - одзеле 29 дозволи
  - одземни возила 96

Исто така Државниот инспекторат за транспорт во своето работење е поврзан со Царинската управа, така што согласно Законот за превоз во патниот сообраќај Царинската управа, на граничен премин односно на друго место каде што се врши царински надзор, проверува дали домашен или странски превозник има дозвола и други соодветни исправи и документи пропишани со Законот за вршење на соодветен вид на превоз, како и дали превозникот го врши превозот во согласност со тие документи. Доколку се утврди дека превозникот во возилото нема дозвола или друг потребен документ или дека истите не ги користи на пропишан начин, Царинската управа ќе забрани влез или излез на возилото во или од Република Македонија.

Почнувајќи од 01.10.2012 година Државниот инспекторат е поврзан со Едношалтерскиот електронски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти, како и за превоз на патници - EXIM системот со што се овозможува целосен увид за влезот и излезот на возила кои вршат превоз на стоки и превоз на патници, се воспоставува прецизна евиденција, а и електронски се следи искористеноста на дозволите.

Агенција за државни патишта

Во Агенцијата за државни патишта функционираат 1 самостоен сектор и 2 самостојни оделенија како и 4 сектори, а вкупниот број на вработени изнесува 320 лица.

Согласно Законот, Агенцијата за државни патишта изготвува предлог Годишна програма за работите во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта во Република Македонија. Програмата ја донесува Владата на Република Македонија.

Во текот на 2012 година по Проект за обновување на сообраќајната сигнализација за дел од Коридор 10 и за магистралните патишта исплатени се 31.242.789,00 денари. Поставена е хоризонтална и вертикална сигнализација на автопатот А1/Е75: Граничен премин Табановце, Рафинерија – клучка Миладиновци со наплатна рампа, Аеродром Александар Велики – клучка Петровец со наплатна рампа и граничен премин Богородица. Со тоа проектот е комплетно реализиран. Исто така, согласно Програмата на АДП во тек е обновување на сигнализација на наплатна станица Сопот и делницата Катланово-Велес и истите ќе завршат до крајот на 2012 година.

Во текот на 2012 година заклучно со месец ноември вкупниот број на поставена сообраќајна сигнализација на територијата на Република Македонија изнесува 1302 знаци.

Почнувајќи од 09.10.2012 година по препорака на Владата на Република Македонија, АДП ги превзема во надлежност сите патарини, вклучувајки ги и сите вработени кој работат на патарините од Ј.П.Македонија Пат.

Во врска со модернизацијата на наплатните станици и воведувањето на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот 10, во рамките на кредитот од ЕБОР за овој проект се обезбедени средства во износ од 17 милиони евра за прошитување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици (Романовце, Петровец, Сопот, Отовица и Градско) и изградба на 4 нови наплатни станици (Табановце, Неготино, Демир Капија и Гевгелија), како и набавка и инсталација на нов интегриран систем за наплата на патарина на споменатите наплатни станици. Проектот се одвива во 2 фази при што 1 фаза опфаќа проширување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици и изградба на 1 нова наплатна станица, додека 2 фаза опфаќа изградба на 3 нови наплатни станици. 1 фаза е отпочната и доставени се понуди по однос на општата објава за набавка на градежни работи за изградба и инсталација на наплата на патарина на Коридор 10. Во тек е евалуација на понудите.

Во однос на инвестициите за градба на патиштата како активности се превземени следните:

- Во целост е завршен со реконструкција автопатот од Катланово до Велес со должина од 27 км.
- Договорот со изведувачот на новото автопатско решение на делницата Демир Капија – Смоквица со должина од 28км е потпишан и изведувачот започна со градежни активности, а рокот за завршување на градежните активности е крај на 2016 година.
- Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална мрежа во износ од 70 милиони евра финансирани преку Светска Банка. Заклучно со 23 ноември исплатени се следните средства за регионални патишта 145.297.753,00 мкд и исплатено ДДВ 10.874.512 мкд , севкупно за локални патишта од тенедер бр 1 , 2 , 3 , 4 ,5 се исплатени 565.461.942,00 мкд и исплатено ДДВ 88.874.753,00 мкд
- Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во износ од 50 милиони евра финансирани преку ЕБОР. Во текот на 2012 година заклучно со 23 ноември се исплатени за регионални патишта 54.834.858,00 мкд и ДДВ 14.335.140,00 мкд , а за локални патишта 307.212.882,5 мкд и ДДВ 61.304.119,00 мкд .

<u>Министерство за внатрешни работи</u>

Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај се: Секторот за полиција и

криминалистички работи при Биро за јавна безбедност; 8 Полициски станици за безбедност на патен сообраќај, 26 Полициски одделенија за безбедност во патниот сообраќај и 3 полициски станици за безбедност на патниот сообраќај на автопатиштата.

Во текот на 2012 година претставниците на Министерството за внатрешни работи од делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата има реализирано повеќе кампањи и активности меѓу кои:

- медиумска застапеност на униформираните полициски службеници по електронските и печатените медиуми на локални и на национални медиуми, (тековно)
- организирање и спроведување на сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќајни, (тековно)
- организирање и спроведување на воспитни едукативни акции за младите учесници во сообраќајот за ученици од прво до четврто одделение "Безбедно од дома до училиште" и истата се врши со помош на авто-сообраќајни мобилни полигони (тековно)
- кампања за ограничување на брзината, (тековно)
- кампања за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции, (тековно)
- спроведена е акцијата "Детски семафор" во соработка со РСБСП, (тековно)
- Министерството за внатрешни работи ги организираше и ги спроведе акциите "Основи на сообраќајни правила и прописи" и "Сообраќајна етика" во сите државни средни училишта на територија на Република Македонија.
- Во областа на превенцијата треба да го истакнеме проектот: „Запознавање со основите на сообраќајната безбедност и сообраќајната култура во средните училишта", кој беше реализиран од месец февруари до месец мај 2012 година и чија главна цел беше подигањето на нивото на знаењата од областа на сообраќајот кај учениците од средните училишта, нивно запознавање со последиците од непочитувањето на сообраќајните правила и прописи, а пеку тоа и постигнување на ефикасно и ефективно спречување на причините и појавните облици на сообраќајната деликвенција кај оваа целна група.

Во текот на своето работење во 2012 година МВР има спроведено 41 селективни контроли на републичко ниво со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, а спроведените контроли се за:

- Општи контроли, (пет републички селективни контроли),
- Управување на моторно возило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанции, (шест републички селективни контроли),
- Престигнување спротивно на правилата на сообраќајот на патиштата, (пет републички селективни контроли),
- Управување на моторно возило со неприлагодена брзина според условите на патот (шест републички селективни контроли),
- Контрола на пешаците како учесници во сообраќајот, (четири републички селективни контроли),
- Контрола над возач на велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл и лицата кои се превезуваат(пет републички селективни контроли),
- Контрола на техничката исправност на такси – возила и автобуси, (пет републички селективни контроли),
- Непочитување на правилата во сообраќајот во однос на недавање на првенство на минување, (пет републички селективни контроли),

Како резултат на мерките и активностите преземени од страна на МВР се намалува бројот на жртви и повредени учесници во патниот сообраќај, како и намалување на бројот на сообраќјните незгоди и нивните последици, што доведе до подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во Р.Македнија.

Во првото полугодие од 2012 година компаративно со истиот период во 2011 година, бројот на случени сообраќајни незгоди е намален за 10%.

| Прво полугодие | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| *Сооб. незгоди со настрадани лица* | 1859 | 1973 | 1781 |

Компаративно со истиот период, бројот на настрадани лица во сообраќајни незгоди е намален за 12.5%.

| Прво полугодие | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| *Настрадани лица во сооб. незгоди* | 2868 | 3111 | 2721 |

Како најзначаен показател за подобрувањето на безбедноста на патиштата во државата е намалувањето на бројот на загинати лица во сообраќајни незгоди за 24%.

| Прво полугодие | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| *Загинати лица во сооб. незгоди* | 69 | 67 | 51 |

Преку кампањите за почитување на ограничувањето на брзината, за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции и за користење на заштитен шлем од страна на возачите кои управуваат велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл, како и лицата кои се превезуваат, работиме на подигање на јавната свест, со цел подобрување на безбедносната состојба на патиштата.

Целосно е заживеана регистрацијата на негативните бодови за возачите на моторни возила кои направиле прекршок согласно со одредбите на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(“Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11 и 51/11).

Функционира Координативно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата, чија цел е следење на напредокот во однос на реализацијата на Националната стратегија, во кое свои претставници имаат сите институции и правни лица кои имаат надлежност во било кој сегмент од безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Министерството за внатрешни работи во текот на 2012 година собира и врши анализа на податоци со цел откривање на делници од патиштата со голем ризик, според бројот на настанати сообраќајни незгоди со цел да преземе мерки во соработка со другите надлежни институции за нивно санирање и отстранување.

Министерството за внатрешни работи има активно учество во изготвување и спроведување на голем број на кампањи чија цел е зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку снимање и емитување на спотови кои се застапени во печатените и електронските медиуми во Република Македонија.

Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата го реализираше акциониот план за 2012 година со следните активности:

1. Координативното тело на Владата во 2012 ги следеше активностите на различните субјекти надлежни за безбедноста на сообраќајот на патиштата
2. Планираните кампањи за подигнување на јавната свест на РСБСП се реализирани во содејство со МВР и МОН и во склад со усвоената програма и во согласност со акциониот план 2012, и тоа:
2.1- кампања за безбедно однесување во сообраќајот за време на прославата на матурските вечери, за матуранти во сите средни училишта во Македонија, опфат 23.000 матуранти. (100% според програма на РСБСП)

2.2- кампања за безбедно однесување на возачите при повишени температури, со промоција на студија за влијанието на високите температури врз однесувањето на возачите и безбедноста на сообрачајот (тв – пишуван медиуми, црвен крс, флаер, отворена телефонска линиј аза помош со совети)

2.3- кампања „моторот не е играчка“ и „кацигата глава спасува“, медиумски, флаери, прес, тв соработка. (опфат со сообраќајна поука на прекршителите)

3. РСБСП организира и поддржа локални и државни натпревари за учениците од основните и средните училишта во Р. Македонија
3.1 Одржани се натпреварите за познавање на сообраќајот во основните училишта со опфат на сите превидени активности со програмата (75% од целокупната школска популација)

3.2 одржана е поука за култура и етика во сообраќајот за сите (84.000) средношколци во содејство со МВР и МОН, со паралелна анкета и тест за знаењата и познавањата на средношколците за безбедноста во сообраќајот.

4. РСБСП во соработка со МВР, МОН и МТСП во септември ја реализиираа кампањата “Да ги заштитиме децата во сообраќајот”.

4.1 Во рамките на кампањата координирана од РСБСП и МВР беше изготвено ДВД краток едукативен филм наменет за децата од прво до четврто одделение како за децата од големите групи во детските градинки кој го нарековме Сообраќаен Буквар.

Кампањата отпочна со заедничка прес конференција која се одржа во ОУ Ѓорѓија Пулевски во Скопје на која учествуваа Председателот на РСБСП, Градоначалнокот на Општина Аеродром, Министерите за внатрешни работи, образование и наука и труд и социјална политика, со што се даде силна медиумска подршка на оваа кампања.

4.2 Со оваа кампања се опфатени сите 358 Основни училишта ( и оклу 1000 подрачни училишта) како и сите детски градинки во РМ.

4.3 Опфатени се 20.000 деца од прво оделение и околу 18.000 деца од големите групи во детските градинки.

4.4 Умножени се и поделени се 2000 ДВД со Собраќаен буквар на македонски јазик и околу 700 ДВД на Албански јазик.

5. РСБСП учествуваше на две Меѓународни конференции за Безбедност на сообраќајот на патиштата во Белград и Маракеш каде стана рамноправна членка на светската организација ПРИ (PRI) за БСП.

Со наведените активности се остварува целта за подигнување на јавната свест и за подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и во 2012.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Пристап на зедничкиот пазар на транспорт

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира продолжување на активностите околу склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерство за транспорт и врски

Секоја транспортна компанија во Република Македонија која ги исполнува условите предвидени во Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, може да аплицира за добивање на лиценца за вршење на одделни видови превоз во патниот сообраќај. Континуирано се издаваат сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, сертификати за професионална компетентност на управители или овластени лица за вршење превоз во транспортните компании.

Исто така два пати во годината (јуни и декември) се известува ЕК за бројот на издадени сертификати, како и за бројот на издадени лиценци за вршење одделни видови превоз во патниот сообраќај.

Континуирано се издаваат сертификати за превоз на опасни материи за возачите, како и сертификати за советници за безбедност при превоз на опасни материи.

Исто така два пати во годината (јуни и декември) се известува ЕК за бројот на издадени сертификати.

Министерството за транспорт и врски до Владата на РМ ќе доставува полугодишни извештаи на Координативното тело за безбедност на сообраќајот на патиштата за реализирани активности од „Акциониот план за спроведување на Стратегијата за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и индикаторите од надлежните институции за спроведените активности“.

Два пати во годината (јуни и декември) се известува ЕК за бројот на издадени мемориски картички.

Во текот на 2013 година Министерството за транспорт и врски ќе отпочне со нов начин на издавање на сертификатите за стручна оспособеност на возачи на моторни возила за превоз на опасни материи, односно истите ќе бидат пластифицирани и со дополнителни безбедносни карактеристики (холограм, УВ текст и сл.), со што целосно ќе се усоласи со моделот предвиден во точката 8.2.2.8.5 од Европската спогодба за меѓународниот патен превоз на опасни материи АДР.

Државен инспекторат за транспорт

Проект за Зајакнување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт за ефикасно спроведување на легислативата во патниот транспорт, чија цел е да овозможи дополнително подобрување на оперативните, менаџерските и административните капацитети на ДИТ што воедно ќе значи и зголемување на бројот на извршени инспекции. Проектот опфаќа спроведување на обука: „Спроведување на инспекциските контроли при вршење на превозот на патници и стоки во патниот сообраќај

од страна на инспекторите од Државниот инспекторат за транспорт“. Со обуката ќе бидат опфатени 10 лица. До крајот на 2012 година се очекува да се потпише договорот со избраната фирма на тендерот и од јануари 2013 година се очекува да започне реализацијата на проектот, кој ќе трае 18 месеци.

На секои 3 месеци ќе се доставуваат извештаи до Владата на Република Македонија за бројот на извршени контроли од страна на инспекторите за јавни патишта и патен сообраќај, а исто така преку соопштенија за медиумите ќе се информира и јавноста за извршените контроли и изречените казни, со што превентивно ќе се влијае врз граѓаните во иднина да не сторуваат прекршоци и индиректно ќе се влијае на подобрување на безбедноста во сообраќајот.

Два пати во годината (јуни и декември) се известува ЕК за извршените контроли од страна на ДИТ.

<u>Агенција за државни патишта</u>

Согласно Програмата на АДП за 2013 година е предвидено поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација долж патната мрежа во Република Македонија.

Во врска со модернизацијата на наплатните станици и воведувањето на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот 10 во првиот квартал на 2013 година се очекува да се избере изведувач на градежни работи за изградба и инсталација на наплата на патарина на Коридор 10 и да отпочне проширување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици и изградба на 1 нова наплатна станица. Се очекува реализацијата на 1 фаза да заврши во рок од 18 месеци од денот на потпишување на договор со најповолниот понудувач.

Во рамките на Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во текот на 2013 година е планирано завршување на 28 локални патишта, а во првата половина на 2013 година ќе отпочнат со градба 80 локални патишта и изградбата ќе трае 18 месеци.

Исто така во 2013 година се планира да се објават 2 тендера. Во првиот, кој се очекува да биде објавен во јануари 2013 ќе бидат вклучени 23 локални патишта во 22 општини во Североисточниот, Источниот и Вардарскиот регион на Македонија. Во вториот планиран тендер, кој се очекува да биде објавен во април 2013 за рехабилитација на локалната патна мрежа се планира да се опфатат 30 локални патишта на целата територија на Република Македонија.

<u>Министерство за внатрешни работи</u>

Континуирано во текот на 2013 година претставниците на Министерството за внатрешни работи од делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата ќе реализираат повеќе кампањи и активности меѓу кои:

- медиумска застапеност на униформираните полициски службеници по електронските и печатените медиуми на локални и на национални медиуми,
- организирање и спроведување на сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќај,
- организирање и спроведување на воспитни едукативни акции за младите учесници во сообраќајот за ученици од прво до четврто одделение “Безбедно од дома до училиште“ со помош на авто-сообраќајни мобилни полигони
- кампања за ограничување на брзината,

- кампања за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции,
- акција “Детски семафор“ во соработка со РСБСП

Два пати во годината (јуни и декември) се известува ЕК за бројот на извршени контроли и превземени мерки од страна на Министерството за внатрешни работи со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Во текот на 2013 година РСБСП ќе продолжи со подготовките и утврдената методологија за изготвување на Новата “Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2014-2020”, почитувајќи ги и имплементирајќи ги препораките од ООН предвидени во Декадата за безбедноста на сообраќајот на патиштата 2011 -2020 година.

Во текот на 2013 година РСБСП ќе продолжи со реализација на активности согласно Програмата и акциониот план за 2013 година.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Пристап на зедничкиот пазар на транспорт

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 31.12..2016 година.
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2016 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 31.12.2016 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 31.12.2016 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.12.2016 година,

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Државен инспекторат за транспорт
Се очекува до крајот на месец јули 2014 година да заврши обуката: Спроведување на инспекциските контроли при вршење на превозот на патници и стоки во патниот сообраќај од страна на инспекторите од Државниот инспекторат за транспорт по Проектот за зајакнување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт за ефикасно спроведување на легислативата во патниот транспорт.

Агенција за државни патишта

До крајот на 2016 година се очекува да завршат градежните активности на новото автопатско решение на делницата Демир Капија – Смоквица во должина од 28км.

Во текот на 2014 година се очекува да завршат со изградба 80 локални патишта по Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа.

Исто така до крајот на 2014 година се планира да завршат со изградба 23 локални патишта во 22 општини во Североисточниот, Источниот и Вардарскиот регион на Македонија, како и 30 локални патишта на целата територија на Република Македонија.

Се очекува до крајот на месец октомври 2014 година да се реализира I-та фаза од Проектот за модернизација на наплатните станици и воведувањето на електронски систем за наплата на патарина односно да се прошират и адаптираат 5 постоечки наплатни станици и да се изгради една нова наплатна станица.

### 3.14.2. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Во месец февруари 2012 година беше донесен Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за гранично регулирање на железничкиот сообраќај" („Службен весник на Република Македонија" Бр. 25 од 20.02.2012 година).Спогодбата ќе овозможи соработка на двете договорни страни во делот на регулирање на железничкиот сообраќај со поедноставена процедура за превоз, гранична објава на мрежа и воспоставување на заедничка железничка станица.

Во 2012 година , беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" број 48/201, 23/2011 и 80/2012). Во текот на примената на Законот, се констатира дека одредени одредби од Законот се нецелосно и непрецизно регулирани, поради што се создаваа одредени проблеми и потешкотии во нивната целосна имплементација. Од тие причини, со измените и дополнувањата на Законот предложени се решенија со кои одредени прашања се дорегулираат, со цел да се овозможи целосна и непречена имплементација на одредбите од Законот.

**Во делот на понатамошно спроведување на законодавството беа донесени следниве подзаконски акти**

- **Правилник** за содржината и формата на извештајот за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти во железничкиот сообраќај, усогласен со ЕУ прописот CELEX 32004L0049, Анекс V од Директивата 2004/49/ЕЗ („Службен весник на Република Македонија" број 83/2012).
- **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на дозволата, анексот на финансиско покритие за одговорност од вршење дејност, формата и содржината на образецот на дозволата, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени дозволи за вршење на јавен железнички превоз, усогласен со ЕУ прописот CELEX 32004L0049, („Службен весник на Република Македонија" број 134/2012).
- **Правилник** за заеднички сигурносни показатели усогласен со ЕУ прописот CELEX 32004L0049, („Службен весник на Република Македонија" број 83/2012).

- **Годишна програма за фианнсирање на железничката инфраструктура за 2012 година** („Службен весник на Република Македонија“ број 08/2012, 85/2012, 119/2012 и 141/2012) со која се релизираат средства во висна од 202.000.000,00 денари, наменети за одржување на железничките пруги.

- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски за обезбедување и реализирање на финансиски средства наменети за железничката инфраструктура за период 2011-2013 година**, е склучен на 07.07.2011 меѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерот за транспорт и врски и Директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници-Скопје. Во 2012 година се релизирани средства во износ од 213.000.000, денари за компензирање на дел од загубите(надоместок за користење на железничката инфратсруктура) при вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници.**

- **Одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници за период 2011-2013** година број 51-7929/1 од 05.01.2011 („Службен весник на Република Македонија“ број 07/2011) и случен е Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2011-2013 меѓу Министерот за транспорт и врски и Генарелниот Директот на МЖ Транспорт АД-Скопје.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Министерство за транспорт и врски** –Сектор за железници е надлежен за спроведување на политиката за развојот на железниците. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Секторот има две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура и Одделение за железнички транспорт. Во Секторот вкупно се вработени 8 државни службеници, вклучувајќи го и раководителот на сектор. Во 2012 година се реализираше 1 ново вработување, и 1 државен службеник е преземен од друга институција.

**Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје (управител на железничка инфраструктура),** е задолжено за управувањето со изградбата, реконструкцијата, ремонтот, одржувањето, заштитата на железничката инфраструктура, организирањето и регулирањето на железничкиот сообраќај, раководењето со системите за регулирање и сигурност и доделување на инфрастуктурните капацитети како дејности од јавен интерес.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело)**

Агенцијата е задолжена за издавање на дозволи за јавен железнички превоз, дозволи за превоз за сопствени потреби и дозволи за управување со железничката инфраструктура, презема мерки за спречување на неправично и дискриминаторско работење на управителот на инфраструктура, превозниците, телата и други учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз, врши мониторинг на правата на патници и мониторинг на пазарот на железничките услуги, контрола на квалитетот на железничките услуги. Бројот на вработените во Агенцијата изнесува 4 (четири) вклучително и директорот.Во текот на 2012 година Агенцијата активно учествуваше на обуките организирани од консултантската компанија Railistics, при реализација на IBRD Проектот “Реформи во железницата во Република Македонија”. Агенцијата на 02.02.2012 година, ПОРР Градежништво ДООЕЛ Скопје поднесе барање за добивање дозвола за вршење железнички превоз за сопствени потреби. Постапката за донесување одлука по поднесеното барање е во тек.
- Во периодот од септември 2011 до април 2012 година, претставник на Агенцијата зема учество на состаноците на работната група за железница при SEETO во Загреб, Скопје и Сараево.

**Комитет за водење на истрага при случена сериозна несреќа, несреќа и инцидент (тело за истражување)** Комитетот како постојано тело е независен во својата организација, во донесувањето на одлуки и во својата работа (управителот на инфраструктура, превозникот, органот за сигурност, регулаторот

на железницата и Министерството за транспорт и врски). Екипиран со 3 иследници од кои еден е одговорен иследник. Со Законот за измена и дополна на Законот за сигурност во железничкиот систем е („Службен весник на Република Македонија“ 48/10, 23/11, 53/11 и 158/2011) е предвидено Комитетот како постојано тело, да биде составено од најмалку двајца иследници, кои се стручни лица од областа на железницата и се во редовен работен однос во Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија, од кои еден се именува за одговорен иследник. Комитетот согласно горе кажаното треба да се основа во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на Законот за измена и дополна на Законот за сигурност во железничкиот систем.

**Управа за сигурност во железничкиот систем**

Во текот на 2012 година Управата за сигурност во железничкиот систем, одлучуваше по поднесени барања согласно пропишаните законски постапки и овластувања на управата и тоа:

Поднесено барање од страна на Македонски железници Транспорт АД Скопје за добивање на сертификат за сигурносно управување за вршење на јавен железнички превоз. Управата разгледувајќи го поднесеното барање констатира дека истото е некомплетно.

Поднесено барање од страна на Македонски железници Транспорт АД Скопје за добивање сертификат за одржување на железнички возила. Управата при одлучувањето по поднесеното барање констатира дека во овој момент не може да одлучува по барањето бидејќи се уште не се донесени одредени подзаконски акти кои ги утврдуваат поблиските услови околу потрбните критериуми кои треба да ги исполнува субјектот кој има намера да врши ваква дејност, затоа донесе одлука на 20. 02.2012 година, со која започната постапка ја запре, а ќе продлжи по решавање по барањето по донесувањето на споменатите подзаконски акти.

Поднесено барање од страна на правно лице од република Македонија за обнова на дозволи за машиновозачи, барањето не беше комплетно, известен е подносителот на барањето со допис од 22.02.2012 година да го комплетира барањето како би продолжила постапката.

Управата за сигурност во железничкиот систем решавајќи по поднесени барања за издавање на дозволи за машиновозачи, одобри две барања со решенија во текот на месец јануари и февруари 2012 година.

На почетокот на месец февруари 2012 година пристигнати се две барања за добивање на сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз. Управата е во фаза на разгледување на истото.

Во споменатиот период во неколку наврати се одржаа тренинг обуки на вработените заради стекнување на искуства и знаења, во рамките на порано започнатиот процес на тренинг обуки од страна на германска фирма.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Во 2013 ќе бидат изработени и донесени следните подзаконски акти:**

**Од страна на Министерството за транспорт и врски**

**1. Правилник за формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на сертификат на субјектот задолжен за одржување на железнички возила, формата и содржината на сертификатот за одржување на железнички возила и формата и содржината на Регистарот на издадени сертификати, согласен со Анексот IV и V од Регулативата 32011R0445.**
**2. Правилник за формата и содржината како и начинот на водење на регистерот на одобрени типови на возила ЕПП: (2011.0200.6483 )**
**3. Правилник за формата и содржината на регистерот на железничка инфраструктура ЕПП: (2011.0200.6484 ) : 2011.0200.6484**

**Од страна на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ќе биде донесена:**

1. **Методологија за оценување на нивото на квалитетот на услуги кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници, утврден врз основа на критериумите за квалитет.**

Дополнително ќе бидат донесени:

**- Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2013 година,** со која ќе се реализираат средства во висина од 248.000.000 денари.

- Извештај за реализација на **Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2012 година,** согласно член 26 од Законот за железничкиот систем за реализација на годишната програма за 2012 година, управителот на железничката инфраструктура преку Министерството за транспорт и врски е потребно да достави Извештај до Владата на Република Македонија.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело)**

Агенцијата во 2013 година ќе презема мерки за спречување на неправично и дискриминаторско работење на управителот на инфраструктура, превозниците и други учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз, ќе врши мониторинг на правата на патниците и мониторинг на пазарот на железничките услуги, контрола на квалитетот на железничките услуги, ќе издава на дозволи за јавен железнички превоз, дозволи за превоз за сопствени потреби и дозволи за управување со железничката инфраструктура. Во првиот квартал од 2013 година Агенцијата ќе изготви Годишен извештај за работењето на Агенцијата за 2012 година и истиот ќе го достави до Собранието на Република Македонија, како и ќе предлага изработка на нови подзаконски акти од областа на железниците. Во текот на 2013 година, планирано е организирање на обуки на вработените со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело)**

Во 2013 година се планира да се реализира 1 (едно) ново вработување. Исто така со цел подигнување на капацитетите на Агенцијата во текот на 2013 година ќе се организираат обуки за вработените (специјализирани обуки и тренинзи од областа на работењето на Агенцијата).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Во текот на 2014 и 2015 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви на Европската унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на Република Македонија во делот на железницата. Исто така ќе се иницира побрзо имплементирање и заживување на комбинираниот превоз по мрежата на железницата во Република Македонија.**

До крајот на 2013 година на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија ќе ја донесе Националната програма за железничка инфраструктура за период 2014-2016 година.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АСЖС (регулаторно тело)**

Агенцијата ќе изготви годишна програма за работа и финансиски план за 2014 и 2015 година и ќе презема мерки за спречување на неправично и дискриминаторско работење на управителот на инфраструктура, превозниците и други учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз, ќе врши мониторинг на правата на патниците и мониторинг на пазарот на железничките услуги, контрола на квалитетот на железничките услуги, ќе издава на дозволи за јавен железнички превоз, дозволи за превоз за сопствени потреби и дозволи за управување со железничката инфраструктура.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело)**

Предвидено е зајакнување на капацитетите на Агенцијата преку нови вработувања, техничка опременост и организирање на 5 (пет) лица и тоа 2 лица во 2014 година и 3 лица во 2015 година . на обуки на вработените. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Агенцијата планира вработување.

### 3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ

*Тековна состојба*

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста во внатрешната пловидба се Министерството за транспорт и врски и Капетанијата на пристаништата – орган во состав на Министерството за транспорт и врски. Во рамките на Капетанијата постои едно одделение со вработени седум лица. Во текот на 2012 во Капетанијата на пристаништата согласно Законот за волонтерство, волонтираа 4 лица.

Во текот на месец март 2012 година е,изработена проектна документација за санација на оштетен ѕид на пристаништето, подлога на рампа за спуштање на пловни објекти во вода, електрична инсталација – за напојување со електрична енергија на пловни објекти – брод и водоводна и канализациона мрежа на пристаништето во Охрид. Во тек се активности за обезбедување подлоги, со цел отпочнување на работа на техничкиот дел од проектот.

Согласно годишниот план за надзор над законитоста на спроведувањето на Законот за внатрешната пловидба за 2011 година и оперативен план за спроведување на истиот, во периодот септември 2011- април 2012 година од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба при Капетанијата на пристаништата – Охрид, се вршени контроли над способноста за пловидба пловните објекти, бројот, составот и стручната оспособеност членовите на екипаж на пловните објекти, превозот на патници и товар во поглед на заштитата на животите на лугето и имотот и заштита од загадување од пловните објекти.

Со оглед на карактерот на внатрешната пловидба која се одвива на природните и вештачки езера во Република Македонија (исклучиво за спорт и рекреација и превоз на патници), во овој период извршени се четири контроли над пловни објекти – бродови со кои се врши превоз на патници на Охридско Езеро и по две контроли над пловни објекти – чамци на природните и вештачки езера .

Во декември 2012 донесен е Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за внатрешната пловидба е во насока на целосно и прецизно уредување на глава VI "Јавен превоз во внатрешната пловидба" и усогласување на состојбите и односите во вршењето превоз на стоки по внатрешни пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба со законодавството на Европската унија. Дополнително извршено е имплементирање на Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија.

Исто така со предлогот на закон е извршено интревенирање во насока на подобрување на дел од одредбите од постојниот закон, кои се однесуваат на взаемно признавање на дозволи за пловидба на бродови на внатрешните води согласно Директива 2009/100/ЕС од 16 септември 2009 година за взаемно признавање на дозволи за пловидба на бродови на внатрешните води, со која е ставена вон сила Директива 76/135/ЕЕС од 20 јануари 1976 и Директива 78/1016/ЕЕС од 23 ноември 1978 за изменување на директивата 76/135/ЕЕС.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

1. Во тек е подготовка на текстот на Предлог на правилникот за техничките правила за утврдување способност за пловидба на чамец и баждарење. Заклучно со Септември 2013 година правилникот ќе биде подготвен. Со пропишување на техничките правила ќе се изврши имплементирање на одредбите од Директива 94/25/ЕС и Директива 2003/44/ЕС, која ја дополнува Директивата 94/25/ЕС. Овие технички правила се однесуваат на техничките барања за утврдување способност за пловидба на чамец и тоа обезбедување на : 1. безбедност на животот на луѓето, пловните објекти и имотот, 2. заштита на животната средина од загадување од штетни материи отпадни води и смет и 3. обезбедување услови на пловниот објект за превоз на патници.

3. До месец март 2014 се очекува заокружување на активностите за завршување на градежно санационите работи на пристаништето во Охрид. Ова со цел обезбедување услови на пристаништето во поглед на неговиот капацитет, опременост и безбедност.

4. Согласно Законот за внатрешната пловидба, Годишниот план за работа на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба и три месечните извештаи за извршен инспекциски надзор и преземените мерки од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба, во текот на 2013 година ќе бидат вршени

редовни контроли и надзор над: 1. способноста за пловидба на пловните објекти, 2. пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и плажи, 3. бројот составот и стручната оспособеност на членовите на екипажот, 4. превозот на патници и товар во поглед на заштитата на животите на луѓето и имотот и 5. заштита од загадување од пловни објекти.

Средорочни приоритети

Надлежните институции ќе се фокусираат на определување на барањата на европското законодавство во делот на внатрешен воден сообраќај согласно потребите на Македонија и природниот потенцијал за користење на овие ресурси и дефинирање на преговарачката позиција за влез во Европската унија.

### 3.14.4 КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Промовирањето на интермодалните и мултимодалните транспортни системи се еден од целите на Националната транспортна стратегија на Република Македонија (2007-2017), со стратегијата се предвидува и да се создадат услови за превоз на стоки преку два или повеќе вида на транспорт, односно создавање на мултимодална транспортна мрежа.

Согласно Националната Транспортна Стратегија во Република Македонија ќе се промовира :

- ефикасни сервиси од системот “од врата до врата“,
- најнови достигнувања во ЕУ во однос на стандардизација и хармонизација на товарните мултимодални единици,
- образование и обука кои ќе се фокусираат во насока на оперативни, маркетиншки, финансиски, економски и конкурентни односи помеѓу транспортните видови и нивна примена во мултимодалниот транспорт.

Министерството за транспорт и врски одлучи да спроведе проект за „Подготовка на студија за развој на Стратешки мулти модални транспортни јазли“, финансирана од ИПА средствата.
Целта на проектот е подготовка на секторска студија за оценка на одржливоста за идентификување на стратешки мултимодални транспортни јазли во Република Македонија и проценка на трошоците и придобивките од истата на национално ниво. Моменталната состојба на овој проект е дека е склучен договорот со избраната компанија ЕКОРИС (ECORYS) на 05. април 2012 година на сума од 1.100.000,00 евра**.** Времетраење на проектот е 20 месеци. Активностите од проектот се во тек.

### ПРАВНА РАМКА

Активностите за хармонизација на Европските директиви и регулативи во домашното законодавство е третирано во другите делови на ова поглавје (Транспортна политика).

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во овој момент како среднорочен приоритет би се утврдила имплементација на наодите од Студијата за развој на Стратешки мулти модални транспортни јазли и нивно вградување на стратешките документи на Министерството за транспорт и врски по нејзино изработување ќе произлезат дополнителни краткорочни и среднорочни приоритети во ова подрачје. Очекувано завршување на оваа Студија е март 2014 година.

### 3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

#### Закон за воздухопловство

Во текот на 2012 година беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија бр.80/12"), истиот е во насока на подобрување на квалитетот на Законот за воздухопловство и усогласување на состојбите во правец на обврските и ЕУ правилата преземени со Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област - Спогодба за ЕЗВО („Службен весник на Република Македонија" бр.27/07 и 98/09).

**Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај** („Службен весник на РМ" бр.85/2008 и 148/2011) - ги регулира прашањата поврзани со приватното право во доменот на воздухопловството, во однос на договорот за превоз, т.е. авиокартата за превоз на патници, одговорноста на авиопревозниците што произлегува од договорот за превоз, надоместување на штета, осигурување и сл. Овој закон е усогласен со следниве ЕУ мерки: 32008R1008, 31997R2027, 32002R0889, 32004R0261, 32005R2111, 32004R0785, 31989R2299 , 31999R0323 и 31993R3089..

Со ратификација на **Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ЕСАА)**, потпишана на 09.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ" бр.27/2007 и 98/2009) за Република Македонија и ЕУ создадени се унифицирани услови за слободен пазар на услуги во воздушниот транспорт и унифицирани правила во областа на сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина. Од 2008 година Заедничкиот комитет на ЕСАА нема донесено нова одлука за ревизија на Анексот I од договорот со што се оневозможува процесот на хармонизација со ЕУ мерки донесени после 2008 година.

#### Билатерални спогодби

Во текот на 2012 година од страна на Собранието на Република Македонија беа ратификувани: Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за редовен воздушен сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.40/12), и Спогодбата за редовен воздушен сообраќај со Катар („Службен весник на Република Македонија" бр.25/12). На 23.08.2012 година беше потпишана Спогодба за воздушен сообраќај помеѓу Република Македонија и Соединетите Американски држави. На 24.05.2012 година беше парафирана Спогодбата за воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Сингапур, и во тек е постапка за парафирање на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Канада за редовен воздушен сообраќај

#### Подзаконски акти на Законот за воздухопловство

Во текот на 2012 година беше донесен Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши надзор на давањето на услуги на воздухопловна навигација („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/12), со истиот се транспонира Регулатива (ЕЗ) бр. 1315/2007.

Донесен е Правилникот за формата, содржината, начинот на издавање, продолжување, промена и евиденција на уверението за работа и уверението за исполнување на безбедносните услови за вршење на јавен воздушен превоз со кој се транспонираат - Анексот III на ЕУ Регулативата 3922/91 изменета со ЕУ Регулативите 2176/96, 169/1999, 2871/2000, 1592/2002, 1899/2006, 1900/2006, 8/2008 и 859/2008, ЕУ Регулативата 1008/2008 за заедничките правила за вршење на воздухопловните услуги во заедницата.Со Одлуката за дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација Владата на Република Македонија го дезигнира давателот на услуги на воздухопловна навигација за македонскиот воздушен простор во согласност со ЕУ Регулативата 549/2004 и ЕУ Регулативата 550/2004 преземени со Спогодбата за ЕЗВО.

Донесен е Правилникот за посебните услови за градба и измена на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов, техничка контрола на градба и изработка на техничко-технолошка документација, испитување за оцена на сообразност и начинот и постапката на утврдување на пловидбеност, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверенијата за градба, за тип, пловидбеност, бучава и емисија на гасови со се транспонираат - ЕУ Регулативата 1702/2003, и нејзините делови 21А и 21Б, ЕУ Регулативите 216/2008, 104/2004, 736/2006 и 593/2007.

**Националната воздухопловна политика на Република Македонија** претставува главна основа за дефинирање на стратешките цели и приоритети на Република Македонија во областа на воздухопловството и е ориентирана кон реализирање на приоритетите во секоја од областите дефинирани во Спогодбата за создавање на Европска заедничка воздухопловна област и тоа: безбедност, услуги на воздухопловна навигација, инфраструктура, сигурност, заштита на животната средина, заштита на правата на потрошувачите, конкуренција и останати области поврзани со воздухопловството во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски.** Надлежностите на Министерството за транспорт и врски - Сектор за воздухопловство се утврдени во член 6 од Законот за воздухопловство. Во моментов, има шест (6) вработени во редовен работен однос.

**Агенција за цивилно воздухопловство.** Надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухоплобтсво се утврдени во член 7-а од Законот за воздухопловство. Во моментов, во Агенцијата за цивилно воздухопловство се редовно вработени 66 лица со тоа што во текот на 2012 година имаше 7 нови вработувања.

**Давател на услуги за воздухопловна навигација (ANSP).** Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010) за вршење на услуги на воздухопловна навигација, Владата на Република Македонија формираше Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

**Концесионер „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ.**

На 1 март 2010 година, „ТАВ Македонија" ја презема работата на аеродромите „Александар Велики" — Скопје и „Св.Апостол Павле" — Охрид.

Градежните работи на аеродромот „Александар Велики" — Скопје се завршени, истите вклучуваат нова терминална зграда, нов паркинг за возила, реконструкција на паркинг за воздухоплови (платформа) и внатрешна инфраструктурна мрежа (патишта, водовод, канализација, електрификација), нов карго терминал, нова административна зграда, нова противпожарна и спасителна станица за воздухоплови (ARFF) и продолжување на полетно-слетната патека за 500 метри. Рокот за изградба беше 21 октомври 2011, но изградбата заврши порано и свеченото отворање се одржа на 6 септември 2011, а аеродромот со оперирање започна на 10 септември 2011 година.

Градежните работи на аеродромот „Св. Апостол Павле" — Охрид се исто така завршени. Истите вклучуваат реконструкција на административната зграда, нов ВИП објект, изградба на карго центарот, реконструкција на паркинг за воздухоплови (платформа) и нов паркинг за возила. На 10 април 2011 година беше одржана церемонијата на отворање на реконструктурираниот аеродромот „Св. Апостол Павле" — Охрид.

Сообраќајниот патен јазол (клучка) за приклучување на комплексот аеродром „Александар Велики" во Скопје на магистралниот пат М-1 (Е-75) е изграден. Технички прием е извршен на 31.01.2012 година и издадено е Одобрение за употреба бр.20 УП – 3543/21 од 26.03.2012 година.

Издаден е сертификатот бр.02-13408/1 од 30.05.2012 година за конечно завршување на работите на аеродромот „Александар Велики" – Скопје

**Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти**

Законот за воздухопловство предвидува формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти како независно истражно тело.

Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања.

Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти („Службен весник на Република Македонија" бр.49/12).

**Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство.** Согласно Националната програма за воздухопловна безбедност, формиран е Национален комитет за воздухопловна безбедност и именувани се членовите на Националниот комитет за воздухопловна безбедност. Национален координатор за воздухопловна безбедност е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај.** Согласно Националната програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр.1272008) и стандардите од Анекс 9 кон Чикашката конвенција формиран е Национален комитет за олеснување на превоз во воздушниот сообраќај. Национален координатор за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Цивилно-воен комитет за управување со воздушниот простор**

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/10) за извршување на работите поврзани со управување со воздушниот простор и флексибилно користење на воздушниот простор Владата на Република Македонија формираше Цивилно-воен комитет за управување со воздушниот простор и именувани се членовите на истиот.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

**Програма за имплементација на регулативата за Единствено европско небо во земјите на Југоисточна Европа ИСИС - ISIS Programme**

Техничката помош на Европската Унија овозможена преку ISIS Програмата за 2012 година, се состоеше од активности поврзани со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и обврските за транспонирање на SES регулативите од Анексот 1 на Мултилатералната спогодба за единствено европско небо. Во таа насока, беше изготвен и Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши надзор на давањето на услуги на воздухопловна навигација („Службен весник на Република Македонија" бр.82/12), со кој се транспонира ЕУ Регулативата (ЕЗ) бр. 1315/2007. Во делот Зајакнување на капацитетите, беа спроведени обуки и беше изготвена NSA документација и процедури.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Во 2013 година ќе биде изработена Националната стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија 2013-2018.**

**Правилник за критериумите и постапката на одобрување на договори за закуп, односно лизинг на воздухоплови**

Донесувањето на Правилникот е во насока на транспонирање на делот од ЕУ Регулативата 1008/2008 и ЕУ Регулативата Регулативата 3922/91 кој се однесува на критериумите за одобрување на договори за закуп, односно лизинг на воздухоплови.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во секторот воздухопловство во 2013 година ќе има потреба од TAIEX и ИПА финансиска помош и тоа:

TAIEX експерт за ревизија на Националата стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија.

TAIEX студиско патување во насока на зајакнување на административниот капацитет на вработените во Министерството за транспорт и врски и во Агенцијата за цивилно воздухопловство

TAIEX студиско патување во насока на продлабочување на знаењата во однос на сателитската навигација за вработените во Министерството за транспорт и врски-Сектор за воздухопловство, Агенција за цивилно воздухопловство и М-НАВ

ИПА финансиска помош од компонента 1 за зајакнување на административниот капацитет во областа воздухопловство (обуки за вработените од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за цивилно воздухопловство )

ИПА финансиска помош за изработка на физибилити студија за можноста на изградба на аеродром на вода на Охридското езеро како и на другите езера во Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок Република Македонија ќе ги спроведува обврските преземени со втората преодна фаза на Спогодбата за европска заедничка воздухопловна област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Координиран аеродром или аеродром со олеснет распоред**

Во случаите кога ќе се појават проблеми со капацитетот на одреден аеродром, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) и согласно условите од ЕУ Регулативата 95/93, Владата на Република Македонија на транспарентен, неутрален и недискриминирачки начин ќе дезигнира аеродром за координиран аеродром или аеродром со олеснет распоред.

Координиран аеродром значи секој аеродром каде со цел за слетување или полетување на некој авиопревозник или некој друг оператор на воздухоплов неопходно е да му биде доделен слот од страна на координаторот, со исклучок на државните летови, принудните слетувања и хуманитарните летови;

Аеродром со олеснет распоред значи аеродром на кој постои можност од загушување во некои периоди од денот, недела или година, кој е согласен за постигнување решение со доброволна соработка помеѓу авиопревозниците и каде е именуван олеснувач на распоред за да се олеснат операциите на авиопревозниците кои вршат сообраќај или имаат намера да вршат сообраќај на тој аеродром.

**Координатор на аеродром или олеснувач на распореди за алокација на слотови за полетување и слетување**

Согласно член 71-а став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) Владата на Република Македонија ќе именува физичко или правно правно лице за координатор на аеродром или независен олеснувач на распоред по извршени консултации со превозниците, операторот на аеродром или Комитетот за координација, ако таков комитет постои. Со подзаконски акт Владата на Република Македонија ги пропиша правилата за доделување на слотови во кој ја транспонира ЕУ Регулативата бр.95/93 (Уредба за правилата за доделување на слотови „Службен весник на РМ“ бр.121 и 125/2010).

**Комитет за координација**

Согласно член 71-а став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) на координиран аеродром Владата на Република Македонија формира Комитет за координација согласно ЕУ Регулативата 95/93. Комитетот за координација може да е дезигниран за повеќе од еден аеродром. Членството во овој комитет е достапно за авиопревозниците кој редовно го користат предметниот/ите аеродромот/ите и нивните претставништва, операторот на предметниот аеродром,

надлежната контрола на летање и претставници на општата авијација кои редовно го користат аеродромот. Како набљудувачи на состаноците од Комитетот за координација може да учествуваат претставници на Министерството за транспорт и врски и координаторот. Комитетот за координација ги дискутира предложените локални упатства за доделување на слотови како и оние предложените за надгледување на употребата на доделените слотови.

**3.14.8 САТЕЛИТСКА НАВИГАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на иницијалното поставување на системот за сателитска навигација и позиционирање, во Република Македонија нема експлицитна законска рамка која го тангира прашањето во врска со сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, што значи дека условите и начинот на користењето и примената на сателитската навигација и сателитското позиционирање во транспортниот сектор на Република Македонија не се регулирани. Понатаму, имајки ги во предвид напорите и активностите на Република Македонија за транспонирање и усвојување на законодавството на ЕУ во делот на сателитската навигација во транспортот, се напоменува дека во позитивното законодавство на Република Македонија не е транспонирана *Одлуката на Советот од 29.04.2004 за усвојување на Рамковната Спогодба меѓу Европската Заедница и Европската Вселенска Агенција (2004/578/ЕС)*, со која Европската Заедница и формално ја усвојува претходно наведената Рамковна Спогодба. *Рамковната Спогодба меѓу Европската Заедница и Европската Вселенска Агенција* („Службен весник на Европска Унија“, L 261/64) од 06.08.2004, меѓудругите ги адресира и прашањата со сеопфатниот и прогресивен развој на Европската Вселенска Политика, понудата и побарувачката на сервиси и апликации на системи за ориентација во просторот, политиките на Заедницата, поставувањето на заедничка рамка за користење на системите за сателитска навигација и позиционирање итн.

Од аспект на иницијалната практична имплементација на сателитските системи за навигација и позиционирање на ниво на Европската Унија-GALILEO, треба да се напомене и тоа дека во односното позитивно законодавство на Република Македонија не се транспонирани Регулативата 876/2002 од 21.05.2002 („Службен весник на Европска Унија“, L 138, 28.05.2002) и Регулативата 1943/2006 од 22.12.2006 („Службен весник на Европска Унија“, L 367, 22.12.2002). Со овие регулативи се поставува основата за активностите за управување со развојната фаза на системот GALILEO (2000-2005). И покрај тоа што оваа фаза заврши во 2005, овие (заеднички) активности мора да ја подготвата имплементацијата на натамошните фази на GALILEO програмата (поставувањето на системот и комерцијалната употреба).

Во однос на поедините области од транспортот во Република Македонија, во

<u>*Патен сообраќај*</u>
Во делот на патниот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Директивата 2004/52/ЕС од 29.04.2004 година на Европскиот Парламент и на Советот за интероперабилност на електронските системи за патарина, со која се регулираат условите кои треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на електронските системи на наплата на патиштата во Заедницата.

*Железнички сообраќај*

Во делот на железничкиот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Директивата 2001/16/ЕС од 19.03.2001 година на Европскиот Парламент и на Советот за интероперабилност на транс-Европскиот конвенционален железнички систем, со која се регулираат условите кои треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на железничката конвенционална мрежа; Одлука на Комисијата 2004/446/ЕС за буката, товарните вагони и телемтските апликации за товарните технички спацификации за интероперабилност на кои се однесува Директивата 2001/16/ЕС.

*Воздушен сообраќај*

Во делот на воздушниот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Регулативата на Советот 219/2007 од 27.02.2007 година („Службен весник на Европска Унија“, L 64, 02.03.2007) за преземање на заеднички активности за развој на новата генерација на Европскиот систем за управување со авио-сообраќајот (SESAR), со која се поставуваат основите за развоја на овој систем.

*Внатрешен воден сообраќај*

Во делот на внатрешниот воден сообраќај во одредбите кои го регулираат внатрешниот воден сообраќај не се транспонирани: Регулативата 2371/2002 („Службен весник на Европска Унија“, L 358, 31.12.2002), која наведува дека на рибарските бродови им е забрането вршат активности на риболов ако не се инсталирани уреди со кои истите ќе бидат детектирани и лоцирани; Регулативата 2244/2003 од 18.12.2003 („Службен весник на Европска Унија“, L 333, 20.12.2003) со која се поставуваат детализираните одредби за Бродскиот Систем за Мониторинг-БСМ (Vessel Monitoring System-VMS) и Директивата 2005/44/ЕС на Европскиот Парламент и Советот од 07.09.2005 за усогласени речни информативни услуги на внатрешнитре водени патишта во Заедницата. Со оваа Директива се поставува рамка за поставување и користење на систем на хармонизирани речни информативни услуги во Заедницата за поддршка на внатрешниот воден сообраќај во поглед на зголемување на безбедноста, ефикасноста, заштитата на животната средина и олеснивање на врските со другите транспортни модуси.

*Пристап кон пазарот на стоки и услуги*

Со Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04) се уредени заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот на заштитата на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Имајки во предвид што нема законска рамка со која ќе се уреди и регулира сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, со тоа не е утврдена и институционалната рамка за спроведување на сателитската навигација во Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На ниво на Европската Унија, регулирањето на GNSS апликациите, иако се очекува долг период, сеуште не е извршено. Истото се очекува во периодот 2013-2014 година, бидејќи треба да се респектира крајниот рок за воспоставување на IOC (Initial Orbital Capabilities), што од практична страна значи лансирање на 18 оперативни сателити. Тоа е едната страна на проблемот. Другата страна е што за регулирање на системот на GNSS е потребен извесен квантум на релевантни повратни информации кои треба да се базираат на вистинските перфоманси на веќе лансираниот систем, потоа понатаму, потребни се јасни сознанија во смисол кои тела ќе бидат надлежни за експлоатација на системот, потенцијалните приходи од експлоатацијата на системот, одговорностите во случај на т.н. пад на системот со/или повреди и смртни случаи. Сето претходно споменато мора да се земе во предвид, пред Европската Унија да почне со процесот на регулирање на предметната област. Истотака, во предвид треба да се земе дека наведените моменти, влијаат не само на апликациите во приватниот сектор, туку и во јавниот сектор.

Но, во моментот правната основа за ЕУ- GNSS програмите се ТрансЕвропските Мрежи, а со тоа и Транспортната Политика, која инхерентно го тангира прашањето со Сателитската Навигација.

Во врска со Сателитската Навигација, повеќе национални студии, покажуваат дека GNSS апликациите можат да се поделат во 3 групи:

- Апликации на кои не им треба регулатива (најголема група на апликации со големи разлики компарирано со наредните две групи),
- Апликации на кои треба регулатива, и
- Апликации на кои им треба „извесна“ регулатива (обично политиката за заштита на личните податоци е таа која ја „спречува“ нивната целосна примена).

Во моментот, ЕУ преку Рамковните програми 6 и 7, како и Хоризонт 2020 (сеуште предмет на дискусија) е фокусирана да се создадат демонстрациони апликации, како и да се создаде свест за потенцијалот на GALILEO и EGNOS во сите економски сектори. Но ЕУ засега го пролонгира изготвувањето на прописите во врска со Сателитската Навигација. Со тоа, ***пристапот е: прво да се развие пазарот, а потоа да се регулира истиот во соодветен момент***.

Исклучок е GNSS за воздухопловна навигација (SESAR), но само во овој сектор. Зошто исклучок, токму во секторот, чиј финансиски потенцијал ќе се движи од 0,5% пораст годишно, во однос на годишниот приход од околу 200 милијарди долари? Тоа е заради постоењето на EGNOS и WAAS (Wide Area Augmentation System). EGNOS е сертифициран за воздухопловниот сектор, и е управуван од ESSP[30] (European Satellite Services

30 AENA - Aeropuertos Españoles y Navegación Aérea (Spain); DFS - Deutsche Flugsicherung (Germany); DSNA - Direction des Services de Navigation Aérienne (France); ENAV - L'Ente Nazionale Assistenza al

Provider), чии акционери се провајдерите на јавните услуги во воздухопловна навигација од некои европски земји и заради тоа што ЕУ не смее да изгуби можностите за интероперабилност со USA WAAS-системот. Треба да се напомене и тоа дека во САД, исто така, не е целосно регулиран GNSS секторот. (освен WAAS за воздухопловната навигација), бидејќи GPS е примарно воен систем. Тоа води кон имплицитен заклучок дека не-регулирањето на овој Сектор не мора да нè доведе до компаративни недостатоци во рамките на ЕУ.

Во врска со железничкиот сектор (ERTMS 3), железничките прописи поставуваат некои инсталации за подсистеми (како позиционирање на пример), но ништо одредено за GNSS. Истото важи и за наплатата на патарините, енергијата и телекомуникационата мрежа координација, итн. Така, за применливоста на GNSS системот во Република Македонија, треба да се дискутира случај по случај.

Се поставува прашање: Ако GNSS е развиена за апликации, а истите не се регулирани, тогаш на кој начин е вклучена ЕУ? Одговорот по тоа прашање е наведен подолу:

- Создавање на потребната инфраструктура за управување со GNSS системот на ниво на ЕУ, како и на национално ниво за да се обезбеди сигурен и безбеден систем.
- Создавање на неопходни услови за негување на апликациите. Да постои систем „во место“ без да недостигаат можности.
- Осигурување на компатибилност и да се отвори патот кон целосна интероперабилност со GPS и GLONASS.

Во контекст на горе наведеното, Република Македонија ќе пристапи кон креирање на услови за користење на Сателитската Навигација. Истовремено, со создавањето на овие услови треба да се создатат насоки за правно и институционално уредување на оваа материја.

Во насока на реализирање на краткорочните приоритети во Република Македонија во периодот 19-23.11.2012 се спроведе TAIEX Експертска Мисија за Сателитска Навигација во Транспортниот Сектор на Република Македонија. Од формална страна како резултат на оваа Мисија следи Извештај (со консеквентните наоди и препораки за натамошно постапување), кој треба да се официјализира од страна на релевантните органи на Европската Унија. Имајки го во предвид временскиот контекст на периодот во кој се изготвува предметниот Извештај, истиот се очекува во периодот Јануари-Февруари 2013 година. Од оперативен аспект Извештајот ќе служи како водич за натамошните активности во врска со Сателитската Навигација. Во таа насока се напоменува дека заради неможност за увид во содржината на Извештајот, нема можност за прејудицрање на истиот, а со тоа експлицитно планирање на наредните активности.

---

Volo (Italy); NATS - National Air Traffic Services; NAV - Navegação Aérea de Portugal (Portugal); Skyguide - Schweizerische Aktiengesellschaft für zivile und militärische Flugsicherung (Switzerland)

Генерално, после добивање на официјалниот Извештај ќе следи изготвување на Акционен План, согласно наодите и препораките од Извештајот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како што е наведено во параграфот „КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ“, и среднорочните прoритети ќе се детерминираат после добивање на Извештајот од Експертската Мисија.

Генерално во развојот на Сателитската Навигација (особено на Европскиот Сателитски Систем – GALILEO) во Европската Унија, од оперативен аспект кои се од интерес за Република Македонија, има две констелации: Прва Констелација со временска рамка 2014-2016 (која ќе овозможува три типа на сервиси: Open Service-OS; Saferty of Life-SoL и Commercial Service-CS) и Втора Констелација со временска рамка 2016-2018 (која ќе овозможува два типа на сервиси: Public Regulated Service-PRS и Search and rescue Service-SAR).

Во однос на блиските среднорочни прoритети и Првата Констелација, Република Македонија има интерес да го уреди пристапот кон Saferty of Life-SoL и Commercial Service-CS сервисите, а во однос на „подалечните“ среднорочни прoритети и Втората Констелација, Република Македонија има интерес да го уреди пристапот кон Public Regulated Service-PRS и Search and rescue Service-SAR сервисите. Но како што е претходно споменато, планирањето на натамошните активности ќе зависи од содржината на Извештајот.

## 3.15 ЕНЕРГЕТИКА

### 3.15.1 СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА** (2012)
**ПРАВНА РАМКА**(2012)

***Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката***
На 28.10.2011 година Министерството за економија и Македонската Академија на Науки и Уметности потпишаа Договор за изготвување на Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката, Програмата се изготвува во рамките на ГЕФ Проектот за одржлива енергија. На 10 мај 2012 година првиот нацрт текст на Програмата е доставен од страна на изготвувачот, МАНУ, при што истиот на 15.05.2012 година е доставена на мислење до надлежни министерства и институции да ги дадат своите забелешки и коментари. По добивање на мислењата, истите се соодветно вградени во предметната Програма, и истата на 29 јули 2012 година е објавена на веб страната на Министерството за економија. На 03.09. 2012 година е одржана јавна расправа. Во текот на месец октомври се спроведе јавна набавка за избор на консултант кој согласно Законот за животна средина треба да изготви Извештај за стратегиска оцена за влијание врз животната средина за предметната Програма. Во месец ноември е доставен првиот нацрт текст на

Извештајот и истиот на 30.11.2012 година е објавен на веб страната на Министерството за економија со што отпочна постапката за консултации со јавноста која трае до 30.12.2012 година .

***Уредбата за квалитет на течните горива***
Уредбата за квалитет на течните горива е во завршна фаза на изработка. Со уредбата се транспонираат директивите 99/32ЕЗ со амандманите од Директивата 2009/30ЕЗ и директивата 98/70ЕЗ со амандмани на Директивите 2003/17 и 2009/30. Има изготвено нацрт текст на Уредбата, и истиот се достави до надлежните министерства и институции на мислења, и истите се соодветно вградени во текстот. На 11 мај 2012 година се одржа јавна расправа за предметната Уредба, по што истата се достави до Секретаријатот за законодавство за усогласување. Добиено е мислење од Секретаријатот за законодавство согласно кое беше укажано планот за мониторинг треба да биде составен дел на оваа уредба, па за таа цел потребно е дополнително доусогласување и имплементирање на планот како составен дел на Уредбата.

***Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2012 година***
Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2012 година е усвоена од страна на Владата на Република Македонија на 38-мата седница на ВРМ одржана на 9 јануари 2012 година. Програмата е објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.8/2012 од 18 јануари 2012 година.

***Мали хидроелектрични централи***
Во досегашниот период потпишани се вкупно 70 Договори за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи со 21 (дваесет и еден) концесионер. Вкупниот инсталиран капацитет изнесува 60.295 kW, просечното годишно производство изнесува 240.000.000 кWh додека очекуваните инвестиции се на ниво од 120 милиони евра.

***ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште***
На 8 ноември 2012 година беше објавен јавен повик за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.
Крајниот рок за доставување на понудите е 03 јануари 2013 година

***ХЕ Бошков Мост*** Проектот е сложен хидроенергетски систем со кој се предвидува целосно искористување на хидропотенцијалот на Мала Река и нејзините притоки. Планирана инсталирана моќност би била 68,2 MW, со годишно производство од 108 GWh. Вкупната инвестиција е проценета на 107.000.000,00 EUR од кои вкупен износ на кредитот од ЕБРД е 65.000.000,00 EUR, а до 42.000.000,00 EUR се од сопствени извори на АД ЕЛЕМ. Изработена и усвоена е ESIA (Студија за влијанието врз животната средина). Во тек е спроведување на тендерска процедура за избор на фирми за градежни работи. Едновремено распишан е јавен оглас и за избор на добавувачи на опрема и градежни работи. Предвидена реализација на проектот е 2013 – 2016 година.

***Проект Брана Луково Поле и Довод на Корабски Води***
Подготовката на Проектот е со обезбедени средства од Светска Банка. Вкупен износ на инвестицијата би бил 62.270.529.04 EUR, од кои 52.929.949,00 EUR од Светска Банка, а 9.340.609,00 EUR сопствени средства на АД ЕЛЕМ. Во тек е изработка на Студија за влијанието врз животната средина, Во тек е избор на Консултант за проектирање и надзор. Градежните работи се планира да започнат во средина на 2013 година.
Се зголемува инсталираната моќност на АД ЕЛЕМ и тоа со висококвалитетна вршна енергија и годишното производство со дополнителни 159 GWh. Планирано завршување на активностите и предавање во употреба на објектот е почетокот на 2018 година.
Времето предвидено за реализација на овој проект изнесува 4 години.

**Задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати** се формираат постепено според потрошувачката на одделни видови нафтени деривати во претходната календарска година согласно податоците од Енергетскиот биланс на Република Македонија. Согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и

нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" 84/08, 35/11 и 84/12), вкупните количини на нафтени деривати во задолжителните резерви треба да достигнат покриеност на остварена просечна дневна потрошувачка за период од 90 дена во претходната календарска година или 25% од вкупно остварената потрошувачка на нафтени деривати во претходната календарска година.
Динамиката на формирање на задолжителните резерви се утврдува врз основа на среднорочна петогодишна програма и годишна програма со финансиски план на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ( во натамошниот текст: Дирекција за ЗРННД)
Согласно Годишната програма за 2012 година, Дирекцијата за ЗРННД спроведе неколку постапки за јавни набавки на нафтени деривати и тоа: Мазут и Еуродизел БС.
Со оглед на наведеното, вкупните количини на нафтени деривати во задолжителните резерви, заклучно со 01.12.2012 година, соодветствуваат на 42 дена просечна дневна потрошувачка во земјата во претходната календарска година.

На 12. јули 2012 година влезе во сила Законот за дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија„ бр.84/2012), со кој по членот 9 од законот се додава нов член 9-а, кој гласи:

*„Член 9-а*

*(1) Задолжителните резерви на нафтени деривати може да се користат и во кризни состојби, како и во други случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати од страна на државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции основани од државата што вршат дејност од јавен интерес и општините, за извршување на нивните активности утврдени со закон.*
*(2) Користењето на задолжителните резерви во кризни состојби се врши со издавање на краткорочни позајмици од одделни видови на нафтени деривати на државните органи и институции задолжени за справување со кризни состојби.*
*(3) Краткорочните позајмици од ставот (2) на овој член, може да бидат во количини кои, во текот на календарската година, нема да надминуваат 50% од вкупно складираните количини на задолжителни резери за секој нафтен дериват одделно.*
*(4) Користењето на задолжителните резерви во други случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати за вршење на работи од нивна надлежност утврдени со закон, се врши со издавање на краткорочни позајмици или со отстапување без надомест на одделни видови на нафтени деривати од задолжителните резерви на државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции основани од државата што вршат дејност од јавен интерес, како и општините.*
*(5) Издадените нафтени деривати од ставот (4) на овој член, може да бидат во количини кои, во текот на календарската година, нема да надминуваат 25% од вкупно складираните количини на задолжителни резери за секој нафтен дериват одделно.*
*(6) За корисниците, трошоците за испорака, видот, количините и намената на нафтените деривати кои се позајмуваат или се отстапуваат без надомест, како и за рокот за враќање на позајмените количини во случаите од ставовите (2) и (4) на овој член, одлучува Владата на Република Македонија.„*
Во горенаведеното дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати е предвидено одредбата од членот 9-а да се применува до денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Во насока на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ од областа на задолжителните резерви на нафта, со Решение Бр. 04-21282/1 од 24.06.2011 година и дополнување на решение Бр.04-21282/10 од 13.07.2011 година, донесено од страна на Министерот за финансии, формирана е меѓуресорска работна група која има за задача да подготви нов Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати со цел усогласување со Директивата 2009/119/ЕЗ за минимални резерви на сурова нафта и /или нафтени производи.
Во март 2012 година Дирекцијата за ЗРННД преку Секретаријатот за европски прашања поднесе апликација за TAIEX – Technical Assistance Information Exchange Instrument за подготовка на законско решение со цел

транспонирање на Директивата 2009/119/ЕЗ, а во јуни 2012 година, во Скопје се одржа TAIEX – експертска мисија со присуство на словенечкиот експерт.

Работната група подготви текст на Нацрт закон за нафтени резерви во кој е транспонирана Директивата 2009/119/ЕЗ кој е доставен на мислење до надлежните министерства и институции.

По добивање на гореспоменатите мислења Нацрт законот ќе биде пуштен во владина процедура. Според иницијалниот план предвидено е законот да биде донесен во јуни 2013 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА** (2012)

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика постојано се вработени 13 лица .

Во текот на 2012 година Министерството за економија учествуваше на повеке состаноци во раорганизирани од страна на Секретаријатот за енергетска заедница.

На 22 март 2012 година е одржан работен состанок на Работната група за Стратегија за енергетика на Енергетската заедница во Виена.

На 30 мај 2012 нов состанок на РГ. Претставник од Министерството за економија учествуваше на 5-от состанок на Работната група за Регионална енергетска стратегија во рамките на енергетската заедница одржан во Блед, Словенија на 25 септември 2012 година.

Претставаник од Министерството за економија учествуваше на Гасниот форум организиран во рамките на Енергетската заедница одржан во Блед, Словенија во септември 2012 година. Претставници од Министерството за економија учествуваа на 4-от форум за нафта во ноември во Белград, кој беше организиран во рамките на Секретаријатот за енергетика заедница,

Во Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во текот на 2012 година не се реализирани нови вработувања.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2013)
**ПРАВНА РАМКА** (2013)

***Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката***

На 02 јануари 2013 година е закажана јавна расправа по нацрт текстот на Програмата и нацрт текстот на Извештајот за стратегиска оцена за влијание врз животната средина за предметната Програма. По одржувањето на јавната расправа и по добивање на позитивно мислење од страна на Министерството за животна средина, Програмата заедно со Извештајот ќе се достава до Владата на Република Македонија за донесување. Со Програмата се утврдуваат: мерките, условите, начинот и динамиката на реализација на Стратегијата, како и обврските на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и вршителите на енергетските дејности што имаат обврска за обезбедување на јавна услуга. Во Програмата ќе се утврдат и потребните финансиските средства за нејзина реализација, како и изворите и начинот на обезбедување на средствата. Се планира предметната Програма да се донесе во првиот квартал на 2013 година.

***Уредбата за квалитет на течните горива***

Со Уредбата за квалитет на течните се уредува вид на течни горива што можат да се пуштат на пазарот со нивните карактеристики, начин на утврдување на квалитативните својства на течните горива, начин и постапка за следење на квалитетот на течните горива, права и обврски на учесниците на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и права и обврски на учесниците на пазарот и државните органи во преодниот период потребен за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт. Учесниците на пазарот на течните горива се должни да се придржуваат кон обврските утврдени во уредбата. Со уредбата се транспонираат директивите 99/32ЕЗ со амандманите од Директивата 2009/30ЕЗ и директивата 98/70ЕЗ со амандмани на Директивите 2003/17 и 2009/30. По усогласување на предметната Уредба со мислењето од Секретаријатот за законодавство во делот на планот за мониторингот, истата ќе се

достави до Владата на Република Македонија за усвојување. Се планира предметната Уредба да се донесе во првиот квартал на 2013 година.

***Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2013 година***
Министерството за труд и социјална политика има изготвено нацрт Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2013 година. Со предметната програма се предвидува субвенција да се оствари за повеќе видови на енергетски, кои се достапни и највеќе се користат (електрична енергија, огревно дрво, јаглен, екстра лесно масло за домаќинство/нафта за домаќинство и централно греење) за корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош. Програмата ќе се применува од 1 јануари 2013 година.

***Изјавата за сигурност во снабдувањето***
Согласно обврските од Договорот за енергетска заедница, член 29, како и Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница, Република Македонија на секои две години има обврска од ажурирање на Изјавата за сигурност во снабдувањето (Изјавата). Во текот на 2011 година, беше доставена Изјавата за сигурност во снабдувањето на Република Македонија до Секретаријатот на Енергетска заедница. Изјавата за сигурност во снабдувањето на Република Македонија до Секретаријатот на Енергетска заедница се планира да биде доставена до месец ноември 2013 година до Секретаријатот за енергетска заедница.
Според Предлог Буџетот на РМ за 2013 година, се очекува прилив на средства на сметката на Дирекцијата за ЗРННД во износ од 630.000.000,00 денари од кои 456.050.000,00 денари се предвидува да бидат наменети за стратешки резерви, односно за набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви согласно Годишна програма за 2013.

Примарни активности на Дирекцијата за ЗРННД за 2013 година се:
1. Донесување на Годишна програма за 2013 година и Годишниот план за јавни набавки за 2013 година, во согласност со Ревидираната Среднорочна програма;
2. Спроведување на тендерски постапки за набавка на нафтени деривати согласно Годишната програма за 2013 година и Годишниот план за јавни набавки за 2013 година;
3. Обезбедување односно изнаоѓање дополнителни слободни резерварски капацитети за складирање на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати за количини согласно Годишната програма за 2013 и Годишниот план за јавни набавки 2013 година;
4. Спроведување контрола (квалитативна и квантитативна) на нафтените деривати складирани кај трговските друштва складиштари на секои 4 месеци;
5. Спроведување на ad hoc контрола на докуменатција и евиденција на задолжителниот надоместок кај учениците во правниот промет;
6. Финализирање на потребните активности за донесување на новиот Закон за нафтени резерви (рок до 30.06.2013 година);
7. Усогласување на евиденцијата помеѓу Дирекцијата за ЗРННД и Царинската Управа за уплатениот надоместок;
8. Кадровско доекипирање заради овозможување непречено и квалитетно да се извршуваат законските и програмските обврски.

По донесувањето на новиот Закон за нафтени резерви ќе биде потребно да се преземат активности во насока на изработка и донесување на релевантни подзаконски акти. За таа цел ќе биде потребно да се користи TAIEX – експертска мисија.
До донесување на новиот закон, Дирекцијата за ЗРННД своите надлежности ќе ги извршува врз основа на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр. 84/08, 35/11 и 84/12).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА** (2013)
Во текот на 2013 година, *Министерството за економија*, се планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот во делот на сигурност во снабдување во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 3 нови вработувања во 2013 година.
Во текот на 2013 година, во Дирекцијата за ЗРННД се очекува да се добие согласност за пополнување на најмалку 15 (петнаесет) работни места, со цел да се реализира неопходната кадровската екипираност што треба да овозможи квалитетно и благовремено извршување на законските обврски.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2014-2015)**
**ПРАВНА РАМКА (2014-2015)**
Согласно обврските од Договорот за енергетска заедница, Министерството за економија ќе ги презема сите активности кои се во правец на сигурноста во снабдувањето со енергија.
Во периодот 2014 - 2015 година, се очекува Дирекцијата за ЗРННД да има минимален приход на средства во износ од 850.060.000,00 денари на годишно ниво, по основ на уплата на надоместок за задолжителни резерви.

Средствата ќе бидат користени за нормално функционирање на Дирекција за ЗРННД како и за набавка на нафтени деривати согласно соодветните Годишни програми за 2014 и 2015 година.
Согласно проектираните средства, примарните активности на среднорочен план, односно за 2014 - 2015 година, се:
1.Спроведување на Годишната програма за 2014, односно 2015 година;
2.Спроведување на постапки за јавни набавки врз основа на Годишен план за јавни набавки за 2014 и за 2015 година;
3.Редовно спроведување контрола (квалитативна и квантитативна) на задолжителните резерви на нафтените деривати складирани кај трговските друштва складиштари.

Со цел да се овозможи реализација на Ревидираната среднорочна програма како и годишните програми за работа заедно со годишните планови за јавни набавки неопходно е итно спроведување на активности за изнаоѓање дополнителни слободни резервоарски капацитети за складирање на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати.
Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во предметниот период ќе ја анализира и можноста за складирање на нафтените деривати од задолжителните резерви на Република Македонија во складишта надвор од земјата врз основа на билатерални договори. Во правец на спроведување на овие активности Дирекцијата за ЗРННД ќе ја испита можноста за пополнување на дел од задолжителните резерви со складирање на сурова нафта и по пат на обезбедување на т.н. „тикети“.
Во наведениот период се очекува во целост да биде комплетирана правната рамка за имплементација на Директивата 2009/119/ЕЗ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА** (2014-2015)
Во текот на 2014-2015 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на вклучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 2 нови вработувања во 2014 година и 2 нови вработувања во 2015 година.
Во наведениот период 2014-2015 се очекува да се заокружи кадровското доекипирање на Дирекцијата за ЗРННД.

## 3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА
## ТЕКОВНА СОСТОЈБА (2012)

### ПРАВНА РАМКА (2012)

Во однос на подрачјето внатрешен пазар на енергија, со донесувањето на новиот Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/2011 и бр. 136/2011) се допринесе кон понатамошно усогласување со Acquis на Договорот за основање на Енергетската заедница.

Со законот се уредува правната рамка за вршење на дејностите во областа на енергетика која овозможува сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари на државата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори; и друго.

Во текот на 2012 година се пристапи кон изработка на предлог закон за изменувања и дополнувања на Законот за енергетика во насока на допрецизирање на одредбите за правно раздвојување на оператрот на електродистрибутивниот систем од дејноста снабдување на тарифни потрошувачи со електрична енергија.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: „РКЕ“) е независен орган во однос на работењето и донесувањето на правилниците, односно одлуките во рамките на надлежностите дадени со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11 и 136/11). Во изминатиот период РКЕ донесе повеќе подзаконски акти од областа на електрична енергија и природен гас.

На 17.02.2012 година РКЕ донесе нов **Правилник за начинот, условите и постапката за одлучување по споровите и висината на оправданите надоместоци за трошоците настанати во постапката** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 24/12).

### I. ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Со подзаконските акти за цените и тарифите на електрична енергија се утврдуваат објективни и недискриминаторни критериуми за проценка на оправданоста на трошоците неопходни за вршење на регулираните енергетски дејности, водејќи сметка за зголемувањето на ефикасноста на работењето на вршителите на регулираните енергетски дејности.

На 29.02.2012 година, РКЕ донесе Одлука за одобрување на регулиран максимален приход, просечна цена, како и цени за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на АД ЕЛЕМ – Скопје, Подружница Енергетика за 2012 година и Одлука за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2012 година, основен приход за 2012, 2013 и 2014 година, како и тарифи за пресметковни елементи за 2012 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ – Скопје, Подружница Енергетика.

Во јуни 2012 година компаниите АД ЕЛЕМ и АД ЕВН Македонија, поднесоа барања за корекција на одобрените регулирани максимални приходи за 2012 година, одобрени со одлуките од страна на РКЕ на 30.12.2011 година. На 25.07.2012 година РКЕ донесе 2 одлуки по барањата на компаниите кои се

применуваат од 01.08.2012 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 95/12). Просечната цена за снабдување со електрична енергија на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД Скопје за 2012 година се зголеми за 9,83%.

На 23.02.2012 година РКЕ донесе **Тарифен систем за продажба на електрична енергија на тарифни потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 27/12) и **Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 27/12).

Во април 2012 година согласно Законот за енергетика, АД МЕПСО, како оператор на електропреносниот систем, ги достави на одобрување до РКЕ, Мрежните правила за пренос на електрична енергија. Во април 2012 година согласно Законот за енергетика, АД ЕЛЕМ Скопје, како оператор на дистрибутивниот систем, ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. Во тек е разгледување на текстовите од страна на работната група на РКЕ.

Согласно член 27 и член 73 од Законот за енергетика, на 07.05.2012 година РКЕ ги донесе **Правилата за пазар на електрична енергија** („Службен весник на Република Македонија“, бр.57/12). Со овие правила се уредува организирањето на пазарот на електрична енергија, обврските на операторот на пазарот и операторите на преносниот и дистрибутивниот систем, условите што треба да ги исполнат учесниците на пазарот на електрична енергија, организирањето и контролата на тргувањето со електрична енергија и системски услуги, вклучувајќи го и прекуграничното тргување, процедурата за основање на балансни групи, процедурата за пресметка на отстапувања, и др.

Согласно член 77 и член 193 од Законот за енергетика, ЕВН Македонија АД Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем, во април 2012 година ги достави на одобрување до РКЕ, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. РКЕ ги одобри **Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на ЕВН Македонија АД Скопје** на 29.06.2012 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.87/12).

Согласно член 25, став 1 од Законот за енергетика, на 30.07.2012 година РКЕ донесе **Тарифен систем за пренос на електрична енергија** и **Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија** („Службен весник на Република Македонија“, бр.97/12). Со овие тарифни системи се утврдуваат критериуми за определување на категории на потрошувачи, пресметковни елементи и основи за формирање на тарифи за пресметковни елементи за користење на преносниот и дистрибутивниот систем.

На 30.07.2012 година РКЕ донесе **Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на тарифни потрошувачи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/11). Со овој Тарифен систем кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 97/12 се направија измени во периодот на времетраење на високи и ниски дневни оптоварувања.

На 30.07.2012 година РКЕ донесе **Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на тарифни потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје** („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/12). Со овој Тарифен систем кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 97/12 се направија измени во периодот на времетраење на високи и ниски дневни оптоварувања.

На 30.07.2012 година РКЕ го донесе **Правилникот за цени на електрична енергија за снабдувачот во краен случај** („Службен весник на Република Македонија“, бр.97/12). Со овој Правилник се уредува начинот и условите за формирање, одобрување и контрола на цените со кои се остварува регулиран максимален приход потребен за вршење на регулираната енергетска дејност: снабдување во краен случај со електрична енергија.

На 30.07.2012 година РКЕ донесе **Методологија за пресметка на цените на пресметковните елементи по кои производителот на електрична енергија ја испорачува електричната енергија на снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи и снабдувачот во краен случај со електрична енергија** („Службен весник на Република Македонија“, бр.97/12).

На 31.07.2012 година РКЕ ги одобри обрасците за барања за согласност за приклучување на потрошувач и производител на дистрибутивната мрежа и образецот за барање за ставање под напон, како и единечните трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем на ЕВН Македонија АД Скопје, кои произлегуваат од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/12) и истите се објавени на веб страната на ЕВН Македонија АД Скопје.

На 07.09.2012 година РКЕ ги одобри **Правилата за набавка на електрична енергија на отворен пазар за покривање на потребите на тарифните потрошувачи на ЕВН Македонија АД Скопје** и истите се објавени на веб страната на ЕВН Македонија АД Скопје.

На 31.10.2012 година РКЕ донесе **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот цени на електрична енергија за тарифни потрошувачи** и **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија** објавени во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 135/12.

На 13.11.2012 година РКЕ донесе **Правила за снабдување со електрична енергија** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 144/12). Со овие Правила се уредуваат општите услови и начинот на снабдување како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот со електрична енергија, потрошувачите на електрична енергија, операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем.

На 13.11.2012 година РКЕ донесе **Правила за снабдување во краен случај со електрична енергија** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 144/12). Со овие Правила се уредуваат општите услови и начинот на снабдување со електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи на електрична енергија кои што одлучиле да бидат снабдувани од снабдувачот во краен случај со електрична енергија, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот во краен случај, домаќинствата и малите потрошувачи и операторот на електродистрибутивниот систем.

На 16.11.2012 година РКЕ ги одобри обрасците за барање за регистрација за учесник на пазарот, договор за балансна одговорност, барање за регистрација на балансна група и регистрација на БОС, барање за укинување на статусот на БОС, барање за пренесување на балансна одговорност, и образец за известување за реализираните количини на електрична енергија и образец за набавка/испорака на електрична енергија, кои произлегуваат од Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр.57/12), и истите се објавени на веб страната на АД МЕПСО Скопје.

## II. ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

До крај на ноември 2012 година, РКЕ ги донесе следните одлуки за природен гас:

– Одлука за забрана на прекинување на снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас на „МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС“ ДООЕЛ – Скопје;

– 11 Одлуки за утврдување на продажна цена на природен гас на месечно ниво на МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС ДООЕЛ-Скопје, како вршител на енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас;

– 11 Одлуки за утврдување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје на месечно ниво на Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје.

На 18.01.2012 година, РКЕ донесе **Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 9/12), а на 27.01.2012 година РКЕ донесе **Тарифен систем за дополнување на Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 13/12).

РКЕ на 04.05.2012 донесе **Правила за снабдување со природен гас** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 56/12). Со овие Правила за снабдување со природен гас се уредуваат општите услови и начинот на снабдување со природен гас како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот со природен гас, потрошувачите на природен гас и операторот на преносниот систем, операторите на преносните мрежи и операторите на дистрибутивните системи за природен гас.

На 18.07.2012 година РКЕ донесе **Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.94/05, 43/10, 9/12 и 13/12). Со овој Тарифен систем кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/12 се направија измени со цел целосно признавање на трговскиот надоместок.

На 03.09.2012 година Регулаторната комисија за енергетика ги донесе **Правилата за снабдување во краен случај со природен гас** („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/12). Со овие правила се уредуваат општите услови и начинот на снабдување со природен гас на потрошувачи на природен гас, снабдувани од снабдувачот во краен случај со природен гас, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот во краен случај, потрошувачите и операторот на преносниот систем, односно дистрибутивниот систем. Снабдувачот во краен случај со природен гас ги снабдува потрошувачите во Република Македонија приклучени на системот за пренос или дистрибуција на природен гас и кои не склучиле договор со некој од снабдувачите со природен гас, или ако нивните дотогашни снабдувачи престанале да ги исполнуваат обврските од договорите за снабдување.

Во наредниот период до крајот на 2012 година, РКЕ ќе изработи и донесе следните подзаконски акти:

– **Тарифен систем за пренос на природен гас,**

– **Тарифен систем за дистрибуција на природен гас,**

– **Правилник за цени на природен гас за снабдувачот во краен случај,** и

– **Тарифен систем за продажба на природен гас на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај.**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2012)**
Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика постојано се вработени 13 лица.

Работењето и донесувањето на акти на ***Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија*** е уредено со Законот за енергетика ("Службен Весник на Република Македонија", бр. 16/2011 и 136/2011), другите подзаконски акти, како и Статутот и Деловникот за нејзината работа. Актите на РКЕ се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија", како и на веб страната на РКЕ: www.erc.org.mk. Во 2012 година, РКЕ продолжи со својата работа во рамки на надлежностите дадени со Законот за енергетика, како и со активностите за донесување или одобрување на подзаконските акти кои се неопходни за ефикасно, конкурентно и непречено функционирање на енергетските пазари и со кои се врши имплементација на одредбите од Директивите 2003/54/ЕС и 2003/55/ЕС, како и Регулативите 1228/2003 и 1775/2005.

На 30 март 2012 година РКЕ достави до Собранието на Република Македонија, до Владата на Република Македонија и до Министерството за економија, детален Годишен извештај за работењето и детални информации за материјално-финансиско работење на РКЕ во 2011 година. На 06.07.2012 година Собранието на Република Македонија го одобри **Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2011 година**, и истиот е објавен на веб страната на РКЕ: www.erc.org.mk .

Работењето на РКЕ се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата на надоместок за издадвање на лиценци и преку наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за енергетски дејности. **Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2012 година** е одобрен од Собранието на Република Македонија на 20.03.2012 година.

На 28.09.2012 година, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија достави до Собранието на Република Македонија заради одобрување, предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2013 година. **Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2013 година** е одобрен од Собранието на Република Македонија на 07.11.2012 година, во кој се предвидува вработување на 2 лица во 2013 година.

На 05.07.2012 година Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија донесе нов Правилник за организација и систематизација на работните места и работни задачи на вработените во стручните служби на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија. Со овој Правилник се воспостави нова организациона структура и се утврди вкупниот број на вработени да изнесува 45 лица (5 членови на РКЕ и 40 извршители), што претставува зголемување на административниот капацитет на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 17 лица.

Согласно Финансискиот план за 2012 година, РКЕ вработи 4 лица во текот на 2012 година:

– 2 соработници за економски прашања во секторот за економски работи;
– 1 соработник за природен гас, течни горива, топлинска и геотермална енергија во секторот за техничко енергетски работи од областа на природен гас, течни горива, топлинска и геотермална енергија; и
– 1 архивар во секторот за административни, финансиски и општи работи.

Заклучно со 16.11.2012 година, во РКЕ се вработени 27 лица (5 членови на РКЕ и 22 извршители).

Во тек е огласот за вработување на уште 1 лице – помошник раководител во економскиот сектор на РКЕ.

РКЕ остварува соработка со повеќе меѓународни организации, регулаторни тела и донатори, со што се зајакнува капацитетот на РКЕ како независен државен орган во енергетскиот сектор на Република Македонија.

РКЕ е полноправен член на Регулаторниот Одбор на Енергетската Заедница (ECRB) и учествуваше на состаноците на работните групи за електрична енергија, природен гас и заштита на потрошувачите на ECRB, Форумите за електрична енергија,  природен гас и социјални прашања, и на работилниците организирани од Енергетската заедница.

РКЕ е полноправен член на Регионалната асоцијација на енергетски регулатори (ERRA) и учествуваше на состаноците и обуките на ERRA.

Во мај 2012 година РКЕ поднесе барање за членство како набљудувач во работата на Советот на европските енергетски регулатори (Council of European Energy Regulators - CEER) со седиште во Брисел, Белгија. На 83-тиот состанок на Генералното собрание на Советот на европските реулатори за енергетика кој се одржа на 18.06.2012 година во Љубљана, едногласно се одлучи **Регулторната комисија за енергетика на Република Македонија да се прими како набљудувач на Советот на европските реулатори за енергетика.** Со членувањето во CEER, РКЕ ќе се стекне со искуство за имплементација на Третиот пакет на ЕУ законодавството и предизвиците со кои се сретнуваат земјите членки на Евопската унија и ќе допринесе во создавањето на единствен, конкурентен, ефикасен и одржлив внатрешен пазар на енергија во Европската унија.

## СТРАНСКА ПОМОШ

Во текот на 2012 година година заврши евалуацијата на изразувањата на интерес во однос на Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија во рамките на ИПА компонента 1. Едновремено беше направена кратка листа на понудувачи кои ги исполнија условите од претквалификацијата и им беше доставена тендерската документација со цел да достават понуди. Крајниот рок за доставување на понуди е во текот на месец декември 2012 година.

Во 2012 година продолжи имплементацијата на проектот „Поддршка на Регулаторната комисија за енергија за воведување на ЕУ законодавството за ефикасен пазар на енергија во Република Македонија“, обезбеден од Кралството Норвешка, во чии рамки ќе се изработат и ревидираат неколку подзаконски акти од обласата на електрична енергија и природен гас. Исто така, во рамки на овој проект во септември 2012 година беше организирана студиска посета во Осло, Кралството Норвешка, каде што беа остварени работни средби на претставниците на РКЕ со претставниците на регулаторното тело на Кралството Норвешка, Министерството за надворешни работи, Министерството за нафтени деривати и енергија, електропреносниот систем оператор, берзата на електрична енергија (NORDPOOL) и националниот производител на електрична енергија во Кралството Норвешка.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2013)

## ПРАВНА РАМКА (2013)

Во 2013 година, се предвидува сите потрошувачи на електрична енергија и природен гас кои не се домаќинства да ги остварат правата за стекнување на статус на квалификувани потрошувачи, односно самите да можат да го изберат својот снабдувач.

Во 2013 година ќе продолжи имплементацијата на Законот за енергетика и ќе се донесат и ќе стапат на сила потребните подзаконските акти за функционирање на пазарите на енергија.

Во текот на 2013 година ќе започнат активности за имплементација на Одлуката на Министерскиот совет на енергетската заедница за вклучување на третиот пакет за внатрешен пазар на електрична енергија во националното законодавство.

***Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија*** во текот на 2013 година ќе ги донесе следните подзаконски акти потребни за воспоставување на функционални пазари на енергија согласно Законот за енергетика и ЕУ законодавството, односно ќе се изврши имплементација на одредбите од директивите 2003/54/ЕС, 2003/55/ЕС, 2005/89/ЕС, 2004/67/ЕС, како и регулативите 1228/2003 и 1775/2005:

- Правилник за следење на функционирањето на енергетските пазари,
- Тарифен систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај,
- Мрежни правила за пренос на електрична енергија (АД МЕПСО),
- Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија (АД ЕЛЕМ Енергетика),
- Правила за пазар на природен гас,
- Мрежни правила за пренос на природен гас,
- Мрежни правила за дистрибуција на природен гас.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2013)

Во текот на 2013 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење активностите поврзани со внатрешен пазар на енергија во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 3 нови вработувања во 2013 година.

Во текот на 2013 година претставници од Секторот за енергетика ќе посетуваат работилници и обуки организирани од страна на Секретаријатот на енергетската заедница кои се во насока на усогласување на националното законодавството со законодавството на Европската унија во делот на внатрешен пазар на енергија и Договорот за основање на енергетската заедница.

Со **Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2013 година,** одобрен од Собранието на Република Македонија, се предвидува вработување на 2 лица во 2013 година, со што вкупниот број на вработени во РКЕ треба да изнесува 30 лица (5 членови на РКЕ и 25 извршители) во 2013 година.

Во 2013 година РКЕ ќе донесе нов Деловник за работа и Етички кодекс со кои подетално ќе се определат правата и обврските на членовите и на вработените во стручната служба на РКЕ.

**СТРАНСКА ПОМОШ 2013**

Во средината на 2013 година се предвидува да започне ИПА проект (2009) Зајакнување на административните капацитети на на Сектор енергетика при Министерството за економија и Агенција за енергетика. На почетокот на 2013 година се очекува да се утврдат конкретните активности по што консултантот ќе започне со имплементација на проектот.

Во 2013 година ќе се продолжи со имплементацијата на проектот „Поддршка на Регулаторната комисија за енергија за воведување на ЕУ законодавството за ефикасен пазар на енергија во Република Македонија“, поддржан од страна на Кралството Норвешка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2014-2015)**

**ПРАВНА РАМКА (2014-2015)**

Во делот на внатрешен пазар на енергија во текот на 2014 година се планира да се направат измени на Законот за енергетика со цел да се изврши усогласување со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница од 06.10.2011 година за имплементација на Директивата 2009/72/ЕС, Директивата 2009/73/ЕС, Регулативата (ЕС) 714/2009 и Регулативата (ЕС) 715/2009 и амандман на Членовите 11 и 59 од Договорот за основање на енергетската заедница.

Согласно Законот за енергетика и обврските од Договорот за основање на енергетската заедница почнувајќи од 1 јануари 2015 година и домаќинствата ќе се сетакнат со статус на квалификувани потрошувачи на електрична енергија.

Во периодот 2014-2015 година ќе продолжи имплементацијата на Законот за енергетика и ќе продолжи отворањето на пазарите на електрична енергија и природен гас. Во периодот 2014-2015 година ќе започне натамошно транспонирање и едновремено имплементација на Третиот пакет на законодавството за внатрешен пазар на енергија, сигурност во снабдувањето и пристапот на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија и природен гас.

Во периодот 2014-2015 година ќе продолжат активностите за усогласување на националното законодавство со европското законодавство, а со цел да се обезбеди сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија ***Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија*** ќе донесе соодветна регулатива за целосна имплементација на ЕУ законодавството.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2014-2015)**

Во текот на 2013-2014 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на активностите поврзани со внатрешен пазар на во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 2 нови вработувања во 2014 година и 2 нови вработувања во 2015 година.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на ***Регулаторната комисија за енергетика*** ќе се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија, при што се предвидени за 2014 година 2 нови вработувања и за 2015 година 2 нови вработувања.

### 3.15.4 ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА (2012)**
**ПРАВНА РАМКА (2012)**

Република Македонија активно ги следи актите кои се донесуваат од страна на Европската унија во областа на обновливи извори на енергија и воедно го подготвува националното законодавство усогласено со регулативата на ЕУ која се однесува на обновливи извори на енергија (ОИЕ).

***Акционен план за обновливите извори на енергија***

Република Македонија како потписник на Договорот за основање на Енергетската заедница, има обврска да изготви Акционен план за обновливи извори на енергија во согласност со Директивата 2009/28 и Одлуката на Комисијата за утврдување на образецот на Национален акционен план за обновливи извори на енергија согласно директивата 2009/28. За таа цел Секретаријатот за Енергетска заедница има изготвено образец на симплифицирана верзија на акционен план за обновливи извори на енергија согласно Одлуката на Еропската Комисија за утврдување на образецот на Национален акционен план за обновливи извори на енергија врз основа на директивата 2009/28. Образецот на симлифицирана верзија (SREAP), согласно барањата од Енергетска заедница се изготвува од страна на секоја земја потписничка, и истиот се доставува до Енергетската заедница. Во текот на 2012 година, согласно обврските кои ги има Република Македонија, со техничка помош од страна на УСАИД , во јануари 2012 година и јули 2012 година достави ажуриран Симплифициран Акционен план за ОИЕ до Секретаријатот за Енергетска заедница.

***Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за повластени тарифи***

На 09 февруари 2012 година се донесе Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за повластени тарифи за електрична енергија, со која се зголеми повластената тарифа за електрична енергија произведена и испорачана од термоелектрична централа на биомаса со инсталирана моќност поголема од 1MW, од 9 (€¢/kWh)на 10 (€¢/kWh).

***Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2012 година***

Во јануари 2012 година Владата на Република Македонија ја донесе Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2012 година. На 31.01.2012 се објави Јавен оглас во три јавни гласила, и истиот беше отворен до 31 мај 2012. Согласно утврдените услови во предметната Програма, јавното извлекување се одржа на 09 јуни 2012 година, и беа извлечени 481 баратели кои го остваруваат правото за надомест на дел од трошоците. Листата на 11 јуни се објави на веб страната на Министерството за економија а исто така истата се објави во три дневни весници на 13.06.2012. Согласно програмата се формираа посебни (3) комисии кои направија увид на лице место во 100 случајно избрани домаќинства. При увидот е констатирано дека сите соларни колекторски системи се уредно инсталирани. Во постапка е исплатата на средствата за оваа намена.

***Мали хидроелектрични централи***

Согласно петтиот јавен повик за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, во текот на 2012 година потпишани се вкупно 23 договори за доделување на концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со вкупен инсталиран капацитет од 25,5 MW.

На 08.02.2012 година ***Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија*** донесе **Правилник за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 18/12). Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за стекнување на статусот на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, начинот и постапката за донесување на одлука за користење на повластена тарифа, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на повластени производители од обновливи извори на

енергија. На 30.07.2012 година РКЕ донесе **Правилник за дополнување на Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија** („Службен весник на Република Македонија“, бр.97/12).

РКЕ на 05.06.2012 донесе Решение за одобрување на Образец Договор за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, доставен од АД МЕПСО – Скопје.

Во 2012 година РКЕ донесе повеќе привремени решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија и одлуки за користење на повластени тарифи, за мали хидроелектроцентрали и фотонапонски електроцентрали.

***Агенцијата за енергетика*** на Република Македонија врз основ на одредбите од член 151 став 9 од „Закон за енергетика„ (Сл.Весник. на РМ бр.16/2011 и 136/2011) во текот на 2012 година има издадено 9 потврди дека постројката е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со "Уредбата за повластени тарифи за електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија„ (Сл. Весник на РМ. Бр. 176/11 од 21.12.2011 година) и „Одлука за вкупна инсталирана моќност на повластени производители„ (Сл.Весник на РМ. Бр.100 од 25.07.2011 година).

Во текот на 2012 година, упишани се 14 постројки кои користат обновливи извори на енергија во регистарот на електроцентрали кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија, во согласност со одредбите од „Правилник за обновливи извори на енергија„ (Сл.Весник. на РМ бр.113/2011 )

Согласно Правилникот за обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија (Сл.Весник на РМ бр. 127/08), Агенцијата за енергетика во 2012 година издаде 5 одобрение за мерење на потенцијалот на ветерната енергија, со што вкупниот број на издадени одобренија изнесува 6.

Во 2012 година, Агенцијата за енергетика во Република Македонија продолжи со активностите поврзани со Инфоцентарот за енергетика во Скопје кој се финансира преку донација од Министерство за животна средина, земја и море на Република Италија.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

***Истражување на потенцијалот на ветерната енергија***

Искористувањето на енергијата на ветрот е посебно актуелна проблематика за производство на електрична енергија. Според географската поставеност, за земји како Македонија која е континентална и заградена со планински венци, потребно е дополнително испитување на погодни локации за градба на ветерни елктроцентрали.

Во рамките на ГЕФ Проектот за одржлива енергија заклучно со октомври 2012 година поставена е мерна опрема- мерни станици за мерење на потенцијалот на ветерната енергија на 5 локации на територијата на Република Македонија, и тоа: Општина Берово, КО.Владимирово, Општина Могила КО.Д.Српци, Општина Старо Нагоричане КО.Рамно, Општина Свети Николе КО.Орел и Општина Сопиште КО.Света Петка.

Во текот на 2012 година се потпиша Анекс кон Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за економија и Министерството за животна средина, земја и море на Република Италија за “Формирање на база на податоци за ветер во Република Македонија“, согласно кој финансиските средства од овој Меморандум, алоцирани од Министерството за животна средина, земјиште и море на Република Италија ќе се искористат

за финансирање на институционално уредување за еден одржлив процес на мерења на потенцијалот на ветерна енергија, собирање и анализа на податоците и изготвување на пред физибилити студија за сите пет мерни места и за формирање и работење на Инфо центар за енергетика .

***Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија во рамките на ИПА компонента 1***

Реализираните активности во врска со предметниот Проект за ИПА 2009 Зајакнување на административните капацитети на Министерството за економија, Сектор за енергетика и Агенција за енергетика на Република Макеоднија се дадени во повеќе детали во подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар- Странска помош).
Проект за формирање на база на податоци за ветерна енергија и набавка на една мерна станица, финансиран од донација на Министерство за животна средина, земја и море на Република Италија. Преку овој проект продолжува да работи Инфоцентарот за енергетика.

***Агенцијата за енергетика*** на Република Македонија, заедно со Стопанска Комора на Македонија како координатор, невладината организација „Креација“, Факултетот за електротехника и информациски технологии и Градежниот институт на Македонија во јуни 2012 година започна со имплементација на проектот „Градење на капацитети во градежниот сектор МК“ **–** „Build up Skills MK“. Проектот е финансиран од страна на Европската комисија претставувана од Извршната агенција за конкурентност и иновација – EACI и е дел на програмата Intelligent Europe, за кој се предвидуваат 200.000 евра, од кои 6.600 евра се предвидени за активности реализирани од страна на Агенцијата за енергетика.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2012)**
Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика постојано се вработени 13 лица .

Претставници од Министерството за економија во текот на 2012 година учествуваа на технички состанок во мај 2012 година во врска со имплементацијата на Директивата 2009/28 за ОИЕ.

Работењето и донесувањето на акти на ***Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија*** е уредено со Законот за енергетика ("Службен Весник на Република Македонија", бр. 16/2011 и 136/2011), другите подзаконски акти, како и Статутот и Деловникот за нејзината работа. Актите на РКЕ се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија", како и на веб страната на РКЕ: www.erc.org.mk. РКЕ е надлежна за издавање на привремено решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и да го води регистарот на повластени производители од обновливи извори на енергија.
За повеќе информации во однос на институционалната рамка на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија види подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар, Институционална рамка за 2012.

Согласно Нацрт записникот од втората седница на Владата на Република Македонија одржана 30.07.2011 година ***Агенцијата за енергетика*** го имплементираше ИСО стандардот 9001:2008 и истот е сертифициран за втората година. Во моментот во Агенцијата за енергетика вработени се Директор и 5 лица на неопределено време .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2013)**

**ПРАВНА РАМКА (2013)**

Во текот на 2013 година, согласно новиот Закон за енергетика се планира донесување на следниве подзаконски акти:

***Акционен план за обновливите извори на енергија***

Согласно Одлуката на Европската комисија донесена во месец октомври 2012 година од страна на Министерскиот совет на Енергетската заедница која се однесува на имплементација на Директивата 2009/28, во членот 5 е утвдено дека секоја држава треба да го изготви Националниот акционен план до 30 јуни 2013 година. Земајќи го во предвид гореизнесеното, а во правец на следење и исполнување на обврските спрема Енергетската заедница, потребно е изработката на Акциониот план да ја следи динамиката утврдена од страна на Енергетската заедница, односно истиот да се доработува согласно дополнителните барања и укажувања од страна на Енергетската заедница кои важат за сите држави потписнички на Договорот за основање на истата.. Согласно предметната Одлука, Министерството за економија изготви Информација до Владата на Република Македонија, врз основа на која се донесе заклучок предметниот Акционен План да биде донесен до 30 јуни 2013 година. Акционен план за обновливите извори на енергија, на предлог на Министерството го донсеува Владта на Република Македонија за период од десет години. Акциониот план за обновливите извори на енергија ги дефинира мерките за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија.

***Одлука за годишната процентуална застапеност на биогоривата во вкупните количини на горивата за транспорт во Република Македонија***

Заради заштита на животната средина Владата на Република Македонија со Одлука ја определува годишната процентуална застапеност на биогоривата во вкупните количини на горивата за транспорт во Република Македонија. Одлуката може да се однесува за една или повеќе календарски години и истата се донесува најдоцна шест месеци пред нејзиното влегување во сила.Со одлуката ќе се определи и минималниот процент на намешаност на биогоривата во мешавините од фосилни и биогорива за транспорт, како и преодниот период за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт. По донесување на Уредбата за квалитет на течните горива, ќе с еизготви предметната Одлука.

***Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2013 година***

Климатските карактеристики - високиот интензитет на сончевото зрачење овозможуваат поволни услови за искористување на сончевата енергија. Земајќи ја во предвид заинтересираноста на граѓаните како и позитивните ефекти од оваа стимулативна мерка како за домаќинствата така и за државата од аспект на промоција на обновливи извори на енергија и заштита на животната средина, во Буџетот на Република Македонија за 2013 година предвидени се средвства во износ од 6.000.000 денари со цел оваа стимулативна мерка да се реализира и во текот на 2013 година.

Со оваа стимулативна мерка на купувачите на соларни колектори кои ги имаат вградено во своите домови им се обезбедува поврат на дел од средствата кои ги потрошиле за обезбедување на сончеви термални колекторски системи до 30 %, но не повеќе од 300 евра во денарска противредност по домаќинство. Согласно предвидените средства во Буџетот се планира донесување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2013 година, која ќе биде донесена по усвојување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Предлог Програмата на 30 ноември се достави до Владата на Република Македонија. Се очекува Јавниот оглас за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинства за 2013 година да биде објавен во месец јануари 2013 година.

Во 2013 година ***Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија*** ќе продолжи да издава привремени решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произве-дена од обновливи извори на енергија, решенија за стекнување на статус на повластен производител на

електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и одлуки за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и да го води регистарот на повластени производители од обновливи извори на енергија.

***Агенцијата за енергетика*** ќе овозможи непречено издавање на одобренија за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија; водење на регистар на постројки кои користат обновливи извори на енергија; издавање, пренесување и одземање на гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија како и водење на регистар на истите; издавање, пренесување и одземање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки; основање, одржување и обновување на регистар на високоефикасни комбинирани постројки; издавање потврда по барање на Регулаторната комисија за енергетика дека постројката е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност; подготовка на Енергетски биланс на Република Македонија; подготвување на квартални извештаи за реализација на Енергетскиот биланс за тековната година; изготвување на извештај за реализација на Енергетскиот биланс за претходната година; учество во подготовката на вториот акционен план за енергетска ефикасност; издавање на мислења по тригодишни предлог-програми за енергетска ефикасност; изготвување на извештај за усогласеноста на тригодишните програми за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа и организирање на обуки и полагање на испити за енергетски контролори и обуки за усовршување на контролорите врз основ на програми за обука и полагање на испити изготвени од Агенцијата за енергетика, а одобрени од Министерството за економија.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Активности планирани за 2013 година во врска со Проектот ИПА 2009 Зајакнување на административните капацитети на Министерството за економија, Сектор за енергетика и Агенција за енергетика на Република Макеоднија се дадени во повеќе детали во подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар- Странска помош).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2013)**

Во текот на 2013 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на вклучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 3 нови вработувања во 2013 година

Претставник од Министерството за економија во текот на 2012 година активно ќе учествува во работилниците и работни состаноци организирани од страна на Секретаријатот за Енергетската заедница во делот на обновливите извори на енергија.

Во однос на институционалната рамка на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија предвидени се нови вработувања, за подетални информации види подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар, Институционална рамка за 2013.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2013 година, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, се предвидени 7 нови вработувања.Агенцијата за енергетика го имплементираше ИСО стандардот 9001:2008 се планира истиот да се сертифицира за трета година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2014-2015)**

**ПРАВНА РАМКА (2014-2015)**

Во периодот 2014-2015 година ќе продолжат активностите за усогласување на националното законодавство со европското законодавство во областа на обновливи извори на енергија.

Изготвување на подзаконски акти и ажурирање на постојните со цел целосно имплементирање на Директива на ЕУ 2009/28 за промоција на енергијата произведена од обновливи извори на енергија, како и следење на на новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

Министерството за економија на секои две години изготвува ***извештај за реализација на Акциониот план за обновливи извори на енергија*** во изминатиот период. Доколку врз основа на наодите од извештајот се оцени дека не се остварува предвидената годишна динамика за учество на обновливите извори на енергија министерството ќе и предложи на Владата на Република Македонија дополнителни мерки и соодветни измени во Акциониот план.

Се планира и во текот на 2014-2015 година во рамките на Буџетот на Министерството за економија да се обезбедат средства за ***субвенционирање на домаќинствата за купување и вградување на сончеви термални колекторски системи во домаќинства.***
Покрај активностите утврдени како краткорочни приоритети, во среднорочниот период Агенцијата за енергетика планира да ги зајакне активностите во врска со: издавање, пренесување и одземање на гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија и високоефикасни комбинирани постројки како и водење на регистри по истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2013-2014)**
Во текот на 2014-2015 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на вклучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 2 нови вработувања во 2014 година и 2 нови вработувања во 2015 година.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на ***Регулаторната комисија за енергетика*** ќе се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија, при што се предвидени за 2014 година 2 нови вработувања и за 2015 година 2 нови вработувања.

Во ***Агенцијата за енергетика*** на Република Македонија за среднорочниот период, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, се предвидени 2 нови вработувања.

### 3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА (2012)**

**ПРАВНА РАМКА (2012)**

***Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија:***

Во 2012 година Министерството за економија го изработи и донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија (Службен Весник на РМ бр. 146/2012). Со предметиот правилник се овозможува транспонирање на одредбите од Регулативата на Европската Унија бр. 626/2011 од 4 мај 2011 година која ја надополнува Директивата 2010/30/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот во однос на

означување на клима производи, како и на Одлуката D/2011/03/MC-EnC на Министерскиот Совет на Енергетската Заедница.

***Упатство за примена на мерките за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определување на карактеристиките на стоките и услугите што се предмет на јавните набавки*:**

Агенцијата за енергетика, по претходно прибавено мислење од Бирото за јавни набавки, го изработи Упатството за примена на мерките за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определување на карактеристиките на стоките и услугите што се предмет на јавните набавки, како и за примена на критериумите коишто се однесуваат на енергетската ефикасност и заштедата на енергија при изборот на најповолен понудувач. Истото, по донесувањето од страна на Управиот Одбор на Агенцијата за енергетика беше објавено на веб страницата на Агенцијата за енергетика и Бирото за јавни набавки. Со неговото донесување се придонесе кон дополнително транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергетски услуги.

***Правилник за енергетски карактеристики на зградите:***

Изработката на Правилникот за енергетски карактеристики на зградите беше активност предвидена во рамките на Проектот за создавање на средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија, финансиран од страна на Австриската Агенција за Развој. Поради отворените прашања за имплементација на овој проект и, завршување на имплементацијата на истиот, активностите за изработка на предметниот правилник не беа реализирани. Во 2012 година, Агенцијата за Енергетика на Република Македонија, со техничка помош обезбедена од страна на Центарот за промоција на одрживи земјоделски практики и рурален развој (ЦЕПРОСАРД), ја изработи првичната нацрт верзија на Правилникот за енергетски карактеристики на зградите додека, со цел понатамошно усогласување со Законот за енергетика и Директивата 2010/31/ЕУ за енергетски карактеристики на зградите, истиот беше финализиран од страна на Секторот за енергетика.

Предметниот Правилник ќе биде донесен по усогласувањето со Секретаријатот за законодавство и по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Со донесувањето на овој подзаконски акт ќе се овозможи дополнително транспонирање на Европската Директива 2010/31 за енергетски карактеристики на зградите. Правилникот ќе ги пропише: методологијата за пресметка на енергетските карактеристики на зградите, минималните барања за енергетската ефикасност на новите згради, како и зградите што се предмет на значителна реконструкција, услови за проектирање и градба на нови и значителна реконструкција на постојни згради од аспект на енергетска ефикасност, начинот и периодот на контрола на системите за греење со котли и на системите за климатизација, означувањето на зградите и градежните единици во поглед на нивните енергетски карактеристики, и друго.

***Правилник за енергетска контрола:***

Нацрт Правилникот за енергетска контрола беше изработен со техничка помош обезбедена од страна на ГИЗ и со него ќе се овозможи дополнително транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергетски услуги.

Предметниот Правилник ќе биде донесен по усогласувањето со Секретаријатот за законодавство и по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Со предметниот правилник поблиску ќе се уредат спроведувањето на енергетската контрола; начинот на процена на основната потрошувачка на енергија; содржината и формата на извештајот за енергетската контрола; начинот, постапката и условите за избор на правни лица што ќе вршат обуки за енергетски контролори; основните елементи на програмата и начинот на вршење на обука и полагање на стручен испит за енергетски контролори; основните елементи на програмата за усовршување на енергетските контролори; постапката за издавање, продолжување и одземање на овластување за енергетски контролор како и постапката за издавање, продолжување и одземање на лиценца за вршење на енергетска контрола; содржината и формата на барањата за издавање, продолжување и признавање на овластување за енергетски контролор и лиценца за вршење на енергетска контрола; формата, содржината и начинот на водење на регистрите на издадени, одземени и признаени овластувања за енергетски контролори и лиценци за вршење енергетска контрола; содржината и формата на овластувањето за енергетски контролор и лиценцата за вршење на енергетска контрола и; содржината и формата на збирните извештаи за извршените енергетски контроли што ги доставуваат лицата од јавниот сектор, односно Агенцијата за енергетика на Република Македонија. Составен дел на предметниот Правилник е и методологијата за мерење и верификација на заштедите на енергија постигнати од реализацијата на мерките од Акциониот план за енергетска ефикасност.

***Работната група за енергетска ефикасност - РГЕЕ (Energy Efficiency Task Force) при Енергетската заедница:***

Во текот на 2012 година беа одржани три состаноци на РГЕЕ. Главни точки од програмата за работа на РГЕЕ за 2012 година беа: следење на реализацијата на првиот Акционен план за енергетска ефикасност (АПЕЕ) на земјите потписнички на Договорот за основање на Енергетската Заедница, преку изработка на прелиминарен извештај за имплементацијата на првиот АПЕЕ за периодот 2010-2011; подготовка за изработка на втор АПЕЕ; следење на напредокот во имплементацијата на законодавството на ЕУ во областа на ЕЕ; следење на активностите за промоција на достапноста на информации и градење на капацитети за ЕЕ, со посебен осврт на јавниот сектор и; размена на информации за тековните и планираните активности на донаторите во земјите потписнички на Договорот за основање на Енергетската Заедница.

Во рамките на активностите на РГЕЕ, со поддршка од страна на експертите на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) беше изработен образец за изработка на втор Акционен план за енергетска ефикасност во земјите потписнички на Договорот за основање на Енергетската Заедница.

***Платформа за енергетска ефикасност***

Со цел за подршка во реализацијата на мерките за унапредување на енергетската ефиксност од Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година и првиот Акционен план за енергетска ефикасност, во октомври 2012 година започна Платформата за енергетска ефикасност (ЕЕ), која се реализира во рамките на соработката на Министерството за економија со АД ЕВН Македонија и чија што реализација ќе продолжи и во 2013 година. Основна цел на оваа Платформа е подигање на јавната свест и промена на навиките во врска со потрошувачката на електрична енергија, едукација на различни групи за поголема примена на мерките за енерегетска ефикасност како и креирање на основна база за натамошен развој.

Целна група на Платформата за енергетска ефикасност се јавноста, малите и средни претпријатија (МСП) и домаќинствата. Главни елементи на Платформата се: Изработка / продуцирање на рекламни материјали, односно на флаери и кратки реклами. Последните веќе се емитуваат на радио и ТВ станиците; Посета на компании кои имаат имплементирано мерки за подобрување на ЕЕ, со цел да се направи видео запис и подоцна да се пренесат овие позитивни искуства на МСП кои сеуште немаат имплементирани мерки на ЕЕ; Емитување на емисиии кои ќе имаат за цел едукација за граѓаните за енергетскиот сектор и влијанието на примената на енергетската ефикасност за негова одржливост; Одржување на работилници за МСП за примената на енергетската ефикасност во работењето и во процесите, во насока на зголемување на конкурентноста; Обуки за студентите од техничките факултети и факултетите за менаџмент. Притоа, покрај обуката на која ќе се презентираат достигнувањата во областа на ЕЕ, се планира студентите да можат да пријават и свои предлози за примена на енергетската ефикасност, кои би дале нови идеи и иновативни решенија за примена на енергетската ефикасност во компаниите и институциите. На крај, се планира да бидат избрани најдобрите решенија кои ќе бидат наградени; Обуки за претставниците на медиумите, на кои покрај дискусии за различните видувања на темата и споделување на искуства, ќе има и можност да се слушнат најновите трендови во оваа област од страна на експерти од предметната област; и Одржување на трибини на кои ќе се дискутира за можностите за финансирање на проекти од ваков тип и пристапот до кредити за оваа намена.

Врз основа на член 132 став 1 од „Закон за енергетика„ (Сл.Весник. на РМ, бр.16/2011 од 16.02.2011 година) во текот на 2012 година до ***Агенцијата за енергетика*** 29 општини доставија Програми за енергетска ефикасност за добивање на мислење за усогласеност со Националната стратегијата за енерегетска ефикасност. Агенцијата за енергетика од разгледаните предлог-прогами издаде: 8 позитивни мислења, 10 се вратени на дополнување, 11 на усогласување, а 3 се веќе усвоени од советите на општините без добиено мислење од Агенцијата за енергетика.

Агенцијата за енергетика во соработка со Министерството за економија учествуваше во активности за прелиминарна проценка за остварените кумулативни заштеди на енергија за периодот 2010-2011 година од имплементацијата на првиот Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија, врз основа на член 131 став 5 од “Законот за енергетика” (Сл.Весник. на РМ, бр.16/2011 и 136/2011) и член 4 став 4 од „Уредба за индикативни цели за заштеда на енергија во Република Македонија„ (Сл.Весник. на РМ, бр.112/2011).

## СТРАНСКА ПОМОШ (2012)

### *ГЕФ Проект за одржлива енергија:*

Проектот за одржлива енергија е финансиран од Глобалниот Еколошки Фонд (ГЕФ), а е управуван од Светската Банка со цел да промовира инвестиции во енергетска ефикасност и обновливи извори со поддршка на создавање на рамка, институционални капацит ети и неопходни финансиски механизми. Истиот се спроведува од страна на Министерството за економија, преку Единицата за спроведување на проектот.

По преструктуирањето од јуни 2010 година се реализирани или се во фаза на реализација бројни активности, меѓу кои:

- Во периодот од декември 2010 - април 2012 беше спроведена првата фаза од проектот за потребите од подобрување на енергетската ефикасност на згради на училишта и градинки, со целосно обезбедување на грант средства од страна на Проектот. Притоа, беа избрани шест општини (Боговиње, Гази Баба, Зајас, Кавадарци, Кисела Вода и Чешиново-Облечево) и во 18 згради на училишта и градинки беа спроведени мерки за подобрување на енергетската ефикасност. Претходно, со цел овозможување на реализацијата на мерки за подобрување на енергетската ефикасност, од страна на две консултантски куќи беа направени енергетски контроли во избраните згради, беа изготвени основни проекти, технички спецификации и тендерска документација врз основа на која беа спроведени тендерските постапки согласно процедурите на Светската Банка и беа избрани компании за изведување на зафатите;
- По спроведената постапка за прибирање на предлози за реализација на квалификувани проекти за енергетска ефикасност од страна на општините, направен е избор на дополнителни општини за учество во втората фаза на Проектот, со ко-финансирање, и тоа: Чаир, Конче, Валандово, Желино и Петровец. Втората фаза од проектот се реализира врз основа на ко-финансирање, при што 50% од трошоците за спроведување на мерките се обезбедуваат од страна на општините, а останатите 50% од страна на Проектот. Согласно процедурите на Светската Банка, ангажирани беа две консултантски компании за потребите од вршење на енергетски контроли и изработка на останатата документација во рамките на втората фаза од проектот. Ангажираните консултантски компании ги изработија извештаите за извршените енергетски контроли, како и тендерската документација за избор на изведувачи за 16 згради во избраните општини. Изборот на компании и потпишување на договор со избраната компании за зградите во општините Чаир, Конче, Валандово и Желино е реализирано и спроведувањето на активностите е во тек додека евалуацијата на понудите од тендерската постапката за зградите во општината Петровец е во тек. Се разгледува можноста за реконструкција на уште неколку згради во дополнителни општини;
- Со ангажирање на консултантска компанија, беше изработена финалната нацрт верзија на Национална Програма за енергетска ефикасност на згради во јавниот сектор (НПЕЕЈЗ). Нацрт НПЕЕЈЗ беше разгледна од страна на Министерството за Економија и Светската Банка, при што во тек е ажурирање на истата согласно забелешките на Министерството за Економија и Светската Банка;
- Во финална фаза на изработка е документарен филм за придобивките од спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност во училиштата и градинките.

### *Проект за Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор (октомври 2009 - март 2012):*

Проектот имаше за цел ублажување на климатските промени во земјата преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, зголемување на јавната свест и капацитетите на соодветните институции за енергетска ефикасност. Партнери во овој проект беа: Министерство за животна средина и просторно планирање, како извршна институција, имплементатори беа УНДП и АДЦ (Австриска Развојна Кооперација), а директни корисници беа Министерство за економија и ЗЕЛС.

Во рамките на Проектот беа реализирани бројни активности меѓу кои, во текот на 2012 година, со кофинансирање од страна на Општина Аеродром, беше направена реконструкција со цел подобрување на енергетската ефикасност на зграда на една градинка. Дополнително, во насока на продолжување на активностите по завршување на реализацијата на овој проект, УНДП и Општината Карпош обезбедија финансиски средства со што беше реконструирана на зграда на уште една градинка со цел подобрување на енергетската ефикасност.

***Проект за енергетска ефикасност во секторот домување:***

Како резултат од успешното спроведување на **Проектот за енергетска ефикасност во згради во кои живеат семејства со ниски приходи,** УСАИД, во соработка со невладината организација Хабитат Македонија, обезбедува техничка и финансиска поддршка за продолжување и проширување на овој проект во дополнителни општини. Покрај останатите активности, со проектот се планира реконструкција со цел подобрување на енергетската ефикасност на 26-30 згради за домување во седум општини. Активностите од овој проект се отпочнати во текот на 2012 година и се планира да бидат спроведени за период од три години.

Министерството за економија, согласно своите надлежности според Законот за енергетика и според стратешките определби на Република Македонија ќе соработува со сите релевантни домашни и меѓународни институции и донатори со цел реализација на нови проекти за подобрување на енергетската ефикасност во Република Македонија.

**Агенција за енергетика:**

Во 2012 година заврши рокот за имлементација на **Проектот за создавање средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија**, меѓутоа истиот не се имплементираше заради технички неусогласености помеѓу страните во сервисниот договор за спроведување. На крајот на тековната година се направија дополнителни напори на потписниците на сервисниот договор и надлежните институции со цел за надминување на техничките проблеми и отпочнување на реализација на овој значаен проект.

**Проектот за промоција на енергетската ефикасност ENER Supply**. Заклучно со 29.05.2012 година завршена е имплементацијата на проектот ENER SUPPLY. Проектот во Република Македонија започна да се имплементира во јуни 2010 година и истиот се состоеше од 5 работни пакети: Менаџмент и координација, Комуникација и десиминација, Тренинзи, Систем за енергетски менаџмент и Мапи и физибилити студии. Дел од активностите на овој проект беа: набавка на опрема за извршување на енергетски контроли, извршување на две енергетски контроли (на градинка и основно училиште), изработка на дигитални мапи за потенцијалот на хидро енергијата за мали ХЕЦ и потенцијалот на геотермалната енергија, 2 тренинг сесии за претставници од општините во Скопје и Охрид (првата за обновливи извори на енергија, а втората за систем за енергетски менаџмент), изработка на Прирачник за обновливи извори на енергија итн.

За овој проект изработени се наративен и финансиски извештај и истите се предадени на разгледување кај Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2012)**
Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика,*** постојат пет одделенија, во кои постојано се вработени 13 лица.

Согласно Нацрт записникот од втората седница на Владата на Република Македонија одржана 30.07.2011 година ***Агенцијата за енергетика*** го имплементираше ИСО стандардот 9001:2008 и истот е сертифициран за втората година. Во моментот во Агенцијата за енергетика вработени се Директор и 5 лица на неопределено време.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2013)**

Министерството за економија, согласно Законот за енергетика ќе издава и признава лиценци за вршење на енергетски контроли на трговци поединци и правни лица и ќе води регистар на истите.

Министерството за економија ќе ги следи доставените извештаи од Агенцијата за енергетика за: усогласеноста на Програмите за енергетска ефикасност на единиците на локалните самоуправи како и спроведувањето на овие Програми; спроведувањето на енергетските контроли кај лицата од јавниот сектор на годишно ниво; реализацијата на Акциониот план за енергетска ефикасност на годишно ниво.

Министерството за економија ќе учествува во понатамошните активности во рамките на Енергетската Заедница со цел имплементација на европското законодавство од областа на енергетската ефикасност.

**ПРАВНА РАМКА (2013)**

***Правилник за енергетски карактеристики на зградите:***

Правилникот за енергетски карактеристики на зградите е предвидено да биде донесен по донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика, до 30.06.2013 година. Во случај доколку Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика биде донесен пред тој рок и предметниот Правилник ќе биде донесен пред рокот; во спротивно, доколку Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика биде донесен по дадениот рок и предметниот Правилник ќе биде донесен по тој рок.

***Правилник за енергетска контрола:***

Правилникот за енергетска контрола е предвидено да биде донесен по донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика, до 30.06.2013 година. Во случај доколку Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика биде донесен пред тој рок и предметниот Правилник ќе биде донесен пред рокот; во спротивно, доколку Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика биде донесен по дадениот рок и предметниот Правилник ќе биде донесен по тој рок.

***Втор акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија:***

Во првиот квартал од 2013 година се планира да отпочне со изработка на втор Акционен план за енергетска ефикасност (АПЕЕ) на Република Македонија. Изработката на вториот АПЕЕ произлегува како обврска од Законот за енергетика, но претставува и обврска кон Енергетската Заедница, произлегувајќи од обврските за имплементирање на Европската Директива 2006/32/ЕС. Второт АПЕЕ особено ќе содржи: анализа и извештај за спроведување на мерките и активностите од првиот акционен план; мерки и активности за подобрување на

енергетската ефикасност во следниот тригодишен период, со цел да се постигнат индикативните цели за заштеда на енергија; едукативни и промотивни активности насочени кон поттикнување на рационално користење на енергијата; рокови во кои треба да се спроведат одделните активности; потребни средства за реализација на предвидените активности и начин на нивно обезбедување; носители на одделните активности. Рокот за негово донесување е 31.12.2013 година.

Агенцијата за енергетика ќе ги спроведува следните активности: Давање на мислења по тригодишните предлог-програми за енергетска ефикасност, со цел истите да бидат донесени од советите на единиците на локална самоуправа, изготвување на Извештај за усогласеноста на тригодишните програми за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа, изготвување на збирен извештај од доставените годишни планови за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа, изработка на збирен извештај за извршените енергетски контроли во јавниот сектор, надлежните министерства и единиците на локална самоуправа во претходната календарска година, организирање на обуки и полагање на испити за енергетски контролори и обуки за усовршување на контролорите врз основа на програми за обука и полагање на испити изготвени и донесени од Агенцијата за енергетика и изготвување на збирен годишен извештај за енергетските контроли во претходната календарска година извршени од страна на трговците поединци или правните лица кои поседуваат лиценца за вршење на енергетска контрола.

## СТРАНСКА ПОМОШ (2013)

### *ГЕФ Проект за одржлива енергија:*

Во рамките на овој проект е предвидено е да се реализираат сите останати активности кои се веќе отпочнати или се планира да отпочнат, како што се:

- Реализирање на втората фаза за спроведување на мерки за подобрување на енергетската ефикасност во останатите згради на училишта и/или градинки во шестте општини кои беа претходно избрани согласно определени критериуми;
- Финализирање и донесување Националната Програма за енергетска ефикасност на згради во јавниот сектор;
- Финализирање на документарниот филм за придобивките од спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност во зградите на училишта и градинките.

Сите активности од проектот се очекува да бидат реализирани до 31.01.2013 година.

### *Проект за енергетска ефикасност во секторот домување:*

Во текот на 2013 година предвидено е да продолжат планираните активности од Проектот на УСАИД за енергетска ефикасност во секторот домување.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2013)

Во текот на 2013 година Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите согласно надлежостите кои произлегаат од Законот за енергетика. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 3 нови вработувања во 2013 година.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2013 година, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, се предвидени

7 нови вработувања. Агенцијата за енергетика го имплементираше ИСО стандардот 9001:2008 се планира истиот да се сертифицира и за третата година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2014-2015)**

Министерството за економија, согласно Законот за енергетика ќе издава и признава лиценци за вршење на енергетски контроли на трговци поединци и правни лица и ќе води регистар на истите.

Министерството за економија ќе ги следи доставените извештаи од Агенцијата за енергетика за: усогласеноста на Програмите за енергетска ефикасност на единиците на локалните самоуправи како и спроведувањето на овие Програми; спроведувањето на енергетските контроли кај лицата од јавниот сектор на годишно ниво; реализацијата на Акциониот план за енергетска ефикасност на годишно ниво.

Министерството за економија ќе учествува во понатамошните активности во рамките на Енергетската Заедница со цел имплементација на европското законодавство од областа на енергетската ефикасност.

Агенцијата за енергетика ќе ги спроведува следните активности: Давање на мислења по тригодишните предлог-програми за енергетска ефикасност, со цел истите да бидат донесени од советите на единиците на локална самоуправа, изготвување на Извештај за усогласеноста на тригодишните програми за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа, изготвување на збирен извештај од доставените годишни планови за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа, изработка на збирен извештај за извршените енергетски контроли во јавниот сектор, надлежните министерства и единиците на локална самоуправа во претходната календарска година, организирање на обуки и полагање на испити за енергетски контролори и обуки за усовршување на контролорите врз основа на програми за обука и полагање на испити изготвени и донесени од Агенцијата за енергетика и изготвување на збирен годишен извештај за енергетските контроли во претходната календарска година извршени од трговците поединци или правните лица кои поседуваат лиценци за вршење на енергетска контрола.

**ПРАВНА РАМКА (2014-2015)**

Доколку произлезат нови потреби за транспонирање на евентуални нови регулативи на Европската Унија, ќе се превземаат активности на измена и дополнување на националното законодавство.

**СТРАНСКА ПОМОШ (2014-2015)**

Министерството за економија, согласно своите надлежности според Законот за енергетика и според стратешките определби на Република Македонија ќе учествува во сите идни активности кои имаат за цел поддршка на реализацијата на проектите за подобрување на енергетската ефикасност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА (2014-2015)**

Во текот на 2014-2015 година, Министерството за економија, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за енергетика. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 2 нови вработувања во 2014 година и 2 нови вработувања во 2015 година.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија за среднорочниот период, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, се предвидени 2 нови вработувања.

### 3.15.7 НУКЛЕАРНА СИГУРНОСТ И РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА (2012 година)

### ПРАВНА РАМКА

Областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита во Република Македонија е регулирана согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02 , 135/07 и 53/11).

**Дирекција за радијациона сигурност (ДРС)** е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење. Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, статусот на Дирекцијата за радијациона сигурност е дефиниран како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, во текот на 2012 година Дирекцијата го донесе **Правилникот за просторот, уредите и опремата, како и лицата кои можат да работат со изворите на јонизирачко зрачење** и истите е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 78 од 2012 година. Во овој правилник делумно се транспонирани одредбите од Директивата на Советот на Европската Унија 96/29 ЕВРОАТОМ од 13 Мај 1996 за основните сигурносни стандарди за заштита на здравјето на работниците и населението од штетното влијание на јонизирачкото зрачење. Донесувањето на овој правилник од страна на Дирекцијата придонесе кон понатамошо усогласување на националното законодавство во областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита со ЕУ законодавството.

Дирекцијата за радијациона сигурност донесе Правилник за изменување и дополнување на правилникот за видовите на обуки и содржината на програмата за обука на одговорните лица за радијациона заштита и на лицата кои работа со извори на јонизирачко зрачење кој е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 84 од 2012 година.

Во периодот 07-11 мај 2012 година се реализираше ТАЕКС експертска мисија. Во рамките на мисијата беа прегледани 13 правилници во кои се имплементирани одредби од ЕУ законодавството во областа на нуклеарната сигурност и радијациона заштита, а пред се од Директивите на Советот на Европската Унија 96/29 и 97/43.

Притоа како заклучок произлезе дека законот и правилниците се во основа и широко усогласени со законодавството на ЕУ и притоа во текот на мисијата беа дадени неколку детални препораки со цел понатамошно усогласување на националното со ЕУ законодавството во оваа област.

Согласно обврските од **Законот за ратификација на Дополнителниот протокол** кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со

договорот за неширење на нуклеарно оружје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2007), Дирекцијата за радијациона сигурност поднесе извештаи во текот на 2012.

Дирекцијата за радијациона сигурност го поднесе третиот Национален извештај согласно Законот за ратификација на Конвенцијата за нуклеарна безбедност („Службен весник на Република Македонија бр.10/2006) за имплементација на обврските од Конвенцијата наменет за 2-от Вонреден состанок за прегледување кој се одржа во август 2012 година во седиштето на МААЕ во Виена. Третиот национален извештај обезбедува за акциите, одговорите и новите напредоци иницирани или предизвикани од инцидентот во нуклеарната централа Фукушима Даичи.

Поднесени се **Квартални анализи на ризик**, од доменот на работа на Дирекцијата за радијациона сигурност за потребите на интегрираното гранично управување до Националниот координативен центар за гранично управување.

Изработен е **Стратешки план 2013-2015 на Дирекцијата за радијациона сигурност**. Донесувањето на овој стратешки план претставува четврт циклус на стратешко планирање од страна на Дирекцијата, во кој јасно се претставени нејзините насоки и цели и во чија основа се наоѓаат стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО. Истовремено Стратешкиот план претставува водич кон реално остварување на поставените цели и приоритети на Дирекцијата во среднорочен период, при што неговото доследно спроведување ќе придонесе во зголемувањето на оперативноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на надлежностите на Дирекцијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 година, Дирекцијата за радијациона сигурност донесе два нови интерни акти:

1. Правилник за внатрешна организација на Дирекцијата за радијациона сигурност бр. 01-445/2 од 11.07.2012 и

2. Правилник за систематизација за работните места во Дирекцијата за радијациона сигурност бр. 01-445/3 од 11.07.2012.

Во рамките на ИПА регионалниот проект *„Управување со затворени радиоактивни извори вклучувајќи и радиоактивни громобрани“*, кој ги вклучува Македонија, Црна Гора и Косово во периодот 23-26 јануари 2012 беше спроведена посета од страна на проект тимот во однос на задача 3: Помош за регулаторното тело во воспоставување на целосен регистар на затворени радиоактивни извори во Македонија. Во рамките на посетата беше прегледан регистарот на извори на јонизирачко зрачење кој се води од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност и според податоците содржани во регистарот беа утврдени локациите кои беа посетени од страна на тимот. Во рамките на истиот проект во периодот 11-13 Јули 2012 година беше спроведена посета од двајца експерти од проект тимот со цел дискусија и коментари на задача 4: Проценка на легислативна и регулаторна рамка за управување со радиоактивен отпад и помош на регулаторното тело за прегледување плановите за управување со радиоактивен отпад и извештаите за сигурност.

Во периодот 16-20 Јули 2012 година, Дирекцијата за радијациона сигурност беше домаќин на еднонеделна мисија од експерт на Меѓународната агенција за атомска енергија при што беше спроведена посета на времените складишта за искористени извори и радиоактивен отпад во Република Македонија. Целта на

посетата беше да се процени моменталната состојба со управувањето со радиоактивен отпад во Република Македонија како и понатамошна соработка за подобрувања на управувањето со радиоактивен отпад.

Во рамките на проектот на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) *„Прегледување и валидација на студијата за проценка на законите и регулативата за радијациона и нуклеарна сигурност во земјите од Западен Балкан“*, се реализираше посета (состанок) од двајца експерти од ДРС во Атина, Грција на 6-ти Јули 212 година (Грчката комисија за атомска енергија –ГАЕК определена од МААЕ) во рамките на Задача 1: *„Проценка на регулативата за радијациона и нуклеарна сигурност моментално на сила во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Косово (според 1244/99), Црна Гора и Србија за усогласеност со ЕУ acquis.“*. Целта на состанокот беше дискутирање и валидација на собраните информации за Македонија за нивото на усогласеност со ЕУ acquis и со поедини документи на МААЕ, како и подготовка на Акционен план за постигнување на понатамошна хармонизација со меѓународните стандарди.

Дирекцијата за радијациона сигурност учествува во работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали, согласно Одлуката за формирање на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали (Службен весник на Република Македонија бр. 32/2012).

Во текот на 2012 година се реализираше билатералниот проект: *„Дози на екстремитети и на очни леќи на медицинските работници во Република Македонија“*. Проектот е продолжение на воспоставената соработка помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност од Република Македонија и Министерството за економија на Кралството Белгија. Целта на проектот беше да се изврши проценка на дози на екстремитети и на очните леќи на медицинскиот персонал во Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина – Скопје и на ЈЗУ Клиника за кардиологија – Скопје. Во проектот покрај Дирекцијата за радијациона сигурност, како контакт институција, беа вклучени и Институтот за јавно здравје – Скопје,  Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина – Скопје и на ЈЗУ Клиника за кардиологија – Скопје.

Во рамките на воспоставениот систем за информирање во случај на вонредни настани, Центарот за вонредни настани во рамките на Меѓународната агенција за атомска енергија, во извештајниот период реалираше вежби за тестирање на националните системи и институции за информирање и реакција во случај на радијационен вонреден настан, во кои учество зеде и Дирекцијата за радијациона сигурност. Вежбите за тестирање на подготвеноста и за одговор во случај на радијационен вонреден настан се спроведоа во следните термини:

- 30.07.2012 – *„ConvEx-2b“*
- 30.08.2012 – *„ConvEx - 1b“*
- 10.09.2012 – „ConvEx - 2a“

Во рамките на Програмата за активности  на Советот за цивилно-воено планирање  во вонредни ситуации за земјите од ЈЕИ, во координација на Центарот за управување со кризи  и Министерството за одбрана на САД, во периодот од 16-17 мај 2012 година во Скопје, Дирекцијата за радијациона сигурност зеде учество на Работилница и вежба: Координација – Одговор 2012. Вежбата беше насловена како БЛЕСОК-2012

Во организација на Министерството за одбрана  на Република Македонија во периодот од 15-19 октомври 2012 година, се одржа меѓународна  симулациска вежба СЕЕСИМ-12 чиј домаќин беше Република Бугарија. Вежбата се одржа во просториите на Центарот за управување со кризи во Скопје и на истата учество зеде и Дирекцијата за радијациона сигурност.

Во текот на 2012 година, Дирекцијата за радијациона сигурност продолжи со континуираната активност на издавање на **дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење**.

Исто така, Дирекцијата продолжи со континуираната активност на вршење на **инспекциски надзор** над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот преку инспектори за радијациона сигурност.

**Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење,** кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

Во текот на 2012 година, со оглед на влијанието на економските неповолности на глобално ниво, во Буџетот на Република Македонија обезбедувањето на финансиски средства за нови вработувања беа ограничени. Имајќи ја предвид оваа ситуација, во текот на 2012 година нови вработувања во Дирекцијата не беа реализирани.

Вработените во Дирекцијата за радијациона сигурност континуирано учествуваа на обуки, како во однос на општи обуки организирани од Агенцијата за државни службеници така и на специјализирани обуки организирани од МААЕ, ЕУ, Амбасада на САД во РМ итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со оглед на тоа дека во законодавството на ЕУ во полето на нуклеарна сигурност беше усвоена нова Директивата на ЕУ за воспоставување на правна рамка на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации (CELEX 32009L0071), како и напорите на ЕК да се донесе нова Директива која ќе ги обедини сите постоечки директиви од областа за нуклеарна сигурност и заштита од зрачење во една единствена, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе изврши анализа на влијанието на горенаведите директиви во постоечкото законодавство.

Во текот на 2013 година се предвидува потпишување на Меморандум за соработка со регулаторното тело на Република Албанија и Република Србија.

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе продолжи со континуираните активности на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе продолжи со континуираното спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот.

**Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење,** кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

За 2013 е предвидено јакнење на административните капацитети на Дирекцијата за радијациона сигурност со реализација на нови вработувања, доколку се обезбедат финансиски средства.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, Дирекцијата во 2013 година предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Дирекцијата за радијациона сигурност во 2014 година ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со цел понатамошно усогласување со европското законодавство.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2014 година ќе донесе Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење при вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

Континуираните активности на Дирекцијата на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот ќе продолжат и во текот на 2014 година.

**Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење,** кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

За 2014 е предвидено јакнење на административните капацитети на Дирекцијата за радијациона сигурност со реализација на нови вработувања, доколку се обезбедат финансиски средства.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2014 година предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност.

## 3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ

### 3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

#### ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност[31]

Законот за данокот на додадена вредност во РМ е со примена од 1.04.2000 година, и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на :

- Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388 за усогласување на законодавство на земјите членки во врска со даноците на промет – Заеднички систем на данокот на додадена вредност: единствена основа на пресметување, и
- Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите - членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата.

Во однос на висината и бројот на применетите даночни стапки, ЗДДВ кореспондира со она што е предвидено во Директивите на ЕУ, од причина што во РМ во примена се две даночни стапки и тоа општата од 18%, и повластената од 5%.

Хармонизираност е постигната и во делот на даночниот третман на инвестиционите добра кај кои со примена на механизмот на одбивка на претходниот данок се постигнува оданочувањето во целокупниот претприемачки домен да не доведе до даночно оптоварување.

Заради продолжување на процесот на хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, поконкретно, усогласување на Законот на данокот на додадена вредност на Република Македонија со Директивата 32006L0112 (со сите нејзини измени и дополнувања) која е замена на Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388, како и други акти на ЕУ, во тек е проект-Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ (период 10/2007 – 12/2009), во кој е вклучена техничка помош од страна на GIZ (претходно GTZ -Германско друштво за техничка соработка).

Поради обемот на работа како и поради измените на Директивата 32006L0112 проектот беше продолжен со време траење од 07/2009 до 12/2011), а согласно потребите проектот ќе продолжи и во период од 01/2012 до 07/2013.

---

[31] Сл. весник на РМ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006 , 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011 и 135/2011

Во текот на четвртиот квартал во 2012 година, донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност Службен весник на РМ бр.155/2012 ) со кој се врши допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на ослободување во областа на културата, односно се ослободува од данок на додадена вредност: прометот од установите што вршат дејност од областа на културата со непрофитна цел за културните услуги и добра непосредно поврзани со тие услуги во согласност со прописите од областа на културата и прометот од ботанички градини, животински паркови, паркови, архиви и документациони центри. Исто така се пропишува ослободување од данок на додадена вредност на влезници за јавни настани кои се од национален интерес од областа на културата, а кои јавни настани како такви се утврдени и се финансираат преку Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата за годината во која се одржува јавниот настан донесена од Министерство за култура. За примена на ослободувањето даночниот обврзник потребно е пред да започне со прометот на влезниците да обезбеди документ од Министерство за култура со кој се потврдува дека јавниот настан за кој се бара даночно ослободување е утврден во Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата.

Со овој Закон извршена е измена и во делот кој се однесува на ослободување при увоз, со кои се пропиша одредби со кои при увоз на добра од плаќање данок на додадена вредност се ослободуваат државјани на Република Македонија и странски државјани, за предмети од некомерцијална природа со мала вредност испратени од странство од физички лица, при што ослободувањата не се однесуваат на тутун и производи од тутун, алкохол и алкохолни пијалаци, како и на парфеми и тоалетни води.

Пропишано е и ослободување од данок на додадена вредност при увозот на пратки со мала вредност испорачани од странство за примачи во земјата чија вкупна вредност по пратка не го надминува износот од 22 евра во денарска противвредност, при што ослободувањата не се однесуваат на тутун и производи од тутун, алкохол и алкохолни пијалаци, како и на парфеми и тоалетни води.

Со измените на Законот, примена на повластена стапка од 5% за прометот и увозот на: машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери), и термални сончеви системи и компоненти, како и на прометот на услугата: софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери), се вградува како решение кое не е од времен карактер.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во текот на 2013 година ќе продолжи да се врши анализа на постојните законски решенија кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и нивата усогласеност со Директивата 32006L0112 и останатите даночни прописи на Европската Унија, кои се однесуваат на оваа материја.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во периодот од 2014-2015 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување на законодавството со одредбите на директивите на ЕУ од што ќе се утврди потребата за донесување на Закон со кој ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност или пак ќе резултира со донесување на нов Закон за данок на додадена вредност со соодветни под законски акти.

Процесот на хармонизација особено ќе оди во насока на примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во Заедницата помеѓу даночните обврзници.

Во процесот на хармонизација на домашното законодавство во делот на ДДВ во предвид ќе бидат земени следните ЕУ акти:

- Директива на Советот 2006/112/ЕЗ од 28 Ноември 2006 година за заеднички систем на данокот на додадена вредност и сите нејзини измени и дополнувања;
- Директива на Советот 2007/74/ЕЗ за ослободување од данок на додадена вредност и акцизни давачки за лица кои увезуваат стоки при патување (влез) од трети земји
- Директива на Советот 2008/9/ЕЗ од 12 Февруари 2008 година со која се пропишуваат правилата за враќање на данок на додадена вредност предвидени во Директива на Советот 2006/112/ЕЗ, за даночни обврзници кои не се со седиште во земјата членка на враќање, но се со седиште во друга земја членка (со сите нејзини измени и дополнувања)
- Тринаесетта директива на Советот 31986L0560 (Тринаесетта директива на Советот 86/560/ЕЕЗ од 17 ноември 1986 за усогласување на законодавството на земјите - членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата);
- Директива на Советот 2009/132/ЕЗ од 19 Октомври 2009 со која се утврдува опфатот на член 143(б) и (в) од Директивата Директива на Советот 2006/112/ЕЗ во врска со ослободување од данок на додадена вредност на крајниот увоз на определени добра.
- Регулативата бр. 1777/2005 на Советот за утврдување на мерките за имплементација на Директивата 77/388/ЕЕЗ за заедничкиот систем на ДДВ.
- Директива 2006/79/ЕЗ од 5 октомври 2006, за ослободување од даноци за увоз на мали пратки на стоки за некомерцијални цели од трети земји.
- Регулатива бр. 282/2011 од 15 Март 2011 за утврдување на мерките за имплементација Директивата 2006/112/ЕЗ за заедничкиот систем на данок на додадена вредност.

## АКЦИЗИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008,105/2009, 34/2010, 24/2011, 55/2011 и 135/2011), е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.

Законот за акцизите е делумно хармонизиран со новата Системска Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи, и тоа со:

- ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12/ЕЕЗ,
- ДИРЕКТИВА 2003/96/ЕЗ НА СОВЕТОТ од 27 октомври 2003 година за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија,
- Директивата на Советот 2010/12/EU на 16 февруари, 2010 на амандмани на директивите 92/79/EEC, 92/80/EEC и 95/59/EC за структурата и стапките на акциза примени на преработен тутун и Директивата 2008/118/EC,
- РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) бр. 684/2009 НА КОМИСИЈАТА од 24 јули 2009 година за применување на Директивата 2008/118/ЕЗ на Советот за компјутеризираните постапки за движење на акцизни стоки под режим на одложено плаќање на акцизни давачки

Сегашните стапки за неколку акцизни производи сеуште се пониски од минималните барања на acquis. Со започнувањето на преговорите за влез во ЕУ, Република Македонија ќе има потреба од транзиционен период за примена на минималните стапки предвидени со ЕУ acquis, првенствено заради ублажување на ценовниот удар врз населението и адаптирање на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување во заедничкиот пазар на ЕУ.

Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Царинската Управа.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2013 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите на директивите на ЕУ кои не се усогласени со системот на акцизите.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во периодот од 2014-2015 година ќе следи интензивен процес на усогласување со директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот за акцизите. Ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите од Директивата на Советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12ЕЕЗ.

Истовремено, ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласување на стапките на акциза на тутунските добра и алкохолните пијалаци со минималното ниво на акцизите кое е пропишано со Директивите. Бидејќи вградувањето на одредбите од овие директиви ќе има значителни импликации врз малопродажните цени на енергетските производи и електричната енергија и на цигарите, РМ веројатно ќе има потреба од транзиционен период заради ублажување на ценовниот удар врз населението.

Новиот  Закон за акцизите во кој ќе бидат вградени одредби од новата системска директива како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

### 3.16. 2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

### ДАНОК НА ДОБИВКА

#### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Законот за данокот на добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05,139/06,160/07,159/08, 85/10, 47/2011 и 135/2011) го уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезидентни на Република Македонија.

Со цел да се поттикне инвестиционата активност и економскиот развој на земјата, нераспределената добивка на компаниите е ослободена од оданочување со данокот на добивка. Имено, компаниите ќе имаат обврска да платат данок на износот на непризнаените расходи за даночни цели и на износот од добивката, но доколку одлучат да ја распределат истата за дивиденди и други распределби од добивката, во моментот на исплатата, освен за дивиденди кои се исплатуваат на  правните лица - резиденти на Република Македонија.

Надлежни институции за имплементација на Законот за данокот на добивка се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

#### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во текот на 2013 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот за данокот на добивка.

#### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во периодот од 2014-2015 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји членки (31990L0434 - 32009L0133), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји членки (31990L0435), наплатата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании (31969L0335-32008L0007) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки (32003L0049).

## ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 139/09, 171/2010 и 135/2011) го уредува начинот на оданочување на доходот на физичките лица остварен во текот на годината како збир од следите видови приходи: лични примања, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходите на кои се плаќа данок, со Законот е уредено и кои приходи се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, даночната стапка и начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход.

Надлежни институции за имплементација на Законот за персоналниот данок на доход се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во текот на 2013 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во периодот 2014-2015 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за персоналниот данок на доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби,делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки (31990L0434-32009L0133), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, како и на Препораката за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка (94/79 ЕС) и Препораката за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби се однесуваат на физичките лица - вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход (94/390 ЕС) .

Од особена важност за овој закон ќе биде неговото усогласување со директивата (32003L0048) која се однесува на оданочувањето на доходот во форма на каматни исплати. Основна намена на оваа директива е потврдување дека доходот од заштедите во облик на плаќања на камати, кои се исплатени во државата членка на физичко лице кое е резидент на друга држава членка, да биде успешно оданочен во согласност со законодавството на последната држава, односно на државата во која физичкото лице е резидент. Со оглед на наведената намена, за повеќе држави членки е одреден механизам на автоматска размена на информации за исплатените камати на физичките лица. За таа цел, а во согласност со Директивата за заедничката помош од органите во земјите членки надлежни за директните даноци, одредени видови акцизни давачки и оданочувањето на премиите за осигурување, Република Македонија по усогласувањето на домашното со ЕУ директивите, треба да ги примени условите за автоматска размена на информации во делот на каматните исплати и другите приходи на физичките лица кои се предмет на оданочување согласно персоналниот данок на доход.

### 3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Хармонизацијата на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 41 Договори за одбегнување на двојното оданочување, и тоа со: Албанија, Австрија, Белгија, Белорусија, Бугарија, Данска, Египет, Естонија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Косово, Кувајт, Латвија, Литванија, Луксембург, Молдова, Мароко, Народна Република Кина, Норвешка, Обединето Кралство на Велика Бријатнија и Република Ирска, Полска, Република Кина - Тајван, Романија, Русија, Словачка Република, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка Република, Швајцарија, Шведска и Шпанија. До влегување во сила на договорот склучен помеѓу Р.Македонија и Белгија ќе се применува договорот склучен помеѓу СФРЈ и Белгија. Од вкупниот број на 41 договори, 23 се со земјите членки на ЕУ.

Регулативата 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и взаемна соработка на државите членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата членка на примена на истата и нема потреба од нејзино претходно инкорпорирање во македонското законодавство.

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување економската соработка помеѓу државите договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги така и во доменот на заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.

Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.

Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за обегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (5 регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (8), даночни шалтери (72) со вкупно 1 301 вработен (состојба на 30.11.2012 год.)

Како земја кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на взаемна размена на информации согласно Регулативата 32003R1798.

КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Краткорочни приоритети се забрзување на процесот на потпишување на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Индија, Израел, БиХ, и и Виетнам  и ратификација на договорите со Казахстан и Азербејџан. Како приоритет секако останува  склучувањето на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.

Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок во однос на размената на податоци согласно член 26 од ОЕЦД моделот на даночна конвенција за данок на доход и данок на капитал се:

- Ажурирање и комплетирање на регистарот на овластени лица за размена на информации со овластените лица од сите земји со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување и
- Воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување

СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Како приоритет на среден рок претставува продолжувањето на водење на преговори со цел склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со земји членки на ЕУ како и други воневропски држави.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите членки на ЕУ и со други земји.

### 3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Управата за јавни приходи во насока на подобрување на услугите на даночните обврзници, зголемување на ефикасноста на контролата и зголемување на приходите по основ на сите јавни давачки, активно работи на операционализација на Стратешките цели,  дефинирани во Стратешкиот план за период 2012 – 2014 година.

Со имплементација на стратешките цели се зајакнуваат административните капацитети на УЈП и се проширувaат функциите и надлежностите на овој орган, со што се обезбедува зголемено ниво на даночните

приходи во Буџетот на РМ,  подобрување на услугите кон даночните обврзници, развој на човечките ресурси и зајакнување на меѓународната соработка со органите и институциите од членките на ЕУ и земјите надвор од неа.

Согласно новите законски измени дојде до проширување на функциите и надлежностите на УЈП. За успешно имплементирање на истите неопходно беше да се дефинираат нови организациони ентитети во Управата за јавни приходи кои ја зголемија ефикасноста и ефективноста на деловните процеси. Тука се врбројуваат Центар за обработка на пријави, Центар за наплата на глоби, Центар за складирање и вparичување на запленети движни ствари, Даночната академија, Одделение за специјални контроли и форензик Лабораторија.

Процесот на поттикнување на даночните обврзници за доброволно и законско исполнување на даночните обврски без интервенции на УЈП продолжи преку ставање во функција на мобилните  даночни шалтери кои се присутни во сите општини во РМ и со обезбедување и развој на нови електронски услуги. Градењето на висок степен на компјутеризација на работните процеси и унапредувањето на услугите кон даночните обврзници продолжи со процесот на развој и доградба на новиот информатички систем, преку воведувањето на новите електронска услуга за даночните обврзници -"Електронски увид во даночна картица", "Е-форми на комуникација", новата можност за електронско пријавување на даночни неправилности преку веб порталот на УЈП, новата електронска услуга „е – Промена на податоци" а беа пуштени во употреба и новиот веб сајт за е-Аукции и Интранет на Управата за јавни приходи.

Надворешната контрола на даночната администрација во РМ продолжи да ја зголемува својата ефикасност и ефективност преку воведувањето на хоризонтален мониторинг како Пилот Проект во Дирекцијата за големи даночни обврзници, со унапредување на ИТ алатките за контрола во делот на финансиските извештаи и финансиските показатели како и со утврдување на постапката за обезбедување на податоците за ажурирање на споредбените анализи.

Во ниту еден момент не е заборавена основната цел на УЈП која води до модернизирање на даночната администрација, а тоа е да биде сервис на даночните обврзници.

Правната рамка на УЈП ја претставуваат Законот за Управата за јавни приходи, Законот за даночна постапка и други законски и подзаконски акти. Со оваа правна рамка се обезбедува засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците со преземање на краткорочни и среднорочни мерки.

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (5 регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (8), даночни шалтери (72) со вкупно 1 301 вработен (состојба на 30.11.2012 год.)

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети и подигнување на квалитативните стандарди на работењето, потпомогнато со систематска и современа едукација на вработените, со што УЈП ќе претставува модел за високо професионална организација во јавниот сектор. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните краткорочни приоритети:

- Унапредување на ИТ системот за деловните процеси во УЈП

- Продолжување на процесот за подобрување на системот на комуникација во рамки на УЈП и информирањето на јавноста
- Унапредување на системската едукација на вработените преку натамошен развој на Даночната академија
- Јакнење на капацитетот на надворешната контрола и развој на нови методи за борба против корупцијата и сивата економија.
- Продолжување со процесот на обезбедување на висок степен на развој на електронските услуги

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања, ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети, како и надградување на ИТ системот, со цел зголемување на наплатата на приходите. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните среднорочни приоритети:

- Специјализација на работењето на функциите на Управата за јавни приходи
- Продолжување со процесот на развој и доградба на информатичкиот систем
- Развивање и унапредување на методите на електронска комуникација со даночните обврзници
- Натамошно зајакнување на Генералниот даночен инспекторат преку имплементација на проектот "ИТ Форензик лабараторија"
- Размена на податоци и поврзување на системот на УЈП со други институции
- Воведување на автоматски систем за постојана електронска комуникација на даночните обврзници со УЈП (GPRS)
- Формирање на Канцеларија за врски за размена на податоци од областа на ДДВ во рамките на ЕУ и создавање на соодветна хардверска и софтверска база за VIES со која ќе се овозможи основа за унифицирана конекција за размена на податоци за ДДВ во рамките на ЕУ.

## 3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

### 3.17.1. МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**

Во 2012 година Народната банка направи измени кај оперативната рамка на монетарната политика, во насока на зголемување на флексибилноста на монетарните инструменти и натамошна поддршка на развојот на финансиските пазари. На тој начин, поставеноста на монетарните инструменти во Народната банка се доближи до оперативната рамка на Европската централна банка.

Со измените во оперативната рамка, Народната банка воведе два нови инструменти: *расположливи депозити преку ноќ* и *расположливи депозити со рочност од седум дена (Одлука за расположливи депозити, "Сл. весник на РМ" бр. 49/2012)*, коишто се на располагање на банките за пласирање на средства кај централната банка. Каматните стапки на расположливите депозити се одредени на ниво од 1% за

депозитите преку ноќ и 2% за депозитите со рочност седум дена. Воведувањето на расположливите депозити преку ноќ овозможи креирање на коридор на каматни стапки, во чиишто рамки се движат каматните стапки на пазарите на пари. Воедно, Народната банка ја намали каматната маргина помеѓу каматната стапка на расположливиот кредит преку ноќ и каматната стапка на благајничките записи од 1,5 п.п. на 0,5 п.п. (*Одлука за измена и дополнување на Одлуката за расположлив кредит преку ноќ, "Сл. весник на РМ" бр. 49/2012)*. Со измените во оперативната рамка Народната банка воведе и *редовни неделни репо-операции за обезбедување на ликвидни средства.*

Соодветно, фреквентноста на аукциите на благајничките записи беше намалена од еднаш неделно, на еднаш во рамки на периодот на задолжителна резерва, а на аукциите започна да се применува тендер со каматни стапки, со утврдена максимална каматна стапка. Во мај 2012 година, Народната банка ја намали основната каматна стапка (максималната каматна стапка на аукциите на благајнички записи) за 0,25 п.п., односно од 4% на 3,75%. Олабавувањето на монетарната политика беше овозможено од бавното закрепнување на економијата, ниската и контролирана инфлација, се уште бавните кредитни текови и поволната платнобилансна позиција којашто обезбеди дополнителни девизни резерви. Пондерираната каматна стапка на аукциите до крајот на годината се задржа на стабилно ниво од 3,73%.

Имајќи ги предвид измените кај начинот на спроведување на аукцијата на благајнички записи, Народната банка во 2012 година ја донесе и *Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата (Сл. весник на РМ" бр. 49/2012),* согласно којашто во услови на примена на тендер со максимална каматна стапка, референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата е еднаква на максималната каматна стапка на аукцијата на благајнички записи дефинирана од Народната банка.

Во рамки на активностите за промовирање на улогата на репо-пазарот, Народната банка во 2012 година го ревидираше Генералниот репо договор, со којшто е проширен опфатот на хартиите од вредност, коишто можат да бидат предмет на репо-трансакциите. Во рамки на активностите за промовирање на обезбеденото позајмување помеѓу банките, Народната банка организираше и работилница за банките, на којашто беа разработени практични примери за начинот на склучување и порамнување на репо-трансакциите.

Во 2012 година беше извршена надградба на електронскиот систем за спроведување на монетарните операции, со којшто се овозможи: 1) користење на континуираните државни обврзници и државните обврзници за структурни потреби како обезбедување при спроведување на монетарните операции, 2) примена на новите коефициенти на покритие (пресметани според моделот "вредност изложена на ризик" кој се применува од страна на ЕЦБ) и 3) вреднување на хартиите од вредност согласно пазарни цени или теоретски цени утврдени од Народната банка. Овие измени беа во согласност со *Одлуката за утврдување на инструменти за обезбедување при спроведување монетарни операции и Листата на хартии од вредност за спроведување на монетарни операции (Сл. весник на РМ бр. 126/2011),* коишто започнаа да се применуваат на 01.02.2012 година.

Во 2012 година Народната банка го намали надоместот за услугите за порамнување на трансакциите со рочност преку ноќ, склучени на пазарот на необезбедени депозити и за пласирање на средства во новиот инструмент - расположливи депозити преку ноќ, при истовремено укинување на надоместот за порамнување на трансакциите со хартии од вредност, склучени на пазарите преку шалтер *(Одлука за дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија, "Сл. весник на РМ" бр. 54/2012)*, чијашто цел е натамошна поддршка на тргувањето на овие сегменти на финансиските пазари.

Во 2012 година започнаа да се применуваат измените од новата *Одлука за задолжителна резерва ("Сл. весник на РМ" бр. 126/2011),* согласно која: 1) во насока на стимулирање на долгорочното штедење на населението и развој на репо пазарот, стапката на задолжителна резерва за обврските кон физичките лица со договорна рочност над 2 години и за обврските врз основа на репо-трансакции во денари се утврди на ниво од 0%, 2) Народната банка воведе индикативен календар на периоди на исполнување на задолжителна резерва и 3) за помалите финансиски институции (штедилниците), обврската за известување за основата за задолжителна резерва се утврди со квартална динамика, за разлика од претходно, кога тие известуваа на месечна основа. Во насока на натамошно унапредување на овој инструмент, кон крајот на годината беше изготвена компаративна анализа за поставеноста на системот на задолжителна резерва кај избрани централни банки од Централна и Југоисточна Европа, развиените земји и брзорастечките економии. Врз основа на констатациите добиени од анализата донесена е Одлука за задолжителната резерва, Службен весник на РМ, број 153/2012, коишто ќе се применуваат од 01.01.2013 година.

**Статистика**

Народна банка на Република Македонија (НБРМ), во областа на статистиката во 2012 година, вложи дополнителни напори за понатамошно усогласување со меѓународните и ЕУ стандарди. Напредок е постигнат во следните области:

- Скратување на роковите за објавување на платниот биланс и монетарните прегледи, со што се постигна подобрување на достапноста на податоците до крајните корисници. Соодветно, беше извршена промена во календарот на објавување на податоци, со што рокот за објавување на платно-билансните податоци е скратен од т+75 дена на т+60 дена, а на монетарните прегледи од т+30 дена на т+21 ден. На овој начин, се овозможи соодветно скратување на роковите за објавување на податоците и кај другите носители на статистички истражувања, а пред се рокот за изготвување на кварталните национални сметки.
- Подобрување на достапноста на податоците до крајните корисници е постигната со објавување на квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција и подетални квартални податоци за бруто надворешниот долг. Извршена е промена во календарот на објавување на податоци, при што рокот за објавување на кварталните податоци за меѓународната инвестициска позиција е поставен на т+90 дена. На интернет страницата на Народната банка е објавена временска серија почнувајќи од првото тримесечие на 2007 година, наваму. Кај бруто надворешниот долг, согласно зголемените барања на корисниците за подетални податоци, објавени се податоци за јавниот, јавно гарантираниот и приватниот надворешен долг, според подсектори, финансиски инструменти и рочност; како и податоци за валутната структура на долгот; податоци за краткорочен надворешен долг според преостанато доспевање; и податоци за план на отплата на надворешниот долг.
- Во рамки на активностите на НБРМ за воспоставување на статистика на инвестициски фондови и статистика на осигурителни друштва и приватни пензиски фондови, врз основа на добиените податоци за првите два квартали од 2012 година, изготвени се биланси и прегледи на останати финансиски институции и консолидиран преглед на финансискиот сектор.
- Подготвена е нова подзаконска регулатива за известување за капиталните вложувања во и од странство, со што се изврши натамошно усогласување на статистиката на директните инвестиции со новите меѓународни препораки (воведени се новите копцепти на: матичен инвеститор; инвеститор со хоризонтална поврзаност во синџирот на поврзаност; индиректен инвеститор со вертикална поврзаност во синџирот на поврзаност; повратно вложување и сл).
- Постигната е согласност Народната банка на РМ да биде одговорна за статистиката на финансиски сметки. Наскоро, Меморандумот за соработка потпишан во 2009 година ќе биде дополнет со оваа новина, преку прецизрање на обврските на Народната банка, Државниот завод за статистика и

Министерството за финансии за обемот, периодичноста и динамиката на размена на потребните податоци за составување на финансиските сметки.

**Финансиско сметководство**

Во доменот на финансиско сметководство во текот на 2012 година се спроведуваа подготвителни активности за имплементација на интегрираниот сметководствен систем. Во првата половина од годината беше реализирана првата фаза за изработка на blueprint за проектот и истиот беше усвоен во текот на месец април. Во втората половина од годината новиот сметководствен систем беше прилагодуван и тестиран. Според Планот за воведувањето на новиот сметководствен систем, активностите продолжуваат во следната фаза и целосната имплементација на новото софтверско решение за сметководство се очекува да заврши во првата половина од 2013 година.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

**Усогласување со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ**

Јакнењето на институционалниот капацитет на НБРМ, во смисла на овозможување на повисок степен на усогласеност со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ претставува среднорочен приоритет, при што еден сегмент од оваа област ќе се реализира во текот на 2013 година со проектот "Needs Assesment Project for the NBRM in the Process of ECB and ESCB accession", финансиран во рамки на првата компонента на ИПА. Овој проект ќе даде оцена на јазовите во регулаторната и оперативната рамка на работењето на НБРМ во однос на работењето на ЕСЦБ и ЕЦБ, со што ќе се идентификуваат приоритетните области каде што е потребно усогласување. Проектот ќе резултира со изготвување на синтетички извештај во кој ќе се презентира рамка на идните активности, насочени кон стеснување на утврдените јазови со анализата. Сите активности поврзани со проектот се очекува да бидат финализирани до крајот на јули 2013 година.

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**

Во 2013 година, Народната банка ќе продолжи да ја спроведува монетарната политика со примена на флексибилен сет на монетарни инструменти. Во фокусот на активностите ќе биде натамошното подобрување на оперативната рамка на монетарната политика преку проучување на меѓузависноста на инструментите за монетарно регулирање и пруденгната регулатива на централната банка. Во таа насока се планира и организација на меѓународен семинар.

Заради натамошно унапредување на процесот на вреднување на инструментите коишто се користат како обезбедување кај монетарните операции, ќе се изврши ревизија на коефициентите на покритие, коишто се применуваат при спроведувањето на монетарните операции.

Во функција на утврдување на потенцијалот на финансиските пазари и идните насоки за нивен натамошен развој, Народната банка ќе изврши анализа на трендовите на одделните сегменти на финансиските пазари.

Со цел понатамошно унапредување на управувањето со девизните резерви, Народната банка ќе се насочи кон воведување на фјучерс договори, кои се очекува да придонесат за поголема флексибилност и поактивно управување со девизните резерви.

**Статистика**

На полето на статистиката до крајот на 2013 година ќе се реализираат следните активности:

- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе започнат да се применуваат од 2014 година;
- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ;
- Натамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата на ЕУ регулативите од оваа област;
- Подобрување на квалитетот на статистичките податоци согласно потребите на корисниците;
- Развој на статистика на финансиски сметки.

**Финансиско сметководство**
Имплементацијата на новиот сметководствен систем ќе продолжи во првата половина на 2013 година, додека неговата фактичка примена ќе започне од втората половина на годината.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**

На среден рок, Народната банка ќе продолжи да го прилагодува монетарниот инструментариум согласно поставеноста и трендовите во евро-зоната, понапредните транзициони економии и економиите кои спроведуваат слична монетарна стратегија. Во таа смисла, динамиката на прилагодување ќе зависи од условите коишто преовладуваат на финансиските пазари и нивото на ликвидност во банкарскиот систем.

Воедно, Народната банка на континуирана основа ќе ја прилагодува подзаконската регулатива со директивите на Европската Унија и ќе превзема активности за натамошна надградба на електронските системи за спроведување на монетарните операции.

**Статистика**

Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на ЕЦБ, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши прилагодувања.

- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, по валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци;
- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ;
- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година;
- Развој на статистика на финансиски сметки.

**Финансиско сметководство**

Согледувајќи ја идната потреба, НБРМ како членка на ЕСЦБ и ЕЦБ да известува според Guideline of European Central Bank on the Legal Framework for Accounting, во текот на 2014 и 2015 година ќе продолжат активностите за анализа на разликите кои произлегуваат од примената на ИФРС стандардите и стандардите на ЕЦБ за сметководствено известување. Имено, врз основа на сознанијата и искуствата ќе се подготват нови документи за сметководствени политики и известување на Народната банка и план и динамика на активности за усогласување на апликативните решенија.

## 3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**
**Јавен долг**
Законската регулатива која го регулира задолжувањето на јавниот сектор во Република Македонија е следна:

- Законот за јавен долг и Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност, Правилникот за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните установи основани од Република Македонија и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и Правилникот за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како негови подзаконски акти;
- Законот за буџети;
- Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и
- Фискалната стратегија.

Рамката која ја одредува политиката на управување со јавниот долг во Република Македонија е среднорочната Фискална стратегија. Имено, со последните измени на Законот за јавен долг (Службен весник бр. 35/2011), политиката за управување со јавен долг е интегрален дел од среднорочната Фискална стратегија. Ваквата измена е иницирана заради досегашната неконзистентност на Фискалната стратегија и Стратегијата за управување со јавен долг, во однос на временската рамка за нивно донесување.

Понатаму, согласно последните измени на Законот, постапката за задолжување на носителите на јавен долг е скратена. Сите носители на јавен долг започнуваат постапка за задолжување по добиена согласност на

Министерството за финансии, за разлика од претходно кога постапката можеше да се отпочне по добиена согласност на Владата на Република Македонија дадена врз основа на претходно мислење на Министерството за финансии. Во насока на олеснување на постапката за задолжување, се донесоа и два правилника - Правилникот за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните установи основани од Република Македонија и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и Правилникот за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Основни цели во управување со јавниот долг согласно Законот за јавен долг се:

- Стабилно финансирање на потребите на државата со минимални трошоци, на среден и долг рок, како и со прифатливо ниво на ризик и
- Развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар.

Задолжувањето во јавниот сектор може да биде во форма на заем од домашни или странски кредитори или во форма на државни хартии од вредност издадени на домашен или странски пазар.
Согласно Законот за јавен долг носители на јавниот долг се: Владата на Република Македонија, јавните установи основани од Република Македонија, општините и градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата, како и Народна Банка на Република Македонија. При надворешното и домашното задолжување и при издавање на државни гаранции за надворешно и домашно задолжување согласно Законот за јавен долг потребно е добивање согласност од Министерството за финансии. Понатаму, доколку се работи за надворешно задолжување или издавање на државна гаранција при надворешно задолжување потребно е усвојување на закон за задолжување/издавање на државна гаранција од страна на Парламентот на Република Македонија. Доколку пак станува збор за задолжување кај домашни кредитори или пак издавање на хартии од вредност на домашниот пазар на капитал, потребна е согласност на Владата на Република Македонија.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

### Макроекономска политика

Економската политика во 2012 година беше насочена кон зачувување на макроекономската стабилност и поддршка на македонската економија. Фискалната политика остана дисциплинирана, прудентна и насочена кон подобрување на квалитетот на јавните финансии.

Во текот на 2012 година се чувствуваа негативните ефекти од должничката криза во ЕУ, како најзначаен трговски партнер на Република Македонија. Имено, неповолното надворешно окружување беше причина за намалената побарувачка за македонскиот извоз и пониският прилив на капитал, што предизвика намалување на економската активност од 1,1% во првата половина од годината мерено преку бруто домашниот производ. Така, во првата половина од 2012 година извозот на стоки и услуги забележа пад од 0,5%, додека просечната стапка на раст на увозот изнесува 2,7%. Намалената побарувачка за македонските производи придонесе за намалување на индустриското производство кое во првата половина од годината забележа просечен пад од 8,2%. Од друга страна пак, финалната потрошувачка забележа раст од 0,1% на реална основа во првата половина од годината, а високата стапка на раст на бруто инвестициите од 11%, која се должи на растот регистриран во вториот квартал од 32,1% го ограничи падот на БДП и истовремено создаде основи за зајакнување на конкурентноста на економијата во следниот период.

Во текот на 2012 година, административните капацитети за макроекономски анализи и макроекономски проекции континуирано се зајакнуваа преку следење на обуки од областа на макроекономијата. Имено, зајакнати беа капацитетите за макроекономското управување и предвидување, макро - фискално моделирање и анализи, финансискиот сектор, финансиска стабилност, системски ризик и макро - прудентна политика, како и политиките за економски развој.

Седмата Претпристапна економска програма за периодот 2013-2015 е во тек на изработка. При подготовката се земаа во предвид забелешките дадени во Извештајот за напредокот на Република Македонија и се преземаат активности за нивно надминување, што е во согласност со целта - низ еден „процес на учење" да се подготви македонската администрација за соодветно известување во мултилатералниот фискален надзор по добивање на статусот на земја членка на ЕУ.

Во врска со подготовката на фискалните нотификации, од страна на Државниот завод за статистика (ДЗС) и Министерството за финансии прелиминарно е работено на податоците за 2008 година, како резултат на претходна изработка на секторските сметки за истата година. Активностите се во тек и се анализира квалитетот на расположливите податоци. Во наредниот период активностите продолжуваат и за податоци од други години со цел да се испита нивната релевантност и да се обезбеди серија на податоци. Активностите за фискалните нотификации се во координација со развојот на статистиката на национални сметки (ДЗС) и развојот на статистиката на финансиска сметка (НБРМ) и се дел од НПАА програмата. Во тек е имплементација на проект "Поддршка на ДЗС за зајакнување на капацитетите и подобрување на усогласеноста на податоците со стандардите на ЕУ" подржан од ИПА 2009, кој започна во август 2012 и ќе трае до август 2014. Во рамки на Проектот ќе продолжат активностите за имплементирање на ESA95, но ќе се разгледаат и прашањата за ESA2010. Прашањата за ESA2010 се предмет и на поддршка преку планираната повеќекорисничка програма ИПА 2011 со која се очекува да се имплементираат најважните прашања од промените во ESA2010.

**Јавен долг**

Согласно последните измени во Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии, на почетокот на 2012 година се изврши спојување на Секторот за хармонизација со ЕУ и меѓународни финансии и Секторот за управување со јавен долг во Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг. Секторот е составен од 7 одделенија и брои 22 вработени лица.

Министерството за финансии има склучено договор за фискален агент со Народна Банка на Република Македонија за спроведување на аукциите на државните хартии од вредност, договори за овластени директни учесници на пазарот на државни хартии од вредност со комерцијалните банки и договор со Централниот депозитар на хартии од вредност за запишување, водење и доставување на податоци за имателите на државните хартии од вредност.

Република Македонија се вбројува меѓу земјите со најниско ниво на државен долг споредено со земјите - членки на ЕУ. Во 2012 година реномираните кредит-рејтинг агенции, Фич и Стандард и Пурс го потврдија кредитниот рејтинг на Република Македонија како резултат на ниската задолженост, ниското ниво на буџетски дефицит и квалитетните економски политики.

И покрај влијанието на надворешните фактори и постоење на екстерни ризици во текот на 2012 година, Република Македонија успешно ги обезбеди проектираните средства за финансирање на буџетски дефицит и финансирање на тековните проекти од надворешни и од домашни извори. Во прилог на ова говори и последниот извештај на агенцијата за оценка на кредитен рејтинг Фич, која забележува дека домашното задолжување е поголемо од иницијално планираното со што ја зголемува и флексибилноста на Република Македонија при избор на начинот и изворите за финансирање на буџетските потреби.

Во текот на 2012 година беа реализирани активности во насока на унапредување на капацитетите во Секторот за меѓународни финансиски односи и управување на јавен долг преку соодветни обуки на дел од вработените. Обуките беа од областа на управувањето со јавен долг преку дизајнирање и имплементација на Стратегија за јавен долг. Исто така се зајакнаа капацитетите во областа на европското право и неговата имплементација на националното законодавство на земјите кандидати за ЕУ.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Макроекономска политика**

Во 2013 година се очекува да се задржи курсот на дисциплинирана и прудентна макроекономска политика. Буџетскиот дефицит се предвидува на оптимално ниво до 3,5% од БДП, со што фискалната политика за 2013 година ќе остане во функција на зачувување на макроекономската стабилност и поддршка на македонската економија, што подразбира и натамошна контрола на јавните финансии, како и континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи со значителен обем на капитални инвестиции и зголемување на капиталните расходи.

Макроекономските проекции за 2013 година се темелат на очекувањата за бавно излегување на ЕУ од рецесија и остварување на ниски стапки на економски раст на главните трговски партнери. Во такви околности, основен генератор на растот се очекува да бидат бруто инвестициите. Позитивен придонес ќе дадат јавните капитални инвестиции преку реализација на крупни инвестициски проекти, но и приватните инвестиции, посебно на фирмите кои работат во слободните економски зони.

Во врска со административните капацитети, на краток рок како континуирана активност се планира да се реализираат повеќе обуки кои ќе ги зајакнат капацитетите на Секторот за макроекономска политика за макроекономски анализи и макроекономски проекции.

**Јавен долг**

Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг заклучно со ноември 2012 година брои 22 вработени лица. Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања во текот на 2013 во неколку одделенија во рамки на секторот.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

**Јавен долг**

Рамката која ја одредува политиката на задолжување во Република Македонија е Фискалната стратегија.

Во Фискалната стратегија е предвидена рамка на надворешно и домашно задолжување во период од 3 години, како и насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија.

Согласно среднорочната фискална стратегија, Министерството за финансии продолжува со континуирано издавање на државните хартии од вредност (ДХВ) и во наредниот период. Основна заложба во следниот среднорочен период ќе биде продолжување на политиката за унапредување и натамошен развој на домашниот пазар на хартии од вредност. Во таа насока, во наредниот период посебен акцент ќе се стави на редовната застапеност на подолгорочните хартии од вредност и продолжување на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност преку издавање на подолгорочни хартии од вредност, односно

преку издавање на пет, седум и десет годишни државни обврзници. Особен интерес за вложување во долгорочните хартии од вредност издадени од Република Македонија се очекува од пензиските друштва, како и од комерцијалните банки и осигурителните компании. Исто така, со цел подобрување на ликвидноста на домашниот пазар на државни хартии од вредност, во следниот среднорочен период ќе се продолжи со мерките и активностите кои се однесуваат на постепеното намалување на учеството на државните хартии од вредност со девизна клаузула во вкупно издадените државни хартии од вредност, таргетирање на позитивно годишно нето задолжување и повторно отворање на веќе одржаните аукции на државни хартии од вредност (re-opening). Зголемувањето на рочноста на портфолиото на ДХВ е во согласност со препораките кои беа дадени од страна на мисијата на ММФ во 2011 година во облик на Акционен план на активности за управување со јавниот долг.

Со цел обезбедување на финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок на среден и на долг рок со истовремено одржливо ниво на ризик, во рамките на Фискалната стратегија се дефинираат среднорочни плафони кои ги регулираат движењето на вкупниот јавен долг во однос на БДП, државниот долг во однос на БДП и гарантираниот долг во однос на БДП како и учеството на долгот во евра во однос на вкупниот јавен долг на странска валута.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

### Макроекономска политика

Среднорочното макроекономско сценарио се заснова на очекувањата за постепено заздравување и умерен раст на економската активност во ЕУ на среден рок, реализацијата на планираните СДИ и структурните реформи кои придонесуваат за зголемување на конкурентноста на економијата. Така, макроекономските политики за поддршка на економијата и продолжувањето со структурните реформи за зголемување на конкурентноста на земјата се од клучно значење за зголемување на инвестициите, производството и продуктивноста на економијата.

Координираната макроекономската политика на Република Македонија во следниот среднорочен период ќе остане во функција на остварување на стратешките определби на Република Македонија за долгорочен и одржлив економски раст, зголемување на конкурентноста на економијата, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на населението. Фискалната политика со разумна и недисторзивна стапка на буџетски дефицит и државен долг во рамки на Мастришкиот критериум, зголемување на квалитетот на јавните финансии, пред се преку зголемување на капиталните инвестиции ќе ја поддржи политиката на стабилен девизен курс.

### Јавен долг

Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања од вкупно 4 извршители во текот на 2013 година, 2 извршители во 2014 година и 2 извршители во 2015 година распоредени во сите одделенија во рамките на секторот.

По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

## СТРАНСКА ПОДДРШКА

### Макроекономска политика

На среден рок се планира реализација на Проектот за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии - Сектор за макроекономска политика, за макроекономски анализи и формулирање на политики, со цел унапредување на процесот на креирање на политики и исполнување на критериумите за пристапување

кон ЕУ, кој ќе биде финансиран во рамки на ИПА 2009, Компонента 1. Проектот се состои од две компоненти - Твининг договор за зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии за макроекономски анализи и креирање политики и Договор за услуги за подобрување на организацијата на податоци преку развивање на ефективна база на податоци во Секторот за макроекономска политика. Во врска со твининг компонентата, беше избран твининг партнер и изработен е работниот план. Активностите поврзани со твининг договорот се очекува да започнат во првиот квартал од 2013 година. Во врска со договорот за услуги, во тек е финализација на тендерската документација.

Целта на овој проект е подобрување на аналитичките капацитети на Министерството за финансии за макроекономски анализи и дизајнирање на кохерентна среднорочна и долгорочна макро-фискална рамка. Исто така, со овој проект се очекува да се зголемат капацитетите на Министерството за финансии за креирање на политики, преку подобра оценка на ефектот од планираните владини политики и мерки.

## 3.18 СТАТИСТИКА

### 3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Државниот завод за статистика е посветен на обезбедувањето  услуги за висококвалитетни статистички информации во согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки. Прв приоритет во остварувањето на оваа цел е постојаното работење на усогласувањето на статистиката со законодавството на ЕУ, со што директно  се поддржува политиката на Владата за европска интеграција на државата.

Подготвена е Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година. За потребите на подготовката на Програмата, ревидиран е каталогот на статистички истражувања и развиена е апликација за подготовка на Програмата.

Со цел да се обезбеди натамошна хармонизација на законските основи на македонската статистика со европската, во текот на 2012 година беше подготвен Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика и тој е доставен до Министерството за финансии кое понатаму треба да го достави до Собранието на РМ за усвојување. Предлог-измените се однесуваат на зајакнување на координативната улога на Државниот завод за статистика во статистичкиот систем на РМ, создавање предуслови во функција на зголемување на опфатот и квалитетот на статистичките податоци кои се добиваат од извештајните единици, условите за користење на податоци од страна на научната заедница итн.

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во периодот јануари – ноември 2012 година, во Државниот завод за статистика (ДЗС) беа вработени 36 лица, а  Буџетот на ДЗС во 2012 година беше зголемен за 1, 81% во однос на 2011 година.
Во согласност со воспоставената пракса и во 2012 година беше извршена анализа на резултатите од дневното регистрирање на активностите и следењето на трошоците по активности. Беше направена и анализа на резултатите од третото самооценување според CAF (Common Assessment Framework) кои покажаа подобрувања на страната на резултатите и тоа најмногу кај критериумите 8 и 9 (Резултати во општеството и Резултати во клучни постигнувања).
Донесен е Стратешкиот план на ДЗС за периодот 2013-2015.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Зајакнување на административните капацитети на ДЗС:
  - Ангажирање на потребниот работен потенцијал за поддршка на ДЗС во имплементацијата на европското законодавство (продолжува и во среднорочни приоритети).
- Намалување на товарот на извештајните единици:
  - Потпишување на договор за размена на податоци со Управата за јавни приходи.
  - Користење на поголем фонд на податоци од административни извори за статистички цели (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање, буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
  - Анализа на резултатите од примената на системот за следење на трошоците по активности (продолжува и во среднорочни приоритети).
  - Четврто самооценување според заедничката рамка за оценување (Common Assessment Framework - CAF).
- Политика за ревизија на статистичките податоци
  - Примена на политиката за ревизија на статистичките податоци (продолжува и во среднорочните приоритети).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање, буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
  - Дефинирање на индикатори за следење на ефикасноста на користењето на ресурсите.
  - Анализа на резултатите од четврто самооценување според CAF (Common Assessment Framework).

**ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

**ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Изработката на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања е редовна практика за оние истражувања за кои во Евростат постојат наменски развиени темплејти.

Во областа на деловните и земјоделските статистики и статистиките на животната средина подготвени се извештаи за квалитет  и тоа за: индекс на трошоците на градба, дистрибутивна трговија, надворешна трговија и Статистички деловен регистар.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Изготвување на извештаи за квалитет на истражувањата
  - Изготвување на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања, за секој циклус на истражување (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци и процеси
  - Подготовка и усвојување на Политика за квалитет
  - Подготовка на упатства, процедури и темплејти за остварување на политиката за квалитет (продолжува и во среднорочните приоритети)

- Подготовка на документ за следење на квалитетот на процесите (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Подготовка на прирачници и процедури за собирање, контрола, шифрирање, внес и обработка на податоци (продолжува и во среднорочните приоритети)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци и процеси
    - Сертификација на ДЗС за усогласеност со стандардот за квалитет ISO-9001

**ИТ ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во поглед на техничката инфраструктура, во 2012 година во ДЗС се реализираше планираното подобрување на компјутерската мрежа за размена на податоци со регионалните одделенија. Што се однесува до развојот на ИТ системот за прибирање на податоци преку веб-прашалник, беше подготвена детална спецификација врз основа на која беа добиени и понуди за реализација на проектот. Избран е најповолен понудувач и во тек е процедурата за потпишување на договор.

Народната банка го зголеми бројот на податоци кои се прибираат по електронски пат, со вклучување на месечните извештаи за состојбата и прометот на сметките во странство и евиденциските сметки за порамнување на побарувањата и обврските со нерезиденти (образец МИ) во системот за електронско известување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Одржување континуитет во осовременувањето на ИТ опкружувањето во **Државниот завод за статистика**, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација.
    - Воспоставување на ИТ систем за електронско прибирање на податоци преку веб-форми.
    - Воведување на електронско прибирање на податоци за селектирани статистички истражувања (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Редовна трансмисија на податоците за платно - билансната статистика до Евростат од страна на **Народна банка**
    - Развој и адаптација на апликативните софтвери со цел рационализација во изготвувањето на податоците и задоволување на потребите за известување до Евростат. Изградба на систем за складирање, анализа и трансмисија на податоците (продолжува и во среднорочни приоритети).

**ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЕВРОПСКИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ (ЕСС)**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Редовно се следат промените и унапредувањата што ги прави Евростат во однос на алатките за трансмисија на податоци преку единствената влезна точка, со користење на алатките од системот eDAMIS (веб-апликација (eWA) , веб-портал (eWP) и веб-форми (eWF)), а кои овозможуваат мониторинг на трансмисијата како и upload и on-line форми заедно со автоматска валидација и конверзија на форматите.

Споредба на бројот на датотеки пратени од ДЗС во Евростат (2011 - 2012)

| | Први појавувања | | Вкупно датотеки | |
|---|---|---|---|---|
| | 16.11.2011-15.11.2012 | 16.11.2010-15.11.2011 | 16.11.2011-15.11.2012 | 16.11.2010-15.11.2011 |
| Вкупно | 299 | 299 | 419 | 358 |
| eWA | 259 | 287 | 366 | 346 |
| eWP | 0 | 0 | 9 | 0 |
| eWF | 40 | 12 | 44 | 12 |

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Користење на единствена влезна точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Евростат
    - Зголемување на дата-сетовите доставени до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети)
    - Изработка на апликации за транскодификација на податоци од статистички истражувања кои се доставуваат до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети)
    - Зголемено користење на алатките на Еуростат за валидација на податоци како и националниот метадата едитор за испраќање на рефернтни метаподатоци (продолжува и во среднорочни приоритети)

## РЕФЕРЕНТНИ ПОДАТОЦИ И МЕТАДАТА СКЛАДИШТА

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Имплементацијата на усвоениот статистички бизнис процес продолжи и во 2012 година со изработка на нова апликација за изработка на годишната програма за работа. Направено е мапирање на СБПМ со Кодексот на работење и со Годишната програма. Се работеше и на темплејтите за опис на статистичките варијабли. Во рамките на изработката на техничката спецификација за веб-прашалници, беше направен опис на системот за прибирање на метаподатоци за автоматско генерирање на прашалници.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Развој на систем на метаподатоци во ДЗС
    - Подготовка и усвојување на акциски план за имплементација на стратегијата за метаподатоци
    - Имплементација на Стратегија за развој на метаинформацискиот систем на ДЗС (продолжува во среднорочните приоритети)

## ИСТРАЖУВАЊА ВО СТАТИСТИКАТА И МЕТОДОЛОГИИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Беше дефинирана рамка, утврден моделот на примерок, направен избор на примерочни единици, утврден систем за оценување на податоците, пресметка на статистики - табелирање и пресметка на грешки и стапки на неодговор за неколку нови истражувања:

- Анкета за структурата на заработувачката
- Анкета за слободни работни места
- Анкета за континуирана обука на работа
- Анкета за премин од училиште кон работа

Во дополнителни аналитички активности пресметани се Лајкен индикаторите, стандардните грешки и Киш ефектот во Анкетата за услови и приходи за живеење.

## СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И СТАТИСТИЧКА ДОВЕРЛИВОСТ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во поглед на статистичката доверливост, започна примената на усвоените документи (правилник, барање за пристап, договор) кои го регулираат пристапот до микроподатоци за научно-истражувачки цели и во согласност со усвоениот Правилник за користење на заштитени микроподатоци во т.н. безбедна просторија која во текот на 2012 година ја користеа повеќе истражувачи.Се продолжи со проучување на концептите, дефинициите и методите за заштита од статистичко разоткривање за што беше одржана и обука за дел од вработените.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од неавторизиран пристап до податоци
    - Набавка и ставање во функција на хардвер и софтвер за централизирано архивирање и бекапирање (продолжува и во среднорочните приоритети)
    - Подготовка на дополнителни упатства, процедури и темплејти за подобрување на информатичката безбедност (продолжува и во среднорочните приоритети)

- Имплементација на европската регулатива за статистичка доверливост
    - Имплементација на процедури за пристап до микроподатоци од различни статистички области (подготовка на заштитени микродатотеки), за научно-истражувачки цели (продолжува во среднорочните приоритети)
    - Имплементација на контрола од статистичко разоткривање во различни статистички области со прилагодување на расположливите софтвери во ЕСС (продолжува во среднорочните приоритети)
    - Публикување на процедури за пристап до микроподатоци и дефинирање на листа на истражувања за кои се дозволува пристап (продолжува во среднорочните приоритети)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од неавторизиран пристап до податоци
    - Подготовка на прирачник и кодекс за управување со информатичката безбедност

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во областа на дисеминацијата, во 2012 година беа реализирани следниве активности:

## *Државен завод за статистика*

- Спроведена е Анкетата за мерење на задоволството на корисниците и е направена анализа на резултатите и подготвен е акциски план кој е поддржан од Советот за статистика
- На веб-страницата на Државниот завод за статистика, за првпат, Календарот за објавување е проширен и за публикации за цела календарска година
- Делот за корисничка поддршка е проширен и со пристап до европските статистички податоци (ESDS User Support)
- Подготвена е архива на соопштенија
- Подобрено е следењето на посетеноста на веб страната со користење на Google Analytics
- Воспоставен е Регистар на корисници
- РСС каналот, покрај информациите за соопштенијата, е збогатен со информации за излезените публикации, а корисниците можат да ги следат и по области
- Подготвена е интерактивна апликација за пребарување на имиња и презимиња

**Народна Банка**

- На веб-страницата на Народната банка, Календарот за објавување е проширен со информации за времето на објавување на кварталните податоци за меѓународна инвестициска позиција.

Остварени се следните резултати:

***Државен завод за статистика***

- Збогатување на базата со нови податоци и вклучување на временска серија на податоци по области.
- За задоволување на барањата на корисниците, постојано се зголемува бројот на податоци организирани во excel табели.
- До почетокот на ноември 2012 година, бројот на посети на веб-страницата на ДЗС изнесува 900 000, а на базата на податоци 40 000.
- Објавени се 232 изданија во едицијата „Соопштенија“ (за периодот јануари - октомври 2012 година)
- Објавени се 21 издание во едицијата „Статистички прегледи“ (за периодот јануари - октомври 2012 година)
- Објавени се 7 други публикации:
    - Статистички годишник
    - Месечен статистички извештај (македонски и англиски изданија)
    - Краткорочни статистички податоци за стопанските движења

- Македонија во бројки (македонски и англиски изданија)
- Одржлив развој
- Регионите во Република Македонија
- Жените и мажите во Република Македонија

- Објавено е првото издание на публикацијата Енергетски статистики

**Народна Банка**

- Скратени се роковите за објавување на платниот биланс и монетарните прегледи со што се постигна подобрување на достапноста на податоците до крајните корисници. Во согласност со тоа, беше извршена промена во календарот на објавување на податоците, при што рокот за објавување на платно-билансните податоци е скратен од т+75 дена на т+60 дена, а на монетарните прегледи од т+30 дена на т+21 ден. На овој начин се овозможи соодветно скратување на роковите за објавување на податоците и кај другите носители на статистички истражувања, а пред сè рокот за изготвување на тримесечните национални сметки.

- Подобрувањето на достапноста на податоците до крајните корисници е постигнато со објавување на тримесечни податоци за меѓународната инвестициска позиција и подетални тримесечни податоци за бруто-надворешниот долг. Извршена е промена во календарот на објавување на податоците, при што рокот за објавување на тримесечните податоци за меѓународната инвестициска позиција е поставен на т+90 дена. На интернет-страницата на Народната банка е објавена временска серија почнувајќи од првото тримесечје на 2007 година, па наваму. Кај бруто-надворешниот долг, во согласност со зголемените барања на корисниците за подетални податоци, објавени се податоци за јавниот, јавно гарантираниот и приватниот надворешен долг, според потсектори, финансиски инструменти и рочност; податоци за валутната структура на долгот; краткорочен надворешен долг според преостанато доспевање и податоци за план на отплата на надворешниот долг.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

***Државен завод за статистика***

- Дефинирани форми за редовна комуникација со корисниците
  - Организација на форуми со групи на корисници (продолжува во среднорочните приоритети)
  - Одржување на Регистарот на корисници (продолжува во среднорочните приоритети)

- Натамошно развивање на веб-страницата на ДЗС

  Воведување на кориснички ориентирани алатки за флексибилна употреба на дисеминираните податоци на ВЕБ-страницата (продолжува во среднорочните приоритети)
- Збогатување на фондот на статистички публикации
  - Воведување на нови статистички публикации (продолжува во среднорочните приоритети)

**Народна Банка**

- Подобрување на квалитетот на статистичките податоци објавени на интернет станицата на Народната банка во согласност со потребите на корисниците
  - Изработка и објавување на податоци за платен биланс, бруто-надворешен долг и надворешни побарувања, во денари (тековно тие се изготвуваат само во евра и во САД долари).

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Дефинирани форми за редовна комуникација со корисниците
  - Анкета за мислењето на давателите на податоци

- Анализа за имиџот на институцијата

### 3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ
### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

### ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Меѓународната стандардна класификација на образованието ISCED 2011 ќе започне да се применува од 01.01.2014 година. Во текот на 2012 година се водеше глобална дискусија на ниво на Евростат, а донесувањето се планира за 2013 година. Државниот завод за статистика ги следи активностите во врска со донесувањето на Класификацијата и во текот на 2013 година ќе ги направи неопходните подготовки за нејзиното имплементирање.

### ЦАРИНСКА УПРАВА

Подготвена е Предлог Одлука за измена и дополна на Царинската тарифа за 2013 година во согласност со измените на Комбинираната номенклатура на ЕУ(OJ –L304 од 31.10.2012 година), истата е доставена до Министерство за финансии во понатамошна процедура за незјино усвојување и објавување во Службен весник на РМ.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на стандарди:

- Следење на промените во економските класификации (НКД Рев.2, КПД, ННИП, Царинската номенклатура) (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Формирање на работна група со претставници од ДЗС и Министерството за образование и наука за реализација на активностите околу воведувањето на Меѓународната стандардна класификација за образование - ISCED 2011
- Воведување на ISCED 2011 - Меѓународна стандардна класификација за образование
- Унапредување на процесот на координација помеѓу институциите за подобрување на квалитетот на административните извори со примена на националните класификации и дефиниции (продолжува и во среднорочните приоритети)

### РЕГИСТРИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**Статистички деловен регистар (СДР)** - Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на групи на претпријатија и демографија на претпријатија).

**Регистар на земјоделски стопанства** – Континуирано се работи на развивање на методолошките основи, процедурите за ажурирање.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Развивање на Статистичкиот деловен регистар (СДР)

- Понатамошно развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на група на претпријатија) (продолжува и во среднорочните приоритети)

Водење и ажурирање на Статистичкиот регистар на населението (СРН)

- Подобрувања во административниот регистар на населението во насока на обезбедување на потребните варијабли за подобрување на функционалноста на Статистичкиот регистар на населението (продолжува и во среднорочните приоритети)

Развој на статистичкиот Регистар на земјоделски стопанства

- Имплементација и воведување на нови процедури за ажурирање на статистичкиот Регистар на земјоделски стопанства (продолжува и во среднорочните приоритети)

Развивање на Статистичкиот територијален регистар

- Потпишување Меморандум за соработка со Агенцијата за катастар на недвижности како надлежна институција за водење на административниот регистар на просторни единици
- Имплементирање на процедури за ажурирање на податоците во статистичкиот регистар на просторни единици и (продолжува и во среднорочните приоритети)

## 3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

Државниот завод за статистика е  целосно посветен на обезбедувањето разни секторски статистики во согласност со стандардите на ЕУ и значителен дел од оваа работа беше направен во текот на минатата година.

**ДЕМОГРАФСКА, СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Истражување за иновации**

Државниот завод за статистика во областа на науката го реализираше редовното годишно истражување за научно-истражувачка дејност, а во 2013 година ќе се приклучи кон земјите на ЕУ кои го спроведуваат истражувањето за иновациите. Истражувањето ќе се реализира во согласност со Регулативата (ЕК) бр. 995/2012. Со истражувањето ќе се обезбедат податоци за иновациите кои ги воведуваат деловните субјекти како во процесот на производството на самите производи, така и во процесот на организацијата на работењето и маркетингот.

**Миграции**

Истражувањето за миграции кое го реализира Државниот завод за статистика се заснова на административните податоци кои ги добива од евиденциите на Министерството за внатрешни работи. Доколку се овозможат услови за добивање грант од Евростат за реализација на ад-хок модулот за миграции во рамките на Анкетата за работната сила, Заводот, во текот на 2014 година ќе спроведе истражување за миграционите движења во Република Македонија кое ќе се базира на податоци од анкетата која се спроведува во домаќинствата.

**CATI (Компјутерски потпомогнато телефонско интервју)**
Во текот на 2011 година во Државниот завод за статистика за првпат се воведе нов начин на спроведување на Анкетата за работна сила со примена на телефонско анкетирање со помош на компјутер. Во текот на 2012 година, се воведоа одредени подобрувања и проширување на телефонското интервјуирање на поголем дел од Анкетата за работна сила. Новиот начин на спроведување на Анкетата придонесе значително да се намалат трошоците за реализација на Анкетата, on-line контролата придонесе за подобар квалитет на податоците, а се намали и потребното време за обработка на податоците. Заради сето ова, во текот на 2013 година Заводот ќе вложи напори за обезбедување услови за проширување на овој начин на анкетирање и на други анкетни истражувања (Анкета за слободни работни места).
**Статистика на социјалната заштита**
Во текот на 2012 година се реализирани две мисии за изработка на општиот модул и модулот за број на пензиски корисници, а не беше опфатен модулот за нето-бенефиции за социјална заштита. Работната група за ESSPROS беше проширена со нови членови од Министерството за здравство, од Управата за јавни приходи и од МАПАС. До крајот на 2012 година се планира:

- Подготовка на квантитативни податоци од страна на надлежните институции со референтни податоци за 2011 година за општиот модул и модулот за број на пензиски корисници;
- Утврдување на можен базен период за доставување податоци;
- Дефинирање на надлежна институција до која ќе се доставуваат подготвените ESSPROS податоци од страна на надлежните институции и која ќе врши нивно доставување до Евростат во согласност со важечките законски прописи;
- Подготовка на Информација до Владата на Република Македонија од страна на надлежната институција за потребата од склучување на договори за доставување на ESSPROS податоците.,

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување на податоци за иновациите во Република Македонија
  - Спроведување на истражување за иновации (продолжува во среднорочните приоритети)
- Унапредување на начините на статистичко прибирање на податоци
  - Продолжување и подобрување на компјутерски потпомогнатото телефонско интервју (CATI) во Анкетата за работна сила и проширување на други анкетни истражувања (Анкета за слободни работни места) (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Примена на методологијата за трошоци на социјалната заштита-ESSPROS
  - Подготовка на квантитативни податоци од страна на надлежните институции со референтни податоци за други години за општиот модул и модулот за број на пензиски корисници (продолжува и во среднорочните приоритети).

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување на податоци за миграции
  - Спроведување на ад-хок модул во рамките на Анкетата за работна сила

(доколку се обезбедат средства од буџет за учество во Грант на Евростат)

## СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во согласност со предвидената динамика, во текот на 2012 година, во областа на статистиката на животната средина се изврши обработка, дисеминација и известување и до Евростат се доставија податоците од

Истражувањето за отпад во останатите НКД сектори (Национална класификација на дејностите) (Енергија, Рударство и Вадење камен).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со европските регулативи
    - Подготовка и спроведување на пилот-истражување за трошоците за животната средина;

**МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2012 година продолжи работата на секторските сметки, а со цел имплементација на Регулативата 2223/96 во согласност со ЕСС 1995 (Европски систем на сметки - European System of Accounts – ESA).

Во рамките на националниот проект ИПА 2007 се работеше на прелиминарни пресметки на табелите за прекумерниот долг заедно со Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија.

Во 2012 година се подготвија и објавија табелите за понуда и за употреба за 2009 по тековни цени, со имплементирање на подобрувањата направени во рамките на ИПА 2007 и тие се доставени до Евростат.

Подготвени се претходни податоци за табелите на понуда и на употреба по постојани цени за 2008 година.

Во текот на 2012 година ДЗС подготви податоци за БДП за 2009 и 2010 и за инвестиции во основни средства според Класификацијата НКД Рев. 2.

До Евростат се доставија податоци за структурните статистики за 2009-2011година.

Во рамките на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2009 добиени се и анализирани се експерименталните податоците за бруто-домашниот производ за 2008 година со користење на табелите за понуда и употреба.

Во тек е реализацијата на активностите од Европската програма за споредба 2012. Сите фази се усогласени со временската табела на Евростат и со земјата-лидер. За пресметките на БДП според Паритетот на куповната моќ (PPS - Purchasing Power Standard, Регулатива бр. 1445/2007) за 2009-2011 година се доставени сите потребни табели.

Подготвени се и публикувани нови податоци за индикаторите за одржлив развој.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Составување на економски сметки по институционални сектори и изработка на интегриран сет на економски сметки
    - Составување на годишни нефинансиски сметки ( продолжува како среднорочен приоритет)

- Понатамошна хармонизација на податоците за секторските сметки според ESA 95 и ESA 2010
  - Работа на интегрирање на изворните податоци (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво
  - Унапредување на методите за пресметка
- Подготвување на податоците за БДП на тримесечно ниво
  - Подобрување на категориите на БДП и пресметка на додадената вредност на тримесечно ниво (продолжува и во среднорочен приоритет)
- Подобрување на квалитетот на податоците во инпут-аутпут табелите за доставување до Евростат
  - Пресметка на табелите на понуда и на употреба по постојани цени (продолжува и во среднорочен приоритет)
- Обезбедување на индикаторите за одржлив развој и евроиндикатори
  - Унапредување на воспоставениот сет на индикатори за одржлив развој (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Имплементирање на НКД Рев. 2 (Национална класификација на дејностите), СНС 2008 (Систем на национални сметки - System of National Accounts - SNA) и ЕСС 2010 (Европски систем на сметки – European System of Accounts – ESA)
  - Подготвување на податоци за националните сметки според НКД Рев. 2 Подготвителни активности за имплементирање на SNA 2008 (продолжува и во среднорочни приоритети)
  - Подготвителни активности за имплементирање на ESA 2010 (продолжува и во среднорочни приоритети)

## СТАТИСТИКА ЗА АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНИТЕ ЦИКЛУСИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во 2012 година континуирано се реализираа статистичките истражувања во согласност со Програмата за статистички истражувања. Во процесот на хармонизација со европските регулативи, се реализираа следниве активности:

- Пресметка на индекси на цени на индустриски производители за странски пазар и вкупен индекс (вклучувајќи го домашниот пазар)
- Изработка на ротирачки примерок за малите претпријатија за годишното истражување ПРОДКОМ
- Објавување на податоци за трошоците за градење, по позиции на градба
- Објавување на податоци за индекс на индустриското производство прилагоден со работни денови во согласност со Регулативата за краткорочни статистики (1165/98)

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во градежништвото
  - Развивање на статистиката на градежништво во согласност со Регулативата за краткорочни статистики (1165/98)

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата
  - Промена на базна година во индустријата и во цените на индустриските производители
  - Развивање на статистиката на прометот во индустријата во согласност со Регулативата 1165/98

**ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Континуирано се врши усогласување на статистиките од областа на енергијата, транспортот и трговијата со регулативите на ЕУ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Хармонизација на структурните деловни статистики во согласност со Регулативата на ЕУ 250/2009
    - Подобрување на сетот на белези за деловните субјекти (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци за туризмот, угостителството и транспортот
    - Хармонизирање со европските регулативи за патничка мобилност (продолжува и во среднорочни приоритети)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Хармонизација на структурните деловни статистики во согласност со Регулативата на ЕУ 250/2009
  Обезбедување на податоци за деловните услуги

**СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во областа на агромонетарните статистики подготвени се регионални сметки за земјоделството за 2009 година.
Сетот на сметки е проширен со Сметката на претприемачки доход, а исто така е изработен и опис на пресметките. Спроведено е повеќенаменско пилот-истражување за индивидуалните земјоделски стопанства. Отпочнати се активности за развивање на структурното истражување во согласност со европската регулатива.
Унапредувањето на статистиката на земјоделските цени (input-output) е континуиран процес и е еден од примарните извори на квалитетни податоци при пресметката на економските сметки во земјоделството. Во рамките на оваа област, беа пресметани и индексите на земјоделските цени на тримесечно и на годишно ниво, според барањата на Евростат.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Обезбедување релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ
    - Развивање на структурното истражување во согласност со европската регулатива (продолжува и во среднорочни приоритети)
    - Воведување на статистика на органско производство
    - Дефинирање на релевантни индикатори за управување со шумскиот фонд во РМ (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Обезбедување на релевантни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството

- Понатамошен развој на економските сметки во земјоделството (продолжува и во среднорочни приоритети)

## МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Народната банка на Република Македонија (НБРМ), во областа на статистиката во 2012 година вложи дополнителни напори за понатамошно усогласување со меѓународните и ЕУ стандардите. Напредок е постигнат во следните области:

Во рамките на активностите на НБРМ за воспоставување на статистика на инвестициски фондови и статистика на осигурителни друштва и приватни пензиски фондови, врз основа на добиените податоци за првите две тримесечја од 2012 година, изготвени се биланси и прегледи на останатите финансиски институции и консолидиран преглед на финансискиот сектор.

Подготвена е нова подзаконска регулатива за известување за капиталните вложувања во и од странство, со што се изврши натамошно усогласување на статистиката на директните инвестиции со новите меѓународни препораки (воведени се новите концепти на: матичен инвеститор; инвеститор со хоризонтална поврзаност во синџирот на поврзаност; индиректен инвеститор -вертикална поврзаност во синџирот на поврзаност; повратно вложување и сл).

Постигната е согласност Народната банка на РМ да биде одговорна за статистиката на финансиските сметки. Наскоро, Меморандумот за соработка потпишан во 2009 година ќе биде дополнет со оваа новина, преку прецизирање на обврските на Народната банка, Државниот завод за статистика и Министерството за финансии за обемот, периодичноста и динамиката на размената на потребните податоци за составување на финансиските сметки.

Министерството за финансии и понатаму активно соработува со Државниот завод за статистика во делот на статистиката на националните сметки, односно статистика за секторот Држава во процесот на имплементација на методологијата Европски систем на сметки (ESA '95). Податоците за составување на нефинансиската сметка за секторот Држава со кои располага Министерството за финансии се доставени до Државниот завод за статистика.

## ТРГОВСКА СТАТИСТИКА

Статистиката на надворешната трговија целосно е усогласена со европските регулативи за ЕКСТРАСТАТ (надворешна трговија со земјите што не се членки на ЕУ). И во 2012 година продолжи процесот на континуирано хармонизирање со релевантните регулативи на ЕУ и регулативите на ОН. Во овој период е подготвен национален извештај за статистиката на надворешната трговија, подобрени се методолошките основи и изработен е Извештај за квалитет.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Подготовка на табели за државниот долг (ЕДП) - нотификации (Preparation of the EDP notifications)
    - Составување на табели за државен долг (ЕДП нотификации) со учесници од Министерството за финансии и од Државниот завод за статистика (продолжува во среднорочни приоритети)
- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година.

- Воведување на новите прашалници за капитални вложувања во и од земјата (ВС.22 и В.С. 11) - во 2013 година известувачите ќе започнат со известување според новиот концепт, за прва извештајна година 2012.
- Вклучување на податоците од новите прашалници во екстерните статистики.
- Методолошки усогласувања и прилагодувања на изворите на податоци за платно-билансната статистика кон барањата на новиот Прирачник за меѓународна инвестициска позиција и платен биланс на ММФ (BOP Manual VI) (продолжува и во среднорочни приоритети).
- Изработка на нови стандардни табели за платен биланс во согласност со новиот Прирачник за меѓународна инвестициска позиција и платен биланс на ММФ (BOP Manual VI) и соодветни промени во апликативните решенија.
- Измени во подзаконската регулатива со цел воспоставување на систем за редовно известување за тргувањето на резиденти со хартии од вредност на странските пазари.
- Изготвување на апликативен софтвер за обработка на податоците за трансакциите со хартии од вредност.
- Прилагодување на извештаите за бруто-надворешен долг и надворешни побарувања кон новите меѓународни стандарди.

- Натамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата на регулативите на ЕУ од оваа област
  - Промена на подзаконската регулатива за каматни стапки преку дополнување на прашалникот за каматни стапки со нови извештајни категории.
  - Промена на подзаконската регулатива со цел вклучување на останатите финансиски посредници во системот за редовно известување ОФИ.
  - Анализа на можноста за воведување на нови извештајни форми за состојбата и прометот на средствата и обврските на банките и штедилниците.
- Развој на статистика на финансиски сметки
  - Изготвување на акциски план на активности и потпишување на меѓуинституционален договор за размена на податоци потребни за изготвување на финансиски сметки.
  - Постепена реализација на активностите од акцискиот план за одделните институционални сектори и финансиски инструменти во рамките на финансиските сметки (продолжува во среднорочни приоритети).
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија
  - Пилот -истражување за реални увозно-извозни цени во согласност со Регулативата за краткорочни статистики.
  - Следење на надворешно - трговската размена според економските карактеристики на деловните субјекти - учеснички во надворешно-трговската размена според видот на транспорт (продолжува и во среднорочни приоритети).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на ЕВРОСТАТ
  - Усовршување на постоечките извори на податоци за платно-билансната и монетарната статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти.

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија
  - Воведување на редовно статистичко истражување за реални увозно-извозни цени во согласност со Регулативата за краткорочни статистики.

## СТРАНСКА ПОМОШ

Во Државниот завод за статистика, во 2012 година, беа активни следниве проекти:

- **Националната програма ИПА 2009 – Фазата на имплементација на Твининг-проектот „Поддршка на Државниот завод за статистика“** започна на 18.08.2012 година и ќе трае до 17.08.2014 година. Во тек се подготовките на техничката спецификација за тендерирање на вториот договор од ИПА 2009 - набавка на опрема. Подготвена е и предадена во ЦФСД техничката спецификација и ТоР за тендерирање на третиот договор од ИПА 2009 - за изработка на софтвер за развој на систем за on-line прибирање на податоци.
- **ИПА 2009 - Повеќекорисничка програма за статистичка соработка**. Во рамките на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2009 завршени се сите пилот-проекти и доставени се финалните извештаи за секој од проектите до Евростат. Со одобрение на Евростат продолжено е траењето на Програмата за еден месец, односно до 31. 12. 2012 година, поради проблеми со финансирањето на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2011.
- **Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2011** која официјално започна на 01. 09. 2012 година. Сепак започнувањето на имплементацијата не е во согласност со планираната динамика , поради проблеми со финансирањето.

Во 2012 година, во ДЗС заврШија следниве проекти:

- Проектот ИПА 2007 - Техничка помош на Државниот завод за статистика, кој заврши, опфати 4 приоритетни области во кои беа постигнати следниве резултати:
    - Развиен систем за квалитет за сите процеси во производството на статистиките, преку примена на следниве принципи од Кодексот за работа на европската статистика: Принцип 4: Посветеност на квалитетот, Принцип 5: Статистичка доверливост, Принцип 7: Добра методологија, Принцип 8: Соодветни статистички процедури и Принцип 15: Достапност и јасност.
    - Натамошно хармонизирање на националните сметки и другите економски статистики, со фокус на областа национални сметки и имплементација на Европскиот систем на сметки 1995. Стручните лица практично работеа на имплементација на методологијата Европскиот систем на сметки 1995. Исто така, тоа беше можност да се оценат расположливите податоци во секоја институција и нивното влијание во составувањето на сметките и на квалитетот на пресметките.
    - Подобрени деловни статистики. Преку низа активности беа осознаени главните принципи за подготовка на квалитетни структурни статистики, а за корисниците на податоци во Република Македонија се обезбедени повеќе податоци за движењата во економијата во согласност со регулативите на ЕУ.
    - Подобрени социјални статистики. Беа подобрени следниве социјални статистики: образование, култура, статистика на криминал, истражување и развој, но се воведоа и нови статистики како, на пример, истражувањето за структурата на заработувачката.
- Македонско-шведското партнерство за статистика, 2009-2011, заврши во февруари 2012 година. Оваа соработка опфати техничка помош во развојот на земјоделските структурни статистики, Статистички регистар на земјоделски стопанства, цени на земјоделските статистики и економски сметки во земјоделството, статистики за приватни шуми, статистики на животната средина, PC Axis, метаподатоци, набавка на ИТ опрема.

Покрај тековните проекти, во ДЗС се планирани и следниве проекти:

- **Национална програма ИПА 2012 –** ДЗС се јавува како потенцијален корисник во рамките на секторското фише за Развој на приватниот сектор. Нацрт-верзијата на ова фише е доставена до Делегацијата на ЕУ во Република Македонија за одобрување.

## 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.19.1 Трудово право

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Беа подготвени и усвоени следниве измени и дополнувања на неколку акти од областа на трудот:

- Измени и дополнувања на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност
- Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на регистрите, заради усогласување со Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, беше извршена и измена на Законот за евиденциите од областа на трудот.
- Правилник за минималните барања за безбедноста и здравјето при работа на младите со кои се пропишуваат минималните барања за безбедноста и здравјето при работа на работниците во работен однос под осумнаесет годишна возраст.
- Извршени се две измени на Законот за работните односи. Првата е за допрецизирање на одредби кои се однесуваат на бројот и составот на Комисијата за репрезентативност и др. Втората е со цел поконкретно уредување на надоместокот за боледување на вработените на товар на работодавачот и на товар на Фондот за здравено осигурување.

#### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Изготвување на посебен Закон за мобинг.
- Предвидени се измени на Законот за работните односи во делот на заштита од дискриминација на работничката, како и дополнување и допрецизирање на одредбите на Законот за работните односи во врска со сезонската работа.
- Предвидени се измени и дополнувања на Законот за агенциите за привремени вработувања во врска со условите и начинот на основање и престанок на агенциите за привремени вработувања.

#### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Се предвидуваат активности и подготовки во врска со имплементацијата на Законот за мирното решавање на трудовите спорови.

### 3.19.2 Здравје и безбедност при работа

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Отпочната е подготовка на предлог за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, во функција на обезбедување на понатамошен развој и подобрување во областа

Во делот на транспонирањето на конкретни директиви од областа на здравје и безбедност при работа, во текот на годината беа донесени следните правилници:

- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени во рударство со површинска и подземна експлоатација на минерални суровини во кој е транспонирана Директивата на Советот 92/104/EEC;

- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на физички агенси (вештачко оптичко зрачење), во кој е транспонирана Директивата 2006/25/ЕС

Донесени се следните акти од областа на безбедност и здравје при работа:

- Правилник за стручно усовршување на стручни лица од областа на безбедност при работа (Службен весник на РМ, бр.56/12), со кој се пропишува начинот и видот на стручното усовршување на стручните лица од областа на безбедност при работа.
- Акционен план за имплементација на Стратегијата за безбедност и здравје при работа, за периодот 2013-2014 година, со цел креирање модерен, ефикасен и ефективен систем на безбедност и здравје при работа во Република Македонија и намалување на повредите на работа и професионалните заболувања.

Со цел доследна имплементација на Законот за безбедност и здравје при работа заклучно со октомври 2012 година, 431 стручно лице го положија стручниот испит. Во однос на лиценцираните фирми**,** односно овластени правни субјекти за вршење стручни работи за безбедност при работа, заклучно со октомври 2012 година, овластени се вкупно 37 правни субјекти за вршење на стручни работи за безбедност при работа.

Беа одржани повеќе семинари, обуки, работилници кои имаа за цел подобрување на знаењето и успешноста во работата на трудовите инспектори за практична примена на регулативата за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта, за безбедност и здравје при работа при изложување на ризик од механички вибрации, потоа обуки за проценка на ризик на работно место и други.

Се спроведе кампањата за безбедност и здравје при работа во градежништвото, под мотото „Гради безбедно“ во времетраење од шест месеци, со цел зголемување на свеста за значењето на превентивните активности за безбедност и здравје на работниците во градежништвото, и потребата од подобрување на заштитата при работа, со посебен акцент врз работата на висина, на скелиња и на ископи, имајќи во предвид дека според анализите, најголемиот дел од несреќите се случуваат токму на овие работни места.

Именувани се двајца нови членови на Советот за безбедност и здравје при работа и се одржа состанок на Советот за безбедност и здравје при работа, на кој се конституира новиот состав и се избра нов претседател на Советот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2013 година се планира транспонирање на следните директиви на Европската Заедница во областа на безбедност и здравје при работа:

- Директива на Советот 93/103/ЕС од 23 ноември 1993 година, за минималните барања за безбедност и здравје за работа на рибарски бродови (13$^{-та}$ индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС), и
- Директива на Советот 2004/40/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 29 април 2004 година за минималните барања за безбедност и здравје во врска со изложувањето на работниците на ризици од физички агенси (електромагнетни полиња) (18$^{-та}$ индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС)

Подготовка и усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, со кој дополнително ќе се уредат финансиските обврски на работодавачите за извршување на стручни работи од овластените стручни лица за работи од областа на безбедност при работа, потребата за континуирана обука и стручно усовршување на стручните лица, посебните глоби за работодавач - физичко лице, како и транспарентноста на работата на овластените стручни лица кои при извршување на своите работи не се придржуваат на одредбите од прописите кои ја уредуваат областа на безбедност и здравје при работа, со што истите ќе бидат јавно објавени.

Одржување на специфични обуки за практичната примена на законодавството за безбедност и здравје при работа при ризици од изложување на хемиски супстанци, како и изложување на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем, како и обуки за извршување на инспекциски надзор од областа на безбедност и здравје.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Ќе продолжи процесот на континуирана реализација на активности за понатамошно зајакнување на административните капацитети на Државниот инспекторат за труд, подобрување и унапредување на спроведувањето на постојната регулатива во делот на безбедност и здравје при работа, како и активното вклучување на социјалните партнери во сите фази на изготвување на регулативата од оваа област и во нејзината практична имплементација.

За обезбедување на континуирана имплементација на Стратегијата за безбедност и здравје при работа, во соработка помеѓу релевантните институции и останати субјекти од областа, ќе биде подготвен Акциониот план за имплементација на Стратегијата за 2015 година.

## 3.19.3 Социјален дијалог

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во текот на годината интензивно се работеше кон функционирањето, развојот и унапредување на ефикасен социјален дијалог на сите нивоа.

Одржани се четири седница на Економско социјалниот совет и беа разгледувани и дискутирани повеќе предлози за изменување и дополнување на закони, иницијативи и информации предложени од страна на Владата на Република Македонија и од социјалните партнери.

Претставници на социјалните партнери активно учествуваа и во работната група за подготовка на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, во кој меѓу другото, се изменија казнените одредби и се уреди прашањето за работа на Комисијата за утврдување на репрезентативноста на социјалните партнери и се утврди во работата на Комисијата да учествуваат и претставници на репрезентативните синдикати и работодавачи. Комисијата во новиот состав, започна со својата работа, а на

досега одржаните три седници издаде четири решенија за репрезентативност на организации на работодавачи на гранско ниво и две решенија на грански синдикати.

Се продолжи со реализација на Програмата за пристојна работа на Македонија 2010-2013 година и се реализира следново:

- кампања за безбедност и здравје при работа во градежништвото (преку проектот за „Зголемување на ефикасноста на трудова инспекција и безбедноста и здравјето при работа“);
- подготовка на Национален акционен план за вработување на млади 2015 година (Проект „Работа со млади“)
- активности за зголемување на свеста за правата на пензии, преку трипартитна промоција на „Водичот за вашите права на пензија“;
- обука за медијатори и арбитри за мирно решавање на работни спорови, како и посебна обука за превенција и решавање на работни спорови во јавниот сектор;
- работилница за запознавање со европските практики при колективно преговарање и пренесување на позитивните искуства од држави-членки на ЕУ, со експерти од МОТ и три европски држави (Белгија, Германија и Ирска),
- посебни обуки за организациите на работодавачи, за поддршка на одржливи претпријатија.

Социјалните партнери се активно вклучени во имплементација на twinning Проектот за „Поддршка на националните политики за вработување“, преку кој се обезбедува јакнење на капацитетите за долгорочно планирање на пазарот на трудот и мониторинг и евалуација на политиките за вработување.

Продолжи и постапката на регистрација на синдикатите и се регистрираа неколку нови синдикати: Независен синдикат на пожарникарите на Македонија, Синдикат на поштенски и телекомуникациски оператори на Македонија и Независен синдикат за здравство „Мајка Тереза“.

Направени се измени и дополнувања на 6 колективни договори, со што се продолжи нивната важност. Продолжи процесот на следење на колективното договарање на ниво на претпријатија.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во наредниот период ќе се преземаат активности за понатамошно унапредување и зголемување на ефикасноста на работата на Економско-социјалниот Совет и водење на активен дијалог за политиките од областа на економската и социјална сфера, а ќе се преземаат и мерки и активности за зголемено учество на социјалните партнери во целокупниот процес на развој и имплементација на политиките, нивно поголемо учество во креирањето и имплементацијата на законите од областа на трудот, имајќи ги во предвид и меѓународните искуства во оваа област.

Преку работата на Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската унија и Република Македонија, социјалните партнери во континуитет ќе имаат можност да бидат запознаени, да расправаат и да даваат свои препораки за различни области, релевантни за процесот на евроинтеграција на Република Македонија.

Истовремено ќе се настојува да се поттикнува бипартитниот социјален дијалог преку колективното договарање на ниво на гранка и на ниво на претпријатие.

Особено внимание ќе се посвети на понатамошно подобрување и јакнење на капацитетите на социјалните партнери, со цел да се овозможи нивно поголемо влијание во развојот и имплементација на социјалните политики и политиките за вработување, прашањата на законодавството од областа на трудот, политиките на плати и имплементација на минималната плата.

За таа цел, ќе се реализираат поголем број на обуки, семинари, работилници, конференции за јакнење на капацитетите, поврзани со примена на законите од областа на трудот, флексибилноста на работното време, колективното преговарање, минималната плата и сл.

Социјалните партнери ќе бидат активно вклучени во активностите за долгорочно планирање на пазарот на трудот и мониторинг и евалуација, планирани во рамките на twinning Проектот за „Поддршка на политиките за вработување“. Во текот на 2013 година, МТСП во соработка со синдикатите, работодавачите и Меѓународната организација на трудот ќе ги утврди приоритетите во рамките на следната четиригодишна програма за пристојна работа.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Како еден од приоритетите во наредниот период останува континуираната поддршка на механизмите за ефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за нивна активна партиципација во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера, учество во подготовката на законската регулатива пред истите да се пуштат во владина процедура.

И на среден рок ќе се работи на имплементација на Програмата за пристојна работа, во партнерство со социјалните партнери.

## 3.19.4 Политика на вработување и Европски социјален фонд

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### Политика на вработување

Во однос на состојбите на пазарот на труд во Република Македонија, во овој период се забележуваат следниве основни статистички показатели :

| | 2010 | 2011 | 2011 (Q2) | 2012 (Q2) |
|---|---|---|---|---|
| **Стапка на невработеност (15-74)** | 32.0 | 31.4 | 31.4 | 31.3 |
| **Стапка на активност (15-64)** | 64.2 | 64.1 | 63.9 | 63.8 |
| **Стапка на вработеност (15-64)** | 43.5 | 43.9 | 43.7 | 43.7 |

Извор: Државен завод за статистика

Во текот на годината продолжи интензивната имплементација на програмите и мерките предвидени во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување (ОП). Планираниот опфат со ОП за 2012 година е 10,019 невработени лица, за што се планирани 593,083,950 денари (околу 9.6 милиони евра). Дел од програмите се веќе завршени, а дел од нив ќе завршат до крајот на 2012 година. Целосно се релизирани активностите за самовработување на 900 лица, реализрани се вработување на 76 лица преку финансиска подршка за правни субјекти за отварање на нови работни места, а во тек е постапката за вработување на уште 14 лица (вкупно 90). Завршена е и програмата за обука на побарувани занимања на пазарот на трудот, преку која се обучени 183 лица.

Во рамки на Проектот за самовработување со кредитирање во текот на 2012 година во тек е постапка за доделување на кредити за 197 лица.

Во Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени“, кој се спроведува во рамките на IPA компонентата 4 досега, беа опфатени повеќе од 8,000 лица..

Во тек е подготовката и на следниот проект, т.е. Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени - фаза II“, преку кој ќе продолжи имплементација на активни програми и мерки за вработување, финансирани во рамките на IPA Компонентата IV.

Се подготви и прв Извештај за имплементација на Националниот акционен план за вработување 2011-2013 година, во кој е прикажана состојбата со постигнатите остварувања во однос на планираните мерки, согласно Европа 2020 и се дефинираат идните приоритети.

За остварување на поставените цели во Стратегијата за вработување на РМ до 2015, а имајќи ја предвид и Иницијативата за можноста на младите на Европската унија за развивање на програми за вработување, образование и вештини за младите и за преземање на национални политики во рамките на националните политики за вработување, се пристапи кон развивање на програми кои ќе ја зголемуваат вработливоста на младите, со што ќе им се помогне поподготвени да влезат на пазарот на трудот, ќе се овозможат да ги зголемат своите професионални вештини, а и ќе поттикнуваат и поддржуваат нивно вработување.

Се подготви Национален акциски план за вработување на млади до 2015 година со цел намалување на невработеноста на младите, преку побрза транзиција од образование кон работа.

Во рамките на Twinning проектот „Поддршка на националните политики за вработување“ (кој се имплементира од септември 2011 година преку IPA Компонентата 4) се изработи анализа на состојбите во делот на долгорочното предвидување на пазарот на трудот и мониторинг и евалуација на политиките за вработување. Се работи на дизајнирање на системот на долгорочно предвидување на пазарот на труд и како најсоодветен модел за Македонија, беше одлучено да се примени Hermin моделот. Исто така, се изработи документ за „Потребите и предизвиците за мониторинг и евалуација на политиките за вработување“, како и „Предлог за архитектурата на системот за мониторинг и евалуација“. Со поддршка од овој проект, развиени се индикатори за мерките од Националниот акциски план за вработување на РМ 2011-2013 година, а се започна и со изработката на Методологијата за мониторинг и евалуација на политиките за вработување.

Се имплементираше Проектот за „Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување на РМ“ (IPA Компонента 4), Изработени се Проект за управување со организациски промени и План за имплементација на промени, и план за обуки на вработените во Агенцијата за вработување.

Исто така, ставено во функција е софтверско решение за меѓусебно поврзување и доставување на податоци од Агенцијата за вработување до Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) преку web-сервиси, преку кој е овозможено ФЗО директно да може да го провери статусот на своите осигуреници во Агенцијата за вработување, т.е. дали се тие вработени или не. Исто такво решение е во функција и со Центрите за социјални работи, кои го проверуваат статусот на корисниците на социјална помош, за тоа дали се тие вработени или не и за висината на паричниот надоместок по основ на невработеност, доколку се корисници на ваков надоместок.

**Европски Социјален Фонд**

Во текот на 2012 година беа одобрени седум нови операции во рамки на четирите приоритети на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“:

- „Поддршка на Агенцијата за вработување за имплементација на активните мерки за вработување“, којашто се состои од твининг проект, договор за градежни работи за модернизација и адаптација на центрите за вработување и набавка на опрема.
- „Поддршка на борбата против непријавената работа“ којашто се состои од договор за услуги и набавка на опрема за Државниот инспекторат за труд.
- „Обезбедување квалитетно образование преку создавање мултикултурна средина за сите етнички заедници“ којашто се состои од договор за услуги и набавка на опрема.
- „Модернизација и адаптација на центрите за социјална работа“ којашто се состои од договор за градежни работи за модернизација и адаптација на центрите за социјална работа и набавка на опрема.
- Програма за доделување на неповратни средства „Поттикнување на социјалната инклузија“.
- Техничка помош „Зајакнување на улогата на релевантните партнери за социјална инклузија на локално ниво (фаза 2)“.
- Техничка помош „Поддршка на оперативната структура за IPA компонентата за развој на човечки ресурси во подготовка и следење на проекти“.
- Техничка помош „Евалуација на досегашната финансиска поддршка на доживотното учење, а особено на стручното образование и обука и образованието на возрасни и препораки за идна финансиска помош“.
- „Техничка помош за подготовка на тендерска документација за набавка на опрема за стручна обука“

Покрај тоа се подготвуваа нови проекти за преостанатите финансиските алокации од Оперативната програма, како што се вториот директен грант на Агенцијата за вработување на Република Македонија, проект за натамошна поддршка на политиките за вработување, проект за унапредување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образование на возрасни.

За дел од одобрените операции започнати се и тендерските постапки.

Исто така, имплементацијата на започнатите проекти е во тек и нивната имплементација се следи континуирано.

Оперативната програма беше ревидирана заради додавање на новите алокации за 2012-2013 и истата е усвоена од Европската комисија на 18 октомври 2012.

Информациите за постигнатиот прогрес во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на компонентата 4 од IPA се подетално наведени и во *Поглавјето 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти“*.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### Политика на вработување

Во наредниот период ќе се продолжи со имплементација на политики насочени кон зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност, преку мерки за справување со структурната невработеност. Ќе се имплементираат активни политики за вработување кои стимулираат побарувачка на пазарот на трудот, усогласување на понудата и побарувачката на работната сила, зголемување на вработливоста на невработените лица, вклучување на инвалидните лица, на младите, долгорочно невработените и останатите ранливи групи на пазарот на трудот. Во текот на 2013 година ќе продолжи имплементација на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, како и на Проектот за самовработување со кредитирање. Исто така ќе продолжи и имплементацијата на активни мерки на пазарот на труд кои ќе бидат финансирани од Инструментот за претпристапна помош (IPA) на Европската унија. Во првата половина на 2013 година се планира да отпочне имплементацијата на Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени - фаза II“ (директен грант до Агенцијата за вработување), со кој ќе се обезбеди континуитет по завршување на имплементацијата на првиот директен грант

Тековно ќе се следи имплементацијата на програмите за вработување. Ќе се направи и евалуација на Програмата за практикантство, користејќи ја методологијата развиена во рамките на Твининг проектот за поддршка на политиките за вработување и врз основа на резултатите од евалуацијата ќе се согледаат ефектите од реализацијата и ќе се дадат насоки за поголема ефикасност во иднина врз основа на квантитативен аналитички пристап.

Покрај тоа и во претстојниот период ќе се продолжи со понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување.

Во текот на 2013 година ќе продолжи имплементацијата на Twinning Проектот „*Поддршка на националните политики за вработување*“ (IPA Компонента 4), обезбедувајќи поддршка за воспоставување на систем за

долгорочно предвидување на пазарот на трудот и развој на капацитетите во Министерството за труд и социјална политика и останатите релевантни институции и социјалните партнери за долгорочно предвидување на пазарот на трудот, за мониторинг, евалуација и известување за политиките за вработување.

Во рамките на Проектот за „Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување“, ќе се реализираат поголем број на различни обуки за вработените во Агенцијата, во согласност со изготвениот план за обуки. Ќе се реализираат обуки и семинари за менаџмент, за користење на податоците за пазарот на трудот за подобро функционирање на центрите за вработување, за методологија на работење на центрите за вработување, обуки за вработените за советување, за изготвување на индивидуални планови за вработување, обуки за работа со работодавачите, обуки за кариерно советување, за професионална ориентација и други.

Во текот на годината ќе се работи и на подготовка на следниот проект „Поддршка на Агенцијата за вработување во имплементацијата на активни мерки и услуги за вработување“, што ќе се финансира во рамките на IPA Компонента IV и ќе обезбеди континуитет во поддршката за јакнењето на капацитетите и модернизацијата на Агенцијата.

Во 2013 година во Агенцијата за вработување ќе продолжат и активностите околу имплементацијата на последните измени и дополнувања на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, кои ќе имаат за цел да придонесат за согледување на реалниот број на баратели на работа, утврдување на нивната структура, креирање на соодветни активни мерки за вработување прилагодени според потребите на барателите на работа и можностите на пазарот на трудот. Со пополнување на Пријавата за воведување во регистар ќе се издиференцираат различни групи на невработени лица, според регистрите во кои ќе бидат вклучени, а за сите лица кои се активни баратели на работа ќе се изготвуваат Индивидуални планови за вработување.

**Европски Социјален Фонд**

Ќе продолжи разработката на проектите за расположливите алокации од Оперативната програма и подготовката на тендерската документација за нив. Овие проекти ќе ја поддржат имплементацијата на политиките за вработување, образование и обука и социјална инклузија и ќе овозможат интеграција на пазарот на трудот на невработените и неактивните лица и групи. Дел од проектите ќе бидат насочени кон подобрување на работењето и услугите на институциите задолжени за имплементација на политиките за вработување, образование и обука и социјална инклузија.

Подетални информации за краткорочните приоритети во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на IPA компонентата 4 се подетално елаборирани и во *Поглавјето 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти“*.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### Политика на вработување

Ќе се продолжи со активности за натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во предвидувањето на пазарот на трудот, планирањето, креирањето, имплементација, подобрување на културата за мониторингот и оценувањето, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници, како и поголема вклученост на социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките за вработување.

Планираните активности за зголемување на вработеноста ќе се реализираат со континуирано зголемување на средствата и бројот на лицата опфатени со активните програми и мерки за вработување согласно потребите на пазарот на трудот. Политиките ќе бидат насочени кон поттикнување и поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот (млади, долгорочно невработени лица, жени, лица со хендикеп и др.), заради зголемување на нивната вработливост и конкурентноста на пазарот на трудот, како и намалување на сивата економија.

### Европски Социјален Фонд

На среден рок, еден од основните приоритети е да се обезбеди ефективна и ефикасна имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“, а со тоа и стекнување на искуство за спроведување политики и мерки во областа развој на човечките ресурси финансирани со претпристапната помош. За таа цел, ќе продолжи имплементацијата на започнатите проекти и ќе почне реализацијата на нова група на проекти.

Ќе започнат и активности за затворање на програмата.

Ќе се имплементираат подготвителни активности за програмскиот период по 2014 година.

И понатаму ќе се унапредува институционалниот капацитет за управување и апсорпција на претпристапната помош, преку оптимизација на структурите и натамошно подобрување на кадровските капацитети и процедури особено во контекст на новиот програмски период.

### 3.19.5 Социјална вклученост

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Усвоен е Оперативниот план за 2012 година за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална исклученост во Република Македонија 2010-2020 со конкретни мерки и активности по поделните подрачја и се направи понатамошно надоградување на оваа Стратегија согласно насоките и принципите содржани во Стратегијата на Европската Унија - Европа 2020

Формиран е национален координативен механизам за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, кој функционира на две нивоа и тоа Совет на министри, на извршно

ниво и работно тело (Национална оперативна група) составена од претставници на релевантните линиски министерства, задолжени за процесот на социјално вклучување во различните области, и преставници на невладините организации одМакедонската платформа за сиромаштијата и социјалните партнери.

Реализирани се обуки за 100 претставници од 49 локални самоуправи и 81 претставник од 60 здруженија на граѓани за подготовка, менаџирање и имплементирање на проекти од областа на социјалната инклузија.
Заради подобрување на социјалните услуги наменети за лицата во неповолна положба направено е мапирање на крајните корисници и мапирање на засегнатите страни врз основа на кои е креирана методологија за обука и развиена е тренинг програми за стручните лица во овие институции. Во оваа насока зајакнати се капацитетите на 105 стручни лица.
Спроведени се микропроекти од областа на борбата против сиромаштија и социјалната исклученост во 8 општини (Липково, Берово, Пехчево, Чашка, Радовиш, Конче, Неготино и Студеничани), поврзани со усвоените локални стратегии за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост.
Во рамките на спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита, во 2012 година беше обезбедена одржливост на 2 служби за поддршка на домувањето во заедницата и тоа Неготино - Демир Капија и Скопје, во чии рамки функционираат 14 станбени единици за организирано живеење со поддршка, во кои се сместени 64 корисници со попреченост во менталниот развој над 18-годишна возраст.

Усвоени се измени и дополнувања на Законот за социјална заштита, со кои што се воведе додаток за мобилност и слепило во фиксен износ од 7,000 денари, којшто ќе го користат потполно слепите лица, лицата со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој кои што без помош на инвалидска количка не може да ги задоволат основните животни потреби како и лицата со 100% телесна попреченост.

Формирано е Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, за ефикасно следење и координирање на спроведувањето на ООН Конвенцијата и Оперативниот план за нејзина имплементација.
Во изминатиот период се имплементираше Акциониот план за изградба на пристапни рампи за лица со телесна попреченост во објекти кои што се во надлежност на МТСП во Демир Хисар и Кратово.
Подготвен е Оперативен план за 2012 година за имплементација на Националната стратегија за стари лица.
Формирано е и Национално координативно тело за имплементација на Националната стратегија за стари лица во Република Македонија, кое ќе врши годишен мониторинг и евалуација на реализацијата.

Отворени се дневни центри за стари лица и центри за давање помош во домашни услови во градот Скопје,.Во завршна фаза е отворањето на дополнителен дневен центар за стари лица во општина Вевчани. Продолжи да се имплементира и програмата за обезбедување на бањско-климатска рекреација, при што 5,000 пензионери ја искористија оваа услуга.

Отворен е 24-часовен Транзитен центар за деца на улица заради ефикасна заштита на децата на улица кои во текот на летната сезона престојуваат во Општина Охрид.

Како превенција од социјално исклучување, обезбедена е услугата - летен одмор за 2,000 деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Во рамки на Програмата „Патролна социјална работа" се продолжи непосредната социјална заштита на ранливите категории на граѓани во 4 пилот општини во Градот Скопје - Ѓорче Петров, Гази Баба, Центар и Шуто Оризари.

Социјалниот сервис „Народни кујни во руралните средини“ беше проширен во уште три општини во државата (Василево, Градско и Карбинци).
Се усвои Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство за периодот 2012-2015, на што му претходеа спроведувањето Национално истражување за утврдување за застапеноста на семејно насилство на цела територија на Република Македонија, како и Национално истражување за застапеноста на семејното насилство кај старите лица.

Во текот на 2012 година продолжи финансиското јакнење на невладиниот сектор за обезбедување на услуги насочени кон заштита на деца на улица, корисници на дрога и членовите на нивните семејства, лица со интелектуална попреченост над 18 години, жртви на семејно насилство и тоа преку најразлични вонинституционални форми на заштита и превенција. Дополнително беа финансиски поддржани здруженија на граѓани за организирање на обуки за стручните лица од Центрите за социјална работа за што поголемо вклучување на жртвите на семејно насилство во економските програми, како и организирање на обуки за околу 100 стручни кадри за рано препознавање на семејно насилство кај деца од предучилишните установи во 5 општини.

Во согласност Декадата и Стратегијата за Роми, реализирани се повеќе проекти и активности:

- инклузија на деца Роми во предучилишно образование (детските градинки), при што во учебната 2011/2012 година беа вклучени 393 деца Роми, на возраст од 3.8 - 5.7 години во 18 општини.
- спроведена Програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми од 1-ва и 4-та година средно образование, (доделени 600 стипендии);
- имплементирање на активни мерки за вработување за Ромите вклучени како целна група
- подобрување на пристапот кон здравствени услуги и опфатот на ромското население во системот на здравствена заштита, и реализација на програмата за Ромски здравствени медијатори
- отворени два нови Ромски информативни центри во Скопје (Топанско поле) и Виница,
- јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти вклучени во координацијата и имплементацијата на активностите за инклузија на Ромите;
- одржување на директни средби со локалното Ромско население за информации за различните права, програми и можности
- акција за евиденција на лица во матична книга на родените, ( добиени се податоци за 404 предмети и обработени се 305).
- заврши имплементацијата на Проектот за „Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Роми“, IPA Компонентата 1. Организирани се обуки, работилници и семинари, ревидирани се постоечките и изработени се нови локални акциони планови итн.;
- организирање на настани во рамките Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015 (од 1 јули 2011 до 30 јуни 2012 година).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Усвојување на надградената Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2012-2020 година, со посебен фокус на таргетирани ранливи групи во локалниот контекст, за чија успешна имплементација ќе се изготви Оперативен план за имплементација на мерки и активности предвидени во Стратегијата.
Во наредниот период интензивно ќе се јакнат капацитетите за прашањата од обласа на социјална инклузија и борба против сиромаштијата преку on-line курс наменет за сите заинтересирани граѓани.

Во насока на превенција од социјално исклучување ќе се продолжи со обезбедување на услугата бањско-климатска рекреација за пензионери, како и услугата - летен и зимски одмор за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Планирано е понатамошно проширување на мрежата на народни кујни во руралните средини (во општина Чешиново и Центар Жупа).
Особено ќе бидат значајни и активностите кои во текот на 2013 година ќе се реализираат во рамките на Проектот „Поттикнување на социјална инклузија и инклузивен пазар на трудот“, (кофинансиран преку IPA-Компонентата 4), преку кој ќе се обезбеди значително зајакнување на капацитетите на околу 220 претставници од центрите за социјална работа, агенциите за вработување, здруженијата на граѓани и заштитни претпријатија во државата за работа со ранливи категории на граѓани и нивна поддршка при вклучување на пазарот на трудот.
Ќе продолжат обуките за изучување на знаковниот јазик, согласно Законот за употреба на знаковниот јазик и Програмата на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, финансирани од Буџетот на РМ.

Во насока на подигнување на грижата за децата со пречки во развојот, вклучувајќи ги и децата со аутизам, планирано е отворање на еден Дневен центар за деца со аутизам, како и два дополнителни дневни центри за лица со интелектуална попреченост под 18 години.

Исто така, во континуитет ќе продолжи имплементацијата на Акциониот план за изградба на пристапни рампи за лица со телесна попреченост во објекти кои што се во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

Ќе продолжи со работа Националното Координативно тело за имплементација на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во Република Македонија во функција на следење на спроведувањето на имплементацијата на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и Оперативниот план за нејзино спроведување, за што ќе биде изготвен Извештај до Владата на Република Македонија на крајот на годината.
Во делот на подигнување и подобрување на грижата кон старите лица, планирано е понатамошно развивање на социјални сервиси за стари и изнемоштени лица во државата, во општини каде се јавува потреба и можност за реализација. Во рамките на овие сервиси ќе функционираат соодветни тимови преку кои ќе се задоволуваат основните егзистенцијални потреби на старите лица, како и обезбедување на потребната медицинска нега.

Во текот на 2013 година планирано е да се прошири и мрежата на дневни центри за оваа категорија на граѓани, со отворање на дневни центри, т.е. услуги за стари лица во две општини.

Со цел подобрување на квалитетот на грижата и заштита на децата во ризик и малолетните сторители на кривични дела, заради намалување на негативните последици што ги носи институционалниот третман, ќе се отвори мал групен дом во општина Кавадарци.

Во текот на 2013 година ќе се зајакнат и институционалните капацитети за заштита на децата од улица преку проширување на мрежата на установи за згрижување, со отворање на Дневен центар за деца на улица во општина Прилеп.

Заради системски и холистички одговор на оваа општествено негативна појава во 2013 година ќе биде подготвен и акционен план за заштита на децата од улица 2013-2015, со засилен акцент на социјалната и здравствената заштита на овие деца и нивно вклучување преку различни форми во образовниот систем на

Република Македонија. Во оваа насока ќе се спроведе кампања насочена кон граѓаните се со цел спречување на финансиската стимулација на децата на улица како општествено негативна појава.

Заради приближување на социјалните услуги до ранливите категории на граѓаните и нивна поголема социјална сигурност, во соработка со локалната самоуправа ќе се продолжи со проширување на програмата „Патролна социјална работа" во други три општини во останатите региони на државата.

Со цел да се постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување на полето на спречување и заштита од семејно насилство во Република Македонија, ќе се формира Националното координативно тело за спечување и заштита од семејно насилство, составено од претставници на ресорните министерства, пратеници од позицијата и опозицијата во Собранието на РМ и претставници од Националната мрежа за семејно насилство составена од Сојуз на невладини организации кои работат на превенција и заштита на ова поле.

Во рамки на правна и институционална рамка за справување со сите видови на семејно насилство, ќе се идентификуваат тесните грла на судскиот систем во процесот на обработка на случаите на семејно насилство и зајакнување на капацитетите за обезбедување на поефикасно управување со случаите на семејно насилство. Со цел реализација на предвиденото, ќе се развие методологија за спроведување на сеопфатна проценка на судските постапки во случаи на семејно насилство и ќе се развијат модули за обука базирани врз проценета на случаите за управување со семејното насилство за зголемување на капацитетите на професионалците.

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму ќе се продолжи со имплементација на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.

За подобрување на вклученоста на ромското население на пазарот на трудот и следната година е предвидено, во рамките Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување невработените Роми да бидат вклучени како посебна целна група во рамките на сите програми и мерки кои ќе се имплементираат, со што и понатаму директно ќе се придонесува кон подобрување на состојбата со невработеноста кај ромската популација.

И во текот на 2013 година ќе продолжи поддршката на работата на 11-те Ромски информативни центри кои моментално функционираат на територијата на Р. Македонија, кои ќе бидат фокусирани, пред сé на информирање на ромската заедница околу правата и обврските поврзани со приоритетните области вработување, домување, образование, здравство, човекови права и обезбедување на потребната помош и поддршка на ромската популација во остварувањето на правата, почитување на обврските и искористувањето на можностите.

Проектот за инклузија на децата Роми во предучилишното образование ќе продолжи да се имплементира и во текот на 2013 година, при што е планирано во учебната 2012/2013 година да бидат опфатени 459 деца-Роми на предучилишна возраст во 18 општини. Проектот ќе се реализира во соработка со општините и јавните предучилишни установи.

Исто така и во наредниот период ќе се продолжи со имплементација на програмата за стипендирање и менторство на средношколци Роми, која има за цел да придонесе кон зголемување на проодноста на средношколците Роми од година во година, како и кон подобрување на успехот на учениците и кон забрзување на интеграцијата во рамките на училишните активности. Преку оваа програма предвидено е стипендирање на 600 ученици-Роми за учебната 2012/13 година, како и обезбедување на менторство, преку избор на професори по математика и останати стручни и општествени предмети за кои самите ученици-Роми се изјаснуваат дека имаат потреба од дополнителна помош за совладување на одреден предмет, како и туторство, односно помош за успешно полагање на државна матура на ученици од 4-та година средно образование. Оваа програма ќе се имплементира со меѓусебна соработка помеѓу Министерството за образование и наука (Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците) и Ромскиот едукативен фонд (РЕФ).
Во делот на подобрувањето на пристапот до здравствениот систем за Ромската популација во текот на 2013 година се очекува да продолжат со работа постоечките 16 Ромски здравствени медијатори како и да се обучат нови 16 медијатори за работа во дополнителни 8 општини во државата. Новите 16 ромски здравствени медијатори би биле ангажирани во текот на 2014 година.

И во текот на 2013 година ќе продолжи функционирањето на проектот за бесплатна правна помош на Ромското население и функционирањето на мобилните правни канцеларии во Скопје, Тетово, Гостивар, Делчево, Штип и Кочани, преку кои ќе се обезбедува правна помош на ромската заедница (правни совети, барања, жалби). Во рамките на мобилните правни канцеларии ангажирани се 3 правни советници и 4 волонтери.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

На среден рок интензивно ќе продолжи имплементацијата на активности насочени кон подобрување на состојбите во делот на социјалната инклузија и борбата против сиромаштијата, при што приоритет ќе претставува континуираната и доследна реализација на целите кои се зацртани во усвоените стратешки документи - Националната стратегија за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување, Стратегијата за деинституционализација, Стратегија за заштита од семејно насилство, Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност, Националната стратегијата за заштита на старите лица.

Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, планирано е отворање на 3 нови дневни центри за оваа категорија на деца (во општините Кратово, Валандово и Липково).

Во однос на заштитата на старите лица, планирано е понатамошно проширување на мрежата на дневни центри за стари лица.

Националното координативно тело за имплементација на Националната стратегија за стари лица во Република Македонија ќе врши годишен мониторинг и евалуација на реализацијата на истата и ќе доставува годишни извештаи за преземените мерки за спроведување на Стратегијата до Владата на Република Македонија.

Заради подобрување на квалитетот на грижата и заштитата на деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела, ќе се зајакнат капацитетите преку отворање на мали групни домови за деца со воспитно-социјални проблеми и ќе се отворат соодветни простории за деца во сите Центри за социјална работа.

На среднорочен план ќе продолжи унапредувањето на заштитата на децата на улица преку зајакнување на професионалните капацитети на стручните лица кои работат со појавата на деца на улица. Планирано е зголемување на превентивните активности за намалување на ризикот за економска и физичка злоупотреба на децата, како и спроведување на активности со родителите на децата од улица кои ќе ја зголемат свеста кај овие лица за одговорно родителство, потребата за образование на нивните деца, намалување на појавата на малолетнички бракови и инцести во семејствата.

Континуирано ќе се унапредува и заштитата на децата-жртви на семејно насилство, преку зајакнување на стручните капацитети на вработените во центрите за социјална работа и преку проширување на мрежата на советувалишта за родители и деца.

И на среден рок, активно ќе се работи на континуираната и доследна реализација на целите од Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите и имплементација на планираните активности за подобрување и унапредување на положбата и социјалната инклузија на ромската популација.

### 3.19.6 Социјална заштита

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во делот на пензискиот систем, во текот на 2012 година подготвен и усвоен е нов Закон за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ бр 98/2012), претставува еден вид на пречистен текст на претходниот закон.

Во новиот закон се зајакнуваат критериумите за остварување правото на инвалидска пензија и воспоставување на процент на инвалидност кај осигуреникот. Исто така, воспоставен е интегриран систем на законско уредување на податоците за пензиски стаж и плата. Има промена на формулата за намалување на старосната граница на работниците кои работат на работни места кои се изведуваат под земја, односно во рудници со подземноископување. Се фиксира стапката на придонес во вториот пензиски столб на 6%, наместо досегашното решение дека стапката на придонес ќе изнесува 35% од вкупната стапка за пензиско и инвалидско осигурување. На овој начин се постигнува пред сѐ, поголема транспарентност, како и обезбедување на сигурност на придонесот во вториот пензиски столб којшто нема да се намалува кога ќе се врши намалувањето на стапката на придонес. извршена е промена во составот на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, како во однос на бројот на членовите, составот, така и во делот на квалификациите на членовите.

Во јануари 2012 година донесен е Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на РМ бр.11/2012), со кој се регулираат видовите на исплати на пензии од вториот столб и видовите на пензиски надоместоци од третиот столб, како и институциите кои ќе бидат вклучени во исплатата на пензиите.

Со измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, (Службен весник на РМ бр.98/2012) се воспостави оперативна независниот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) .

Предвидено е покачување на висината на социјалните надоместоци за социјалната парична помош и постојана парична помош за 5%, со подготвениот Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, кој е собраниска постапка, а ќе се применува од март 2013 година.

Мерки за намалување на сиромаштијата се вградени и во Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија, согласно која од август 2012 година висина на субвенцијата е зголемена од 600 на 700 денари.

Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2012/2013 година непречено се имплементира. Висината на условениот паричен надоместок е 12,000 денари. Со воспоставување на електронска евиденција на корисници на парични права и услуги се поедноставија административните процедури и се создадоа услови за растеретување на корисниците во поглед на обезбедување на документи за остварување и користење на правата од социјална заштита.

Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2012 година, се имплементира во согласност со Оперативниот план за 2012 година.

Се спроведе проект „Зајакнување на локалните капацитети за давање на социјални услуги", во четири пилот општини: Гостивар, Ресен, Кочани и Петровец, одредени според урбано-руралниот карактер, големината на општините, етничката разновидност и географската дисперзираност.

Донесен е Правилник за начинот и постапката за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните лица во установите за социјална заштита, висината на трошокот за издавање на лиценца, формата, содржината и образецот на лиценцата за работа („Службен весник на РМ" бр.4/12). Досега се издадени вкупно 578 лиценци за работа на стручните лица во установите за социјална заштита.

Заводот за социјални дејности реализираше поголем број на обуки по изготвена Тренинг Програма, со кои се обучени 207 стручни лица за обласите вештини на управување во социјалната заштита.

Во текот на 2012 година Секторот за инспекциски надзор спорведе редовни инспекциски надзори во 32 центри за социјална работа и 12 јавни и приватни установи од социјална заштита, како и 33 вонредни инспекциски надзори по службена должност, по иницијатива од граѓани, надлежен орган, други органи и организации и други правни лица, а заради контрола на постапувањето по изречените мерки при претходно извршен надзор, беа спроведени и 30 контролни инспекциски надзори.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во делот на пензискиот систем_во Република Македонија, во почетокот на 2013 година ќе се подготват измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, коишто ќе се однесуваат на засилување на принципите на инвестирање и креирање и почитување на инвестициона стратегија, воведување на фидуцијарната улога на пензиските друштва и управување со ризиците, како и назначување на актуар во рамките на пензиските друштва. Во делот на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување ќе се изврши намалување на надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва .

Исто така, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување (МАПАС) во март 2013 година ќе подготват анализа на инвестициските правила, лимити и критериумите на законските и подзаконските акти од капиталното финансирано пензиско осигурување.

Во април 2013 година ќе се презентираат резултатите од извршеното истражување на јавното мислење за реформираниот пензиски систем во Република Македонија, кое има за цел да се подигне јавната свест за подобра информираност за пензискиот систем од една страна, како и обезбедување информации за институциите во рамки на пензискиот систем на РМ за преземање дополнителни активности за подобрување на своето работење и излегување во пресрет на интересите на своите осигуреници, од друга страна.

Во наредниот период, во системот на социјалната заштита ќе се продолжи со преземањето на мерки за обезбедувањето на дополнителна поддршка на најзагрозените категории на граѓани, преку носењето и спроведувањето на посебните програми за субвенционирање на потрошувачката на енергија и условените парични надоместоци за редовно посетување на средно образование. Со цел за создавање на услови за социјална интеграција на лицата кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители или родителска грижа, ќе се предвидат мерки за нивно вработување по напуштање на институцијата или згрижувачкото семејство. Владата на Република Македонија ќе донесе посебна програма, со која ќе се утврдат мерките за вработување на овие лица, носителите за спроведување на мерките, роковите за имплементација и потребните финансиски средства.

Националното координативно тело за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе донесе Оперативен план за 2013 година, со кој посебен акцент ќе се стави на воведување на поефективна превенција во областа на социјалната заштита преку дејноста во установите за социјална заштита, како и натамошно јакнење на капацитетите на локално и национално ниво за обезбедување на социјални услуги за ранливите групи на граѓани.

Во согласност со предвидените активности на проектот „Зајакнување на локалните капацитети за давање на социјални услуги“, во првиот квартал на 2013, ќе се изготви Прирачник за развој на социјални услуги на локално ниво и ќе се спроведат посебни обуки за давателите на социјални услуги во четирите општини Кочани, Петровец, Гостивар и Ресен. Со овие активности ќе се овозможи да се зголемат капацитетите на општините низ Македонија за планирање, развој и давање на квалитетни социјални услуги за потребите на маргинализираните граѓани во нивните заедници. Овие активности се реализираат во насока на подготовка и поддршка на општините и релевантните институции за процесот на превземање на одговорностите/надлежностите за давање на социјални услуги, во согласност со целите на Националната програма за развој на социјална заштита 2011-2012.

Процесот на давање, обновување и одземање на лиценци на стручните лица во установите за социјална заштита ќе продолжи, согласно изготвената Програма за почетна и континуирана обука од Заводот за социјални дејности. Во постапката за добивање лиценца за работа на стручните лица, ќе се испорача почетна обука во траење од 40 часа во процесот на давање на лиценца за работа на стручните лица, како и континуирана обуки за обновување на лиценцата на стручните работници (очекуван број - 720 стручни работници ).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во делот на пензискиот систем, на среден рок планирани се активности поврзани со воспоставување на мултифондови во вториот и третиот столб на пензискиот систем, со цел во наредниот период да се овозможи избор на инвестициски опции за членовите, во зависност од нивните преференции за ризик и принос во рамките на пензиско штедење, усогласено со животниот циклус на членовите. Со воведување на мулти фондови ќе се воспостави можност за намалување и на лимитите во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во кое се опфатени професионалните пензиски шеми, што е препорака и на Европската Комисија.

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе се координира и следи преку годишните оперативни планови донесени од Координативното тело.

И понатаму во наредниот период ќе продолжи обезбедувањето на поддршка на најзагрозените категории на граѓани, преку обезбедување на дополнителни програмски парични надоместоци.

### 3.19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Усвоен е новиот Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“, бр.6/2012), со кој се унапредува законската рамка во делот на еднаквите можности и се заокружува усогласеноста на националното законодавство со Директивите 2000/78/ЕЗ, 2002/73/ЕЗ, 2004/113/ЕЗ. Законот целосно ги уреди прашањата за воспоставувањето на еднаквите можности и еднаков третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите, постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и должностите на Застапникот за еднакви можности на жените и мажите, како определено лице за спроведување на постапката за утврдување нееднаков третман. Со законот се зајакнува позицијата на координаторите во министерствата и локалните самоуправи со уредување на нивните надлежности, со што дополнително се зајакнуваат административните капацитети во однос на родовата рамноправност. Формирана е интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, чија задача е да обезбеди поефикасна имплементација на регулативата и програмите од обласа на родовата рамноправност.

Подготвена е Стратегија за родова еднаквост, како главен стратешки документ во однос на воспоставувањето на еднаквите можности на жените и мажите во севкупното општествено живеење во Република Македонија, за периодот 2013-2020 година. Со Стратегијата подготвен е и Национален акциски план за родова еднаквост 2013-2016.

Усвоена е Стратегијата за родово одговорно буџетирање. Родово одговорното буџетирање, овозможува при креирањето и спроведувањето на политиките да се имаат предвид различната положба на жените и мажите и различните пречки со кои тие се соочуваат, истовремено создавајќи услови во креирање на поефикасни програми, а јавните средства да се трошат поцелисходно.

Подготвен е и Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 на Обединетите Нации за учеството на жените во превенција на конфликти и мирно решавање на конфликтни ситуации.

Подготвена и усвоена е Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2012-2015 по основ на пол, етничка припадност, возраст и ментална и телесна попреченост, како стратешки документ кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиките за подобрување на еднаквите права и еднаквите можности, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на еднаквост и недискриминација во Република Македонија.

Во текот на годината организирани се поголем број на различни настани како обуки, семинари, работилници,трибини и други настани за различни субјекти на национално и локално ниво.

Исто така, се реализираа и повеќе активности насочени кон подобрување на состојбата на жената-Ромка и зајакнување на капацитетите за обезбедување на еднаков третман на жените-Ромки во Република Македонија.

Почна имплементацијата на проектите од грантовата шема за „Подобрување на потенцијалите за вработување на жените од немнозинските етнички заедници", како и имплементацијата на Проектот за „Зајакнување на капацитетите за интеграција на жените на пазарот на трудот, со посебен акцент на жените од немнозинските етнички групи" (во рамките на ИПА Компонентата 4),.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Подготовка на годишниот Оперативен план за 2013 година за имплементација на Стратегијата и на Националниот акциски план за родова еднаквост 2013-2016. Оперативниот план ќе ги вклучи сите активности и мерки предвидени во националниот план, со временска рамка на имплементација во текот на 2013 година.

Во почетокот на годината ќе биде изработен и Оперативен план за 2013 година за имплементација на Стратегијата за родово одговорно буџетирање, по што ќе се отпочне со имплементација на активностите и мерките предвидени во него.

Исто така ќе се спроведуваат активности кои се планирани во Акциониот план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста, како и во акциските планови за имплементација на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.

За успешно функционирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, ке биде изработен Деловник за работа со кој поблиску ќе се утврди делокругот и начинот на работа на ова група.

Во текот на годината и понатаму ќе продолжат континуирани активностите за соработка и координација со единиците на локалната самоуправа и механизмите за еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво.

Ќе се реализираат и поголем број на активности за зајакнување на капацитетите и за подигнување на свеста за прашања од областа на родовата рамноправност, родовото одговорно буџетирање, како и за концептот на еднаквост и недискриминација и заштитата од дискриминација.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

За наредниот период планирано е континуирано спроведување на активностите во согласност стратешките документи и акциските планови од областа на еднаквост и недискриминација и родова рамноправност.Во континуитет ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност.

# 3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

## 3.20.1 ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Принципите на политика на претпријатија во Република Македонија се реализираат преку постојано подобрување на деловната клима и елиминирање на административните бариери (регулаторната гилотина, РИА, едношалтерски систем) како и преку политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентноста на економијата базирана на знаење, иновации, соработка и извозна ориентација преку имплементација на повеќе стратешки документи: Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, базирана на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act), Програмата за поттикнување инвестиции во Република Македонија 2011-2014, насочена кон елиминирање на разни бариери за инвестиции, Стратегијата за извозната промоција, Стратегија за иновации, Програма за поддршка на кластерско здружување и слично. Сите документи кои се подготвуваат ги следат препораките од стратегијата ЕУ 2020 и поврзаните иницијативи за инклузивен, одржлив и паметен раст.

Со спроведување на Регулаторната реформа преку Регулаторната гилотина и Проценката на влијанието на регулативата (ПВР-РИА) се намалија бирократските процедури и се олесни водењето на бизнис. Во текот на 2012 година континуирано се реализираа мерките од втора и трета фаза на Регулаторна гилотина. Во насока на подобрување на деловната клима и остварување на континуиран дијалог со бизнис заедницата во текот на 2012 година се продолжи со нови консултации и во јуни оваа година Владата го усвои Акциониот план за реализација на 40 мерки од четвртата фаза на Регулаторна гилотина „Предност на малите“ каде фокусот е ставен на поедноставување на условите за работа на малите и средни претпријатија. Со реализацијата на овие мерки, ќе се придонесе за поедноставување на процедурите за обезбедување на потребната документација од страна на државните и јавните институции и учеството при јавни набавки, скратување на роковите за добивање на градежни дозволи при изградба на производствени капацитети во одредени делови од индустријата, зајакнување и проширување на системот за интероперабилност, зајакнување на капацитетите на државните службеници преку дополнителни обуки, зголемен број на информативни кампањи во областа на земјоделството за искористување на ИПАРД фондовите, дополнително намалување на царинските стапки и др.

Дополнително, во согласност со Програмата за работа на Владата за периодот 2011-2015, беше инициран нов проект - “Регулаторна Гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците за занаетчиите”, во чии рамки се усвоени сет од 20 прифатливи барања, за кои институциите веќе преземаат активности.

ЕНЕР – от  претставува електронски систем кој покрај постојните прописи во Република Македонија ги содржи и предлог законите на министерствата во фаза на подготовка, заедно со Извештаите од спроведените ПВР овозможувајќи им на засегнатите страни да достават коментари и предлози директно до

надлежните институции по однос на предлог регулативата. Во ноември 2012 година беше направена промоција на новите надградени можности на овој систем и беа спроведени обуки на државните службеници поврзани со надградените технички функционалности на ЕНЕР.

Од аспект на принципите за создавање конкурентна економија базирана на знаење и иновации, процесот на зголемување на конкурентноста како комплексен процес е дефиниран во повеќе стратешки документи кои се усвоени, а во тек е нивна имплементација која вклучува соработка, дијалог и координација на многу институции и актери.
На ниво на Владата постојат повеќе комитети кои го поддржуваат овој процес на највисоко ниво и тоа: Меѓуминистерски комитет за конкурентност, Комитет за претприемништво и иновации, Комитет за технолошки развој, Комитет за странски инвестиции, Комитет за туризам и други.

Од аспект на дијалог со бизнис заедницата се имплементираат повеќе форми за регуларна комуникација меѓу Владата, министерствата и бизнис заедницата преку средби со стопанските комори, посета на голем број фирми, организирање заеднички конференции и семинари и дискусија на клучни развојни теми. Продолжува праксата за посета на бизнис заедницата и преку согледување на идеите и иницијативите да се предлагаат нови проактивни мерки. Овој проект "Учиме од бизнис–заедницата" се покажа како успешен.

За обезбедување поефикасен и функционален дијалог со бизнис заедницата се рестартираше НСПК (Националниот совет за претприемништво и конкурентност) како тело за трипартитен дијалог. Функцијата на овој Совет е да се подобри конкурентноста преку идентификување на проблематични области и изработка на национални стратегии за унапредување на конкурентноста на македонската економија, подобрување на условите и намалување на трошоците за водење бизнис, промоција и поттикнување на извозот за производите и услугите со повисока додадена вредност кон растечките пазари, надвор од земјите од регионот, вклучување на финансиските институции во развојот на конкурентна економија, како и зголемување на домашните и странските инвестиции. Во рамките на своите активности Советот исто така го следи и Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум.

За поголема транспарентност и подобра информираност на бизнис заедницата за програмите, проектите, стратешки документи, донаторски проекти и европските фондови беше развиен портал КОНКУРЕНТНОСТ.МК каде на едноставен и прегледен начин може да се добијат сите овие информации за постојните програми и мерки кои се нудат на бизнис секторот за поголема конкурентност. Исто така, со поддршка од донатори е развиен и портал за извозна промоција.

- Имплементацијата на документот „*Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*", кој ги дефинира основните правци во развојот на македонската индустрија базирани на знаење, иновации, интернационализација, соработка и еко аспектите во развојот, се реализира тековно преку повеќе програми и мерки поддржани од страна на различни институции- министерства и агенции.
- За одредени области од индустриската политика како платформа, се развија и се имплементираат стратешки документи кои ја прецизираат развојната рамка и тоа за извозна промоција, иновации, развој на мали и среди претпријатија, кластери и сл.
-

Во 2012 беше усвоен Акционен план за подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија како интегриран акционен план за подобрување на позицијата на Република Македонија според ИГК на СЕФ и Акционен план за имплементација на индустриската политика за 2012-2013, како интегриран план за координација на активностите за имплементација на индустриската политика и мониторинг и евалуација на истата преку следење на повеќе индикатори.

Политиките и активностите за поддршка и развој на МСП произлегуваат од Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, Стратегија за развој на занаетчиство 2012-2020, годишните програми за МСП и Актот за мали бизниси на ЕУ.

Програмата за поттикнување инвестиции во Република Македонија 2011-2014 нуди мерки за создавање поволна деловна клима за инвестиции  кои ќе доведат до привлекување на повеќе и поквалитетни инвестиции, подинамичен економски раст и развој на земјата.

Институционалната поддршка на претпријатијата се одвива преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, повеќе бизнис и регионални центри. Секако дека од посебна важност се разните форми на партнерства, кластерите и други организациони форми поддржани од разни донатори.

За регуларно следење на конкурентноста во економијата се следат рангирањата на РМ во Светскиот Економски Форум, Doing Business, Глобалниот иновациски индекс, Индексот на политики за МСП, Иновациската матрица  и други.

Во насока на создавање одржлив економски развој, во тек е имплементација на проектот поддржан од Светска банка  - Програма за  Зелен развој – чиј фокус е на создавање работни места, вклучувајќи раст, адаптација кон климатските промени, намалување на емисиите на стакленички гасови, како и реформи на политиките во насока на зазеленување на економијата. Програмата вклучува студии, анализи, техничка помош и обука , преку повеќе активности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Создавање поволна деловна клима и поттикнувањето на конкурентноста на македонската индустрија се дел од клучните приоритети на политиките на Владата.
- 

Во насока на понатамошно унапредување на деловната клима и продолжување со Регулаторната реформа, во следниот период  ќе продолжи континуирано следење на имплементацијата на мерките дефинирани во акциските планови од Регулаторна гилотина, како и спроведување на усвоените препораки и мерки од Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа. Се очекува во идниот период да се измени и подобри законската регулатива која се однесува на работењето на занаетчиите, во насока на намалување  на трошоците и поедноставување на  процедурите за вршење занаетчиска дејност.

Со цел олеснување на процесот на започнување и водење на бизнис во Република Македонија, како и овозможување на потенцијалните инвеститори сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да ги добијат од едно место, Владата  спроведува активности за  формирање на One Stop Shop за  инвеститори (Регистар).  Во рамките на проектот ќе биде изработена физибилити студија во која ќе бидат образложени повеќе предлог опции за воспоставување на едношалтерски систем. Дополнително, во 2013 ќе се спроведе пилотирање на проект за издавање на дозволи за градба преку Министерството за транспорт и врски, за тестирање на електронскиот пристап за воспоставување на електронски едношалтерски систем преку кој ќе се обезбедуваат  online услуги за бизнисите.

Во насока на подобар и поефикасен дијалог со бизнис заедницата ќе продолжат активностите на развивање функционален Национален совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) преку изградба на неговата функција, капацитети и негова одржливост.

Со цел постигнување на широк консензус, креирање на економски политики и зајакнување на дијалогот со бизнис - заедницата, Владата  во периодот 2013 - 2015 ќе продолжи со спроведувањето на проектот “Учиме од бизнис–заедницата”.

За понатамошно подобрено информирање на бизнис заедницата ќе се работи на постојана надградба на порталот КОНКУРЕНТНОСТ.МК и порталот за промоција на извозот.

Како краткорочен приоритет за понатамошна поддршка и поттикнување на конкурентноста е успешна имплементација на донесените стратешки документи кои ги потврдуваат приниципите за создавање на поволна и атрактивна деловна клима и конкурентна економија и тоа: Индустриската политика на РМ 2009-2020, Стратегијата за развој на МСП, Стратегијата за промоција на извоз, Стратегијата за иновации, Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија 2011-2014, Стратегијата за занаетчиството, како и Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија, за подобрување на позицијата на Република Македонија според ИГК на СЕФ и Акциониот план за имплементација на индустриската политика за 2012-2013.

Во рамките на ИПА Компонента 1, одобрен е проект *"Зајакнување на капацитетите за имплементација на индустриската политика".* Преку овој проект ќе биде поддржан развојот на институционалниот капацитет за имплементација на индустриската политика, а ќе бидат промовирани и повеќе пилот проекти кои ќе обезбедат имплементација на дел од приоритетните мерки во стратешките документи за поттикнување на конкурентноста. Се очекува овој проект да има позитивни ефекти врз сите засегнати страни.

Во 2013 година со поддршка од ИПА – Зајакнување на институционалниот капацитет за имплементација на индустриската политика се планира да се направи ревизија на досегашната имплементација на индустриската политика и да се донесе нов ревидиран документ следејќи ги актуелните состојби и приоритети за создавање конкурентна економија и да се развие нов стратешки документ за развој на МСП, и реактивирање на обсерваторија за МСП. Исто така планирани се голем број обуки за институциите инволвирани во креирање и имплементирање на политиките за конкурентност.

Заради успешно имплементирање на мерките ќе продолжи активноста за водење ефикасен дијалог со бизнис заедницата, координација на активностите меѓу институциите како и ефикасна координација со донаторските проекти преку програмскиот пристап и билатерално.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе се работи на континуирано подобрување на деловната клима, привлекување СДИ, зголемен извоз, зголемување на конкурентноста базирана на знаење и иновации, развој на претприемништвото, иновативноста, поттикнување и развој на занаетчиството преку имплементација на стратешките документи, зајакнување на институционалниот капацитет и континуиран дијалог со бизнис заедницата. Во насока на одржлив економски развој ќе следи ефикасно користење на структурните фондови.

### 3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Инструментите кои се користат за спроведување на политиките на претпријатија и индустриската политика за поттикнување на конкурентноста на Република Македонија се дефинирани во повеќе програмски документи. Во оваа насока, во изминатиов период континуирано се спроведуваа следниве годишни програми: Програма за имплементација на индустриската политика , Програмите за поддршка и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП, Програма за развој на кластерите , Програма

за технолошки развој, Програма за поттикнување инвестиции за 2011-2013, Програмата за техничка култура, како и голем број индивидуални проекти.

Програмата за имплементација на индустриската политика за 2012 година се реализира со поддршка од УСАИД, при што обезбеди поддршка за бизнис секторот во делот на зајакнување на капацитетите за развој и имплементација на проекти за создавање конкурентен производ, развој на пазар преку поддршка на истражување на пазар, развој на бренд, маркетинг стратегија, прилагодувања на барањата на европскиот пазар, поддршка на еко производство, комерцијализација на патентирани иновации и слично.

Поддршката на МСП се реализира преку програмите за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП кои се имплементираат на годишно ниво од страна на Министерство за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ (АППРМ), соодветно.

Министерството за економија во делот на МСП обезбеди поддршка на бизнис инкубаторите, женското претприемништво, занаетчиите и занаетчиските комори и имплементација на годишните програми на ЕИИЦМ (ЕЕН), поддршка на организирање промотивни настани за претприемништво.

АППРМ реализираше бројни активности за поддршка на претприемништвото во Република Македонија како обуки за женско претприемништво, доживотно учење – претприемништво, обуки за локални консултанти, иновации и претприемништво, обуки за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа, ИПР и заштитата на правата од интелектуална сопственост. Воедно, Агенцијата учествуваше и на Европскиот ден на претприемачот и Европската недела на МСП, како и седмиот ромски економски и бизнис форум. Агенцијата континуирано го реализира проектот "Инфо пулт", во соработка со осум регионални инфо центри, како и Ваучерскиот систем за субвенционирано советување. Исто така, Агенцијата е вклучена и во програмата на Владата на РМ за Активни политики за вработување за 2012 – поддршка за самовработување со грант и кредитирање. Активностите на Агенцијата се зајакнати и преку учеството како партнер институција во конзорциумот на Европскиот Информативен и Иновативен Центар во Македонија (дел од Enterpise Europe Network); Проектот "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење„ - поддржан од Австриската Развојна Агенција; Проектите "Интеррегионална соработка за валоризација на истражувачките резултати„ и ""Механизам за поттикнување на иновативноста во ЈИЕ" - ИПА Програма за транснационална соработка на ЕУ за ЈИЕ; Проектот "Регионална Програма за докторски студии за претприемништво и менаџмент во земјите на Западен Балкан„ - во рамките на TEMPUS Програмата; Проект "Европска мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија"– ЦИП Програма.

Министерството за образование и наука ја имплементираше годишната Програма за технолошки развој со која се поттикнуваат и помагаат субјектите на технолошкиот развој во остварување на нивните развојни цели и програми како и Програмата за техничка култура со која се поттикнува и помага реализирање на програмските активности на носителите на јавни овластувања во техничката култура.

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот - АСИПИ е главната институција која е задолжена за промоција на инвестиции и промоција на извозот преку организирање на road show и други промотивни настани. Од аспект на поддршката на странските инвеститори Агенцијата гради партнерски однос со потенцијалните странски инвеститори и е фокусирана на обезбедување квалитетни услуги и информации/информативни пакети на потенцијални странски инвеститори во фазата на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање, како и обезбедување на конкретна професионална услуга-техничка помош на истите, развивање template програми за организација на посети на странските инвеститори во земјата и друго.

Со надградување на системот CRM и подобрување на неговата ефикасност и ефективност, се олесни евиденцијата на податоци за реализирани посети и сите останати активности на економските промотери, follow up на истите од страна на Секторот за услуги на инвеститори.

Што се однесува до процесот на економска промоција, моментално активно работат 24 економски промотори сместени во Амбасадите и ДКП- ата во различни земји, чиј што број дополнително ќе се зголемува, а се очекува до крајот на 2012 година бројот на вкупно ангажирани промотери да биде 29. Економските промотори, покрај работа на презентација и промоција на инвестиционите можности, паралелно работат и на извозна промоција.

Привлекувањето странски инвестиции во технолошките индустриски развојни зони претставува еден од приоритетите на Владата. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно Законот за ТИРЗ ги врши работите сврзани со планирањето, основањето, изградбата, развојот и следењето на работата на технолошки инустриските развојни зони на територијата на Република Македонија. За инвестирање во технолошко индустриските развојни зони (ТИРЗ) согласно Законот за ТИРЗ се дадени посебни поволности за инвеститорите за развој на високо пропулзивни и современи технологии и нови вработувања.

Оперативни ТИР Зони на територијата на Р.Македонија се ТИРЗ Скопје 1 ( со пет активни корисници и еден корисник во фаза на изградба на објект), ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип ( по еден корисник во фаза на изградба на објект, но не се отпочнати со процес на производство).

Имплементацијата на Стратегијата за извоз се реализира преку Акцискиот план за промоција на извозот за 2012 година, во соработка со повеќе институции и донаторски проекти.

Проектот на УСАИД ИДЕАС изработи Стратешка рамка и бизнис модел со која се утврдуваат секторите со најголем извозен потенцијал и се дефинираат активностите кои ќе ги извршува Агенцијата во оваа област и услугите кои ќе ги нуди. Светска банка подготви оценка за македонската трговска конкурентност и анализа на четири сектори нудејќи конкретни препораки за нивно зголемување.

Агенцијата во соработка со странски организации УСАИД ИДЕАС, УСАИД АгБиз и ГИЗ успеа да имплементира повеќе промотивни настани за промоција на извозот и Б2Б средби во 2012 година во дефинираните таргет сектори.

**П**роектот „Топ менаџмент”, претставува сеопфатна програма преку која на менаџери од македонски извозно-ориентирани компании, им се обезбедува теоретска обука во Република Македонија за зајакнување на менаџерските вештини и знаења и практична обука во компании од соодветни области во странски развиени земји.

Проектот се спроведува во две фази. Во тек е реализацијата на втората фаза со која е предвидено е да се обезбеди теоретска обука на нови 100 менаџери во текот на 2013 година, а потоа, предвидено е да се обезбеди практична обука за менаџерите кои во првата фаза на проектот се здобиле само со теоретска обука.

Врз основа на претходно спроведена анализа со поддршка на ОЕЦД Владата на Република Македонија изработи Стратегија за Иновации (2012-2020) и во октомври 2012 година усвои Акциски план за периодот од 2013 до 2015 година. Мерките и активностите предложени во Стратегијата ги адресираат следниве четири области на дејствување:

- Зајакнување на склоноста на бизнис секторот за внесување иновации

- Зајакнување на човечките ресурси за иновации
- Создавање на регулаторно окружување за поддршка на иновациите
- Зголемување на протокот на знаење помеѓу актерите во иновациите

Со имплементирањето на овие мерки се очекува да се зајакне конкурентноста и да се поттикне економски развој заснован на знаење и иновации, што всушност претставува една целите на Стратегијата за Европа 2020. Истовремено, Стратегијата за иновации ќе придонесе за создавање на ефективен систем за иновации за сите инволвирани страни (бизнис заедницата, академскиот сектор и државните органи).

Имплементацијата на *Национална Агенда за оптшествена одговорност на претпријатијата (ООП) 2008-2012* година се реализира тековно, преку промовирање на принципот на општествена одговорност со што се поттикнуваат компаниите да ги интегрираат социјалните грижи и грижата за заштита на околината во нивните деловни активности и во нивната интеракција со заинтересираните страни. Проектот „*Поддршка на Националната агенда за ООП во РМ*" кофинансиран од ЕК во рамките на првата компонента на ЦИП (Competitiveness and Innovation Programme) успешно се реализира и е продолжен за шест месеци.
Во ноември 2012 се одржа петтото по ред, јубилејно издание на церемонијата на доделување на Националната награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија за 2011 година, со цел промовирање на позитивните практики на општествено одговорно делување, како и унапредување на општествената одговорност кај претпријатијата во Република Македонија.

Во рамките на имплементацијата на *Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во РМ за 2012 година*, се реализираше проектот: „Мерење на иновативниот капацитет на компаниите-членки на кластерските здруженија", на база на дефинирани индикатори и спроведување на анкетно истражување меѓу членките на кластерските здруженија, по што следуваше изготвување на Листа на компании со најголем иновативен капацитет. Се подготвија три листи, посебно за големи, средни и мали компании. Воедно се организираа и семинари за подигање на свеста за значењето на иновациите за зголемување на конкурентноста на компаниите во кластерите.

Во насока на подобра информираност за европските програми и можностите за соработка со странски фирми *„Enterprise Europe Network"* и *Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија* (ЕИИЦМ) како дел од оваа мрежа активно продолжуваат да ги реализираат зацртаните проектни активности во делот на бизнис соработка и информации за европскиот пазар и ЕУ фондовите, трансфер на иновации, технологии и знаења, научни истражувања и развој.

Република Македонија има пристап за учество во Програмата за конкурентност и иновации ЦИП (*Competitiveness and Innovation Programme*), *Подпрограма за претприемништво и иновации* (Enterpreneurship and Innovation Programme) од 2007 година и во *Подпрограма за интелегентна енергија на Европа од 2011 година*. За поефикасно користење на средствата од Програмата ЦИП, Министерството за економија, како национална партнер институција за оваа програма, ги координира активностите околу преговарање членство, плаќање на влезни билети, информирање на ВРМ, ја промовира програмата преку учество на јавни настани, конференции, форуми, средби со бизнис заедницата, објавува информации, повици за предлози, се грижи за зајакнување на капацитетите. Во соработка со Делегацијата на ЕУ во РМ реализирани се промотивни активности за подобрување на информираноста на бизнис заедницата во врска со оваа програма, во повеќе градови.
За Подпрограмата за интелегентна енергија на Европа, Меморандумот за разбирање е потпишан во 2011 година и веќе е добиен и започнат прв проект, Градење капацитети во градежниот сектор, чиј координатор е Стопанската комора на Македонија.

Република Македонија е полноправна членка на *Програмата ЕУРЕКА*, преку која со партнери од земјите членки на ЕУРЕКА, се реализираат иновациски и развојни проекти со кои се поддржува бизнис секторот, а исто така има пристап за користење на средства од Рамковната програма за научноистражувачка дејност и технолошки развој (*FP 7- Seventh Framework Programme for research and technological development*).

Во изминатиот период континуирано се спроведуваа А*ктивните програми и мерки за вработување* согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012 година. Во рамките на овие активности беа поддржани невработени лица кои сакаат за започнат сопствен бизнис со посебен осврт на млади лица, долгорочно невработени и жени.

Реализацијата на втората фаза на *Проектот едношалтерски систем за регистрација*, кој меѓу другите институции ја вклучува и Агенцијата за вработување, а со кој се овозможува процесот на забрзување на постапката за регистрација на компании, е во завршна фаза, односно фаза на тестирање.

Од аспект на подобрување на *пристапот до финансии*, во 2012 година се реализирани повеќе мерки преку МБПР и тоа:

- Нова кредитна линија од ЕИБ 100 мил. ЕУР (трета фаза) за поддршка на МСП и приоритетни проекти. Станува збор за една од најголемите и најповолните кредитни линии посебно имајќи предвид дека каматната стапка е фиксирана на 5,5% годишно (истата е субвенционирана од страна на државата);
- Реализација на кредитна линија за поддршка на МСП со гарантна шема;
- МБПР во име и за сметка на Владата на РМ управува со средствата од компензациони фондови од странска помош за одобрување на кредити за:

- преработка на земјоделски производи и
- извоз на примарни земјоделски производи и нивни преработки со каматна стапка од 3%.

- Отпочната е директна поддршка на извозните компании;
- Покрај осигурувањето на извозните побарувања, со цел намалување на ризиците на компаниите воведено е и осигурување на домашни побарувања. Притоа, и кај двата вида на осигурувања, МБПР гарантира наплата од минимум 90% од вредноста на побарувањето;
- Воведено е и осигурување на побарувањата на подружниците на македонските компании во странство, и воведено е осигурување од политички ризик.

Во насока на подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија во следниот период, тековно се имплементира *Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи.*

.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Еден од приоритетите за 2013 година ќе биде изготвувањето и имплементирањето на интегрирана *Програма за конкурентост, иновации и претприемништво*, која ќе ги интегрира програмите на Министерство за економија и тоа: Програма за имплементација на индустриската политика, Програма за развој на кластерите, Програма за развој на МСП.

Во 2013 преку оваа интегрирана програма ќе се имплементираат мерки и активности за :

- подобрување на претприемништвото и конкурентноста на МСП предвидени со Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 и мерките и активностите согласно Стратегијата за занаетчиството во РМ, односно се предвидува да се даде поддршка на: бизнис инкубаторите, бизнис центрите, занатечиските комори, бизнис ангелите, имплементацијата на ISSO, HACCP, HALLAL стандардите за квалитет, на женското

претприемништво, на млади претприемачи, на промоцијата на занаетчиството, на автентичните македонски ракотворби како и на организирање на промотивни активности (ЕУ недела на претприемништвото, Глобална недела на претприемништвото, Денови на занатчиството во РМ, Натпревар за бизнис план за започнување бизнис).

- поддршка на индустријата за развој на производ и развој на пазарот, еколошкото означување и имплементација на патенти.
- поддршка и развој на кластерското здружување, преку поддршка на проекти за развој на кластерските здруженија - за поврзување на кластерите со универзитетите, за развој на брендирани производи, за развивање на стандарди за квалитет и прилагодување на барањата на ЕУ-пазарите, како и изготвување на Национален атлас за кластери, како информативна база за понатамошен развој на стратегии за зголемување на конкурентноста на македонската економија, и евалуација на кластерските политики и програми и кластерските здруженија која ќе опфати оценка на успешноста на реализираните програми и оценка на нивото на развој на кластерските здруженија врз база на дефинирани индикатори.

Освен оваа програма ќе се имплементираат и други годишни програми во рамки на повеќе министерства и институции, како Програмата за технолошки развој и Програмата за техничка култура, повеќе акциони планови по стратешки документи и индивидуални проекти, преку кои се продолжи процесот на поддршка на компаниите во поттикнување и развој на конкурентноста и зајакнување на институционалниот капацитет за поддршка.
Сите овие програми со информации за јавни повици, формулари и поврзани документи ќе бидат претставени на порталот КОНКУРЕНТНОСТ.МК

Во 2013 година Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ќе ги имплементира активностите предвидени во годишната Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2013 година. Во истата меѓу останатите се предвидени и ваучерскиот систем на советување, Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри, претприемачко образование, Европска недела на МСП, спроведување на анкета за потребите од обуки кај жените претприемачи, организање на обуки за женско претприемништво, обуки за локални консултанти, обуки за малите и средните претпријатија, локални семинари за иновации и претприемништво, обука за подготовка на проектни.

Во 2013 година *Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија* ќе продолжи со следење на најновите и најуспешни практики за промоција на инвестиции и промоција на извоз, ќе предлага новитети во пакетот на инвестициони поволности за потенцијални инвеститори и активно ќе работи на координација со ресорните министерства и други институции за олеснување на административните процедури при услужување на инвеститорите во реализација на инвестиционите проекти. Притоа фокусот ќе биде на зголемување на интерактивноста и комуникацијата со постојните инвеститори, идентификување на пречките со кои се соочуваат и преземање на дејствија за нивно отстранување.

Како дополнително зајакнување на процесот на промоција на Република Македонија како добра бизнис и инвестициска дестинација, во текот на 2013 дополнително ќе бидат упатени на работа нови економски промотори.

Со надградување на системот CRM и подобрување на неговата ефикасност и ефективност, се олесни евиденцијата на податоци за реализирани посети и сите останати активности на економските промотери, follow up на истите од страна на Секторот за услуги на инвеститори. Истиот во текот на 2013 ќе биде интегриран со новата веб страна и синхронизиран со Outlook.

Агенцијата и во 2013 година ќе ја продолжи праксата да изработува документи за кратка презентација за секој следен инвестициски проект одделно, односно т.н. Тизери (Teasers),,на домашните компании идентификувани како потенцијални добавувачи за странските инвеститори ќе им бидат испратени прашалници заради прибирање подетални податоци за компаниите и исто така планирано е формирање на центар за развој на ланец на добавувачи за мултинационални компании.

Исто така, Агенцијата ќе ги продолжи активностите за aftercare дејноста по однос на веќе присутните странски инвеститори и за оние компании кои работат надвор од ТИРЗ, додека со најновите измени на Законот за технолошко-индустриски развојни зони aftercare дејноста за корисниците на ТИРЗ се префрла во надлежност на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони.

Во иднина ќе продолжи поддршката на странските донаторски организации со кои веќе е остварена соработка на оваа тема и кои се подготвени да понудат поддршка на Агенцијата преку техничка и финансиска помош за организирање на семинари и обуки за зајакнување на капацитетите на Агенцијата и ажурирање и подготовка на нови секторски анализи и серија на анкети и директни разговори.

Се предвидува и во 2013 година да се продолжи претходната пракса,во однос на промотивните активности од областа на **промоција на извозот**, на веке дефинирани сектори во Стратегијата на извоз.

По однос на саемско претставување на извозните потенцијали на македонските компании на реномирани странски саеми Агенцијата планира нивна организација, Б2Б средби помеѓу македонски компании извозници и потенцијални купувачи на таргет пазарите., како и организирање на трговски мисии кои се однесуваат на посети на странски компании, комори и трговски асоцијации.

Со цел обезбедување на одржливост и ефикасно реализирање на поставените цели на АСИПИ согласно Законот, предвидено е да се обезбеди стручно и кадровско зајакнување со нови вработувања, како и континуирана обука на новите и постојни вработени за најдобрите пракси и современи методологии за реализација на промоцијата (извозна и инвестициона), поефикасна логистика за подобрување на понудените услуги, соработка, комуникација и поддршка на таргетните групи инвеститори и извозници.

Во имплементација на стратешките документи се очекува поддршка од повеќе донатори и тоа: ЕУ преку ИПА проект за Зајакнување на институционалниот капацитет за имплементација на индустриска политика, USAID - IDEAS - Investment Development and Export Advancement Support, потоа Светска банка (проект за вештини и иновации), проект за мониторинг на стратешки документи, ГИЗ и други .

Во првиот квартал од 2013 се очекува да стартува регионалниот проект “Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан – Western Balkan Enterprise Development and Innovation Facility (WB EDIF)”, каде Република Македонија зеде учество. Проектот е поддржан од Европската Комисија, Европската Банка за Обнова и Развој и Европскиот Инвестициски Фонд, и е со иницијална вредност на проектот е 145 милиони Евра, со тенденција оваа сума да се зголеми во наредниот период. Проектот е составен од 4 компоненти: Фонд за иновации, Фонд за експанзија, Гарантен фонд и Фонд за техничка помош..

Продолжува вклученоста на РМ во *ЦИП програмата* преку реализирање на тековни активности како и подготовка за вклучување во новите програми *ХОРИЗОНТ 2020 и КОСМЕ* од 2014 год.

Министерството за образование и наука во 2013 ќе ги продолжуваат активностите за донесување и имплементација на годишна Програма за технолошки развој која нуди: поддршка (поттикнување и помагање)

на развојно- истражувачки проекти на субјектите на технолошкиот развој, поддршка (поттикнување и помагање) на проекти/програми на носителите на јавни овластувања во техничката култура, продолжување со активностите на програмите FP-7, EUREKA, COST, IAEA и др.

Во врска со поттикнување на иновативноста на македонското стопанство и подигање на свеста за развој на иновативноста, Министерство за економија ќе биде вклучено во имплементацијата на Стратегијата за иновациии на РМ 2012-2020, како и во изготвувањето на законска регулатива, и имплементација на планираните проекти преку Министерство за економија и Министерство за образование и наука како Троен хеликс, Фонд за иновации и технолошки развој. Ова ќе придонесе кон подобро искористување и вклучување на македонските компании во програмите ЦИП, ФП 7, ЕУРЕКА и подобрување на рангирањето на РМ во Глобалниот иновациски индекс. Се очекува поголема промоција и поголема ефикасност на проектот ЕЕН (Enterprise Europe Network).

Како дел од стратешката определба за поддршка на иновативноста и развојот на приватниот сектор, Владата на РМ презема активности за формирање на *Фонд за иновации и технолошки развој* Со овој фонд ќе се обезбеди поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, ќе се обезбедат нови извори за финансирање на истите, со посебен акцент на иновациите и ќе се овозможат поголеми вложувања во истражувања и развој на нови технологии. Преку фондот ќе се доделуваат финансиски средства во вид на грантови, условени заеми и еквити инвестиции, а ќе биде достапна и техничка помош за компаниите за нивна припрема за подобро искористување на средствата од регионалните и европските фондови.

Министерството за економија е вклучено и во неколку регионални проекти за поддршка на иновативноста и тоа WBC INCO-NET и FINNO.

**Enterprise Europe Network Macedonia (ЕИИЦМ**) за периодот 2013-2014 преку Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (УКИМ), Фондацијата за Менаџмент и индустриско истражување (МИР), Стопанската комора на Македонија (СКМ) и Сојузот на Стопански комори (ССК), на македонските компании ќе ги обезбедува следните услуги: Промотивни активности; Организација на локални и регионални настани наменети за МСП; Континуирано обезбедување на информации за македонсните МСП преку внатрешниот ИНТРАНЕТ - систем за комуникација на мрежата (МЕРЛИН); Реализација на директни средби со компании; Интернационализација на дејноста и поддршка на иновативните активности на македонските МСП;; Организација на брокерски настани( Б2Б - средби) и компаниски мисии кои имаат за цел да овозможат директни контакти на македонските компании со други компании од мрежата; Обезбедување на посебни информации според потребите на македонските компании кои ќе бидат дистрибуирани преку посебни наменски меилинг листи. Овие информации ќе покриваат можности за соработка од определени сектори (енергетика, екологија, информациско-комуникациски технологии и сл) и Внесување на профили за соработка на македонски компании во електронскиот систем на ЕЕН.
Овие услуги ЕЕН ќе ги реализира преку следниве активности:

1.Организирање на промотивни и информативни настани за мали и средни претпријатија - Промотивни настани и Настани во рамки на Европската недела за МСП, Инфо-денови и Обуки.за подигнување на капацитетите на македонските МСП за интернационализација на бизнисот, иновации, или транфер на технологии**.**

2. Обезбедување на поддршка на интернационализација и иновации – бесплатни обуки за македонските компании - советодавни услуги од домен на заштита на интелектуална сопственост, помош при учество во Европски програми, особено FP7 и CIP (во 2013), но и HORIZON 2020 и COSME (од 2014),Обезбедување на технолошки аудит за клиентите кои имаат меѓународен интерес за трансфер на технологии и Советодавни услуги од област на интернационализација на дејност и изнаоѓање на меѓународни партнерства.

3. Организирање на меѓународни настани за вмрежување - Брокерски настани (Б2Б-средби) како мултилатерални настани организирани од повеќе партнери во мрежата кои имаат за цел да изнајдат меѓународна соработка, бизнис контакти, учество во иновативни активности и проекти. Предвидени се три такви настани и Компаниски мисии (Билатерални настани)

Понатамошното подобрување на *пристапот до финансиски средства* во 2013 година, МБПР планира да го релаизира преку следниве активности:

- Продолжување со реализација на кредитната линија од ЕИБ,
- Засилено промовирање на факторингот, особено во однос на извозните побарувањата кои се осигурани во МБПР при што значајно би се подобрила ликвидноста на компаниите.
- Отпочнување со осигурување за извоз пред испорака (покривање на случаи кога специфична стока е нарачана, истата е произведена и во последен момент купувачот поради стечај не е во можност да ја плати нарачаната стока).
- Воведување на среднорочно и долгорочно осигурување, односно осигурувања на побарувања кои се со рок на доспевање подолг од една година. Тука пред се, се мисли на осигурување на побарувања кои произлегуваат од извоз на капитални добра.

Во насока на подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија во следниот период, се планира ревидирање на *Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи* во смисла на негово надополнување согласно резултатите од Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум за 2012-2013 година и истиот ќе се усогласи со бизнис заедницата во т.н. „Мастер План" за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи на Република Македонија.

Од аспект на *вработувањата* во претстојниот период, ќе се имплементира новиот годишен Оперативен план за активни програми и мерки за вработување, вклучувајќи ги и програмите кои предвидуваат поттикнување на невработените лица за осознавање на претприемништвото, подготовка на оддржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенција за започнување на бизнисот.
Исто така Агенцијата за вработување ќе продолжи со имплементација на Проектот за самовработување со кредитирање, согласно кој се одобруваат кредити под поволни услови за самовработување на невработените лица.
Агенцијата за вработување во 2013 година, ќе продолжи со имплементација на Проектот "Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени" финансиран во рамките на Оперативната Програма "Развој на човечки ресурси 2007-2013" –ИПА Компонента IV.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

На среден рок, ќе продолжи координацијата и имплементацијата на сите програмски документи од страна на министерствата и соодветните агенции. Предвидено е зајакнување на капацитетите на институциите за имплементација на политиките и ефикасно координирање на странската помош и структурните фондови.

Во периодот 2014-2015 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на МСП и на занаетчиството, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста базирано на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act) и на Стратегија за занаетчиство на РМ 2012-2020. Ќе се работи на изготвување на нов стратешки документ за развој на претприемништвото и конкурентоста на МСП.

Генерално во периодот 2014-2015 активностите на Агенцијата ќе бидат насочени во проширување и подобрување на ваучерскиот систем на советување и проектот Инфо Пулт, како и поддршка на иновативноста и конкурентноста на МСП.

Во насока на унапредување на *кластерсткото* работење ќе се продолжи со поддршка на проекти на кластери во РМ; Организирање на семинари за обука на кластерите - во функција на јакнење на капацитетите на менаџерите на кластерите со користење на истакнати светски експерти од областа на кластеринг; Организирање семинари за кластеринг - на за подигнување на нивото на кластерите и вмрежување во европски рамки.; Планирано е да се подготви Стратегија за одржливост на кластерите, односно Предлог – Стратегија за самоодржливост на секој од кластерите;

Актувностите на *ТИРЗ* за периодот 01.01.2013 – 31.12.2015 година предвидуваат изградба на 14 ТИР Зони на територијата на Р.Македонија и тоа ТИР Зони : Скопје 1, Скопје 2, Штип, Тетово, Прилеп, Гевгелија, Радовиш, Струмица, Струга, Кичево Ранковце, Берово, Делчево и Виница.

Во 2014 година треба да се подготви петтата по ред Програма за поттикнување инвестиции во Р.М 2015-2019 година со поддршка на меѓународни институции и консултанти и која во себе ќе ги содржи најновите алатки од светските инвестициони практики со цел да осмисли нова агенда за економски развој, затоа што домашните и странските инвестиции се пресудни за идната конкурентност на земјата

Во идниот период согласно програмата на Владата на Република Македонија се очекува имплементација на повеќе проекти кои имаат за цел создавање на економија базирана на знаење и иновации.

За успешна имплементација на стратегиите и политиките за поттикнување на конкурентноста на македонската економија од големо значење е повлекување на повеќе средства од фондовите и програмите на Европската унија, што директно ќе придонесе кон развој на политиката за претпријатија и нивна поддршка кон создавање конкуренти фирми способни за настап на странските пазари, диверзификација на производството базирано на знаење и иновации и слично.
Во рамки на ЦИП програмата за среднорочниот период се предвидува довршување на активности за користење на Програмата ЦИП и почеток на програмите КОСМЕ и Хоризонт 2020 во РМ.

### 3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

- Постоечки секторски стратегии и програми во Република Македонија се во делот на челичната индустрија, текстилната индустрија и туризмот.
-

Во рамките на челичната индустрија континуирано се имплементира Национална програма за преструктурирање и конверзија на челичната индустрија на Р.М., како обврска од Протокол 2 од Спогодбата за Стабилизација и Асоцијација. Секоја компанија опфатена со Националната програма има сопствен Индивидуален бизнис план, кој е во функција на подобрување на работењето на компанијата.

-
- За имплементација на Стратегијата за развој на текстилната индустрија од 2011 година нема посебни мерки наменети за поддршка само на текстилниот сектор туку тие се имплементираат преку Програмата на индустриска политика, која важи за сите преработувачки индустрии.

Во 2012 година се одржа регионална текстилна конференција на тема: „Орджлив развој на текстилната индустрија во Република Македонија“, на која заедно учествуваа претставници од текстилниот сектор и експерти од областа на земјите во регионот.

- За секторот туризам, главен документ е Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013) и Ревидираната верзија на стратегијата со акционен план за имплементација во периодот 2011-2015 година, и Стратегијата за развој на руралниот туризам 2012-2017
- , и годишните програми.
- Постојат две годишни програми и тоа: Програма за развој на туризмот и Програма за поддршка на туризмот кои се имплементираат преку Министерството за економија и Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот.
- Законската рамка која го регулира секторот на туризмот е воспоставена преку Закон за угостителска дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11 и 141/12) и Закон за туристичка дејност (Службен весник на Република Македонија 62/2004, 89/2008,12/2009, 17/11, 47/11 и 53/11), Законот за такса за привремен престој (Службен весник на Република Македонија бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08) и Законот за основање на Агенција за промоција и подршка на туризмот на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 103/08 и 59/12).
- 
- Во 2012 се направија измени и дополнувања на двата главни закони од двете области со цел подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитет на давањето на услуги во двата сектори и поголема заштита на потрошувачите.
- 
- Во 2012 година е донесен е и посебен Закон за Туристички развојни зони, со цел забрзување на економскиот развој со привлекување странски и домашен капитал за развој на туризмот и националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето.
- Со цел поефикасен развој и промоција на туризмот и развој на инфраструктурата за туризмот, преку формираниот Комитет за туризам со кој претседава Претседателот на Владата на Република Македонија,
- еднаш месечно се следи имплементацијата на стратешките документи и програми.
- Отпочнатиот проект „Македонско село„, како виртуелна туристичка атракција, се очекува да заврши во текот на 2013 година. Цел на проектот е запознавање со традицијата, македонската традиционална архитектура од 12 различни региони, како и заживување на старите занаети.
- 

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е имплементатор на Програма за поддршка на туризмот, а во рамките на своите активности, исто така превзема низа мерки и активности во функција на развој на: кампинг туризмот, ловниот туризам, а исто така, вложува многу напори во делот на туристички развојни зони.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во рамките на своите активности,а во функција на развој на туризмот и подобрување на квалитетот на туристичката понуда, организира и обуки, со цел на едуцирање и подобрување на компетенстноста на дел вработените во локалнате самоуправи кои имаат надлежност и работат во рамките на туризмот. Инструкторите се обучуваат во рамките на менаџирањето и развивањето на туризмот, неговата промоција, како и за начините за аплицирање и достапност на средства од европските фондови. Со овие инструктори во туризмот треба да се овозможи во туристичките места и оние кои претендираат да станат туристичи места во Р.Македонија да има обучено барем по еден инструктор од областа на туризмот кој ќе им помага на туристичките работници во тоа место за да ги подобрат своите перформанси во работењето во туризмот од една страна и од друга страна да и помогнат на локалната самоуправа и градоначалникот во успешно промовирање на туристичкото место на таргетирани пазари но и да го унапрадат туризмот во своето место.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во секторот на челик продолжува праксата за подготвување на Информацијата за процесот на имплементација на Националната Програма за реструктурирање на челичната индустрија на Република Македонија и Индивидуалните бизнис планови.

Имплементација на Стратегијата за развој на текстилната индустрија продолжува преку хоризонтални мерки во рамки на имплементацијата на индустриската политика.

Во рамките на Министерството за економија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, ќе се имплементираат Програмата за развој на туризмот за 2013 година и Програмата за промоција на туризмот за 2013

Програмата за развој на туризмот на Министерството за економија, Сектор за туризам и угостителство вклучува голем број на активности во делот на развојот на туризмот, поддршка на туристички проекти, ревидирање на законската регулатива и системот на категоризација на угостителските објекти, правење на неколку студии и анализи од областа на туризмот, поддршка и кофинансирање на разни туристички манифестации и форуми, субвенционирање на странски организираниот туристички промет и меѓународни односи со организации од областа на туризмот (СТО, ЕТЦ, ЦЕИ, и др), како и капиталниот објект, изградба на туристичката атракција Македонско село.

Програма за промоција на туризмот на Агенцијата предвидува активности за промовирање на Македонија како туристичка дестинација: изготвување и печатење на промотивни материјали во одделни сегменти на туристичката понуда, презентација на меѓународни туристички берзи; субвенции за учество на бизнис форуми и други манифестации; соработка со странски туроператори, новинари и разни федерации во функција на промоција на македонскиот туризам преку странски туристички медиуми. Во рамките на промоцијата на туризмот ќе се реализираат низа активности насочени кон унапредување и промоција на туризмот во Република Македонија, како учества на меѓународни саеми и берзи за туризам.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе продолжи имплементацијата на секторските стратегии и програми во делот на челичната индустрија, текстилната индустрија и туризмот.

## 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ

### *3.21.1 Транспортни мрежи*

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Согласно приоритетите од пристапното партнерство, Република Македонија продолжува со имплементацијата на Меморандумот за разбирање за Југоисточно - Европската главна регионална мрежа и активно учествува во регионалните иницијативи, со цврста и значајна соработка во рамките на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО). Исто така Република Македонија учествува во изработката на новиот петгодишен план за 2013.

Со завршување на делницата Демир Капија-Смоквица, Пан - Европски Коридор 10 кој што минува низ целата држава поврзувајќи ги границите со Република Србија и со Република Грција ќе биде на ниво на автопат. Во месец август 2012 година е потпишан Договорот за градежни работи со изведувачот во вредност од 210 мил. евра со што започна изградбата на делницата Демир Капија –Смоквица.

Крајниот датум за импементација на преоктот е септември 2016 година.

**Модернизација на Коридор X –железница**

Во однос на Коридор X – железница во тек е проект за подготовката на проектни студии и проектна документација за железничките делници по должина на Коридор 10 и кракот 10д односно подготовка на студии за оправданост, студии за анализа на трошоци и придобивки, студии за проценка на влијанието врз животната средина како изработка на идејни и основни проекти согласно потребата за комплетирање на проектната документација за железничките делници Куманово–Бељаковце, Драчево–Велес и Битола–Кременица. Во јули 2012 година се потпиша договорот со консултантите за подготовка на студиите и проектната документација за овој проект, проектот е во тек. Времетраење на проектот е 18 месеци од неговото потпишување. Како приоритет треба консултантот да ја изработи проектната документација за ремонт на делницата Битола-Кременица во првите десет месеци.

Во однос на проектот Ремонт со реконструкција на делницата (железничка пруга) Битола-Кременица (граница со Р. Грција) како дел од крак 10д и Коридорот 10 , тендерската документација за овој проект ја изработува Градежен факултет заедно со МЖ Инфраструктура. До крајот на 2012 година ќе биде доставена на одобрување до Министерство за транспорт и врски. Договорот за градба треба да се вклучи во првиот квартал од 2014 година и да се заврши до средината на 2015 година.

Во месец јуни 2012 година објавена е Најавата за објавување на тендерот за консултант за изработка на основен проект за **рехабилитација** на железничката станица- Скопје. Тендерот за градежни работи се очекува да се објави во првата половина на 2013 и да се избере изведувач до крај на 2013 година.

Во текот на 2012 година, се склучи договор со избраната фирма која ќе ги изведува градежните работи на ремонтот на две делници и тоа Табановце-Куманово и Миравци–Смоквица. Градежните работи официјално започнаа во ноември 2012 година, и согласно склучениот Договор меѓу фирмата и ЈПМЖ Инфраструктура-Скопје работите треба да завршат во рок од 365 дена. До средината на декември 2012 година треба да се распише повик за избор на градежна фирма која ќе изведува работи на ремонтот на делницата од Ногаевци до Неготино. Рокот за изведување на работите е 365 дена. Средствата за извршување на ремонтот на трите делници е обезбеден по пат на заем од Европската Банка за обнова и развој во висина од 17.6 милиони евра во октомври 2010 година.

**Комплетирање на Коридор VIII-железница**

За изградба на нова пруга Кичево-Лин граница со Република Албанија во должина од 62,6км и објавена е најавата за објава на тендер за изработка на главен проект CF (Contract Forecast). До крај на 2013 консултантот треба да започне со работа и основниот проект треба да заврши до 2015 година.

Во текот на 2012 се изработи физибилити студија и студијата за оценка на влијанието на животната средина и социо-економскиот живот за делницата од Куманово до Дева Баир, граница со Република Бугарија, односно на 05.11.2012 година Министерот за животна средина и просторно планирање го издаде решението за издавање на согласност на студијата за оценка на влијанието на животната средина и социо-економски аспекти.

Во март 2012 година се склучи договор меѓу ЈПМЖ Инфраструктура и избраната консултанстска куќа за изработка на основните проекти за рехабилитација на секцијата од Куманово-Бељаковце (30.8 км) и до средината на декември треба да се комплетира изработката на сите основни проекти (долен и горен строј, сигнализација и телекомуникација и електрификација). Средствата за оваа намена во висина од 1,5 милион евра се обезбедија како грант од инструментот WBIF (од 2011 година). На 30.08.2012 година се распиша повик (предквалификација) за избор на градежна фирма која ќе ги изведува градежните работи на рехабилитацијата на секцијата од Куманово-Бељаковце, по претходно склучен договор меѓу Државата и Европската Банка за обнова и развој за обезбедување на заем во висина од 46.4 милиони евра за изведба на градежните работи на споменатата делница. На 05.10.2012 година се распиша повикот за покажување на интерес за избор на

консултантска куќа која ќе врши надзор над градбата на делницата од Куманово до Бељаковце. Постапката за избор на консултантската куќа е во тек. Средствата за оваа намена во износ од 2,5 милиони евра се обезбедени како грант преку инструментот WBIF во средината на јуни 2012 година.

За делницата од Бељаковце до Крива Паланка, на 01.08.2012 година се распиша повикот за покажување на интерес за избор на консултантска куќа која треба да ги изработи основните проекти. Фазата на предквалификација е завршена и сетот од тендерската документација е доставен до компаниите кои се предквалифицирани-„кратка листа", постапката за избор е во тек. Средствата за оваа намена во износ од 2,7 милиони евра се обезбедени како грант преку инструментот WBIF во средината на јуни 2012 година.

## ПРАВНА РАМКА

Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика**. Види Поглавје 3.14**

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

**Повеќе-годишен план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа-CEETO 2013**
Повеќегодишен план на CEETO 2013 ќе се фокусира на имплементацијата на проектите за развој на CEETO мрежата и инвестираните средства за таа намена, како и на јасна приоретизација на инвестициските проекти во периодот 2013.

**Програма за јавни инвестиции (2013-2015)**
Програмата за јавни инвестиции е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години. Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок се базира на динамична инвестициона активност која се очекува да резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност.

**Национална транспортна стартегија (2007-2017)**
Во април 2012 извршена е четвртата ревизија на националната Транспортна Стратегија. Информацијата за четвртото ажурирање на Националната Транспортна Стратегија до Владата на Република Македонија беше доставена на 24.04.2012 година. Истата беше усвоена од страна на Владата на РМ на 12.05.2012 година. Следното ажурирање на Националната Транспортна Стратегија е предвидено за месец април 2014 година.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во рамките на Министерството за транспорт и врски Секторот за Евроспка интеграција се состои од три одделенија : Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА фондови и Одделение за програми на Заедницата и други меѓународни инвестиции. Во Секторот за Европска унија има 14 вработени од сите се постојано вработени. Надлежни институции за спроведување на проектите од трансевропските мрежи се Министерство за транспорт и врски, Агенцијата за државни патишта, ЈПМЖ Инфраструктура, Министерство за финансии, Сектор за железници од МТВ.

За институционалната рамка за железничка инфраструктура и инфраструктура во воздушниот сообраќај види Поглавје 3.14

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Модернизација на Коридор X –патен

o Реализација на проектот Демир Капија-Смоквица во должина од 28.км Пан - Европски Коридор 10 кој што минува низ целата држава поврзувајќи ги границите со Република Србија и со Република Грција ќе биде на ниво на автопат. Проектот во должина од 28.3 км, се реализира со средства од ИПА Компонента за Регионален развој, Владата на Република Македонија, Европска Банка за обнова и равој и Европска инвестициона банка. Во месец август 2012 година официјално е потпишан Договорот за градежни работи со што отпочна изградбата на делницата Демир Капија-Смоквица.
Во јули месец е склучен Договорот за надзор со вредност од 8.977.500,00 евра. Истиот месец надзорот започна со работа. Датум за изградба на делницата е септември 2016 година.

o Рехабилитација на мостови со грант од НАТО. Трета фаза од проектот е одобрена на 01.12.2011. Основен проект е изработен од страна на Градежниот факултет-Скопје и доставен до НАМСА во мај 2012. Надзорниот орган е избран и тоа е ИРД. Тендерските процедури на НАМСА отпочнаа на 07.11.2012 и според нивните проценки треба да завршат до март 2013. Градежните работи се планира да отпочнат прва половина на 2013 година.

o Идејниот проект за делницата од магистралниот пат Клучка Дреново - Клучка Градско и Мост Раец - Клучка Дреново од патниот Коридор 10-Д, изготвен од Балкан Консалтинг ДОО Скопје како и предфизибилити студија за економска оправданост за изградба на делницата се изработени. Ревидиран основен и изведбен проект ќе биде изработен во прввиот квартал од 2014.

o Надградба на делница Битола-Ресен-Охрид-Подмоље. Во рамки на СЕЕТО мрежата ова рута е нејзин дел. Надградба на делницата на ниво на автопат Битола-Ресен-Охрид-Подмоље. Од страна на консултанската куќе Луј Берже изработен е предпроект. Активности за реализација за изработка на проектна документација за делница Битола-Ресен-Охрид-Подмоље се предвидени со новата Оперативна Програма за регионален развој.

Модернизација на Коридор X –железница

Реконструкција на Железничка станица Скопје. Во месец јуни 2012 година објавена е најавата за објавување на тендерот за консултант за изработка на основен проект. Основниот проект беше одобрен од страна на ревидентите во март 2012.Проектот заврши во месец септември 2012 година.Тендерот за градежни работи се очекува да се објави во првата половина на 2013 и да се избере изведувач до крај на 2013 година..Во текот на месец ноември 2012 година испратен е допис до ЦФЦД за ставот на Министерството за поделба на проектот во договор за градежни работи и набавки.

Набавка и инсталација на опрема за автоматска регулација на брзините на возовите (ETCS) и опрема за радио диспечер (GSMR) по должина на Коридорот 10 Табановце-Гевгелија. Во јуни месец е доставено ревидираната тендерска документација до ЦФЦД, согласно насоките на ЦФЦД се изврши ревидирање на ОИСот при што двата ОИСи (ETCS i GSMR) се споија во еден ОИС со повеќе договори ( 1 договор за Услуги за изработка на проекти и тендерска документација за набавка на ETCS i GSMR, 1 договор за набавка на ETCS и 1 договор за набавка на GSMR. Во текот на месец ноември објавена е Најавата за Објава CF за „ Подготовка на студија за воведување на глобален систем за мобилни комуникации-железници (GSM-R) и европскиот контролен систем за возови (ETCS ниво 1) на коридор X од Табановце до Гевгелија, подготовка на тендерска документација со техничка спецификација за набавка и инсталација на опрема за европскиот контролен систем на возови (ETCS ниво 1) и GSM-R-от на коридор X од Табановце до Гевгелија со детален

дизајн и надгледување на договорите за снабдување”. Градежните работи би почнале во средината на 2014 и би завршиле до крај на 2015 год.

Подготовка на проектни студии и проектна документација за железничките делници долж коридор 10 и кракот 10д, ( Куманово-Бељановце, Драчево-Велес и Битола - Кременица)

Во јули 2012 година се потпиша договорот со консултантите за подготовка на студиите и проектната документација за овој проект. Вредноста на проектот е 1.455.050,00 евра, проектот е во тек. Времетраењето на проектот е 18 месеци од неговото потпишување. Како приоритет треба консултантот да ја изработи проектната документација за ремонт на делницата Битола-Кременица во првите десет месеци.

Ремонт со реконструкција на делницата (железничка пруга) Битола-Кременица (граница со Р Грција) како дел од крак 10д и Коридорот 10, тендерската документација за овој проект ја изработува Градежен факултет заедно со ЈПМЖИ. До крајот на 2012 година ќе биде доставена на одобрување до Министерство за транспорт и врски. Договорот за градба треба да се вклучи во првиот квартал од 2014 година и да се заврши до средина 2015 година

Рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот 10 и кракот 10Д според најдобрите практики во ЕУ.
Во јули месец 2012 година потпишан е договор (рамковен) со Аланет Глобал Конзорциум на сума од 174.147,00 евра. До крајот на месец октомври беа изработени основни проекти за 3 станици (Градско, Неготино и Демир Капија) а потребно е да се изработат за 10 станици. Консултантот е потребно да направи главни проекти и тендери за градба до март 2013 година. Градежни работи би почнале на почеток на 2014 и би завршиле до крајот на 2015 година.

Ремонтот на Табановце-Куманово (11,7 км) и Миравци –Смоквица ( 12,5км). Во третиот квартал од 2013 година треба да заврши ремонтот на Табановце-Куманово (11,7 км) и Миравци –Смоквица ( 12,5км ). До крајот на вториот квартал треба да се склучи договор меѓу ЈПМЖИ и избраната градежна фирма која треба да го изведува ремонтот на делницата од Ногаевци-Неготино ( 28,2 км), со рок за релизизација од 12 месеци, по склучување на договорот.

Во 2014 година треба да заврши ремонтот од Ногаевци до Неготино а со тоа да заврши и реализиацијата на кредитот од ЕБОР.

Комплетирање на Коридор VIII-железница

- Рехабилитација на делницата Куманово-Бељаковце:

Во 2014 година ќе се реализираат градежните работи на рехабилитацијата на делницата од Куманово до Бељаковце и истите се планираат да завршат до крајот на 2015 година. Паралелно со изведбата на градбата, избраната консултантска куќа ќе врши надзор над градбата на пругата.

- Изработка на основна техничка документација и тендерска документација за градба за делницата од Бељаковце до Дева Баир, граница со Република Бугарија. Во период од 2 години, односно 2013 и 2014 година ќе се работи на изготвување на проектната документација, како и тендерска докуметација за градба за делницата.

- Обезбедување на финансиски средства за градба на делницата од Бељаковце до Крива Паланка. Во соработка со Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски ќе се работи на

обезбедување и затварање на финансиската конструкција за градба на оваа делница, преку кредити од меѓународните финансиски институции (ЕБОР и ЕИБ).

- Делница од Кичево до Лин граница со Република Албанија

За изградба на нова пруга Кичево-Лин граница со Република Албанија во должина од 62,6км и објавена е најавата за објава на тендер за изработка на главен проектCF (Contract Forecast). До крај на 2013 консултантот треба да започне со работа и основниот проект треба да заврши до 2015 година

ДРУГИ АКТИВНОСТИ

- Петто ажурирање на Националната Транспортна стратегија. Во април 2014 година ќе се изврши петтото ажурирање на Националната Транспортна Стратегија. Ажурирањето се врши на секои 2 (две) години, а има за цел следење на имплементација на активностите предвидени во Националната транспортна стратегија 2007–2017, како и подготовката на информацијата за степенот на реализација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија (2007 до 2017).

- Договорот за транспортна заедница. Датумот за потпишување на Договорот за транспортна заедница не е прецизиран од страна на Европската Комисија.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 2013 година се планира вработување на две лица во Секторот за Европска унија.

## 3.21.2 Транс-европски енергетски мрежи

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА (2012)

### Стратешки документи

За постигање на целите на ***Договорот за основање на Енергетска заедница***, активностите на земјите потписнички опфаќаат, меѓу останатото, и создавањето единствен механизам за прекугранична алокација на капацитети и пренос или транспорт на овој вид енергија и создавање пазар на електрична енергија и природен гас без внатрешни граници за сите земји-потписнички на Договорот, вклучително и координација на заемната помош во случај на сериозно нарушување на функционирањето на енергетските мрежи. За имплементација на механизмот за прекугранична алокација на капацитет и пренос на електрична енергија, формиран е проектен тим (компанија) задолжена за воспоставување на аукциска куќа во регионот на југоисточна Европа која ќе има задача да биде оперативна од правен, технички и организационен аспект. На 31.07.2012 година потпишан е договорот за основање накомпанија соограничена одговорност (AgreementontheFoundationofaLimitedLiabilityCompany), како и договорот за придружување (Articlesofassociation). Избран е бордот на дирекотри и вработени во компанијата. Усвоена е програмата за работа и буџетот на компанијата.

Европска асоцијација на електропреносните-систем оператори ENTSO-E32 (European Network of Transmission System Operators for Electricity) е составена од електропреносните систем-оператори од 34 земји во Европа. АД МЕПСО е полноправен член на ENTSO-E. Формирањето на ENTSO-E ја зајакнува соработката меѓу електропреносните систем -операторите на многу полиња: развој на технички и маркет ориентираните кодови, координација на работата на систем операторите и развој на мрежата, а една од главните цели на оваа асоцијација е да се забрза развојот на европскиот единствен пазар на електрична енергија, што ќе придонесе за сигурна и координирана работа на целиот европски преносен систем на електрична енергија. Изработен е Десет годишниот план за развој на мрежи и Регионалниот план за инвестиции и оценка на регионалните проекти кои се од пан Европско значење. МЕПСО е автор/коавтор на неколку секции од Регионалниот инвестициски план за ЈИЕ – RgIP 2012, и тоа на секциите: методологија и претпоставки (дел за пресметка на преносните капацитети GTC),преглед на тековни состојби и потреби од инвестиции,инвестиции, и на прилозите за резултатите од пазарните и мрежните анализи.

Во организација на ЦГЕС (Црногорскиот електропреносен систем опеод 03- 04декември2012 година се одржа вториотрегионален Самит на преносни систем-оператори „TSO - SEE“ на кој учествуваат претставници на 9преносни систем-оператори од: Бугарија, Грција, Србија, Албанија, Македонија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска, . Темите на разговор на самитот беа развојот на регионалниот пазар на електрична енергија,воведувањето на координиран начин на доделување на прекугранични преносно капацитети, десетгодишен план за развој на преносната мрежа, приклучувањето на обновливите извори на електрична енергија на преносната мрежа и проблемите кои што произлегуваат од приклучокот на истите и пазарот на балансна енергија.

Во рамки на ***Програмата SECI*** (SoutheastEuropeanCooperationInitiatve) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (TransmissionSystemPlanning - TSP), започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (UnitedStatesEnergyAssociation). Работата во рамките на овој проект продолжува со изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2015 и 2020 година. Изработена ерегионалната Студија за интегрирање на ветерните електрина во регионот на југоисточна Европа (Study on Large Scale Wind Integration in SEE). Во тек е изработка на Студијата за доверливост на преносната мрежа во регионот на југоисточна Европа (ReliabilityAssessmentofSoutheastEuropeTransmissionNetwork)Првата нацрт верзија треба да биде изработена во почетокот на 2013 година.

- 
- Изработен е нацрт петгодишен план за реализацијана ***Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2030 година*** која е усвоена и донесена во 2010 година.

Врз основа на постојниот Закон за енергетика (Службен Весник бр.16/11) МЕПСО ги достави новите **Мрежните правила за пренос на електрична енергија** на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Во нив се имплементирани и документите на **ENTSO-E** кои МЕПСО како членка на ENTSO-E е должна да ги спроведува согласно европската регулатива.

[32]формирана во декември 2008 година, како организација која ја продолжува работата на UCTE

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Во тек е реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи со Проектот ***„Изградба на објекти од електрична мрежа“*** со што се подобруваат перформансите на електропреносниот систем на РМ и се обезбедува доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите. Проектот е започнат во 2004 година и е финансиран од Европската Банка за Инвестиции (EIB) со кофинансирање од страна на АД МЕПСО. До сега е завршена изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец. ТС Драчево е завршена и пуштена под напон месец Ноември 2009. За реализација на ТС Петровец во течение е евалуацијата на понудите за изведба, а е потпишан договорот за изведба на приклучните столбни места.. Во тек е реализација на втората и третата делница на 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово кои се очекува да завршат до средината на 2013 година. .

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за Развој на Регионалниот Енергетски Пазар влезен е ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“***.Проектот е комплексен со 5 компоненти од кои во тек се следните компоненти:

*Компонента 2:* Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи.

Во рамките на оваа компонента планирана е изградбата на 2x110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4 закоја е испорачана 75%од одпремата . Во течение е експропријацијата на земјиштето.

Во рамките на оваа компонента планирана е и реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 за кој експропријацијата е во течение. Тендерот за изградба ќе се отвори на 07.12.2012 и во јануари 2013 година се очекува да се потпише договорот со најповолниот изведувач.

*Компонента 4:* Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници е тековна. Потпишаните договори за: - набавка на високонапонска опрема, - набавка на опрема за непрекинато напојување во 110 kV ТС-и, - набавка на опрема за заштита и локално управување на дел од 110 kV ТС-и, - набавка на крајни станици и мерни претварачи за 110 kV ТС-и, се реализирани. Во припрема е тендерска документација за телекомуникациона опрема.

*Компонента 5:* Поддршка на институционалниот развој. Потпишан е договорот со најповолниот понудувач и реализацијата е започната.

**Проектот Четири трафостаници 400/110 kV** за реконструкција на постојната опрема за управување и заштита во четири трафостаници од 400/110 kV, односно Скопје 1, Скопје 4, Битола 2 и Дуброво е тековен и истиот се реализира со средства преостанати од кредитот на ЕБОР за 400 kV интерконекција ТС Штип (Макеоднија) – ТС Червена Могила (Бугарија), во износ од 6,25 мил.евра од кои АД МЕПСО кофинансира со 0,60 мил. евра и 5,65 мил.евра од ЕБОР. Во течение е имплементацијата.

**Проектот НОВА SCADA/EMS** ќе овозможи поквалитетен надзор и управување со ЕЕС на Република Македонија во реално и проширено време со висока доверливост, сигурност и расположивост согласно со ENTSO-E регулативата и стандардите.Проектот се реализира со средства преостанати од кредитот на ЕБОР за 400 kV интерконекција ТС Штип (Макеоднија) – ТС Червена Могила (Бугарија), во износ од 6 мил.евра од кои АД МЕПСО кофинансира со 3 мил. евра и 3,4 мил.евра од ЕБОР. Во течение е имплементацијата.

Новиот **проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа** е составен од четири компоненти:
1. Ревитализација на 110 kV далекуводи
2. Примарна опрема
3. Комплетно затварање на оптичкиот прстен со поставување оптички кабел во преносната мрежа
4. Далечинско следење, видео надзор и управување со трафостаници
За овој проект потребна е странска помош од 25,000,000 ЕУР, а МЕПСО ќе учествува со 15,500,000 ЕУР. Во течение се преговори со ЕБОР за одобрување на заем за реализација на овој проект.

**Во насока на Коридор 10**

***400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***

Предвидените средства за реализација на овој проект се 19,2 милиони евра од кои 11 милиони евра се заем од Светска Банка, а останатите 8,2 милиони евра се сопствени средства на АД МЕПСО. Комплетирана е техничката документација и 90% од експропријацијата е завршена. На 07.12.2012 година ќе се отворат понудите за изведба на овој проект и се очекува во јануари 2013 година да се потпише договор со најповолниот понудувач.

***400 kV интерконеконективна врска Македонија (Скопје) – Косово (Ново Косово)***

На вториот состанок на Мешовитиот комитет за економска соработка помеѓу Република Македонија и Република Косово предложено е двата систем оператори МЕПСО и КОСТТ да се вклучат во изработка на Студија за оправданост на втората 400 kV интерконекција Македонија - Косово за која надлежните министрства од двете држави ќе се потрудат да обезбедат финансиски средства- грант.

Во рамките на мешовитиот експертски тим од двете држави, ќе се формира и експертски тим кој ќе работи и на имплементација на Студија за оправданост на втората 400 kV интерконекција Македонија - Косово.

**Коридор 8:**

***400 kV интерконеконективна врска Македонија) – (Албанија)***во текот на 2012 година активно се работеше на изработката на Фисибилити студија и Студијата за оценка на влијанието врз животната и социолошката средина финансирани преку WBIF.

Најпрво се одреди коридорот на 400 kV ДВ на македнска и албанска територија и предлог локацијata за новата 400/110 kV ТС Охрид.

Во рамките на Фисибилити студијата беа изработени Системските анализи и Cost-benefit анализите за кои беа одржани состаноци и беа презентирани резултатите.

Во рамките на Студијата за ОВЖС беа направениGAP анализа и Scoping report. За потребите на СОВЖС, односно за коридорот на 400 kVДВ на македонска територија и за локацијата на 400/110kV ТС Охрид се побара мислење од соодветните општини и се одржаа состаноци со општините, месните заедници и со еколошките НВО во почетната фаза на одредување на коридорот. Исто така се побара и мислење од соодветни институции за дефинирање на коридорот (Министерство за транспорт и врски, Агенција за цивилно воздухопловство, Агенција за државни патишта, Македонски железници, Управа за заштита на културно наследство, Агенција за планирање на простор и др.).

Во декември 2012 година ќе се одржи работилница на која ќе бидат презентирани прелиминарните верзии на Фисибилити студија и Студијата за оценка на влијанието врз животната и социолошката средина.

Согласно националната регулатива, МЕПСО достави до МЖСПП Известување со намера за изградба на 400 kV надземен вод Битола- македонско албанска граница и 400/110 kVTC Охрид, кое е објавено во печатените медиуми и на web страната од МЖСПП. МЖСПП треба да достави Решение за обемот на студијата за ОВЖС.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Врз основа на изработените идејни проекти од физибилити студијата за гасификација се изработуваат основни и изведбени проекти за 5 делници:

1.Клечовце-Штип-Кавадарци(96.6 км

2.Кавадрци-Прилеп-Битола(91.7 км)

3.Штип - Радовиш-Хамзали (59,96 км)

4.Хамзали-Струмица-Богданц-Граница Грција (50,39 км)

5.Скопје-Тетово-Гостивар со продолжување до Кичево ( 110 км).

Изработката на проектната документација за четирите делници ќе завршат до крај на декември 2011 година, а изработката на проектната документација за петтата делница ќе заврши до крај на март 2012 година. Исплатите за петте делници ќе се извршат во 2012 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2013)**

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на МЕПСО се заснова на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година и Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година. Во Стратегијата е предвидено поврзување на електроенергетскиот систем на Република Македонија со 400 kVинтерконективни далноводи: Македонија – Србија, Македонија- Албанија и Македонија Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем.

Активностите во проектот ***„Изградба на објекти од електрична мрежа“***- поточно за изградбата на ТС Петровец и 2 x 110kV двосистемски ДВ Вруток -Тетово продолжуваат и во 2013 година.

Во 2013 се очекува да се изгради 110 kV разводна постројка на ТС Петровец и приклучниот 110 kV далекувод.

За 2 x 110 kV двосистемски ДВ Вруток -Тетово се очекува до средината на2013година да заврши изградбата на далекуводот со комплетирање на втората и третата делница Гостивар - Полог и Полог – Тетово.

Во рамки на ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“*** во *Компонента 2* за 2x110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4, испорачана е 75% од опремата која ќе треба да се вгради во далекуводот. Во тек е експропријација на земјиштето. Изградбата на далекуводот се очекува да заврши во средината на 2013.

За реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 во тек е постапката за експропријација. Во почетокот на 2013 година ќе се потпише договорот за изградба со најповолниот изведувач.Изградбата на далекуводот се очекува да заврши на почетокот на 2014.

Реализацијата во *Компонента 4*и *Компонента 5 се очекува да заврши во 2013 година*.

Реализација на **Проектот Четири трафостаници 400/110 kV** продолжува.

**Во Проектот Нов SCADA/EMS систем во** *Пакет 1 - Испорака и инсталација на нов SCADA/EMS за НДЦ и резервниот НДЦ* од страна на консултантот е изработена тендерскат документација истата е испратена и усвоена од банката. Тендерот е објавен и се очекува во 2013 година да се избере најповолен изведувач и да започне реализација. За *Пакет 2 - Испорака и инсталација SACS за 9 трафостаници* тендерската документација треба да биде усвоена од банката. Се очекува во 2013 година да се заврши со тендерската постапка, да се потпише договор со најповолниот понудувач и да се започне со реализација.

За новиот **проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа**кој е составен од четири компоненти во 2013 година ќе продолжат преговорите со ЕБОР за обезбедување заем. Во 2013 година ќе се изработува потребната техничка документација за компонентите кои се дел од овој преокт.

**<u>Коридор 10:</u>**

***400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***

Во 2013 година се очекува да се комплетира експропријацијата и да се добие одобрение за градба. Ќе се потпише договор за изградба со најповолниот понудувач и ќе започне реализацијата која треба да заврши во 2014 година.

***400 kV интерконеконективна врска Македонија (Скопје) – Косово (Ново Косово)***

Во рамките на новоформираниот експертски тим ќе продолжи соработката меѓу МЕПСО и КОСТТ во реализација на Студија з аоправданост на втората 400 kV интерконективна врска Скопје – Ново Косово.

**<u>Коридор 8:</u>**

***400 kV интерконеконективна врска  Македонија) – (Албанија)***

Се очекува на почетокот на 2013 година да заврши изработката на Фисибилити студија и Студијата за оценка на влијанието врз животната и социолошката средина во рамките на WBIF. Согласно националната регулатива ќе се спроведе постапката за оцена на влијанието врз животната средина со објавување на Студијата за ОВЖС и одржување на јавни расправи и добивање Решение за одобрение на Студијата за ОВЖС од страна на МЖСПП. Ќе започне и изработката на техничката документација заовој проект.Во 2013 година по изработка на Фисибилити студијата се очекува да започната преговори со меѓународните финансиски институции за одобрување на заем.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Изградба на делницата Клечовце-Штип-Хамзали-Стојаково-границасо Република Грција во должина од 170км ќе се финансира  со средства обезбедени од "Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата  на Руската Федерација за регулирање на обврската на поранешниот СССР по пресметките сврзани со стоковната размена меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ". Средствата од Руската Федерација се во износ од 60.560.242,44 УСД а средствата  од Република Македонија се  во износ  од  15.140.060,00. Се планира изградбата да започне во 2012 година, а да заврши до крај на 2015 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2014-2015)**

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

За ***Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија***, се предвидува во *Компонента 2* да завршат  активностите за изградба и реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1во 2014 година.

Се очекува  **проектот Четири трафостаници 400/110 kV** да заврши до крајот на 2014 година**.**

Реализацијата на **Проектот Нов SCADA/EMS систем** ќе продолжи и заврши во 2014 година.

За новиот **проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа**по одобрување на заемот, во 2014 и 2015 година се очекува да почне реализација на компонентите од преоктот.

**Коридор 10:**

***400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија***)- Реализацијата на проектот се очекува да заврши во 2014.

Во однос на ***400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косово (Косово Ц),*** на среднорочен план предвидено е изработка на фисибилити студија и техничка документација. Коридорот на 400 кV интерконекција ќе ги користи постојните коридори на 220 kV ДВ-и од Скопје до Косово А кои не се во функција од 1999 год.

**Коридор 8:**

Во однос на ***400 kV интерконеконективна врска: 400 kV далековод Македонија – Албанија*** во 2014се очекува да се обезбеди заем од меѓународна финансиска институција.Во 2014и 2015година ќе треба да се експроприра земјиштето и да се добие одобрени за градба, да се изработи тендерска документација и да се избере најповолен изведувач за изградба на 400 kV интерконективниот далекувод и 400/110 kV ТС Охрид.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Изградба на трасата Скопје-Тетово-Гостивар и Изградбата на Штип-Неготино-ТЕЦНеготино-Кавадарци-Прилеп-Битола и РЕК Битола-Кременица-граница со Република Грција ќе се финансира со заем од ЕБРД и ЕИБ, како прва фаза. Изградбата се планира да започне 2013 година и да заврши до крај на 2015 година.

Како втора фаза од заемот ЕБРД/ЕИБ ќе се финансираат делниците Гостивар-ТЕЦОсломеј-Кичево, Хамзали-НовоСело-граница со Република Бугарија и преостанатиот дел на магистралните гасоводи од Националниот гасоводен систем во Република Македонија. Овие делници се планираат да започнат 2015(2017) година и да завршат до крај на 2022 година.

## 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

### 3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА

**Тековна состојба**

Република Македонија во делот на регионалната политика и координација на структурните инструменти, по добивање на полноправно членство во ЕУ, ќе го спроведува законодавството на Европската унија кое што е

релевантно за користење на Структурните фондови и кохезивниот фонд, преку кои се обезбедува финансиска поддршка за спроведување на Европската Регионална политика и Политиката на кохезија.

Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ“ рб.63/07) заедно со регулативата во неколку сектори го сочинуваат 'рбетот на развојот на нашата држава, додека Стратегијата за регионален развој на РМ за периодот 2009-2019 и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2013-2015 се документи кои го сочинуваат планот за интервенции во поддршката на регионалниот развој. Регионалниот развој во РМ е ориентиран во насока на подигање на нивото на развој на планските региони до нивото на најразвиените региони во Европа. За да може да ја оствари оваа цел системот за поддршка на регионалниот развој е координиран помеѓу повеќе министерства и владини институции и во себе вклучува елементи на поттикнување на соработка со невладиниот и бизнис секторот во планските региони.

Регионалниот развој е развојна насока на државата која и понатаму ќе биде присутна и спроведена со сите развојни документи на РМ. Во рамките на овие развојни напори, инструментите на Република Македонија ќе бидат насочени кон:

- Развој на институциите кои се воспоставени во планските региони (Центри за развој на планските региони и други институции);
- Подготовка на развојни проекти;
- Развој на човечки и финансиски ресурси за спроведување на програмите за развој на планските региони и на развојни проекти кои се составен дел на програмите.

Врз основа на Стратегијата за регионален развој на РМ, во Акциски план се претставени приоритетите на регионалниот развој во Република Македонија во периодот 2013-2015. Приоритетните мерки во Акцискиот план се поделени на две основни групи. Првата група на приоритетни мерки опфаќа:

1. Поттикнување на економскиот раст во планските региони (1.1)
2. Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони (1.2)
3. Препознавање и искористување на иновативните потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони (1.3).

Проектите со фокус на првата група на приоритетни мерки (основни или постојни приоритети на регионалниот развој) ќе имаат можност во првите три години да добијат финансиска поддршка за спроведување, односно за подготовка на проектна документација.

Втората група приоритетни мерки опфаќа:

1. Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони (1.6)
2. Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони (2.2)
3. Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите (2.3).

Во втората група на приоритетни мерки ќе биде фокусирана на финансиска поддршка на подготовка на проектната документација и проектни апликации, што значи дека системот ќе поддржи подготовка на предлог-проекти во овие области за да има подготвени проекти за спроведување во следниот тригодишен период или во рамките на другите механизми кои се на располагање за поддршка на регионалниот развој во РМ.

Во 2013 година во раздел на Министерството за локална самоуправа се планирани 47.862.000 денари во Буџетот на РМ за спроведување на мерките за поттикнување рамномерен регионален развој. Распределбата на планираните средства ќе се спроведе во согласност со Програмата на рамномерен регионален развој во 2013 година, која ја донесува Владата на РМ.

Во Секторот за рамномерен регионален развој во Министерството за локална самоуправа се вработени вкупно 8 државни службеници. За реализација на предвидените активности, Секторот за рамномерен регионален развој и меѓуопштинска соработка има потреба од вработување на 2 (двајца) раководни државни службеници.Во рамки на Законот за буџети, Буџетот на Република Македонија се дефинира на годишно ниво, а дополнително е воспоставено и тригодишно планирање на средства. Во рамки на овие средства се планираат и средствата за национално кофинансирање обезбедени од националниот Буџет на Република Македонија.  Предложени се промени на овој закон кои во декември 2012 година се наоѓаат во постапка на одобрување во Собранието на Република Македонија, но овие промени не предвидуваат повеќегодишно дефинирање на Буџетот.

Во однос на *"Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) на Европската Унија*", ("Службен весник на Република Македонија", бр. 132/2008, 119/2009, 81/2010) во текот на 2012 година нема усвоени промени и дополнувања. Во текот на 2012 година се покрена иницијатива за подготовка на Уредба од овој вид за уредување на односите за имплементација на ИПА компонентата за прекугранична соработка, но Уредбата не е ниту финализирана, ниту поднесена за усвојување до Владата на Република Македонија.

Во однос на усогласувањето на Законот за јавни набавки со законодавството на ЕУ во оваа област се известува во рамки на НПАА Поглавје 5 – Јавни набавки, а за законите и подзаконските акти од областа на заштитата на животната средина се известува во рамки на НПАА поглавје 27 – Животна средина. Во однос на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ" бр.145/10), при што орган надлежен да врши надзор и контрола над примената на овие законите е Комисијата за заштита на конкуренцијата, се известува во рамки на НПАА поглавје 8 – заштита на конкуренцијата.

Потпишување на модификуваната Финансиска спогодба за Оперативната програма за Регионален развој со додавање на финансиски алокации за 2012-2013 година, до крајот на 2012 година

Потпишување на модификуваната Финансиска спогодба за Оперативната програма за Развој на човечки ресурси со додавање на финансиски алокации за 2012-2013 година, до крајот на 2012 година

**Краткорочни приоритети**

Спроведување на Акцискиот план спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2013-2015.

Утврдување на потребите од понатамошни измени во постоечката релевантна правна рамка согласно европското законодавство, а во рамки на Акциските планови со цел воведување на децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4 без ex-ante одобрување од страна на Делегацијата на ЕУ, што треба да овозможи Оперативната структура да се подготви за користење на програмата за претпристапна помош од ЕУ во рамки на новата Регулатива за ИПА.

**Среднорочни приоритети**

Утврдување на потребите од понатамошни измени во постоечката релевантна правна рамка согласно европското законодавство, а во рамки на Акциските планови со цел воведување на децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4 без ex-ante одобрување од страна на Делегацијата на ЕУ, што треба да овозможи Оперативната структура да се подготви за користење на програмите од Структурните и Кохезиониот фонд на Европската Унија во согласност со релевантните ЕУ Регулативи[33].

На среден рок, инструментите предвидени во Стратегијата за рамномерен регионален развој треба да ги насочат планските региони и единиците на локалната самоуправа да започнат со подготовка на проекти за развој, да овозможат транспарентност во претставувањето на развојниот пристап и политика и да ја информираат општата јавност кои се главните прашања во регионалниот развој во блиска иднина.

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

---

[33] Regulation (EC) No 1080/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Regional Development Fund and repealing Regulation (EC) No 1783/1999; Regulation (EC) No 1081/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Social Fund and repealing Regulation (EC) No 1784/1999; Regulation (EC) No 1082/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on a European grouping of territorial cooperation; Council Regulation (EC) No 1083/2006 of 11 July 2006 laying down general provisions on the European Regional Development Fund, the European Social Fund and the Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1260/1999; и Council Regulation (EC) No 1084/2006 of 11 July 2006 establishing a Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1164/94.

## 3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Тековна состојба**

**ИПА Компонента III – Регионален развој и ИПА Компонента IV- Развој на човечки ресурси**

Годишната изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА средствата за 2011 година беше поднесена од страна на ИПА Координаторите за ИПА Компонентите 3 и 4 до Раководителот на Оперативната структура (ХОС).. Врз основа на Годишната изјава и анализите на процесите спроведени од страна на ЦФСД во текот на целата година, ХОС издаде Годишната изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за управување и контрола за Оперативните структури за ИПА Компонентите 3 и 4, вклучувајќи и усогласеност со ЕУ правилата за проверка на трошоците и плаќањата кон договарачите. Дополнително, на 28.02.2012 година, НАО достави Годишната изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА средствата за 2011 година до Европската комисија.

Актите за систематизација и организација на Монистерство за труд и социјална политика, Министертсво за образование и труд и Министертсво за финансии се дополнети со што е создадена основа за ангажирање на лица кои ќе работат во рамки на Оперативната структура за ИПА Компонентата за Развој на човечки ресурси и ќе бидат финансирани со средства од оваа ИПА Копмонента. Информации во однос на реализираните вработувања се дадени во подрачјето 3.22.3.

Во однос на Прирачникот за грантови, истиот е подготвен од страна на Оперативната структура и треба да им послужи на апликантите за грантови. Истиот е подготвен од Оперативната структура за ИПА Компонентата за развој на човечки ресурси и после неколку консултации со експерти во рамкин на ЕУ проекти, прирачникот е финализиран и ќе биде достапен на интернет страната на ЦФСД.

Врз основа на препораките од страна на ревизорските мисии, ЦФЦД иницираше измена на следниве процедури: во делот Q – Контролни постапки, делот F- Финансиско управување и делот H – Сметководство. Новата верзија 5 од овие процедури е одобрена од страна на ХОС и НАО на 08 Август 2012 година.

Со цел да се подобри квалитетот на тендерската документација, да се намали стапката на одбивање на документацијата поднесена до Делегацијата на Европската унија за „ex-ante“ одобрување, како и со цел натамошно зајакнување на капацитетот за искористување на средствата од ИПА, ЦФЦД на полугодишна основа подготвува Анализа на научени лекции и добри практики.
Две Анализи на научени лекции беа изготвени во 2012 година, и тоа за втората половина на 2011 година и за првото полугодие од 2012 година. Дополнително, се цел размена на искуство и добри практики, како и усогласување на отворените прашања поврзани со набавките и имплементација на проектите, одржана е

работилница помеѓу Делегацијата на ЕУ и ЦФЦД во текот на декември 2012. Оваа работилница претставува почеток на продлабочена комуникација и координација со Делегација на ЕУ, посебно во делот на ex-anteконтролите.

На почетокот на март 2012 година, Генералниот директорат за Регионална политика и Генералниот директорат за Вработување, социјални работи и вклученост при Европската комисија упатија дописи со кои укажаа дека се прекинуваат плаќањата (“Interruption of payments”) во рамките на ИПА Компонентите III и IV, со можна идна суспензија доколку не бидат надминати слабостите кои се нотирани од нивна страна во системот за децентрализирано управување. По извршената ревизорска мисија од страна на Генералниот директорат за Регионална политика и Генералниот директорат за Вработување, социјални работи и вклученост при Европската комисија во јуни 2012 година за функционирањето на системот за управување и контрола, на 25 јули 2012 година доставен е допис од страна на Генералниот директорат за Регионален развој за ослободување на прекинот за плаќање за ИПА Компонентата III, а на 27 август 2012 година доставен е допис до НАО од Генералниот директорат за Вработување, социјални работи и вклученост за ослободување на прекинот за плаќање за ИПА Компонентата IV.

Во текот на месец февруари 2012 година, Ревизорското тело започна системска ревизија за верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола во Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии, Оперативната структура за ИПА Компонента 3 – Регионален развој, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, како ресорните министерства кои се дел од Оперативната структура за ИПА Компонента 4 – Развој на човечки ресурси, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука. При тоа, не беа идентификувани поголеми слабости во функционирање на системот.

***Одделенија за внатрешна ревизија***

Со најновите промени во Актот за систематизација на Министерството за финансии Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ - ИПА фондовите се спои со Одделението за внатрешна ревизија во Министерството за финансии. Во моментов, има 7 (седум) внатрешните ревизори вклучувајќи го и Раководителот на Одделението. Во текот на 2012 година не се извршени ревизорски мисии на Оперативните структури за ИПА Компонентите III и IV.

Капацитетите на внатрешната ревизија на МТСП се зајакнати со еден (1) советник, и сега се вкупно 4 (четири) ревизори. Еден советник е назначен за извршување на задачи на место Раководител на внатрешна ревизија. Во текот на референтниот период е спроведена една (1) системска ревизорска мисија од 17 април - 15 мај 2012 година и Ревизорскиот извештај со ревизорските наоди беше доставен до ИПА Координаторот. Не беа идентификувани наоди со висок ризик.

Одделението за внатрешна ревизија во МОН е екипирано со 3 (три) ревизори. Во Годишниот план за работа за внатрешна ревизија на Одделението за внатрешна ревизија за 2011 година, планирана и извршена е една

ревизија на твининг договори во периодот од декември 2011година до јануари 2012 година. Конечниот ревизорски извештај е доставен до ИПА структурата и ревизорските наоди соодветно се следат преку Табелата за следење на ревизорските наоди. Не беа идентификувани наоди со висок ризик. Во согласност со Работниот план за внатрешна ревизија за 2012 година еден (1) ревизијата е планирана за октомври - ноември 2012 година.

Реализирана е мисија од страна на ГД за Регионална политика и претставници на Проектниот директорат ЈАСПЕРС (тело за заедничка помош за поддршка на проекти во европските региони) за претставување на ЈАСПЕРС инструментот на Европска комисија за поддршка на подготовка и имплементација на проекти во рамки на Оперативната програма за регионален развој .

Согласно член 18 и член 8(4)(ц) од Регулативата за спроведување на ИПА, како и согласно член 31 и Анекс VII од Финансиските спогодби за Оперативната програма за регионален развој и Оперативната програма за развој на човечки ресурси, Патокази за воспоставување на децентрализиран систем за спроведување без “ex-ante” контрола беа подготвени и доставени до DG REGIO и DG EMPL согласно утврдените рокови.

Патоказите се во функција на определување на главните чекори на процесот на воспоставување на систем за децентрализирано управување без претходна ex-ante” контрола, преку поставување на одредници и барања кои треба да се исполнат од страна на Република Македонија. Истовремено, крајна цел на децентрализираното управување во контекст на претпристапната стратегија е да се овозможи Република Македонија во иднина самостојно да ги користи ЕУ фондовите и да покаже подготвеност за преземање на обврските кои произлегуваат од идното членство во насока на користење на структурните и кохезиони фондови.

Патоказите содржат одредници и барања кои треба да се исполнат со цел надминување на “ex-ante” контролата од страна на Делегацијата на ЕУ, во однос на:

- институционалната поставеност;
- Бројот на вработени;
- функционирањето на децентрализираниот систем со ex-ante контроли;
- спроведување на проекти / операции, и
- тендерирање и склучување договори.

Покрај тоа, националните структури добија Упатство од DG REGIO и DG EMPL за методологијата и процедурите кои DG EMPL и DG РЕГИО ќе ги користат во оценувањето на подготвеноста на телата и структурите да аплицираат за децентрализирано управување без претходна контрола. Во согласност со ова Упатството националните власти ги ревидираа Патоказите.

Процесот на следење на имплементацијата на индикаторите и одредниците кои се дефинирани во Патоказите ќе започне со првиот квартал од 2013 година. Во име на Националниот координатор за авторизација (НАО), Националниот фонд како поддршка на втората функција на НАО, во соработка со оперативната структура за соодветната ИПА компонента, ќе подготвува извештаи во кои ќе се известува за постигнатиот напредок за воспоставување на ДИС без ex-ante контрола за ИПА компонентите III и IV.

**Краткорочни приоритети**

Донесување на одлука за вклучување на регионалната конкурентност во оперативната програма за трета компонента врз основа на спроведената оценка за дадени приоритети во земјата и препораки за предлог мерки како и предлог институција одговорна за спроведување на активностите во рамки на регионалната конкурентност.

**Среднорочни приоритети**

Национална акредитација на Оперативната структура за ИПА Компонента II, подготовка и доставување на акредитациски пакет до Европската Унија и добивање одлука за пренос на надлежностите за децентрализирано спроведување на втората ИПА Компонента од Европската Унија на националните структури во Република Македонија.

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

## 3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

**Тековна состојба**

Градењето на административните капацитети на структурите на национално ниво одговорни за децентрализирано спроведување на ИПА е континуиран процес кој што се реализира во текот на целата година. Согласно акредитацискиот критериум 1 од Анекс I од Регулативата за спроведување на ИПА 718/2007 и воспоставената Процедура за Постапки за контрола во рамки на системот за децентрализирано управување со ИПА (ДИС), на редовна основа се собираат сите потребни информации во однос на бројот на нови вработувања, потребите за обуки, како и информации за реализираните обуки на вработените лица во рамки на Оперативните структури за ИПА Компонентите 2, 3 и 4.

Основа за преземање на потребните мерки за зајакнување на административните капацитети на Оперативните структури за ИПА Компонентите 2, 3 и 4 во текот на 2012 година се резултатите од Анализите на обем на работа, Плановите за вработување, Регистрите на обуки, Анализата за потреба од обуки и реализацијата на Планот за обуки за 2012 година.

Подготвени се Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2012 година од страна на НФ, ЦФЦД и сите ресорни министерства/институции кориснички кои се дел од Оперативните структури за децентрализирано спроведување на ИПА средствата. Сите промени околу вработувањата согласно Плановите за вработување за 2012 година се следат континуирано во текот на целата година.

Во текот на 2012 година настанати се следниве промени во кадровската екипираност на институциите кои се дел од Оперативните структури и тоа:

- Во април 2012 година во Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) по пат на редовно вработување на државни службеници беа вработени три лица: 1 помлад соработник за следење на програми, 1 соработник за ЕУ јавни набавки и склучување договори (интерно распределен во Одделение за следење на програми) и 1 советник за ЕУ јавни набавки и склучување договори. Во јуни 2012 година беше префрлен 1 помлад соработник за ЕУ јавни набавки и склучување договори од друг сектор во МФ. Согласно новиот Правилник за систематизација на работни места во МФ усвоен на 3.01.2012 година се формираше Единица за имплементација на проектот во која се систематизирани 9 работни места. На 6.07.2012 година беа ангажирани 3 (тројца) вработени, и тоа: 1 советник за ЕУ јавни набавки и склучување договори, 1 советник за контрола на квалитет и 1 советник за следење кои ќе бидат ангажирани во времетраење од 36 месеци. Јавен оглас за вработување на уште две лица во Единицата за имплементација на проект беше објавен на 15.10.2012 година и постапката се очекува да биде завршена до крајот на 2012 година.

- Во Националниот Фонд во текот на 2012 година беа настанати следните промени:
  - Во март 2012 година вработени се 4 нови лица (1 помлад соработник-финансиска контрола, 1 помлад соработник за ефективно функционирање на системите за управување и контрола на средствата на ЕУ и внатрешна контрола, 1 помлад соработник -финансиски менаџер и 1 виш соработник за сметководствени работи на фондовите на ЕУ)
  - Во март 2012 година, со интерно прераспределување вработено е 1 лице на работно место помлад соработник за човечки ресурси и поддршка на службеникот за нерегуларности.
  - Во јуни 2012 година, со интерно прераспределување вработени се 2 лица на работно место помлад соработник за ефективно функционирање на системите за управување и контрола на средствата на ЕУ и внатрешна контрола и советник за ефективно функционирање на системите за управување и контрола на средствата на ЕУ.
- Во *Министерството за локална самоуправа* започнувајќи од 20.09.2012 започнаа со работа 1 помлад соработник за програмирање, помлад соработник за техничка имплементација и 1 советник за техничка имплементација. Во Анализата на обем на работа за 2012 година беше идентификувана потреба од 12 лица, а за 2013 година 8 лица. Во моментов во ИПА структурата работат 7 лица.

- Во *Министерството за транспорт и врски* во текот на 2012 година нема нови вработувања ниту промени на работни позиции. Во Анализата на обем на работа за 2012 година беше идентификувана

потреба од 8 лица, а работат веќе 8 лица. На 28.11.2012 објавен е оглас за вработување на 2 советници за мониторинг .

- Во ИПА структурата во *Министерството за животна средина и просторно планирање* на 27.07.2012 година еден помлад соработник за програмирање и на 1.10.2012 година 1 советник за техничка имплементација си заминаа од работните позиции. Во Анализата на обем на работа за 2012 година беше идентификувана потреба од 10 лица, а за 2013 година вкупно 12 лица, од кои се бара две позиции да се пополнат со интерна прераспределба од други сектори во МЖСПП. Во моментов во ИПА структурата работат 6 лица. Дополнително, се планира да се реализира вработување на три лица со договори за времетраењето на проектот во Единицата за имплементација на проектот за изградба на пречистителна станица во Прилеп и реконструкција на канализациската мрежа во Прилеп.

- Во *Агенцијата за државни патишта* на 12.06.2012 година се донесе Одлука за измена на решението за Единица за имплементација на проект со која за Раководител на Единица за имплементација на проект е поставено ново лице. Во Анализите на обем на работа за 2012 година и за 2013 година е идентификувана потреба од 12 лица, а тоа е и вкупниот број на лица кои работат во Единицата за имплементација на проект.

- Во ИПА структурата во *Министерството за труд и социјална политика* назначен е нов ИПА координатор на 25.02.2012 година. Со цел зајакнување на капацитетите на ИПА структурата се формираше Единица за имплементација на проект во која ангажирањето на службеници е финансирано преку мерката за техничка помош во рамки а ОПРЧР. Во Единицата се вработени 3 советници започнувајќи од 22.06.2012 година и уште 2 лица се очекува да бидат вработени до крајот на 2012 година. На 1.10.2012 година еден советник за следење и контрола на проекти ја напушти ИПА структурата. Во Анализата на обем на работа за ИПА структурата за ИПА компонента IV за 2012 година беше идентификувана потреба од 15 лица, а за 2013 година 13 лица. Во ИПА структурата за ИПА компонента IV во моментот работат 10 лица.

- Во *Министерството за образование и наука* во текот на 2012 година е забележано најзначајно зајакнување на капацитетите. На 25.07.2012 година вработен е Раководител на одделение за имплементација и координација на ИПА компонентите I и IV. Во Единицата за имплементација на проект на 25.07.2012 година се вработени и три лица финансирани преку директниот грант во рамки на ОПРЧР, а уште две се дополнително на 21.11.2012 година. в има на три лица им е трансформиран работниот однос од привремено вработени во државни службеници во април 2010 година. Дополнително, беше вработено уште едно лице на позицијата советник за техничка имплементација. Во Анализата на обем на работа за 2012 година беше идентификувана потреба од 10 лица, за 2013 година 11 лица, а во ИПА структурата во моментот работат 10 лица.

Во март 2012 година до сите вработени во Оперативните структури беа циркулирани нови формулари за потребите од обуки врз основа на кои беа подготвени Анализата на потреби од обуки и Планот за обуки за 2012 година. Планот содржи преглед на обуки според приоритетите кои се пресметани преку изразените потреби од обуки од лицата кои работат во Оперативните структури, а предвидува дека ИПА Центарот за обуки би ги имал предвид овие потреби при планирање и одржување на обуки во текот на 2012 година.

Најголемиот дел од обуките беа одржани од страна на експертите кои работеа на проектот ИПА центар за обуки и проектот за техничка помош за градење на капацитетите на институциите кои ги имплементираат Оперативите програми финансиран преку ТАИБ 2008. Дополнително, ЦФЦД одржа неколку обуки за практична изработка на тендерска документација.

Како дополнување на обуките кои се планирани во рамки на Планот за обуки, вработените во Оперативните структури за ИПА континуирано посетуваа обуки организирани во рамки на нивните институции/министерства како дел од помошта обезбедена преку програмите на билатералните донатори и програмите за обуки на Агенцијата за државни службеници.

Во согласност со воспоставените процедури за оперативните структури, Раководителот на Оперативната структура спроведува континуирана проценка на капацитетите на ИПА структурите во рамките на оперативната структура. Во таа насока, ЦФЦД најмалку еднаш годишно спроведува верификациски мисии на институции кои се дел од Оперативната структура. Во согласност со Планот за реализирање на верификациските мисии за 2012 година кој што е одобрен во мај 2012 година, се реализирани верификациските мисии за проценка на капацитетите во институциите од Оперативните структури за ИПА Компонентите 1, 3 и 4.

**Краткорочни приоритети**

Понатамошно јакнење на административниот капацитет на Националниот фонд и институциите кои се дел од Оперативните структури за ИПА Компонентите 2, 3 и 4 за управување и контрола на претпристапните средства од ЕУ, како подготовка за спроведување на Кохезиската политика на ЕУ.

Понатамошно јакнење на капацитетите на од Оперативните структури за ИПА Компонентите 3 и 4 заради одржување на стапката на одбивање на тендерски документи (т.н.„Rejection rate“) на задоволително ниско ниво и нејзино понатамошно намалување.

Спроведување на анализа на квалитетот на тендерските документи, утврдување на најголемите слабости при подготовка на тендерските документи и давање на соодветни инструкции за надминување на утврдените слабости.

**Среднорочни приоритети**

Континуирано зајакнување на административните капацитети преку вработувања и интензивни обуки на структурите за управување со средствата од претпристапната помош од ЕУ, а потоа и за управување со средствата од Кохезискиот и Структурните фондови на ЕУ кои се достапни на земјите-членки.

Одржување на стапката на одбивање на тендерски документи на ниско ниво и во рамките на утврдените одредници од Патоказот за воспоставување на Децентрализиран систем за спроведување без ex-ante контрола.

Остварување на висока стапка на искористеност на средствате алоцирани во рамки на ИПА Компонентите 3 и 4 и висока стапка на исплатени средства од ИПА Компонентите 3 и 4.

Избегнување или одржување на стапка на изгубени средства заради „н+3" правилото на спроведување на ИПА Компонентите 3 и 4, на минимално ниво.

**Странска помош**

Обуки за институциите кои се дел од ДИС системот во текот на 2012 година беа одржани во рамки на следните проекти финансирани преку средствата планирани во ТАИБ или под мерките за техничка помош во рамки на ОПРЧР и ОПРР:

- ИПА ТАИБ 2007 – Техничка помош за ИПА центар за обуки – проектот заврши во јуни 2012 година и работата и спроведувањето на обуки во рамки на Центарот сега е во надлежност на Секретаријатот за европски прашања.
- ИПА ТАИБ 2008 – Техничка помош за зајакнување на капацитетот на институциите за управување и имплементација на Оперативните програми – проектот е тековен и одржани се поголем број обуки, најмногу за фазите на следење и евалуација.
- ИПА компонента за регионален развој – Техничка помош за Оперативната структура за имплементација на ОПРР 2007-2009 – Подготовка, организација и спроведување на обуки – од јануари до мај 2012 година спроведени се повеќе обуки за области кои беа идентификувани како потребни од страна на Оперативната структура за ОПРР. Проектот заврши во мај 2012 година.
- ИПА компонента за развој на човечки ресурси – Твининг проект за поддршка за подготовка на земјата да управува со Европскиот социјален фонд преку имплементација на ИПА компонента за развој на човечки ресурси - од јануари до март 2012 година спроведени се повеќе обуки за области кои беа идентификувани како потребни од страна на Оперативната структура за ОПРЧР. Проектот заврши во март 2012 година.

## *3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ*

**Тековна состојба**

**ИПА Компонента III – Регионален развој**

**Модификација на Оперативната програма за Регионален развој**

Во текот на 2012 година се спроведе процесот на ревидирање на Оперативната програма за Регионален развој со додавање на нови финансиски алокации за програмскиот период 2012-2013 година.

Работната група формирана од страна на Стратешкиот координатор одржа голем број на состаноци со цел подготовка на нацрт концепт за ревидирање на Оперативната програма.

Дополнително, во изминатиот период беа организирани неколку состаноци од страна на Стратешкиот координатор во насока на дефинирање на приоритетите и активностите кои ќе бидат предложени за финансирање во наредниот програмски период 2012-2013 година.

Ревидирањето на Оперативната програма се базираше на листите на проекти во подготовка во областа на транспортот и во областа на животната средина кои беа изработени од страна на двете ресорни министерства. Исто така, ревидирањето беше направено во согласност со препораките добиени по спроведената времена евалуација на Оперативната програма, при што беше потврдено дека постоечките приоритети во рамките на оваа Програма се сеуште релевантни и кохерентни со политиките на Европската Унија.

Нацрт предлогот за модификација на Оперативната програма за програмскиот период 2012-2013 со вклучување на финансиските алокации за 2012-2013 година беше доставен до членовите на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за Регионален развој на 28 јуни 2012 година. По добиените коментари од страна на претставниците на Европската комисија, Предлогот за модификација на Програмата беше соодветно ревидиран и финалниот текст беше официјално испратен од страна на Стратешкиот координатор до службите на Европската комисија на 30 јули 2012 година.

Во однос на вклучување на регионалната конкурентност, согласно заклучок на ВРМ, истата ќе се вклучи со следното програмирање на ИПА фондовите од 2014 година.

Европската комисија ја одобри ревидираната Оперативна програма за Регионален развој на 7 декември 2012 година.

Реализирана е мисија од страна на ГД за Регионална политика и претставници на Проектниот директорат ЈАСПЕРС (тело за заедничка помош за поддршка на проекти во европските региони) за претставување на ЈАСПЕРС инструментот на Европска комисија за поддршка на подготовка и имплементација на проекти во рамки на Оперативната програма за регионален развој .

Дополнително, подготвена е и Информација за Владата на Република Македонија, во однос на можноста за користењето на овој инструмент. Исто така, и релевантните ресорни министерства информираа за нивните потреби за обезбедување на поддршка од страна на ЈАСПЕР тимот во текот на подготовката и спроведувањето на инфраструктурни проекти во секторот транспорт и секторот животна средина. Користењето на помошта од ЈАСПЕР инструментот беше соодветно рефлектирана во предлогот за ревидирање на Оперативната програма за програмскиот период 2012-2013 година.

**III- Подготовка на Обрасци за идентификување на операции за програмскиот период 2010-2011 година**

Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање го финализираа процесот на програмирање за периодот 2010-2011 со изготвување на Обрасци за идентификување на операции, кои ќе се финансираат во рамки на расположливите ИПА алокации за овој програмски период.

Во таа насока, пет Обрасци беа изготвени во областа на секторот транспорт кои предвидуваат реконструкција на железничката секција и рехабилитација на железничките станици долж Коридор 10, набавка и инсталација на опрема за мобилни комуникации и контрола на возови (GSM-R и ETCS), како и подготовка на документација за основен проект за една железничка секција долж Коридор 8.

Во однос на областа на животната средина, четири Обрасци за идентификување на операции беа изготвени и истите предвидуваат подготовка на основен проект и проектна документација за подобрување на инфраструктурата за собирање и пречистување на вода во неколку општини, рехабилитација и надградба на мрежата за собирање отпадни води во Прилеп (2-ра фаза), техничка помош за реформа на Јавните Комунални Претпријатија за управување со водоснабдување, собирање и третман на отпадните води во повеќе општини како и подготовка на проектни студии и основни проекти за воспоставување на интегриран систем за управување со отпадот во Источниот и Североисточниот регион.

Проектите кои се предвидени за финансирање со ревидираната Оперативна програма за периодот 2010-2011 година, од секторот транспорт и животна средина се усогласени со службите на Европската комисија. За операциите кои се веќе усогласени отпочнати се активности за подготовка на потребната тендерска документација.

***<u>ИПА Компонента IV- Развој на човечки ресурси</u>***

**Модификација на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси**

Процесот на ревидирање на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси со додавање на нови финансиски алокации за програмскиот период 2012-2013 година, кој процес беше под директна координација на Стратешкиот координатор.

Работната група формирана од страна на Стратешкиот координатор одржа неколку состаноци со цел подготовка на нацрт концепт за ревидирање на Оперативната програма, при што во предвид се зема извештајот од спроведената времена евалуација на Оперативната програма во периодот јуни – септември 2012 година. Согласно извештајот, мерките предвидени во рамките на приоритетените оски од Програмата за секторите вработување, образование и социјална вклученост, сеуште се релевантни за поддршка на политиките на државата.

Исто така, за концептот се дискутираше за време на 5-от Секторски комитет за следење на Оперативната програма во декември 2011 година, како и за време на мисијата на Генералниот директорат на Европската комисија за Вработување на 31 јануари 2012 година. Дополнително, во текот на февруари и март 2012 година Стратешкиот координатор одржа два состанока со претставниците на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука со цел презентирање на Концептот за ревизија на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси, и истиот беше доставен до Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и вклучување при Европската комисија на 23 март 2012 година. Нацрт верзијата на ревидираната Оперативна програма за развој на човечки ресурси беше доставена до Европската комисија во мај 2012 година, и дополнително во периодор 22-23 мај 2012 година се одржа работилница за јавна расправа по однос на предлог ревидираната оперативна програма со учество на претставници од Европската комисија, Кабинетот на Стратешкиот кооридnatoр, Оперативната структура, социјални партнери, невладин сектор, претставници на синдикати и стопански комари, како и присутни донатори во земјата.

Предлог ревидираната Оперативна програма за Развој на човечки ресурси која ги вклучува финансиските алокации за 2012-2013 година се разгледуваше на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма кој се одржа на 29 јуни 2012 година. Финалниот текст на програмата со вклучени коментари од Секторскиот комитет по претходно нејзино усвојување од страна на Владата на РМ, се достави на одобрување до службите на Европската комисија на 18 јули 2012 година, а истата е одобрена од страна на Европската комисија на 18 октомври 2012 година.

**II- Подготовка на Обрасци за идентификување на операции за програмскиот период 2010-2011 година**

Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука го започнаа процесот на програмирање за периодот 2010-2011 со изготвување на Обрасци за идентификување на Операции, кои ќе се финансираат во рамки на расположливите ИПА алокации за овој програмски период.

Во таа насока, шест Обрасци се усогласени со Европската комисија во секторот труд и социјална политика, кои ги покриваат следните области:

- Поддршка на Агенцијата за вработување во имплементација на активните мерки за вработување, како и подобрување на условите за давање на услуги во рамки на центрите за врабтоување на Агенцијата за вработување на РМ со вложување во нивна реконструкција и модернизација;
- Решавање на прашањето за непријавено работење;
- Модернизација и адаптирање на центрите за социјална работа
- Зајакнување на социјалната вклученост на лицата со посебни потреби на пазарот на труд;
- Грантова шема во рамките на Приоритетна оска 3 – Социјална инклузија.
- Проекти за техничка помош во рамки на Приоритетна оска 4 за поддршка во подготовка на проекти за градежни работи и набавки, како и мал твининг за поддршка на ИПА структурата во Министерството за труд и социјална политика.

Во однос на областа на образованието, усогласени се три Обрасци за идентификување на операции со Европската комисија, од кои еден во рамки на Приоритетна оска 2 кој предвидува насочување на образованието помеѓу различните култури и два од Приоритетна оска 4 наменети за обезбедување техничка помош за подготовка на тендерска документација за набавка на опрема за стручно образование и евалуација на инвестициите и перспективите за понатамошен развој на доживотно учење, посебно на стручно образвоание и образование за возрасни.

Дополнително, во подготовка се уште два обрасци во рамки на Приоротетна оска 1 - вториот директен грант за Агенцијата за вработување на Република Македонија и натамошна поддршка на Министерството за труд за спроведување на Националната политика за вработување, како и еден образец во рамки на Приоритетната оска 2 кој е во процес на усогласување а се однесува на понатамошна поддршка на доживотното учење преку модернизирање на стручното образование и обука и системот на образование на возрасни.

**<u>Краткорочни приоритети</u>**

- Програмирање на финансиските алокации за 2012 и 2013 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Регионален развој;
- Програмирање на финансиските алокации за 2012 и 2013 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Развој на човечки ресурси;

**<u>Среднорочни приоритети</u>**

- Подготовка на релеватни документи и програмирање на финансиските алокации во рамки на ИПА 2 за периодот 2014-2012;
- Подготовка за вклучување на регионалната конкуретност во рамки на ИПА 2;

**<u>Странска помош</u>**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

### 3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

**<u>Тековна состојба</u>**

Годишниот извештај за имплементација на Оперативната програма за регионален развој за 2012 година и Годишниот извештај за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси за 2012 година беа подготвени од страна на Оперативните структури за ИПА Компонентите III и IV и по претходно разгледување на текстот на Извештаите од страна на релевантните Секторски комитети за следење, на 30 јуни 2012 година истите беа доставени до Европската комисија, Националниот ИПА Координатор, Стратешкиот координатор и Националниот службеник за авторизација. Последователно, во текот на јули 2012година беа добиени дописи за прифаќање на истите од страна на ЕК.

*<u>Електронски Систем за управување со информации (МИС)</u>*

Со цел навремено известување за статусот на планирањето на програмите и проектите, навремено известување за имплементацијата на проектите споредено со планот за имплементација и навремено известување на сите нивоа за ефикасноста на внатрешните контроли воспоставен е Management Information System (MIS). Системот треба да обезбеди систематски пристап и прибирање на податоци од оперативната структура во рамки системот за децентрализирано управување со IPA фондовите.

Привремено прифаќање е реализирано на 25 февруари 2011 година. Пред конечното прифаќање спроведена е надворешна IT ревизија во периодот мај-јули 2011. Целта на IT ревизорскиот извештај беше да осигура дали системот ги задоволува деловните, функционалните, безбедносни и квалитативни побарувања и да обезбеди наоди и препораки за подобрување на MIS.

Првична обука за MIS за сите IPA структури/SPO и IPA координатори беше спроведена на 24 февруари 2012 година.

Сертификатот за конечно прифаќање на MIS е потпишан на 24 април 2012 и одобрен од Делегацијата на Европската Унија на 22 мај 2012 година.

Во периодот 24 октомври – 08 ноември 2012 година одржани се практични обуки за MIS за SPO/IPA координаторите. Со обуката беа опфатени сите ресорни министерства/корисници на TAIB Националните програми 2009-2011 и ИПА структурите за Оперативните програми за IPA компонентите III и I. Во моментот сите ресорни министерства/ институции кориснички имаат постојан пристап да MIS и постепено ќе ја преземаат одговорноста за внесување и ажурирање на податоците од проектите што се имплементираат.

Преку проектот "Техничка помош за поддршка на институциите за спроведување на Оперативните програми", финансиран со средства алоцирани во рамки на Националната програма за 2008 година – TAIB, ангажирани се краткорочни експерти за да извршат ревизија на ИТ процедурите на ЦФЦД и НФ, особено во делот на нивната усогласеност со MIS и да изготват стратегија за одржливост на проектот. Постариот краткорочен експерт веќе достави до ЦФЦД ревидирана верзија на "Секција P – IT Service Management" прирачникот, додека помладиот краткорочен експерт помагаше во организирањето на практичните обуки за MIS за SPO/IPA координаторите како надворешни корисници.

На 01 ноември 2012 година, потпишан е договор за одржување на MIS, кој што е финансиран со средствата обезбедени од националниот буџет..

Спроведена е среднорочна евалуација на Оперативната Програма за Регионален Развој за периодот 2007-2009 година

Во тек се активностите за спроведување на евалуациски активности за мониторинг и индикатори за евалуација на мерките за Оперативната програма за развој на човечките ресурси за периодот 2007-2013 година. Подготвена е методологија за мониторинг и утврдување индикатори во рамки на проект за техничка помош на Оперативната структура. Спроведено е едно истражување, а второто истражување се планира во ноември. Проектот трае до декември 2012 година.

***<u>Секторски комитети за следење</u>***

***<u>ИПА Компонента III</u>***

На 11 јули 2012 година во Скопје се одржа шестиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за регионален развој. Се презентираше прогресот на сите проекти во рамките на ОПРД вклучувајќи го и статусот на проектите кои ќе се финансираат од програмскиот период 2010-2011. Од страна на ресорните министерства се презентираше прогресот на проектите кои што се во фаза на имплементација за програмскиот период 2007-2009 од обласа на транспорт и животната средина, и статусот на обрасците за идентификување на операции и тендерските документации во рамките на програмскиот период 2010-2011. Европската комисија и националните институции забележаа дека поголем напредок е постигнат во секторот транспорт отколку во секторот за животна средина. Во таа насока претставникот на ЕК потенцираше дека проектите од обласа на животна средина треба интензивно да се забрзаат и да завршат проектите кои што се во фаза на тендерирање и да се продолжи со имплементација што е можно поскоро со цел да се запази n + 3 правилото. Згора на тоа се дискутираше и за можноста на ЈАСПЕРС финансирањето и поддршката како референца вклучена во ревидирање на ОПРД во рамките на програмскиот период 2012-2013. Препораката на ЕК е да се алоцираат неискористените средства од претходната програма во новата 2012-2013 програма, и исто така препорача останатите средства да се користат и програмираат на помали проекти за финансирање. Како точка на дневниот ред беше презентиран и Годишниот извештај на имплементација за 2011, документ кој што го претставува напредокот и идентификуваните проблеми по однос на имплементација на проектите во текот на 2011 година. Годишниот извештај за имплементација беше доставен до сите членови на Секторскиот комитет за следење на ОПРД преку пишана постапка на 12 јуни 2012 година. Коментари беа примени од страна на ДЕУ и истите беа инкорпорирани соодветно на новиот текст на документот кој што беше доставен официјално до ЕК на 29 јуни 2012 година.

На 06 декември 2012 година во Скопје се одржа седмиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за регионален развој. Се презентираше прогресот на сите проекти во рамките на ОПРД вклучувајќи го и статусот на проектите кои ќе се финансираат од програмскиот период 2010-2011. Европската комисија истакна дека неопходно е да се преземат активности за зајакнување на администартивниот капацитет во Министертвото за животна средина и просторно планирање и поголема ангажираност при имплементирањето на проектите.

***<u>ИПА Компонента IV</u>***

<u>На 29 јуни 2012 година</u> во Скопје се одржа шестиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси на кој се презентираше напредокот на проектите од програмскиот период 2007-2009. Од страна на линиските министерства се презентираше прогресот на

проектите кои што се во фаза на имплементација за програмскиот период 2007-2009 од областа на образование и на труд и социјална политика,  и статусот на обрасците за идентификување на операции и тендерските документации во рамките на програмскиот период 2010-2011. Исто така беше презентиран и Годишниот извештај на имплементација за 2011 на ОПРЧР каде што прогресот на проектите и идентификуваните проблеми во текот на 2011 беа презентирани. Понатака како следна точка на дневен ред за дискусија е точката за статусот на административниот капацитет во Оперативната структура. На оваа точка беше укажано дека постапката за ангажирање на нови вработени кои што ќе се финансираат преку ОПРЧР, од Приоритетна оска – Техничка помош, Мерка 4.1, е завршена и дека предвидени вработени треба да започнат со работа на 02 јуни 2012 година.

Предмет на разгледување беше и нацрт ревидираната верзија на ОПРЧР за 2012-2013.

На 07 декември 2012 година во Скопје се одржа седмиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси на кој се презентираше напредокот на проектите од програмскиот период 2007-2009. Од страна на линиските министерства се презентираше прогресот на проектите кои што се во фаза на имплементација за програмскиот период 2007-2009 од областа на образование и на труд и социјална политика,  и статусот на обрасците за идентификување на операции и тендерските документации во рамките на програмскиот период 2010-2011.

**Краткорочни приоритети**

Подобрување на Системот за управување со информации.

Набавка на информатичка опрема согласно техничката спецификација.

Спроведување на среднорочната евалуација за Оперативната  програма за Регионален развој.

Проектот за времена евалуација на ОПРД започна на средината на ноември 2011 година. Проектот ќе се имплементира во период од 3 месеци. Предвидено е нацрт финалниот извештај за времена евалуација на ОПРД да се подготви до средината на февруари 2012 година. Истиот претставува значаен инпут за ревидирање на ОПРД за програмскиот период 2012-2013 година.

Спроведување на среднорочната евалуација за Оперативната  програма за Развој на човечки ресурси.

Проектот за времена евалуација на ОПРЧР е во тек. Нацрт финалниот извештај за времена евалуација е подготвен и истиот е предмет на разгледување на петтиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на ОП за развој на човечки ресурси.

**<u>Среднорочни приоритети</u>**

**<u>Странска помош</u>**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

## 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Користењето на средствата достапни во рамки на Инструментот за претпристапна помош се обезбедува преку Буџетските потпрограми за секоја ИПА компонента во рамките на Буџетот на Република Македонија. Имено, има четири ИПА потпрограми за првите четири ИПА Компоненти – МА, МБ, МВ и МГ, во рамки на владината програма за ЕУ интеграции. Овие буџетски потпрограми се дел од развојната програма на Буџетот на РМ, кои ги вклучуваат достапните ЕУ средства во рамките на специфичните ИПА компоненти, како и националното кофинансирање кое е потребно да биде обезбедено од националниот буџет. Земајќи во предвид дека овие потпрограми се повеќегодишни, средствата алоцирани за овие потпрограми се планираат на повеќегодишна основа, односно среднорочно.

**ИПА Компонента 3 – Регионален рзавој**

Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, на 27 февруари 2012 година, НАО/НФ достави до релевантните служби на Европската комисија *План за користење на алоцираните ИПА средства* за тековната и наредната година за 3 компонента од ИПА.

Во текот на 2012 година испратени се две Апликации за плаќање (за меѓу плаќање) до Европска комисија од вкупно четирите апликации кои се доставени до ЕК во рамките на Оперативната програма за Регионален развој и тоа: на 27 ноември 2012 доставена е третата апликација за плаќање до ЕК, а на 17 декември 2012 доставена е четвртата апликација за плаќање до ЕК. Со четвртата апликација испратена е изјавата за трошоци за сите прифатливи трошоци кои се настанати до 12 декември 2012 година во рамките на ОПРД.

Согласно реализираните плаќања во текот на 2012 година, а врз основа на правилото н+3 за трошење на ИПА средствата, се надминува ризикот за губење на ИПА средствата од оваа компонента за 2012 година , согласно Вкупно испалтени средства до крајните корисници за оваа програма се во вкупен износ од

**евра**

| | **2007-20011** |
|---|---|
| 1. Вкупно расположливи средства според Оперативна Програма: | 109.200.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Вкупен износ на ИПА средства за кои се склучени договори: | 47.958.357,85 |
| 4 | Вкупен износ на исплатени ИПА средства до 17 декември 2012 година | 21.304.907,34 |

**ИПА Компонента 4 – развој на човечки ресурси**

Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, на 27 февруари 2012 година НАО/НФ достави до релевантните служби на Европската комисија План за користење на алоцираните ИПА средства во рамки на 4 компонента за тековната и наредната година.

Согласно Финансискиот договор помеѓу Европската Комисија и Република Македонија во однос на Оперативната Програма за Развој на човечки ресурси, НАО на 28 ноември 2012 година ја испрати третата Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) до Европска комисија заедно со изјавата за трошоци за сите прифатливи трошоци кои се настанати до 31 октомври 2012 година во рамките на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси .

Втората Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) за ова програма се очекува да се достави до крај на декември 2012 година.

Исто така до крај на 2012 година се очекува да се достави Барање за претфинансирање до ЕК со кој што ќе се овозможи надминување на ризикот за губење на ИПА средсвата согласно правилото н+3.

Статусот на финансиска имплементација на ОПРЧР е следен:

| | **2007-2011** |
|---|---|
| Вкупно расположливи средства 2007-2011: | 33.500.000,00 |
| Вкупен износ на ИПА средства за кои се склучени договори: | 12.512.893,20 |
| Вкупен износ на исплатени ИПА средства до 31 ноември 2012 | 6.676.748,01 |

**Хоризонтални прашања**

Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилоностите е усвоена од Владата на Република Македонија на 03.05.2011 година (Службен весник бр. 63/2011). Уредбата дополнително придонесува до зајакнување на системот за известување на нерегуларностите и обезбедување на координација помеѓу сите засегнати страни во заштитата на финансиските интереси на ЕУ средствата и националниот буџет.

Дополнително, усвојувањето на Уредбата е во согласност со исполнување на одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиски контрола.

За напредокот во врска со заштитата на финансиските интереси на Европската унија известено е во детали во Глава 3.32 финансиска контрола.

Исто така, потребно е да се спомене дека е обезбеден **доволен капацитет за внатрешна ревизија** во секоја институција која е дел од структурата за имплементација на 3 и 4 ИПА компонента, во рамките на постоечките Одделенија за внатрешна ревизија во ресорните министерства.

Според одредбите од Законот за ревизија на ИПА, нов главниот ревизор за ИПА е назначен од страна на Владата на Република Македонија на 12 Мај 2012 година.

Ревизорското тело за ИПА е официјално регистрирано како правно лице во Централниот регистар на Република Македонија на 09 Јуни 2011 година. Истото ќе функционира како самостојно и независно правно лице кое е функционално независно од сите учесници во системот за управување и контрола на Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Правилникот за организација и работа (01-3/1) и правилникот за систематизација на работните места (01-4/1) на Ревизорското тело се усвоени од страна на гавниот ревизор за ИПА на 09 јуни 2011 година.

## 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

### 3.23.1 СУДСТВО

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

За натамошно зајакнување на независноста, ефикасноста, професионализација на правосудството, во текот на 2012 год. се продолжи со имплементација на законските решенија во однос на изборот на судии, следење и оценување на работата на судиите, воведување на нови услови, воведување на систем на кариера во напредувањето на судиите, зголемување на транспарентноста во работењето на судовите, подобрување на финансирање на судството .

Судскиот совет на Република Македонија во текот на 2012 година изврши избор на 32 судии (од кои 3 кандидати од АСЈО) ,додека Советот на јавните обвинители изврши избор на 22 јавни обвинители (од кои 3 кандидатите од АСЈО). Во однос на изборот на кандидатите од АСЈО, од 80 кандидати од I, II, III и IV генерација досега се избрани вкупно 57 кандидати (35 судии и 22 јавни обвинители).

Судскиот совет го спроведе и оценувањето на работата на 606 судии од вкупно 717 судии и 30 претседатели на судовите за 2011 година, од кои 471 судии или 77,72% се оценети со оценка многу добар, 117 судија или

19, 31% се оценти со оценка добар, 17 судии или 2,81% со оценка задоволува и 1 судија или 0,17 % со оценка незадоволува, додека од вкупно оценети 30 претседатели на судови, 13 се оценети со оценка многу добар, 15 со оценка добар и 2 со оценка задоволува. Со цел обезбедување на начелото на транспарентност, Судскиот совет на РМ, во 2012 г. има одржано 10 јавни седници на кои се разгледани околу 879 претставки и поплаки поднесени од граѓаните.

Во тек се активности за прием на слушатели на 5-тата генерација кандидати на АСЈО, при што досега се релаизирани следните: Определен е бројот на 5-тата генерација да биде 29 слушатели (врз основа на одлуките на ССРМ и СЈОРМ); усвоена е Програма за приемниот испит и Правилник за полагање на приемен испит (објавени на веб страната на Академијата); определен е Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје - Универзитет „Св. Кирил и Методиј",како независна и целосно акредитирана професионална институција да ги спроведува психолошките тестови и тестовите за интегритет; обезбедени се безбедносни сертификати за пристап и ракување со психолошките тестови и тестовите за интегритет како класифицирани информации со степен „Интерно , формирана е Комисијата за приемен испит; а во периодот мај-ноември 2012г. објавени се 4 огласи за прием на слушатели.

Академијата за судии и јавни обвинители, продолжи со спроведување на Програмата за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и во 2012 год. спроведени се вкупно 209 обуки со 5838 учесници[34] на теми од областа на: граѓанско право, кривично право, меѓународно право, право на ЕУ, трговско право, управно право и уставно право општи теми, како и спроведени се вкупно 19 обуки со 319 судски и јавно-обвинителски службеници, Во рамки на Специјализираната програма за обуки на новоизбрани судии и јавни обвинители спроведени се 3 обуки и тоа: на „Општи теми" за 41 новоизбрани судии и јавни обвинители ( 22 судии во основните судови и 19 јавни обвинители во основните јавни обвинителства) „Граѓанско право" за 12 новоизбрани граѓански судии и „Казнено право" за 19 учесници ( 7 јавни обвинители и 12 судии од кривичните и прекршочните оддели). АСЈО продолжи со имплементација на Стратегијата за обука на Управниот суд (подготвена во рамки на ИПА проектот 2007 „Подршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд" ) и досега се спроведени се 16 обуки за судиите на Управниот и Вишиот управен суд, За евиденција на учеството на судиите во континуираната едукација, се поврзаа дата базите помеѓу ССРМ и АСЈО.

Во рамки на Проектот ИПА 2008 за натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата кој (заврши во мај 2012 година) изготвени се нова Програма за континуирана обука, нова Програма за почетна

---

[34] Судии, обвинители, стручни соработници од судовите, стручни соработници од обвинителствата, раководни службеници од судството, раководни службеници од обвинителствата, административни судски службеници, административни службеници од обвинителствата и други учесници вработени во министерствата.

обука;; подготвени се материјали за обука од областа на правото на ЕУ и меѓународното право и спроведени се 17 обуки; инсталиран е нов систем за електронско учење со набавка на хардвер и софтвер кој е составен дел на новиот систем за менаџирање на процесите во Академијата за судии и обвинители. Пристапот до системот за електронско учење е преку регистрација на слушателот на новиот WEB портал на Академијата за судии и јавни обвинители и добивање на соодветни кориснички привилегии за влез во системот на ACJO; во рамките на системот за е-учење изработена е нова база на податоци која содржи материјали од домашното, европското и меѓународното право, целосно е надграден новиот библиотечен софтвер кој овозможува полесна обработка на публикациите кои го сочинуваат библиотечниот фонд, збогатена е библиотеката на ACJO со неколку нови публикации.

За афирмирање на медијацијата, како алтернативен начин на решавање на споровите, се имплементираат активностите од МАТРА Проектот "Поддршка за унапредувањето на спроведувањето на медијацијата во РМ" во чии рамки изготвен е Извештај за проценка на недостатоците во областа на медијацијата и Акциски план за развој на медијацијата, и спроведени се обуки за обучувачи и обуки за обновување на знаењата од областа на медијацијата.

За ефикасна имплементација на Методологијата за водење на унифицирана статистика во тек се активности за изработка на софтвер, а до крајот на декември 2012 година се очекува инсталирање на софтверот, по што ќе се започне со обуки за корисниците.

За имплементација на Законот за кривична постапка (кој ќе започне да се применува од 01.12.2013 година) од аспект на нормативната рамка реализирани се следните активнсоти: усвоен е Законot за измени и дополнувања на Законот за адвокатура, изготвен е Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за судовите (во собраниска процедура), и Предлог закон за измени и дополнување на Законот за Јавно обвинителство (владина постапка), усвоени и објавени се Правилник за висината и начинот на определување на трошоците во кривичната постапка и Правилник за начинот на примањето и распоредувањето на притворените во затворите, како и условите за работа на притворениците. Изготвен е Правилник за уредување, начин на водење и чување на казнената евиденција, како и Правилник за начинот на вршење на снимање на обвинетиот. Во делот на обуките за ЗКП досега се спроведени 31 базична обука за судии, јавни обвинители, претставници на МВР, Финансиската полиција, Царинската управа и адвокатите. Во тек е Изработка на Практикум за примена на ЗКП кој треба да содржи обрасци и примери за постапување по однос на одредени спорни прашања од примената на новиот ЗКП како и теркови на актите кои се изработуваат во кривичната постапка, а во подготовка се материјалите за специјализирани модули кои ќе се спроведуваат во 2013 година, прирачници за обучувачите а утврдена е и методологијата на обуките.

Советот за судски реформи, одржува состаноци за следење на реализацијата на реформите во правосудството (на 04.12.2012 год. одржан е 12-от состанок).

### .СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

- Стратегија за Информациско комуникациска технологија 2007-2010 година;
- Стратегија за реформа на казненото право од 2007-2010 година;
- Стратегија за утврдување на бројот на судии и јавни обвинители.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

За натамошно зајакнување на независноста и непристрасноста на судството во текот на 2013 година, ќе се продолжи со следење на примената правната рамка во однос на изборот на судии и јавни обивнители, следење и оценување на судиите, примената на нови услови, системот на кариера во напредувањето на судиите, како и со континуирано следење на постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и дисплинска одговорност.

Со цел за утврдување на идните приоритети за унапредување на правосудството, согласно исполнување на целите од Акцискиот план од Патоказот за пристапниот дијалог на високо ниво, до крајот на второиот квартал од 2013 година ќе се изготви  Рамка за натамошен развој на правосудството, а до крјаот на привот квартал 2013 ќе се изготви и Анализа за примена на одредбите од Законот за судови и Законот за Судски совет на РМ за дисциплинска одговорност и нестручно и несовесно работење на судиите.

Во текот на 2013 година, ќе се продолжи со реализација на активностите за имплементација на Законот за кривична постапка, преку донесување на измени на Законот за Јавно обвинителство; Кривичниот законик; Законот за судовите и Законот за прекршоците; како и преостанатите подзаконски акти, и тоа:  Акт за начинот на вршење на снимањето на обвинетиот; и Акт за уредување, начин на водење и чување на казнена евиденција;.

Со цел за уредување на правата, обврските и одговорностите на вработените во јавните обвинителства, до јуни 2013 година ќе се донесе Закон за јавнообвинителска служба.

Во насока на уредување на постапката пред управните судови, предвидено е до декември 2013 да  се изготви Закон за управни спорови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на следење на имплементација на правната рамка, Судскиот совет на РМ, во текот на 2013 година континуирано ќе известува и ќе доставува податоци за активностите во однос на изборот, разрешувањето на судиите, за постапките за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност, како и за јавните седници за расправање по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите. Воедно, ССРМ ќе изготви Извештај за следење и оценување на работата судиите и претседателите на судовите за 2012 година.

Советот на јавни обвинители, во текот на 2013 год. месечно ќе известува и доставува податоци за активностите во однос на изборот, разрешувањето на јавни обвинители,а во соработка со ЈОРМ континуирано ќе известува за постапки за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност.

Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители во 2013 г. ќе продолжат со реализација на Плановите за избор на судии и јавни обвинители од II, III и IV генерација кандидати од АСЈО, според кои треба да се изберат уште 23 кандидати и тоа: 11 судии (2 судии -II генерација, 6 судии - III генерација, 3 судии – IV генерација) и 12 јавни обвинители (6 јавни обвинители - II генерација, 3 јавни обвинители - III генерација кандидати и 3 јавни обвинители – IV генерација. Имено од 1 јануари 2013 година ќе се започне со примената на одредбите согласно кои назначувањето на судии во прва инстанца ќе биде само од редот на дипломирани кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, како и примена на новите професионални услови за изборот на судии во повисоките судови.

Академијата за судии и јавни обвинители во текот на мај 2013 год. ќе започне со теоретска обука на 5-тата генерација слушатели. а ќе продолжи и со натамошна реализација на Програмите за континуирана обука на судиите и обвинителите, стручниот судски и обвинителски кадар, како и судските и јавно обвинителските службеници.

За следење на работата на судиите, Судскиот Совет на РМ во соработка со Врховниот суд во текот на 2013 ќе изготвува и доставува месечни извештаи за состојбата со совладување на приливот и намалување на заостатокот на предметите, врз основа на податоците од Основните судови, 4-те Апелациони судови, Управниот суд и Вишиот Управен суд. За натамошна имплементација на Методологијата за водење на унифицирана судска статистика по инсталирањето на софтверот, во првиот квартал од 2013 година ќе бидат спроведени обуки за корисниците на софтверот, а до крајот на вториот квартал 2013 ќе започне генерирањето на податоци за просечното времетраење на разни видови правни постапки, вкупното времетраење на секој случај, број на жалби. Исто така, ССРМ во соработка со Врховниот ќе изработат Упатство за судиите и судските органи вклучени во собирањето на податоци за начинот на внесување и користење на статистичките показатели.

Во 2013 година ќе се продолжи со именување на извршители на непополнетите извршителски места, а ќе се започне и со организација на тркалезни маси заради афирмација на професијата извршител со цел зголемување на бројот на лицата со положен извршителски испит и создавање на поголем квантум на потенцијални извршители.

.Во насока на подобрување на имплементација на медијација во граѓански и трговски предмети, во текот на 2013 година ќе продолжи со реализација МАТРА Проект за поддршка на унапредувањето на спроведувањето на медијацијата во РМ.

АСЈО ќе продолжи со спроведување на континуирани обуки за судии, советници и судските службеници во Управниот суд и Вишиот Управен суд. . Согласно Специјализираниот модул за обука на судиите на Управниот и Вишиот управен суд во 2013 година се предвидени 15 посебни теми кои ќе бидат предмет на обработка на специјализирани обуки  за судиите (и стручниот судски кадар) според областа на управното право во која постапуваат.

За имплементација на Законот за кривична постапка во 2013 ќе се продолжи со реализација на обуките за што е предвидено да се одржат вкупно 32 специјализирани обуки (по осум во секој од предвидените 4 модули и тоа: Предистражна постапка, Истражна постапка, Главна расправа и модул Посебни постапки) за судиите, јавните обвинители, припадниците на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската управа и адвокатите Од аспект на  зајакнување на човечките ресурси до мај 2013 година предвидено е во ОЈО за гонење на делата од организиран криминал и корупција да се изврши избор на 7 јавни обвинители  и да се вработат 16 стручни соработници. За подобрување на инфраструктурата на Јавното обвинителство, до крај на вториот квартал 2013 предвидено е да  заврши изградбата и опремувањето на новата зграда на Јавното Обвинителство на Република Македонија,

Во рамки на ИПА Проектот 2009 „Поддршка во имплементација на реформата на кривично правниот систем“, кој ќе придонесе за зајакнување на капацитетите на јавните обвинители и другите релевантни институции вклучени во спроведување на реформираното кривично законодавство, (имплементација се очекува да започне во декември 2013 година) се очекува да се изврши набавка на опрема за воспоставување на интегриран Информатичко-Телекомуникациски систем во ЈО на РМ, вклучително и автоматизиран систем за управување со предметите, систем за мрежи и безбедност и систем за аудио-видео снимање за истражниот центар.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Активностите во правосудството, среднорочно ќе бидат насочени кон натамошно јакнење на независноста, ефикасноста, како и на реализација на Рамката за натамошен развој на правосудството, како и следење на примената на новиот Закон за кривична постапка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Судскиот Совет во 2014 година ќе продолжи со активностите во однос на изборот, разрешувањето на судиите следење и оценување на работата судиите и претседателите на судовите.

Академијата за обука на судии и обвинители, ќе продолжи со  реализација на Програмите за почетна и континуирана обука на судиите и обвинителите, стручниот судски и обвинителски кадар, како и судските и јавно обвинителските службеници.

Во 2014 година ќе продолжи реализацијата на активностите предвидени во рамки на ИПА проект 2009 за Поддршка во спроведувањето на реформата на кривично правниот систем.

Во 2014-2015 год. предвидено е да се реализра проект ИПА 2010 "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство", со цел јакнење на капацитетите на Судскиот Совет и Советот на јавни обвинители за ефикасно вршење на нивните надлежности поврзани со изборот и разрешувањето на судиите и јавните обвинители, планирањето на човековите капацитети, водењето на судските предмети и транспарентност во правосудството.

Судскиот Совет во соработка со Врховниот суд, ќе продолжат со следење на имплементација на Методологијата за водење на унифицирана судска статистика.

Во 2014 година ќе се пристапи кон натамошно подобрување на инфраструктурата и опремување на јавните обвинителства, подобрување на интернет поврзаноста на јавните обвинителства и изработка на веб страни како и набавка на опрема за интегриран ИТ систем.

## 3.23.2. АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2012 година се продолжи со имплементација на правната рамка за борба против корупцијата, меѓу-институционалната соработка, реализација на ГРЕКО препораките - III круг на евалуација, како и со имплементација на Државните програми за спречување на корупција и за спречување на судир на интереси за 2011-2015.

За имплементација на ГРЕКО препораките од аспект на транспарентност на финансирање на политичките партии, на 12.11.2012 год. донесени се Законот за измени и дополнување на Изборниот законик и Законот за измени и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии. Со Законот за изменување и

дополнување на Законот за финансирање на политичките партии се предвидени одредби за унапредување на транспарентност и јавност во финансирањето на политичките партии.

За следење на реализацијата на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015, во септември 2012 год. изготвена е ВЕБ апликација за електронско прибирање на податоците, и определени се 102 лица од институциите опфатени со програмите (законодавна, извршна и судска власт, локална самоуправа, образование, здравство, медиуми, невладиниот и приватниот сектор). Во октомври 2012 година реализирани се 4 обуки за поплнување на ВЕБ апликацијата. Првичното поплнување започна во ноември 2012 година а до крај на декември ќе се изготви Првичен извештај за статусот на реализација.[35]

За воведување на системската проверка на изјавите на судир на интереси на 20.03.2012 г., донесена е Уредба за начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси[36] согласно која ДКСК од мај до декември 2012 год. изврши проверка на изјавите за судир на интереси на 41 службено лице, 123 носителите на законодавната власт - пратеници, 38 членови на Владата на РМ[37] и 281 службени лица избрани или именувани од Собранието на РМ[38].
Согласно "Критериумите за начинот за определување на анкетни листови кои ќе бидат предмет на проверка" ДКСК во 2012 година изврши проверка на вкупно 77 анкетни листови поднесени од страна на градоначалници на општините во РМ, при што кај 28 анкетни листови утврдени се нецелосни податоци поради што во октомври 2012 год. до Управата за јавни приходи се поднесени барања за испитување имот и имотна состојба.

Во тек е подготовка на Методологија за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, која што согласно заклучоците усвоени од страна на Владата на РМ[39], работна група[40] се очекува да изготви драфт верзија до крај на декември 2012 год.

---

[35] тест период за примената и функционалноста на веб апликацијата.
[36] Сл. Весник на Република Македонија бр. 42/2012", стапен во сила од 04.04.2012 година.

[37] 23 министри и 15 заменици министри
[38] Станува збор за службени лица во 37 државни органи, одбори и тела ( комисии, агенции,совети и сл.) чии членови ги избира или именува Собранието на РМ. Од нив предмет на проверка беа членовите на 35 државни органи, останатите два државни органи до бројот 37 се членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата и членовите на Одбори за доделување на државни награди кои не беа предмет на проверка. Овие службени лица не беа предмет на проверка од причина што согласно со Законот за спречување на корупцијата во случај на сомневање за постоење состојба на судир на интереси кај членовите на оваа Државната комисија за спречување на корупцијата мислење дава Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на РМ, а членовите на одборите за доделување на државни награди се формираат по потреба од случај до случај.
[39] усвоени на 19.11.2012 год.

Во тек е реализација на проектот: „Поддршка за развој на системот пријавители на корупција“ (whistleblowers protection) во соработка со Британската Амбасада, со кој ќе се придонесе за подобрување на заштита на лицата кои пријавуваат корупција и злоупотреби во институцијата во која се вработени.

Во рамки на УНДП проектот: „Поддршка за зајакнување на националниот и локалниот систем на интегритет“, во 2012 год. во 10 општини се развиени заеднички рамки на систем на интегритет и анти-корупциски политики, исто така назначени се контакт лица и воспоставени се телефонски линии за пријавување на корупција, формирани се работни групи за интегритет за следење на елементите на интегритет и одржани се две работилници. Исто така, во јули 2012 година, со поддршка на Регионалната - антикорупциската иницијатива (РАИ), Регионалниот совет за соработка (РЦЦ) и УНДП – канцеларијата во Македонија се одржа **Меѓународна работилница на тема “Концепти за интегритет: Пристапи и нови граници,** на која учествуваа делегации од земјите членки на ИЕН[41], претставниците од РАИ, претставниците од релевантни институции од Република Македонија, претставници од меѓународните организации и од други засегнати страни. Темите на работилницата се однесуваа на: Системи на интегритет; Антикорупциски стратегии; Поткажување/ пријавување (whistle-blowing); Балансирање на транспарентноста и заштита на личните податоци.

Во рамки на ОБСЕ проект: „Промовирање на транспарентноста и отчетноста во јавните институции“ спроведени се истражувања на јавното мислење за трите сектори од Државните програми: Образование и спорт, Јавна администрација и Медиуми и граѓански организации, како и секторот Образование и спорт.

За зајакнување на соработката со приватниот сектор на 09.11.2011 год. потпишан е Меморандум за взаемна соработка и поддршка за спречување на корупција и судир на интереси со 9 претставници на приватниот сектор[42]. Во мај 2012 год. реализирана е работилница “Бизнис етика-спречување на корупција преку воспоставување на етички бизнис практики“ со преставници од приватниот сектор, на тема развивање на етички кодекси за приватниот сектор за однесување во случаи на можна корупција и судир на интереси.

---

[40] Координирана од Министерство за правда, членови Врховен суд на РМ, ДКСК; Основен суд Скопје 1, ОЈО за организиран криминал и корупција, Министерство за внатрешни работи, Државен завод за статистика, Царинска управа и Финансиска полиција

[41] Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија, Србија

[42] Американска стопанска комора во РМ, Бизнис конфедерација на Македонија, Европска Бизнис асоцијација, Македонско - Германско стопанско здружение, Сојуз на стопански комори на РМ, Стопанска комора за информатичко- комуникациски технологии МАСИТ, Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на Северо- западна Македонија и Трговско – текстилно здружение.

Започнати се подготовките за реализација на ГРЕКО препораките од Четвртиот круг на евалуација и во тек е пополнување Прашалникот од страна на сите релевантни институции.

За имплементација на Законот за финансирање на политичките партии, во текот на 2012 год. до Државниот завод за ревизија 16 политички партии доставиле Годишни сметки за финансиското работење, додека 9 политички партии доставиле Извештаи за добиени донации.

Меѓуресорското тело, редовно одржува состаноци за координација на активностите против корупцијата, при што на 12.12..2012 год. одржан е 8-от состанок.

Во текот на 2012 год. АСЈО во соработка со ДКСК реализираше 12 обуки за **Корупција и судир на интереси** со вкупно 278 учесници (138 судии, 109 јавни обвинуители, 31 стручни соработници од судовите и обвинителствата). Додека за имплементација на Кривичниот законик, АСЈО спроведе 13 обуки на кои учествувале вкупно 412 учесници од кои (226 судии, 139 јавни обвинители, 8 раководни судски службеници, 6 стручни соработници од судовите, 5 стручни соработници од обвинителствата, како и 28 претставници од релевантните институции). Исто така спроведени се 2 обуки на тема "**Поткуп преку концептот на службено лице**„ на која учествувале 65 учесници.

Во насока на подигнување на професионализацијата и едукацијата на субјектите кои се активни учесници во постапките за доделување на договори за јавни набавки, Бирото за јавни набавки во текот на 2012 година (заклучно со 20.11.2012 г). организираше 32 обуки, на кои присуствуваа 692 учесници, 678 договорни органи и 14 економски оператори. Во обуките беше вклучен и модулот за судир на интереси и корупција во јавните набавки.

По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види *Поглавје 3.05. Јавни набавки.*

### СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ:

- Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015;
- Стратешки план на ДКСК за унапредување на односите со јавност.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во текот на 2013 год. ќе се продолжи со активности за имплементација на правната рамка за натамошно зајакнување на превенцијата и сузбивање на корупцијата, намалување на судирот на интереси, унапредување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, како и следење на

реализацијата на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015, како и зајакнување на меѓу - институционалната соработка.

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2013 година ќе се донесе Закон за измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција, со цел да се уреди системска и институционална заштита на лицата кои сакаат да пријават случаи на корупција, како и прашањето за интегритетот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

ДКСК во текот на 2013 год. ќе продолжи да ја следи реализацијата на активностите предвидени во Акциониот план на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015, и до крајот на Март 20132 ќе изготви Извештај за степенот на реализирани активности, кој ќе се презентира на Годишна конференција за степенот на остварувањето на двете ДП 2011-2015.

ДКСК во 2013 година ќе продолжи со проверка на податоците во изјавите за судир на интереси, а согласно препораките на Европската Комисија за воспоставување на track – record, ДКСК на месечно ниво ќе изготвува и доставува Табеларен статистички преглед за проверки на изјавите за судир на интереси, со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции за утврден судир на интереси. Исто така, во рамки на ОБСЕ проектот: „Промовирање на транспарентноста и отчетноста во јавните институции“ во ДКСК до јуни 2013 год. ќе се воспостави База на податоци за изјави на интереси за избрани и именувани лица.

Врз основа на Критериумите за начинот за определување на анкетни листови, а согласно препораките на Европската Комисија за воспоставување на track - record, ДКСК во соработка со УЈП во текот на 2013 година ќе изготвуваат и доставуваат Табеларен статистички преглед за проверки на анкетните листови, со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции за утврдени неправилности, како и испитување на имот и имотна состојба со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции.

Во рамки на проектот “Поддршка во развојот на системот на пријавители во Македонија“, со поддршка на Британска амбасада во првиот квартал од 2013 ќе биде изготвена Физибилити студија за можни насоки за развивање на системот за заштита на пријавители.

Исто така до април 2013 ќе се одржи Меѓународна работилница на тема : Заштита на пријавителите - пракса, легислатива и предизвици.

До крај на 2013 год. предвидено е да започне со имплементација Твининг проектот ИПА 2010 – „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“.

Од аспект на меѓу -институционалната соработка, Државната комисија за спречување на корупцијата во 2013 година ќе изготви полугодишен Извештај за спроведување на Меморандумот за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и на судирот на интереси потпишан со Приватниот сектор и полугодишен Извештај за спроведување на Меморандумот за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и на судирот на интереси потпишан со Граѓански организации. Исто така, ДКСК ќе изготвува Полугодишни информации за спроведување на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси.

Во текот на 2013 година, ДКСК, АСЈО, Министерството за информатичко општество и јавна администрација ќе продолжат со спроведување на континуирани обуки за ризици од корупција, превентивни мерки и подигнување на јавната свест, како и обука на тема „"Концепт и елементи на системот на интегритет"“.

Министерството за правда, во текот на 2013 год., во соработка со судовите во РМ, јавните обвинителства во РМ и МВР, ќе продолжи со изготвување на квартални статистички извештаи за случаи на корупција, како и табеларен преглед за следење на делата од висок профил на корупција.

Во насока на натамошно ефикасно сузбивање на корупцијата, со цел за реализација на препораките од ЕК за воспоставување на track –record на случаите на корупција, до крајот на 2013 год. ќе се следи имплементацијата на Методологијата за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, преку изготвување на табеларен преглед на истраги, обвиненија, пресуди и казни за дела на корупција.

Министерството за правда, во текот на 2013 год. во соработка со судовите во РМ, јавните обвинителства во РМ и МВР, ќе изготвуваат Квартални статистички извештаи за случаи на корупција, како и табеларен преглед за следење на делата од висок профил на корупција.

Со цел спроведување на одредбите за проширена конфискација и незаконско збогатување од Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик во текот на 2013 година, АСЈО ќе продолжи со спроведување

на обуки на овие теми за судиите и јавните обвинители. Воедно, ќе се следи и известува за евентуални случаи на проширена конфискација и незаконско збогатување.

Агенцијата за управување со конфискуван имот, во соработка со судовите и јавните обвинителства во РМ, ќе изготвува и доставува табеларен преглед на реализирани конфискации на имот и имотна корист со податоци за видот, вредноста и износот на извршена наплата.

Со цел за унапредување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, во согласност со приоритетите утврдени во Акцискиот план за започнување на пристапни преговори меѓу РМ и ЕУ, во текот на 2013 год. Државниот завод за ревизија, до крај на јуни 2013 год. ќе изврши објавување на кампањски и партиски извештаи и примена на ефективни санкции во случај на прекршоци, ревизија на финансиските извештаи на политичките партии за 2012 година и ревизија на финансиските извештаи од спроведените локални избори во 2013 година, како и објавување на конечните ревизорски извештаи на својата веб страна. Исто така, за примена на новиот Закон за финансирање на политички партии, до 31.05.2013 год. ќе се изврши зајакнување на човечките ресурси на ДЗР преку вработување на 5 виши ревизори.

Постапувајќи согласно изборното законодавство и согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата, во текот на изборниот период за претстојните локални избори во 2013 година, ДКСК ќе ги следи финансиските извештаи на организаторите на изборните кампањи доколку има основи за поведување на соодветни постапки за истото ќе известува веднаш по превземените активности. ДЗР, во соработка со ДКСК и ЈОРМ, во текот на 2013 год. ќе изготви табеларен преглед на постапки и изречени санкции за непостапување согласно одредбите од Законот за финансирање на политички партии и Изборниот законик.

Во поглед  на ГРЕКО Четвртиот круг на евалуација на Република Македонија во текот на 2013 година ќе се превземат активности за подготовка за Четвртиот круг на евалуација на Република Македонија од страна на ГРЕКО, на тема - Превенција на корупцијата по однос на членови на парламентот, судии и јавни обвинители.

По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види *Поглавје 3.05. Јавни набавки.*

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2014 и 2015 год. ќе се продолжи со натамошна реализација на активностите за натамошно зајакнување на превенцијата и сузбивање на корупцијата, намалување на судирот на интереси,

унапредување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, зајакнување на меѓу-инситуционалната соработка  како и следење на реализацијата на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

ДКСК на среден рок, ќе продолжи со следење на реализацијата на активностите утврдени со Акциските планови на Државна програма за превенција и репресија на корупција и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси, за што ќе доставува известувања за степенот на реализација на Акциските планови.

ДКСК ќе продолжи со натамошна реализација на активностите утврдени во Стратешкиот план за односи со јавност 2012-2014.

Во рамки на Твининг проекот ИПА 2010 – „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", ќе се обезбеди подобрување на имплементацијата на националната законодавна рамка за борба против корупција, јакнење на националните механизми за превенција и борба против корупцијата, зајакната соработка помеѓу Државната Комисија за спречување на корупција, правосудните органи, надлежните органи за спроведување на законот и останатите релевантни институции во областа на откривање, превенција и санкционирање на коруптивните кривични дела.

На среднорочен план ќе се превземаат активности за реализација на препораките од ГРЕКО Четвртиот круг на евалуација на Република Македонија по однос Превенција на корупцијата по однос на членови на парламентот, судии и јавни обвинители.

За подигање на свеста за ризиците од корупција, на среден рок. ќе се продолжи со спроведување на обуки за антикорупциски мерки и Етика во државната служба.

По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види Поглавје 3.05 Јавни набавки.

### 3.23.3 ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

*(да се види и во делот I- Политички критериуми, 1.02. Човекови права и заштита на малцинставата)*

#### 1.2.1 Почитување на меѓународно право за човекови права

***Тековна состојба***

***Правна рамка***

Собранието на Република Македонија ги ратификуваше Ревидираната Европска социјална повелба како и Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол на Конвенцијата.

***Институционална рамка***

Во септември 2011 година, беше формирано Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП[43], а дополнително беше формирана и Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП[44]. Конститутивната средба на Комисијата беше одржана во ноември 2012 година и на истата беше усвоен Деловникот за работа, а дополнително беше разгледан статусот на извршување на 6 пресуди на ЕСЧП.

Во насока на подигнување на работното ниво на Меѓуресорско тело за човековите права, беше ревидиран постојаниот состав на истото[45].

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

***Институционална рамка***

До крајот на март 2013 година ќе биде подготвен Годишен извештај за работењето на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права.

Во насока на континуирано следење на судската пракса, Врховниот суд на месечно ниво ќе известува за бројот на предмети од Одделот за судење во разумен рок.

***Среднорочни приоритети***

***Правна рамка***

***Институционална рамка***

Во насока на ефикасно спроведување на одлуките на ЕСЧП, на среден рок во рамките на ИПА 2011 твининг проектот, ќе се реализираат активности за јакнење на националниот систем за навремено и ефективно извршување на одлуките на ЕСЧП.

#### 1.2.2. Граѓански и политички права

***Тековна состојба***

***Правна рамка***

Во насока на унапредување на состојбата на просториите за задржување во полициските станици од општа надлежност, беше донесен Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат овие простории.

Во делот на медиумите, беше усвоен Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета[46], а дополнително беа усвоени и измени и дополнувања на Кривичниот Законик[47].

---

[43] Службен весник на РМ бр. 133/2011
[44] Службен весник на РМ бр. 32/2012
[45] Службен весник на РМ, бр. 55/2012

Од страна на Советот за радиодифузна дејност беше донесено Упатство за радиодифузна дејност, кое вклучува и санкции .

***Институционална рамка***

Со цел натамошно промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата и граѓанскиот сектор беше усвоена Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017).

Беше донесен Акциски план за реновирање и реконструкција на просториите за задржување на лица во Полициските станици од општа надлежност во насока на унапредување на состојбата во истите.

Континуирано беа реализирани активности согласно отпочнатата реформа на пенитенцијарниот систем. Во насока на подобрување на стручно-инструкторскиот надзор над работата над пенитенцијарните установи, беше подготвен Прирачник за вршење на стручно-инструкторскиот надзор, а со цел унапредување на здравствена заштита на осудените лица кои издржуваат казна затвор беше подготвена Стратегија за здравствена заштита која моментално е во владина процедура на усвојување. Дополнително, беше формирана работна група за изработка на Стратегија за развој на пробациската служба во Република Македонија.

Континуирано се спроведуваа обуки за вработените во рамки на Програмата за задолжителна почетна и континуирана обука за вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи

Беше извршена и анализа на состојбата во пенитенцијарните институции во поглед на начинот на одвивање на образованието, вклученост на оваа група на лица во образовните активности, просторни капацитети на овие установи за одвивање на настава како и дефинирање на потребите за образование на овие лица во рамките на која беше утврден зголемен интерес за дооформување на основното или стручното образование, пред сè во стекнување на вештини и квалификации потребни за пазарот на трудот.

Во текот на годината се водеа интензивните дијалози помеѓу претставници на Владата на Република Македонија и Здружението на новинари на Македонија по однос на состојбата и предизвиците за медиумите кои резултираа со декриминализација на клеветата и навредата, континуирано обучување на судиите и јавните обвинители во врска со јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, превод на пресуди на ЕСЧП кои се однесуваат на членот 10 од Европската конвенција за човекови права, нивно објавување на веб страната, вклучување во материјалите за обука итн.

Континуирано се одвиваше имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош. Во текот на 2012 година поднесени се 163 барања од кои решени се 143 ( 49 позитивни и 94 негативни решенија), а 20 се во постапка. Буџетот за бесплатна правна помош за 2013 година ќе биде 6.000.000, 00 МКД.

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

Во насока на унапредување на постоечката легислатива од областа на медиумите за 2013 година се предвидува носење на измени на законската легислатива со кои ќе се допрецизираат одредбите кои се однесуваат на заштита на медиумскиот плурализам, разновидноста и јавноста на работата на радиодифузерите (членови 13-20 од Законот за радиодифузната дејност).

Исто така предвидено е допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на обврските и одговорностите на Советот за радиодифузија, неговите членови и нивната одговорност во случај на неисполнување на нивните обврски.

---

[46] Службен весник на РМ бр. 143/2012
[47] Службен весник на РМ бр. 142/2012

Дополнително, во насока на транспарентно и отчетно трошење на буџетските средства на институциите се предвидува разгледување на можноста во законските решенија кои се во насока на усогласување на македонското законодавство со препораките и стандардите на Советот на Европа, препораките на Европската комисија и усогласување со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во однос на медиумското работење да се предложи одредба со која доколку државните тела имаат предвидено средства во сопствениот буџет за информирање и запознавање на јавноста со своите услуги или активности, должни се средствата да ги реализираат на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, на начин и во постапка согласно Законот за јавни набавки.

***Институционална рамка***

Согласно воспоставената практика, Владата на Република Македонија ќе усвои Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Македонија за 2013 години.

Со цел унапредување на состојбата на просториите за задржување во полициските станици од општа надлежност ќе продолжи имплементацијата на Акцискиот план за реновирање и реконструкција на овие простории.

Ќе биде донесена Програма за работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во која ќе бидат опфатени обуките на вработените за 2013 година.

Во насока на подобрување на почитувањето на човековите права од страна на институциите кои го спроведуваат законот и затворите во согласност со Европските стандарди и европските правила кои се однесуваат на затворите, ќе отпочне имплементацијата на проектот Градење на капацитетите на институции кои што го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица – ИПА 2009, во рамките на кој се предвидува обезбедување на професионална служба која ќе гарантира целосно почитување на основните човекови права преку ефикасна и сигурна правна и опертивна рамка.

Во однос на реформата на затворскиот систем, во текот на 2013 година ќе се продолжи со натамошно подобрување на капацитетите на затворскиот систем. Во првиот квартал на 2013 година ќе биде изготвена Стратегија за развој на пробациската служба во Република Македонија.

Согласно воспоставената пракса, ќе се информира за реализација на Акцискиот план за борба против корупцијата, како и за работењето и состојбата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Со цел унификација на начинот на евидентирање, во 2013 година ќе биде изготвено Упатство за водење на унифицирана евиденција во КПУ и ВПУ.

Во текот на 2013 година ќе продолжи имплементацијата на проектот “Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија”[48] со кој ќе се изврши изградба на нови објекти во КПД Идризово, нов ВПД Тетово, реновирање и изградба на затворот Скопје. Затворот Куманово ќе биде пуштен во употреба во средината на 2013 година. Дополнително, на почетокот на 2013 година ќе отпочне изградбата на Казнено-поправниот дом Идризово, а градбата на Воспитно-поправниот дом Тетово ќе започне во втората половина од 2013 година.

Предвидено е започнување на реализацијата на ИПА 2009 Проектот “Градење на капацитетите на инстутуциите за спроведување на законот за соодветен третман на притворени и осудени лица” преку кој се планира: имплементација на Стратегија за здравствена заштита во затворите, обука за затворскиот персонал, подобрување на третманот на ранливите групи на затвореници како и подобрување на внатршната инспекција и надворешниот мониторинг во затворите.

---

[48] Вкупниот износ изнесува 52 милиони евра, обезбедени од Банката за развој при Советот на Европа, Буџетот на Република Македонија.

Ќе продолжи имплементацијата на ИПА Твиниг проектот „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица“. Во рамките на активностите за доописменување на 16 лица кои издржуваат казна во ВПД во Велес, во јуни 2013 година, лицата ќе добијат сертификат за описменување кој ќе биде препознаен од работодавачите и ќе потврдува дека носителите на овој сертификат се писмени и можат да извршуваат некои работни задачи.

Во делот на слобода на медиуми ќе се продолжи со воспоставената пракса за спроведување на обуки за сите судии инволвирани во случаите на клевета со цел да се осигура примена на принципите на Европскиот Суд за Човекови Права во судовите.

Исто така, се предвидува воведување на сеопфатна, системска и задолжителна обука за член 10 од ЕКЧП со временска рамка која ќе ја следат идентификуван број на парнични и кривични судии кои имаат надлежност да постапуваат со случаи на клевета и бројот на парнични судии.

Во првата половина од 2013 година, ќе се настојува да се воведе пракса на водење на евиденција на практичната имплементација од страна на судиите за членот 10 од ЕКЧП во нивните пресуди во насока на обезбедување на листа на домашни пресуди каде член 10 бил цитиран.

И во претстојниот период ќе се продолжи со праксата на превод и објавување на релевантните пресуди од ЕСЧП член 10, а дополнително ќе биде објавена едиција за сите направени пресуди кои биле преведени и објавени вклучувајќи ја и подготвената анализа на стандарди и препораки од пресудите.

Во насока на воведување на само-регулаторен механизам, од страна на Здружението на новинари на Република Македонија во текот на првата половина на 2013 година се предвидува воспоставување на саморегулаторно тело за медиуми.

Советот за радиодифузија ќе продолжи со континуираното следење на усогласувањето на радиодифузерите со членот 11 од Законот за радиодифузната дејност и известување за истото до Владата на РМ.

Дополнително, во текот на 2013 година, ќе се работи на развивање на нова Стратегија за радиодифузна дејност. Исто така ќе бидат превземени активности за промоција на медиумски плурализам во земјата и промоција на недискриминаторски и транспарентен пристап од страна на Советот за радиодифузија.

За натамошна примена на Законот за бесплатна правна помош ќе продолжи праксата на организирање и одржување на денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата, нотаријатот и извршувањето на квартално ниво.

Во делот на сободата на мисла, уверување и религија ќе продолжи имплементацијата на Проектот „Караван: Да живееме едни со други, не едни покрај други“, во рамките на кој во 2013 година ќе бидат посетени училиштата во општините каде мешаните етнички средини се најизразени (Чаир, Бутел, Шуто Оризари, Лабуништа, Струга, Тетово, Гостивар, Дебар, Куманово).

Во текот на мај 2013 година ќе биде одржана III светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог „Слободата и достоинството – основни вредности во меѓучовечките, меѓурелигиските и интеркултурните односи“

***Среднорочни приоритети***

***Правна рамка***

***Институционална рамка***

Во насока на имплементација на Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) се предвидува донесување на акт за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот; воспоставување модели за вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање политики; формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор и др.

Континуирано ќе се работи на реновирање и реконструкција на просториите за задржување на лица во полициските станици од општа надлежност согласно постоечкиот Акциски план.

Во однос на затворскиот систем, на среден рок ќе биде имплементиран ИПА Проектот 2009 "Градење на капацитетите на инстутуциите за спроведување на законот за соодветен третман на притворени и осудени лица" и ИПА Проект 2010 "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативни мерки".

И во овој период ќе продолжи имплементацијата на проектот "Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија" со кој ќе се изврши изградба на нови објекти во КПД Идризово, нов ВПД Тетово, доградба на затворот Куманово, реновирање и изградба на затворот Скопје

Во овој период ќе биде изработена Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија.

### 1.2.3 Економски и социјални права (да се види и Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување)

***Тековна состојба***

***Правна рамка***

Беше донесен нов Закон за еднакви можности на жените и мажите[49] со кој се врши натамошно транспонирање на европските директиви во националното законодавство.

***Институционална рамка***

Комисијата за заштита од дискриминација континуирано постапуваше по пристигнати претставки. Со цел добивање целосна и комплетна статистика на претставки, инсталиран е софтвер за евиденција на податоци.

Во делот на еднаквите можности, беше усвоена Национална стратегија за еднаквост и недискриминација по основ на пол, етничка припадност, возраст и ментална и телесна попреченост за периодот 2012-2015 како и Стратегија за родова еднаквост за периодот 2013 – 2020 година.

Исто така беше усвоена Стратегијата за родово одговорно буџетирање, а беше изработен и НПА за имплементација на Резолуција 1325 на Обединетите Нации за жените, мирот и безбедноста.

Со цел континуитет на воспоставениот систем за семејно насилство и продолжување на активностите од претходната национална стратегија, беше усвоена Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015.

Беа спроведени бројни активности во насока на намалување на појавата на деца на улица.

Континуирано се спроведуваше Законот за малолетничка правда.

Во насока на јакнење на капацитетите на судиите и јавните обвинители, беа одржани специјализирани обуки за интервјуирање на деца жртви и сведоци, како и за собирање на податоци во однос на развиените индикатори за малолетничка правда. Дополнително, отпочна инкорпорирање на менторската програма како стандардна програма за работа на центрите за социјална работа.

Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво континуирано работеше на сензибилизирање и зголемување на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво и афирмирање и потенцирање на важноста од функционирањето на Државниот совет преку учество во

---

[49] Службен весник на РМ, бр.6/2012

медиумите, јавни настапи и реакции и осуда на сите форми на насилство спрема децата како и осуда на врсничкото насилство кое покажува тенденција на пораст.

Процесот на деинституционализација продолжи да се одвива и во изминатиот период. Од јануари 2012 година, финансирањето на вонинституционална социјална заштита – организирано живеење со поддршка за лицата со попреченост во менталниот развој над 18 години, целосно го презема Министерството за труд и социјална политика[50]. Дополнително, отпочнаа преговори со Open Society Mental Health Initiative Будимпешта, Унгарија, за продолжување на соработката во насока на воспоставување дополнителни 2 служби за поддршка на домувањето за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години.

Во насока на обезбедување на поголема интеграција на Ромите продолжи имплементацијата на активностите од приоритетните области на Стратегијата и Декадата за инклузија на Роми и за истото и покрај економската криза не беа скратени буџетските средства.

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

Во насока на прецизирање на делокругот и начинот на работа, ќе биде изработен Деловник за работа на интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите.

Во делот на градење, унапредување и спроведувањето на нормативната рамка за малолетничка правда, согласно Законот за малолетничка правда ќе биде изготвен Правилник за формата и содржината на образец за наплата на адвокатски трошоци.

Во првата половина на 2013 година, ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за правда за децата

***Институционална рамка***

Со цел успешна имплементација на Стратегијата за родова еднаквост 2013 - 2020 и придружниот Национален акциски план, ќе се изработи Оперативен план за имплементација на сите активности и мерки предвидени за 2013 година.

Во првиот квартал од 2013 година, ќе биде изработен оперативен план за 2013 година за имплементација на Стратегијата за родово буџетирање, по што ќе следи имплементација на истиот.

Исто така ќе се спроведуваат активности од Националниот план за акција за имплементација на Резолуција 1325 за жените, мирот и безбедноста, и акциските планови во рамките на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.

Во текот на 2013 година ќе се продолжи со активностите за соработка и координација со ЕЛС и механизмите за еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво.

Со цел да се постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување на полето на спречување и заштита од семејно насилство во Република Македонија, во февруари 2013 година ќе се формира Националното координативно тело за спречување и заштита од семејно насилство[51].

Исто така, се предвидува идентификување на тесните грла на судскиот систем во процесот на обработка на случаите на семејно насилство и зајакнување на капацитетите за обезбедување на поефикасно управување со случаите на семејно насилство. Истото ќе биде реализирано преку развивање на методологија за спроведување на сеопфатна проценка на судските постапки во случаи на семејно насилство и развивање на

---

[50] двете служби за поддршка на домувањето во заедницата, службата во регионот Неготино-Демир Капија и службата во Град Скопје, се состојат од 14 станбени единици за организирано живеење со поддршка во кои се сместени вкупно 63 корисници.

[51] составено од претставници на ресорните министерства, пратеници од позицијата и опозицијата во Собранието на РМ и претставници од Националната мрежа за семејно насилство составена од невладини организации кои работат на ова поле

модули за обука базирани врз проценката на случаите за управување со семејното насилство за зголемување на капацитетите на професионалците.

Во текот на 2013 година ќе продолжи спроведувањето на Програмата за борба против трговија со луѓе и социјална заштита во чии рамки акцентот ќе биде ставен на превентивните активности и зајакнување на капацитетите за спречување и заштита од трговија со луѓе.

Континуирано ќе продолжи функционирањето на Центарот за лица - жртви на трговија согласно меѓународните стандарди за заштита на жртвите од трговија со луѓе.

Во делот на детските права, ќе се продолжи со обуките на стручните работници во Центрите за социјална работа, за работа со деца на улица, пред се во делот на теренската работа и во делот на работа со семејствата и со локалната заедница.

Заради системски одговор на оваа општествено негативна појава во првата половина на 2013 година ќе биде подготвен и Акциски план за заштита на децата од улица 2013 - 2015, со засилен акцент на социјалната и здравствената заштита на овие деца и нивно вклучување преку различни форми во образовниот систем на Република Македонија.

Во текот на 2013 година ќе биде донесен Национален акционен план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца за периодот 2013 - 2015 година.

Воедно, во текот на 2013 година ќе се продолжи со медиумската кампања за сензибилизирање и подигање на јавната свест за проблемот на сексуалната злоупотреба на деца и педофилијата, како и изработка на плакати, флаери, прирачници, ДВД и друг визуелен материјал.

Ќе продолжи работата на СОС линијата и WEB страната за пријавување на случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија и подигање на јавната свест.

Ќе бидат имплементирани активностите насочени кон обезбедување на средства и механизми за спроведување на помош и заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија и ќе се унапредува координираниот систем на соработка помеѓу владините институции, како и соработката помеѓу владините институции и невладините организации кои ја покриваат оваа проблематика.

Во претстојниот период ќе се спроведуваат активности околу подобрување на човечките и техничките ресурси во Центрите за социјална работа заради поуспешна имплементација на Законот за малолетничка правда, а ќе се работи и на трансформација на постоечките установи кои згрижуваат деца со воспитно-социјални проблеми заради подобра заштита на овие лица.

Предвидено е отварање на мали групни домови како нова форма за третман и заштита на децата во ризик и малолетните сторители на кривични дела. Во текот на 2013 година ќе биде отворен мал групен дом во Кавадарци.

Ќе продолжи имплементацијата на Програмата за менторство на деца кои се во конфликт со законот вклучувајќи и креирање на алатки за индивидуални програми и планови за менторство, менторство на деца кои служат алтернативни мерки и спроведување на анализа за примена на алтернативните мерки.

Во првиот квартал на 2013 година ќе биде подготвена Програма за обесштетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство.

Ќе продолжи имплементацијата на Проектот Градење на превентивна политика на малолетничко престапништво.

Во насока на воспоставување функционален систем за собирање на податоци за спроведување на Законот за малолетничка правда, во првата половина на 2013 година ќе биде подготвена Анализа за примената на Законот за малолетничка правда согласно усвоените индикатори за следење на примената на Законот за малолетничка правда.

Согласно Програмата за работата на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво 2010-2014 година, ќе биде донесен Акцискиот план за работа на Советот за 2013 година.

Во првиот квартал на 2013 година ќе биде донесе Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и малолетничкото престапништво во 2012 година.

Исто така се планира усвојување на општински акциони планови за превенција на малолетничко престапништво.

Процесот на деинституционализација во ЈУ Специјален завод Демир Капија ќе продолжи и во 2013 година.

Ќе продолжи имплементацијата на Програмата за психосоцијална поддршка на корисниците сместени во станбените единици за организирано живеење со поддршка, со која во текот на 2013 година ќе биде опфатен и стручниот персонал во станбените единици. Ќе се врши мониторинг и евалуација на квалитетот на услугите во Службите за поддршка на домувањето.

Во насока на подигнување на грижата за децата со пречки во развојот, вклучувајќи ги и децата со аутизам, планирано е отварање на еден Дневен центар за деца со аутизам.

Ќе продолжи имплементацијата на Акциониот план за изградба на пристапни рампи за лица со телесна попреченост во објекти кои што се во надлежност на МТСП.

Националното Координативно тело за имплементација на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во Република Македонија континуирано ќе ја следи имплементацијата на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и Оперативниот план за нејзино спроведување, за што ќе биде изготвен Извештај до Владата на Република Македонија на крајот на годината.

Во насока на натамошна инклузија на Ромите, ќе продолжи имплементацијата на Проектот Инклузија на децата Роми во предучилишното образование. Во учебната 2012/2013 година ќе бидат опфатени 459 деца-Роми на возраст од 3.8 до 5.7 години во 18 општини.

Во рамките на Проект за стипендирање и менторство на средношколци Роми, се предвидува стипендирање на 600 ученици за учебната 2012/13 година, менторирање преку селекција на професори по математика и останати стручни и општествени предмети за кои самите ученици Роми се изјаснуваат дека имаат потреба од дополнителна помош за совладување на одреден предмет и туторство за успешно полагање на државна матура на ученици од 4 -та година.

Во делот на здравствена заштита, ќе продолжат со работа постоечките 16 Ромски здравствени медијатори, а се предвидува во текот на 2013 да бидат обучени дополнителни 16 РЗМ за работа во нови 8 општини во РМ.

И во текот на 2013 година ќе продолжи функционирањето на мобилните канцеларии за правна помош на ромската заедница за Роми во Скопје, Тетово, Гостивар и Делчево, Штип и Кочани.

Во рамките на Акцијата за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги и упис на истите во матична книга на родените, во текот на 2013 година, Министерството за труд и социјална политика ќе спроведе ДНК анализа на 22 фамилии и 11 поединечни членови, односно вкупно 33 лица.

Во делот на домување, заклучно со февруари 2013 ќе се имплементира проектот за јакнење на Ромските информативни центри за промовирање на правото на соодветно домување за Ромите. Ќе се спроведе една обука на тема поврзана со областа на домувањето и теренското истражување. По спроведената обука во селектираните пилот општини Прилеп и Штип, РИЦи ќе спроведат теренска анкета за прибирање на податоци поврзани со домувањето на Ромите.

*Среднорочни приоритети*

*Правна рамка*

*Институционална рамка*

Во континуитет ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност.

Согласно Акцискиот план за борба против трговија со луѓе 2013-2016 ќе се спроведат активности кои ќе придонесат кон превенција од трговија со луѓе и заштита на жртвите од трговија со луѓе, како и кон јакнење на капацитетите на националниот механизам за упатување на жртвите на трговија со луѓе.

На среднорочен план ќе продолжи унапредувањето на заштитата на децата на улица преку зајакнување на професионалните капацитети на стручните лица кои работат со појавата на деца на улица. Планирано е зголемување на превентивните активности во насока на намалување на ризикот за економска и физичка злоупотреба на децата, како и спроведување на активности со родителите на децата од улица кои ќе ја зголемат свеста кај овие лица за одговорно родителство, потребата за образование на нивните деца, намалување на појавата на малолетнички бракови и инцести во семејствата.

Континуирано ќе се унапредува заштитата на децата-жртви на семејно насилство, преку зајакнување на стручните капацитети на вработените во центрите за социјална работа и преку проширување на мрежата на советувалишта.

Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, планирано е отварање на Дневен центар за оваа категорија на деца во општина Липково.

Во делот на здравствена заштита на Роми, дополнителните 16 ромски здравствени медијатори обучени во текот на 2013, ќе бидат ангажирани во 2014 година.

### 1.2.4 Почитување и заштита на малцинствата, културни права

*Тековна состојба*

*Правна рамка*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците ја подготви Програмата за финансирање на граѓански организации како и Правилникот за мониторинг и евалуација на програмата и истите се доставени во владина процедура на усвојување.

*Институционална рамка*

Беа реализирани активности во насока на имплементација на Стратегијата за интегрирано образование, а исто така беше формирано координативно тело за мониторинг на процесот на имплементација на оваа Стартегија[52].

Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор подготви сеопфатен Извештај за анализа и разгледување на состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор (недискриминација, образование, правична застапеност, употреба на јазиците и децентрализација), кој беше усвоен од Владата на Република Македонија и споделен со Европската Комисија.

---

[52] Со претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Управата за развој на образованието на припадниците на заедниците

Согласно обврската за организирање на полугодишни работни средби за следење на АП за инклузија на Роми и Роми бегалци, на 19 Ноември 2012, беше одржан третиот работен состанок за Инклузија на Ромите и Роми бегалци.

Продолжија заложбите за зголемување на буџетот за поддршка на имплементацијата на Декадата за Роми. Предлог-буџетот за 2013 година предвидува зголемување од 29% и изнесува 39.240 000,00 МКД. Дополнително, Декадата ќе биде поддржана со 13.345 000, 00 МКД од донации.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците организираше 4 партиципативни форуми во насока на продлабочување на дијалогот по однос на прашањата кои се однесуваат на припадниците на заедниците. Исто така беше изготвена база на податоци за состојбите со соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на централно и локално ниво, а беше подготвена и Анализа на состојбите во образованието на припадниците на заедниците – редовна настава и изборен предмет[53] .

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

***Институционална рамка***

Согласно воспоставената практика, ќе биде донесена Програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2013 година, со цел промовирање на меѓуетничките односи.

Во првиот квартал на 2013 година ќе биде публикуван Извештајот за состојбата за имплементација на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Во претстојниот период ќе се продолжи со ревизија на извештајот (фаза II и фаза III) во насока на осигурување на follow up на препораките содржани во истиот.

Во текот на 2013 година ќе се работи на зајакнување на капацитетот на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор и Агенцијата за остварување на правата на заедниците со посебен фокус на стратешко планирање и запазување на стандардите за внатрешна контрола.

И во идниот период ќе се работи на подобрување на правичната застапеност на помалите заедници, особено кај Ромите и Турците, со посебен акцент на правична застапеност на високо ниво.

Со цел зајакнување на интер-институционалната соработка помеѓу телата одговорни за правата на заедниците ќе се продложи со праксата на организирање на форуми за дискусија за правата на заедниците.

Ќе продолжи воспоставениот дијалог за дискусија на прашањата за инклузија на Роми и Роми бегалци. Четвртата средба се планира да биде реализирана во април 2013 година.

Исто така ќе се продолжи со заложбите за зголемување на државниот буџет наменет за Стратегијата/Декадата за Роми.

Во насока на обезбедување на поголема интеграција на припадниците на заедниците во образованиот систем, во текот на 2013 ќе продолжат активностите во рамките на Твининг проектот „Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем“ финансиран од страна на Инструментот за прет-пристапна помош за компонента IV Развој на човечки ресурси.

Во текот на 2013 година од страна на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се предвидува изготвување на анализа за состојбата со соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната управа и јавните установи за 2013 година на централно и локално ниво како

- Анализа за состојбите во образованието на припадниците на заедниците
- Анализа за постоечката состојба со културното наследство на припадниците на заедниците

[53] во соработка со Управата за развој и унапредување на образованието на припаднциите на заедниците

- Анализа за постоечката состојба со информирањето на јазиците на припадниците на заедниците

Во првата половина на 2013 година ќе се работи на промоција на Прирачникот за имплементација на правата на заедниците во РМ на централно и локално ниво во насока на запознавање на претставниците на заедниците со нивните права, особено на локално ниво, да се запознаат со механизмите на имплементација и да се истакнат модели на добри практики за унапредување и заштита на правата на заедниците.

Во текот на 2013 година, Агенцијата ќе организира 4 партиципативни форуми со сите засегнати страни на тема унапредување и заштита на правата на заедниците.

***Среднорочни приоритети***

***Правна рамка***

На среден рок Агенцијата за остварување на правата на заедниците ќе продолжи со следење на националното законодавство и европските регулативи на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците

***Институционална рамка***

На среден рок Агенцијата за остварување на правата на заедниците, ќе продожи со спроведување на комуникациската стратегија на Агенцијата, континуирано обучување на вработените како и кадровско доекипирање на истата.

## Заштита на личните податоци

***Тековна состојба***

***Правна рамка***

***Институционална рамка***

Отпочна имплементацијата на Стратегијата за заштитата на личните податоци 2012-2016 година согласно Акцискиот план за нејзиното спроведување. Исто така беше донесена Комуникациска стратегијата за заштита на личните податоци. Беше воспоставен софтвер за инспекциски надзор преку кој на инспекторите им е овозможен пристап до предметите и целокупната евиденција за инспекцискиот надзор. Дирекцијата брои 24 вработени, за кои континуирано се обезбедуваат генерички и специјализирани обуки за заштитата на личните податоци за специфични области како и сертифицирани ИСО обуки за инспектирање на информатичка сигурност.

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе работи на континуирана хармонизација на домашната легислатива за заштитата на личните податоци преку сообразување на националната легислатива во поодделни области со документите на советот на европа, европската комисија, користење на добрите практики на земјите членки на ЕУ.

***Институционална рамка***

Согласно Стратегијата за заштита на личните податоци, во текот на 2013 и 2014 ќе се работи на обезбедување на ефикасен систем на заштита на личните податоци преку анализа на можностите за воведување на on line инспекција над контролорите и обработувачите на лични податоци со користење на компаративни анализи, создавање на правен основ за воведување и обука на инспекторите за on-line инспекција . Се предвидува унапредување на Регистарот на збирки на лични податоци и промоција на Регистарот на збирки на личните податоци пред јавноста во насока на олеснување на пристапот и подобрување на ефикасноста во евидентирањето на збирките на лични податоци.

Исто така, ќе се работи на создавање на одржлив систем за континуирана почетна, средна и напредна едукација на ученици и наставници/професори за начелата и принципите на заштитата на личните податоци од основното и средното образование.

И во идниот период ќе продолжи соработка со народниот правобранител и органите на државната управа и други државни органи и граѓанскиот сектор.

***Среднорочни приоритети***

***Правна рамка***

Модернизацијата на Конвенцијата 108 на Советот на Европа и Директивата 95/46/ЕЗ и нивното стапување во сила кое се очекува за 2016 година, неизбежно ќе водат кон потребата за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци и негово целосно усогласување со измените во европското законодавтсво.

***Институционална рамка***

Во насока на натамошно зајакнување на јавната свест за правото на приватност, среднорочните приоритети на Дирекцијата се насочени кон отварање на инфо центри за заштита на личните податоци по претходна анализа на потребата за отворање на инфо центри во неколку градови низ државата, наменети за непосредно информирање на граѓаните за нивното право за заштита на личните податоци и отворање на пилот инфо центар за здобивање на искуства и натамошно планирање на активноста;

Исто така, се предвидува вклучување во организирање на регионални и меѓународни настани за областа на заштитата на личните податоци.

## 3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

### 3.24.1 Миграција

***Тековна состојба***

***Правна рамка***

Во текот на 2012 година потпишани се следните акти: Спогодба со Република Албанија како и со Република Србија за услови за патување на државјаните на двете земји да ја преминуваат државната граница и краткорочно да престојуваат со важечки биометриски лични карти; договор со Швајцарскиот Федерален Совет за реадмисија на лица коишто престојуваат без дозвола, како и  Протоколот за спроведување на Договорот; Спогодба со Владата на Црна Гора за реадмисија на лица кои се без дозвола за престој, заедно со Протоколот за имплементирање на Спогодбата и истата е ратификувана[54]; Декларација за намера со Меѓународниот центар за развој на миграционата политика (ICMPD); со размена на писма беше склучен Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владите на државите на Бенелукс за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската Заедница за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.

[54] “Службен весник на Република Македонија” бр. 115/2012

Донесен е Закон за дополнување на Законот за странците[55] со кој се поедноставува постапката за добивање на дозвола за привремен престој за странци кои се ангажирани од страна на правни лица што преземаат активности од суштинско значење за инвестирање во Република Македонија.

За функционирањето на интегрираната база за странци беа донесени подзаконските акти[56].

***Институционална рамка***

Проектот „Интегрирана база на податоци за странци, која вклучува податоци од областа на азил, миграции и визи е во финална фаза на имплементација[57].

Република Македонија, преку Министерството за внатрешни работи се вклучи во имплементацијата на два проекти во рамките на Прашкиот процес, и тоа Проект за легална миграција и Проект за миграција и развој чија цел е компилирање на Упатство со најдобри пракси и препораки.

Обврските превземени со Спогодбата за реадмисија помеѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица со незаконски престој редовно се исполнуваат.

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

Ќе се донесат измени на Законот за странците со кој ќе се изврши усогласување со:

- Директивата 2003/86/ЕС на Советот од 22 септември 2003 година за правото на семејно обединување, во насока на утврдување на рок до 3 месеци за одлучување по поднесеното барање за издавање на дозвола за привремен престој;
- Директивата 2003/109/ЕС на Советот од 25 ноември 2003 за статусот на државјани на трети земји што се жители со долготраен престој во насока на пропишување на експлицитна одредба со која лицата под субсидијарна заштита ќе бидат исклучени од можноста за добивање на дозвола за привремен престој;
- Директивата на Советот 2004/114/ЕС од 13 декември 2004 за условите за прифаќање на државјани на трети земји за целите на студии, размена на ученици, обука без надомест или волонтерски сервис, при што во Законот за странците ќе се воведе посебен тип на дозвола за привремен престој за волонтерите.

Со претстојната измена на Законот за странците се наметнува потреба од изменување на Правилникот за странците со цел усогласување со Регулативата (ЕС) бр. 1030/2002 на Советот од 13 јуни 2002 година за утврдување на еднообразен формат на дозволите за престој за државјани на трети земји, при што ќе се предвиди земање биометриски парамтери, односно отпечатоци од прсти и на деца почнувајќи од 6 годишна возраст.

Исто така се предвидува донесување на: Програма за обезбедување пакет на основна здравствена заштита за повратниците согласно реадмисионите договори, за период непосредно по враќањето на повратниците не

---

[55] "Службен весник на Република Македонија" бр.84/2012

[56] - Уредба за доделување на пристап до податоците во Интегрираната база на податоци за странци, вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи (Службен весник на Република Македонија бр. 119/12); Уредба за начинот на одржување на Интегрираната база на податоци за странци, вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи(Службен весник на Република Македонија бр. 119/12); Уредба за обезбедување на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во Интегрираната база на податоци за странци, вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи (Службен весник на Република Македонија бр. 119/12).

[57] Инсталирана е соодветната опрема за целосна операционализација на базата, извршено е поврзување на институциите вклучени во овој проект, како и завршена е обуката за крајните корисници и за администраторите за базата на податоци. Во тек е инсталирање и конфигурација на back up серверот од базата.

подолг од 60 дена; Миграционен профил за 2012 година; како и Закон за административен регистар на население на Република Македонија.

***Институционална рамка***

Во врска со Интегрираната база за странци, вклучувајќи азил, миграција и виза во јануари 2013 година ќе се заврши првата фаза од проектот со која ќе се обезбеди поврзување на Министерството за внатрешни работи. Истата ќе вклучува тестирање за прифаќање, миграција на податоците и обука за корисниците. Втората и завршна фаза се очекува да биде комплетирана во јуни 2013 година , со која ќе се обезбеди поврзување на Министерството за труд и социјална политика и Министерство за надворешни работи. Со завршување на втората фаза комплетно да се стави во функција Интегрираната база на податоци.

Се предвидува јакнење на капацитетот на Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика на Република Македонија за подобрување на менаџирањето на миграционите текови, согласно забелешките од последниот Извештај од ЕК за напредокот на Република Македонија.

Ќе продолжи имплементацијата на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план на Резолуцијата за миграционата политика на Република Македонија 2009-2014 со зајакнат мониторинг над реализација на предвидените мерки и активности, кој ќе се реализира преку доставување на редовни квартални извештаи за реализација до Владата на Република Македонија.

Во областа на дијаспората предвидени се активности во насока на подготовка на проект/план за административниот регистар на населението во РМ и негово усвојување од страна на Владата на Република Македонија.

***Среднорочни приоритети***

***Правна рамка***

Континуирано ќе се врши процена за понатамошна хармонизација на националното законодавство согласно промените во областа на миграцијата со законодавството на ЕУ.

Ќе продолжат преговорите во насока на склучување на договори за реадмисија со Република Турција и Република Косово и преговори за потпишување Протоколи за спроведување на Спогодбата за реадмисија со ЕЗ со Латвија, Литванија и Словачка.

Ќе се изврши ревизија на Проектот Нови лични документи со цел инкорпорирање на медиум за складирање во дозволите за престој, идентичен со медиумот за складирање наведен во Анексот на Регулативата (ЕС) бр. 1030/2002 на Советот од 13 јуни 2002 година за утврдување на еднообразен формат на дозволи за престој за државјани на трети земји.

***Институционална рамка***

Во идниот период ќе се имплементираат мерките утврдени во Акцискиот план за Резолуцијата на Миграциската политика на РМ. Ќе се продолжи со кварталните известувања за степенот на реализација на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план за Резолуцијата на Миграциската политика на РМ. Исто така, ќе се воспостави административниот регистар на населението во Република Македонија, а воедно и континуирано ќе се спроведуваат обуки за ефикасна имплементација на новините во законодавството кои ќе следат по транспонирањето на предвидените ЕУ директиви.

### 3.24.2 Азил

***Тековна состојба***

***Правна рамка***

Во текот на 2012 година донесен е Закон за изменување и доплнување на Законот за здравствено осигурување[58] со кој признаените бегалци и лицата под супсидијарна заштита се вклучени во системот за задолжително здравствено осигурување. Исто така, донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со кој се врши усогласување со Директивата 9/2003 од 27 јануари со која се пропишуваат минималните стандарди за прифаќање на барателите на азил; Директивата на Советот 2004/83/ЕС од 29.04.2004 година,: Директивата на Советот за минимум стандарди за постапки на државите членки за доделување и одземање на статус на бегалец, усвоена на 1 декември 2005 (2005/85/ЕЦ ).

***Институционална рамка***

Од страна на Одделот за граѓански работи-Одделение за азил е донесен План за обука на вработените во Одделението за азил.

Врз основа на Законот за азил и привремена заштита , донесена е Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2012 година Средствата за реализација на ова програма се предвидени и обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2012 година, во износ од 22.800.000 денари.

Зајакнати се капацитетите на Одделението за азил во МВР со 6 нови лица во текот на изминатата година.

Капацитетот на Одделението за азил во Министерството за труд и социјална политика е зајакнат со уште 1 вработување, а во тек е процедура на пополнување со уште 3 други работни места.

Во Прифатниот Центар за баратели на азил од страна на невладините организации, на постоечкиот персонал приклучени се и социјален работник, медицинско лице и лице кое што се грижи за претшколската едукација на децата.

Зајакнати се капацитетите на Управниот суд во областа на азилот, со предвидување предметите од областа на азилот да се решаваат од два совети составени од по тројца судии.

Од страна на Агенцијата за вработување одобрени се 5 проекти за отпочнување на мали бизниси кои што во текот на 2012 година се во процес на реализација.

Одделението за азил во текот на 2012 година започна со издавање на документи за идентификација на барателите на азил во Република Македонија, и процес на земање на отпечатоци од прсти од барателите за азил.

Во текот на 2012 година Центарот за интеграција и Агенцијата за вработување во соработка со Фондацијата за развоја на мали и средни претпријатија извршија тренинг за 16 лица, и имаше уште 3 проекти за субвенционирано вработување. Преку Центарот за интеграција започна вклучување на децата на признаените бегалци во претшколските установи.

---

[58] ( Сл. Весник бр.26 од 21.02.2012)

Во 2012 година одржани се две работилници со посредство на УНХЦР - Скопје на  кои присуствуваа службеници за граничен надзор во Граничната полиција поврзани со мешовити миграции и правна заштита на бегалците.

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на деца со кои што на лицата со признаено право на азил им се дозволува остварување на посебен додаток за семејство кои имаат деца со пречки во развојот. Со наведените законските измени, ќе се изврши дополнително усогласување со Директивата на Советот 2003/9/ЕЗ со која што се утврдуваат минималните стандарди за прифаќање на баратели на азил , а со која ќе бидат опфатени и малолетните лица и лицата со посебни потреби.

Ќе се изготви Прирачник за постапката за признавање право на азил.

***Институционална рамка***

Одделението за азил ќе донесе  Методологија за утврдување на концептот на безбедна трета земја.

Министерството за труд и социјална политика ќе донесе Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија за 2013 година.

Ќе продолжат активностите за вклучување на Одделението за азил во постоечката мрежа на преведувачи во некои земји-членки со цел да се надминат постојните проблем за обезбедување на превод на некои од јазиците на кои зборуваат баратели на азил.

Понатамошна реализација на мерките и активностите содржани во Националниот Акциски план на Стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМ 2008-2015, а со цел реализацијата на предвидените активности, обезбедени се финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

Истото би се состоело од:

- Подобрување на состојбата за домување на лицата со признаено право на азил.
- Активно вклучување на лицата со признаено право на азил на пазарот на труд.

Согласно измените на Законот за азил и привремена заштита ќе се спроведат обуки за вработените во Одделението за азил во Министерството за внатрешни работи и Одделението за азил, миграции и хуманитарна помош во Министерството за труд и социјална полтика за начинот на имплементација на најновите измени.

Ќе се изградат 20 објекти за сместување на  лицата баратели на азил, кои што се донација на УНХЦР.

Во рамки на програмата ИПА 2013 ќе се изградат 100 објекти за лицата со признаено право на супсидијарна заштита и признаените бегалци.

Со поддршка на УНХЦР ќе се организираат работни средби со претставници од Одделението за азил во Министерството за внатрешни работи, со судиите во Управниот Суд и вишиот Управен Суд во насока на зајакнување на меѓуресорската соработка во областа на азилот.

Со поддршка на УНХЦР предвидени се обуки за вработените во Одделението за азил во Министерството за внатрешни работи, во насока на зајакнување на административниот капацитет за водење на постапката по барања за азил, безбедност на лицата кои што ја спроведуваат постапката со барателите на азил.

Од страна на Одделението за азил ќе се спроведат обуки за полициските службеници во полициските станици за граничен надзор за постапување со баратели на азил.

Ќе се зајакнат административните капацитети на Одделението за азил во Министерството за внатрешни работи, со вработување на кореcподент во Одделението.

***Среднорочни приоритети***

***Правна рамка***

Изготвување на нов Закон за азил и привремена заштита со кој што би се извршило усогласување со Директивата на Советот 2001/55/ЕЗ за определување минимум стандарди во постапката за давање привремена заштита во случај на масовен прилив на раселени лица и за мерките за воспоставување рамнотежа меѓу активностите на земјите членки при прием на раселени лица, како и при поднесувањето на последиците од таквите активности и со Директива на Европскиот Парламент и Советот 2011/95/ЕЗ со која се утврдуваат стандардите за лица од трети земји или лица без државјанство кои се корисници на меѓународна заштита, за воедначен статус на бегалците или лица кои се под супсидијарна заштита, и за содржината на доделената заштита.
Континуирано ќе се врши анализа за потребите од понатамошна хармонизација на националното законодавство согласно промените во областа на азилот со законодавството на ЕУ.

***Институционална рамка***

Ќе се продолжи со организирање на обуки за вработените во Прифатниот центар за баратели на азил, Одделението за азил, миграции и хуманитарна помош при Министерството за труд и социјална политика, Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи и судиите во Управниот суд и Вишиот Управен суд.

Ќе започне издавањето на биометриски лични карти за лицата со признат статус на бегалец и лица под субсидијарна заштита.

Предвидено е воспоставување на Национална единица за споредба на отпечатоци на прсти за ефикасна примена на Даблинската конвенција, која ќе се состои од: компјутеризирана база на податоци и средства за пренос на податоци помеѓу земјите членки и централната база на податоци.

Со цел здобивање на знаење и искуство за потребите на Национална единица за споредба на отпечатоци на прсти предвидени се обуки на вработените во Секторот за криминалистичка техника и Одделението за азил при МВР.

Предвидени се измени на Актот за систематизација на работните места во МВР, во делот кој се однесува на Секторот за криминалистича техника, со цел зголемување на бројот на извршители за едно лице кое ќе работи на работната единица за обработка, евиденција, идентификација и размена на дактилоскопски материјал.

### 3.24.3 Визна политика

**Тековна состојба**

Правна рамка

Врз основа на анализата на усогласеност на националното законодавство со Регулативата на Европскиот парламент и Советот на ЕУ бр 810/2009 за воспоставување на Кодекс за визи на Заедницата (Community Code on Visas - Visa Code) се работи на предлог – текст на Закон за изменување и дополнување на Законот за странците.

Институционална рамка

Продолжуваат активностите за правилно спроведување на визната либерализација со земјите членки на ЕУ. Продолжува со работа координативното тело за следење на имплементацијата на визната либерализација. Континуирано се преземаат мерки за информирање на граѓаните за значењето на визната либерализација и за одвраќање на потенцијалните баратели на азил во европските земји. Согласно горенаведеното донесени се и одредени законски измени.

**Краткорочни приоритети**

Правна рамка

По завршување на постапката за донесување на измените и дополнувањата на Законот за странци ќе следи изменување и дополнување на Правилникот за начинот на издавање, поништување, отповикување на визи, скратување и продолжување на нивната важност, начинот на водење на евиденција за издадени, поништени и отповикани визи, во насока на нивно усогласување со Визниот код (Visa Code) и измените во Законот за странци.

**Среднорочни приоритети**

Правна рамка

Континуирано усогласување на Визниот режим на Република Македонија со Регулативата на Советот број 539/2001 и Регулативата на Советот број 851/2005 од 2 јуни 2005 со која се изменува и дополнува Регулативата на Советот број 539/2001.

Институционална рамка

Континуирано спроведување на обуки на дипломатско конзуларниот персонал (вклучително и обуки за откривање на фалсификувани документи) пред заминување на работа во ДКП-ата на РМ во странство.

Континуирано поврзување со Н-ВИС и обука на кадри во сите ново- отворени ДКП на Република Македонија во странство.

### 3.24.4 Надворешни граници и граници на шенген зоната

***Тековна состојба***

***Правна рамка***

Во текот на 2012 година врз основа на Законот за гранична контрола, донесени се подзаконски прописи со кои се врши натамошно усогласување со Шенгенскиот граничен кодекс. [59]

Плотпишан е Протокол за воспоставување и функционирање на заедничкиот контакт центар за полициска соработка со Република Косово, како и со Република Албанија

Во декември 2011 година, донесена е Одлука за престанување на важност на Одлуката за формирање на Националната комисија за ИГУ, со што се изврши трансфер на надлежностите за координација на спроведување на Стратегијата за ИГУ, на Националниот координативен центар за гранично управување. На 07.02.2012 формиран е Националниот совет – работно тело кое што врши мониторинг врз спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план за ИГУ.

***Институционална рамка***

Континуирано се врши размената на податоци со Фронтекс[60].

Од април 2011 година отпочнато е со издавање на патни документи кои што покрај фотографијата содржат и отпечатоци од прсти (тнр.втора генерација на биометриски патни документи), со што е извршено е усогласување со Регулативата на Советот 2252/2004.

Секторот за гранични работи и миграција при МВР донесе Стратешка анализа на ризик за 2011 година. Документот е изработен согласно методологијата содржана во Прирачникот за единиците на анализа на ризик на FRONTEX-2010.

Во октомври 2011 формирана е Мобилната единица за борба против илегална миграција во внатрешноста на државата, и од предвидениот состав од вкупно 31 полициски службеник, досега е назначен Началникот на единицата, како и еден раководител на смена, три водачи на тимовите, еден администратор и осум полициски службеници. Комплетирани се два од вкупно четири тимови.

Во врска со обуката за службениците на средно и високо ниво, во септември 2011 година, Центарот за обука изготви Програма за обука за вработените на високо ниво во МВР која што ги опфаќа највисоките менаџерски позиции. Истовремено, изготвена е таква програма и за вработените на средно ниво.

---

[60] Правилник за начин на извршување на гранични проверки и граничен надзор(Сл.весник на РМ 75/2012), Правилник за обликот, содржината и начинот за поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација (Сл.весник на РМ 85/2012) и Правилник за формата и содржината на штембилот за влез и излез од Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба (Сл.весник на РМ 46/12).

[60] нелегално преминување на лица преку државната граница во зелената зона, нелегално преминување на лица преку државната граница на граничните премини, број на откриени лица - помагачи во нелегалното преминување на државната граница, одбиен влез во Република Македонија на лица странски државјани, нелегален престој на странски државјани на територијата на Република Македонија, странски државјани кои побарале азил во Република Македонија, лица корисници на фалсификувани патни документи и фалсификувани патни документи по држави на кои им припаѓаат.

Во текот на 2012 година, согласно Планот за континуирана, специјална обука и обука за самостојно вршење на работите во Граничната полиција, спроведени се 92 обуки од различен вид (12 од нив се реализирани во странство), со 4285 учесници[61].

Континуирано се врши техничко опремување на граничната полиција со опремата и средствата предвидени со Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор и мешовитите полициски станици. Финансиските средства се обезбедуваат од буџетот на РМ. За реализација на Елаборатот, во 2012 година граничната полиција имаше на располагање 813.000 евра од буџетот на МВР. Од страна на Амбасадата на САД донирана е опрема за гранична полиција.

Продолжи спроведувањето на Проектот за набљудување и имплементација на контролниот систем на северната граница.

Завршени се активностите за реконструкција на девет полициски станици за граничен надзор, кон Србија, Косово и Албанија. Финансиските средства се обезбедени преку програмата на ИПА 2008, при што РМ партиципираше со 1,250.000 евра како национално ко-финансирање.

Извршено е поврзување на 10 полициски станици за граничен надзор со базата на податоци во Министерството за внатрешни работи. Подготвена е техничка спецификација за информатичко поврзување на преостанатите 6 ПС.

Во врска со имплементација на 2 фаза од проектот ТЕТРА**,** во тек е постапка за потпишување на технички прием на инсталацијата и конфигурациите на опремата на дел од локациите..

Врз основа на потпишаните протоколи редовно се изведуваат мешани патроли со службениците за гранични работи на Р Македонија и Р Бугарија, Р Албанија, Р Србија и Р Косово. Формиран е Заедничкиот контакт центар со Република Бугарија (официјално отворен на 21.02.2012), во кој заеднички работат полициските и царинските службеници на двете држави, а потпишани се протоколи за воспоставување на вакви контакт центри и со Србија, Косово и Албанија.

Во насока на зајакнување на регионалната соработка на граничните полиции, согласно Конвенцијата за полициска соработка на југоисточна Европа и под покровителство на DCAF, спроведени се две заеднички операции: за "проверки на втора линија" врз основа на претходно изготвени анализи на ризик и за "откривање на украдени моторни возила".

Од 2012 година се отпочна со децентрализација на буџетското работење на Граничната полиција, со тоа што началниците на регионалните центри за гранични работи имаат можност да управуваат со одобрените буџетски средства наменети за набавка на средства и услуги за потребите на своите регионални центри. Набавките на униформи, оружје, капитални набавки и инвестиции и средства за плати сеуште се извршуваат на централизиран начин.

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

Со цел усогласување на националното законодавство со Шенгенскиот граничен кодекс, во однос на условите за влез и одбивање на влез, ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за странци како и измени

[61] Дел од припадниците на граничната полиција се учесници на повеќе обуки

на Правилникот за странците особено во делот на пропишување на образец-решение за одбивање на влез согласно Анекс 5 од ШГК.

Дополнително, ќе се донесе  Уредба за минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување според категоризација на граничните премини.

Донесување на нов Практичен прирачник Стандардни оперативни процедури за гранична контрола со цел усогласување со препораките и најдобрата пракса за граничното работење пропишана со Шенгенскиот прирачник(C(2006)5186 final).

***Институционална рамка***

Имплементација на Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор.

Во насока на зајакнување на регионалната соработка на граничните полиции, согласно Конвенцијата за полициска соработка на југоисточна Европа и под покровителство на DCAF, во април 2013 година се планира спроведување координирана операција за земјите од западен Балкан (Македонија, Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија) за подрачје на зелената граница.

Имплементацијата на проектот “Понатамошна поддршка за имплементација на ТЕТРА системот”  - ТЕТРА  фаза 2 ќе заврши во февруари 2013 година и ќе обезбеди 80% национална покриеност на мрежата на територијата на целата земја.

Врз основа на подготвената техничка спецификација за информатичко поврзување на преостанатите 6 ПС, ќе се донесе План за реализација  на оваа активност. Извршена е проценка на потребните финансиски средства за завршување на оваа активност и е оценето дека се потребни околу 300.000 евра.

Ќе се продолши со  спроведувањето на Проектот за набљудување и имплементација на контролниот систем на северната граница[62].

Исто така, претстои и кадровско доекипирање и техничко доопремување на Мобилната единица за прекуграничен криминал[63].

Во текот на 2013 година се предвидува да се продолжи со: имплементација на Програма за работа на НКЦ_ГУ за 2013 година; Спроведување на Акцискиот план за развој на воспоставениот систем за ИГУ; Континуирано спроведување на потпишаните меморандуми за разбирање меѓу институциите што имаат надлежност во ИГУ; Континуирана соработка со Фронтекс преку спроведување на Работниот договор за воспоставување на оперативната соработка меѓу МВР и Фронтекс од 2009 година. Учество на претставници на граничната полиција во обуките и во заеднички операции на Фронтекс; Обука на припадниците на

[62] се очекува набавка на уште 5 возила и инсталирање на потребната опрема, со што по завршување на Проектот на крајот од првото тромесечие на 2013 година системот би бил ставен во целосна оперативна функција.Периодот јануари-април 2013 предвиден за тестирање на опремата и функционалноста на системот ќе биде искористен и за дополнителен тренинг на операторите и техничкиот персонал.

[63] Со набавка на две патнички моторни возила, што се планира во текот на наредниот период, ќе се овозможи поефикасно работење на постојните тимови и побрзо екипирање на преостанатите тимови. Исто така, најавена е донација на едно шенген-бус возило, од страна на Амбасадата на САД. Со добивање на наведената опрема, се планира кадровско доекипирање на Единицата, најдоцна до јуни 2013 година, имајќи предвид дека покрај опремата, неопходна е и обука на персоналот за ефикасно извршување на утврдените работни задачи.

Граничната полиција согласно Наставната Програма за напредни и специјални обуки за 2013 година; Изработка на анализа на ризик во внатрешноста на државата.

Со цел правилна и ефикасна имплементација на стандардите за граничното работење, предвидени со Шенгенскиот граничен кодекс, се планира Имплементација на Проектот во рамки на ИПА 2010 – Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал, со кој што се предвидува зајакнување на оперативните капацитети на граничната полиција за борба против трговија со луѓе, усвојување на антикорупциската програма, вршење проценка за потребниот број на полициските станици, оптимален број на полициските службеници и опрема, развивање на нов концепт и методологија за управување со ризици и усвојување на Наставната програма за обука на граничната полиција. Во рамки на овој проект предвидено е набавка на опрема во вредност од 1,25 милиони евра. Започната е постапка за избор на најповолен понудувач, кој ќе го имплементира проектот. Проектот се очекува да започне во втората половина на 2013 година.

Ќе се продолжи со операционализација на ИТ системот во НКЦ_ГУ како и надградување на постојната база на податоци за специмени и фалсификувани документи и воспоставување централна база согласно потребните критериуми.

***Среднорочни приоритети***

***Правна рамка***

Предвидени се дополнување на Законот за гранична контрола во насока на внесување на неколку дефиниции, уредување на начинот на вршење на граничните проверки на државјани на трети земји, кои го уживаат правото на слободно движење во Заедницата и правата на члeновите на нивните семејства, утврдување на претпоставките за исполнувањето на условите за времетраењето на престојот доколку на патната исправа на државјанин на трета земја нема влезен печат (вклучително пропишување соодветен образец), натамошно доуредување на повторно воведување на граничната контрола на внатрешните граници и овозможување на склучување на билатерални договори за блокирање на сообраќај при вршење на гранични проверки во патниот сообраќај.

Изменување и дополнување на подзаконските прописи што произлегуваат од Законот за гранична контрола – Правилник за начинот на извршување на гранични проверки и граничен надзор (усогласување со анексите 2, 6 и 7 од ШГК), Правилник за начинот на преминување на внатрешната граница, Правилник за формата и соддржината на штембилот за влез и излез од Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба (усогласување со Анекс 4 од ШГК) и Правилник за обликот, содржината и начинот на поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација (усогласување со Анекс 3 од ШГК).

Со цел ефективно среднорочно планирање на развојот на граничната полиција во поглед на усогласување со легислативата и стандардите на ЕУ од аспект на хармонизирање на националното законодавство, управување со персоналот, спроведување на обуките, модернизирање на опремата и натамошен развој на меѓународната и интерресорска соработка, потребно е донесување на сеопфатна Стратегија за развој на граничната полиција со Акциски план за имплементација на утврдените мерки и активности и со финансиски импликации.

Донесување Упатство за координација и извршување на активностите меѓу институциите кои што имаат надлежност во интегрираното гранично управување.

***Институционална рамка***

Во наредниот период ќе продолжи имплементацијата на Проектот во рамки на ИПА 2010 – Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал, во период од 18 месеци од почетокот на Проектот, односно од втора половина 2013 до прва половина 2015 година.

Исто така и спроведувањето на Проектот "Интегрирано гранично управување" – ТЕТРА фаза 3, кој што се имплементира во рамки на ИПА 2009. Овој проект се очекува да отпочне во првиот квартал на 2013 година во времетраење од 24 месеци и треба да обезбеди оптимална национална покриеност (95%), интеграција и целосна оперативност на дигиталниот полициски радио систем. Воедно, планирано е надградба на воспоставениот ИТ систем за ИГУ, како и надградување на постојниот Систем за контрола на патници и возила.

## 3.24.5. СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

### *ПРАВНА РАМКА[64]*

Во март 2012 година ратификувани се три билатерални договори меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово, за правна помош во кривичните предмети; за екстрадиција; за трансфер на осудени лица[65].

Ратификуван беше Договорот за екстрадиција со Република Хрватска[66] како и со Република Србија [67]..

Во 2012 година Република Македонија покрена иницијатива за потпишување и ратификување на три билатерални договори со Црна Гора и досега е ратификуван Договорот за екстрадиција[68] со кој е регулирано и издавањето на сопствени државјани, само за најтешките облици на организиран криминал, корупција и перење на пари.

Во март 2012 година Владите на Република Македонија и Босна и Херцеговина склучија три билатерални договори за измени и дополнувања на досегашните договори за правна помош во граѓански и кривични предмети; за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети и за екстрадиција.

### *ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА*

Со цел да се остварува директна комуникација помеѓу надлежните правосудни органи на Република Македонија и земјите членки на Европската Унија во спречувањето и решавањето на делата на

---

[64] Законот за кривична постапка, („Службен весник на РМ“ бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08 и 67/09)

Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Стразбур 20.04.1959 година („Службен весник на РМ“ бр.32/99);Дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Стразбур 17.03.1978 година („Службен весник на РМ“ - меѓународни договори бр.32/99); Втор дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Стразбур 08.11.2001 (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр. 32/99, 44/2003 и 103/08);

Европска конвенција за екстрадиција, Париз 13.12.1957 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99); Дополнителен протокол на Европската конвенција за екстрадиција, Стразбур 15.10.1975 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99); Втор дополнителен протокол на Европската конвенција за екстрадиција, Стразбур 17.03.1978 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99).

Европска конвенција за трансфер на осудени лица, Стразбур 21.03.1983 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99); Дополнителен протокол на Европската конвенција за трансфер на осудени лица, Стразбур 18.12.1997 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99).

Европска конвенција за пренос на казнените постапки, Стразбур 15.05.1972 година („Службен весник на РМ“ бр.49 од 21.07.2004 година.

Договор за соработка меѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА (EUROJUST), Брисел 28.11.2008 година („Службен весник на РМ“ бр.51 од 16.04.2009).

Конвенција за граѓанска постапка, Хаг, 01.03.1954, („Службен лист на ФНРЈ“ – додаток бр.6/62)

Конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи, Хаг, 05.10.1961 година („Службен лист на ФНРЈ“ – додаток бр.10/62)

Конвенција за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи, Хаг, 15.11.1965 година („Службен весник на РМ“ бр.107/2008)

Измени и дополнувања на статутот на Хашката Конференција за меѓународно приватно право („Службен весник на РМ“, бр. 103/2008 година.

Конвенција за прибавување на докази во странство во граѓанските или трговските работи, Хаг, 18.03.1970 година („Службен весник на РМ, бр. 140 од 06.11.2008 година;

[65] Службен весник на РМ, бр.178/2011 во сила од 24.06.2012

[66] Службен весник на Република Македонија бр.57/2012

[67] Службен весник на Република Македонија бр. 57/2012

[68] Службен весник на Република Македонија бр.40/2012 во сила од 17.07.2012

организираниот криминал, во јуни 2011 година номинирани се претставник од Јавното обвинителство за организиран криминал и претставник од Министерството за правда како контакт лица кои директно ќе соработуваат со EUROJUST во согласност со Договорот за соработка меѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА.

На 27-28.09.2012 реализирана беше ТАИЕКС студиска посета на преставникот од ЈОРМ и МП на ЕВРОПРАВДА.

Во текот на 2012 година одржани беа семинари за судска соработка во граѓанска материја и предизвиците и достигнувањата на регионална и транснационална соработка во борбата против организиран криминал на територија на Југоисточна Европа како и работилница за зајакнување на меѓународната соработка во кривична материја во земјите од Југоисточна Европа.

Во организација на RCC (Регионален совет за соработка) одржани се три состаноци на експертските тимови од Југоисточна Европа за судска соработка во кривична и граѓанска материја[69].

Во 2012 година реализирани се вкупно 53 екстрадиции и 8 трансфери на осудени лица.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### *ПРАВНА РАМКА*

Во текот на 2013 година ќе се продолжи со натамошно унапредување на судската соработка во кривична и граѓанска материја преку ратификување на меѓународни и билатерални договори. До крајот на 2013 година ќе се ратификува Третиот дополнителен протокол на Конвенцијата за екстрадиција на СоЕ и ќе се поведе постапка за потпишување на четврт дополнителен протокол на оваа Конвенција.

Во текот на 2013 година Република Македонија ќе ратификува 8 билатералени договори со земјите од регионот и тоа:

- Со Република Србија ќе се ратификуваат Договор за заемно извршување на судски одлуки во кривичната материја и Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети.

Со Црна Гора ќе се ратификуваат Договор за правна помош во граѓанска и кривична материја и Договор за меѓусебно признавање и извршување на судските одлуки.

- Со Босна и Херцерговина ќе се ратификуваат Договор за измени и дополнувања на Договорот помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓански и кривични предмети; Договор за измени и дополнувања на Договорот помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети и Договор за измени и дополнувања на Договорот помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за екстрадиција.

- Со Република Косово ќе се ратификува Договор во граѓанска област.

Во текот на 2013 година ќе продолжат преговорите за склучување на Дополнителен договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година и Европската конвенција за екстрадиција од 13.12.1957 година. Исто така ќе продолжат преговорите за склучување на Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Словачка Република и Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Република Чешка.

### *ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА*

Во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители како и со подршка на други меѓународни организации и фондации ќе се спроведат обуки и семинари во областа на судската соработка во кривична и граѓанска материја, како и ќе продолжат активностите за соработка со ЕВРОПРАВДА.

---

[69] 29-30 мај Букурешт Романија, 24-26 септември во Пржно-Црна Гора и 04-07 декември во Хаг- Холандија

За следење на примената на конвенциите од кривичната материја ќе бидат изготвени и доставени полугодишни табеларни прегледи за извршени екстрадиции и трансфери на осудени лица.

До крајот на 2013 година ќе се започне со развивање на систем (софтвер) за водење на евиденција на предметите во меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и генерирање на статистички извештаи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

***ПРАВНА РАМКА***

Во 2014 година ќе се потпише Дополнителен договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година и Европската конвенција за екстрадиција од 13.12.1957 година. Исто така ќе се потпишат и Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Словачка Република и Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Република Чешка.

Во текот на 2014 ќе се покрене иницијатива за потпишување на Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област помеѓу: Република Македонија и Руска Федерација.

***ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА***

До крајот на јуни 2014 ќе се развие на систем (софтвер) за водење на евиденција на предметите во меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и генерирање на статистички извештаи.

**3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во септември 2012 година, беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите[70], со кој се надминаа забелешките на ЕК во поглед на улогата на Министерот за внатрешни работи во постапката за следењето на комуникациите.

Во насока на усогласување со Законот за кривична постапка и Законот за прекршоци, како и извршување на промена на називот на Управата за спречување на перење на пари во Управа за финансиско разузнавање, беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам[71] .

Министерството за внатрешни работи склучи поголем број на договори[72] кои имаа за цел зајакнување на меѓународната полициска соработка.

---

[70] Службен весник на Република Македонија бр. 116/12;

[71] Службен весник на Република Македонија бр. 44/2012

[72] Договор меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот сојузен совет за преземање на лица коишто престојуваат без дозвола; Договор меѓу Влада на Република Македонија и Влада на Црна Гора за полициска соработка;Протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Црна Гора за соработка во текот на туристичката сезона;Договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерствотоза внатрешни работи на Република Албанија за основање и функционирање на заеднички контакт центар за полициска соработка;Заедничка декларација за полициска соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Баварското Министерство за внатрешни работи;Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за полициска соработка;Протокол меѓу МВР на Република Македонија и МВР на

Во текот на 2012-та година беа донесени подзаконски акти на Управата за финансиска полиција[73].

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Беше усвоена нова Стратегија за борба со трговија со луѓе и илегална миграција со Акциски план за периодот 2013-2015 година.

Постапката за избор на најдобар понудувач за набавка на систем на Национална криминалистичко разузнавачка база на податоци беше прекината поради неисполнување на тендерските критериуми од страна на економските оператори, по што беше формирана посебна работна група која работи на ревидирање на потребните документи и во најкраток можен рок ќе следи повторна објава на тендерот.

Во насока на воведување на криминалистичко разузнавање во борбата против организираниот криминал и корупција во Република Македонија, беше изготвена Студија на изводливост и компаративна анализа со конкретни препораки .

Отпочна процедурата за избор на Главен инспектор – офицер за врска со ЕВРОПОЛ во Хаг.

Капацитетите на  Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција беа зајакнати со 13 јавни обвинители.

Беше склучен Договор за формирање на заеднички истражен тим помеѓу Јавните обвинителства на Виена, Франкфурт,  Ротердам и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од Република Македонија за кривично дело-Неовластено производство на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, согласно Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривична материја,.

Склучен беше и Меморандум за соработка меѓу Управата за финансиска полиција и Агенцијата за разузнавање.

Во рамките на регионалниот проект WINPRO I беа реализирани обуки за вработените во Одделението за заштита на сведоци и други организаци единици во Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, Министерството за правда и судии.

Започна имплементацијата на Проектот „Подршка за реформа на полицијата и кривичното право“ - ИПА 2009,  кој ќе придонесе за јакнење на капацитети за борба против организираниот криминал и ќе воспостави рамката на развивање на моделот на ILP (Intelligence-led policing) во рамките на Бирото за јавна безбедност.

Континуирано беа користени специјалните истражни мерки.[74]

---

Република Хрватска за соработка во текот на туристичката сезона 2012.Билатерален договор за поврзување на компјутерски мрежи, со кој се овозможи директно поврзување со апликацијата за безбедна размена на информации и анализа на мрежи на Европол – SIENA;

[73] План за создавање на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци; Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци; Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица; Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти; Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци; Правилник за начинот на уништување на документите како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите; Правила за начинот и постапката на користење и располагање со информатичкиот систем кој содржи лични податоци; Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Управата за финансиска полиција.

[74] Во периодот од  01.01.2012 година до 25. 10. 2012 година, Одделот за прикриени операции постапил по  вкупно  228 наредби  за примена на посебни истражни мерки од кои: 78 Наредби се издадени од Истражен Судија против познати сторители како и против НН лица, 19 Наредби издадени од Јавен обвинител и 131 Наредби издадени се од Истражен Судија за примена на посебната истражна мерка. Издадените 228 Наредби за примена на посебни истражни мерки, применети се во 50  криминалистички истраги

Беше надградено постоечкото софтверско решение во насока на електорнско следење на производството, поправањето, прометот и превозот на оружјето за целокупното оружје увезено во Република Македонија.

Во годишниот извештај на Стејт Департментот за борбата против трговијата со луѓе, Република Македонија и во 2012 година е рангирана во групата земји Тиер 1.

Во тек е имплементацијата на Проектот “Интегриран пристап за превенција на трудова експлоатација помеѓу земји на потекло и дестинација“ .

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Се предвидува измена и дополнување на Законот за социјална заштита, со цел обезбедување бесплатна здравствена заштита на жртвите од трговијата со луѓе.

Во насока на усогласување со Директивата на ЕУ 51/2008 која претставува дополнување на Директивата на ЕЕЦ 447/91 за контрола и набавка на оружје, ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за оружјето

Во текот на 2013 година ќе биде донесено Упатство за дефинирање на статусот и надлежностите на ILECUs единица.

Со цел хармонизација со Резулоцијата на Советот за размена на резултати од ДНК анализи од 19 јуни 1997 година (32001G0703(1)) и Резулоцијата на Советот за размена на резултати од ДНК анализи од 30 ноември 2009 година (32009G1205(1)) ќе биде уредена националната рамка во насока на регулирање на начинот на водење на ДНК евиденција, односно кој потатоци се евидентираат, за кои кривични дела, на кој начин, кој ги користи, и до кога се чуваат.

Во насока на усогласување со новиот Закон за кривична постапка, во првата половина од 2013 година ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за финансиска полиција.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во текот на 2013 година ќе биде објавен јавен оглас за набавка на систем на Национална криминалистичко разузнавачка база на податоци. По завршување на постапката за избор на најдобар понудувач во рамките на набавката на системот на Националната криминалистичко разузнавачка база ќе се потпише Договор со најповолниот понудувач за изведување на работите. За функционирањето на Националната разузнавачка база на податоци ќе се донесе:

- Одлука за воспоставување на Комисија за управување со Националната криминалистичко разузнавачката база на податоци;

- Уредба за начинот на деделување на пристап, нивоа на пристап, критериуми според кои се уредува нивото на пристап, времетраење на пристапот, постапката за уредување на престанување и за одземање на пристапот;

- Уредба за начинот на обработка и чување на податоците во базата.

Во продолжи имплементација на ново софтверско решение за прибирање на податоци, автоматска обработка и категоризација, анализа на случаи и генерирање на извештаи во Управата за финансиско разузнавање.

Во втората поливина на 2013 година, ќе биде изработена студија за изводливост за воспоставување на Национален центар за координација на активностите во борба против организиран криминал и корупција.

Почнувајќи од март 2013 година, во рок од 30 месеци, ќе биде имплементиран регионалниот WINPRO II проект.

Континуирано ќе продолжи материјално-техничко опремување на Одделението за заштита на сведоци.

Во насока на зајакнување на капацитетите на Одделението за Европол, ќе биде објавен интерен оглас за пополнување на едно работно место, а дополнително ќе биде пополнето работното место Главен инспектор – офицер за врска со ЕВРОПОЛ во Хаг.

Ќе се работи на директно поврзување со апликацијата за безбедна размена на информации и анализа на мрежи на Европол – SIENA, а воедно ќе продолжи и учеството во работните аналитички досиеја на Европол, односно учество на состаноците на аналитичките групи, со право да се добиваат аналитички резултати, како и поддршка во тековни истраги.

Ќе се работи на надградба на софтверското решение за електронско следење на производството, поправањето, прометот и превозот на оружјето за целокупното оружје увезено во Република Македонија.

Ќе продолжат активностите на спроведување на Акцискиот план за имплементација на Законот за кривична постапка.

Со цел зајакнување на борбата против трговијата со луѓе, ќе започне процес на формирање локални комисии за тргоовија со луѓе, при што во 2013 година ќе се пристапи кон идентификување на општините во кои ќе се формираат истите.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

На среден рок ќе биде подготвен Протоколот за собирање и обработка на информации за централизирана база на податоци за жртви и сторители на крвични дела од областа на трговија со луѓе, која треба да биде воспоставена во 2016 година.

Дополнително, ќе биде донесен правен акт со кој ќе се уреди начинот на функционирање на Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал и корупција.

Исто така, ќе се работи на донесување на Закон за формирање на државен фонд за надомест на жртви од организиран криминал.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

На среден рок ќе биде воспоставена Националната криминалистичко разузнавачка база на податоци, и истата ќе биде поврзана со ILECUs единицата.

Исто така, предвидено е воспоставување на Национален центар за координација на активностите во борба против организиран криминал и корупција.

Исто така, ќе се работи на изготвување на Стандардни оперативни процедури за идентификација и постапување со потенцијални жртви на трговија со луѓе помеѓу илегалните мигранти.

## 3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Беше донесена Национална стратегија за борба против тероризмот, која е во согласност со Стратегијата на Европската Унија за борба против тероризам.

Исто така беа донесени акти за организација и работа, како и за систематизација на работните места во Управата за безбедност и контраразузнавање.

Континуирано се одвиваа обуки на тема борба против тероризмот, користење на техники и вештини при водење на случај, за придобивање и управување со информатор во спротивставување на тероризам, јавни односи во борба против тероризмот како и управување со кризи предизвикани од терористички акти во цивилната авијација„.

Капацитетите на Управата за безбедност и контраразузнавање беа зајакнати со 100 нови вработувања.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2013 година, ќе бидат донесени измени и дополнувања на Кривичниот законик, член 394-в „Финансирање на тероризам„ во насока на усогласување со одредбите од Меѓународната конвенција за борба против теризам на Обединетите нации од 1999 година, како и со препораките од ФАТФ (Financial action task force).

Исто така се предвидува измена на Кривичниот Закон, на кривичното дело "Тероризам" со цел негово усогласување со Рамковната Одлука за борба против тероризмот.

Ќе се работи на склучување нови договори за билатерална соработка за борба против тероризмот со влади на други држави.

### <u>ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА</u>

Во текот на 2013 година ќе биде формирано координативно тело кое на месечно ниво ќе одржува работни средби на кои ќе се врши анализа, интеграција и проценка на сите сознанија од областа на тероризмот, за што ќе бидат информирани највисоките државни авторитети. Во истото ќе членуваат припадници од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање и Сектор - Служба за воена безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана, а по потреба ќе бидат вклучени и други релеванти институции.

Ќе биде донесен Акциски план за спроведување на мерките и активностите содржани во Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот 2013-2015 година.

Во текот на 2013 година се предвидува измена на систематизацијата за работни места во Агенција за разузнавање, меѓу кои и во делот на борба против тероризам зо зајакнување кадорвски и професионален капацитет.

Исто така, ќе бидат зајакнати капацитетите на Одделението за обука во рамките на Управата за безбедност и контраразузнавање.

И понатаму ќе продолжат активностите за размена на информации на билатерален, мултилатерален и институционален план.

Предвидено е продлабочување на соработката со НАТО, односно со NOS (НАТО кацеларија за безбедност), ILU (Разузнавачка единица за врски) и TTIU (Разузнавачка единица за терористички закани); Комитетот за борба против тероризмот на Советот за безбедност на ОН формиран со Резолуцијата 1373 (2001) донесена непосредно по терористичките напади на САД од 11 септември 2001 и EUROPOL, EUROJUST, SECI, INTERPOL.

Ќе биде земено активно учество во рамките на Конференцијата на разузнавачките служби на ЈИЕ (СЕЕИК) и Средноевропската конференција (МЕК).

И понатаму ќе продолжи процесот на обука на вработените во Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во соработка со меѓународните организации во Република Македонија, како и со странски разузнавачки служби.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

На среден рок се планира донесување на Правилник за вршење на работите на Управата за безбедност и контраразузнавање како и на процедури за заштита на критичните инфраструктурни објекти.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе продолжи имплементација на мерките и активностите од Акцискиот План спроведување на мерките и активностите содржани во Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот 2012-2015 година.

И понатаму ќе продолжи зголемувањето на бројот на вработени во организационите единици на АР кои се надлежни за борба против тероризмот.

## 3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Севкупното законодавство во областа на дрогите е хармонизирано со меѓународните стандарди.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Од страна на Центарот за следење на droги и зависности од дрога, Сектор за контролирани супстанции, Биро за лекови, Министерство за здравство, направена е евалуација на реализираните активности од

стратегијата за дроги со користење на квантитативни и квалитативни алатки за анализа и евалуација на имплементацијата. Во постапка е изготвување на Извештај за имплементацијата на стратегијата за дроги кој Сектор за контролирани супстанции, Биро за лекови, Министерство за здравство ќе го даде на разгледување и усвојување од страна на Државната меѓуресорска комисија за борба против дрога, а потоа и до Владата на Република Македонија за информирање.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### ПРАВНА РАМКА

Сектор за контролирани супстанции, Биро за лекови, Министерство за здравство, во текот на првата половина од 2013 година ќе изготви предлог нова Националната стратегија за дрога на Република Македонија. Предлогот Национална стратегија потоа ќе се разгледува со вклучените партнерски институции во постапката на имплементација (Владини институции, Државни Центри за третман на зависност од дрога, Приватни Центри за третман на зависност од дрога, Специјализирани клиники (клиника за токсикологија, Клиника за инфективни болести, Институти за судска медицина, Невладини организации активни на полето на намалување на штети од зависности од дрога), како и со меѓународни организации (Центри за следење на дрога и зависности од дрога од Германија и Полска, Светска здравствена организација). Потоа Предлог стратегијата ќе се достави на разгледување до Државната меѓуресорска комисија за борба против дрога.

Новата Националната стратегија за дрога на Република Македонија и Акцискиот план се очекува да биде усвоена од страна на Владата на Република Македонија до крајот на годината.

### 3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Основни прописи со кои се регулира царинската соработка во казнените одредби се: Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11 и 11/12) и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2005 и измените и дополнувањата објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 73/2006, 40/2007, 62/2007, 42/2009, 38/2010, 46/2010 и 61/2010).

Во врска со Конвенцијата за меѓусебна соработка и помош на царинските служби, правен основ за царинска соработка помеѓу Република Македонија и државите членки на ЕУ, е Протоколот 5 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините држави членки.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се работи на подобрување на институционалната структура за спроведување на Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските служби со соодветните акти (Неапол 2), како и Конвенцијата за употреба на информациска технологија за царински цели. Царинската управа ќе ја прифати резолуцијата на на Советот за иднината на царинската соработка во областа на спроведувањето на законите (Council Resolution of 13 December 2011)

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Ќе се пристапи кон Конвенцијата за употреба на информатичка технологија за царински цели и ќе се продолжи со активностите за пристапување кон Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските служби со соодветните акти.

## 3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРО

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Во насока на препознавање и постапување во случаи со фалсификувани евра, донесен беше Прирачник за фалсификување на евро изготвен од Европската канцеларија за борба против измами-ОЛАФ..

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Врз основа на потпишаниот оперативен договор со Европол, почнувајќи од септември 2012 година, Министерството за внатрешни работи оствари пристап до работните документи на Европол во областа на фалсификување на евро.

Согласно Планот за обуки од областа на фалсификување на евро, во ноември 2011 година спроведени се 8 едукативни обуки од областа на фалсификување на евро, со кои партиципираа вработени во сите 8 Сектори за внатрешни работи на МВР, Царинска Управа, Финансова полиција и Народна Банка.

Во изминатиот период претставници од МВР учествуваа на голем број на конференции и обуки во областа на фалсификување на евро и тоа за фалсификувани евра во Скопје организирана од НБРМ и ОЛАФ, во Будимпешта за фалсификувани пари а најавен е и тренинг за претставници од Оддел за криминалистичка техника кој ќе се одржи во Букурешт.

Во организација на СЕПКА одржана е донаторска конференција на која е преставен проект за фалсификување на пари од страна на Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификување на пари, на потенцијални донатори и се очекува негово евентуално финансирање.

Во тек е период на тестирање на базата за фалсификувани пари до која ќе имаат пристап сите институции влучени во Националната Канцеларија за истраги .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2013 година ќе биде донесен Правилник за користење на базата за фалсификувани пари.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013 година, се очекува воспоставување на базата на податоци за фалсификувани пари.

Исто така, ќе бидат подготвени Процедури за соработка и постапување помеѓу потписниците на меморандумот за соработка од областа фалсификување на пари.

Континуирано ќе се работи на зајакнување на материјално-техничките и кадровските капацитети на Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивање на фалсификуваните пари.

## 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

### 3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Тековна состојба

Се подготви Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 и Акцискиот план за 2013-2015 година кои беа усвоени од Владата на Република Македонија. Стратегијата за иновации ги надополнува постојните документи како што се Стратегијата за индустриска политика 2009-2020, Стратегијата за мали и средни претпријатија за 2002-2013, Програмата за истражување и развој. Стратегијата особено внимание посветува на зголемувањето на иновативните капацитети  на малите и средните претпријатија во согласност со националната политика за мали и средни претпријатија заснована на „Законот за мали бизниси". Стратегијата за иновации ги опфаќа истражувачките институции во контекст на развој на човечките ресурси за иновации, воспоставување врски со бизнис секторот и пренесување на знаења кон него. Со стратегијата ќе се земе предвид актуелната состојба на развојот на земјата со цел политиките за промовирање на иновации да бидат релевантни за земјата.

Беше подготвена нацрт - Националната програма за научно - истражувачка дејност на Република Македонија 2013-2017 година. По насока на Владата на Република Македонија се одржаа 4 расправи по Програмата и врз основа на добиените сугестии, предлози и коментари ќе текстот ќе се доработи по што повторно ќе се достави за усвојување.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за научно - истражувачка дејност („Службен весник на РМ" бр.80/12).

Донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на водење бази на податоци за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/12). Со овој правилник се воведуваат две нови задолжителни бази на податоци за докторски трудови и за проверка на плагијати на магистерски трудови, специјалистички стручни трудови и семинарски работи.

Изготвена е Програмата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој (2012 – 2015) со Акционен план.

Во континуитет се реализираат повеќегодишни проекти:

- “Превод на 1000 стручни книги и учебници од кои се учи на најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија”, во рамки на кој досега се преведени 737 наслови од областа на: економија, архитектура и градежништво, земјоделство и ветерина, право, биотехничките, природно математичките, филолошките и филозофските науки, дипломатија, политика, правото и внатрешната безбедност, туризмот и бизнис логистиката, на машинските и електротехничките науки, итн.

- “Набавка на наставно научна и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети “, во рамки на кој досега се потпишани вкупно 79 договори за опремување на 83 лаборатории.

Во однос на финансиската поддршка на младиот научно-истражувачки кадар, во текот на 2012 година беа реализирани неколку конкурси, меѓу кои: Конкурсот за доделување стипендии за втор циклус академски студии во странство за академската 2012/2013 година на кој се доделени 14 стипендии, Конкурс за доделување стипендии за студии од прв и втор циклус на Академијата за филмска и ТВ уметност (ФАМУ) Прага, Република Чешка за академската 2012/2013 година / со кој беа доделени 2 стипендии, Конкурс за доделување стипендии “Борис Трајковски” за вонредни двегодишни студии од II (втор) циклус во рамки на извршната програма за бизнис администрација МБА за академската 2012/2013 година - доделени 20 стипендии и Конкурс за доделување на стипендија за докторски студии и специјализации од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата на кој беа доделени беа стипендии на двајца кандидати.

Капацитетите на научно-истражувачкиот кадар беа зајакнати преку неколку активности како што се потпишување Договор со EBSCO Publishing за пристап до 14 бази на електронски научни списанија со импакт фактор, исто така потпишан е Договор и со Emerald Publishing за пристап до 175 електронски научни списанија.

Беше потпишана годишната програма за распределба на средствата за поттикнување и помагање на техничката култура за 2012 година. Оваа програма се донесува врз основа на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура.

МОН во април 2012 година распиша “Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно – истражувачки труд за 2012 година” со кој се зголемуваат субвенциите од 15.000 денари на 30.000 денари по прифатен труд. Средствата ќе се реализираат од Буџетот на Република Македонија преку МОН почнувајќи од 2013 година. Согласно новиот Конкурс од 2012 година до сега се доставени приближно 120 пријави.

**Краткорочни приоритети**

Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за научно - истражувачка дејност. Со донесувањето на измените на Законот за научно - истражувачка дејност ќе се унапреди креирањето на политиките во научно - истражувачката дејност. Истиот е предвиден со Стратегијата за иновации 2012 – 2020.

Донесување на Закон за иновациска дејност. Донесувањето на Законот е согласно Стратегијата за иновации 2012 – 2020. Законот се наметнува како потреба за утврдување и реализација на иновациската политика, поттикнување на техно-претприемништвото, трансферот на знаења и технологии во стопанството и развој и унапредување на иновацискиот систем. Со овој закон ќе се уредат принципите, целите и организацијата на примената на научните сознанија, техничките и технолошките знаења, инвентивноста и изумите, нови и подобрени производи, процеси и услуги. Меѓу другото, со донесувањето на Законот ќе се регулира основањето, статусот, надлежностите, управувањето и раководењето, финансирањето, надзорот над работата, како и други прашања поврзани со работата на Фондот за иновации и технолошки развој.

Донесување на Национална програма за научно - истражувачка дејност 2013 - 2017. Донесувањето на програмата подразбира лоцирање и активирање на механизми во насока на создавање нови импулси во научно - истражувачката дејност; утврдување приоритети во научно -истражувачката дејност на национално ниво во функција на потребите на економијата и општеството, и интеграција на Република Македонија во Европската Унија; создавање клима за поголема конкурентност во научно - истражувачката дејност, на домашен така и на меѓународен план; рамка за партнерска соработка помеѓу научно - истражувачките институции и приватниот сектор. Имплементација на Националната програма е поврзана со зголемување на финансиски средства со цел реализирање на предложените мерки и активности и остварување на целите.

Усвојување на Програма за технолошки развој. Програмата за технолошки развој е национален документ за поттикнување и помагање на технолошкиот развој на државата. Таа е насочена кон имплементација на стратегија ЕУ 2020 која промовира паметен и одржлив и развој фокусирајќи се на зајакнување на индустрискиот сектор и создавање предуслови за раст и развој, базирани врз знаење и иновации.

Утврдување на критериуми за прогласување на Центри за извонредност

Имплементација на мерките од Стратегијата за иновации 2012-2020

**Среднорочни приоритети**

Реализација на мерките и активностите предвидени со Националната програма за научно - истражувачка дејност.

Продолжување со реализација на  Проектот за „Набавка на наставно - научна и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети “

Продолжување со реализација на Проект за „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од обласга на правото во Франција и Германија“

Доделување на еднократни финансиски средства за објавен труд во списанија со фактор на влијание

Имплементирање на мерките и активностите предвидени со Стратегијата за иновации и како и мерките од Регионалната развојно - истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.

### 3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ

**Тековна состојба**

Во рамки на континуираните активности за успешна имплементација на Меморандумот за разбирање за 7-мата Рамковна програма, Република Македонија го задржа позитивниот тренд во однос на поднесени и одобрени предлог апликации.

Се забележа поголема вклученост на бизнис секторот во програмата (вкупно 12 проекти). Во периодот од јули 2011 до август 2012 година, Република Македонија аплицираше со 122 предлог проекти од кои 19 проекти се прифатени за финансирање, а 5 се на резервна листа.

Во организација на националните контакт лица (НКЛ) и други институции, со цел  информирање за актуелните повици, подобрување на квалитетот на предлозите за проекти и поддршка во експлоатацијата на резултатите од научно - истражувачките проекти во текот на 2012 година, беа одржани серија настани: 10 национални информативни настани, 2 меѓународни конференции и над 40 консултативни состаноци.  Беа реализирани и состаноци со Европскиот информативен и иновативен центар - мрежа на бизнис можности,  со цел поголемо учество на малите и средни претпријатија. Изработена е и доставена информација до

Извршната агенција за истражување на Европската Комисија за  најуспешните учесници во ФП7 од академската и бизнис заедницата.

Министерството за образование и наука  е активен учесник во два важни проекти од 7-та Рамковна програма (SEE-ERA.Net Plus и WBC INCO NET), кои овозможуваат широка инкорпорација на Република Македонија во ЕУ активностите во научното истражување и развој.

**Краткорочни приоритети**

Министерството за образование и наука преку континуирани активности ќе придонесе за успешно продолжување на Седмата рамковна програма и воедно ќе ги интензивира активностите за информирање на научно истражувачката и бизнис заедница за Рамковната програма „Хоризонт 2020“ (инфо настани, институционални и индивидуални информативни и консултативни средби - вкупно 20 активности).

Со оглед на фактот дека ФП7 програмата завршува во 2013 година и се очекува објавување на мал број на отворени повици до средината на 2013 година, Министерството за образование и наука во соработка со други институции ќе одржи 3 настани за промоција и учество на научно - истражувачката и бизнис заедница во програмата.

Продолжување на активностите за поддршка на научно истражувачката и бизнис заедница за учество во ФП7 програмата – најмалку 10 информативни и консултативни средби.

Со оглед на исклучителното значење на работата на мрежите на националните контакт лица во пресрет на новата Рамковна програма ХОРИЗОНТ 2020, Европската комисија ги започна активностите за структурирање на овие мрежи како и за дефинирање на нивните задачи и активности.  Мрежата на национални контакт точки (НКТ) во Република Македонија ќе се структурира согласно структурата на Хоризонт 2020.

Ќе се задржи континуитетот на дисеминација на информации за 7-мата Рамковна програма и Хоризонт 2020 кон сите инвловирани страни на научно истражувачка и иновативна дејност во Република Македонија

**Среднорочни  приоритети**

Промоција на можностите на Рамковната програма Хоризонт 2020 и за јакнење на капацитетите на научната и бизнис средина за учество во истата

Зголемување на учеството во Рамковната програма Хоризонт 2020,  во однос на бројот на апликации и одобрени проекти.

Континуирана дисеминација на информации за Хоризонт 2020 со цел обезбедување поголема информираност и транспарентност за можностите што ги нуди Програмата со посебен акцент на актуелните повици, преку организирање семинари, инфо денови, обуки и презентации за државните и приватните универзитети, јавните и приватните научни установи, малите и средни претпријатија, самостојните истражувачи и локалната самоуправа.

Континуирани советодавни и консултативни услуги на потенцијалните корисници за изготвување на предлог проектите и аплицирање во Програмата.

Континуирана соработка со мрежата на Европскиот информативен и иновативен центар во Република Македонија - мрежа на бизнис можности (ЕИИЦМ).

### 3.25.3 ЕВРОПСКА ИСТРАЖУВАЧКА ОБЛАСТ

**Тековна состојба**

Република Македонија во 2012 година бележи зголемено учество во ЕРА преку проширување на соработката со Здружениот истражувачки центар на ЕУ како и Програмата за Европска соработка во областа на науката и технологијата (COST).

Се преземаа активности за зголемување на искористувањето на можностите што ги нуди Здружениот истражувачки центар на ЕК. Од вкупно 55 апликации за грантхолдери и национални експерти од регионот и третите земји, Република Македонија аплицирала со 25 кандидатури или 45% . Од вкупно 112 апликации за учество на специјализирани работилници и тренинг курсеви организирани од ЗИЦ, Република Македонија аплицираше и зема учество во 22% од активностите.

Министерството за образование и наука и Здружениот истражувачки центар потпишаа Меморандум за соработка со кој ќе се зајакне институционалната соработка во областа на енергијата (не-нуклеарна) и животната средина; климатските промени; здравје и заштита на потрошувачи, безбедност на храна, нанотехнологија и биотехнологија и природни катастрофи. Беше одржан информативен настан за отворените можности за соработка меѓу Република Македонија и ЗИЦ. Во текот на 2012 година беа реализирани 3 научни посети на експерти од Република Македонија на институтите во Испра, Италија (вкупно 14 експерти).

Во рамки на работата на телата на ЕРА и Програмските комитети, номинираните лица земаа активно учество во работата на истите.

Воспоставен е пристап до базата на податоци за истражување на Европската Комисија „E-CORDA“.

Во рамки на Програмата за Европска соработка во областа на науката и технологијата во текот на 2012 година, македонски истражувачи учествуваа во 65 активни акции.

Во текот на 2012 година продолжи работата на подготовката на Регионална стратегија за истражување и развој за иновации, за земјите од Западен Балкан" изготвена во рамките на проектот WBC-INCO-NET. Целта на стратегијата е да ги зајакне иновативните капацитети на земјите од западен Балкан и да го зголеми влијанието на истражувањето и иновациите за економски раст и креирање на работни места.

ЕУРЕКА

Во рамки на Иницијативата (Програмата) ЕУРЕКА, европска мрежа на пазарно ориентирани истражувања и развој која има за цел зајакнување на европската конкурентност по пат на унапредување на заеднички истражувачки активности, насочени кон пазарот, реализирани се успешно 3 проекти, 1 проект е во втората година од својата реализација, а уште 1 проект е позитивно евалуиран и е во фаза на донесување на одлука за негово кофинансирање.

Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ)

Во тек на реализација е проектот за формирање на центар за PET-Scan дијагностика, за која МААЕ ќе обезбеди бесплатна експертска помош, обука на кадарот и опремување на радио - фармацевтска лабораторијата за производство на краткоживеачки радиоактивни изотопи и радио - фармацевтски препарати.

Од почетокот на 2012 година до сега спроведени се активности за планирање на новиот проектен циклус 2014-2015, и во тек е подготовката на проектните дизајни кои од МААЕ добија препорака за понатамошно развивање.

Во поглед на регионалната соработка, Република Македонија продолжува со активно учество во конципирањето на регионалните проекти, преку кои се реализираат бројни стипендии за обука на кандидатите. Во тековниот проектен циклус 2012-2013, проектните институции од Република Македонија активно учествуваат во 27 регионални проекти преку кои годишно се реализираат околу 50 стипендии за обука.

Се подготви прва верзија на Регионалната истражувачко - развојна стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан во рамки на проект поддржан преку ИПА средства, во координација на Светска банка. Се очекува да биде финализирана до март 2013 година и презентирана на Министерската конференција која ќе се одржи во Скопје. Во проектот се вклучени Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија, Црна Гора и Хрватска. Цел на Стратегијата е да ги зајакне иновативните капацитети на земјите од Западен Балкан и да го зголеми влијанието на истражувањето и иновациите за економски раст и креирање на работни места. Програмите, политиките и реформите треба да се фокусираат за достигнување на три среднорочни резултати: zајакната истражувачка база (извонредни истражувања и продуктивност), ефективна комерцијализација на истражувањата од јавно финансираните истражувачки институции и зголемена соработка помеѓу науката и индустријата.

*Билатерална соработка*

Се продолжи соработката со неколку земји од регионот. Беше распишан Конкурс за доделување стипендии за изучување на словенечки јазик и студиско усовршување во Република Словенија за академската 2012/2013 година. За студиско усовршување во Република Словенија беа избрани единаесет (11) кандидати. Беше распишан Конкурс за доделување на стипендии за изучување на хрватски јазик и студиско усовршување во Република Хрватска за академската 2012/2013 година, од македонската страна се прифатени двајца кандидати, а од хрватска страна прифатени двајца кандидати.

Беше распишан Конкурс за кофинансирање на билатерални проекти меѓу Република Македонија и Црна Гора за периодот 2013-2014 година.

Во врска со Конкурсот за кофинансирање на билатерални проекти меѓу Република Македонија и Република Хрватска за периодот 2012 – 2013 година, изготвен е Протокол за избор на проекти за научна и технолошка соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска за 2012, 2013 и 2014 година и донесено е Решение за финансирање на прифатените проекти.

Изготвена е нацрт Спогодба за соработка во областа на образованието и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово и беше доставена до косовската страна.

Потпишана е Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за соработка во областа на образованието, науката, културата, медиумите, младите и спортот, во јули 2012 година.

Усогласен е предлог текстот на Меморандумот за соработка во областа на образованието и науката меѓу Министерството за образование на Република Азербејџан и Министерство за образование и наука на Република Македонија. Усогласениот нацрт текст е испратен до Владата на Република Македонија на одобрување.

**Краткорочни приоритети**

Имплементација на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничкиот Истражувачки Центар

Дисеминација на информации за отворените можности на Заедничкиот Истражувачки центар на ЕК за научно истражувачката заедница на Република Македонија

Активно учество во работата  на телата што функционираат во рамки на WBC-INCO-NET проектот: Извршна платформа, Извршна работна група, Генерално собрание

Продолжување со активностите на Дијалог форумот за Имплементација на проектот " Регионална стратегија за истражување и развој за иновации, на земјите од Западен Балкан", изготвена во рамките на проектот WBC-INCO-NET

Продолжување со активности и динамика на учество во програмите ЕУРЕАК, КОСТ МААЕ

Имплементација на Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан. Регионалната стратегија треба да предложи решенија за критичните проблеми на националните иновациски системи. Таа не треба да ја замени целокупната структура на националниот систем туку да овозможи регионално решавање на одредени заеднички проблеми во поглед на истражувањето и иновациите. Во оваа смисла, таа нема да ги замени, туку ќе ги надополни и охрабри зајакнувањето на националните иновациски политики и реформи на националните иновациски и системи.

Потпишување Спогодба меѓу Министерот за наука и високо образование на Република Полска и Министерството за образование и наука на Република Македонија во областа на науката и високото образование

Потпишување на Протокол од петнаесеттото заседание на Заедничкиот одбор за научна и технолошка соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија

Потпишување на Спогодба за соработка во областа на науката и технологијата меѓу Република Македонија и Република Србија.

Продолжување на преговорите за потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието и науката меѓу Република Македонија и Република Албанија.
Потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието и науката со Република Косово

Изготвување на Извршна програма за научна и технолошка соработка  помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Советот за научни и технички истражувања на Турција (ТУБИТАК) за периодот 2013-2016 година

Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдавија во областа на образованието, науката и иновациите меѓу двете страни

Потпишување на нова Програма за соработка од областа на науката, технологијата и образованието помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за наука, образование и спорт на Република Хрватска

**Среднорочни  приоритети**

Имплементација на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничкиот Истражувачки Центар

Продолжување со активности и динамика на учество во Хоризонт 2020

Продолжување со активности и динамика на учество во наведените програми (EUREKA, COST, MAAE) , со можност за нивно зголемување

## 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

### 3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИ

**Предучилишно воспитание и образование**

Бирото за развој на образованието (БРО) го подготви истражувањето „Позитивни влијанија на воспитно - образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладување на наставните програми во прво одделение".

**Краткорочни приоритети**

- Кампања за мотивирање на родителите да ги запишуваат децата во предучилишни установи
- Преадаптација на простории од основни училишта во детски градинки, во руралните средини, со цел зголемување на опфатот, згрижување, едукација и социјализација на најмладата популација.

**Реформи и институционални зајакнувања во основно и средно образование**

Донесени се измени и дополнувања на Законот за основното и Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012) за статусот на наставниците, стручните соработници и секретарот на училиштето како јавни службеници и начинот на изведување и спроведување на интерното и екстерното проверување на учениците од основното и средното образование. Измените и дополнувањата на Законот за основното и Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.100/2012) се однесуваат на водењето на збирки на податоци согласно прописите за заштита на личните податоци за потребите на интегрираната база на податоци, за унапредување на процесите и процедурите за управување со човечки ресурси, финансирање и инфраструктура на основните и средните училишта. Има измени во организирањето на интерно и екстерно проверување, екскурзии, натпревари, организирањето акредитирани здруженија на наставниците и усовршувањето, оспособувањето и напредувањето на наставниците и стручните соработници во звања.

Изготвен е Правилник за самоевалуација на училиштата.

Се формираа центри за кариера во средните училишта. БРО продолжи со изработка на програмски документи, реализирање обуки за наставници, истражувања во областа на образованието, следење и поддршка на училиштата. Воведено е претприемништво како предмет во средното образование. Изготвена е наставна програма за образование на децата на граѓаните на Република Македонија во странство. Реализирани се обуки за 1130 наставници за имплементација на содржини за иновации и претприемништво во наставната програма за средно образование. Континуирано се спроведуваат проекти и развиваат мрежи на соработка на училиштата од РМ и земјите од Европа.

*Обезбедување на квалитет во основно и средно образование*

Државниот испитен центар (ДИЦ) презема бројни активности: реализирана е државната матура 2012; континуирани обуки и испити на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта на Македонски и Албански јазик; пробно екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование; објавени се резултатите од извештајот за меѓународното истражување ТИМСС 2011; се полни електронската банка на тест задачи по различни предмети што ги користат наставниците. Во тек се подготовка на правилници и процедури за екстерното проверување на постигањата на учениците, подготовка на државна матура 2013.

Државниот просветен инспекторат (ДПИ) вршеше надзор на квалитетот на образовниот процес и ефективноста преку евалуација на работата на: детски градинки, основни и средни училишта,

високообразовни установи, ученички и студентски домови, училишта за ученици со посебни потреби и работнички универзитети. Спроведени се 122 интегрални евалуации на основни и средни училишта.

*Социјална кохезија и еднаквост*

Се подготвува Ревизија на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2012-2015. Со воведеното електронско водење на податоците, подобрена е статистиката за учениците од ранливите категории и податоците се користат за подобрување на политиките, мерките и активностите за пристапот и задржувањето на учениците од ранливите категории во системот на образование.

Зајакната е соработката со родителите и воведено нивно советување. Вработени се 25 психолози и 6 дефектолози со цел зајакнување на педагошко психолошките служби во училиштата.

Продолжи бесплатен превоз на 18.000 ученици во основно и 59.000 ученици во средно образование, како и бесплатно сместување во ученички домови. Доделени се 91 стипендии на спортисти, 61 стипендија на ученици со посебни образовни потреби, 56 стипендии на талентирани студенти, 400 стипендии на талентирани ученици со послаба материјална состојба и на 29 деца без родители.

Во рамките на регионалниот проект координиран од Европската фондација за обука (ЕТФ), Република Македонија е дел од регионалната мрежа за политики од областа на образованието и обуката на наставници за инклузивно образование.

Во рамките на Декадата на Ромите, продолжуваат активностите за зголемен опфат на ученици Роми. Во 2011/12 доделени се 591 стипендија, овозможено финансиско стимулирање на 133 ментори и тутори, а за учебната 2012/13 година доделени 600 стипендии.

Се преземаат бројни активности за имплементација на Стратегијата за интегрирано образование во координација со Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор (СОРД).

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедници при МОН и Австриската Агенција за европска интеграција и економски развој, реализираат ИПА твининг проект „Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем“. Проектот помага за вклучување меѓукултурни аспекти во образовниот систем: воведување иновативни програми и ажурирање на наставните програми, како и обуки на наставниците и директорите за зајакнување на капацитетите за поддршка на интеграцијата на етничките заедници.

*Инвестициски проекти и децентрализација*

Реализирани се следните активности: заврши изградбата на 6 и реконструкцијата на 7 основни училишта; заврши доградбата на 2 и реконструкцијата на 4 средни училишта; завршена е реконструкцијата на 1 студентски дом. Во 2012 година завршени се и предадени во употреба 5 училишни спортски сали.

**Краткорочни приоритети**

- Донесување Закон за ученичкиот стандард, со кој ќе се изврши усогласување со Законот за основното образование и Законот за средното образование и ќе се создаде правна рамка за подобрување на квалитетот на ученичкиот стандард преку развој на воспитната компонента, подобрување на услови и нормативи за работа на ученичките домови, подобрување на критериумите за доделување стипендии на ученици (талентирани, спортисти и од социјално загрозени семејства)
- Воведување на претприемничко учење во наставните планови и програми во основно и средно образование
- Јакнење на капацитетите за обезбедување поддршка на ЕМИС

- Континуиран развој и унапредување на наставните планови и програми
- Натамошна имплементација на Програмата „Интеграција на еколошката во македонскиот образовен систем“ во основното и средното образование
- Јакнење на регионална соработка преку продолжување на постојните и воспоставување нови мрежи.

*Обезбедување квалитет во основното и средното образование*

Ќе продолжи имплементацијата на активности за обезбедување квалитет во основното и средното образование согласно европските трендови и Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година:

- Спроведување на различни обуки за наставници, вклучувајќи и клучни компетенции
- Приоритети на Државниот испитен центар: подготовка и спроведување на државната матура 2013 и анализа на резултатите од истата; спроведување обуки и испити на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта; спроведување екстерно оценување на постигањата на учениците во основното образование (од IV до VIII) и средно образование (од I до III година); континуиран развој и унапредување на испитните програми за матурата и завршниот испит; подготовка и објавување на национален извештај за спроведената интернационална студија TIMSS 2011, како и воведување на ISO 9001 стандарди
- Приоритети на Државниот просветен инспекторат: спроведување интегрални евалуации во основните и средните училишта, инспекциски надзор, како и јакнење на човечките ресурси на ДПИ со обуки на инспекторите за надзор над примената на законите, примената на казнените одредби и спроведување квалитетни интегрални евалуации.

*Социјална кохезија и еднаквост*

- Натамошно обезбедување бесплатни учебници за основно и средно образование, бесплатен превоз за ученици од основно и средно образование и бесплатно сместување во ученички домови
- Активности за холистички пристап за социјална инклузија низ образование на учениците со посебни образовни потреби (деца со хендикеп, деца на улица/улични деца, Роми, ученици од рурални средини и други ранливи категории,) по пат на образование и обука, вклучувајќи и дополнителни афирмативни мерки за нивна поддршка
- Имплементација на Стратегијата за интегрирано образование од аспект на синергија помеѓу проектите: ИПА твининг проект „Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем“; билатерален проект помеѓу Кралството Норвешка и Република Македонија; проект поддржан од УСАИД; проектот поддржан од Кралството Норвешка за ширење на мрежата на интегрирани училишта и др. Ќе се засилат активностите за промовирање на интегрираното образование кон широката јавност
- Имплементација на Програмата за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми.

*Инвестициски проекти и децентрализација*

- Унапредување на образовната инфраструктура во основното образование: изградба/доградба на 6 училишта; отпочнување со изградба/доградба на 4 основни училишта и реконструкција на одреден број училишта
- Унапредување на образовната инфраструктура во средното образование: изградба на 1 училиште; отпочнување со градба/доградба на 3 училишта и реконструкција на одреден број средни училишта

- Продолжување и завршување на изградбата на 1 студентски дом, како и реконструкција на студентски домови
- Почеток на изградба на нови 10 училишни спортски сали
- Почеток на реконструкции на 10 основни и 6 средни училишта.

**Среднорочни приоритети**

- Зголемување на инвестирањето во основното и средното образование
- Континуиран развој и унапредување на наставните планови и програми и обука на наставниците
- Активности за обезбедување квалитет во основното и средното образование
- Обезбедување бесплатни учебници, бесплатен превоз, бесплатно сместување, стипендирање, условени парични надоместоци
- Поддршка на зголемено вклучување на Ромите во системот на образование и обука
- Промоција на концептот, политиките и практиките за инклузивно образование преку активности во рамките на проектот поддржан од ИПА повеќе - корисничката програма
- Имплементација на Стратегијата за интегрирано образование
- Продолжување на започнатите градби и почнување на нови инвестициони проекти во зависност од обезбедените буџетски средства.
- Изградба на спортски сали во 2014 и 2015 година.

**Стручно образование и обука**

**Тековна состојба**

Во тек е изработка на Стратегија за развој на стручното образование во Република Македонија 2013-2020 година, поддржана од Европската фондација за обука (ЕТФ), врз основа на консултации со сите заинтересирани страни и препораките на ЕУ и ЕТФ. Формиран е Совет за развој на стручното образование.

Усвоени се Стандардите за изведување практична обука на учениците кај работодавачите. Во рамките на ИПА Твининг проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука", изработени се Методологија за изработка на стандарди на квалификации и Методологија за развој на образовни програми. Согласно потребите на пазарот на трудот, изготвени се 51 стандард на занимање и 25 стандарди на квалификации. Се изготвуваат наставни планови и програми за 13 образовни профили во стручното образование со 2-годишно и 3-годишно траење на образованието. Во тек се обуки на директори на стручни училишта за имплементација на реформираните наставни планови и програми.

**Краткорочни приоритети**

- Донесување Закон за измени и дополнувања на Законот за стручното образование и обука со кои ќе се регулира донесувањето на стандарди за занимања
- Донесување на Стратегија за развој на стручното образование во Република Македонија 2013-2020 година со Акционен план
- Подготовка на наставни планови и програми и други програмски документи согласно потребите на пазарот на трудот
- Продолжување на реформите во стручното образование во делот на подготовка на стандарди за занимања за дел од струките и образовните профили

- Финализирање на ИПА Твиниг проектот Поддршка за модернизација на системот за образование и обука за изработка на наставни програми за стручно оспособување и стручно образование за занимања и обука на обучувачи во стручното образование
- Техничка помош за подготовка за техничка спецификација за набавка на опрема за реформирани дво и три – годишни курикилуми
- Јакнење на капацитетите на Центарот за стручното образование и обука.

**Среднорочни приоритети**

- Реализација на активности од Акциониот план за спроведување на Стратегијата за развој на стручното образование во Република Македонија 2013-2020 година
- Развој на стандарди на занимања, квалификации и образовни програми за пост-средно образование.

**Реформи во областа на образованието на возрасните**

**Тековна состојба**

Со измените на Законот за образованието на возрасните, регулирани се процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните, процесот на верификација на институциите за образование на возрасните и др. Се започна со верификација на посебни програми за образование на возрасни - програми за неформално образование на возрасните.

Во тек е ИПА Твиниг проектот „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица“ во рамките на ИПА Оперативна програма за компонента 4 – Развој на човечки ресурси.

Во соработка со УНДП дефиниран е план за промоција на ЦОВ и Акционен план за 2012 и 2013 година. Воспоставен е интегриран систем на управување со податоци за програмите и обезбедувачи за образование на возрасни. Со цел осигурување на квалитетот на програмите за образование на возрасни, се изготвува ”алатка за мониторинг” на посебните програми за возрасните.

Во општина Арачиново средно стручно образование заврШија 107 лица, а втората генерација брои 257 ученици. Во општина Чаир започна стручно образование за економска струка за 100 возрасни, а во општина Прилеп 100 лица посетуваат настава за машинска, електротехничка и сообраќајна струка.

**Краткорочни приоритети**

- Подготовка и усвојување на акционен план за понатамошно спроведување на Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015 за 2013 и 2014 година
- Спроведување Анализа за потребите на возрасните со цел вклучување во образованието
- Подготовка на Концепција за неформално образование, која целосно ќе го дефинира системот за неформалното образование на возрасните
- Продолжување наставата за средно стручно образование за возрасни во општините Арачиново, Прилеп, Чаир и други општини
- Имплементација на ИПА Твининг Проектот „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица“
- Продолжување на кампањата за подигнување на свеста на населението за можностите за образование на возрасните

- Имплементација на мерката Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот која има за цел зголемување на вработливоста на евидентирани невработените лица со стекнување на вештини за побарувани занимања, која е дел од Оперативен план за активни мерки и програми за вработување на ВРМ за 2012/2013 година

**Среднорочни приоритети**

- Развој на информатичко-статистички систем за следење на образовната мобилност на возрасните.

**Високо образование**

**Тековна состојба**

Продолжија активностите во согласност со Болоњскиот процес. Објавени се резултатите од рангирањето на високообразовните установи, извршено од Шангајскиот Џио Тонг универзитет. Во 2012 година признаени се 883 странски високообразовни квалификации.

Отворени се нови 17 дисперзирани студии во рамките на постојните факултети, а затворени 10 од постојните. Зголемен е бројот на студенти во прва година на први циклус студии (20.129 во во академската 2012/2013 година). Продолжи проектот Високо образование на возрасни (35/45) за вклучување на возрасните во високото образование, на кое. во текот на 3 години се запишаа околу 1000 возрасни студенти.

Во рамките на CEEPUS програмата за регионална соработка во областа на високото образование, во тек се престоите за зимскиот семестар од учебната 2012/2013 година во Република Македонија и од Република Македонија во земјите членки на CEEPUS. Во тек е конкурсот за учество во CEEPUS мрежите, кој завршува 15 јануари 2013 година. Во академската 2012/2013 година, високообразовни установи од Република Македонија партиципираат во 37 CEEPUS мрежи.

**Краткорочни/среднорочни приоритети**

*Правна рамка:*

- Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со кој ќе се регулираат аспектите на финансирањето на високото образование и воведување на државна квота за студенти од втор и трет циклус на студии
- Донесување Закон за студентскиот стандард
- Донесување Упатство за оценување на квалитетот на високото образование и на академскиот кадар во Република Македонија
- Донесување Уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи
- Донесување Правилник за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите
- Донесување Правилник за мерила и критериуми за кофинансирање на студиите на јавните високообразовни установи и за партиципациите на другите давачки на студентите на високообразовни установи.

*Реформи во високото образование*

- Формирање на Совет за развој и финансирање на високото образование
- Натамошна имплементација на Болоњскиот процес
- Донесување Програма за високообразовната дејност
- Продолжување на проектот Високо образование за возрасни (35/45)

- Рангирање на високообразовните установи во 2013 година

**Развивање Национална рамка на квалификации**

Со цел подготовка на Националната рамка за квалификации во контекст на доживотното учење, формирана е работна група за изработка на Националната рамка на квалификации, со претставници од Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни и Бирото за развој на образованието.

**Краткорочни приоритети**

- Донесување на Закон за национална рамка на квалификации, со кој ќе се уредат нивоата, типовите и обемот на квалификациите, како и надлежностите на телата за предлагање и усвојување на квалификации согласно Европската рамка на квалификации
- Натамошен развој и имплементација Националната рамка на квалификации во контекст на доживотното учење

**Млади**

**Тековна состојба**

Министерството за правда и работната група формирана од Владата на Република Македонија изготвија нацрт Закон за млади, кој е во фаза на доработка.

Продолжи спроведувањето на Акцискиот план за реализација на Националната стратегија за млади. Во приоритетната област *Локална младинска работа*, развиени се локални младински стратегии во 3 општини, со што вкупниот број на локални младински стратегии е 13. Во приоритетната област *Младинска партиципација*, во 6 општини воспоставен е механизам за зголемено младинско учество во процесот на донесување на одлуки во ЕЛС, со формирање на локални совети на млади. Во приоритетната област *Квалитет на живеење:* од проектот Изградба на 35 спортски сали завршени се 28; од проектот Изградба на 50 помошни фудбалски терени, во употреба се сите 50 помошни фудбалски игралишта; од проектот Изградба на 100 тениски терени, пуштени се во употреба 31 терен. Доделени се 500 стипендии за млади талентирани спортисти..

**Краткорочни/ Среднорочни приоритети**

- Усвојување и имплементација на Законот за млади
- Изработка на Локални младински стратегии.
- Формирање на Локални совети на млади
- Формирање на Државен совет за млади
- Доделување стипендии за млади талентирани спортисти
- Капитални инвестиции за подобрување на спортската инфраструктура.

**Учество во Програми на Заедницата за образование, обука и млади**

*Доживотно учење и Млади во акција – децентрализирани акции*

Успешната имплементација на активностите во 2012 година од страна на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ) покажува сериозно унапредување на капацитетите на

Агенцијата за управување со фондовите на ЕУ програмите. До крајот на годината искористеноста на средствата треба да надмине 96%. Соработката со ГД за образование и култура на Европската комисија, Министерството за образование и наука како национален авторитет и со агенциите од земјите учеснички во програмите е на високо ниво. Националната Агенција навремено ги поднесе работните верзии на работните програми за 2013 година за програмите Доживотно учење и Млади во акција до ГД Образование и култура. Во 2012 година се спроведуваа активностите предвидени со Договорот за соработка помеѓу Министерството за образование и наука и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, вклучувајќи го и редовното доставување квартални извештаи од НАЕОПМ до Министерството.

**Краткорочни приоритети**

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

- Подготовка и усвојување на работни програми за подготвителната фаза 2013 за програмите „Доживотно учење и за „Млади во акција;
- Потпишување Договор помеѓу Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Генералниот Директорат за образование и култура на Европската Комисија за подготвителната фаза 2013 година;
- Организирање 4 инфо денови за програмата Доживотно учење, 2 инфо денови за програмата „Млади во акција“ и 4 инфо денови за програмата наследничка 2014-2020, во Скопје и други региони;
- Одржување и надградување на веб порталите на НАЕОПМ;
- Менаџирање на животниот циклус на пилот проектите од програмите Доживотно учење и Млади во акција;
- Обуки на вработените и кадровско зајакнување на капацитетите на НАЕОПМ за имплементација на програмите и други подготвителни активности.

Министерство за образование и наука:

- Измени и дополнувања на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, со цел создавање правна основа НАЕОПМ да може да ја имплементира новата ЕУ програма за образование, млади и спорт
- Измени и дополнувања на Методологијата за второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ согласно правилата за имплементација на новата ЕУ програма за образование, млади и спорт
- Одобрување на Годишна работна програма на НАЕОПМ
- Второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ, вклучувајќи и набљудување за време на второстепени контроли на крајни корисници на НАЕОПМ.

**Среднорочни приоритети на НАЕОПМ и Министерството за образование и наука**

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

- Дисеминација и експлоатација на резултатите од реализираните проекти во рамките на акциите од секторските програми;
- Подготовки на НАЕОПМ за полноправно учество на Република Македонија во ЕУ програмите за образование и млади 2014-2020.

Министерство за образование и наука:

- Континуиран мониторинг на работата на НАЕОПМ
- Одобрување на Годишната работна програма на НАЕОПМ

- Второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ, вклучувајќи и набљудување за време на второстепени контроли на крајни корисници на НАЕОПМ.

*ЕУ програма „Доживотно учење “ – централизирани акции*

Националната агенција и Министерството за образование и наука поведоа иницијатива за вклучување на Република Македонија во мрежите Еуропас и Евридика во 2013 година. Во согласност со Министерството, Националната агенција ќе биде носител на воспоставувањето и функционирањето на Националниот Еуропас центар, Национална канцеларија за Евридика и вклучувањето во мрежата Еурогајденс. Агенцијата веќе ја преведе севкупната содржина на Еуропас документите, водичите, како и Веб рамката за централниот Европски веб-портал, во соработка со ЦЕДЕФОП, Европската агенција надлежна за Еуропас.

**Краткорочни / Среднорочни приоритети**

- Формирање на Национален Еуропас Центар;
- Формирање на Национална канцеларија за Евридика;
- Вклучување на Република Македонија во мрежата Еурогајденс.

**Програма Европа за граѓаните 2007 - 2013**

Националното контакт лице за програмата „Европа за граѓаните“ во соработка со Информативниот центар на Европската унија во Скопје, во 2012 година одржа три презентации на програмата Во 2012 година, зголемен е бројот на апликации и на одобрени проекти со носители од Република Македонија. Вкупниот буџет на одобрени проекти со македонско учество во 2012 година изнесува 758.552 евра.

**Краткорочни приоритети**

- Продолжување со активности за промоција на програмата „Европа за граѓаните“.

## 3.26.2 КУЛТУРА

**Соработка во областа на културата**

Во рамки на Министерската конференција одржана за време на македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа 2010, се потпиша Рамковната конвенција за вредноста на културното наследство за општеството - Фаро конвенција 2005, која се ратификуваше и стапи на сила на 1 ноември 2011 година.

*Дигитализација на културното наследство*

Продолжи имплементацијата на Проектот за дигитализација на културното наследство, поддржан од УНЕСКО. Се усвои Национална стратегија за дигитализација на културното наследство. Беа зајакнати капацитетите на претставници од надлежните установи за недвижно и движно културно наследство преку обуки за дигитализација на културното наследство, во организација на УНЕСКО со странски и домашни експерти. Подготвен е делот кој се однесува на дигитализација на духовното културно наследство како дел од Националниот информативен систем.

Во текот на наредниот период краткорочните приоритети ќе се фокусираат на понатамошни активности за внес на податоци во Националниот информативен систем за културното наследство и почеток на функционирање на веб страница за Националниот информативен систем.

*Развој на Креативни индустрии*

Министерството за култура презеде подготвителни активности за промоција и координација на спроведувањето на Националната стратегија за развој на креативните индустрии. Во наредниот период активностите ќе се фокусираат на промоција на Националната стратегија за развој на креативните индустрии и реализација на тематски работилници за креативните индустрии.

*Регионална програма за културно наследство на Југоисточна Европа*

По завршувањето на проектот Заеднички рехабилитационен проект план/Процена на архитектонското и археолошкото наследство на Југоисточна Европа (заеднички проект на Советот на Европа и Европската комисија), се продолжи со процесот насловен како „Љубљански процес 2 – рехабилитација на заедничкото наследство“. Проектот се реализира со средства од Повеќе - корисничката ИПА програма и е координиран од Советот за регионална соработка. Во рамки на краткорочни приоритети ќе се формира на Национална работна група за имплементација на проектот на национално ниво и подготви Ревизија на Листа на приоритетни интервенции и подготовка на Прелиминарни технички проценки и рехабилитациски проекти за новите споменици/локалитети на ЛПИ.

Пилот проектот за локален развој на регионот Дебар и Река (Регионалната програма за културно и природно наследство во Југоисточна Европа - Компонента Ц)

Во изминатиот период се реализираше дијагностичката фаза: завршена е Пред-дијагностичката мисија и извештајот е усвоен од Управувачкиот комитет; изготвени се Меморандум за разбирање и Комуникациска стратегија; формирана е Меѓуминистерска комисија и Управувачки комитет. Во наредниот период ќе се пристапи кон Завршување на Дијагностичката фаза, изработка на Развојна стратегија и Реализација на активностите предвидени со Комуникациската стратегија.

*Соработка со УНЕСКО*

Во октомври 2011, Република Македонија стана член на Извршниот одбор на УНЕСКО на 36-то заседание на Генералната конференција на УНЕСКО, со мандат од 4 години. Република Македонија стана членка и на Меѓународниот комитет на УНЕСКО за Конвенцијата за заштита и унапредување на разноликоста на културните изразувања (јуни 2011), со мандат од 4 години.

Во рамките на двогодишната Програма на УНЕСКО за партиципација 2010–2011 година од девет апликации, поддржани се 4 (1 од област на култура, 2 образование и 1 наука ).

Основана е катедра на УНЕСКО за „Медиуми, дијалог и заемно разбирање“, при Високата школа за новинарство и за односи со јавноста. Во рамки на краткорочните приоритети ќе бидат организирањето на две состанока на Меѓународниот комитет за организација на Третата светска конференција, која ќе се одржи во 2013 година.

Учество во ИПА

Во рамки на краткорочните приоритети ќе се продолжи со имплементација на ИПА Проектите “CULTEMA” и ИПА Проект "CHERPLAN".

**Програмата на Заедницата „Култура“ 2007 – 2013**

Во 2012, ККТ Македонија продолжи со спроведување на Програмата Култура согласно предвидените годишни програми во Оперативните грант договори на ККТ Македонија и учество на што поголем број културни оператори во проекти поддржани од Програмата Култура 2007 -2013.

Ќе се продолжи со спроведување на Програмата Култура од страна на ККТ Македонија согласно годишните програми во Оперативните грант договори на ККТ Македонија и учество на што поголем број културни оператори во проекти поддржани од Програмата Култура 2007 -2013 на ЕУ.

## 3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 се финализираше 7-от скрининг, односно Прогрес мониторинг во областа на животната средина со кој се оценува степенот на приближување на националното законодавство на Република Македонија кон законодавството на Европската унија. Прогрес мониторингот се води во рамките на Регионалната мрежа за животната средина за пристапување кон ЕУ (РЕНА) во соработка со Европската комисија – Генерален Директорат за животна средина. Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е надлежно за негово спроведување. Прогрес Мониторингот за 2012 година опфати 78 ЕУ директиви и регулативи. Во март 2012 година, Владата на Република Македонија ја усвои информацијата за спроведувањето на Прогрес Мониторинг ,при што Заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања донесе одлука со која се определуваат одговорните лица за пополнување на табелите за усогласување и имплементационите прашалници за секоја директива одделно.

Во текот на 2012 година се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.123/2012) со кој се изврши доусогласување на законот со ЕУ мерката 31996L0082,во насока на појаснување и прецизирање на постапката за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции.

Владата на Република Македонија ја усвои Програмата за инвестирање во животната средина за 2012 ("Службен весник на Република Македонија" бр 16/2012), со финансиски средства во висина од 122.500.000 денари за финансирање и кофинансирање на проекти од областа на животната средина, но поради утврден недостаток на финансиски средства за реализирање на Програмите за 2010 и 2011 година и подмирување на договорните обврски кон корисниците на проектите кои се финансираат/кофинансираат согласно овие Програми, не беше објавен јавниот Конкурс за спроведување на Програмата за инвестирање за 2012 година.

Во текот на 2012 година Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините во висина од 37.159.189,00 денари. Истата ја спроведе МЖСПП врз основа на проекти доставени од општините Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода, Чаир, Могила, Новаци, Битола, Осломеј, Зајас, Кичево и Вранештица.

*Климатски промени*

Во текот на 2012 година, активностите на Република Македонија се одвиваа на повеќе нивоа, меѓу кои развивање на меѓународна, регионална, билатерална соработка, како и соработка со Европската унија на

полето на намалување на климатските промени и намалување на ранливоста на најранливите сектори од климатските промени.

Во овој период се оствариja серија координативни активности со засегнатите страни за изработка на Патоказот за спроведување на Директивата за трговија со емисии на ЕУ и Одлуката за мониторинг, рапортирање и верификација во рамките на проектот за искористување на искуство на Република Бугарија за мониторинг, рапортирање и верификација на емисии на стакленички гасови потребно за учество во Европската шема за трговија со емисии.

Од страна на Норвешкото Министерство за надворешни работи беше одобрена проектната идеја за зајакнување на капацитетите за спроведување на шемата за трговија со емисии.

Претставници од МЖСПП активно учествуваа во работата на РЕНА, работна група 2 за климатски промени како и во креирање и реализирање на нови програми за ниско-емисиони развојни стратегии и за зелен развој (на иницијатива на УСАИД, Владата на Република Словенија преку Европската Територијална соработка 2007-2013 и на Светската Банка). Доставена е проектна идеја за намалување на климатските промени преку мерки на индустриска енергетска ефикасност за искористување на средства од ГЕФ - дел за климатски промени преку Програмата на ОН за индустриски развој.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 година заврши проектот „Поддршка на националните подготовки за членство во ЕУ од областа на животната средина гледано од перспектива на земја членка“ поддржан од Владата на кралството Шведска, а спроведуван во соработка со Шведската агенција за заштита на животната средина (СЕПА). Во рамки на проектот во 2012 година, се одржа посебна работилница за потребите на Секторот за ЕУ при МЖСПП со цел зајакнување на капацитетите на секторот заради управување со процесот на пристапување, при што беше изработена функционална анализа на функции и одговорности за спроведување на процесот на пристапување. Исто така, се одржа и работилница за зајакнување на капацитетите на МЖСПП во насока на спроведување на процесот на пристапување, согласно функционаланта анализа. Во септември 2012 се одржаа работилници и состаноци за потребите на Секторот за отпад и Секторот за води, во врска со подготовка на посебни планови за имплементација на одредени директивите од овие области.

Во април 2012 во Скопје беше одржана Конференција на тема ”Политиката за животната средина во Македонија; препораки на ЕУ при соработка со општините“која имаше за цел преглед на надлежностите на општините во управувањето со животната средина, потребните капацитети и предизвиците што за општините ги наметнува евроинтегративниот процес на Република Македонија. На конференцијата присуствуваа градоначалници и државни службеници кои работат во областа животна средина.

Во Ноември 2012 се одржа завршна работилница на која што беше презентиран „Прирачник за работа за прашања поврзани со ЕУ во Поглавјето 27 - животна средина„ подготвен во рамките на проектот и кој како единствен документ од ваков вид е од особено значење за процесот на пристапување и преговарање на Република Македонија за членство во Европската унија.

МЖСПП редовно врши собирање, обработување и известување на податоци и информации добиени преку мониторинг мрежата за медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад. МЖСПП доставува 75% од вкупно бараните податоци до Европската Агенцијата за животна средина (ЕЕА) каде има статус на земја соработник и е дел од работните групи на Агенцијата.

Согласно одредбите од Законот за животна средина продолжува работата за изработка на Листа на показатели на параметрите за животната средина.

Во текот на 2012 година преземени се низа активности за подигање на свеста на јавноста преку одбележување на денови од еколошкиот календар, промоции, презентации, работилници, консултативни средби и емитување ТВ емисии со еколошки теми.

Спроведувањето на прекршочните постапки и постапките за посредување редовно се спроведуваат од страна на Комисијата за прекршоци и Комисијата за посредување на МЖСПП.

МЖСПП донесе План за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2012 година согласно кој Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје спроведе 11 надзори во следните општини во Скопје: Гази Баба, Кисела Вода, Центар и град Скопје како и во општините: Тетово, Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид и Дебрца. Надзорот се спроведе во однос на следните надлежности: постапка за одобрување на елаборати за животна средина, постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола и управување со отпад согласно Законот за управување со отпад.

*Климатски промени*

Во периодот за кој се известува беше спроведена постапка за избор на тројца помлади соработници (јуниор експерти) за работа на Третиот национален извештај за климатски промени и други активности на МЖСПП во областа на климатските промени.Јуниорите посетуваа обука за изработка на инвентари на стакленички гасови ,спроведена од страна на МАНУ, како досегашен изработувач на инвентарите.

Беше воспоставена соработка со други донатори во однос на зајакнување на капацитеите на локалната самоуправа за климатските промени, а започнаа активности за изработка на методологија за проценка на управувањето со климатските промени.

Во работата на Националниот комитет за климатски промени беа вклучени нови претставници од засегнатите страни. Истиот активно учествува во изработката на компоненетите на Националниот извештај за климатски промени. Зајакнувањето на институционалните капацитети ќе продолжи и со учество во работата на мрежата за пристапување во делот на животна средина и климатски промени на ЕУ (ECRAN).

УХМР

На почетокот на 2012 година беше усвоена Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2012 („Службен Весник на РМ“ бр.12/12).

За реализација на проектот Центар за управување со суша за Југоисточна Европа (обезбедени средства од Инструментот за предпристапна помош ИПА-компонента 2 на Европската Унија), во текот на 2012 година беа реализирани повеќе активности од кои позначајни се донесувањето на извештаите за ранливост од суша и проценка на ризик до водачите на работните пакети, како и изработката на завршната публикација на резултатите од регионот и посебно од Република Македонија.

Во рамките на проектот Интегриран систем за рана најава и превенција од пожари, финансиран од Јапонската Влада (ЈИЦА), поставени се 15 автоматски метеоролошки станици за пожар во Република Македонија.

Административните капацитетите на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР) во делот за следење на квалитетот на водите (мониторинг на површински води во Република Македонија) беа зајакнати со нови вработувања, притоа во март 2012 год. се отпочна со следење на приоритетните супстанци во меѓудржавните води согласно Рамковната директивата за води и Директивата за приоритетни супстанци.

Дополнително претставници на УХМР учествуваа на повеќе обуки, работилници и семинари кои имаа за цел зајакнување на капацитетите на управата и се однесуваа на управување со климатолошки и метеоролошки податоци, користење и управување на податоците, обука за развој и подобрување на метеорологијата, сателитска метеорологија, климатските промени, хидрометрија и хидрологија и сродните науки во областа на истражувањето на интензивни конвективни олуи и екстремни временски состојби на Европско ниво.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во почетокот на 2013 предвидено е да започне осмиот Прогрес мониторинг во областа на животната средина, со кој се оценува степенот на приближување на националното законодавство на Република Македонија кон законодавството на Европската унија.

Во септември 2013 година се планира да се донесе Закон за Национална Инфраструктура на просторни податоци, за кој е надлеженен орган е Агенцијата за катастер на Република Македонија преку Министерството за правда. Со законот ќе се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32007L0002.

Во 2013 ќе биде донесен и Закон за ратификација на Протоколот за стратешка оценка на животната средина.

Ќе биде изработен Извештај за состојбата со животната средина што произлегува како обврска од Законот за животна средина,а ќе продолжат и активностите за спроведување на програмата ГЛОБЕ за 2013 година. И понатаму ќе се продолжи со изработка на Листата на показатели за животната средина за оние работи за кои не е потребно ангажирање на надворешни експерти.

Ќе биде изработена Секторска стратегија за животна средина, со посебен фокус на ИПА програмскиот период 2014-2020.

Во 2013 година е предвидено донесување на План за управен надзор над работата на ЕЛС за 2013 и негово реализирање. Со Планот ќе се определат областите во кои ќе се изврши управен надзор во периодот за 2013 година. Управниот надзор ќе се врши од страна на Комисија формирана за таа цел.

Ќе се донесе Програма за вршење на инспекциски надзор за 2013 за Државниот инспекторат за животна средина и овластените инспектори за животна средина и ќе се врши надзор на нејзиното спроведување, притоа ќе биде усвоен извештајот за инспекциски надзор за 2012 година.

МЖСПП во соработка со УХМР ќе започне со активности за донесување на Националниот план за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши. Истиот произлегува како обврска од Конвенцијата на ООН за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или со опустинување, особено во Африка од 2002 година и Законот за животна средина.

*Климатски промени*

На почетокот на 2013 година ќе биде донесен Патоказ за спроведување на Директивата за трговија со емисии на ЕУ и Одлуката за мониторинг, рапортирање и верификација

По одобрувањето на проектната апликација за зајакнување на капацитетите за спроведување на Европската шема за трговија со емисии во текот на 2013 година, се очекува детална разбработка на подготвениот Патоказ и изработка на план за работа со индустриите за воведување во оваа шема.

Во текот на 2013 година ќе се изработи комуникациска стратегија за климатски промени.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во првата половина на 2013 година ќе се одржи TAIEX работилница на која ќе се презентираат обврските кои произлегуваат од INSPIRE Директивата.

Во октомври 2013 се очекува да започне проектот од ИПА компонента 1 со што ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите за инспекциски надзор на државните и локалните инспектори за животна средина, како и на капацитетите на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС).

Во наредниот период ќе продолжи поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктури објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишната Програма за инвестирање во животната средина за 2013 година и преку буџетите на МЖСПП и Министерството за транспорт и врски (МТВ).

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, ќе продолжат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на квалитетот на медиумите (вода и воздух) и областите (бучава) на животната средина.

И во овој период ќе се надополнува Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина а ќе продолжи спроведување на прекршочни постапка, постапка за посредување и постапки на инспекциски надзор.

Континуирано ќе биде реализирањето на кампањи за подигнување на јавната свест во животната средина, како и поттикнувањето на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Во овој период ќе продолжи доставувањето податоци и соработката со Европската агенција за животна средина (ЕЕА) и ќе се настојува да се обезбеди поголем процент на доставување на релевантни податоци.

***Климатски промени***

Во рамките на зајакнувањето на капацитетите на МЖСПП за идно воведување на Европската шема за трговија со емисии, ќе се воспостави тим кој ќе работи во тесна координација со тимот за изработка на инвентарите на стакленичките гасови.

**УХМР**

Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на УХМР со нови вработувања и со стручно оспособување и усовршување на вработените и зајакнување на потенцијалите на Управата за подготвување точни прогнози на времето и предупредувања, поточни климатски предвидувања и проценки и попрецизни хидролошки прогнози и проценки.

Ќе се одржат повеќе работилници и обуки организирани од ЕУМЕТСАТ, ECMWF, EUMETNET, Meteo France, како и учество на Работни состаноци на координативни тела во ECMWF.
Ќе се започне со обнова на телекомуникацискиот систем, како и ќе започнат активности за акредитација на лабораторија за детерминирање на заканувачки материи и супстанции во водите, воздухот и почвата.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се донесат повеќе документи, како упаства, методологии и планови со кои ќе се обезбеди подобро спроведување на надлежностите во управувањето со животната средина на локално ниво. Активностите ќе се рализраат во рамките на ИПА проектот за "Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за спроведување на законодавството од областа на животната средина".

Во 2014 година ќе се донесе Извештај за состојбата со животната средина и Статистики за животна средина 2013.

Во периодот од 2014 - 2015 година, одделно за секоја година ќе се подготви и донесе нов план за управен надзор за оние области од областа на животната средина и општини кои не се опфатени со претходно донесениот план од 2012 и 2013 година.

***Климатски промени***
Во овој период се очекува резултат за регионалната иницијативата на Словенечката Влада за ниско-јаглеродна југо-источна Европа во рамките на Европската територијална соработка 2007-2013. Исто така, се очекува започнување со спроведување на проект во рамките на ИПА 2012-2014-дел за клима.

Се очекува проширен и детализиран Патоказ за спроведување на Европската шема за трговија со емисии со поддршка на Норвешката влада.

Ќе се процени потенцијалот за намалување на емисиите на стакленичките гасови во секторите кои предизвикуваат емисии на овие гасови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се спроведат повеќе обуки за вработените во единиците на локалната самоуправа во однос на управувањето со животната средина. Воедно ќе се спроведат и обуки за инспекторатите, како на централно така и на локално ниво. Активностите ќе се спроведат преку проектот од рамките на ИПА компонента 1.

Во наредниот период ќе продолжат активностите за зајакнување на капацитетите на секторите и органите во состав на МЖСПП и тоа: Управата за животна средина (МЖСПП_УЖС), Државниот инспекторат за животна средина (МЖСПП_ДИЖС) и Службата за Просторно информативниот систем, органи во состав на МЖСПП, преку нови вработувања, набавка на опрема и обуки во однос на спроведување на прописите од областа на животна средина.

Посебно внимание ќе се посвети на обуки во насока на зајакнување на капацитетите за спроведување на прописите за одговорност за штета во животна средина; обуки за имплементација на Е-ПРТР и моделирање со податоци, користење на софтверска апликација од ПРТР; обуки за информатичка технологија; набавка на опрема за мониторинг, моделирање и за национален информативен систем.

Истовремено планирано е да се продолжи со зајакнувањето на капацитетите на ЕЛС за управување со животната средина на локално ниво, преку обезбедување на: нови вработувања; техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции на локално ниво за спроведување на законските обврски што произлегуваат од областа на животната средина.

Воедно ќе продолжи со поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишните програми за инвестирање во животната средина, преку буџетот на МЖСПП и МТВ, како и преку ЕУ фондовите и другите билатерални и мултилатерални средства.

Ќе се донесе Национален план за справување со опустинување и ублажување на ефектите од суши.

Ќе биде изработен извештај за состојбата на животната средина.

До крајот на 2014 година предвидено е воспоставување на Регистарот на загадувачи во Македонија.

Ќе се изврши надградување на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.

***Климатски промени***

Во овој период планирано е спроведување на активности од ИПА проектот за климатски промени .

Се очекува обучен тим во рамките на МЖСПП за самостојна изработка на инвентари на емисии на стакленички гасови и за спроведување на Европската шема за трговија со емисии на стакленички гасови, со евентуално негово вградување во посебна организациска единица за климатски промени во рамките на министерството.

**УХМР**

Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на УХМР за спроведување на нивните активности преку нови вработувања и обуки, при тоа ќе се продолжи со автоматизирање на метеоролошките инструменти и размената на метеоролошките информации.

Ќе започне процесот на користење на упатствата од Светската метеоролошка организација за утврдување на критериуми за формирање и воспоставување и начин на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на

станици и за изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа на станици.

Ќе се преземат активности за обновување и модернизација на мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води и опремување на истите со софистицирана опрема; обнова на телекомуникацискиот систем, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци, акредитација на лабораторија за детерминирање на загадувачки материи и супстанции во водите, воздухот и почвата, набавка на теренски возила за оперативни активности, набавка на автоматски метеоролошки станици, како и техничко опремување на Управата (административно-техничко и информатичко опремување).

### *3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ*

#### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

#### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2012 година се продолжи со усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската унија преку донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентен воздух („Службен Весник на РМ„ бр. 59/2012. ,во кој се транспонираа одредби од ЕУ мерката 32008L0050.

Во текот на 2012 година се донесе Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори, во кој се транспонирани одредби од мерките 32001L0080, 31999L0013, 32008L0001 и 32010L075–, како и ЦЕН и ИСО стандарди. („Службен Весник на РМ„ бр. 11/2012).

Беше донесена Програмата за работа на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух за 2013 година, кој е управуван од МЖСПП, како и Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија до 2020 година.

Усвоена е Уредбата за измените и дополнувања на Уредбата за гранични и целни вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање и информирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели согласно мерките 32008L0050 и 32004L107.

Во декември 2012 Владата на Република Македонија го усвои Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2012 до 2017

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Заштитата на воздухот се остварува преку следење на квалитетот на амбиентниот воздух и следење и контрола на емисиите од стационарните и подвижните извори. Носечките активности во делот на обезбедување на податоци од мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како и инвентаризација на емисиите од стационарни извори ги врши Секторот македонски информативен центар за животна средина (МИЦЖС) во МЖСПП, во рамки на кој работи Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух на МЖСПП.

Заштитата на воздухот се остварува од Управата за животна средина (УЖС) преку издавање и контрола на дозволите за усогласување со оперативен план кои се задолжителни за сите постојни инсталации кои се под

режимот на интегрирани еколошки дозволи. Имено во УЖС функционира Секторот за индустриско загадување и управување со ризик. Воедно, Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) врши редовен надзор над инсталации кои емитираат загадувачки супстанции  во воздухот и кога е потребно издава задолженија за преземање на мерки со цел намалување на емисиите и нивно доведување во дозволените граници.

Во текот на 2012 година Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух во рамките на МЖСПП функционираше со потешкотии од причина што немаше резервни делови за поправка и одржување на мерните инструменти и за обезбедување континуирана работа на мониторинг станиците.

Во моментов во функција се само станиците поставени во Лисиче и Ректоратот како и двете нови автоматски мониторинг станици  лоцирани во Скопје, во општините Карпош и Центар.

Со овие станици се започна за прв пат мониторингот на суспендирани честички со големина до 2,5 микрометри (PM2.5).

Во 2012 година завршија активностите околу изработката на Планот за индикативни мерења, согласно кој се вршеа индикативните мерења на лесно испарливи органски соединенија (VOC) на две мерни места. Анализите на земените примероци беана правени во Финскиот метеоролошки институт

Беше финализиран CORINAIR инвентарот со податоци за 2010 година и истиот беше испратен до CLRTAP и до Европската Агенција за животна средина.

Во октомври 2012 успешно заврши Твининг проектот "Зајакнување на капацитетите за управување со животната средина на централно и локално ниво во областа на управување со воздухот" во чии тамки се реализираа повеќе обуки за спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух со примена на процедури за контрола на квалитетот, обработка на податоците добиени од мониторингот, моделирање и нивна примена за оценка на квалитетот на воздухот, сервисирање и одржување на мониторинг станиците за воздух, управување со квалитетот и емисиите во воздухот како и извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и подготовка на акциони планови и програми за подобрување и заштита на квалитетот на амбиентниот воздух.

Во рамките на втората фаза на „Проектот за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од Конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето на UNECE од 1979 се подготви Национален план за заштита на квалитет на амбиентен воздух во Република Македонија, Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции на ниво на Република Македонијаи се изработи Инвентар за тешки метали. Со подготовка на овие документи овој проект беше во целост беше завршен.

Во септември 2012 година се одржа TAIEX работилница која се однесуваше на размена на искуство на земјите членки на ЕУ во спроведувањето на Директивата за контрола на VOCs од бензински станици (94/63/ЕЗ) дополнета со Регулативи (ЕЗ) 1882/2003 и (ЕЗ) 1137/2008 и Директива за  Фаза II,  контрола на испарување при полнење бензин на моторни возила на  бензински станиците (2009/126/ЕЗ).   Претставници од Одделението за аналитика и известување во областа на квалитетот и емисиите во воздухот и Одделението за мониторинг на квалитетот на воздухот од МИЦЖС учествуваа на повеќе работилници и семинари за транспонирање и имплементација на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2013 година ќе се донесе Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија во кој ќе се транспонираат ЕУ мерките 31994L0063, 31999L0013 и 32009D0126.

Во текот на 2013 година ќе се подготват подзаконски акти, како и измени и дополнувања на постоечките подзаконските акти:

- Правилник за критериуми, методи и постапки за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух, во кој се транспонираат ЕУ мерките 32008L0050 и 32004L107
- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на краткорочните акциони планови согласно мерката 32008L0050.
- Правилник за измени и дополнувања на Правилник задеталната содржина и начинот на подготвување на програмата за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух согласно ЕУ мерката 32008L0050.

- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за количините на горните граници-плафони на емисиите на загадувачките супстанци со цел утврдување на проекциите за одреден временски период кои се однесуваат на анмалување на количините на емисиите на загадувачките супстанци на годишно ниво .Дополнувањата се однесуваат во врска со мерката 32001L0081, и Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за намалување на закиселувањето, еутрофикација и приемниот озон(32003D0507)

До крајот на март 2013 година ќе се донесат Упатствата за примена на Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот и Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори.

Министерството за економија ќе донесе Уредба за квалитет на течните горива, согласно новиот закон за енергетика. Новата уредба  е фокусирана на ажурирање и подобрување на транспонираните ЕУ мерки 31999L0032, 31998L0070, 32003L0030 кои се однесуваат на квалитетот на бензините, дизелите и биогоривата, изработка и имплементирање на систем за редовна анализа и контрола на квалитетот на течните горива.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013 година ќе се одржат две јавни расправи по однос на предлог Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија.

Ќе биде изготвена Програма за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух за 2014 година. Во овој период треба да се обезбеди и зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Како континуирана активност на МЖСПП ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг мрежата за воздух која ја управува МЖСПП. Во текот на 2013 година треба да почне имплементацијата на мерките за намалување на загадувањето дадени во Национална програма за постепена редукција на количините на

емисии на одредени загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија и проекциите за количините на загадувачките супстанции во воздухот за период 2012-2020 година. Исто така и ќе отпочне имплементација на мерките за заштита на воздухот дадени во Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија кој произлегува од Законот за квалитет на амбиентниот воздух со кој ќе се минимизираат или целосно отстрануваат негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух во зоните и агломерацијата во Република Македонија.

CORINAIR инвентарот со податоци за 2011 година ќе се ревидира и во првата половина на февруари 2013 година податоците ќе се достават до Европската агенција за животна средина и до CLRTAP Конвенцијата.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, преку подготовка на брошури и промотивни материјали за квалитет на воздух.

Во овој период ќе се воспостави систем за следење на квалитетот на течните горива што ќе се врши врз основа на годишен план за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија кој ќе биде донесен од страна на Министерството за економија.

За исполнувањето на планираните активности ќе се реализираат нови вработувања во Одделението за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух при МЖСПП.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на период 2014 – 2015 година ќе се продолжи со донесување на нови и измена на постојните подзаконските акти за емисии во воздухот.

Во овој период треба да се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија,со што ќе се изврши целосно транспонирање на мерките 31994L0063, 31999L0013 и 32009D0126 , како и Закон за измени и дополнувања на Законот за квалите на воздух со членови кои ќе регулираат активности кои ке произлезат од понатамошно транспонирање на построечката или нова ЕУ регулатива од областа на воздухот.

Ќе биде донесен Правилник за измени и дополнувања на Правилник за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанци во отпадни гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот Измените и дополнувањата се во согласност со мерките 32001L0080, 31999L0013, 32008L0001,32010L075, како и БРЕФ документите и упатстватаПравилник за измени и дополнувања на Правилникот за методологијата за инвентаризација и утврдување на нивоата на загадувачките супстанци во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности како и другиподатоци за утврдување на програмата за мониторинг на воздухот во Европа (ЕМЕП)согласно Конвенцијата заLRTAP, и Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување надалекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП) (21968A0704(1)) како и законите за ратификација на останатите протоколи кон конвенцијата, како ,а во истиот период се очекува и донесување на Правилник за измени и дополнувања на Правилник за методологијата, начините, постапките, методите и

средствата за мерење на емисиите од стационарните извори, во кој се транспонирани делови на мерките 32001L0080 32010L0075, како и нови ЦЕН и ИСО стандарди.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнувањето на капацитетите на администрацијата со цел подобрување во управувањето со квалитетот на воздухот ќе биде една од активностите на кои ќе се посвети особено внимание и во овој период. Во овие активности се опфатени нови вработувања и обука на вработените во МЖСПП во Одделението за мониторинг на квалитет на воздух при МИЦЖС и Министерството за економија во Одделението за течни и цврсти горива при Секторот за енергетика. Се планираат обуки за извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот, за спроведување на мониторингот.

Дел од обуките ќе се спроведат во рамките на твининг проектот и во нив ќе бидат опфатени и ЕЛС. Согласно донесените плански документи во областа на воздухот (Национален план за заштита на амбиентен воздух, Национален план за редукција на емисиите во воздухот,и планови за имплементација на конвенцијата LRTAP), ќе се обезбеди институционално зајакнување на УЖС со цел следење на имплементацијата на истите.

Ќе се продолжи со надградување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станици и проширување на мрежата со воспоставување на нови автоматски мониторинг станици.

Ќе се подготви Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на животната средина во која ќе биде опфатена мрежата за Квалитет на воздух. По завршување на сите потребни документи за контрола и обезбедување на квалитет на процедурите за мониторинг на квалитет на воздух се планира акредитација на лабораторијата за калибрација на инструментите од Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на воздух за 2014 година.

Во овој период ќе се изврши акредитација на лабораторијата во состав на Институтот за хемија при Природно –математичкиот факултет кој преку проектот за опремување на лаборатории на ВРМ има добиено средства за опремување на лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива. Воедно со одлука на ВРМ лабораторијата на Царинската управа на РМ исто така е сместена во Институтот за хемија.

Согласно Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006 и 63/2007) ќе се спроведува годишниот план за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија кој ќе претставува основа за подготвување на месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат во Република Македонија. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

### 3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Во овој период се изврши понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на посебните текови на отпад со изготвување и донесување на Законот  за управување со отпад од електрична и електронска опрема. Исто така се направи измена и дополнување на Законот за управување со отпад со цел воспоставување на правна основа за формирање на регионални тела за управување со отпад. Донесени се измени и дополнување на Закон за управување со пакување и отпад од пакување и Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори во делот на инспекцискиот надзор и постапувањето по пријави од физички лица.

Донесени се Измени и дополнувања на следните правилници кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот:

- Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината на дозволата, барањето и регистарот за издадени дозволи за трговија со неопасен отпад, начинот и постапката за издавање на дозвола, начинот на водење на евиденцијата како и условите за начинот за вршење на дејноста трговија со неопасен отпад(„Службен весник на РМ“ бр. 55/12) и

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за преработка, третман и/или за складирање на отпад, формата и содржината на дозволата како и минималните технички услови за вршење на дејноста преработка, третман и/или складирање на отпад(„Службен весник на РМ“ бр. 126/12)

Врз основа на Закон за управување со пакување и отпад од пакување во 2012 година донесени се следните правилници:

- Правилник за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за постапување со отпад од пакување (Службен весник на РМ“ бр. 35/12)
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за постапување со отпад од пакување односно заради недонесување решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за постапување со отпад од пакување („Службен весник на РМ “ бр.  3/12)
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за постапување со отпад од пакување односно заради недонесување решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за постапување со отпад од пакување („Службен весник на РМ“ бр.  3/12).
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неутврдување предлог за распоредување на средствata односно заради недонесување акт за невршење избор („Службен весник на РМ “ бр. 3/12)
- Правилник за изменување на правилник за формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување („Службен весник на РМ“ бр. 12/12)
- Правилник за начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок за управување со отпад од пакување како форма и содржина на образецот за пресметка на уплатениот надоместок за управување со отпад од пакување („Службен весник на РМ“ бр. 110/12)

Врз основа на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори во 2012 година донесени се следните правилници:

- Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на одлука за распоредување на средствата односно заради недонесување акт за невршење избор („Службен весник на РМ“ бр. 3/12)
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на РМ “ бр. 3/12)
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на РМ “ бр. 3/12)
- Правилник за изменување на правилник за формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на РМ“ бр. 12/12)
- Правилник за формата и содржината на поканата на наплата на глобата во мандатна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 33/12)
- Правилник за начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори како и формата и содржината на образецот за пресметка на уплатениот надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на РМ“ бр. 110/12)

Врз основа на Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема се донесоа

- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата за постапување со отпадна опрема („Службен весник на РМ“ бр. 24/12)
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на единствената евиденција за спроведената едукација („Службен весник на РМ“ бр. 33/12)
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата за постапување со отпадна опрема („Службен весник на РМ“ бр. 38/12)
- Правилник за формата и содржината на ознаката за обврската за одделно собирање на отпадната опрема („Службен весник на РМ“ бр. 77/12)
- Правилник за формата и содржината на поканата за наплата на глобата во мандатна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 110/12)
- Правилник за формата и содржината на барањето за регистрација на производите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема, формата и содржината на регистарот на производители кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема, начинот на неговото водење и одржување, како и формата и содржината на потврдата за упис во регистарот („Службен весник на РМ“ бр. 133/12)

- Листа на видови на производи кои припаѓаат во категориите на електрична и електронска опрема („Службен весник на РМ“ бр. 133/12)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Најзначајните активности во овој период беа насочени кон имплементирањето на интегрираното регионално управување со отпадот во сите плански региони на Република Македонија.

Беа формиран Регионални Одбори за Управување со Отпад (РОУО) за Североисточниот, Источниот, Пелагонискиот и Југозападниот Плански регион. Постапките со конкурентен дијалог за доделување на концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад за Југоисточниот и Полошкиот плански регион се во тек. Во Југоисточниот се реализира третата, последна фаза од постапката за доделување на концесија, а во Полошкиот плански регион се одвива втората фаза.

Во октомври 2012 година се одржа TAIEX работилница која се однесуваше на искуството во управувањето со отпадот и воспоставувањето на регионалните центри за управување со отпад. Работилницата имаше за цел да даде преглед на искуството во повеќе земји членки на ЕУ за начинот на кој работат регионалните центри за управување со отпад и начнот на обезбедување на финансиски средства за нивно управување.

Во рамките на ИПА проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ“ , заврши проценката на институционалните капацитети за управување со отпад и механизмите за координација на управувањето со отпад на централно и локално ниво.Се развија и имплементираа тренинг планови а беше реализирана и студиска посета во Ирска.

Во согласност со активностите од проектот „Избор на технологија за третман на ПХБ-опрема“ се изгради привремено складиште за ПХБ во Република Македонија.

Успешно се реализираше и Пилот Проект за елиминација на 10 тони ХЦХ отпад и отпад контаминиран со жива од ОХИС. Проектот беше финансиран од компаниите SETCAR – Романија и K + S Entsorgung GmbH – Германија, а одговорни институции беа Охис и МЖСПП.

Се подготви Програма за затворање на не-стандардните депонии во Република Македонија, како дел од проектот „Програма за затворање на нелегални депонии и зајакнување на капацитетите на ДИЖС во областа на инспекциски надзор над депонии“ финансиран од Шведската Агенција за животна средина , а беше подготвена и Програма за намалување на количините на биоразградлив отпад на депонии како дел од проектот „План и студија за изводливост за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад на депониите“ финансиран од Владата на Кралството Холандија во рамки на програмата Г2Г.

Издавањето дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања се одвиваше по нормална динамика. Истовремено се продолжи со водењето на регистрите согласно законската процедура како и активностите за ажурирање и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад. Исто се воспостави информативен систем за управување со отпад (изработка на софтеверска апликација за управување со база на податоци за отпад).

Во овој период се зајакнаа капацитетите и имплементацијата на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори за централното и локалното ниво, како и за бизнис заедницата, преку одржување на работилници и обуки.

Се воспостави база за водење на регистарот на производители кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија батерии и акумулатори и две дозволи за колективен постапувач со отпад од батерии и акумулатори беа издадени.

Воедно се зајакнаа капацитетите на Секторот за управување со отпад при УЖС со 2 нови вработувања и со учество на обуки за управување со отпад.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

До крајот на 2013 година, врз основа на Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема ќе се донесат следните подзаконски акти:

- Листата на опрема на кој не се однесуваат мерките за забрана и ограничувања како и максималните вредности за концентрациите на опасни супстанции , роковите до кои е дозволено присуството на одредени опасни супстанции во опремата нејзините составни делови и материјали усогласен со ЕУ-мерка 32010D0571;
- Правилник за минималните барања за одвоен третман на отпадната опрема, материјали и деловите на отпадната опрема, како и минималните технички услови за складирање и третман на отпадната опрема Усогласен со ЕУ мерка 32002L096 (Анекс 2 и 3);
- Правилник за формата и содржината на образецот за годишен извештај за постапувањето со отпадната опрема усогласен со ЕУ мерка 32005D0369.

Согласно со Законот за управување со отпадот ќе се донесе и Правилник за методологијата за пресметување и одобрување на цената за интегрирано управување со отпад.

Исто така до крајот на 2013 година ќе се утврдат видовите на отпад, условите за извоз, увоз и транзит на отпад поодделни видови на отпад, методите на надзор над извозот, увозот и транзитот на отпадот, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад со што ќе се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32006R1013. Воедно ќе се донесе правилник со кој ќе се изврши определување на висината на изност на финансиските гаранции и висината и видот на осигурувањето врз основа на видовите и количините на отпад со кои управува правното или физичкото лице и видот на постапување со отпад, висината на износот на финасиската гаранција или осигурувањето согласно со одделни видови на отпад и количините со кои се управува и видот на постапувањето, времетраењето, како и начинот на нивната наплата со што ќе се изврши транспонирање на одредби од ЕУ мерката 32006R1013 .

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

До крајот на 2013 ќе се формираат регионални тела за управување со отпад за останатите региони.

Ќе се донесат регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион, придружени со Студии за стратегиска оценка на овие плански документи.

Во 2013 година по избор на концесионери и потпишување на концесиски договор треба да започне постапката на изградба на регионални депонии во Југоисточниот и Полошкиот регион.

Исто така ќе започне постапката на изградба на регионални депонии во Полошкиот и Југоисточниот регион.

Ќе започне да се реализира проектот „Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад" во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009 преку изработката на регионални планови за управување со отпад и студии за стратешка оценка на влијанието врз животната средина за Источниот и Североисточниот регион.

Ќе се комплетира ажурирањето и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад. Контролата и издавањето на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања и состојбата на терен ќе продолжи и во овој период. Исто така ќе продолжи и регистрацијата на производители кои пуштаат на пазарот на Република Македонија батерии и акумулатори, а ќе започне да се води регистрацијата на производители кои пуштаат на пазарот електрична и електронска опрема.

Ќе продолжи поддршката на ЕЛС преку обуки за управување со отпад на регионално ниво и имплементација на законската регулатива, особено во врска со имплементирање на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори и Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема.

Исто така ќе продолжи поддршката за ЕЛС во Република Македонија за реализација на проекти од областа на интегрирано управување со отпад, пред се во делот на изработка на физибилити студии, техничка документација и изградба на регионални депонии за управување со отпад преку ИПА програмата и програмите на МЖСПП во рамките на Буџетот на Република Македонија.

Воедно, ќе се продолжи со организирање на работилници за засегнатите сектори во делот на законските обврски кои произлегуваат од Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема и Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори.

Ќе се изработи оценка на состојбата со отпад од батерии и акумулатори во Република Македонија во рамките на проект финансиран од Шведската Агенција за животна средина.

До крајот на 2013 година ќе се донесат Студиии за изводливост за елиминација на опасен отпад од депониите во РЕК Осломеј и РЕК Битола и Програма за управување со отпад од електрична и електронска опрема (ОЕЕО), финансирани од Кралството Норвешка и МЖСПП.

Се планира зајакнување на капацитетите на Секторот за отпад во УЖС со нови вработувања и обуки во управувањето со отпад.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

До крајот на 2014 година, ќе се изготви нов Закон за управување со отпад кој ќе ја транспонира ЕУ мерката 32008L098.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 2014 година ќе се формира регулаторно тело за комунални работи.

Ќе започне да се реализира проектот „Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад“ во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009 преку изработката на регионални планови за управување со отпад и студии за стратешка оценка на влијанието врз животната средина за Пелагонискиот и Југозападниот регион.

Во овој период ќе се донесат Регионални планови за управување со отпад за сите останати региони во РМ, како и ќе се започне со изградба на регионални депонии по останатите региони.

Ќе се започне со воспоставување на систем за управување со медицински отпад на централно ниво.

До крајот на 2015 година ќе се воспостави базата за податоци за видови и количини на отпад по типови отпад и софтверското решение за пополнување на истата.

## 3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

### ПРАВНА РАМКА

Во септември 2012 година Собранието на Република Македонија ја усвои Националната стратегија за води (Службен весник на РМ бр.122/12), која ја дефинира долгорочната политика во управувањето со водите во Република Македонија за период од 30 години. Со истата се обезбедува: одржливиот развој на водите преку задоволување на потребите на сите корисници со квалитетна вода во доволни количества; рационално и економично користење на водите; заштита на водите од загадување и контрола на загадувањето; заштита и подобрување на крајбрежното земјиште и водните живеалишта и заштита и ублажување на последиците од штетното дејство на водите и недостигот од вода.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за води (Службен весник на РМ бр.44/12) со кои Законот за води се усогласи со новиот Закон за концесиии и јавно приватно партнерство, а дел од измените и дополнувањата се однесуваат и на зголемување на приходите на општините преку промени во распределбата на надоместокот кој се наплаќа од издадени концесии за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија.

Донесена е Одлука за определувањето на границите на подрачјата на речните сливови која директно не транспонира ЕУ мерка но е значајна за спроведување на Законот за водите (Службен весник на РМ бр. 107/12). За подготовка на истата беше формирана работна од МЗШВ, УХМР и МНР.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2012 година започнаа активностите за формирањето на Советите за управување со речните сливови. Формиран е Советот за управување со речниот слив на Преспанското езеро .

Беше донесен План за управување со сливот на Преспанско езеро заедно со Стратешката оцена на Планот.

Планот е предаден и преземен од страна на МЖСПП согласно со постоечката законска регулатива. Во текот на 2012 година се започна со Проктот за реализација на Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро, финансиран од Швајцарската Влада. За истиот беше потпишан меморандум за соработка. Проектот ќе се спроведува во текот на следните 6 години.

Во јануари 2012 година започна Проектот „Заштита и одрживо користење на биодиверзитетот на територијата на големите езера Преспанско, Охридско и Скадарско езеро“. Цел на проектот е подобрување на спроведување на законите, спогодбите и плановите за управување за одржување на биодиверзитетот и одрживо стопанисување со Охридското, Преспанското и Скадарското езеро.

Беше потпишан меморандумот за соработка “Партнерство за управување со водите помеѓу Република Македонија и Кралството Холандија“ со цел обезбедување на трансфер на искуства во управувањето со водите од холандските партнери на МЖСПП и локалната самоуправа во Југоисточниот Плански регион.

Беше завршен Пилот Проектот за Имплементација на Директивата за поплави, а започна реализацијата на Проектот за управување со речниот слив Брегалница. Целта на Проектот е изработка на План за управување со сливот на реката Брегалница и спроведување на мали инфраструктурни проекти до февруари 2016 година.

Во Октомври 2012 година со Британската Влада беше потпишан меморандум за реализација на проект за подобрување на правната рамка во делот на водокорисничкото право,согласно кој ќе бидат донесени 8 подзаконски акти со кои ќе се уредат прашањата за добивање на дозвола за користење на води и ќе се направи електронско упатство и апликација за доставување на барањата и издавањето на дозволите.

Во 2012 година продолжија активностите за следниве проекти: „Изградба на пречистителна станица Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп“, финансиран од ЕУ Оперативната Програмата ИПА – Компонента 3, Пречистителна станица во населено место Волково, општина Ѓорче Петров, “Изградба на каскадни прегради на река Вардар” и “Проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар”

Од страна на Општина Струмица, беше подготвена пред Физибилити Студија за Пречистителна станица за отпадни води.

До Европската агенција за животна средина (ЕЕА) испратени се годишни податоци за квалитет на реките, езерата и подземните води во Република Македонија и податоци за количина и користењето на водите и квалитетот на отпадните води.

Делегација од МЖСПП учествуваше на тркалезната маса на тема: “Прекугранични води“ во рамките на 6-тиот Светски форум за води

Во октомври 2012 одржана е Работилница координирана од МЖСПП и МЗ, а спроведена од Европската комисија, која се однесуваше за имплементација на Директивата за вода за пиење На работилницата зедоа учество Претставници од МЖСПП, МЗ-ДСЗИ, Институтот за јавно здравје на РМ, УХМР, ЈНУ ХБЗ-Охрид, АДКОМ и други јавни комунални претпријатија со цел презентирање на обврските од Директивата што треба да се преземат во процесот на пристапување кон ЕУ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се продолжи со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за водите со кои ќе се обезбеди понатамошно усогласување со релевантните ЕУ правни акти во обласа на водите. Имено во текот на 2013 година ќе се донесат подзаконските акти со кои ќе се уредат условите, начинот и постапката за определување на заштитните зони за вода наменета за консумирање од страна на човекот кои ќе бидат прикажани на картографскиот приказ. Исто така ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат посебните услови за индиректно и директно испуштање на отпадните води, ќе се пропишат критериумите за определување на зоните чувствителни на нитрати, како и критериуми за утврдување на зони чувствителни на испуштање на урбани отпадни води, како и начинот на означување и на користење на зоните за капење.

Со правилниците ќе се регулираат методологијата и референтните методи, условите, начинот и постапката на мониторинг како и параметри на квалитет за вода за капење, ќе се регулира, начинот и постапка за пренос на податоците од мониторингот за квалитетот на водата капење и консумирање од страна на човекот. Ќе се утврди методологијата и начинот на определување на референтите мерни методи и параметри и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела прогласени за чувствителни зони во однос на испуштените урбани отпадни води, како и на водни тела кои се подрачја заштитени како природно наследство.

Со подзаконските акти ќе се транспонираат барањата од ЕУ мерките 32000L0060, 31991L0271, 31991L0676 и 32003L0007.

Покрај тоа во наредниот период се очекува да бидат донесени и подзаконските акти кои уредуваат прашањата за добивање на дозвола за користење на води и дозвола за испуштање, какои и обрасците за формата на барањата, а се предвидени со реализација на проект за подобрување на правната рамка во делот на водокорисничкото право од Британската Влада.

Во 2013 година се очекува да се донесе Одлуката за формирање на Советите по речен слив и Советите за подрачја на речен слив во Република Македонија.

Ќе продолжат активностите за изработка на Планови за управување со речните сливови во Република Македонија за Планот за управување со речен слив на реката Вардар, План за управување со речен слив на реката Црн Дрим, План за управување со речен слив на реката Струмица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период ќе продолжат активностите од тековните проекти согласно предвидените проектни задачи и тоа :

“Заштита и одржливо користење на биодиверзитетот на територијата на големите езера Преспанско, Охридско и Скадарско езеро“;

“Партнерство за управување со водите помеѓу Република Македонија и Кралството Холандија“; “Управување со речниот слив Брегалница’;

“Изградба на каскадни прегради на река Вардар”;

“Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Гевгелија;

“Изградба на пречистителна станица  Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп“, финансиран од Оперативната Програмата за регионален развој од ИПА – Компонента 3Подготовка на студии, проектна техничка документација со тендерско досие за собирање и третман на отпадни води за инвестициски проект во општините Струмица, Битола и Тетово.

“Проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар”, со што ќе се реши проблемот со обезбедување на квалитетна вода за пиење за околу 65.000  жители. Согласно проектаната задача се очекува да бидат завршени до крајот на 2013 година.

Проектот Изградба на колекторски системи и пречистителни станици: Ѓорче Петров и Сарај , при што е планирано да  заврши изградбата на пречистителна станица за отпадни води во населеното место Волково, општина  Ѓорче Петров и општините Сарај (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки).

Во 2013 година по завршување на преговорите треба да започне проектот “Изградба на пречистителна станица во Кочани”, кој би се финансирал од Швајцарската Конфедерација, а кофинансирал од МЖСПП.

Ќе продолжат да се реконструираат и да градат пречистителни станици и други објекти финансирани со буџетот на МЖСПП и МТВ. Ќе се преземат активности со цел изработка на техничка документација за системи за третман на отпадни води за неколку подрачја, финансиски и економски анализи, студии за ОВЖС и главни проекти.

Во текот на наредниот период ќе продолжи со имплементација на Проектот за реализација на Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро, финансиран од Швајцарската Влада.

Ќе биде воспоставена мониторинг станица на брегот на Преспанското Езеро, заедно со службата за одржување и заштита на езерото

Во овој период период ќе се започне со реализирањето на активностите во Проектот “Студија за тарифите за води на национално ниво” од Оперативната програма за Регионален развој на ИПА Компонента 3, како и Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во обласа на управување со водите – ИПА 2009 компонента 1.  Во наредниот период МЖСПП и сите останати институции кои ќе бидат вклучени за спроведување на Пректот ќе бидат опремени со предвидената техничка и лабараториска опрема. Со овој проект се предвидува и воспоставување на регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар. Ќе се изврши надградба и воспоставување на нови пиезометри со цел функционирање на мониторинг мрежата на подземните води, како и надградба и одржување на мрежата за мониторинг на реките,

Ќе се продолжи со континуирано годишно доставување на обработени податоци за квалитет наводите во Република Македонија до ЕЕА.

Во 2013 година во координација со МЗ и МЖСПП е планирано потпишување на Протоколот за вода и здравје.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период е планирано да продолжи подготовка на подзаконски акти со кои ќе бидат транспонирани барањата на ЕУ Рамковната Директива за води 2000/60/ЕЗ и на другите релевантни директиви и ќе се спроведат обуки кои ќе бидат насочени кон подигнување на капацитетите на администрација за имплементирање на Законот за водите.

Ќе продолжи подготовка на подзаконски акти, ќе се донесе Програма на мерки за постигнување на целите за животната средина, воспоставување на регистар за заштитни подрачја за речниот слив на реката Вардар. Исто така ќе се утврдат карактеристиките и критериумите за определување на добрата состојба на површински води, хемиската состојба, еколошкиот потенцијал на водата и на површинските води, вклучувајќи ги условите за определување на вештачките и силно изменетите површински водни тела како и рокот за постигнување на добрата состојба на површинската вода. Ќе се утврдат критериумите и карактеристиките на добрата квантитативна и хемиска состојба на подземните води, како и потребните мерки за спречување и ограничување да се постигне добрата состојба на подземните води. Ќе се дефинира класификацијата и категоризацијата на водите, како и рокот за постигнување на целите на квалитетот на водите и минимум стандардите за квалитетот на води, ќе се уредат условите со кои се дозволува отстапување од целите за квалитет на водната животна средина.

Во овој период се планира да започне ревизијата на Водостопанската Основа на Република Македонија, како и да се продолжи со изработката на Плановите за управување со речните сливови во Република Македонија за некои подсливови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе продолжат активности од Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во областа на управување со водите – ИПА 2009 компонента 1. Со овој проект ќе се воспостави регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар и ќе се подготви предлог програма за мониторинг на водите на сливот на реката Вардар.

Во рамките на „Проектот за развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на водите" ќе се изработи Националниот тарифен систем за води во Македонија и ќе се воспостат услови за формирање на Регулаторно тело за води.

Во текот на 2014-2015 година е предвидено да се спроведе Проект Техничка помош за подготовка на Национална студија за води каде ќе се дефинираат агломерации и чувствителни зони како и предлог на национален план за управување со мил, преку ИПА Оперативната Програма за Регионален развој.

Во периодот кој следува планирано е да се спроведе проект за Реформа во системот за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води на локално ниво,а како пилот општини се земени општините идни

сопственици на пречистителни станици за отпадни води градени преку Програмата за регионален развој на ИПА 2007-2013 (Струмица, Тетово, Битола, Скопје, Дебар, Гостивар и Кавадарци).

Во текот на наредниот период ќе продолжи со имплементација на Проектот за реализација на Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро, финансиран од Швајцарската Влада преку спроведување на мерки за заштита од ерозија во сливот на Преспанското Езеро (опсежни пошумувања и регулација на поројни водотеци),спроведување на детални хидрогеолошки истражувања и реставрација на делтата на Голема Река заради заштита од поплави и подобрување на пречистувањето на отпадните води пред влезот во Преспанското Езеро и искористување на постоечките рибници во рамките на „Езерани" за обезбедување на дополнителен третман на отпадните води од постоечката пречистителна станица

Во овој период се очекуваат зајкнување и подобрување на соработката на институциите во делот на водите.

Во текот на 2014 и 2015 година ќе продолжи реализацијата на Проектот за управување со речниот слив Брегалница согласно проектната задача. Во овој период се очекуваат спроведување на инфраструктурни проекти кои се согласно проектната задача.

Во овој период ќе заврши ИПА Проект - Техничка помош за Национална студија за води со дефинирање на агломерации и чувствителни зони и подготовка на национален план за управување со мил.

Ќе продолжат активностите за изградба на пречистителна станица во Прилеп за отпадни води и ќе се продолжи со реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп која се финансирана ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3.

Ќе завршат активностите за доизградба на водоснабдителениот систем Желино и изградба на пречистителна станица во Гевгелија.

Во овој период се планира да заврши втората и третата фаза на проектот за изградба на Хидросистемот Злетовица.

По обезбедување на финансиски средства за затворање на финансиската конструкција во овој период се очекува да се заврши со активностите предвидени во проектот Изградба на колекторски системи и пречистителни станици: Ѓорче Петров и Сарај, како и изградбата на пречистителна станица за отпадни води во населеното место Волково, општина Ѓорче Петров и општините Сарај (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки).

По обезбедување на финансиски средства ,предвидено е да се заврши изградбата на на каскадни прегради на река Вардар.

Во овој период ќе продолжат да се реконструираат и да градат пречистителни станици и други објекти финансирани со програмите на буџетот на МЖСПП, МТВ и МЛС (Биро за регионален развој). Ќе се преземат активности со цел изработка на техничка документација за системи за третман на отпадни води за неколку подрачја, финансиски и економски анализи, студии за ОВЖС и главни проекти.

Ќе се продолжи со континуирано годишно доставување на обработени податоци за квалитет наводите во Република Македонија до ЕЕА и ќе почнат да се имплементираат обврските преземени со потпишување на Протоколот за вода и здравје.

### 3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА
### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Во 2012 година се донесе Законот за дополнување на Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 59/12) со кој се изврши негово усогласување со Законот за јавните службеници во делот на одредбите со кои се регулира организацијата на Јавната установа -Национален парк.

Продолжија активностите за прогласување на заштитени подрачја, при што донесени се Законот за прогласување на Вевчански Извори за споменик на природа ("Службен весник на РМ" бр.39/12) и Законот за прогласување на локалитетот Езерани на Преспанското Езеро за парк на природата ("Службен весник на РМ" бр.24/12).

Воедно, донесени се подзаконски акти за Листи на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/12) со кој се транспонира ЕУ мерката: 31997R0338 и Правилник за евиденција за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр. 102/12).

Со цел поефикасно спроведување на Законот за заштита на природата во делот на управувањето со заштитени подрачја, донесени се Правилник за содржината на студијата за валоризација или ревалоризација на заштитено подрачје ("Службен весник на РМ" бр.26/12), Правилник за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр.26/12) и Правилник за изгледот и видот на службената униформа, нејзината трајност и начинот на користење - носење на опремата што треба да ја носат чуварите и содржината и формата на службената легитимација, како и начинот на издавањето и одземањето на легитимацијата (Службен весник на РМ, бр. 103/12).

Исто така, согласно законот донесени се Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за истражување на наоѓалиште на минерали и фосили односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за истражување на наоѓалиште на минерали и фосили ("Службен весник на РМ" бр.31/12) и Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за промет или сертификат за увоз и/или извоз и/или транзит и/или повторен извоз односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за промет или сертификат за увоз и/или извоз и/или транзит и/или повторен извоз ("Службен весник на РМ" бр.31/12).

Со цел поефикасно спроведување на Законот за заштита на природата во делот на обезбедување финансиски средства од наплата на надоместоци во националните паркови во Република Македонија, Јавните установи Национален парк Пелистер, Галичица и Маврово во соработка со МЖСПП изготвија одлуки за определување на висиниата на надоместоците во национален парк.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 2012 година одржани се обуки и работилници преку кои беа зајакнати капацитетите на Секторот за природа во УЖС при МЖСПП. Воедно, Секторот за природа се зајакна со едно ново вработување и преземање на еден работник од Секторот за животна средина.

Во рамки на РЕНА, претставници од Секторот за природа учествуваа на две тренинг обуки во заштитени подрачја во Косово и Србија, за прашања поврзани со спроведување на оценка на влијанието врз природата, изготвување и имплементација на планови за управување со заштитени подрачја и мониторинг на Натура 2000 подрачјата.

Знаењата и капацитетите на вработените во Секторот за природа беа унапредени и преку учество на обука и работилница за спроведување на ЕУ мерки од областа на заштита на природа. За одбележување е учеството на обуката за компензаторни мерки и мерки за ублажување поврзани со развојни проекти, со посебен аспект на мерките за ублажување за ЕИА и Хабитат Директивата, како и работилницата за предизвиците при имплементација на инфраструктурни проекти во однос на Директивата за живеалишта и Директивата за птици.

Во извештајниот период заврши проектот: "Интегрирано управување со екосистемот во сливот на Преспанското Езеро во Албанија, Македонија и Грција" преку кој беше изготвен План за управување со паркот на природата Езерани на Преспанското Езеро. Планот за Езерани е усвоен од општина Ресен како надлежен субјект за управување со ова заштитено подрачје.

Изготвен е План за управување со Националниот парк Маврово за период 2012-2021 година.

Во националните паркови беа спроведени активности со цел создавање услови за развој на туризмот. Јавните установи Национален парк Пелистер, Галичица и Маврово подготвија студии за развој на националните паркови за туристички потреби. Во студиите се содржани податоци за природните вредности на националните паркови, демографските карактеристики, видовите на туризам кои може да се развиваат во парковите, туристичките трендови, постоечката и потребната инфраструктура за сместување на посетители во националните паркови и активности за развој на туризмот.

Систематска анализа на видови птици од прилог 1 на Директивата за птици е направена во рамки на проектот: Крилја преку Балканот, ко-финансиран од ЕУ, а спроведен од страна на Македонското еколошко друштво во соработка со МЖСПП. Во рамките на овој проект изготвена е Студија за орнитолошките вредности на подрачјето Долна Брегалница со предлог акционен план за заштита.

Започна проект за заштита и одржливо користење на биодиверзитетот на територијата на Преспанско, Охридско и Скадарско Езеро, финансиски поддржан од Германското Министерство за надворешна соработка и развој (БМЗ). Во периодот 28-29 мај 2012 година одржана е планирачка работилница со сите засегнати страни со цел дефинирање на компонентите и активностите во проектот.

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Општина Ресен и МЖСПП отпочна со реализација на проект за заштита на Преспанското Езеро. Проектот финансиски е подржан од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

Во текот на 2012 година се зајакна соработката на МЖСПП со Јавните установи Национален парк Пелистер, Маврово и Галичица и останатите субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земијште, ловци и риболовци), невладин сектор инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци и обуки.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе продолжи процесот на прогласување на заштитени подрачја.

Согласно овој закон ќе се донесе подзаконски акт за методологија за мониторинг на природата при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147 и 31992L004.

Ќе се започне со изработка на Национална стратегија за заштита на природата.

Ќе се започне со изработка на Националната стратегија за биолошка разновидност, согласно препораките на Конвенцијата за биолошка разновидност.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 2013 година ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП, Јавните установи национален парк Пелистер, Маврово и Галичица и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување обуки и работилници. Секторот за природа при УЖС ќе се зајакне со нови вработувања.

Во рамките на проектот: "Заштита и одржливо користење на биодиверзитетот на територијата на Преспанско, Охридско и Скадарско Езеро" ќе се започне со мониторинг на флората и фауната на Преспанското Езеро во согласност со барањата на Директивата за хабитати и Директивата за птици, ќе се преземат активности за заштита и реставрација на водните станишта и мочуришта на Охридско Езеро, како што е случајот со Студенчишко Блато и ќе се отпочнат активности за проценка на рибниот фонд на езерата.

Во рамки на проектот за заштита на Преспанското Езеро ќе се изготви Студија за ревалоризација на природните вредности и нацрт-План за управување на споменикот на природата Преспанско Езеро.

Ќе се започне со имплементација на ИПА проект (ТАИБ 2009) - Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на легислативата за животна средина во областа на заштита на природата. Во рамки на проектот ќе се реализира обука за спроведување мониторинг на природата.

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земијште, ловци и риболовци), невладин сектор инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци и обуки.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во 2014 година ќе се изготват измени и дополнувања на Законот за заштита на природата со цел хармонизирање со директивите за хабитати и птици.

Во предвидениот период 2014-2015 година, согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе продолжи процесот на прогласување на заштитени подрачја.

Во предвидениот период ќе се донесат подзаконски акти во кои ќе се транспонираат ЕУ мерки од оваа област. Ќе се утврди Националната еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори, системот на заштитени подрачја и предложени подрачја за заштита и еколошки значајните подрачја за ЕУ-Натура 2000 при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147; 31992L0043 и 31997D0266. Во овој период ќе се изготват подзаконски акти со кои ќе се утврдат типовите живеалишта, вклучувајќи го видот и степенот на нивната загрозеност и значајност, како и начинот на нивно означување; начинот на изготвување, одржување и означување на типовите живеалишта на карта, начинот за определување на степеност на загрозеност, начинот на вршење на процената на состојбата и загрозеноста на типовите живеалишта, како и типови живеалишта за чиешто зачувување е неопходно одредување на посебни подрачја за зачувување и мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност, во кои ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L0043.

Ќе се изготви Националната Стратегија за заштита на природата и Националната Стратегијата за биолошка разновидност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се подобрат капацитетите на Секторот за природа преку вработување на нов стручен кадар. Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

Во рамки на проектот: "Заштита и одржливо користење на биодиверзитетот на територијата на Преспанско, Охридско и Скадарско Езеро" ќе се воспостави редовен мониторинг на флората и фауната на Преспанското Езеро кој ќе биде во согласност со барањата на Директивата за хабитати и Директивата за птици, ќе се заштитат и реставрираат водните станишта и мочуриштата на Охридско Езеро (Студенчишко Блато) и ќе се изврши проценка на рибниот фонд на езерата.

Во рамките на ИПА проект (ТАИБ 2009) - Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на легислативата за животна средина во областа на заштита на природата ќе се спроведе обука за управување со податоци за биодиверзитет и ќе се зајакнат институционалните капацитети за начините на собирање, анализа и оценка на податоците за биодиверзитет. Исто така, преку проектот ќе се спроведе мониторинг на селектирани живеалишта, диви растителни и животински видови во две пилот подрачја (Белчишко Блато и подрачјето од долниот тек на реките Тополка и Бабуна). За овие две пилот подрачја ќе бидат изготвени и студии за валоризација на природните вредности и нацрт- планови за управување.

Во рамки на ИПА проект (ТАИБ 2011) - Зајакнување на централните и локалните административни капацитети за имплементација на Натура 2000 ќе се започне со идентификација на типовите живеалишта и на дивите видови од европско значење, согласно Директивата за хабитати (31992L0043) заради изготвување на Листа со предложени подрачја од интерес на ЕУ, како и со идентификацијата на Посебно заштитените

области, согласно Директивата за диви птици (32009L0147). Исто така, ќе се спроведе обука за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000.

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, невладин сектор и останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земјиште, ловци и риболовци), инволвирани во заштита на природата преку организирање на состаноци и обуки.

### 3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Согласно временскиот распоред за поднесување на барање за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, во текот на 2012 година во МЖСПП се доставени вкупно 3 нови барања за добивање А дозвола за усогласување со оперативен план и 2 барање за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 122. Со ова повеќе од 97 % од инсталациите имаат поднесено барања за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план.

Во 2012 се издадени 3 А - дозволи за усогласување со оперативен план, 4 А – интегриранани еколошки дозволи и 1 Измена на дозвола на А –дозвола за усогласување со оперативен план.

Изготвени се 5 Нацрт А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план, во фаза на дополнување се 7 Нацрт А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план. Во фаза на разгледување се 23 барања за добивање на А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план . Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање на интегрирана еколошка дозвола. Со цел изготвување на база на издадени дозволи, се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план.

И во текот на 2012 работеше Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники составена од истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина. Во рамки на Научно техничка комисија за Најдобри достапни техники (НДТ) изготвени се и објавени на Веб страната на МЖСПП, Технички упатства за НДТ за производство на челик, Технички упатства за НДТ за преработка на железо и челик , Технички упатства за НДТ за самомониторинг во активностите во ИСКЗ, Технички упатства за НДТ за третман на отпадни гасови и отпадни води.

Направена е анализа на уредбата за висината на надоместокот кој го плаќат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава дозвола за усогласување со оперативен во рамките на проектот ,,Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Македонија„ во соработка со норвешкиот Центар за експертиза на полето на енергијата, животната средина и безбедноста - Норск Енерги.
Континуирано се одржуваaa јавни расправи по однос на издавање на А -интегрирани еколошки дозволи или дозволи за усогласување со оперативен план.

Во делот на спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции, се направија измени и дополнувања на Законот за животна средина во Главата XV (Спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции) со кои, покрај другото, дефинирана е содржината на Регистар на системи каде се присутни опасни супстанции.

Во однос на актинвостите во делот на еко – етикетирање ,единствено се реализира активности за информирање на јавноста за значењето на еколошкото означување со објавување на информации преку електронските медиуми, како и на веб страната на МЖСПП. Воедно, МЖСПП учествуваше на повеќе работилници и конференции кои имаа за цел поттикнување на зелената потрошувачка.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во соработка со норвешкиот Центар за експертиза на полето на енергијата, животната средина и безбедноста - Норск Енерги ќе се реализира Проектот "Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Македонија" Проектот ќе трае од 2012 – 2015 година и се однесува на давање техничка подршка при ревидирање на две А – дозволи за усогласување со оперативен план. Во рамките на проектот се реализираа повеќе работилници кои имаа за цел да се зајакне капацитетот на МЖСПП во однос на подготовка на ИСКЗ дозволи за инсталации од индустријата за енергетика.

Изработен е Акционен план за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции. Во изработката на Планот учествуваа Управата за животна средина, Државниот инспекторат за животна средина, Дирекцијата за заштита и спасува и Центарот за управување со кризи.

Во рамките на континуираната идентификација на оператори каде се присутни опасни супстанции доставен е Прашалник за идентификација на оператори кои аплицираат и складираат опасни супстанции до 24 оператори, од кои 10 доставиле податоци за видот и количините на супстанции присутни во нивните инсталации.

. Во мај 2012 година беше одржана обука за подготовка и евалуација на извештај на мерките за безбедност на која учествуваа 25 лица од институциите инволвирани во управувањето со хаварии со присуство на опасни супстанции и претставници од индустријата. Експерти од земјите на ЕУ презентираа теми директно поврзани со содржината на извештајот за мерките на безбедност, како и аспекти на неговата евалуација и инспектирање.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Ќе се изготват односно ревидираат Националните референтни документи (упаства) за Најдобри достапни техники за преработка на феро и обоени метали, производство на челик, цементен клинкер, керамика, интензивно одгледување на живина и третман на отпадни води и гасови и мониторинг на НДТ. Ќе се изготват односно ревидираат Националните референтни документи (упаства) за Најдобри достапни техники за минерална нафта и гас, за ковачници и ливници, за управување со отпад и отпад од рудници, за големи согорувачки постројки

Во овој период ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање интегрирана еколошка дозвола и дозвола за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт дозволи за истите. Истовремено ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план, особено во делот за учество на јавноста во издавањето на дозволите.

Во овој период ќе се донесе Измената на уредбата за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава дозвола за усогласување со оперативен план.

Во овој период ќе се донесе правилникот за формата и содржината А – интегрираната еколошка дозвола или А – дозволата за усогласување со оперативен план

Во рамките на проектот со Норск Енерги ќе се даде техничка подршка за ревизија на две А – дозволи за усогласување со оперативен план

Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции ќе се донесат Правилник за содржината на извештајот за мерките за безбедност, со што ќе се транспонира Анекс II на SEVESO II Директивата (31996L0082 и 32003L0105), Правилник за содржината на политиката за спречување од хаварии, со што ќе се транспонира член 7 и Анекс III на SEVESO II Директивата (31996L0082 и 32003L0105).

Во областа на еколошко етикетирање ќе се врши промоција на производи или вршители на услуги на кои им е доделена еколошка ознака. Ќе се донесе Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за цврсти подни облоги, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0607 и Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за услуги на туристички кампови, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0578. Овие активности ќе се реализираат во 2013 доколку се обезбедат средства од донации или други извори.

Поврзано со ова , во овој период предвидено е започнување на активностите за спроведување на проект за еколошко означување на најмалку 10 капацитети за туристичко сместување и проект за воведување на најмалку 10 еколошко означени производи и услуги.

Во областа на еколошко етикетирање ќе се врши промоција на еколошко означување во Република Македонија.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се оствари студиска посета во врска со одржаната TAIEX обука за Интегрирано спечување и контрола на загадувањето која се одржа во 2012 година.
Во делот на индустриски несреќи ќе се изработи методологија за изработка на Извештај за мерките за безбедност. Кон крајот на 2013 година ќе започне подготовката на Прашалник за евалуација на извештај за мерки за безбедност.

Ќе се продолжи со зајакување на капацитетите на Одделението за ИСКЗ и Одделението за управување со ризик и хемикалии во УЖС. Зајакнувањето ќе се врши со нови вработувања, како и со посета на работилници и студиски посети во рамките на постојните проекти, како и организирани настани во рамките на TAIEX.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Во овој период ќе се направи анализа на промените во ЕУ законодавството поврзано со интегрираното спречување и контрола на загадувањето, со цел негово транспонирање во законодавството на Република Македонија. Особено ќе се земат предвид обврските што произлегуваат од новата директива на ЕУ поврзана со спречување на индустриското загадување. Во овој период, во рамките на проект од ИПА компонента 1 за ТАИБ 2011 ќе се донесе Закон за спречување и контрола на индустриското загадување кој ќе ја транспонира оваа нова директива.

Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции ќе биде донесен Правилник за поблиски критериумите врз основа на кои се определува во кои случаи се смета дека одредена несреќа е хаварија и Стандардни оперативни процедури за рано предупредување, известување за прекугранични последици од индустриски несреќи и заемна помош согласно со Конвенцијата за прекугранични последици од индустриски несреќи.

Во овој период ќе продолжи изработката и ревидирањето национални референтни документи (упаства) за најдобрите достапни техники (НДТ), кои ќе преставуваат упатства за применување на најдобрите достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.

Во зависност од одобрените финансиски ссредства, предвидено е продолжување на активностите во однос на проектите за еколошко означување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на интегрирана спречување и контрола на загадувањето ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи. Континуирано ќе се реализира постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативен план, која ќе треба да се заокружи во овој период.

Во делот на индустриски несреќи постоечката база на податоци ќе биде прилагодена кон барањата за Регистар за системите во кои се присутни опасни супстанции согласно член 152 од Законот за животна средина. Како континуирана активност на МЖСПП ќе се спроведува редовно ажурирање на Регистарот за системите во кои се присутни опасни супстанции (согласно барањата на ЕУ мерката 31996L0082).

Во текот на 2014 година ќе заврши подготовката на Прашалник за евалуација на извештај за мерки за безбедност, како и негово дистрибуирање до засегнатите страни. Воедно ќе се започне и со прибирање на податоци и нивно евидентирање.

### 3.27.7 ХЕМИКАЛИИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2012 година се продолжи со процесот на транспонирање на европската легислатива во националното законодавство.

Врз основа на Законот за хемикалии, беа донесени следниве подзаконски акти кои ги транспонираат барањата од REACH Регулативата 1907/2006

- Листа за изменување и дополнување на Листата на забрани и ограничувања за употреба на хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2012
-Правилник за податоците кои се водат за секоја хемикалија во регистарот на хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2012),
- Листа за дополнување на Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2012),
-Правилник за дополнување на Правилникот за податоците кои се водат за секоја хемикалија во регистарот на хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2012),
-Правилник за листата на активните супстации за вклучување во биоцидни производи, листата за вклучување во нискоризични биоцидни производи и листата на базични супстанции, типот на биоцидните производи, како и нивниот опоис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/2012), транспонирајќи ја ЕУ мерката 31998L008

Со донесувањето на Законот за измени и дополнување на Законот за животна средина („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 123/12) вградени се одредби кои генерално го дефинираат управувањето на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка. Подготвен е нацрт-текст на Наредба за забрана на прометот на средства за ладење во цилиндри за еднократна употреба.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Претставници од Република Македонија присуствуваа на состанок на Националните Авторитети за имплементација на Конвенцијата за забрана на хемиски оружја на државите од источна Европа, на кој присуствуваше и претставник од Република Македонија,како и на состанок за управување со хемикалиите и спречување на тероризмот предизвикан од употреба на хемиско, биолошко, нуклеарно и радиолошко оружје.

За информирање на сите засегнати страни за обврските кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и REACH Регулативата, се организираа две еднодневни работилници, во соработка со Стопанската Комора на Република Македонија.

Направена е нова интернет страна преку која индустријата и корисниците на хемикалии ке бидат запознаени со прописите, законите и упатствата кои се однесуваат на делот од хемикалите.

Изготвени се плакати за информирање на сите корисници на хемикалиите за преодот од стариот систем на клсификација пакување и означување во новиот GHS прифатен на глобално ниво.

Бирото за лекови води регистар на правни лица кои работат со хемикалии регистрирани во РМ (до 2012 вкупно 175), регистар на правни лица кои работат со прекурзори регистрирани во РМ (до 2012 вкупно 83 ), листа на биоцидини производи кои се ставени во промет во РМ (до 2012 вкупно 152), листа на активни супстанции регистрирани во РМ (до 2012 вкупно 266) ,листа на површински супстанции кои се составен дел на детергентите, целта на водење вакви регистри е воспоставување контрола на употребата на хемикалиите во државата.

Функционира Бирото за помош, кое обезбедува препораки до производителите, увозниците, дистрибутерите, крајните корисници и другите засегнати страни на нивните обврски и одговорности кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и Националниот центар за контрола и информирањ за труење од хемикалии.
Во рамките на имплементацијата на Планот за елиминација на HCFC супстанции во Република Македонија, беа одржани повеќе обуки за „Добра пракса при управувањето и ракувањето со HCFC разладните средства и уреди“

Во насока на ревизијата на состојбата со перзистентните органски загадувачи во септември 2012 година беше организирана Воведна работилница на која учествуваа 60 претставници од вклучените институции, компании, НВО во управувањето со POPs. Во вториот дел на оваа активност беше организирана Мини-работилница за инвентаризација на POPs во електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

Формирани се работни групи за индустриски POPs, работна група за POPs-пестициди и работна група за ненамерни POPs. Работните групи се предводени од експерти во трите области. Направени се работни планови на секоја работна група за текот на процесот на инвентаризација (ажурирање на постоечките POPs инвентари и прелиминарен инвентар на новите POPs). Во периодот ноември 2012 година организирана е обука за инвентаризацијана новите POPs. На обуката учествуваа 33 членови на трите работни групи, експерти од земјата и од UNIDO.

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ законодавството во областа на хемикалиите во националното законодавство со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии, при што се планираат да се донесат следниве подзаконски акти:

-Правилник за својствата на супстанцијата за која може да се употреби алтернативното хемиско име, како и содржината на барањето за употреба на алтернативното хемиско име со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32006R1907

-Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за насоките за приготвување на безбедносниот лист со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32006R1907,а истовремено ќе се работи на постојано надградување и надополнување на Националната Листа на класифицирани супстанции; Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), Листата на забрани и ограничувања за употреба и Листата на активни супстанци во биоцидниот производ.

Во областа на управувањето на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка ќе се донесат следните прописи:

- Листа на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка (ЕУ мерка 32009R1005);
- Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на годишен извештај за увезени и/или извезени супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и/или за производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка (ЕУ мерка 32009R1005);
- Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка (ЕУ мерка 32009R1005).
- Наредба за забрана на прометот на средства за ладење во цилиндри за еднократна употреба (ЕУ мерка 32009R1005).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2013година ќе продолжи регистрацијата на сите правни лица кои работат со хемикалии. За целите на размена на податоците и интегрирано управување со хемикалиите Бирото за лекови ќе продолжи да го води Интегралниот регистар за хемикалии кои се ставени во промет и се состои од Регистар на хемикалии во кој се внесуваат хемикалиите кои се произведуваат или увезуваат на територијата на Република Македонија и Регистар на биоцидни производи како и и податоци за препаратите за заштита на растенијата. Со помош на овој Регистар на хемикалии и ќе се води евиденција за количините на увезени хемикалии на годишно ниво,за овој Регистар на хемикалии потребна е финансиска подршка.

И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања во Секторот за хемикалии во Бирото за лекови и спроведување на обуки на вработените и на инспекторите одговорни за имплементацијата на одредбите од Законот за хемикалии.

Во рамки на имплементацијата на Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) ќе се организира обука „Добра пракса при ракувањето со разладните средства и уреди за

сервисерите на ладилни уреди“ за 100 лица. Исто така, планирано е обезбедување и дистрибуција на опрема за извлекување и рециклирање на разладни флуиди.

Во насока на имплементација на проектот за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs, ќе биде завршена инвентаризацијата на POPs и дефинирани приоритетите во управувањето со POPs.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ acquis во националното законодавство во делот на хемикалиите врз основа на Законот за хемикалии, при што се планираат да се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на постапување со перзистентните органски загадувачки супстанции, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32004R0850

- Правилник за граничните количини на новите супстанции за кои се бараат дополнителни испитувања, видот и опфатот на испитувањата, како и методите за испитување врз основа на кои податоците добиени за иста цел од друг нотификатор можат да се користат, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 31967L0548

Во областа на управувањето на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка ќе се донесат следните прописи кои ќе ја транспонираат ЕУ мерката 32009R1005:

- Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на годишен извештај за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните супстанции, како и со производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка;

- Правилник за формата и содржината на уверението за завршена обука за постапување со супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или со производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка ;

- Правилник за формата и содржината на програма за обука за правилно ракување, сервисирање, собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка (.

Во областа на управувањето на перзистентните органски загадувачки супстанции ќе се донесе следниот пропис:

Правилник за начинот на постапување со перзистентните органски загадувачки супстанции , согласно ЕУ мерката 32004R0850.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период фокусот ќе биде насочен кон имплементација на одредбите од Законот за хемикалии преку вршење на инспекциски надзори на контролата на забранети хемикалии во производите, подобрување на соработката помеѓу институциите за спроведувањето на Законот за хемикалии, Министерството за

здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија.

Во рамките на имплементацијата на Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) ќе се организира обука за сервисерите на разладни уреди и на цариниците за контрола на HCFCs на граничните премини. За таа цел, ќе бидат подготвени материјали за обука на цариници за контрола на увозот на HCFC на граничните премини.

Во насока на имплементација на проектот за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs, ќе бидат дефинирани акционите планови за редукција и елиминација на POPs.

### 3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008) во 2012 година продолжи усогласувањето на националното законодавство со ЕУ acquis преку донесување на Уредба за содржината, обемот и методологијата за процена на ризикот врз животната средина, соодветна за карактерот на внесениот генетски модифициран организам и животната средина ("Службен весник на РМ "бр. 22 / 2012), согласно мерката 32001L0018 Анекс II и 32002DO623.

Истотака усвоени се следните подзаконски акти:

- Правилник за содржина на објава на податоци и за место каде може да се изврши увид во податоци од нотификација. Се транспонираат Директива 32001L0018 ( Анекс II ,VII; 32002DO623; и Директива 32009L0041 .
- Правилник за информации и податоци што се доставуваат во прилог на нотификација за извоз на ГМО и ГМО производ , кој директно не транспонира ЕУ мерки.

Врз основа на Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/2010 и 53/2011),Агенцијата за храна и ветеринарство, е надлежна за издавање на одобренија за производство на храна од ГМО. (за повеќе детали види поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

МЖСПП како надлежен државен орган за спроведување на Картагенскиот Протоколот за биосигурност, („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/05) во рамки на Конвенцијата за биолошка разновидност, во јануари 2012 започна со реализација на УНЕП / ГЕФ Проект "Поддршка за имплементација на Националната рамка за биосигурност на Република Македонија." Проектот е финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ). Беа одржани три средби на Управниот Комитет на Проектот, како советодавно тело, одговорно за реализација на проектните активности, кој го сочинуваат претставници на

надлежните институции и органи кои согласно своите надлежности го покриваат подрачјето генетски модифицираните организми во РМ.

Во март 2012 год., се организира првата работилница од овој проект.

МЖСПП во соработка со Царинската Управа во април 2012, одржа еднодневна работилница за улогата на царината во имплементацијата на Картагенскиот Протоколот за биосигурност.

Во декември 2012 беше идржана Обука на тема „Национални обврски согласно Картагенскиот Протокол за биосигурност„ наменета за претставниците на државните органи, научните институции, Стручните тела согласно Законот За ГМО односно Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО, НВО. и др.

Претставник од УЖС учествуваше на Регионална работилница за јакнење на капацитетите неопходни за имплементација на дополнителниот Протокол - Нагоја - Куала Лумпур за одговорност и надомест на штета,

Согласно Законот за ГМО, Управата за животна средина како орган во состав на МЖСПП во чиј состав е Секторот за природа, Одделение за ГМО и Државниот инспекторат за животна средина се одговорни органи на национално ниво за ГМО во животната средина.

Надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Врз основа на Законот за генетски модифицирани организми, во првиот квартал на 2013 година се планира да се донесе Правилник за методологијата и елементите на проценката, параметрите, минимум критериумите и барањата коишто треба да бидат земени предвид при вршење на проценaта, постапката за вршење на проценката, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и други технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животната средина, согласно видот на организмот, средината и просториите во кои се има намера да се користи ГМО,во кој ќе се транспонираат одредби од Директивата 31998L0081.

Во вториот квартал на 2013 година, согласно предложената динамика, ќе се уреди делот пуштање на пазар на ГМО во животната средина, со што ке се изврши понатамошно транспонирање на ЕУ директивите 32001L0018 и 31998L0081 и донесат следните подзаконски акти:

Правилник за начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ГМО и ГМО производ; Правилник за содржината на информациите за пуштање на ГМО производ на пазар;

Правилник за информациите кои можат да изостанат од нотификација за пуштање на ГМО призвод на пазар; Правилник за содржината и начинот на изготвување на извештајот за процена од ГМО производ Правилник за формата и содржината на дозволата за извоз на ГМО и/или ГМО производи;

Правилник за начинот и постапката за размена на информации веднаш за настанатата несреќа давајќи и детали за околностите под кои се случила несреќата, идентитетот и количината на ГМО, превземените мерки

и нивната ефикасност и анализа на несреќата, вклучувајќи и препораки за ограничување на ефектите и избегнување на слични несреќи во иднина

Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на ГМО.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Како предуслов за ефикасно следење и спроведување на законодавството за генетски модифицирани организми неопходно е да се зајакне новото одделение за ГМО во рамки на УЖС, да се вработат и обучат лица кои ќе бидат одговорни за следење на состојбата со ГМО при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина, пуштање на пазар итн.

Во овој период, во рамки на УНЕП / ГЕФ Проект "Поддршка за имплементација на националната рамка за биосигурност на РМ" предвидено е да се одржи обука за „Управување со ГМО - спроведување на процедури за нотификација наменета за зајакнување на капацитетите на засегнатите страни кои се вклучени во подрачјето генетски модифицирани организми.

Во 2013 година , со цел разгледување на прашањата од областа на ГМО, давања на мислења и предлози ќе отпочне со работа Научниот комитет за ГМО.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на обезбедување на целосна транспозиција на ЕУ мерките 32001L0018 и 32009L0041,,во рамки на УНЕП / ГЕФ Проект "Поддршка за имплементација на националната рамка за биосигурност на Република Македонија" ќе се пристапи кон измена и дополнување на Законот за ГМО („Службен весник на Република Македонија бр 35/08).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се воспостави и води Регистарот за ГМО, а ќе се обезбедат и услови за учество на јавноста во донесувањето на одлуки поврзани со ГМО. Стручните тела, односно Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО ќе продолжат редовно да се состануваат и даваат конструктивни предлози.

Ќе се реализираат јавни кампањи за подигнување на јавната свест за употребата на ГМО и за зголемување на одговорноста на правните лица кои ќе бидат вклучени во постапувањето со ГМО и ГМО производи .

Ќе биде изготвен национален документ за имплементирање на Национална рамка за биосигурност на Република Македонија.

**3.27.9 БУЧАВА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година се подготви Предлог Правилник за поблиските видови и условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава. Предлог правилникот е доставен на

мислење до релевантните институции, и во тек е внесување на забелешките дадени од дел од релевантните институции како и негово усогласување со Секретаријатот за законодавство. Со усвојувањето на овој правилник ќе се постигне целосно транспонирањена ЕУ мерката 2000/14/ЕЗ која се однесува на бучавата од опрема која се користи на отворен простор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежен орган за подрачјето бучава во животната средина, особено за спроведување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007, 124/2010 и 47/2011) и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП и УЖС. Во рамките на УЖС во Секторот за животна средина има Одделение за заштита од бучава во животната средина каде што се предвидени работни места со работни задачи поврзани со заштита од бучавата, изработување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава и собирање и анализа на податоци за бучава при вршење мониторинг. Инспекциски надзор на примената на законот и прописите донесени врз основа на законот врши Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на МЖСПП, како и овластените инспектори за животна средина на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС). Одделни надлежности во управувањето со бучавата имаат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство во однос на контрола на бучавата од здравствен аспект, Министерството за економија во однос на контрола на бучавата која се создава од производи и ЕЛС во однос на бучавата која се создава од угостителски, занаетчиски и туристички дејности.

Во однос на мониторингот на бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10 Центри за јавно здравје, од кои само 3 центри (Битола и Куманово, Кичево) собираат и обработуваат податоци, како и мерењата извршени од други лаборатории, а кои се однесуваат на бучавата создадена од различни категории на создавачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитети и други активности).

Воспоставена е државната мрежа за мониторинг на бучава во животна средина со донесувањето на Одлуката за формирање на државна мрежа за мониторинг на животната средина.

Спроведена е обука на вработените во МЖСПП и ЕЛС (Град Скопје, Куманово, Битола и Тетово) кои согласно Уредбата за агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава (СЛ. Весник на РМ бр. 122/11) ќе започнат со подготвување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава во текот на 2014 година.

Одржана е TAIEX работилница на тема “Барања на Директивата 2000/14/ЕЦ на Европскиот Парламент и Комисија од 8 Мај 2000 година која се однесува на усогласување на законодавството кое се однесува на бучавата во животната средина предизвикана од опрема која се употребува на отворено. На работилницата присуствуваа претставници на МЖСПП, ЕЛС, други органи на државна управа, како и претставници на останатите релевантни институции во РМ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2013 година ќе се донесе Правилник за поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на

стандардите за заштита од бучава ЕПП: (2006.0500.1910 ). Со донесувањето на овој правилник ќе се транспонира ЕУ мерката 32009L0125.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013 година со нови вработувања и обуки ќе се зајакнат капацитетите на УЖС – Сектор за животна средина и Секторот Македонски информативен центар за животна средина со цел спроведување на законот и подзаконските акти. Во новоформираното одделение за заштита од бучава во животната средина во рамките на Секторот за животна средина во УЖС ќе бидат вработени најмалку 4 лица.

Истовремено, ќе се зајакнат и капацитетите на ЕЛС за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања и спроведување на обуки кои се однесуваат првенствено за спроведување на законодавството од обласа на бучавата во животната средина на локално ново. Предвидено е спроведување на обуки на вработените во ЕЛС заради подобрување на капацитетите при управување со податоци за бучавата и мониторинг на мрежата за бучава, како и обуки за ракување со инструменти за мерење на бучава.

Заради спроведување на редовен мониторинг на државната мрежа за мониторинг на бучавата, ќе се започне со изработка на Програма за работа на истата.  Врз основа на податоците од постојните станици за мониторинг на бучавата, ќе започнат подготвителни активности на агломерациите и подрачјата за кои треба да се изработат Стратешки карти за бучава и акциони планови преку набавка на потребната опрема за мониторинг и изработување на стратешки карти за бучава и обуки за користење на опремата.

Предвидено е да се спроведат обуки на вработените во МЖСПП, ИЈЗ и центрите за јавно здравје и ЕЛС, со цел запознавање со искуствата на земјите членки на ЕУ за имплементација на ЕУ Директивата на Европскиот парламент и Советот од 25.06.2002 година која се однесува на проценување и управување со бучавата во животната средина (32002L0049), во однос на собирање на релевантни податоци за бучавата во животната средина за подготвување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава.

Во план е реализација на студиско патување за управување со бучавата во животната средина во рамките на TAIEX помошта, на која би биле презентирани барањата на Директивата 2000/14/ЕЗ, изменета со Директивата 2005/88/ЕЗ и искуствата на државите членки на ЕУ при имплементација на истата .

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период се очекува да бидат донесени подзаконските акти со кои ќе се заокружи правната рамка во подрачјето бучава и ќе се обезбеди целосно усогласување со ЕУ acquis.
Имено, со подзаконски акти ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, како и поблиските видови на посебни извори на бучава со кои ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020.
До крајот на 2014 година ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата во животната средина се со цел целосно спроведување на барањата од INSPIRE Директивата која обезбедува законска рамка за имплементација на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина (SEEIS).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се започнат активности за воспоставување на Информативниот систем за состојбата на бучавата во животната средина како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од мониторингот на бучавата, стратешките карти и акционите планови и други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава Ќе започнат активности за воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средин Воедно, се планира набавка на инструменти за бучава со кои ќе се овозможи воспоставување на мониторинг на бучавата како и нанесување на бучавата на стратешка карта. Во овој период ќе започне со набавка на апликативен софтвер кој ќе овозможи документирање на база на податоци и единствен комуникациски пренос на податоците во МЖСПП

**3.27.10 ШУМАРСТВО**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11 и 53/11) донесена е Програма за проширена репродукција на шумите за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр.12/11 и116/12). Со Програмата се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на повеќе активности, како што се: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова, обезбедување на шумски садници за приватно пошумување и заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.

Воедно, Владата на Република Македонија го усвои Извештајот за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2011 година и Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2011 година, со предлог мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на месец јуни се потпишаа договори за извршување на работите по Програмата за проширена репродукција на шумите за 2012 година помеѓу МЗШВ и извршителите на работите и тоа со ЈП „Македонски шими“: Договор за пошумување на голини и ерозивни земјишта и Договор за нега на шумите со прореди и со Шумарскиот факултет - Скопје -Договор за превентивна заштита на шумите и шумските култури, а со сопствениците на приватни шуми се потпишаа 23 договори за пошумување на голини и ерозивни земјишта и 2 договора за нега на шумите со прореди.

До крајот на 2012 година се пошумија 100 ха голини и ерозивно земјиште, се изврши нега со проreди на шуми и шумски култури на површина од 110 ха и се обезбедија 25.000 садници за пошумување на земјиште во приватна сопственост. На 21 Ноември 2012 се спроведе десеттата акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“ под мотото „Спортски е да се сади“, при што беа засадени 3.200.000 садници на површина од околу 804 ха.

Во рамките на проектот „Зајакнување на подготвеноста за справување со шумски пожари“, беа одржани четири регионални работилници, поточно тренинг процес на тренери на тема: „Интегрирано управување со пожари и техники за контрола на шумските пожари“. Целта на работилниците, а и на помошта од проектот е

зајакнување на капацитетот на национални управни и оперативни тела одговорни за справување со шумските пожари.

Воедно се промовира отпочнатата Национална кампања за заштита на шумите од пожари која е наменета за сите организации кои имаат интерес за заштита на шумите од пожари и/или вршат неформално образовани на млади лица.

Државниот инспекторат за шумство и ловство (ДИШЛ)врши надзор над спроведувањето на законските прописи од областа на шумарството и ловството и од областа на здравјето на растенијата. ДИШЛ_МЗШВ подготви извештај за настанати шумски пожари за период од 01.01. до 31.10.2012 година и тоа: број на пожари – 427, опожарена површина – 22.645,72 ха, од која под четинари – 3.152,10 ха, под лисјари - 10826,16 ха и под останато – 8.667,46 ха, опожарена дрвна маса – 158.433,40 м3, од која од четинари – 76.233,85 м3 и од лисјари – 82.199,55 м3.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за земјоделство , шумарство и водостопанство (МЗШВ) ќе продолжи да го следи развојот на нова регулатива на ниво на ЕУ во областа на шумарството и ќе преземе соодветни чекори за нивно транспонирање во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети врз основа на систематизацијата на МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство и на ДИШЛ.

Како еден од инструментите за креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија ќе се донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2013 година и истата ќе се спроведува до крајот на 2013 година.

МЗШВ-Сектор шумарство и ловство на годишно ниво изработува Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2012 година и Информација за здравствената состојба на шумите за 2012 година, со предлог мерки за 2013 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи имплементацијата на Законот за шумите и на подзаконски акти со кои се уредува мониторингот над шумските екосистеми и мониторингот над шумските пожари.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените.

Во овој период ќе се изврши набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.) во Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство на годишно ниво изработува Програма за проширена репродукција на шумите, Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за претходната година и Информација за здравствената состојба на шумите за претходната година, со предлог мерки.

Во овој период ќе се воспостави Шумарски информативен систем на Република Македонија (MacedoFIS), согласно Законот за шумите и Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ.

## 3.28. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВСТВО

### 3.28.1. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во областа на заштитата на потрошувачите, во 2012 година продолжи процесот на имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11 ), со примена од 5 март 2011 година.

Се усвоија измени на Правилникот за безбедност на детски играчки („Службен весник на РМ” бр. 17/2012). Правилникот е усогласен со коментарите добиени од Европската Комисија.

Изготвена е Програмата за заштита на потрошувачите за период 2013-2014 година и усогласена со одобрените средства во Буџетот за 2013 година. До крајот на годината Министерството за економија ќе ја достави до Владата на Република Македонија за донесување.

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) како контакт точка за Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна RASFF (Rapid Alert System for Food and Feed) за Република Македонија, во тековната 2012 година има добиено седум (7) известувања од Европската Комисија за небезбеден производ (алерт нотификација) и во врска со истите превземени се мерки согласно со воспоставените процедури.

Во 2012 година Министерството за економија ги реализира активностите од Програмата во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите по пат на Договор за доделување на финансиски средства за реализација на програма (проект) на здруженијата на потрошувачите согласно спроведениот Јавен повик и утврдената временската динамика.

Склучен е договор за соработка со граѓанското здружение ,,Организација на потрошувачите на Македонија,, со доделување на финансиски средства за реализирање на планираните активности за 2012 година.

Согласно Законот за постапување по претставки и предлози,во периодот од 01.01.2012 до 15.11.2012 година, во АХВ евидентирани се 155 претставки и по истите е постапено. АХВ ги засили контролите на операторите со храна, земајќи ги во предвид ризиците на кои укажуваа потрошувачите во поднесените жалби.

На пазарот со прехранбени производи реализирани се 8221 контроли на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

За потребите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат во изминатиот период се реализираа повеќе обуки, студиски посети, TAIEX работилници други активности во насока на јакнење на административниот капацитет.

Истовремено, се спроведоа јавни трибини и советувања на национално и локално ниво со цел согледување на проблемите на граѓаните во практичната примена на Законот за домување, како и иформативни кампањи за користење на веб страната на Организацијата на потрошувачите во средните училишта за проучување на областа заштитата на потрошувачите.

Државниот пазарен инспекторат (ДПИ) во надзорот над примената на Законот за заштита на потрошувачите во период 01.01.2012 до 30.09.2012 година изврши 2.849 редовни, 335 контролни и 20 вонредни инспекциски надзори, при што за утврдени неправилности поднесени се 12 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд и 90 барања до прекршочната комисија. Донесени се 40 решенија во управна постапка.

Претставките кои се доставуваат во писмена и електронска форма до Државниот пазарен инспекторат најчесто се однесуваат на одреден материјален недостаток во однос на квалитетот на производот или пак за неквалитетно извршена сервисна услуга и сл. Во овој период, во ДПИ се примени вкупно 604 претставки од потрошувачи и по истите е постапено.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат има решено вкупно 5795 барања за увоз на пратки., по доставени барања по електронски пат EXIM, по пат инспекциски надзор на документација, и со органолептички прегледи . Земени се вкупно 3322 мостри за лабараториско испитување за утврдување на здравствената безбедност на истите. За детски играчки решени се 486 барања, а земени се 350 мостри, за козметички производи решени се 1333 барања, а земени се 952 мостри од истите и за предмети за општа употреба, 3976, односно земени се 2020 мостри. Според прегледот на документацијата, органолептичкиот преглед, како и резултатите добиени од лабараториските испитувања 5794 пратки на производи се здравствено безбедни, а само една пратка на козметички производ е здравствено небезбедна (микробиолошки) во количина од 30 кг и истата е поништена.

Согласно Извештајот за работата на Инспекторатот во врска со примената на Законот за заштитата на правата на пациентите во периодот јануари-октомври 2012 година извршен е редовен надзор на 514 Здравствени установи –болнички и 377 Здравствени установи во кои не се сместени пациенти. Донесени се 32 решенија и 2 пријави кои се однесуваат на здравствените установи – болнички и 31 решение и 1 пријава за здравствените установи во кои не се сместени пациенти. Поднесените претставки се решени во рок, позитивно во законските можности. Во 21 општина е формирана Комисија за правата на пациентите а во 16 подрачни единици на Фондот за здравствено осигурување на Македонија определена е канцеларија за стручна помош..

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 година ќе се реализираат активностите од Програмата за заштита на потрошувачите од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите.

Министерство за економија ќе спроведе:

- регионални семинари во 4 општини за промоција на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2013-2014 година и законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите;
- подготовка и печатење на 3 ( три ) брошури за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од оваа област;
- регионални семинари во 4 општини за промоција на брошури и други промотивни материјали од областа на заштитата на потрошувачите, како и измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите;
- одбележување на 15 март - Светски ден на потрошувачите;
- две работни средби со Советите за заштита на потрошувачите од поодделни општини и градот Скопје; и
- регионални семинари во 4 општини за подигање на свеста на потрошувачите за алтернативните форми за решавање на потрошувачките спорови.

По однос на усогласување на законодавството од надлежност на АХВ посебно значење има регулативата бр. 1169/011, која се однесува на информации за храната наменети за потрошувачите, како би можеле да направат правилен избор на прехранбени производи (види Поглавје 3.12).

По однос на хоризонталните прашања ќе се реализираат активностите од Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2013-2014 година, за 2013 година и тоа:

- Обезбедување на повисоко ниво на заштита на потрошувачите преку подигање на свеста и културата на потрошувачите во врска со нивните права и обврски во областа на безбедноста на храната.
- Истражување (анкета) - Дали потрошувачите во Република Македонија го читаат означувањето (декларацијата) на прехранбените производи?
- Кампања за јакнење и подигање на свеста на потрошувачите за значењето на општите означувања на храната, нутритивните означувања, здравствените тврдења и означувањата на различни видови на храна од животинско и неживотинско потекло.
-

Означувањето на храната претставува информативна основа за потрошувачот, која му овозможува да направи сопствен и соодветен избор согласно со означените информации за производот, со можност да се спречат било какви пракси и активности кои може потрошувачот да го доведат во заблуда.

Активностите ќе се реализираат со: изготвување на кратки информативни материјали /постери, лифлети памфлети/; печатење на материјалите; дистрибуирање на материјалите /пултови на продажни објекти за храна/;медиумска промоција.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат ќе реализира:**

- регионални средби во 4 општини со цел понатамошна имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите;
- работни средби во Скопје за согледување на состојбите од областа на заштитата на правата на пациентите, правата и обврските на здравствените установи, здравствените работници, како и правата и обврските на пациентите;

- Организирање на обуки во 4 општини за советниците за заштита на пациентите, назначени од страна на Министерството за здравство, во однос на нивното постапување при секојдневната работа;
- работни средби во 9 општини со претставници од локалната самоуправа, од општините кои се обврзани согласно Законот за заштита на правата на пациентите да формираат Комисија за заштита на правата на пациентите;
- изготвување на извештаи по однос на постапувањето по изјавените претставки од страна на пациентите, како и за редовните инспекциски надзори;
- работилница во Скопје за имплементација на новиот Правилник за детски играчки и пренесување на искуствата од земјите од Европската Унија.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието ќе реализира:

- Стручни посети во основните училишта во 3 општини заради продолжување на процесот на едукација на младата популација ;
- Предавања за наставници, воспитувачи и ученици во 3 општини за најразлични возрасни групи од основно и средно образование од страна на експерти од Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации, Дирекција за заштита на лични податоци, на актуелни теми за заштита на децата како потрошувачи и корисници на услуги.

Министерството за финансии континуирано ги следи новините во областа на заштитата на потрошувачите кај финансиските услуги и соодветно ќе ги имплементира во законите во негова надлежност.

Министерството за финансии континуирано ќе врши супервизија над кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии, односно над давателите на финансиски лизинг и финансиските друштва.

Административниот капацитет на Одделението за заштита на потрошувачите во Министерството за економија ќе се зајакне со 1 ( едно) ново вработување.

Агенција за храна и ветеринарство ќе ги зајакне административните капацитети на Организационата единица за заштита на потрошувачи со прераспределување од други сектори во Агенцијата 1 (едно).

Заради зајакнување на надзорот на пазарот со прехранбени производи потребните вработувања во инспекциските служби и обуки се дадени во Поглавје 3.12.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРЕОРИТЕТИ***

Врзано со ИПА проект ,,Хармонизација на законодавството и јакнење на капацитетот на полето на заштита на потрошувачите,, до септември 2014 година ќе се подготви нов Закон за заштита на потрошувачите во кој ќе бидат имплементирани новите директиви од областа на Заштитата на потрошувачите.
Реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2013-2014 година, во 2014 година.

**Агенција за храна и ветеринарство**

По однос на усогласување на законодавството види Поглавје 3.12

По однос на хоризонталните прашања ќе се работи во насока на реализација на активностите за 2014 година од Програмата за заштита на потрошувачи за периодот 2013-2014 година.

**Институционална поставеност и кадровска екипираност**

Зајакнување на Одделението за заштита на потрошувачите во Министерството за економија, со 1 ( едно) ново вработување.

Во Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи зајакнување на Организационата единица за заштита на потрошувачи со нови вработувања (со 1 едно вработување). Заради зајакнување на надзорот на пазарот со прехранбени производи вработувања во инспекциските служби и обуки види Поглавје 3.12.

## СТРАНСКА ПОДРШКА

**ИПА проект за поддршка на НВО за заштита на потрошувачи**

Во 2013 година ќе отпочне реализација на ИПА проект ,,Хармонизација на законодавството и јакнење на капацитетот на полето на заштита на потрошувачите,,.

Проектот ќе трае во период од 2013 – 2015 година и се очекува потполна хармонизација на потрошувачкото законодавство, приближно иста заштита на потрошувачите како таа во ЕУ и посебно доградување на капацитетот на владините и невладините институции за натамошно самостојно креирање и водење на политиката на заштита на потрошувачите.

Вкупните трошоци за проектот изнесуваат 1.400.000 ЕУР, при што учеството на ЕУ изнесува 1.197.000 ЕУР. Проектот се состои од две компоненти.

За првата компонента од проектот – Хармонизација на националното законодавство со Acquis communitare и градење на капацитет на Министерството за економија се предвидени 700.000 ЕУР (Service Contract) од кои 630.000 ЕУР од ИПА и 70.000 ЕУР Национално учество (Буџетот на РМ).

За втората компонента - Директна финансиска поддршка на НВО од обласа на заштита на потрошувачите е предвидено 700.000 ЕУР (Grant Contract) од кои 567.000 ЕУР на ИПА, 63.000 ЕУР национално кофинансирање и 70.000 ЕУР приватно учество (НВО).

## 3.28.2. ЈАВНО ЗДРАВСТВО

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Донесен е нов Закон за здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр. 43/2012), насочен кон создавање на услови за развој на системот на здравствена заштита на целата територија на државата и на сите нивоа, создавање на услови за рамномерно распоредување и подобрување на достапноста на здравствените установи по географски подрачја преку мрежа на здравствени установи. Согласно овој закон, усвоени се 17 јавно здравствени програми, за чија реализација средствата за реализација изнесуваа околу 42 милиони евра.

Донесен е и Закон за доброволно здравствено осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 145/2012) со кој се воспоставува правна основа за покривање на трошоци, односно ризици за здравствени услуги кои не се покриени со основниот пакет на здравствено осигурување.

Во врска со развојот на човечките ресурси програми се усвојуваат секоја година. Паралелно, заради укажување на квалитетни здравствени услуги се изготвуваат клинички упатства за практикување на медицина заснована на докази, што е едно од приоритетно значење во системот на здравствената заштита и

задолжителното здравственото осигурување и нивната имплементација. Во фаза на објавување се околу 240 нови клинички упатства. Заради нивна соодветна примена, Здравствените установи изготвуваат и клинички патеки како алатки кои овозможуваат на здравствениот тим пружање на рационална, базирана на докази здравствена заштита. Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) како регионален развоен центар за јавно здравствени услуги и системи на Здравствената мрежа на ЈИЕ организира работилници, развива капацитет на центар за едукација во јавното здравје и координатор на активностите за брз одговор во кризни состојби во здравството, а претставува водечка институција во РМ во континуирано унапредување на човечките ресурси во јавното здравје (повреди, насилство, семејно насилство, заразни болести, незаразни болести итн.) преку одржување на работилници низ РМ за едукација на различни профили на здравствени работници, како и за населението.

На Медицинскиот факултет во Скопје формирана е Катедра по семејна медицина, со обучен кадар (22 ментори, 57 едукатори во амбуланта и наставници кои се вклучени во едукација по семејна медицина, 20 едукатори во педијатриски амбуланти и 19 едукатори во гинеколошки амбуланти). Во соработка со Катедрата по семејна медицина од Љубљана спроведени се 4 специјалистички испити во 2012. Како резултат на зачленување на Здружението на општи лекари на Македонија во Wonca (World family doctors caring for people) Центарот за семејна медицина се зачлени и активно учествува во EURACT (European Academy of teachers in General Practice), EGPRN (European General Praticioner Research Network) EQUIP (European Association for Quality in General Pratice). Центарот се вклучи во интернационална студија за квалитет на здравствена заштита и оствари соработка со Катедрата по семејна медицина, Медицински Факултет Загреб за заеднички научноистражувачки проекти и континуиран професионален развој на едукатори и ментори по семејна медицина. Во тек на 2012 година одржани се 3 работилници за континуиран професионален развој на матични лекари (во соработка со СЗО одржани еднодневни работилници за јакнење на капацитетите за превенција од Семејно насилство), 3 меѓународни работилници (LEARNING AND TEACHING ABOUT THE PROFESSIONALISM IN MEDICAL EDUCATION IN GENERAL PRACTICE / FAMILY MEDICINE, Телемедицина во семејна медицина, Научноистражувачка работа во семејна медицина и улога на ментори во семејна медицина), и 130 работилници за медицинска едукација за избрани лекари за дијабет, нефролошки заболувања и реуматолошки заболувања.

Инвестиции во здравството

Завршена е набавката на медицинска опрема вредна 68 милиони евра за Јавните здравствени установи (ЈЗУ), набавката на медицинска опрема во вкупна вредност од околу 40 милиони денари (650 илјади евра), наменета за Клиниката за детски болести во Скопје, како и за осовременување на апаратурата во одделенијата за уво, нос и грло во повеќе здравствени установи. За потребите на службите за итна медицинска помош во Република Македонија набавени се 69 комплетно опремени возила за Итна медицинска помош и едно специјално педијатриско возило со вкупна вредност од 275 милиони денари (4,5 милиони евра), а одржани се и обуки на службите од ИМП за користење на опремата инсталирана во новите амбулантни возила.

Продолжува проектот за реконструкција и изградба на Јавните здравствени установи во Република Македонија.

Изработени се и дистрибуирани 120 000 електронски здравствени картички за осигуреници во РМ. Од 1 ноември 2012 во здравствените установи започна користењето на електронската здравствена картичка преку користење на сервисот за проверка на платен придонес за здравствено осигурување за оние осигуреници на кои им е издадена картичка. До јавните и приватните здравствени установи дистрибуирани се 9000 читачи на електронски здравствени картички.

Подготвено е софтверско решение за воведување на Системот за пресметка на плата базиран на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време(Систем за плаќање по учинок на докторите во ЈЗУ–болници). Од 1 јули 2012 година Системот започнаа да го користат сите ЈЗУ од секундарна и терцијарна здравствена заштита. Подготвено е софтверско решение за Медицинска мапа на РМ.

Подготвено е софтверско решение за воведување електронски систем за следење на листите на закажување прегледи во клиниките. Од мај 2012 година системот се користи во сите ЈЗУ каде е применлив овој начин на закажување на прегледи, преку веб апликација www.mojtermin.mk -електронски систем за следење на листите на чекање во клиниките со кој на секој пациент му се овозможува транспарентен и целосен преглед на листите на чекање во секоја клиника. Во случај на закажан термин, корисникот има можност да ја провери неговата состојба со најавување на системот. При измена на терминот, пациентот добива известување од системот преку SMS или електронска пошта.

**КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ**

Согласно Законот за заштита од пушењето Државниот санитарен и здравствен инспекторат континуирано врши надзор во јавни и приватни здравствени установи; социјални установи (старски домови; домови за доенчиња и мали деца; домови за сместување на деца без родители и сл.);објекти во кои се врши воспитно-згрижувачка дејност (градинки) и објекти и превозни средства во меѓународен сообраќај. Во периодот од јануари до септември 2012 година извршен е редовен надзор во 1506 јавни и приватни здравствени установи, и вонредни 491 надзор, при што не е констатирано непочитување на законот. Државниот пазарен инспекторат врши надзор над почитувањето на забраната за пушење во угостителските објекти. Во периодот од јануари до септември 2012 извршени се 2667 инспекциски надзори, а заради прекршување на забраната поднесени се 49 барања за поведување на прекршочна постапка и 25 угостителски објекти се затворени.

Во Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза функционира Советувалиште за одвикнување од пушење кое работи со пациентите на Институтот.

Во рамки на одбележување на Денот на борба против пушењето (31 мај) и на денот на срцето (28 септември), ИЈЗ спроведуваше активности поврзани со превенција на пушењето, преку објавување на статии и информации на веб страната на ИЈЗ и учество на медиумски настани.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Донесена е Национална стратегија за Имунизација (2012-2020) со која се дефинирани политиките и правците кои ќе ги превзема државата во оваа област во периодот до 2020 година.

Во текот на 2012 година продолжи имплементацијата на планираните активности за превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените програми.[75]

Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство донесе Национален план за превенција од вектор преносливи болести со посебен акцент на комарци и крлежи.

Воспоставена е добра мрежа на здравствени установи за следење, надзор, контрола, рано откривање, спречување на ширење на заразните болести како и соодветна дијагностика и навремено лекување на лица со заразни болести. Координацијата во областа е воспоставена преку експертски Комитет за заразни болести, кој тесно соработува со Комисијата за превенција на интрахоспитални инфекции, Комисијата за превенција од грип, Комитет за имунизација. Соработката на Министерството за здравство со релевантните институции (ИЈЗ, АХВ и ДСЗИ) е на секојдневна основа. 10-те регионални ЕПИ менаџери ја следат состојбата на својот регион и го известуваат националниот ЕПИ менаџер.

ДСЗИ спроведува засилени надзори во однос на спроведување на имунизација, пријавување и евиденција на заразни болести, интрахоспитални инфекции и контрола на патници во меѓународниот сообраќај на граничните премини за лица кои одат и се враќаат од масовни собири (ХАЏ). Во соработка со АХВ направена е студија за присуство на West Nile кај домашни животни (коњи и кокошки). Донесени се локални акциони планови за превенција од West Nile. Отпечатени се брошури за население, за мерки за превенција од каснување од комарци и крлежи, остварени се над 10 настапи на ТВ медиуми со цел информирање на населението за мерки за заштита. По препораки на Комисијата за заразни болести спроведена е дезинсекција од страна на 80% од општините, а во месец октомври спроведена е вонредна дезинсекција со финансиски средства од МЗ на 13 критични места во 7 општини во државата. Донесен е Протокол за лекување на пациенти со West Nile треска. Одржани се 3 семинари со 100 здравствени работници (епидемиолози, инфектолози) и ДСЗИ. Во ИЈЗ обезбедени се тестови за дијагностика на West Nile. Во текот на 2012 евидентирани беа 7 случаи ( од кои 3 смртни) на West Nile вирус.

Во рамки на одбележувањето на Европската недела на имунизација одржан е детски музички хепенинг, отпечатени се и дистрибуирани 10.000 брошури за имунизација, 1000 постери. Одржан е и едукативен семинар со 100 здравствени работници од службите за имунизација во РМ. Службите за имунизација во рамки на своите теренски активности открија неевидентирани и некомплетно вакцинирани околу 200 деца претежно од ромска националност. Во ноември 2012, од страна на експерти на СЗО извршена е проценка на менаџирањето на вакцините од централно до локално ниво, при што се дадени позитивни оценки за оваа област.

Секоја година се спроведува промоција за бенефитите од вакцинација против грип, со медиумско покривање. Во текот на летниот период, поради високите температури и можноста за алиментарни интоксикации, спроведена е медиумска кампања за превенција од труење со храна и консумирање на безбедна храна и вода.Контролирана е исправноста на површински води за капење и навремено информирано населението за локациите за забрана за капење.

---

[75] Програма за јавно здравје, Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во РМ, Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА, Програма за задолжителна имунизација на населението во РМ.

Нискиот опфат со задолжителна имунизација против ХПВ инфекциите (во 2010 година (36,5%),) благодарение на спроведените кампањи за бенефитот од ХПВ вакцинацијата, во текот на 2012 година бележи значителен пораст на 60%, Вакциналниот опфат со другите вакцини кои задолжително се даваат на сите деца до 18-годишна возраст, согласно важечката законска регулатива го одржува високото ниво .

| 21 Вакцина | **Хепатит Б** | ***ХиБ*** | **21.1.1 Ди Те Пер** | ***ОПВ*** | ***МРП*** | ***ХПВ*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | % | % | % | % | % |
| ***2011*** | 95,6 | 96,1 | 95,9 | 97 | 96,8 | 60 |

Владата на Република Македонија формираше Координативно тело за усогласување и имплементирање на Меѓународниот здравствен правилник, со претставници од МЗ, МТСП, МЖСПП, МВР, Агенција за храна и ветерина, ЦУК, Дирекција за радијациона сигурност, Дирекција за заштита и спасување и ИЈЗ, со задача да изврши целосно услогасување и имплементација на МЗП во соработка со Комисијата за усогласување и имплементација на МЗП при МЗ.

Во текот на 2012 година одржани се семинари за едукација и обновување на знаењата на здравствени работници инволвирани во спроведувањето и контролата над спроведувањето на активностите предвидени со јавно-здравствените програми (здравствени работници од превентивните тимови при Здравствените домови, епидемиолозите од Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ), претставници од ДСЗИ, матични лекари, ветеринарни работници, претставници на НВО-и и др.), и тоа за повеќе области.[76]

Лабораторијата за вирусологија и молекуларна дијагностика при Институтот за Јавно Здравје (ИЈЗ) е акредитирана од меѓународни организации за акредитација
1. СЗО според ИСО 15 189 (систем за акредитација на медицински лаборатории) за следните медтоди:
-Серолошка дијагностика – детекција на ИгМ антитела кон морбили и рубеола
-Молекуларна дијагностика – детекција на инфлуенца вирусите и нивна субтипизација со примена на Полимеразно Верижна Реакција (ПВР) во реално време (real time PCR)
2. ECDC ENIVD (European network for diagnostics of imported viral disease)
- Серолошка дијагностика – детекција на ИгМ антитела кон Вирусот на западно нилска треска (WNV).

Инспекторите од ДСЗИ посетуваа работилници за вектор преносливи болести, за имунизација , а подготвија и прашалник за инспектирање на здравствените установи во врска со имплементација на Правилникот за Интрахоспитални инфекции;

[76] 1 работилница за Имплементација на активности согласно Акциски план за елиминација на малите сипаници и рубеолата и превенција на конгенитална рубеола инфекција во РМ (епидемиолози, претставници од ДСЗИ), ХПВ вакцинација, предизвици (епидемиолози, претставници од ДСЗИ, матични лекари, претставници од превентивни тимови за вакцинација), 14 работилници за околу 200 здравствени работници "Бруцелозата како предизвик и во 21 век и состојбата во Македонија и светот" (епидемиолози, претставници од ДСЗИ, матични лекари, ветеринарни работници), како и 1 работилница за околу 30 здравствени работници на тема ХИВ/СИДА - состојба во Македонија и презентација на Био-бихевиорални студии кај популации во особен ризик, спроведени во Република Македонија 2009-2011.

Република Македонија уште од 2008 година се придружи на Европската здравствена иницијатива за одбележување на 18 Ноември како  Европски ден за рационална употреба на антибиотици со цел подигање на свеста за неопходноста од одговорно користење на антибиотиците и за ризиците поврзани со нивната несоодветна употреба. Во таа смисла, секоја година, во РМ се превземаат соодветни активности во зависност од целната група на делување. Во 2012 година, активностите беа насочени кон  ветеринарниот сектор и зголемување на свеста за рационална примена на антибиотици од страна на  ветеринарите.  Овие активности се спроведуваат со интерсекторска соработка помеѓу Министерството за здравство – Мултисекторската комисија за следење на антимикробната резистенција, Бирото за лекови, Институтот за Јавно Здравје, Невладината организација Студиорум, здружението на микробиолози на Република Македонија, Медицински факултет - Скопје, Фармацевтски факултет – Скопје, Факултетот за ветеринарна медицина, Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ и Ветеринарната Комора на РМ, Лекарската комора на РМ,  СЗО Канцеларијата во РМ.

**ХИВ/СИДА**

Во 2012 година се продолжи со имплементација на активностите согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Р.Македонија и Национална Стратегија за ХИВ /СИДА за периодот 2007- 2011 година, и активна работа на изготвување на новата Национална Стратегија за ХИВ /СИДА за периодот 2012-2016. Во текот на целата година се спроведува институционално советување и тестирање за ХИВ/СИДА во 14 советувалишта низ Р. Македонија. Услугите на овие советувалишта во текот на 2012 година ги искористиле 895 лица.

Активностите во врска со превенција од ХИВ/СИДА покрај превентивната програма која е финансирана од национални средства, се спроведуваат и во рамките на грантот од Глобалниот фонд од 7 рунда апликации. Во 2010 година Министерството за здравство на РМ доби уште еден грант во 10 рунда апликации од Глобалниот фонд за програмата “Одржување ниска преваленца на ХИВ во РМ - оддржлив развој“ кој започна на 01.01.2012 година и ќе трае до 31.12.2016 година.  Вкупниот износ на средствата е 10.701.418 Евра од кои за првата фаза се одобрени 6.421.275 евра а за втората фаза се договорени 4.280.143 Евра.  Активностите предвидени со програмата ги спроведуваат 20 организации од кои 3 се државни институции, а останатите се од граѓанскиот сектор. Со оглед на концентрираниот тип на епидемија, со преваленца помала од 0.5% од целокупната популација, фокусот е насочен кон ризичното однесување во рамките на ризичните групи и тоа Лицата кои инјектираат дроги (ЛИД), Сексуалните работници (СР), мажите кои имаат секс со мажи (МСМ) и осудените лица. Согласно со тоа, во програмата досега се вклучени повеќе од 3000 ЛИД, 1000 СР и околу 18000 нивни клиенти, 2000 МСМ и 2000 осуденици. Дополнително, опфатени се повеќе од 12000 лица со советување и тестирање за ХИВ/СИДА. Програмата е конципирана преку 4 главни цели од кои секоја од нив има соодветни области на делување.(превенција на пренос на ХИВ кај групите под најголем ризик; воспоставување модели, механизми и активности за зајакнување на заедницата, зајакнување на системот за следење на ХИВ инфекција кај групите под најголем ризик, градење капацитети и координација за фокусиран одговор за ХИВ кај групите под најголем ризик).

Одржани се работилници за едукација на персоналот од метадонските центри за примена на брзи (рапид) тестови за детекција на анти-ХИВ антитела.

**ТУБЕРКУЛОЗА**

Во јули 2011 година потпишан е договор за нов грант од ГФАТМ за Проект насловен “*Обезбедување на високо квалитетни ДОТС интервенции во Република Македонија*“ кој претставува продолжување на активностите од проектот “*Зајакнување на контролата на туберкулозата во рамки на децентрализација на здравствените услуги во РМ*“ кој се имплементираше во периодот 01.04.2006 – 31.03.2011 година, надградени и дополнети со активности во согласност со епидемиолошките индикатори за туберкулоза, како и препораките на релевантните меѓународни организации.

За оваа програма обезбеден е грант во висина од 2.764.665 ЕУР за Фаза 1 (01.Октомври, 2011 – 30.Септември, 2013 година). Во имплементација на проектот учествуваат Министерството за здравство, Институтот за белодробни заболувања и ТБ, како и 7 здруженија на граѓани кои покриваат активности наменети за превенција на ТБ кај различни вулнерабилни групи. Како резултат од примената на програмските активности намален е апсолутниот број на новопримени пациенти од 485 во 2009 на 362 во 2011 година).

Во рамките на активностите финансирани од страна на ГФ, во соработка со Институтот за јавно здравје изготвен е Протокол за ХИВ тестирање и советување на лица заболени од туберкулоза, а одржан е и семинар за пнеумофтизиолози, педијатри и др. здравствени работници на тема ХИВ/СИДА и коинфекција со ТБ, ХИВ советување и тестирање и инволвирање на докторите кои ги лекуваат заболените од туберкулоза.

Преку Програмата за превенција од туберкулоза финансирана од буџетот на Република Македонија обезбедени се лекови од прв и втор ред ,за бесплатно лекување на пациенти болни од туберкулоза.

**НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Во рамки на одбележувањето на Денот на срцето под мотото “Еден свет, еден дом, едно срце”, спроведена е акција за бесплатни превентивни прегледи-мерење на крвниот притисок, ниво на шеќер во крвта, давање совети и делење на флаери за здрава исхрана, физичка активност и слично.

Преку Програмата за набавка на инсулин, се обезбедуваат средства за набавка на инсулин, за едукативни активности на лицата со дијабетес, како и за одржување на Камп за дијабетес.

**МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ**
**КАНЦЕР НА ДОЈКА**

Активностите од Програмата за рана детекција на малигни заболувања, а кои се однесуваат на рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во РМ во 2012 година ги спроведуваат 10-те јавно здравствени установи кои имаат кабинети за мамографија со потребната опрема и кадар. Со програмата е предвидено за период од 2 години да бидат опфатени 70-80.000 жени на возраст од 50-70 години кои во последните 2 години не направиле мамографски преглед.

**КАНЦЕР НА ДЕБЕЛО ЦРЕВО**

Во јуни 2012 година започнаа активности за организиран скрининг за рано откривање на карцином на дебело црево. На сите матични лекари е доставен ФОБ тест кој се препорачува на пациенти на возраст од 50-74 со ризик фактор. Подготвен е едукативен флаер за пациентите како и упатство за употреба на тестот. Скринингот е промовиран и на ТВ медиуми. Матичните лекари се задолжени да достават на сите пациенти од

50-74 годишна возраст прашалник кој потполнет го враќаат на лекарот и според одговорите на истиот, матичниот лекар одлучува за потребата од испитување со ФОБ тест (fecal occult blood test-FOBT).

## КАНЦЕР НА РЕПРОДУКТИВНИ ОРГАНИ КАЈ ЖЕНАТА

Во април 2012 година започна организиран скрининг, со покана на домашна адреса на жени на возраст од 24-35 години како најприоритетна и ризична група. Скринингот е со интервал од 3 години и секоја жена еднаш на 3 години има можност да направи бесплатен гинеколошки преглед со ПАП тест. Подготвени се специјални покани со едукативен текст и доставени по пошта на жените, од страна на матичните гинеколози. До септември месец од поканети 21.000 жени. на бесплатен гинеколошки преглед со ПАП тест се јавиле околу 8.000 жени, а позитивни резултати се откриени кај 7, 5 % жени, од кои најголем број ХПВ инфекции. Во исто време матичните гинеколози се стимулирани и од страна на ФЗОМ, во рамките на превентивните цели да ги повикуваат жените и да прават гинеколошки преглед со ПАП тест. Институтот за јавно здравје спроведе Кампања за подигање на свеста на населението за потребата за превентивни прегледи.

## СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

Активностите од Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје со Акционен план до 2013 година континуирано се имплементираат преку Националната годишна програма за јавно здравје во Р. Македонија. Во 2012 година спроведена е студија за да се истражи задоволството на младите од добиените услуги од советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје. Советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје кои самостојно функционираат во рамки на Центрите за јавно здравје и во нив до јуни 2012 година услуги добиле 556 млади.

Вакцинацијата со вакцина против Хуман папилома вируси е се поуспешна и опфатот кај девојчињата на 12 години е покачен од 35% на 60 % . Во февруари 2012 година е спроведена акција во училиштата пропратена со едукативна кампања, со цел вакцинација на пропуштени невакцинирани девојчиња што резултираше со вакцинирање на околу 5.000 девојчиња.

## ЗАВИСНОСТИ

### ДРОГИ

Третманот на лицата зависни од дроги е расположлив во целата земја, преку 10- те служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги. Со супституциона метадонска терапија се опфатени и лица од КПУ Идризово - Скопје. Системот на лекување вклучува дневно-болнички третман, болничко лекување, детоксификација и третман со супституција. Најголемиот дел од корисниците на дроги кои се лекуваат се на дневно-болнички третман, каде се нуди третман со супституција, психо-социјални интервенции, индивидуално или групно советување и социјална и психотерапија. Болничкото лекување од дроги се состои од фармаколошки потпомогнати психосоцијални интервенции, во смисла на лекување на симптомите на откажување. Средствата за обезбедување на супстициона терапија ( метадон и бупренорфин) се обезбедуваат преку Годишната програма за ХИВ/СИДА. Во 2012 година обезбедени се средства за лекување на околу 1400 зависници.

## ЗЛОУПОТРЕБА НА АЛКОХОЛОТ

Преку програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависност, се обезбедуваат средства за лекување на пациенти во дневните болници и средства за болничко лекување на лица со зависност од алкохол. Третманот е со доминантна психијатриска ориентација и се одвива пред се во болнички услови, во трите големи психијатриски болници во државата (Скопје, Демир Хисар и Негорци), а се врши болнички и дневноболнички на повеќе од 400 лица годишно. Во активностите за превенција на зависноста од алкохол е вклучен и НВО сектор, преку Здружението на клубови на лекувани алкохоличари на Република Македонија и мрежата од клубови во 4 града. Членови се стручно обучени терапевти од повеќе профили (психијатри, психолози, соц. работници, мед. сестри и работни терапевти) волонтери и апстиненти од алкохол заедно со нивните семејства. Во рамки на Здружението функционира Советувалиште, информативна телефонска линија, а се одржуваат и тренинг работилници за групи за помош и самопомош и рекреативни активности. 78% од сите семејства кои редовно биле вклучени во активностите на ЗКЛА успешно ја одржувале апстиненцијата од алкохол над три години.

## ПОВРЕДИ И НАСИЛСТВО

Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) - Одделението за контрола и превенција на повреди и насилство, претставува водечка институција во РМ во континуирано унапредување на човечките ресурси во јавното здравје (повреди, насилство, семејно насилство итн.) преку одржување на работилници низ РМ за едукација на различни профили на здравствени работници, како и за населението. ИЈЗ активно учествува и во развојот на Стратегијата за размена на податоци за повреди 2010-2015 на Европската Комисија, во подготовка на методологија за собирање податоци за насилство врз жените (во соработка со УНИФЕМ), како и во подготовка на методологија за собирање податоци за семејно насилство (во соработка со СЗО и УНФПА). Како колаборативен центар и партнер на JAMIE (Joint Action for monitoring of Injuries in Europe) проектот , ИЈЗ континуирано ја следи имплементацијата на проектот.

Финалната верзија на индивидуална евиденција за насилство согласно Законот за евиденции во областа на здравството е одобрена од Министерство за здравство и изготвена е софтверска апликација, која во јуни 2012 година е инсталирана на сервер на Министерство за здравство. Во соработка со Центарот за семејна медицина при Медицински факултет и во соработка и со поддршка на УНФПА, ИЈЗ - Одделението за контрола и превенција на повреди и насилство, спроведе 10 едукативни работилници со кои се опфатени 200 лекари од Скопје и други градови, од јавни и приватни здравствени установи и од различни нивоа на здравствена заштита, ПЗЗ, СЗЗ и ТЗЗ. Следи пилотско тестирање и примена на софтверската апликација и веб регистарот од оние лекари кои ја завршиле обуката.

На 15 јуни 2012 Институтот за јавно здравје потпиша Меморандум за соработка со СЗО Колаборативниот центар за Промоција на безбедност во заедницата, Каролинска Институт од Стокхолм. Шведска – во име на Меѓународната мрежа на безбедни заедници, и е официјално номиниран како Асоциран центар за поддршка на безбедните заедници (Affiliate Support Centre for Safe Community) во регионот. Институтот за јавно здравје, односно Одделението за контрола и превенција на повреди и насилство, како Асоциран центар за поддршка на безбедните заедници, во соработка со Регионалната мрежа на безбедни заедници ќе има главна задача да им помогне на заедниците во развојот на нивните програми и со нивните апликации за номинација како меѓународни безбедни заедници.

На 15 јуни 2012 г. Претставници од ИЈЗ земаа учество на Отворените денови за превенција на семејно насилство организирано во рамките на Здружената програма на обединетите нации за превенција на семејно насилство - "Strengthening National Capacities to Prevent Domestic Violence" од UNFPA, UNDP, UN Women, WHO & UNICEF и Министерството за труд и социјална политика

Исто така, ИЈЗ зема учество на СЗО TEACH VIP Работилница Алкохол и насилство - за земјите од Југоисточна Европа одржана на 19-20 јуни 2012г. во Скопје, во организација на СЗО Канцеларијата од Скопје и Копенхаген и на Седмиот состанок на СЗО на контакт лицата за контрола и превенција на повреди и насилство за Регионот Европа, во Анталија 16-18 септември 2012г.

Во 2012 година континуирано се имплементира Стратегијата за превенција на семејно насилство и реализирани се активностите предвидени со овој Акционен План (во сегментот јавно здравје), преку едукација на 200 здравствени работници-медицински сестри, за препознавање, евидентирање, пријавување и поддршка на жртви на семејно насилство, како и за воспоставување систем за следење на семејно насилство. Во рамките на програмата за едукативна работилница за лекари и акредитирана од Македонско Лекарско Друштво и Лекарска Комора согласно КМЕ процесот, подготвена е тематска содржина за безбедноста на патиштата.

Во соработка со СЗО завршен е проект за собирање податоци за безбедност во сообраќајот, за подготовка на Светскиот извештај за безбедност во сообраќајот 2012, пополнет е СЗО прашалник за состојбата во сообраќајот на патиштата во Република Македонија со учество на номинирани претставници од релевантни институции Министерство за внатрешни работи, транспорт, здравство, Републички совет за безбедност во сообраќајот, Автомото сојуз, Државен завод за статистика и Институт за јавно здравје.

Во соработка и со финансиска поддршка на СЗО реализирани се одредени активности за Декадата за акција за безбедност на патиштата 2011-2020: Одделението за контрола на повреди и насилство од Институтот за јавно здравје, изготви промотивен материјал на македонски и албански јазик: 1 брошура (3000 примероци на македонски и 1000 на албански јазик) и 6 постери (голем формат по 10 примероци од секој постер), за најчестите причини за сообраќајни несреќи и повреди и препораки за нивно спречување и превенција: Брошура - Декада за акција за безбедност на патиштата 2011-2020 и постери: генерален постер – банер за билборд - Декада за акција за безбедност на патиштата 2011-2020, Премногу доцна да престанеш да пиеш, Премногу доцна да го употребиш сигурносниот појас, Премногу доцна да те видат, Премногу доцна да го ставиш заштитниот шлем, Премногу доцна да успориш. Извршена е промоција на Декадата за акција на безбедност на патиштата 2011-2020 и одбележување на Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајот на 18 ноември 2012 во организација на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот. Одржана е панел дискусија и донесени се заклучоци и препораки за следни активности.

Континуирано се објавуваат соопштенија и информации на веб страната на Институтот за јавно здравје во врска со превенција на повредите во сообраќајот во изминатиот период, а продолжуваат и активностите на ИЈЗ како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и системи на Југоисточна Европа (номиниран во 2010г.).

**МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ**

Законот за ментално здравје, во дополнување на Законот за здравствена заштита обезбедува заштита на правата на пациентите кај ментално болни лица во здравствените установи или во установи во заедницата.

Стандардите на Комитетот против тортура (КПТ) се применуваат и при работењето на здравствените институции каде се лекуваат лица со ментални болести.
Програмата за здравствена заштита на лица со душевни болести се носи секоја година и со неа се обезбедува финансиска достапност на здравствени услуги за лица со ментални заболувања. При третманот на пациентите во психијатриските болници и во центрите за ментално здравје се применуваат индивидуални планови за третман. Овој начин на работа е одобрен од психијатриската асоцијација на Македонија и е прифатен како начин на работа, перманентно супервизиран од стручните служби на институциите. Во оваа насока досега се одржани едукации од интернационални и домашни експерти во полето на ментално здравје во заедницата, во кои е вклучен целокупниот персонал во психијатриските институции.

Преку проектот за доградба и реконструкција на ЈЗУ во РМ се врши подобрување на физичките услови во психијатриските болници. До крајот на година ќе биде подготвена анализа на резултатите од Стратегијата за ментално здравје и врз основа на наодите ќе се подготви нова стратегија за периодот до 2020 година.

## ЗДРАВЈЕ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Согласно Стратегијата за адаптација на здравствениот сектор на климатски промени усвоен е акциски план за превенирање на последиците од топлотни бранови врз здравјето на населението. Подготвен и издаден е Прирачник за поврзаноста на климатските промени и инфективните заболувања и одржан е семинар со епидемиолози и инфектолози за примена на прирачникот. Публикуван е и Извештај за влијанието на климатските промени на поленска микрофлора и зачестеноста на респираторните алергиски болести кај возрасната популација на подрачјето на Скопје. Во интерес на подигањето на свесноста и знаењето на менаџерите во здравствениот сектор во РМ, како и на здравствените работници за значењето на енергетската ефикасност во здравствените установи и можноста за користење на обновливи извори на енергија, подготвен е и објавен е Прирачник со препораки за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во здравствениот сектор. Изработена е посебна веб страна посветена на влијанието на климатските промени врз здравјето на луѓето.(www.toplotni branovi.mk) Подготвен е Извештај за ранливоста на здравјето од климатските промени. Подготвена е финална верзија на предлог Акционен план за намалување на последиците од студеното време, кој предвидува мерки и активности за заштита на здравјето на населението од штетните ефекти на студеното време и екстремно ниските температури.

## ХРАНА И ИСХРАНА

Институтот за јавно здравје на РМ учествува во националниот систем за контрола на безбедноста на храната преку лабораториско тестирање на безбедноста, во соработка со инспекциските служби и со операторите со храна. Лабораториите во Институтот се акредитирани според стандардот 17025 и се во континуиран процес на одржување на акредитацијата и проширување на обемот на акредитација. Особено е значајна активноста за тестирање на безбедноста на производите од домашно потекло пред да се пуштат во промет или да се извезуваат. Во текот на 2012 започна реализацијата на програмата за мониторинг на резидуи на пестициди во производи од растително потекло, а која ќе продолжи во текот на 2013 година во соработка со Агенцијата за храна и ветерина(АХВ).

Центрите за јавно здравје исто така имаат лабораториски капацитети за тестирање на одредени параметри за безбедноста на храната и се вклучени во контролата на безбедноста.
Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје се вклучени во следењето на здравствената состојба на вработените лица кои доаѓаат во допир со храната и во едукацијата на операторите со храна во однос на

општите правила за хигиена на храната и заштита на животната средина.  За таа цел Институтот има изработено прирачник за Хигиена на храна и заштита на животната средина.
Во текот на 2012 се извршени обуки за имплементација и одржување на HACCP системот наменети за операторите со храна кои работат со производство на минерални води, безалкохолни пијалоци, месо и месни производи.

**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ**

Завршено е трансформирањето на системот за трансфузиологија во Република Македонија, со што фрагментираниот систем се обедини во една национална установа за трансфузиона медицина организирана во Национален институт за трансфузиона медицина,  3 регионални центри и 19 служби**.** НИТМ изготви Прирачник за внатрешна инспекција согласно ЕУ законодавство за инспекциски систем на крвта (ЕУБИС).
Континуирано се имплементира годишната програма за унапредување на крводарителството.
Во текот на 2012 се спроведуваа активности за отпочнување со имплементација на ИПА проектот за безбедна крв кој ќе обезбеди натамошно зајакнување на човечките ресурси и на капацитетите во тој систем.

**ТКИВА И КЛЕТКИ**

Во тек е подготовката на подзаконските акти кои прозлегуваат од Законот за трансплантација.

Во рамки на Здравствената мрежа на ЈИЕ спроведени се активности заедно со Регионалниот развоен центар за трансплантација во Загреб, и подготвен е акциски план за Република Македонија. Согласно акцискиот план во 2012 година извршено е усогласување на ДРГ цените и кодовите со што се стимулира кадаверичната трансплантација, воспоставена и транспарентна листа на чекање за трансплантација од жив дарител и иницирано е креирање на листа за чекање за кадаверична трансплантација.

Во Скопје беше организирана и дводневна иницијатива на тема “Подобрување на кадаверичната трансплантација и донирање на органи во ЈИЕ“ организирана од TTS (The Transplant Society), ESOT (European Society for Organ Transplantation), SEEHN’ (South Eastern Health Network), ISODP (International Society for Organ Donation and Procurement) и ETCO (European Transplant Coordinators Organization) во соработка со Здружението за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи.

Во јуни 2012 година се одржа регионална TAIEX работилница  за техничките барања за донирање и снабдување со човечки ткива и клетки и развој на програма за донирање од починати лица во земјите од Здравствената мрежа на ЈИЕ, чија целна група беа координаторите за трансплантација од земјите членки на ЗМЈИЕ, националните координатори за трансплантација, доктори од135 доделите за интензивна нега, здравствени професионалци, и Регионалниот развоен центар за трансплантација на Здравствената мрежа на ЈИЕ, како и европски курс за континуирана медицинска едукација во областа на трансплантацијата на бубрег. Одржана е и TAIEX работилница за спроведување на инспекција во установи за трансплантација. Обезбедена е и едукација за болнички координатори за трансплантација (8 доктори) за утврдување на мозочна смрт и едукација на уште 6 лица за кадаверична трансплантација. Во ноември 2012 година извршена е 20-тата успешна трансплантација. Во рамки на одбележувањето на денот на донирање на органи одржани се голем број промотивни активности со голема медиумска покриеност.  Во септември 2012 година одржана е меѓународна работилница за биотехнологија и трансплантација

**СОЦИО ЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО**

Согласно Стратегијата за безбедност и здравје при работа подготвен е АП за имплементација на Стратегија. Активностите од АП се имплементираат преку Националната програма за јавно здравје каде се предвидени активности поврзани со безбедноста и здравјето на работа за невработените и земјоделците (оценка на здравствена и работна способност, превентивни прегледи, едукативни активности, проценка на влијанието на претходните работни места во однос на професионални заболувања и заболувањата во врска со работата, проценка на факторите кои влијаат на здравствената состојба и работоспособноста, должината на невработеност, животниот стил, социоекономските фактори, хроничниот стрес, и др. фактори)

Одржана е TAIEX работилница за правата на лицата со инвладинсот наменета за здравствени работници. На работилницата присуствуваа 60 здравствени работници, а целта беше запознавање со имплементацијата на "холистички" пристап кон инвалидноста, земајќи ги во предвид неговите социјални аспекти и факторите на животната средина, а не само медицинските или биолошките дисфункции. Посебен акцент беше ставен на европското законодавство, вмрежувањето и добрите практики во Европа со цел да се подигне свеста на здравствените работници за инвалидноста.

Министерството за здравство и невладиниот сектор отпочнаа со имплементацијата на проектот Ромски здравствени медијатори. До септември 2012 година 16-те здравствени медијатори обезбедиле 730 лица да го остварат правото на здравствено осигурување и да одберат матичен лекар/гинеколог/стоматолог; во 766 семејства одржале едукативни советувања за промовирање на здрави животни стилови и помогнале во откривањето на 622 нередовно вакцинирани или невакцинирани деца. Исто така, помогнале на 269 лица во остварување на правото на социјална парична помош и на 590 лица во обезбедувањето на лична документација.

Преку Програмата за лекување на ретки болести се обезбедуваат средства за терапија и лекови за најчестите ретки болести во Република Македонија

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Согласно Законот за здравствена заштита во 2013 година ќе се донесат 20 јавно здравствени програми. Средствата за реализација на активностите од овие програми се континуирано високи и за 2013 година изнесуваат околу 53 милиони евра.

Се планира во 2013 година да бидат објавени околу 800 клинички упатства и да започне имплементацијата на новите договори меѓу ФЗО и матичните лекари.

Продолжува имплементацијата на Проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ во РМ, а се планира да отпочне реновирањето на здравствените домови.

Се планира и донесување на засебна програма за едукација на здравствени работници, како и потпишување на Меморандуми за разбирање со Медицински универзитети во Германија ( Хамбург и Нирнбег) заради обезбедување на едукација за специјалисти од РМ за работа на дијагностички постапки и третмани кои не се вршат во РМ,

Во текот на 2013 година ќе продолжи издавањето на картички за останатите категории на осигуреници според предвидена динамика. Воедно, електронската здравствена картичка ќе се користи и во електронските сервиси и системи кои ги воведува Министерството за здравство - електронски упат, електронски рецепт, електронски амбулантски дневник, како и во системот за следење на електронска листа за закажување на прегледи во установите од примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита.

Се планира изработка на веб базирано софтверско решение за Централен регистар на лекови, медицински помагала, виртуелен магацин и агрегатор на цени на лекови.

**ТУТУН**

Се планира зајакнување на активностите на ИЈЗ за промоција на здрави животни стилови преку активности за едукација против пушењето. Со Националната годишна програма за јавно здравје, ИЈЗ предвидува изготвување на брошура "Постапки за одвикнување од пушење".

Ќе продолжи работата на Советувалиштето за одвикнување од пушење при Институтот за белодробни заболувања и ТБ.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Евиденцијата на имунизацијата и систематски прегледи кај деца од 0-18 години ќе се врши согласно нови подготвени обрасци. Ќе продолжи имплементацијата на годишните превентивни програми.

По донесувањето на Национална Стратегија за контрола на антимикробната резистенција 2012-2016 и Акциониот План во 2013 година ќе се отпочне со имплементација на поедини активности од оваа Стратегија, со динамика во согласност со Акциониот План и расположливите финансиски средства, главно обезбедени со Националната годишна програма за јавно здравје.

Националната Мултисекторска Комисија за антимикробна резистенција даде поддршка на започнувањето со рутинско следење на потрошувачката на антимикробни средства во РМ и добивање на индикатори со кои ќе можеме да се споредуваме со другите Европски земји, кои ќе започнат да се спроведуваат етапно во 2013 година.

Се планира отпочнување со активностите за изготвување на Регистер за имунизација, согласно Стратегијата за имунизација, Националната годишна програма за јавно здравје и буџетски планираните средства за оваа активност.

Согласно Програмата за ерадикација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитални инфекции 2010-2015 година планирано е одржување на 5 семинари за здравствени работници на сите нивоа, кои се инволвирани во активностите согласно Програмата, а се планира обука на 150 здравствени работници.

**ХИВ/СИДА**

Континуирано ќе се имплементираат активностите од Програмата за ХИВ/СИДА финансирана од буџетот на РМ, како и активностите од Програмата за ХИВ/СИДА поддржани со грант од ГФАТМ.

Ќе се направи и евалуација на успехот од следењето и проценка на програмата за превенција и контрола на ХИВ. Се планира усвојување на Национална стратегија за ХИВ/СИДА за периодот 2012-2016 г.

## ТУБЕРКУЛОЗА

Ќе се имплементираат активностите од Програмата за превенција и контрола на ТБ финансирана од буџетот на РМ, како и активностите од Програмата за ТБ поддржани со грант од ГФАТМ

Се планира донесување на нова Стратегија за превенција од туберкулоза 2012-2015 година.

## НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

Фондот за здравствено осигурување направи измени во договорите со матичните лекари за 2013 година, кои се однесуваат на превентивните мерки и активности во примарната здравствена заштита. Согласно Договорите, матичните лекари ќе извршуваат и превентивни мерки и активности како што се: превенција на анемија, проценка на состојба на исхранетост, превенција и контрола на астма, превенција на кардиоваскуларни заболувања, превенција на рак на дојка, грло на матка и простата, колоректален канцер.

За 2013 година за прв пат се планира и подготвена е Програма за превенција од кардиоваскуларни заболувања со обезбеден буџет од 160.000 ЕУ

Континуирано се врши имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства, како и на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ во рамки на која се врши и тироиден скрининг на новородени деца, Здравје за сите и Систематски прегледи, годишната Програма за рана детекција на малигни заболувања во РМ.

Согласно Законот за здравје и безбедност при работа (Службен весник на РМ број 92/07), сите работодавци се обврзани да обезбедат систематски прегледи на вработените што овозможува превенција и рано откривање на одредени незаразни заболувања.

Со Националната годишна програма за јавно здравје, ИЈЗ предвидува изготвување на брошура “Како да го намалиме крвниот притисок”, и “Прирачник за едукација на претставници на мас медиумите за нивната улога во промоција на здравје и превенција на КВБ”. Исто така се предвидува одржување на 4 трибини за превенција на физичка неактивност и улогата на спортот во развојот на децата како активности за превенција на КВБ.

## МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ

Континуирано ќе се спроведува Програмата за рано откривање на малигни неоплазми.

## КАНЦЕР НА ДОЈКА

Продолжување со активностите за скрининг и рано откривање на ракот на дојката, собирање и обработка на податоците и подготовка на Извештај за спроведениот скрининг.

## КАНЦЕР НА ДЕБЕЛО ЦРЕВО

Продолжување со активностите за скрининг и рано откривање на ракот на дебелото црево, собирање и обработка на податоците и подготовка на Извештај за спроведениот скрининг.

**КАНЦЕР НА РЕПРОДУКТИВНИ ОРГАНИ КАЈ ЖЕНАТА**

Се планира продолжување со активностите за скрининг и рано откривање на ракот на репродуктивните органи кај жената, собирање и обработка на податоците и подготовка на Извештај за спроведениот скрининг.

**СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ**

Заради согледување на работата на советувалиштата и нивната корисна улога со која во голема мера придонесуваат кон подобрување на здравјето на младите, во 2013 година ќе се изработи дата база, ќе се изврши внес на податоци од документацијата за работата, искористеноста, квалитетот на здравствените услуги, бројот на вкупните посети според одделните пунктови, видот на бараните услуги, бројот на издадени контрацепциони средства, дадените совети и промотивни материјали, што ќе ја водат советувалиштата и потоа ќе следи обработка, анализа и презентација на податоците во Извештај за работата на советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје.

Во рамки на ОРИО програмата се планира да започне спроведување на активностите за ревитализација на породилиштата и обука на кадарот (гинеколози, неонатолози и акушерки). Преку проектот ќе се спроведе проценка на потребите за обука на гинеколози, акушерки, неонатолози и друг кадар по што ќе се подготви план за обуки.

**ЗАВИСНОСТИ**

Континуирано ќе се спроведуваат активностите за имплементација на Програмата за лекување на лица со болести на зависност, како и поддршката на владиниот сектор за активностите на НВО во областа.

**ПОВРЕДИ И НАСИЛСТВО**

Во 2013 ќе продолжат активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство, и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство.

Во соработка со СЗО ќе се реализираат активностите предвидени со двегодишниот договор за соработка помеѓу МЗ и СЗО, релевантни за повреди и насилство

**МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ**

Континуирано ќе се спроведуваат активностите од Програмата за лекување на лицата со душевни болести воРМ. Во 2013 година во Програмата за душевни растројства се планира посебен дел со активности за превенција од депресии и суициди (медиумска кампања,скрининг преку прашалник на ученици, студенти, обука на психолози, матични лекари за рано препознавање на лица со депресија., отворен телефон и други активности)

Се планира да се спроведе анализа на постигнатите резултати и реализираните активности од Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во РМ за периодот 2005-2012 и да се започне со подготовка на нова Стратегија заради обезбедување на одржлив развој.

Во текот на 2012 година извршени се неколку обуки на лекарите во примарна здравствена заштита , во склоп со континуираната медицинска едукација која се спроведува секоја година. Организирани се активностите на

полето на борба против депресијата и превенција на суициди. Реактивирана е 24 часовна СОС линија на Универзитетската клиника за психијатрија, организирани се неколку јавни трибини.

**ЗДРАВЈЕ И ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Ќе продолжи спроведувањето на активностите од Стратегијата за адаптација на здравствениот сектор од климатски промени, активности од АП за превенција од топлотни бранови . Се планира да се усвои АП за превенција на населението од студено време и студени бранови..

**ХРАНА И ИСХРАНА**

За 2013 година се планира да се продолжи со обуки за Имплеменнтација и одржување на HACCP системот и на тој начин да се унапреди состојбата со компании кои не го имплементирале HACCP систем. За таа цел стручните лица од Институтот имаат изработено прирачник со наслов "HACCP- теорија и пракса" Планирана е надградба на техничките капацитети во Институтот за јавно здравје на РМ (опрема и кадар) за тестирање на широк спектар на пестициди во храната, кои се задолжителни според европската легислатива.

Се планира спроведување на третата рунда на Студија за следење на здебеленоста кај децата (COSI), во рамките на Иницијативата на СЗО за следење на здебеленоста кај децата во Европскиот регион. Во ова истражување ќе учествуваат Центрите за јавно здравје,

Ќе биде подготвен Прирачник за правилна исхрана на доенчиња и мали деца од страна експертите на Институтот за јавно здравје, од страна на експертите од Институтот, а консултирани се и специјалистите педијатри. Прирачникот ќе се публикува и дистрибуира до целните групи во 2013 година.

**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**

Се очекува отпочнување на ИПА проектот "Зајакнување на системот за безбедноста на крвта", во вредност од околу 1,1 милион евра. Во рамки на проектот се планира подготовка на Водичи за безбедност на крвта и Протоколи/Стандардни оперативни постапки за работа на вработените во различни сегменти на обезбедувањето на безбедна крв.

Преку проектот е планирано да се изврши обука на 150 квалификувани здравствени работници во повеќе области од добрата клиничка пракса за употреба на крв и крвни компоненти, како и специјализирани обуки за 30 лица во областа на имплементацијата на стандардите за квалитет и стандардните оперативни постапки. Се планира да се спроведе реновирање на Службите за трансфузиона медицина во РМ.

**ТКИВА И КЛЕТКИ**

Се подготвува измена на Законот за земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување. Со измените за Законот се воведуваат одредби по однос на тоа кога може да се земат делови од тело заради пресадување(само доколку умреното лице за време на живот не се спротивставило на тоа), како и кои здравствените установи можат да бидат овластени за вршење на определени работи поврзани со трансплантацијата (само здравствени установи кои се во мрежата на здравствени установи утврдена согласно Законот за здравствената заштита ). Согласно предлогот, покрај националниот координатор за трансплантација, се воспоставува функцијата и на национален координатор за трансплантација на

хематопоетски матични клетки, како и правна основа за натамошно уредување на работата на банките на матични клетки. По донесувањето на законот ќе се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од него и тоа: 1 правилник за мерките за обезбедување на сигурност и квалитет на делови од човечко тело и 13 Уредби.

Се планира назначување на национални и болнички координатори за трансплантација, набавка на специфична медицинска опрема во неурохируршката кома единица, формирање на листа за кадаверична трансплантација изведување на првата кадаверична трансплантација во РМ, како и создавање на услови за европска акредитација на лабораторијата за тквивна типизација.

**СОЦИО ЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО**

Ќе продолжат активностите од проектот Ромски здравствени медијатори.

Во интерес на обезбедување на поголема достапност до здравствената заштита, ќе бидат донесени програма за целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ, Програма за обезбедување на партиципација за осигурени лица при лекување на одредени болести и Програма за болничко лекување без наплата на партиципација за корисници на пензија со пензија чиј износ е понизок од просечната пензија во РМ

Во рамки на Програмата за јавно здравје  ќе се спроведуваат здравствени прегледи за невработени, земјоделци и работници.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**КОНТРОЛА НА ТУТУН**

Се планира продолжување и зајакнување на активностите на ИЈЗ за промоција на здрави животни стилови преку активности за едукација против пушењето, како и континуиран надзор на имплементацијата на Законот за заштита од пушењето.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Континуирано ќе се спроведуваат активностите од областа на превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените годишни Програми, кои се финансираат од буџетот на РМ.

Согласно Стратегијата за имунизација се планира воведување на петтовалентна и шествалентна вакцина. Се планира отпочнување на активности за воведување на софтверски решенија за водење на евиденција за спроведувањето на задолжителната имунизација.

Исто така, ќе се работи на подобрување на постоечкиот софтвер за евиденција и анализа на заразните болести, а ќе се евалуира и можноста за електронско поврзување на ИЈЗ со ЦЈЗ низ РМ.

Во 2013 и 2014 година се очекува реализација на  ОРИО програмата со која се планира да се спроведе ревитализација на системот за имунизација и на системот за патронажната служба во вкупна вредност од 6. 3 милиони евра.

Се планира во континуитетда се спроведуваат активности согласно Стратегијата и Акциониот План за контрола на антимикробната резистенција и активности за одбележување на Европскиот ден за рационална употреба на антибиотици.

**ХИВ/СИДА**

Континуирано ќе се имплементираат активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА финансирана од буџетот на РМ, во согласност со предвидените активности во новата Стратегија за ХИВ/СИДА за периодот 2012-2016. Исто така, ќе се остваруваат и планираните проектни активности поддржани со Грантот на ГФАТМ, кој ќе ги помага превентивните активности согласно годишната Програма, со акцент на спречување на ХИВ-трансмисија, пружање на грижа и психосоцијална помош на ХИВ позитивните и заболени од СИДА до 2016 година.

Континуирано ќе се евалуира успехот и ќе се прави проценка на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА.

**ТУБЕРКУЛОЗА**

Континуирано ќе се имплементираат активностите од Програмата за заштита на населението од ТБ финансирана од буџетот на РМ, Исто така, ќе се имплементираат и планираните проектни активности поддржани со Грантот на ГФАТМ.

**НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

Се планира спроведување на мерки и активности во превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ), согласно усвоената Програма за превенција и контрола на КВБ. Исто така се очекува да профункционираат регистрите за следење на инциденцата и преваленцата од исхемични болести на срцето и цереброваскуларни болести.

**МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ**

Се планира продолжување на активностите согласно Програмата за рано откривање на малигни неоплазми.: отпочнување на активности за организиран скрининг на сите лица од 50-74 годишна возраст; продолжување со организираниот скрининг за карцином на грло на матка во следните години и едукација на поголем број на цитоскринери, и лекари патолози-цитолози.

Се планира да се продолжи со имплементација на активности од Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје, Протоколот и стандардите за абортус и квалитет на здравствена заштита и нега, како и со имплементација на Стратегијата за безбедно мајчинство.

Во рамки на ОРИО програмата се планира да започне спроведувањето на активности за ревитализација на породилиштата и обука на кадарот ( гинеколози, неонатолози и акушерки ) – со вкупна вредност од 1,9 милиони евра. Преку проектот ќе се спроведе проценка на потребите за обука на гинеколози, акушерки, неонатолози и др. кадар, по што ќе се подготви план за обуки.

## ЗАВИСНОСТИ

Континуирано ќе продолжи спроведувањето на активностите од програмата за лекување на лица со болести на зависност.

## ПОВРЕДИ И НАСИЛСТВО

Ќе продолжат активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство, и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство.

Во соработка со СЗО ќе се реализираат активностите предвидени со двегодишниот договор за соработка помеѓу МЗ и СЗО, релевантни за повреди и насилство.

## МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишната програма за лекување на лица со душевни болести**.** Планирано е проширување на програмата со неколку едукативни активности на повеќе целни групи (ПЗЗ, други здравствени институции и авторитети, полиција, образовни институции, како на образовниот персонал и родителите...). Се планира континуирано да се организира скрининг за депресивни растројства во сите образовни институции кај сите возрасни групи на деца, млади и адолесценти. Во план е и припрема и издавање на прирачник наменет за општата популација , а во врска со депресивните растројства и превенција од суицид.

Се планира во првата половина на 2013 Националната комисија за ментално здравје да подготви нов Акционен план за понатамошен развој на системот за ментално здравје во РМ. Министерството за здравство планира да подржи едукација на неколку лекари во Клиниката Нинберг – Германија, како и други признати светски центри.

## ЗДРАВЈЕ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Ќе продолжи спроведувањето на активностите од Стратегијата за адаптација на здравствениот сектор од климатски промени, активности од АП за превенција од топлотни бранови, и АП за превенција на населението од студено време и студени бранови.

## ХРАНА И ИСХРАНА

Континуирано ќе се спроведуваат активностите предвидени во Вториот акциски план за храна и исхрана.

## БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ

Се планира да продолжи работата на системот за безбедна крв според стандарди и услови за работење во интегрираниот систем на функционирање, и да се обезбеди мрежно информатичка поврзаност на службата и обуки за усогласување со Европското законодавство за инспекциски систем на крв (ЕУБИС).

## ТКИВА И КЛЕТКИ

Се планира целосно заокружување на системот за трансплантација во РМ.

**СОЦИО ЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО**

Континуирано ќе се спроведуваат активностите за здравствени прегледи согласно националната програма за јавно здравје.

Се планира и ревитализација на старите и напуштени амбуланти во руралните средини , како и реконструкција и санација на постојните стари објекти.

## 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

### 3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Царинската управа на Република Македонија во 2012 година продолжи со процесот на усогласување на царинското законодавство со *Acquis Communautaire*.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 11/2012), се воведе законска основа за ослободување од плаќање на увозни давачки за спортските федерации во Република Македонија за спортска опрема и реквизити што ги добиваат како подарок од странски донатори, како и увезена спортска опрема и реквизити купени со парични средства добиени како подарок. Воедно со предложените измени се изврши прилагодување на временските рокови за примената на дел од одредбите на Царинскиот закон, што се однесуваат на примената на влезна и излезна збирна декларација, а чија примена е директно поврзана со почетокот на примената на новиот софтвер за национален транзит и пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзитен систем.

Во 2012 година, извршено е изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 14/2012), со што се изврши прилагодување на примената на дел од одредбите на УСЦЗ, што се однесуваат на одредбите од Царинскиот закон и одредбите чија примена е директно поврзана со почетокот на примената на новиот софтвер за национален транзит и пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзитен систем.

Во 2012 година извршени се повеќе измени на Правилникот за начинот на пополнување на царинска декларација и кодексот на шифри што се употребуваат (Службен весник на Република Македонија бр. 8/2012, 20/2012, 61/2012 и 124/2012). Со овие измени се додадени нови и изменети шифри на царински испостави, нови шифри за ослободување од плаќање на увозни давачки и нови шифри за приложени документи.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинска тарифа (Службен весник на Република Македонија бр. 11/2012), со што се намалени и укинати царинските давачки на повеќе видови на стоки што претставуваат репроматеријали за повеќе индустрии и сектори. Со примена на овие измени се овозможи понатамошно намалување на царинските давачки во текот на 2012 и 2013 година, за повеќе видови суровини, репроматеријали и машини, што својата примена ја наоѓаат во прехрамбената индустрија, металопреработувачката индустрија, индустријата за производство на автомобили, а истовремено се стимулира и развојот на транспортниот сектор и развојот на спортот и физичката култура. Во тек е изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа каде се предлага и намалување на царинските стапки на необработени благородни метали.

Исто така, во тек е донесување на Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2013 година, што ќе биде усогласена со Комбинираната номенклатура за 2013 година, донесена како регулатива од Комисијата (ЕУ) бр. 927/2012. Постојано се спроведува усвојување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура што се донесени во тековната година, со дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура и истите се објавуваат на интернет страната на Царинската управа.

Царинската управа во процесот на исполнување на ЕУ претпристапните барања во врска со пристапот кон Конвенцијата за заеднички транзит заедно со поддршка за имплементација на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS), во текот на 2012 година интензивно работеше на воведувањето на новиот софтвер за национален транзит и зајакнување на институционалната рамка за негова примена.

Зајакнати се оперативните капацитети на Царинската управа на Република Македонија во согласност со стандардите на ЕУ, во основните области на работа на царините во ЕУ - контрола на транзитот за да се обезбеди целосна компатибилност и интероперабилност на ИКТ системот на Царинската управа со NCTS и да се постигне целосна меѓусебна поврзаност со системите ЕУ / DG TAXUD, овозможувајќи размена на податоци со помош на Заедничката комуникациска мрежа и Заеднички системски интерфејс (CCN / CSI).

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во 2013 година ќе се изврши дополнително усогласување на Царинскиот закон со царинското законодавство на ЕУ, во делот на одредбите што се однесуваат на трошоците за анализа на земени мостри, забрана на употреба на општа гаранција за транзит со намален износ или користење на општа гаранција за транзит на стоки кои биле предмет на измами од поголем обем, воведување на EORI број, дефинирање на правилата за поднесување на царинска декларација при внесување на стока во слободна зона и други измени во насока на остварување на неопходните законски услови за интероперабилност и интерконекции со системите на ЕУ и Конвенцијата за заеднички транзит, што е услов за воспоставување и користење на NCTS транзитниот систем, на што упатува и препораката од царинските упатства (Customs Blueprints) на Европската комисија и натамошно допрецизирање на одредени одредби од законот. Исто така, се предвидува пропишување на одредби што ќе овозможат постапка за бришење од евиденција (отпис) на царински долг што останал ненаплатен и покрај сите пропишани мерки и активности кои се преземени во насока на негова наплата.

Новите измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ќе бидат во насока на натамошно усогласување на одредбите што се однесуваат на електронска транзитната постапка за потребите за спроведување на заедничката транзитна постапка согласно одредбите на Конвенцијата за заеднички транзит. Со овие измени се воведуваат и дефинираат нови термини како на пример „транзитна испостава“, се дефинира употреба на нови видови на транзитни деклараации „Т-“, „Т2“ и „Т2 F “, се врши измена во прилозите кон Уредбата што се поврзани со употреба на транзитната постапка и се вршат други измени неопходни за спроведување на заедничката транзитна постапка, согласно правилата на Конвенцијата за заеднички транзит.

Царинската управа подготви нови измени и дополнувања на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, што предвидува конкретен рок во кој носителите на право ќе бидат должни да спроведат уништување на стоката која повредува право од интелектуална сопственост, каде Царинската управа во поедноставена постапка донела одобрение за уништување. Во измените на законот е содржано и правото на Царинската управа по истекот на определениот рок за уништување, сама да спроведе постапка за уништување на предметната стока, при што трошоците за уништување ќе паднат на товар на

носителот на правото. Предлог измената на законот содржи и одредби во насока на ревидирање на казнената политика воспоставена со овој закон, со можност за воведување на прекршочна одговорност за лицата кои пријавиле за влез, излез или транзит стоки кои повредуваат право од интелектуална сопственост.

По донесувањето на овие законски измени, ќе следуваат измени и дополнувања на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, особено на образецот на Барањето за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост во кој е предвидена обврската на носителите на право за доставување на поголем број податоци кои се однесуваат на оригиналните стоки.

Царинската управа ќе воведе и оперативни инструкции за примена на концептот на Овластен економски оператор (ОЕО) и понатамошно промовирање на поедноставените царински постапки.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Врз основа на донесените измени во законодавството (законските и подзаконските акти), Царинската управа ќе ги унапреди интерните процедури за спроведување на царинското и акцизното законодавство. При подготовка на унапредените интерни процедури посебно ќе се има во предвид новиот Систем за обработка на царински и акцизни документи. Во текот на 2013 година ќе се работи на понатамошно унапредување на системот на интероперабилност преку подобрување на системот за електронско управување со документи, електронско архивирање на документите, широка примена на електронскиот систем за раздолжување на царинските постапки на увоз заради облагородување, како и за останатите царински постапки со економски ефект.

Во насока на целосна примена на новиот Систем за обработка на царински и акцизни документи ќе бидат донесени низа упатства и оперативни инструкции за негова примена.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Царинската управа ќе работи на воведување на Новиот царински закон на Унијата и на Уредбата за спроведување на новиот Царинскиот закон на Унијата. Со измените на царинското законодавство ќе започне постапка за целосно воведување на одредбите од ЦЗУ и активности за негова целосна примена и практично спроведување, согласно препораката од царинските упатства (Customs Blueprints), која меѓудругото ја потенцира посебно потребата за усогласување во домен на доставување на информации пред пристигнување (pre-arrival) и пред тргнување (pre-departure) на пратките и воведување на системи за анализа на ризик и натамошно промовирање на концептот за Овластен економски оператор.

Царинската управа ќе продолжи со понатмаошно усогласување на законодавството во насока да се финализираат подготовките за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна и Конвенцијата за поедноставување на трговијата со стоки.

За понатамошно приближување на националното законодавсто кон законодавството и добтата пракса на ЕУ Царинската управа ќе учествува во подготовката и ревизијата на акцизното законодавство.

Царинската управа ќе учествува во измена на Законот за контрола на извозот на стоки со двојна намена со што ќе се изврши усогласување со измените на Регулативата на ЕУ 428/2009 и менување на списокот од Листа 1 на Регулативата.

Со донесување на новата регулатива на ЕУ за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, што ќе ги замени постоечките Регулативи бр.1383 од 2003 и бр.1891 од 2004 година, ќе бидат донесени нови измени на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост и Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, во насока на нивно усогласување со новата регулатива, особено во делот на малите пратки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се изврши дополнително усогласување на царинското законодавство и постапките со *Acquis*, како и зајакнување на административниот и оперативниот капацитет на Царинската управа, со цел да се обезбеди спроведување на царинското и акцизното законодавство и да се финализираат подготовките за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на трговијата со стоки, како и да се обезбеди ефикасно спроведување на акцизното законодавство, да се подобри организацијата на Царинксата управа и управувањето и нејзиниот оперативен капацитет, за да се олесни трговијата и да се обезбеди меѓународниот синџир на снабдување, поддржани од страна на соодветни механизми за контрола и ИТ системи.

Во насока на целосна примена на новиот Систем за обработка на царински и акцизни документи ќе бидат донесени низа упатства и оперативни инструкции за негова примена.

## 3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Царинската управа останува посветена на своите напори за достигнување на повисоко ниво на осовременување и усогласување со практичните препораки околу прецизните критериуми дефинирани според најдобрите практични спроведувања во ЕУ во домен на царина и оданочување (Customs and Fiscal Blueprints) и европското законодавство. Се следи развојот на оперативниот капацитет и врз основа на констатираните разлики помеѓу актуелната состојба и европските стандарди, се планираат идните реформски активности.

За јакнење на капацитетите за спроведување на царинското законодавството и за борба против прекуграничниот криминал, извршени се промени во организацијата на работата, преземени се активности за редизајнирање на граничните премини според дадените препораки и воведени се нови апликации за анализа на ризик.

Во ноември 2012 година донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација на работата на Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа со што се изврши преструктуирање на организационата единица за управување со ризик, при што се воведени две нови служби - Служба за координација и комуникација и Служба за аналитика и статистика. Оваа структура и зголемувањето на бројот на вработените ќе придонесе за идниот развој на Секторот за контрола и истраги, што ќе биде од големо значење за развојот и исполнувањето на стратешките определби на Царинската управа во борбата против организираниот криминал, заштитата на животот, здравјето и безбедноста на граѓаните на Република Македонија, како и за реализација на стремежот за достигнување на ниво на модерна царинска служба.

Примената на Систематска електронска размена на податоци со земјите од Западен Балкан (Systematic Electronic Exchange of Data in the Western Balkans) - SEED-апликација, како средство за поддршка на активностите за спроведување на систем за размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република

Македонија и царинските администрации на Косово, Србија и Албанија, е успешно спроведена во прва фаза SEED-1 и втора фаза SEED-2 за царинска стока и празни товарни возила упатени кон Република Македонија и обратно, упатени кон соседните држави .

Согласно законските одредби, Царинската управа ја интензивираше соработката со приватниот сектор врз основа на потпишани нови меморандуми со меѓународни компании за производство и промет на цигари - Меморандум за разбирање со Империал Тобако - ТКС и Меморандум за разбирање со JT International. Потпишан е Мемрандум со Македонски пошти, Македонски железници и ТАВ - Скопје.

Донесено е Упатство за користење на Заеднички контакт центар-Ѓуешево, со што се уредува постапката во Царинската управа за користење на Заедничкиот контакт центар-Ѓуешево за полициска и царинска соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Следејќи ги препораките на Царинските блупринти за поголема транспарентност, формирано е Одделение за соработка со директорот – Кабинет на директорот со три служби - Служба за односи со јавност, Служба за коресподенција и административно технички работи и организациски работи и Службата за превод. Оваа измена ќе обезбеди побрзо и ефикасно информирање на вработените и на јавноста.

Стратегија за развој на ИКТ и Стратегија за имплементација на интероперабилност беа изработени и усвоени од страна на Владата на Република Македонија. Утврдена е потребата, чекорите и модалитетите за отпочнување на административната постапка за поврзување со ЕУ системите, пред се CCN/CSI и NCTS, како и ITE.

Царинската управа во насока на остварување на неопходните услови за интероперабилност и интерконекции со системите на ЕУ, во периодот 2012-2014 година, реализира проект за имплементација на нов Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) - решение кое во рамки на царинските и акцизните постапки ќе и обезбеди на Царинската управа управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, прифаќање, евидентирање, обработка, архивирање), контрола на движењето на акцизните стоки и размена на електронски пораки во рамки на автоматско административно вршење на операции, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на Европската унија и Светската царинска организација.

Царинската управа, според новиот Правилник за организација на работата формираше Одделение за интегритет во состав на Секторот за професионални стандарди.

Во Системот за електронско управување со документи (EDMS) што опфаќа архивирање и обработка на електронски документи и електронски копии на хартиени документи, циркулирање на електронски документи и електронски потпис, електронско следење на статусот на документите од аспект на подготовка, дистрибуција, движење, архивирање, локација, автентичност, безбедност и историја, имплементирани се следниве функции: водење на Деловодник за доверливи предмети и документи, унапредено е водењето на предмети за кои се спроведува управна постапка и прекршочна постапка.

Во текот на 2012 година донесени се повеќе измени што се однесуваат на третманот на новвработени и унапредени царински службеници. Овие прописи се донесени врз основа на Измената на Законот за Царинската управа со која се воведува стручниот испит како услов за завршување на пробната работа на новвработените и унапредени царински службеници. Во 2012 година донесен е Правилник за постапката поврзана со третманот на царинскиот службеник на пробна работа, начинот на полагање на стручен испит и програма со кој се уредија третманот на царинскиот службеник на пробна работа, начинот на полагањето на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит. Третманот на пробна работа опфаќа: обука на

работното место (менторство), основна обука за царински надлежности и полагање на стручен испит. Донесени се повеќе акти кои детално ја пропишуваат оваа постапка и тоа Насока за пополнување на менторска програма и Програма за основна обука која ги опишува обуките за нововработените и унапредени царински службеници. Самата постапка на полагање на стручен испит регулирана е со донесување на Упатството за работа на Комисијата за полагање на стручен испит и начин на полагања на стручниот испит.

Царинската управа со цел оценување на инвестициите во вработените по пат на обуки донесе Насока за оценување на ефективноста од обуката. Ова преставува воведување на оценка на обуката на ниво 3, според Кирк-Патриковиот модел за оценување а обуката.

Во текот на 2012 година како значајни активности поврзани со стручното усовршување на царинските службеници издвојуваме:

- затворањето на порекtот Матра финансиран од Царинската администрација на Кралството Холандија преку кој беа обезбедени обуки подобрување на спроведувањето на царинските постапки со економски ефект и акцизни добра, комуникациските и менаџерските вештини, борбата против фалсификувани производи и унапредување на работата на царинската лабораторија,
- обуки поврзани со воведување на новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) и
- стручно оспособување обезбедено преку инструментот за предпристапна помош TAIEX, во насока на унапредување на знаењата и вештините на цариските службеници при спроведување на царинските постапки.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Во постапка е изготвување на нов Закон за Царинска управа, со што ќе се допрецизираат надлежностите на Царинската управа согласно измените во законската регулатива на системските закони од областа на царинското работење и ќе се доуредат одредени правни поими и институти. Тоа ќе придонесе за подобро и пофункционално работење на Царинската управа. Со новиот Закон за Царинската управа нормативно правно се уредуваат организацијата, доменот на работа, надлежностите на Царинската управа, како и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на царинските службеници од работните односи.

Во унапредувањето на капацитетот за вршење на контрола базирана на анализа на ризик, акцент ќе биде ставен на усогласување на законодавството со Модернизираниот царински закон на ЕУ и регулативата за имплементација на истиот, преку ефективна и соодветна заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост, во согласност со европските и меѓународните барања и проектните активности кои особено ќе придонесат кон понатамошно усогласување со законодавството и постапките на ЕУ и најдоброто практично спроведување. Активностите на тој план ќе опфатат: измени и дополнувања на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, методологија за собирање на статистички податоци за заштита на права од интелектуална сопственост на надлежни институции во Република Македонија кои спроведуваат заштита на права од интелектуална сопственост, институционализирање на процесот на идентификување и утврдување на минималните критериуми за анализа на ризик, измена на Упатството за работа со системот за автоматско препознавање на регистерски таблички ANPR, понатамошно засилување на оперативните капацитети за развој на стратегија за спроведување на истраги за можно присуство на криминал, примена на методологии и техники за присилно спроведување на законодавството и воспоставување на подобрена анализа на ризик и систем за управување со ризикот во оваа област, унапредување на ефектите од употребата на мобилните рентгенски скенери за контрола на големи возила и контејнери и софтверско поврзување на системите на мобилните рентген скенери, размена на податоци со соседни држави за пренос на пари и хартии од вредност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамки на на Проектот за интероперабилност на ИТ системот на Царинската управа на Република Македонија со царинските ИТ системи на ЕУ – NCTS и CCN/CSI, во 2013 година ќе бидат финализирани активностите за имплементација на нов компјутеризиран транзитен систем (финансирани со помош на IPA 2008), што опфаќаат: техничка помош во управувањето со имплементацијата на NCTS и развој на софтвер (имплементација на NCTS).

Со цел овозможување на функционална интерконекција со европските системи, во периодот на потпишување на Конвенцијата за заеднички транзит на Европската унија, потребно е поставување на CCN/CSI јазол. Тоа се однесува на поставување на комуникациона опрема со европските системи - CCN/CSI преку следните активности: воспоставување на тим за реализација на интерконекцијата, набавка на опремата, интеграција на CCN/CSI инфраструктурата и NCTS системот и инсталација на CCN/CSI hardware и software, задолжителни тестови за интерконекција за CCN/CSI и оперативни обуки за користење, CCN/CSI одржување и central help desk функционалности.

Царинската управа ја уважува препораката произлезена од Регионалниот проект за царински и даночни стандарди, која укажува на потребата да се продолжи со примена на SEED апликацијата.

Консолидирањето на системите за Управување со ризик на инспекциските органи во царинскиот систем за обработка на царински декларации е поставено како приоритет во .2013 година. Владата на Република Македонија усвои Елаборат за воведување единствен електронски систем за анализа на ризик при спроведувањето на контролите при увоз и транзит на стока – САР и Измени на Планот за имплементација на САР. Истите беа подготвени од Царинската управа, врз основа на претходна анализа и информации добиени во соработка со членовите на Работната група за Систем на анализа на ризик формирана од владата на Република Македонија.

Активностите околу централизирање на дигиталните слики со цел да се креира база на податоци за дигитална библиотека во која ќе можат да се прават пребарувања и која ќе содржи слики од сите заплени и скривалишта, ќе продолжат во насока на ставање во функција на оваа апликација.

Работната група за изработување на методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика каде Царинската управа има номинирано лице, ќе продолжи со работата за реализирање на задолжението – изработување на методологијата, во рамките на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, кое понатаму ќе го следи воспоставувањето на овој статистички систем.

Имплементиран е Интегриран информационен систем (IIS). За правилно и безбедно користење на системот донесени се кориснички упатства и прирачници. Во тек е надградување на истиот Системот опфаќа автоматизација на процесите на работа во сите организациони делови на Царинската управа. ИТ решението на IIS го сочинуваат повеќе модули, софтверски компоненти и решенија за нивно интегрирање како Систем за електронско управување на документи (EDMS) преку електронско архивирање и проследување на предметите, Систем за управување со човечки ресурси (HRM) и Систем за планирање на ресурси (ERP) за планирање на ресурсите и материјално и финансово работење. Посебно се обработени модулите Прием на кадрови, Мерење на учинок на вработените и Евиденција на анкетни листови за вработените. Се воведува потполна интеграција на податоците од системот за работно време и прекувремена работа со ERP системот за пресметка на платите за вработените во Царинската управа.

Во текот на 2013 година ќе започне имплементација на проектот BORDER. IN - Проект за развој на инфраструктура на граничните премини помеѓу Република Македонија и Република Грција во рамки на Програмата ИПА Компонента II- Прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција.

Проектот има за цел подобрување на објектите на граничниот премин Богородица, како и поставување на опрема за регулирање на сообраќајот – електронски рампи. Реализацијата на предвидените активности на граничниот премин ќе придонесе кон поголема функционалност, заштеда на средства за тековно одржување и функционирање на објектите, осовременување и зголемен квалитет на услугите за вработените и патниците – корисници на граничниот премин.

Во 2013 година предвидено е унапредување и зајакнување на капацитетот на Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација и соработката со научните институции.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се изврши натамошно изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со воведување на одредби за задолжителна употреба на електронска царинска декларација при спроведување на царинските постапки за пуштање на стока во слободен промет, царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола и привремен увоз.

Како среднорочен приоритет ќе се изврши измена и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри што се употребуваат со додавање на нови прилози со кои ќе се определи употребата и начинот на пополнување на царинските декларации изготвени со употреба на техника на електронска обработка на податоци при спроведување на царинските постапки за извоз, пуштање на стока во слободен промет, царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола и привремен увоз, како и употребата и начинот на пополнување на влезна и излезна збирна декларација.

Царинската контрола и примената на законите во доменот на контрола и истраги, ќе биде одразена во Националната Стратегија за спречување на нелегална трговија со оружје, која опфаќа изготвување на Национален акциски план за 2012 - 2017 година и која ќе претставува основа за Царината и за другите институции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе продолжат активностите за воспоставување на безбедни, интегрирани, интероперабилни и лесни за пристап електронски царински системи за размена на податоци од царински декларации и уверенија и за размена на други релевантни информации. Поедноставувањето на царинските постапки со електронско поднесување на декларации, електронското управување со информации пред пристигнување (*pre-arival*) и пред заминување (*pre-departure*), ќе се базира на одредбите на Одлуката на Европскиот Парламент и на Советот бр. 70/2008/ЕС, Регулативите на Европскиот Парламент и на Советот бр. 648/2005 и 450/2008 и Повеќегодишниот стратешки план за развој (Multi-Annual Strategic Plan-MASP) со што се дефинира планирањето на развојот на е-Царина во рамките на Модернизираниот царински закон.

Стратешката цел за воспоставување на безхартиена околина ќе биде обезбедена со имплементација на електронска декларација. Овој систем ќе обезбеди размена на податоци помеѓу царинските органи и економските оператори, како и помеѓу царинските органи и другите владини институции. Во рамките на имплементацијата на нов СОЦДАД предвидена е интерконекција со NCTS и ITE системите на ЕУ –што ќе биде реализирано преку проекти финансирани од ИПА 2008 и ИПА 2009. Со имплементирање на новиот Систем на обработка на податоци ќе се воведе и интегрирана царинска и статистичка номенклатура на EU TARIC (ТАРИМ), во насока на остварување на стратешките приоритети, како ште се зголемување на бројот на компании кои користат поедноставени постапки и засилувањето на механизмите на надзор. Предвидено е фазна испорака на СОЦДАД и тоа во следните фази: Систем за транзит и подсистемите на СОЦДАД,

Системи за увоз и контрола на увоз, Системи за извоз и контрола на извоз, Системи за управување со акцизи, заштита на интелектуална сопственост и царинска лабараторија, Финална СОЦДАД интеграција.

Во рамки на проектот Имплементација на Интегриран тарифен систем на Европската заедница (Community Integrated Tariff Environment – CITE), ќе бидат реализирани следниве активности (финансирани со помош од Програмата IPA 2009): техничка асистенција во управувањето со имплементацијата на ITE (Интегрирана Тарифна околина - Integrated Tariff Environment), имплементација на ITE и набавка на потребната опрема.

Ќе продолжат активностите за реорганизација на Службата за царинска лабораторија и делувања за подобрување на инфраструктурните и техничките услови во лабораторијата, докомплетирање на документацијата, усовршување на вработените за вршење на хемиски анализи согласно барањата на стандардот ИСО 17025, преку реализирање на обуки, меѓулабораториски тестови и соработка со други царински лаборатории, со поддршка на програмата Customs 2013 или други проекти.

Царинската управа ќе се залага за зголемување на капацитетот на граничните премини за откривање и заплена на дрога, имплементирање на Националната разузнавачка база на податоци, активно учество во воспоставување на Национален координативен центар за борба против организиран криминал и корупција и учество во воспоставување и примена на Националниот модел за криминалистичко разузнавање, изработка и воспоставување на системи за анализа на ризик во сите царинарници и царински испостави и инсталација на софтверската апликација за САР, учество во јавна кампања за Законот за акцизи во областа на промет со алкохолни пијалоци.

Ќе се интензивира соработката со RILO преку размена на информации, ќе се продолжи со внесување на предмети во CEN базата на податоци на Светска царинска организација и со учество во сите проекти и операции организирани од СЦО. Царинската управа ќе продолжи да учествува во проектот GLOBAL SHILELD, што е фокусиран на размена на информации за легалните увози, извози, транзити и трговија со високо ризични хемикалии и што ќе трае до крајот на 2014 година. Ќе учествува и во Програмата ARCHEO, како нова алатка за комуникација за континуирана размена на информации и соработка во областа на културното наследство. Соработката со ZKA – Балкан инфо и SELEC центарот ќе продолжи. Ќе се работи на добивање пристап во ADAM базата на податоци на UNODC.

Во рамки на програмата ИПА 2012-13 изработени се проектни фишеа за:

- надградба на царинските и инспекциските капацитети на граничниот премин Ќафасан, со цел унапредување на капацитетите на граничниот премин, олеснување на граничните формалности, обезбедување подобри услуги за економските оператори за побрзо пренесување на стоките преку граница и натамошно унапредување на безбедноста на државата.

- надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце, со цел да се придонесе кон олеснување на прекуграничните процедури и спроведување на законодавството преку надградба на објектите за царинење и инспекција на стока, со што ќе се овозможат подобри услуги во корист на економските оператори за побрзо движење на нивните стоки преку граница, како и подобрена заштита на државата и на општеството.
- засилување на оперативните и инситуционалните капацитети на Царинксата управа и набавка на опрема за лабораторија.за спроведување на законодавството на ЕУ преку развој на ефикасни и ефективни контроли Проектот има за цел дополнително засилување на институционалните и административните капацитети на Царинската управа и да ги исполни барањата на ЕУ во спроведувањето на Acquis во областа на царината за да се спречи недозволената трговија на стока,олеснување на трговијата и воведување на понатамошно подобрување на организацијата и управувањето преку примена на усвоените стратегии за понатамошен развој на царинското работење и царинските постапки.

## 3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

### 3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Република Македонија во 2012 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ЦЕФТА и другите спогодби за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Исто така, се продолжи со доставување на нотификации во СТО за мерките кои беа преземени во областа на трговската политика, со цел за спроведување на обврските кои произлегуваат од мултилатералните спогодби за трговија со стоки. За преземените привремените мерки од областа на трговската политика, се информираа и надлежните служби на Европската комисија согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Во врска со тековната рунда на мултилатерални трговски преговори кои се водат во СТО - *Развојна агенда од Доха* (Doha Development Agenda), Република Македонија има статус на земји членки кои скоро пристапија (RAM - Recently Acceded Members) од кои нема да се бара да преземаат натамошни постапки, како што се во земјоделството и NAMA (Non Agricultural Market Access). Во другите области за кои се водат преговори, Република Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, продолжи да ги координира и усогласува своите ставови со ставовите на ЕУ.

Република Македонија од почетокот на 2012 година активно беше вклучена во имплементација на приоритетите по Програмата на претседавачот за ЦЕФТА 2006, Република Албанија. Во 2012 година одржани се два стратегиски состаноци, еден административен состанок за соработка во делот на царинските прашања, потоа состанок на заменици министри за економија /трговија на земјите на ЦЕФТА, состанок на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА и еден Специјален (Вонреден) Мешовит комитет.
Исто така одржани се состаноци на трите поткомитети и тоа Поткомитетот за земјоделие, санитарни и фитосанитарни прашања, два состаноци на Поткомитетот за царини и правила за потекло и Поткомитетот за нетарифни и технички бариери во трговијата. Во делот на работните групи одржани се два состаноци на РГ за технички бариери во трговијата во рамки на состаноците на Надзорниот комитет на Проектот за инфраструктура на квалите, како и три состаноци на РГ за услугите. Покрај тоа Претседавачот со ЦЕФТА организира повеќе настани со комплементарни содржини во рамки на ЦЕФТА како што се Воркшоп за трговска либерализација, состанок за ЦЕФТА мрежата за правилата на потекло, Воркшоп на мапите за процесуирање на ланците за снабдување во агро бизнисот и низа на настани во рамки на ЦЕФТА неделата. Исто така одржани се неколку состаноци на Task force за Трговскиот веб портал. На Мешовитиот комитет одржан во м. ноември, министрите за економија /трговија на земјите членки на ЦЕФТА ги усвоија Министерските заклучоци кои го опфаќаат функционирањето на Договорот меѓу два мешовити комитети. Се разгледа прашањата за: функционирањето на ЦЕФТА Секретаријатот, Депозитар и беа усвоени и две министерски одлуки и препорака.
Во телата на ЦЕФТА расправано е за елиминирање на нетарифните бариери и техничките бариери во трговијата на ЦЕФТА земјите согласно ревидираните индикатори во рамки на втората фаза на Проектот на ОЕЦД за мултилатералната мониторинг рамка за елиминирање на нетарифните бариери на ЦЕФТА земјите. Во рамки на реализирањето на Проектот за трговскиот веб портал, се дефинирани прашањата околу одржувањето на Порталот по септември 2012 година кога одржувањето на истиот премина во надлежност на земјите членки. Исто така конципирани се повеќе аспекти кои ќе бидат застапени на Порталот како и дефинирано е техничкото подобрување на содржините. Во тек е конципирање на Предлог Акциониот план за Трговскиот веб портал за 2013 година.

Во 2012 година започна со реализација проектот на IFC за трговска логистика кој има за цел да се редуцираат и елиминираат непотребните активности и документи кои ја попречуваат регионалната трговија.
Исто така во оваа година се имплементира Дополнителниот Протокол на ЦЕФТА 2006 во врска со либерализација на трговијата со земјоделско прехранбени производи кој влезе во сила на 13 ноември 2011 година, а билатерално со Р.Молдова на 13.1.2012 година.

Остварени се билатерални контакти со некои земји на ЦЕФТА со цел елиминирање на воведени нетарифни бариери во билатералната трговија кои резултираа со елиминирање на бариерите .

Имајќи ги предвид предностите од воспоставување на поголема слобода во трговијата со услуги во регионот, во рамки на ЦЕФТА , во 2012 се спроведоа активности за оцена на потенцијалите за дополнителна либерализација на услугите меѓу земјите членки на ЦЕФТА. Согласно со ЦЕФТА Договорот се спроведе анализа на отвореноста на пазарите на услуги и идентификација на регулаторните бариери во трговијата со услуги. Резултатите од анализата укажаа на можност за натамошна либерализација на трговијата со услуги со цел поуспешна интеграција на земјите во глобалните пазари на услуги. Во таа насока во 2013 се планираат активности за започнување на процесот за натамошна либерализација: утврдување на заеднички приоритетни услужни сектори кои имаат потенцијал за либерализација како и временска рамка, опфат, формат и фактори кои треба да се земат предвид во процесот на либерализација**.**

Република Македонија ја ратификува Регионалната Конвенцијата за Пан–евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките и истата е објавена во Сл.весник на Република Македонија бр.66/2012. Советот на ЕУ извести дека оваа Конвенција влегува во сила од 01 август 2012 година. Со влегување во сила на оваа Конвенција Република Македонија ќе може да применува преференцијални правила на Пан-евро-мед кумулацијата во рамки на конвенцијата со земјите со кои има склучено договори за слободна трговија, а кои се потписнички на наведената конвенција, а тоа се членки на ЕУ, ЕФТА земјите, земјите од процесот на стабилизација и асоцијација (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора и Србија) и Република Турција. Со медитеранските земји односно земјите од барцелонскиот процес (Алжир, Египет, Израел, Јордан, Либан, Мароко, Сирија, Тунис, Палестина), преференцијални правила за потекло на стоките по Регионалната Конвенција ќе важат по склучувањето на договори за слободна трговија. Согласно на ова доставени се до земјите од барцелонскиот процес предлози за склучување на договори за слободна трговија.

Во тек се нови преговори за измена и ревизија на делот на потеклото за стоките кои се вршат во рамки на Пан–евро-мед. Работна група составена од претставници на членките на ЦЕФТА, ЕФТА, ЕУ, Р. Турција и медитеранските земји а по иницијатива и супервизија на Европската комисија.

Од 1.1.2012г. започна да се применува дијагоналната кумулација со која се регулираат правилата за потеклото помеѓу Р.Македонија, Р.Албанија, Црна Гора, Р.Хрватска и Р.Србија од една страна и земјите на ЕФТА.

Изготвена е Платформа со преговарачки позиции по Протоколот за проширување кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија со пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ.

Во 2012 годината успешно се применуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба (Сл. весник на РМ бр. 158/2010).
Во областа на режимот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во 2012 година, отпочната е постапката за изменување *на Листата на стоки и технологии со двојна употреба* согласно регулативата на Советот ( ЕЗ) 388/12 од 19 април 2012.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни институции за спроведување на трговската политика во Република Македонија се Министерството за економија, Министерството за финансии и Царинската управа на РМ.

Со цел јакнење на административните капацитети, во 2012 година вработените од Министерството за економија од Секторот за меѓународна трговска соработка учествуваа на обуки организирани од Светската трговска организација во делот на регионална трговска соработка и во делот на за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба организирани од Европска Комисија и БАФА.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2013 г. Република Македонија ке претседава со Поткомитетот за нетарифни и технички бариери во трговијата на ЦЕФТА земјите и со Поткомитетот за царини и правила за потекло.
Исто така во овој период активно ќе биде вклучена во имплементација на приоритетите по Програмата на претседавачот Босна и Херцеговина, за ЦЕФТА 2006 во 2013 година.
Исто така ќе се превземаат активности за реализација на Акциониот план за функционирање на Трговскиот веб портал со цел транспарентност во информирањето на бизнис заедницата.

Во рамките на ЦЕФТА во 2013 година, се планираат активности за започнување на процесот за натамошна либерализација на услугите преку утврдување на заеднички приоритетни услужни сектори кои имаат потенцијал за либерализација како и временска рамка, опфат, формат и фактори кои треба да се земат предвид во процесот на либерализација**.**

Согласно обврската која произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, во 2013 година ќе се водат преговори за дефинирање на Протоколот за проширување кон ССА, со цел да се земе предвид пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ. Со Протоколот ќе се ревидираат постојните концесии за земјоделско-прехранбените производи и рибите, со цел да не се нарушат традиционалните трговски текови помеѓу Република Македонија и Република Хрватска.

Во областа на режимот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во месец јануар 2013 година, ќе се донесе Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии со двојна употреба, која ќе биде усогласена со Анексот I, од Регулативата на Советот (ЕЗ) број 388/12 од 19 април 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Царинската управа, во соработка со Министерството за надворешни работи се надлежни за претседавањето на РМ со двата поткомитети на ЦЕФТА во 2013г.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во наредниот период Република Македонија ке се вклучи во имплементација на ЦЕФТА 2006 од аспект на обврските на земјите членки согласно процесот на пристапување кон ЕУ. Во 2014година Република Македонија ќе претседава со ЦЕФТА 2006, при што ке биде изготвена Програма со приоритети согласно Договорот. Исто така во 2014година Република Македонија ке претседава со Поткомитетот за земјоделие, санитарни и фитосанитарни прашања.

По завршување на преговорите за измена и ревизија на делот на потеклото за стоките кои се вршат во рамки на Пан–евро-мед. Работна група, Регионалната Конвенцијата за Пан–евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките, за Република Македонија до 2015 година, создава

обврска за измена на текстот на сите постоечки протоколи за потекло на стоки во префренцијалните трговски договори ( Договори за слободна трговија) што досега ги има склучено. Во иднина при склучување на нови договори за слободна трговија, протоколите за потекло нема да бидат составен дел од договорите, туку со примена на оваа Конвенција ќе може да се применуваат унифицираните правила за потекло.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка, Министерството за надворешни работи се надлежни за претседавањето на РМ со ЦЕФТА во 2014година, а Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија за претседавањето со Поткомитетот за земјоделие, санитарни и фитосанитарни прашања. Во делот на измена на протоколите за потекло на стоки во Договорите за слободна трговија носители на активноста се Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Царинската управа на Република Македонија.

### 3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии - Секторот за финансиски систем, се надлежни за билатералните договори со трети земји.

Република Македонија има склучено и имплементира 32 билатерални договори за трговско- економска соработка од кои 6 со земјите членки на ЕУ а со останатите се билатерални договори со трети земји , кои ќе треба да се усогласат со обврските што произлегуваат од членството во ЕУ.

Во 2012 година е потпишан и ратификуван од македонска страна ( Сл. весник бр. 139/2012) Договорот помеѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Казахстан за трговско-економска соработка .

Република Македонија досега има потпишано 37 билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции. Од потпишаните договори, 33 договори се стапени во сила, додека 4 договори се ратификувани од Собранието на Република Македонија и се чека известување од соодветните договорни страни дека интерните процедури за ратификација во нивните земји се завршени како би можеле и овие договори да стапат во сила.

Од вкупниот број потпишани договори, 16 договори се потпишани со земји членки на Европската Унија и сите 16 договори се стапени во сила.

До крајот на 2012 година се очекува потпишување на Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Израел и Република Македонија и Косово.

Во текот на 2012 година беше ратификуван Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Катар.

Во 2012 година два Договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции стапија во сила и тоа Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Литванија и меѓу Република Македонија и Кралствтото Мароко.

Во првата половина на 2012 година беа одржани преговори за усогласување на текстот на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Казахстан. На преговорите Договорот беше парафиран и истиот веќе е  потпишан. Следи негова ратификација од страна на двете држави.

Во октомври 2012 година се одржа првата рунда на преговори меѓу Република Македонија и Туркменистан. Текстот е делумно усогласен и потребно е одржување на втора рунда на преговори. Во ноември 2012 година се одржаа преговори на кои се парафираше Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Виетнам. Во тек се интерни процедури од двете земји потребни за потпишување на текстот на Договорот.

До крајот на 2012 година се очекува одржување на прва рунда на преговори за усогласување на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Азербејџан и завршување на постапката за доусогласување и парафирање на Протоколот за измени и дополнувања на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија -  Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии – Секторот за финансиски систем, се надлежни за усогласување и парафирање на билатералните договори со трети земји.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе продолжи со активностите за анализирање и имплементација на договорите за трговска и економска соработка кои се веќе потпишани и влезени во сила, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди временска рамка на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.
Во делот на усогласување со законодавството на ЕУ потребно е да се усогласи Договорот за трговија и стопанска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

Договорот помеѓу  Владата на  Република Македонија и Владата на Романија за економска, научна и техничка соработка се очекува да се ратификува во 2013година.

Во  2013 година се очекува да продолжат  преговорите за усогласување на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Азербејџан и потпишување на  Протоколот за измени и дополнувања на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

### 3.30.3.4. РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во текот на 2012 не е регистрирана развојна помош на Република Македонија спрема трети земји.

Во 2012 година, Одделението за развојна и хуманитарна помош во рамките на Министерството за надворешни работи нема реализирано активности за доделување на хуманитарна помош за трети земји.

Одделението за развојна и хуманитарна помош, во Секторот за економски мултилатерални односи - Директорат за економска дипломатија во Министерството за надворешни работи е надлежно за следење и креирање на политиката во делот на развојната и хуманитарната помош.

#### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во 2013 година се предвидува формирање на меѓуресорско тело со цел изнаоѓање на најсоодветен институционален модел за регулирање на делот на развојна помош. Во таа насока предвидено е донесување на Закон за спроведување на развојната политика, усогласен со законодавството на ЕУ од оваа област.

#### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Покрај донесувањето на Законот за спроведување на развојната политика, потребно е да се дефинираат јасни критериуми за определување на потесен круг на земји со кои Република Македонија би воспоставила долгорочна соработка. Дополнително, во 2015 година ќе биде утврдена и донесена методологија за пресметување на дадената помош, а ќе се воведе и механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош. Исто така, во 2015 година ќе биде подготвена и Стратегија за давање развојна помош.

Воедно, планирано е да се воспостави соработка на невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

Во делот на хуманитарната помош предвидено е прифаќање на Регулативата 31996R1257 за хуманитарна помош.. Исто така се планира усогласување со Европскиот консензус за хуманитарна помош 52007DC0317.

Планирано е зајакнување на постоечките административни капацитети со нови вработувања на Одделението за развојна и хуманитарна помош.

#### ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во 2012 немаше донесување на нови или измена на постоечките прописи во делот на заштитата и спасувањето.

Во поглед на склучувањето на билатералните договори за меѓусебна соработка во случај на катастрофи со земјите од регионот и пошироко, во 2012 година продолжија разговорите со Италија, Русија и Србија. Во зависност од исходот на овие разговори се очекува и потпишување на истите во 2013. Во април 2012 Владата на Република Македонија ја усвои Предлог- Спогодбата за соработка во случај на катастрофи со Република Бугарија и го ополномошти Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување истата да ја потпише. Во меѓувреме(Ноември 2012) Република Бугарија достави нови измени на Предлог-Спогодбата со што потпишувањето се одлага за наредниот период.
Меморандумот за разбирање за учество на Република Македонија во Механизмот за цивилна заштита на Европската Унија и Финансискиот инструмент за цивилна заштита кој беше потпишан во 2011 година е ратификуван од Собранието на Република Македонија во јануари 2012 година. Со тоа од 31.01.2012 година Република Македонија е 32-та членка на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Како резултат на членството во Механизмот за цивилна заштита во 2012 реализирани се:

| **Р.бр.** | **Вид на активност** | **Бр. на активности** | **Бр. на учесници** |
|---|---|---|---|
| 1. | Состаноци на Комитетот за цивилна заштита | 1 | 1 |
| 2. | Состаноци на Генерални Директори | 2 | 1 |
| 3. | Меѓународна вежба | 1 | 1 |
| 4. | Информативен ден | 1 | 1 |
| 5. | Официјална посета / Церемонија | 1 | 1 |
| 6. | Курсеви | 5 | 6 |
| | **Вкупно** | **11** | **11** |

Соработката со ЕК продолжи и во рамките на реализација на ИПА проектот за соработка на земјите кандидати за членство и земјите потенцијални кандидати во делот на цивилната заштита. Во таа насока реализирани се:

| **Р.бр.** | **Вид на активност** | **Бр. на активности** | **Бр. на учесници** |
|---|---|---|---|
| 1. | Состаноци на националните тренинг координатори | 1 | 2 |
| 2. | Меѓународна вежба | 2 | 26 |
| 3. | Командно-штабни вежби | 1 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Курсеви | 8 | 16 |
| 5. | Размена на експерти | 6 | 6 |
| 6. | Работилници | 3 | 7 |
| | **Вкупно** | **21** | **60** |

Соработката воспоставена во 2010 година со Данската агенција за управување со вонредни ситуации продолжи и во 2012 година. Во 2012-та се продолжи со семинарите на локално ниво започнати во 2011 година во насока на зајакнување на капацитетите на општинските администрации за изработка на процена на ризици од катастрофи. Со реализација на семинарите во Велес (Октомври 2012) и Кавадарци (Ноември 2012) ќе се покријат вкупно 38 општини во оваа фаза по што во 2013 година ќе се продолжи и со останатите. Целта на овие обуки е примена на нови начини и методи за работа при изработка на процена на ризици од катастрофи користејќи ги искуствата на Кралството Данска.

Во рамките на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи за Југоисточна Европа, Дирекцијата за заштита и спасување продолжи со учество на регионалните состаноци но и во рамките на Тренинг програмата за 2012 години. Во таа насока реализирани се 13 обуки од најразлични области со вкупно 36 учесници од Република Македонија. За истакнување е дека учесниците на овие обуки не се само вработени во Дирекцијата за заштита и спасување туку и пожарникари, членови на Црвен Крст, Планинарска федерација итн. Во рамките на оваа Тренинг програма Република Македонија беше и домаќин на еден настан на тематика „Намалување на ризици од катастрофи во Југоисточна Европа“ одржан во х.Холидеј Ин во периодот од 28.01-03.02.2012 година.

Во 2012 година силите за заштита и спасување беа испратени на вежбовни активности во Хрватска во рамките ЕУ и во Грузија во рамките на НАТО/ПзМ. Вежбите беа искористени со цел увежбување на процедурите за давање на меѓународна помош а преку практична работа, силите за заштита и спасување, имаа прилика да ја покажат својата спремност и обученост за дејствување во вистински ситуации на подрачја погодени од поплава и земјотрес.

Како дел од активностите на Министерството за одбрана во делот на СЕДМ процесот,во периодот од 15-19.10.2012 година, Дирекцијата за заштита и спасување зеде учество на компјутерски асистираната вежба СЕЕСИМ 2012 каде се увежбуваше одговор на регионални закани поврзани со природни непогоди и тероризам.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

2013 е годината кога завршува важноста на Националната стратегија за заштита и спасување. Имено, согласно чл.8 од Законот за заштита и спасување, Собранието на Република Македонија донесува Национална стратегија за заштита и спасување за временски период од 5 години. Националната стратегија за заштита и спасување се прави со цел поставување на долгорочна визија за системот за заштита и спасување.

Дополнително ќе се пристапи и кон измена и дополна на останатата правна регулатива а согласно искуствата од учеството на Република Македонија во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ и прописите кои за нас се обврзувачки во оваа сфера.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Зајакнувањето на институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита и спасување ќе се врши преку континуирана обука на вработените и силите за заштита и спасување. За 2013 година во Јуни предвидено е

учество на меѓународната вежба SHARED RESILIENCE 13 која ќе се одржи на Армискиот Полигон Криволак. Дополнително, Дирекцијата за заштита и спасување во континуитет наназад учествува и на меѓународните вежби во рамките на НАТО/ПзМ иако во моментов на пишување на овој документ сеуште нема утврдено земја домаќин.
Ќе се продолжи и со активностите во рамките на ЕУ и тоа во делот на Механизмот за цивилна заштита и во делот на продолжување на проектот за пред-пристапна помош за земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во делот на цивилната заштита.
Во рамките на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи за Југоисточна Европа ќе се продолжи со учество во Тренинг програмата за 2013 година. На последниот состанок на шефови на служби на институциите за цивилна заштита за Југоисточна Европа во Сараево (13-14.11.2012), беше разговарано за Тренинг програмата за 2013 година. Истата треба да биде утврдена на наредниот состанок во Март 2013. Дирекцијата за заштита и спасување се пријави да биде домаќин на три тренинг активности и тоа за: 1)Улогата на осигурувањето од ризици од катастрофи како превентивна мерка; 2)Климатските промени и намалувањето на ризици од катастрофи и 3)Начинот на пополна и употреба на тимовите за спасување од урнатини во случај на земјотрес.
Во 2013 година Република Македонија е земја претседавач со Процесот за Соработка на Југоисточна Европа. Во таа насока Претседателот на Република Македонија ќе организира состанок на шефови на држави на Југоисточна Европа на 1ви Јуни 2013 каде ќе се дискутира за прашања поврзани со намалувањето на ризиците од катастрофи и нивната поврзаност со климатските промени. Дополнително, 2013 е година кога се одбележува 50 години од земјотресот во Скопје па во таа насока ќе бидат организирани повеќе различни интер-секторски активности кои несомнено ќе бидат во насока на јакнење на поставеноста на системот за заштита и спасување во целина.
Согласно Меморандумот за соработка со Данската агенција за управување со вонредни ситуации и во 2013 година ќе се продолжи со активности во делот на обука за изработка на процена на ризици и применување на концептот за сеопфатно планирање за катастрофи.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Ќе се продолжи со усовршување на постоечката законска и подзаконска регулатива, а ќе се работи и на донесување на нови прописи од делот на заштитата и спасувањето.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со набавка на опрема и спроведување обуки за потребите на тимовите за брз одговор, Републичките сили за заштита и спасување, а ќе се обезбеди и учество на претставници на Дирекцијата за заштита и спасување на меѓународни вежби, семинари и обуки.

**Управување со кризи**

**Тековни активности**

1. Учество во ИПА Програма за "Соработка во областа на цивилната заштита за земјите кандидати и потенцијалните кандидати"

Генералниот Директорат на Европската Унија за хуманитарна помош и цивилна заштита ја одобри ИПА Програмата "Соработка во областа на цивилната заштита за земјите кандидати и потенцијалните кандидати" (2011-2013), со цел приближување на земјите од Западен Балкан и Турција до Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Во период од септември 2011 до 2013 година се организираат обуки, вежби и работилници.

Истите се наменети за воведување на учесниците во основните принципи на функционирање на Механизмот на Цивилна заштита на ЕУ:

- Прием на меѓународна помош (Подршка на Земјата Домаќин во рамките на управување со катастрофи од меѓународен карактер)
- Обезбедување на помош за поддршка на погодената земја/земја која бара помош (во рамките на управување со катастрофи од меѓународен карактер)
- Учество на тимови за интервенција во регионални вежби
- Работилници за идентификација на клучни теми: обзбедување помош за време на катастрофа и поддршка од земјата-домаќин , систем за рано предупредување, развој на 112-системи, размена на најдобри практики на полето на цивилната заштита и развој на системи за научени лекции, пристап кон ИПА Програмите за проекти од областа на цивилната заштита и Механизам за цивилна заштита.

**Донаторска помош**

**Тековни активности реализирани во 2012 година**

Реализирани се активности во рамките на проектната соработка со JICA на проектот "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари" (воспоставен е систем за следење и анализирање, воспоставена е ВЕБ платформа и др.)

**Краткорочни активности планирани за 2013 година**

Преку проектот "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари" се планираат активности во однос на креирање на апликативни карти со кои ќе може да се направи полесна детекција на жаришта, процена на штети и останати параметри во однос на управување со шумски пожари.

**Среднорочни приоритети – активности планирани во 2014 година**

Завршување на активностите и евалуација на успехот на проектот во соработка со JICA "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари".

## 3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

### 3.31.1 ЗАЕДНИЧКА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Правната рамка ја сочинуваат Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Спогодбата за воспоставување рамка за учество на Република Македонија во операциите на ЕУ за управување со кризи, Законот за одбрана, Законот за полиција, Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, како и нивните подзаконски акти.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Институционалната рамка ја сочинуваат: (1) Одделението за Заедничка надворешна одбранбена политика и помошник раководител на сектор во рамките на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи; (2) Одделението за Заедничка безбедносна одбранбена политика во Министерството за одбрана; и (3) Одделение за соработка со НАТО и безбедност на класифицирани информации, во рамки на Секторот за полиција и криминалистички работи во Бирото за јавна безбедност, како и Меѓуресорската комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Република Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации.

Република Македонија учествува на состаноците за политички дијалог на Високиот Претставник на ЕУ со министрите за одбрана на земјите-кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ, како и на неформалните состаноци на министрите за одбрана на ЕУ во формат +8, на состаноците на Политичко безбедносниот комитет (ПБК) на ЕУ во формат ПБК на ЕУ +8 или +10, на состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ, во формат ВК на ЕУ+8, на состаноците на Комитетот на контрибутори во операцијата на ЕУ во БиХ, АЛТЕА, и на Координативните конференции за Борбените групи на ЕУ. Учествува во САД-Јадранската група земји (А-5 формат), во СЕДМ-процесот и Мултинационалната бригада од Југоисточна Европа чиј сегашен командант е генерал на АРМ а исто така и во во EUFOR ALTHEA и во Борбената група на ЕУ II/2012.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Подготовка на подзаконски акт за упатување полициски службеници во меѓународни мисии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Остварување соработка со релевантни институции на ЕУ и земјите-членки; остварување на билатерална соработка и склучување на билатерални договори и меморандуми за разбирање со повеќе земји за користење на искуството за подготовки за учество на полициски службеници во меѓународни мисии.

Ќе се продолжи со обуките на полициски персонал со цел зајакнување на капацитетите за учество во мировни мисии; ќе се обезбеди учество во програмите за обука на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ наменети за ЗБОП. Ќе се користи поддршката на инструментот TAIEX како и билатерална помош.; ќе биде подготвена анализа за реперкусиите врз учеството на Република Македонија во ЗБОП по стапувањето во сила на Лисабонскиот договор.

Република Македонија ќе продолжи да учествува на состаноците за политички дијалог  за ЗБОП со ЕУ; ќе претседава со Јадранската група (А-5) и ќе продолжи со учеството во СЕДМ-процесот и Мултинационалната бригада од Југоисточна Европа.Придонесот на Република Македонија во EUFOR ALTHEA ќе продолжи и во текот на 2013 год.

Министерството за внатрешни работи ќе продолжи со подготовките за создавање на неоходните институционални и кадровски капацитети за идно учество во мисии реализирани во рамките на ЗБОП.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Република Македонија и во наредниот среднорочен период ќе продолжи со учеството во мисии и операции во рамките на ЗБОП.

Вклучување на  меморандуми за разбирање за користење на искуството за подготовки за учество на полициски службеници во меѓународни мисии.

Ќе бидат преземени активности за обезбедување на учество на претставници од Република Македонија во програмите за обука од областа на ЗБОП.

### 3.31.2 ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за учество на Република Македонија во ЗНБП ја сочинуваат Уставот на Република Македонија, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за надворешни работи, Законот за одбрана,  Закон за класифицирани информации, Законот за меѓународни рестриктивни мерки, Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, релевантните подзаконски акти како и Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ (ССА) и билатералните спогодби за размена и заштита на класифицирани информации со ЕУ, НАТО, Словенија, Полска, Франција, Хрватска, Естонија, Бугарија, Украина, Албанија, Чешка, Словачка и Германија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Се одржува редовен политички дијалог со ЕУ во рамките на ССА, неформалните министерски состаноци на ЕУ со земјите-кандидати во формат Gymnich, експертските консултации на земјите-кандидати со ЕСНР за

прашања поврзани со човековите права и со агендата на Обединетите нации, итн. . Од 1 септември 2012 до 1 јануари 2013, Република Македонија претседава со Форумот за соработка во безбедноста (Forum for Security Cooperation) на ОБСЕ; истакна кандидатура за членство во Советот за човекови права за периодот 2014-2016 год.

Република Македонија редовно подготвува национални извештаи за имплементација на Заедничката позиција на Советот 2008/944/ЗНБП од 8.12.2008 за заедничките правила за контролата на извозот на воена технологија и опрема, како и за спроведување на Акциониот план на ОН за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија на мало и лесно оружје во сите негови аспекти .Националната комисија за мало и лесно оружје, продолжува со извршување на своите активности (повеќе информации во врска со малото и лесно оружје во Поглавјето 24). Во 2012 формирано е Национално координативно тело (НКТ) за хемиско, биолошко радиационо и нуклеарно оружје со свој претседавач од МНР.

Република Македонија редовно се придружува кон одлуките на ЕУ, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица а Координативното тело го следи на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки. Доставата на класифицирани документи меѓу ЕУ и Република Македонија се одвива преку курирска служба. Се очекува Република Македонија да биде известена од ЕУ за инсталирање на нова комуникациска мрежа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2013 година ќе продолжат активностите за склучување билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации со земји-членки и со земји-кандидати (Италија, Шпанија, Србија), но и со други европски земји.

Во 2013 се планира усвојување на измени и дополнувања на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, во делот на посредување, транзит, offset програмата и нематеријалниот трансфер, како и Воената листа.

Во 2013 се планира усвојување на измени и дополнувања на Законот за класифицирани информации во доменот на информатичката безбедност со особен акцент на криптозаштитата, како и донесување на нова Уредба за криптозаштита.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Обука на извршителите од Одделението за ЗНБП и од Одделението за контрола на оружјето во Министерството за надворешни работи. ДБКИ ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации, вклучително и преку соработка со земји-членки на ЕУ. Планирани се и студиски посети на теми како имплементација на меѓународните рестриктивни мерки.

3. Ќе се подготви Анализа за реперкусиите врз учеството на Република Македонија во ЗНБП по стапувањето во сила на Лисабонскиот договор како и Анализа на потребните активности за хармонизација во доменот на превенцијата на конфликти.

Во текот на 2013 година ќе биде изготвен Национален акциски план за имплементација на резолуцијата на СБ на ОН 1540.

Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ. Во 2013 година ќе продолжи со придружување/прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП; свој активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.), како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од глобалните закани на денешнината.

Република Македонија ќе продолжи со активностите за членство во Аранжманот Васенар, Австралиската група и Групата на нуклеарни снабдувачи.

Во раамките на Форумот на националните безбедносни авторитети на земјите од Југоисточна Европа (SEENSA), Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ќе ги интензивира своите активности со акцент на Тематската работна група за обуки на националните безбедносни авторитети на земјите од Југоисточна Европа (SEENSA TWG), во којашто водечка улога има Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

#### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### ПРАВНА РАМКА

Продолжување со напорите за изнаоѓање решение за укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на Билатералниот договор со САД за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со Водечките принципи на ЕУ како и продолжување со активностите за зачленување во Аранжманот Васенар, Австралиската група и Групата на нуклеарни снабдувачи.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се спроведува континуирана обука за ЗНБП на извршителите во министерствата и институциите вклучени во имплементацијата на оваа политика на ЕУ - организирање на обуки и студиски посети во земји членки на ЕУ со цел размена на искуства во однос на ефикасна имплементација на меѓународни рестриктивни мерки. Континуирана едукација на корисниците на класифицирани информации во државните органи и институции и во јавните и приватните правни лица; активности за издавање безбедносни сертификати на физички и правни лица; Унапредување на курирската служба за прием и отстапување на користење класифицирани информации со повисок степен на класификација; Интензивирање на соработката со националните безбедносни авторитети од регионот преку Регионалниот центар за соработка на ЕУ.

## 3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

### 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Со воспоставување на сеопфатен систем на внатрешни финансиски контроли во јавниот сектор, ќе се унапреди имплементацијата на стабилен финансиски систем на управување и конторла на јавните средства и истовремено ќе се зајакне капацитетот на земјата за управување и користење на фондовите на ЕУ. Министерството за финансии, односно Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола како Централната единица за хармонизација е надлежен за воспоставување, спроведување, координација на развојот, и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола. Раководителите на субјектите од јавниот сектор се одговорни за имплементација на системот на јавна внатрешна финансиска контрола, во релевантните институции со кои раководат.

Во последните години во Република Македонија направен е добар напредок, имајќи во предвид дека се донесени сите подзаконски акти соглано Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, и истите се имплементираат. Основани се единици за финансиски прашања (ЕФП) голем дел од субјетитте од јавниот сектор, а функцијата на внатрешна ревизија станува се попрофесионална, како резултат на контунирана професионална надградба и обука на назначените внатешни ревизори.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за финансии ќе изготви Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за 2013 и 2015 година, која ќе биде донесена до крајот на март 2013 година. Со овој документ ќе се дефинираат основните принципи на ЈВФК и добрите практики, ќе биде презентирана гап анализата помеѓу "стандардите" и праксата во јавниот сектор и мерките кои ќе го подобрат спроведувањето на ЈВФК во Република Македонија.

До крајот на мај 2013 година, ќе бидат донесени Измените и дополнувањата на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Со измените ќе бидат утврдени критериуми за основање единици за финансиски прашања, а ќе бидат изменети критериумите за основање на единици за внатрешна ревизија во јавниот сектор. Исто така, ќе биде утврдена обврска за формирање на ревизорски комитети во институциите од јавниот сектор и други прашања.

До крајот на март 2013 година, ќе биде донесен Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор со кој ќе бидат уредени начелата, надлежноста, организацијата на финансиската инспекција во јавниот сектор, како и постапката за вршење на финансиската инспекција и надоместувањето на нанесена штета.

**ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси со кој е регулиран децентрализираниот систем на управување со јавните средства стапи во сила на 1 септември 2011 година, а неговата практична примена започна од 01.01.2012 година, со донесување на решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет и решенија за генерални овластувања за преземање на финансиски обврски и за овластени лица за плаќање.

Со воведување на стабилно финансиско управување и контрола во јавниот сектор се очекува да се подобри подготовката на буџетот и да се олесни неговото извршување. Во оваа насока, одговорноста на раководителите на субјектите ,ќе биде концентрирана на изготвување и прилагодување на веќе изготвените или договорени планови, програми и проекти.

Единицата за финансиски прашања во секој субјект од јавниот сектор од "финансиска администрација" која претходно беше одговорна за сметководствената евиденција на настани кои се случиле, ќе прерасне во клучен актер во координацијата на развојот на финансиско управување во субјектот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од вкупно 75 институции од извршната, законодавната и судската власт прва линија буџетски корисници, 45 институции ја завршија постапката за основање посебна организациона единица за финансиски прашања (60%), а во 36 институции се назначени раководители на единици за финансиски прашања (48%).

Обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполниле 59 институции на централно ниво (79%).

Од вкупно 85 единици на локална самоуправа вклучително и Градот Скопје, 38 институции ја завршија постапката за основање посебна организациона единица за финансиски прашања (45%). Раководители на единиците за финансиски прашања се назначени во 31 единица на локална самоуправа (36.5%).

Обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполниле 58 единици на локална самоуправа (68.2%).

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии ќе биде спроведено со функционирање на Комитетот за финансиско управување и контрола како советодавно тело на министерот за финансии. Во 2013 година во рамки на Твининг проектот ќе бидат зајакнати капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку спроведување на обуки за вработените.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите од јавниот сектор**

Во 2013 година во прв приоритет ќе бидат основани единици за финансиски прашања и назначени раководители на истите во сите министерства, фондови и поголемите директни буџетски корисници.

Институционалните капацитети за финансиско управување и контрола на централно и локално ниво ќе бидат зајакнати преку поединечни работилници за функционирањето на децентрализираниот систем на управување со јавните средства во 7 министерства и 5 општини.

### СТРАНСКА ПОМОШ

Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на системот за финансиско управување и контрола на централно ниво ќе се реализира со имплементацијата на Твининг проектот „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“ кој започна со реализација во февруари 2011 година и ќе трае до февруари 2013 година. Истиот е финансиран од ЕУ во рамки на IPA 2008.

Во рамки на овој проект ќе бидат спроведени обуки за финансиско управување и контрола за раководството и вработените во 25 субјекти на централно ниво и во 40 единици на локална самоуправа.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во 2014 година ќе бидат преземени мерки за зајакнување на капацитетите во институциите од централна власт во кои не се формирани и екипирани единици за финансиски прашања и не се назначени раководители.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Функцијата на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија ја извршуваат единици за внатрешна ревизија основани во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво, а хармонизацијата на внатрешната ревизија ја спроведува Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во рамките на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Кај субјектите од јавниот сектор основани се вкупно 135 единици за внатрешна ревизија од кои 73 единици кај субјектите на централно ниво и 62 единици кај субјектите на локално ниво.

Единици за внатрешна ревизија се воспоставени во сите министерства и фондови, а 13 институции на централно ниво имаат склучено договор за вршење на внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект.

Функцијата на внатрешна ревизија во Република Македонија ја извршуваат 186 внатрешни ревизори, од кои 130 се на централно ниво и 56 на локално ниво.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2013 година ќе продолжат активностите во рамки на Твининг проект „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“, финансиран од ЕУ.

Во рамки на Твининг проектот ќе бидат спроведени обуки за внатрешните ревизори на централно и локално ниво, како и обуки за вработените во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Зајакнување на институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор**.

Процесот на основање на единици за внатрешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор и нивно екипирање, како и склучување на договори за вршење на внатрешна ревизија ќе продолжи и во 2013 година.

Проектот „Обука за внатрешни ревизори во јавниот сектор“ ќе овозможи олеснување на развојот на професијата на внатрешната ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобри практики, што ќе овозможи подобрување на управувањето со јавните финансии и зголемување на отчетноста, транспарентноста и ефикасноста во јавниот сектор.

Во рамки на проектот ќе бидат обучени и сертифицирани до 80 внатрешни ревизори од централно и локално ниво, а ќе биде изготвен и план за одржливост на процесот на сертификација на внатрешните ревизори во јавниот сектор во Република Македонија.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Проектот „Обука за внатрешни ревизори во јавниот сектор“ е финансиран од USAID, Меѓународна развојна соработка – Словенија, Центарот за развој на финансиите од Словенија (CEF).

Програмата во рамки на Проектот е подготвена од CIPFA (Chartered Institute of Public Finance and Accountancy) и се состои од едногодишна обука и сертификација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнувањето на внатрешна ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2014 година ќе продолжи со екипирање на единиците за внатрешна ревизија и продолжување на процесот на сертификацијата на внатрешните ревизори .

**ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со цел професионално зајакнување на капацитетите на вработените, ДЗР во 2012 година се вклучи во програмата на ИНТОСАИ/ИДИ за имплементирање на ISSAI стандардите и електронска обука за финансиска ревизија со примена/пристап на утврдување на ризикот.

Согласно Законот за државната ревизија донесен во 2010 година, во 2012 година се усвоени нов Правилник и Програма за полагање на испитот за овластен државен ревизор.

Во 2012 година ДЗР реализира уште еден значаен проект со Холандскиот суд за ревизија насочен кон воспоставување на професионално оддржливи и ефективни релации меѓу ДЗР и Собранието на РМ. Плод на соработката е Прирачникот - Вовед во ревизорските извештаи, кој содржи куси и лесно разбирливи информации за суштината на ревизорските извештаи и примери на добра меѓународна практика за соработката меѓу ВРИ и нивните парламенти во однос на користењето на ревизорските извештаи. Прирачникот беше презентиран во присуство на пратеници, претставници на јавни институции во РМ и медиумите на 22 ноември 2012 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Заради постигнување на уставна независност на ДЗР, ќе продолжи постапката за пристапување за измени на Уставот на РМ, со цел дефинирање на ДЗР како уставна категорија.

Со цел унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија во 2013 година ќе биде потпишан Меморандум за соработка на ДЗР со Собранието на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2013 година ќе се обезбеди со 5 нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР ќе биде 97.

ДЗР ќе ја промовира и подобрува имплементацијата на ISSAI преку анализирање, правење приоритети и хармонизирање (усогласување) на методолошките акти со ISSAI, имајќи го предвид релевантното искуство од активното учество на ДЗР во работните групи и проекти на INTOSAI и EUROSAI, како и искуството на други врховни ревизорски институции.

Во 2013 година ќе се согледаат резултатите од имплементацијата на новиот софтвер за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наоди и препораки, во насока на обезбедување сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на ДЗР и други субјекти.

Во 2013 година ќе се спроведе втор испит за стекнување на звање овластен државен ревизор и ќе ќе бидат спроведени повеќе обуки за различни аспекти на државната ревизија..

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2014-2015, ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот на вработени за 10 извршители со што вкупниот број на извршители ќе биде 107;

- Унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија;
- Реализација на проектот на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на системот за управување со ревизиите (Audit Management System - AMS).
- Обуки за различни аспекти на државната ревизија.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во 2013 година ќе продолжи со реализација новиот проект на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка насочен кон подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (Audit Management System - AMS). Поттикнат од Донаторската иницијатива за соработка на ИНТОСАИ и со финансиска поддршка од МНР на Норвешка, проектот ќе се реализира во периодот од ноември 2012 до октомври 2016 година. Проектот вклучува повеќе активности групирани во две фази. Првата фаза, чија реализација ќе биде во 2013 година опфаќа изготвување на физибилити студија и надградба на ИТ инфраструктурата во ДЗР.

### 3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите, начинот на известување за неправилностите во Управата за финансиска полиција, основана е Единица за спречување на неправилности и измами (AFCOS) која е задолжена да го координира системот за спречување на неправилности и измами, да изготвува стратегија за заштита на финансиските интереси, да поднесува кривични пријави до надлежните јавни обвинителства во Р.Македонија, да врши размена на информации со други институции и ОЛАФ(Европска агенција заборба против измами), како и да организира обуки за лицата вклучени во системот на спречување на неправилности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година Единица за спречување на неправилности и измами (AFCOS), односно Управата за финансиска полиција формираше работна група од сите учесници вклучени во системот за спречување на неправилности која ќе подготви Национална стратегија за спечување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2013- 2015 година.

Согласно оваа стратегија, Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе развива поддршка од телата и институциите во земјата кои директно или индиректно се вклучени во заштитата на финансиските интереси на ЕУ, а истовремено ќе предлага мерки за зајакнување на овие активности.

Во 2013 година, исто така, ќе биде спроведена обука за лицата задолжени за неправилности и вработените во AFCOS за постапување по добиените пријави за неправилности и начинот на известување во соработка со TAEX и OLAF.

Согласно измените на Законот за кривична постапка на Република Македонија, Управата за финансиска полиција во 2013 година ќе изготви нов Закон за финансиска полиција и во овој закон ќе се инкорпорираат и надлежностите на Единицата за спречување на неправилности и измами.

**РЕВИЗИЈА НА ИПА ФОНДОВИТЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Заради обезбедување на функционална независност на Ревизорското тело, во февруари 2012 година донесена е Стратегија за развој на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош 2012-2014. Со исполнувањето на поставените цели во Стратегијата за развој, Ревизорското тело ќе продолжи да придонесува во унапредувањето на процесот на управување со ИПА, отчетноста и транспарентноста во користење на средствата преку давање ревизорски препораки во насока на ефикасно и стабилно функционирање на системот со цел заштита на националните интереси и интересите на Заедницата.

Во функција на зајакнување на техничките капацитети во Ревизорското тело започнати се активности за воспоставување на сопствен ИТ систем. Исто така изработена е ВЕБ страна на Ревизорското тело.

За понатамошно зајакнување на административните, организациските и техничките капацитети на Ревизорското тело, изработени се Проектна задача во рамките на ППФ (НП 2009) и Проектно фише (ОП 2012-2013) имајќи ја притоа во предвид новата регулатива на ЕУ за претстојниот период на финансирање - 2014-2020 година, со цел обезбедување на подобра ефикасност во работењето при заштита на националните и на финансиските интереси на Заедницата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош, ИПА регулативата и Годишните работни планови за ревизија за 2013 година по ИПА компоненти, планирано е вршење мисии на системска ревизија, мисии на ревизија на операции за ИПА К1, К3, К4 и К5 и мисии на финансиска ревизија за ИПА К5.

Во функција на обезбедување на квалитет при спроведување на ревизии од страна на Ревизорското тело, во рамки на проектот за Техничка помош на Ревизорското тело ќе бидат ажурирани Стратегијата за ревизија на РТ 2011-2013 и Прирачниците за ревизија на ИПА.

Исто така Ревизорското тело во текот на 2013 година ќе пристапи кон ажурирање на Стратегијата за развој 2012 – 2014 и кон донесување ИТ Стратегија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За понатамошно јакнење на институционалните капацитети, а со цел кадровско екипирање на Ревизорското тело, во 2013 година ќе се реализираат 3 нови вработувања со што бројот на извршители во Ревизорското тело ќе достигне 33.

Во 2013 година Ревизорското тело ќе продолжи со континуирана професионална едукација на вработените преку обуки организирани и финансирани од TAIEX за теми и прашања од областа на ревизијата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Јакнењето на оперативните капацитети и обезбедување на функционална независност на Ревизорското тело во периодот 2014-2015 година ќе се реализира преку:

- Спроведување на активности за прилагодување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош со новата легислатива на ЕУ за програмскиот период 2014-2020 година како и усогласување со националните регулативи и
- Донесување на Стратегија за управување со човечки ресурси

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За понатамошно јакнење на институционалните капацитети, а со цел кадровско екипирање на Ревизорското тело, планирано е да се реализираат 5 нови вработувања во 2014 година и 5 нови вработувања во 2015 година

**.СТРАНСКА ПОМОШ**

Во периодот 2014-2015 година ќе се реализира Проектот зајакнување на капацитетите за ефективно управување и ревизија на европските фондови каде Ревизорското тело се јавува како еден од корисниците на овој проект и тоа во следните договори – Твининг за понатамошен развој и зајакнување на организациските, административните и техничките капацитети на РТ и набавка на стоки – набавка на опрема и опрема за контрола на лице место.

## 3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Главниот акцент во рамки на подрачјето финансиски и буџетски одредби е ставен на воспоставување на потребните услови и капацитетите на системот на сопствени средства, кои ќе обезбедат навремена и прецизна пресметка на прибирањето, плаќањето и надзорот на средствата кои Република Македонија ќе ги уплаќа во буџетот на Европската Унија, од денот на нејзиното пристапување во ЕУ.

Министерството за финансии го подготви и го достави до Собранието на РМ, Предлог Буџетот на Република Македонија за 2013 година во законски утврдениот рок. Заедно со Буџетот се подготвија и Измените и дополнувањата на Законот за буџети, како обврска утврдена во Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на пристапниот дијалог на највисоко ниво, согласно која беше утврдена потребата за измени на законот во насока на подобрување на процесот на стратешко планирање кај буџетските корисници. Со предложените измени на Законот за буџетите ќе се овозможи подобрување на процесот на стратешко планирање на буџетските корисници и единки корисници на начин што истиот ќе биде поефикасен и ќе ги одразува во целост активностите и потребните средства за извршување на истите.Во оваа насока стратешките планови на буџетските

корисници треба да содржат квантифицирани програми, активности, цели и приоритети на буџетските корисници за тригодишниот период, кои не треба да ги надминуваат максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години утврдени од Владата на Република Македонија. Стратешките планови се составен дел од буџетското барање на буџетските корисници, кое се доставува до Министерството за финансии на начин утврден со овој закон. Доколку буџетските корисници не ги изготват и достават стратешките планови во утврдениот рок, ќе се смета дека не е комплетно буџетското барање и истото со укажувања ќе се врати на доработка на буџетскиот корисник во рок утврден од Министерството за финансии. Доколку буџетските корисници не постапат по укажувањата на Министерството за финансии, ќе се смета како воопшто да не доставиле буџетско барање и Министерството за финансии во нивно име го изготвува предлог буџетот.

Во овој период се спроведоа и активности во функција на натамошно унапредување на финансискиот менаџмент во јавниот сектор. Во овие рамки се изврщја измени на Упатството за начинот на трезорско работење со кои се дефинираа:

(1) процедурите за известување на повеќегодишните обврски на буџетските корисници до Трезорот,

(2) процедурите на известување на обврските согласно потпишаните договори и

(3) процедурите за валидација на превземените обврски од страна на внатрешните ревизори.

Во функција на целосно евидентирање и планирање на повеќегодишните обврски, формирана е работна група која е составена од членови од Секторот за трезор, Секторот за Буџет и Секторот за информатика.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Согласно Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија утврдено е дека не постојат значајни разлики во македонското законодавство со законодавството на ЕУ во поглед на основните принципи и институции надлежни за имплементација на системот на сопствени средства. При тоа продолжувањето на процесот на усогласување на полето на царините, оданочувањето, статистиката и финансиската контрола ќе обезбеди Република Македонија среднорочно да ги надмине тешкотите во исполнувањето на обврската за воспоставување на системот на сопствени средства.

### ПРАВНА РАМКА

Во наредниот краткорочен период Министерството за финансии, во однос на усогласување на националната правна рамка во делот на финансиските и буџетските одредби, согласно барањата на ЕУ, ќе се насочи во реализација на следните приоритети :

- Зајакнување на процесот на стратешко планирање и подготовка на тригодишни стратешки планови, во целост конзистентни со планираните средства и програми во Буџетот и утврдените максимални лимити на расходи за наредните две години, со што ќе унапреди процесот на планирање, реализација и извршување на Буџетот;
- Подготовка на Организациона класификација во функција на дефинирање на хиерархиска поставеност на буџетските институции, во која ќе бидат дефинирани буџетски корисници од

прва линија – министерствата и буџетски корисници од втора линија - сите други агенции, комисии и др;

- Подготовка на Програмска класификација со цел прецизно дефинирање на активностите по програми, согласно планираните активности во Стратешките планови и воспоставување на механизам за нивно следење преку соодветни индикатори на успешност, што е во крајна линија и основна цел на програмското буџетирање ;
- Измена на Законот за буџети со цел законско дефинирање на планираните реформски активности сврзани со потребата од донесување на Организациона класификација на буџетските корисници и Програмска класификација кои ќе придонесат кон поквалитетно буџетско планирање.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Соглано, предвидените измени во прапата рамка, во однос на планирањето, реализацијата и извршувањето на Буџетот, во наредниот краткорочен период се проектрани следните активности за зајакнување на институционалните капацитети:

- Дефинирање на технички спецификации и потребна документација за надградба на софтверот за трезор со нов модул, во кој ќе се пријавуваат повеќегодишните обврски;
- Стручно оспособување и информирање преку обуки на вработените во Секторот за трезор и буџетските корисници и пилот интеракција со поголемите буџетски корисници преку соодветно тестирање на електронскиот модул за пријавување на преземените обврски;
- Комплетирање на постојните процедури на работење и протокот на документи и информации, имајќи во предвид дека реформите кои ќе се превземат во функција на унапредување на процесот на планирање и извршување на буџетот во голема мера ќе ги зголемат и усложнат работните процеси;
- Едуцирање и стручно оспособување на вработените кои ќе се вклучат во системот на сопствени ресурси низ разни обуки и тренинзи организирани од Европската Комисија со цел навремено воспоставување на основните предуслови и непречено функционирање на системот на сопствени средства.
- Во периодот март 2013 - јуни 2014 година ќе се реализира нов циклус на обука за стекнување меѓународен сертификат со кој ќе бидат опфатени нови 40 државни службеници. Во периодот април 2014 - јуни 2015 година ќе се реализира вториот дел на меѓународна програма за сертификација на сметководители во јавниот сектор, со чие завршување учесниците во обуката ќе стекнат меѓународна диплома за сметководство во јавен сектор. Со оваа обука ќе бидат опфатени државните службеници кои во претходните циклуси на обуката се стекнаа со сертификат.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со цел реализирање на планираните среднорочните фискални цели и обезбедување на фискална одржливост на долг рок, се планира подготовка на правна основа за донесување на Среднорочна рамка на трошење, која ќе ја усвојува Собранието на РМ, не подоцна од месец мај во тековната година. При тоа среднорочната Фискална стратегија ќе ја вклучува усвоената Среднорочна рамка на трошење и утврдените лимити за трошења за буџетските корисници од прва линија на централната власт (кои ќе бидат индикативни за наредните две години);

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот среднорочен период Министерството за финансии како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон:

- Целосна и ефикасна имплементација на основните инструменти на стратешкото планирање;
- Дизајнирање на модел на повеќегодишно буџетско планирање и развој и унапредување на буџетскиот процес во функција на повеќегодишното планирање. Со цел успешно спроведување на повеќегодишно буџетско планирање, се планира зајакнување на административниот капацитет на Секторот Буџет со нови вработувања во одделенијата сврзани со подготовка на повеќегодишен буџет, буџетски анализи и развојно буџетирање, како и зајакнување на административниот капацитет на Секторот Трезор во одделението за фискална статистика и анализа и управување со ликвидноста;
- Целосна имплементација-интеракција на новиот модул во рамките на трезорскиот софтвер, со сите буџетски корисници, во функција на навремено и прецизно пријавување на повеќегодишните обврски. На ваков начин ќе се обезбеди прецизно планирање и следење на обврските од моментот на склучување на договорите за јавни набавки до нивното извршување, што во крајна линија ќе резултира со ефикасно планирање на ликвидноста и унапредување на управувањето со јавни финансии;
- Министерството за финансии со оглед на надлежноста во наредниот период ќе спроведува подготовителни активности за воспоставување на посебно тело за етаблирање на системот на сопствени ресурси и негово соодветно екипирање во согласност со потребите и временскиот рок;
- Спроведување на потребни обуки на вработените во надлежните институции за координација, управување, контрола и надзор на сопствени средства.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

-Во рамките на Националната програма ИПА ТАИБ-2009 во почетокот на 2013 година ќе започне со имплементација Проектот за зајакнување на капацитетот на Министерството за финансии, со кој се предвидени активности за унапредување на процесот за подготовка на макроекономските анализи и креирање на политики. Во рамките на овој проект ќе се спроведат и активности за унапредување на процесот на буџетско планирање, подобрување на фискалната рамка и фискалните анализи.

-Во рамките на ИПА ТАИБ-2011 потпишана е финансиска спогодба, со која се одобрени средства за финансирање на проектот Реформа на јавна администрација-е влада, во рамките на кој предвидена е компонента за зајакнување на капацитетот на секторот кој е надлежен за Централниот владин буџет и буџетите на локалните власти како и зајакнување на капацитетот за среднорочно креирање на политиките и повеќегодишното буџетско планирање.

# IV. ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Министерството за информатичко општество и администрација и понатаму ќе продолжи со координацијата на процесот на реформа на јавната администрација преку следење на реализацијата на Акцискиот план за реформа на јавната администрација кој произлегува од Стратегијата за реформа на јавната администрација; унапредување на законската регулатива за државни и јавни службеници; унапредувањето на правната рамка за управни постапки; обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; подобрување на управувањето со човечките ресурси итн.

Агенцијата за администрација се грижи за обезбедување на развој на стручна, професионална, ефикасна и сервисно ориентирана државна и јавна служба, преку законито, навремено и објективно спроведување на надлежностите утврдени во Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници. Оваа цел, Агенцијата ја остварува, пред сè, преку целосно и доследно спроведување на законската и подзаконската регулатива, релевантна за системот на државната и јавната служба, согласно утврдените реформски текови и стратешки документи во оваа област во Република Македонија.

Еден од стратешките приоритети на Владата на Република Македонија е интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија. Во оваа насока, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, како една од клучните институции носители на тој процес, и понатаму успешно продолжи со реализација на низа мерки и активности кои во голема мерка придонесоа кон непречено за остварување на овој стратешки приоритет. Мерките и активностите кои Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ги спроведе во изминатиот период беа во функција на создавање на професионална, одговорна и транспарентна администрација како и за понатамошно јакнење и подобрување на процесот на транспарентноста и одговорноста на администрацијата за понатамошно јакнење на капацитетите во функција на одржлив развој. Во однос на јакнење на капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, во рамките на ИПА 2008 проектот „Поддршка на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики и обезбедување социјални услуги“на почетокот на 2013 година ќе биде организирана Работилница на тема „Управување со грантови шеми“. Со цел понатамошно јакнење на капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации до крајот на 2012 година ќе се спроведат обуки за вработените во ова Одделение и министерствата, додека пак во рамките на ИПА 2010 проектот „Одржлив граѓански сектор“, компонента 1, во периодот 2012 – 2014 година предвидени се обуки за воспоставување одржлив механизам за соработка меѓу општините и граѓанските организации во осум пилот општини. Секторот за стратегија, планирање и следење ги достави до ЗЕЛС насоките за спроведување на процесот на стратешко планирање и врз основа на кои ќе спроведе кон крајот на 2012 година 8 обуки во општините.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Министерството за информатичко општество и администрација предвидува предлог на Законот за администрација да влезе во Владина процедура во мај 2013 година. Истиот е во насока на подобрување постапките за вработување, прекин на работниот однос, мобилноста во рамките на службата, како и надминување на фрагментацијата на законодавството од областа на државните и јавни службеници. Во 2013 година ќе се работи на Анализа за концептот за вработување на членови од немнозинските заедници во согласност со принципот на заслуги и ќе се дефинира модел за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги. Кон крајот на 2013 година е предвидено

изготвување на предлог текст на Законот за општа управна постапка, во насока на унапредување на правната рамка за управните постапки и надминување на утврдените слабости.

**Институционална рамка**
Министерството за информатичко општество и администрација во 2013 година ќе продолжи со зајакнување на сопствените капацитети за координирање на процесот на Реформа на јавна администрација. Ќе се преземаат низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, поточно: имплементација на систем за управување со квалитет и сертификација, според стандардот ИСО 9001 во државните институции, ќе продолжи имплементацијата на заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) во Министерството за информатичко општество и администрација и нејзино воведување во другите институции и ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата за управување со човечки ресурси врз основа на компетенции. Во првата половина на 2013 година Министерството за информатичко општество и администрација ќе преземе активности во насока на подобрување на координативниот механизам за управување со човечки ресурси, преку надградба на воспоставената мрежа за човечки ресурси и ревидирање на Стандардите за управување со човечки ресурси согласно измените во правната рамка за администрација. Кон крајот на 2013 година, по донесување на Законот за администрација предвидена е подготовка на Националниот систем за координација на стручното оспособување и обука на државните и јавните службеници во Република Македонија. Во таа насока, исто така согласно Законот за администрација ќе се донесе Годишна програма за генерички обуки за 2014 година и Стратегија за обука на администрацијата во Република Македонија за 2013 – 2015 година, не само како поддршка на адаптацијата на администрацијата со барањата на реформите, туку и поради фактот дека треба да се земат предвид спецификите на јавните службеници кои треба да бидат опфатени во Националниот систем за обука.

Во текот на 2013 година Агенцијата за администрација во своето работење ќе биде фокусирана на спроведување на надлежностите утврдени во Законот за државните службеници, како што се: давање на писмена согласност на актите за внатрешната организација и систематизација на работните места на органите од член 3 став (2) од Законот; организирање и спроведување на постапка за селекција и вработување на државен и јавен службеник и одлучување по жалби и приговори на државен службеник, како второстепен орган и на оние кои произлегоа од примената на Законот за јавните службеници, во делот на постапките за селекција и вработување на јавен службеник и одлучување по жалби и приговори на јавен службеник, како второстепен орган. Едновремено, Агенцијата за администрација ќе посвети внимание и на јакнењето на сопственио административен капацитет, преку вработувања и преземања на државни служеници и обуки за вработените.

Во текот на 2013 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија преку ИПА 2009 и ИПА 2010 ќе продолжи со континуирана поддршка на зајакнувањето, одржливоста и разојот на граѓанскиот сектор. Натамошниот развој на граѓанскиот сектор како цел и понатаму ќе се поддржува со низа активности кои ќе се реализираат во рамките на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. Генералниот Секретаријат подготви насоки за унифициран пристап при подготвувањето на стратешките планови во единиците за локална самоуправа кои ги достави до ЗЕЛС. Исто така, во текот на 2013 година ќе продолжат обуките од областа на стратешко планирање а државните службеници во единиците за локална самоуправа со што ќе се придонесе за зајакнување на административни капацитети. Во 2013 година ќе се спроведат обуки на централно и локално ниво за зајакнување на врските меѓу стратешкото планирање и буџетскиот процес преку подобрување на квалитетот на стратешките планови на министерствата и на другите органи на државната управа и за обезбедување на поголема поврзаност меѓу стратешките приоритети и стратешките документи на Владата со буџетот на Република Македонија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

Министерството за информатичко општество и администрација кон крајот на 2014 година ќе започне со следење на спроведувањето на Законот за администрација и ќе доставува извештаи до Владата на Република Македонија. Во 2014 година Закон за општата управна постапка ќе биде доставен во собраниска процедура. Во 2015 година ќе се усвои Програма за поддршка на имплементацијата на Законот за општата управна постапка со цел подготовка на институциите за имплементација на новиот Закон за општата управна постапка. Исто така, до крајот на 2014 година се планира да се воспостави пракса за користење на унифицирани акти од областа на управување со човечките ресурси во администрацијата.

Агенцијата за администрација во текот на 2014 година ќе воспостави единствен и конзистентен систем на државна служба, преку проверка и давање согласност на актите за внатрешната организација и систематизација на работните места на органите на државната служба. Исто така Агенцијата за администрација ќе изврши понатамошно унапредување на воспоставениот систем за селекција и вработување на државен и јавен службеник, врз основа на принципите на стручност и компетентност и почитување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците; а исто и ќе обезбеди заштита на правата на државните и јавните службеници, кои произлегуваат од службеничкиот однос, одлучувајќи во втор степен по нивните жалби и приговори. Во овој период ќе се изврши и доекипирање на Агенцијата и доизградба, преку нови вработувања и обука на постојните човечки ресурси, како и техничко обновување и доопремување заради ефикасно и ефективно остварување на надлежностите.

# V. ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА ACQUIS

## *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) е мултидисциплинарен процес во кој се вклучени лингвисти, стручни лица од речиси сите области на општественото живеење и правници. Целта на процесот е да се подготви квалитетна верзија на правото на Европската унија која што би претставувала сигурен извор на права и обврски за граѓаните на Република Македонија. Се проценува дека целокупното право на Европската унија изнесува 130.000 страници, но тоа постојано подлежи на промени, така што крајната бројка е многу поголема и е релативна.

Главните функции на Секторот за подготовка на националната верзија: подготовка на македонската верзија на acquis communautaire, преведување на законодавството на Република Македонија на еден од официјалните јазици на Европската унија и преведување за потребите на преговорите за членство во Европската унија се развиени и опфатени со внатрешни акти на Секретаријатот за европски прашања.

Во текот на 2012 г. се работеше на преведување и јазична ревизија на преводот на правни акти на Европската унија, правни акти на Република Македонија, на други документи од важност за процесот на Европска интеграција, како и на документи за потребите на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Европската унија и Република Македонија кој започна во март 2012 г.

До крајот на 2012 година преведени се вкупно **7.023 мерки** или **79.051 страница** од Службениот весник на Европската унија.

Во текот на 2012 година, Секторот работеше на превод на 1.311 акти на Европската унија или 9.943 страници од Службениот весник, 51 акт на Република Македонија или 431 страница од Службениот весник на РМ и 37 други документи од важност за процесот на Европската унија или 2153 авторски страници. При тоа обезбеди јазична ревизија на 306 ЕУ акти или 3007 страници од Службениот весник на ЕУ, 68 акти на Република Македонија или 557 страници од Службениот весник на Република Македонија и 15 други документи или 1903 авторски страници кои се од важност за процесот на европска интеграција.

Секторот обезбеди превод и за потребите на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Република Македонија и Европската унија за чии потреби обезбеди превод на главно македонски закони, подзаконски акти, предлог закони и предлог подзаконски акти, како и пресуди на Европскиот суд за човекови права.

Во текот на 2012 г. се зајакна комуникацијата со релевантните институции на Европската унија, Генералниот директорат за толкување и Генералниот директорат за преведување при Европската комисија.

Со цел да се даде дополнителна поддршка на постдипломските студии по конференциско толкување кои се од национален интерес поради евроинтегративната обврска да се обезбеди неопходниот број на висококвалификувани толкувачи, се обнови и се зајакна составот на Работната група за конференциско толкување во која членуваат покрај претставници од Секретаријатот за европски прашања и претставници од Министерството за образование и наука, проректорот за настава и проректорот за меѓународна соработка од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и раководителот на постдипломските студии по конференциско толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire ги извршува предвидените функции преку двете Одделенија во неговиот состав, *Одделението за ревизија и терминологија* задолжено и *Одделението за преведување и координација на процесот на преведување* , со вкупно 22 вработени државни службеници.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

#### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2013 година, планирано е да се реализираат активностите во насока на зајакнување на структурата за подготовката на националната верзија на правото на Европската унија преку планираните активности предвидени со ИПА Твининг проектот во рамките којшто се очекува да почне да се реализира кон крајот на 2013 г. и е во насока на поддршка на зајакнување на структурата за водење на преговорите за членство во Европската унија, како и проектот на ГИЗ наменет за поддршка на капацитетите потребни за аналитички преглед на поглавјата 23 и 24.

Одржувањето на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија, продолжува како континуирана активност и во 2013 г. .

Во текот на 2013 година се планира да се преведат 10.000 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција.

Во текот на 2013 година се планира јазично да се ревидираат 6.000 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Со цел успешна реализација на поставените краткорочни приоритети, неопходно е до крајот на 2013 година да се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis. Зајакнувањето треба да се реализира во зависност од динамиката на процесот на европска интеграција и од почетокот на преговорите за членство во Европската унија.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

#### ПРАВНА РАМКА

Во периодот 2014 – 2015 година планирано е да се продолжи со реализацијата на активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полето на исполнување на барањата во доменот на јазикот.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во текот на 2014 и 2015 година предвидени се редовни обуки кои Секторот за подготовка на националната верзија на acquis ги спроведува, за сите учесници во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

# VI. ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Членството на Република Македонија во Европската унија како еден од најважните стратешки приоритети на Република Македонија ја има поддршката од сите општествени групи во државата. Сите политички партии во Република Македонија членството во ЕУ го имаат зацртано во своите програми. Бизнис секторот, најголемиот дел од невладините организации и граѓанските асоцијации го поддржуваат зачленувањето во ЕУ.

Секретаријатот за европски прашања раководејќи се од принципот на транспарентност и отчетност во работењето и континуирано презема активности за информирање и комуникација со јавноста за сите аспекти на процесот на европска интеграција.

Информирањето и комуникацијата со јавноста се важен сегмент за приближувањето на Унијата до граѓаните посебно ако се има предвид искуството на некои земји-членки дека поддршката за пристапување во ЕУ опаѓа непосредно пред зачленувањето. Оттука произлегува потребата за реализација на комуникациски проекти наменети како за целокупната јавност така и за специфични целни групи со цел да се зголеми знаењето кај населението за придобивките и обврските од членството и да се задржи високата поддршка.

Проектите и активностите кои ги реализира Секретаријатот за европски прашања имаат за цел да овозможат проток на навремени и точни информации до јавноста за процесот на европска интеграција. Во насока на соодветно адресирање на потребите на јавноста, СЕП ќе подготви Стратегија за информирање и комуникација со јавноста.

Покрај главната цел на активностите за комуникација со јавноста – задржување на поддршката од јавноста за политиката на Владата за зачленување во ЕУ, пошироки цели ќе бидат да се подобри свеста во јавноста за процесот на пристапување, посебно меѓу локалните заедници, да се изгради доверба во капацитетите на инволвираните македонски и европски институции, да се осигури дека специфичните сектори целосно разбираат што се очекува од нив, и како може да придонесат во реформскиот процес.

Во текот на 2013 година планирано е да се реализираат следните активности и проекти:

**ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**

- Редовно ажурирање на интернет страницата на СЕП која е достапна на три јазици, македонски, албански и англиски,
- Одржување на прес-конференции, брифинзи и интервјуа за печатени и електронски медиуми,
- Тековно ажурирање и одржување на виртуелната база на аудиовизуелни материјали,
- Подготовка и печатење на брошури на процесот на европска интеграција, и
- Организација на тематски информативни предавања, дебати, трибини, конференции, домашни меѓународни форуми,
- Испитување на јавното мислење

**МК-ЕУ ИНФО ЦЕНТАР**

МК-ЕУ инфо центарот ќе продолжи со својата работи согласно дефинираните активности, како што се давање одговори на прашања за активностите и реформите поврзани со европската интеграција на заинтересирани граѓани, обезбедување на слободен интернет пристап, користење на литература од библиотеката на Инфо центарот и слично.